УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - С К О П Ј Е

Ристо ДАМЈАНОВСКИ

ВОЕНИТЕ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ 1893-1903 ГОДИНА

- Докторска дисертација -

МЕНТОР,
Акад.Д-р.МАНОЛ ПАНДЕВСКИ

Скопје, 1988 година

"РЕТКО СЕ НАОЃА ПРИМЕР ВО ИСТОРИЈАТА НА ДРУГИТЕ НАРОДНИ РЕВОЛУЦИИ И ДУРИ НЕМА ТАКОВ ПРИМЕР, ДА СЕ СОЕДИНИ ЕДЕН ЦЕЛ НАРОД, ЕДНА ЦЕЛА ЗЕМЈА ПОД ЕДНО ЗНАМЕ И ЗА ЕДНА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ЦЕЛ ВО ТЕКОТ НА НЕПОЛНИ ДЕСЕТ ГОДИНИ"

Димо ХАЏИ ДИМОВ

Македонското националноослободително движење израсна од отпорот на османската тиранија. Веќе кон крајот на минатиот век е создадена Македонската револуционерна организација,која ја истакна паролата на слободна автономна македонска држава.При тоа поаѓаше од уверувањето дека борбата за ослободување мора да се води и против Отоманското царство и против претензиите на буржоазијата на соседните земји-Бугарија, Грција и Србија - спрема Македонија.

Во својата национална, социјалистичка и демократска револуција, во Илинденското востание и со прогласувањето на Крушевската Република, дојде јасно до израз решеноста на македонскиот народ,без оглед на огромните пречки, да се избори за национална самостојност и, како слободен народ, да соработува врз основите на рамноправноста со сите балкански и други народи. Илинденското востание и прогласувањето на Крушевската Република имаа секако и големо влијание врз националноослободителната борба на другите поробени народи на Балканот.

(Говор на претседателот Тито на свечената седница на Собранието на СРМ, Скопје,2 август 1969)

В О В Е Д

Македонското националноослободително движење во периодот од 1893-1903 година претставува предмет на опстојни научни истражувања, анализи и интерпретации не само на македонската историографска мисла туку и на меѓународната историографија.

Македонската историографија настојува да ја совлада огромната празнина што постои во проучувањето на Македонското националноослободително движење (МНОД) и да ги отстрани напластените идеолошки и ненаучни толкувања за македонската историја од страна на националните "историографии" на соседите (Бугарија, Грција и Србија), засновани не на историските вистини, туку на тесните националистички и ситносопственички интереси на националните буржоазии.

Во нашата историографија досега не беше направен обид за едно опстојно изучување на воените аспекти на МНОД во годините од создавањето на Македонската револуционерна организација (МРО) во 1893 година, па до подигањето на Илинденското востание во 1903 година. Во огромниот број студии, статии, прилози и најразлични други публикувани трудови за МНОД и самата Илинденска епопеја, со која беа крунисани интензивните подготовки на Револуционерната организација за ослободување на македонскиот народ од вековното турско ропство и за создавање на своја суверена национална државна заедница, насобрани се бројни податоци и за воените аспекти на востанието, но во ниту еден одделен труд не е извршена синтеза и систематизација за организацијата, подготовките и вооружената борба.

Македонското националноослободително движење, како револуционерен општествен процес, во себе ги содржи двете основни димензии што се сретнуваат и во други вакви движења: спонтаност и организација. Кога во револуционерното ослободително движење се појавува и воениот елемент може да се зборува за организираност од повисок степен. Воената организација и воениот аспект на Движењето покажуваат дека во него се искристализирале јасни национални и социјални цели и дека идејно-политичкиот концепт на ослободително движење бил преточен во конкретни цели на ослободителната борба.

Оттука интересот за проучувањето на воениот аспект на МНОД е мотивиран од неколку фактори релевантни за изработката на овој научен труд:

1.- Воениот аспект е една од најмалку изучуваните компоненти на МНОД.

2.- Воените подготовки и вооружената борба биле основни содржини на работата на целокупното МНОД и главно средство за остварување на поставените цели.

3.- Воениот аспект и воената организација во себе ги сублимираат и другите аспекти на движењето (политички, економски, идејни, морални и други).

4.- Низ воениот аспект и воената организација, појасно отколку низ другите аспекти, се согледува автохтоноста и самобитноста на МНОД, и

5.- Воениот аспект и воената организација сами по себе претставуваат значаен предмет за научно истражување на военото искуство на еден народ што е од посебен интерес како за историската така и за воената наука.

Во оваа смисла предмет на докторскиот труд е комплексната анализа на воениот аспект, воената организација и вооружената борба на МНОРД. Војништвото гледано низ историјата на македонскиот народ, го определувале, прво, специфичностите на социјалниот живот на македонскиот народ и, второ, општествено-економските и политички услови на Балканот и Европа, кои што се прекршувале во фокусот точно на македонскиот простор. Заради тоа, борбата на широките народни маси за слобода која се манифестирала низ отпорот против несносната експлоатација и угнетување, а негирана и бескруполозно оспорувана од непријателите на македонскиот народ. Според тоа, воената организација и вооружената борба произлегуваат од сенародното Националноослободително движење, кое во овој период ги надминало претходните фази и добило нови содржини, облици и методи, во кои воената организација достигнала мошне висок степен во својот автентичен развиток.

Целта на трудот е да го покаже општественото и научното значење на воениот аспект на МНОРД, аргументирано да се согледа неговата македонска самобитност и да придонесе за неговото целосно научно расветлување.

Вака дефиниран предметот на трудот е конкретно расчленет и разработен низ осум делови - целини.

1.- Во првиот дел се разработени општите, социјалните и воените белези на Македонија до крајот на XIX век.

2.- Во вториот дел предмет на анализа е создавањето - развојот и вкупната активност на ТМОРО, нејзините идејно-политички и правно-нормативни апоставки и определби за организирање и подготвување на народот за востание.

3.- Во третиот дел е разработена и анализирана концепцијата, стратегијата и тактиката на ТМОРО за создавањето, развојот, подготвувањето и употребата на вооружените сили.

4.- Во четвриот дел се истакнати напорите на ТМОРО за создавањето на воената организација, нејзиното организационо и нормативно поставување, опремување, обучување и употреба.

5.- Во петиот дел се посветува внимание на една специфична карактеристика на воената организација - заднинското обезбедување во подготовките и востанието.

6.- Шестиот дел е посветен на борбените дејства пред и за време на востанието, со сите свои специфичности и карактеристики.

7. Во седмиот дел се разработени факторите на вооружената борба и нивното влијание врз текот на вооружената борба, и

8.- Во осмиот дел се анализираат моралните определби и вредности во подготовките и востанието и нивниот одраз врз НОВ.

На крајот од трудот, во форма на заклучни разгледувања, се оформени сознанијата за воените аспекти на македонското ослободително движење, со илустрација на правно-нормативни документи, карти за борбените дејства, шеми, поими, објаснувања, извори и литература.

За да се обезбеди ваква структура на предметот на трудот применети се повеќе методолошки постапки и тоа:

1.- Во пристапот кон предметот, во истражувањата, во конципирањето на целите, во анализата на текстовите, историските извори, во користењето на разните други податоци применуван е историско-

материјалистичкиот и дијалектичкиот метод како општа теоретска рамка во која беа сместувани релевантните историски настани.

2.- Применуван е методот на анализа на содржината (историски и други текстови) при користење на историски извори, на разни податоци и нормативни акти.

3.- Методот на компарација: при анализа на податоци, текстови, извори, како и на социјалните собитија во Македонија и слични настани во други земји.

4.- Методот на картографски приказ на борбените дејства (операции, боеви и борби) пред и за време на востанието.

Ваквиот методолошки пристап даваше можност да се испитаат и дефинираат воените аспекти на МНОД кои биле присутни и постоеле и до создавањето на ТМОРО, макар што МНОД, и покрај своето богато воено минато, сепак дури под раководство на ТМОРО постигнува таков степен на својот развиток, кој што дава основа да се констатира дека борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување преминала во повисока и покомплексна фаза од својот развиток. Во трудот се укажува дека се уште има многу место за доосветлување, обелоденување, докажување и објаснување на бројни содржини и воениот аспект на МНОД, заради отстранување на мноштво напластени невистини и полувистини за организираноста и борбеноста на македонскиот народ и неговата самобитност.

В О В Е Д

Македонското националноослободително движење во периодот од 1893-1903 година претставува предмет на опстојни научни истражувања, анализи и интерпретации не само на македонската историографска мисла туку и на меѓународната историографија.

Македонската историографија настојува да ја совлада огромната празнина што постои во проучувањето на Македонското националноослободително движење (МНОД) и да ги отстрани напластените идеолошки и ненаучни толкувања за македонската историја од страна на националните "историографии" на соседите (Бугарија, Грција и Србија), засновани не на историските вистини, туку на тесните националистички и ситносопственички интереси на националните буржоазии.

Во нашата историографија досега не беше направен обид за едно опстојно изучување на воените аспекти на МНОД во годините од создавањето на Македонската револуционерна организација (МРО) во 1893 година, па до подигањето на Илинденското востание во 1903 година. Во огромниот број студии, статии, прилози и најразлични други публикувани трудови за МНОД и самата Илинденска епопеја, со која беа крунисани интензивните подготовки на Револуционерната организација за ослободување на македонскиот народ од вековното турско ропство и за создавање на своја суверена национална државна заедница, насобрани се бројни податоци и за воените аспекти на востанието, но во ниту еден одделен труд не е извршена синтеза и систематизација за организацијата, подготовките и вооружената борба.

Македонското националноослободително движење, како револуционерен општествен процес, во себе ги содржи двете основни димензии што се сретнуваат и во други вакви движења: спонтаност и организација. Кога во револуционерното ослободително движење се појавува и воениот елемент може да се зборува за организираност од повисок степен. Воената организација и воениот аспект на Движењето покажуваат дека во него се искристализирале јасни национални и социјални цели и дека идејно-политичкиот концепт на ослободително движење бил преточен во конкретни цели на ослободителната борба.

Оттука интересот за проучувањето на воениот аспект на МНОД е мотивиран од неколку фактори релевантни за изработката на овој научен труд:

1.- Воениот аспект е една од најмалку изучуваните компоненти на МНОД.

2.- Воените подготовки и вооружената борба биле основни содржини на работата на целокупното МНОД и главно средство за остварување на поставените цели.

3.- Воениот аспект и воената организација во себе ги сублимираат и другите аспекти на движењето (политички, економски, идејни, морални и други).

4.- Низ воениот аспект и воената организација, појасно отколку низ другите аспекти, се согледува автохтоноста и самобитноста на МНОД, и

5.- Воените аспект и воената организација сами по себе претставуваат значаен предмет за научно истражување на военото искуство на еден народ што е од посебен интерес како за историската така и за воената наука.

Во оваа смисла предмет на докторскиот труд е комплексната анализа на воениот аспект, воената организација и вооружената борба на МНОРД. Војништвото гледано низ историјата на македонскиот народ, го определувале, прво, специфичностите на социјалниот живот на македонскиот народ и, второ, општествено-економските и политички услови на Балканот и Европа, кои што се прекршувале во фокусот точно на македонскиот простор. Заради тоа, борбата на широките народни маси за слобода која се манифестирала низ отпорот против несносната експлоатација и угнетување, а негирана и бескруполозно оспорувана од непријателите на македонскиот народ. Според тоа, воената организација и вооружената борба произлегуваат од сенародното Националноослободително движење, кое во овој период ги надминало претходните фази и добило нови содржини, облици и методи, во кои воената организација достигнала мошне висок степен во својот автентичен развиток.

Целта на трудот е да го покаже општественото и научното значење на воениот аспект на МНОРД, аргументирано да се согледа неговата македонска самобитност и да придонесе за неговото целосно научно расветлување.

Вака дефиниран предметот на трудот е конкретно расчленет и разработен низ осум делови - целини.

1.- Во првиот дел се разработени општите, социјалните и воените белези на Македонија до крајот на XIX век.

2.- Во вториот дел предмет на анализа е создавањето - развојот и вкупната активност на ТМОРО, нејзините идејно-политички и правно-нормативни апоставки и определби за организирање и подготвување на народот за востание.

3.- Во третиот дел е разработена и анализирана концепцијата, стратегијата и тактиката на ТМОРО за создавањето, развојот, подготвувањето и употребата на вооружените сили.

4.- Во четвртиот дел се истакнати напорите на ТМОРО за создавањето на воената организација, нејзиното организационо и нормативно поставување, опремување, обучување и употреба.

5.- Во петиот дел се посветува внимание на една специфична карактеристика на воената организација - заднинското обезбедување во подготовките и востанието.

6.- Шестиот дел е посветен на борбените дејства пред и за време на востанието, со сите свои специфичности и карактеристики.

7.- Во седмиот дел се разработени факторите на вооружената борба и нивното влијание врз текот на вооружената борба, и

8.- Во осмиот дел се анализираат моралните определби и вредности во подготовките и востанието и нивниот одраз врз НОВ.

На крајот од трудот, во форма на заклучни разгледувања, се оформени сознанијата за воените аспекти на македонското ослободително движење, со илустрација на правно-нормативни документи, карти за борбените дејства, шеми, поими, објаснувања, извори и литература.

За да се обезбеди ваква структура на предметот на трудот применети се повеќе методлошки постапки и тоа:

1.- Во пристапот кон предметот, во истражувањата, во конципирањето на целите, во анализата на текстовите, историските извори, во користењето на разните други податоци применуван е историско-

материјалистичкиот и дијалектичкиот метод како општа теоретска рамка во која беа сместувани релевантните историски настани.

2.- Применуван е методот на анализа на содржината (историски и други текстови) при користење на историски извори, на разни податоци и нормативни акти.

3.- Методот на компарација: при анализа на податоци, текстови, извори, како и на социјалните собитија во Македонија и слични настани во други земји.

4.- Методот на картографски приказ на борбените дејства (операции, боеви и борби) пред и за време на востанието.

Ваквиот методолошки пристап даваше можност да се испитаат и дефинираат воените аспекти на МНОД кои биле присутни и постоеле и до создавањето на ТМОРО, макар што МНОД, и покрај своето богато воено минато, сепак дури под раководство на ТМОРО постигнува таков степен на својот развиток, кој што дава основа да се констатира дека борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување преминала во повисока и покомплексна фаза од својот развиток. Во трудот се укажува дека се уште има многу место за доосветлување, обелоденување, докажување и објаснување на бројни содржини на воениот аспект на МНОД, заради отстранување на мноштво напластени невистини и полувистини за организираноста и борбеноста на македонскиот народ и неговата самобитност.

I ДЕЛ

НЕКОИ ОПШТИ, СОЦИЈАЛНИ И ВОЕНИ БЕЛЕЗИ НА МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIX ВЕК

Со цел да се дадат реални и одржливи оценки за воените аспекти на македонското национално-ослободително движење, претходно треба да се објаснат некои состојби, да се разберат условите и карактерот што ја определуваат географско-етнографската положба на Македонија, општествено-економските услови, воено-политичката констелација во Европа и на Балканот и военото искуство на македонскиот народ до појавата на ТМОРО особено затоа што до овој период борбата за прогрес предимно се развивала како стремеж на македонскиот народ за просветата и културна еманципација. Дури со Разловечкото и Кресненското востание е означена нова етапа, кога со силата на оружјето, со вооруженото востание, македонскиот народ се борел за основните човечки права. Тој се повеќе сфаќал дека само со организирана вооружена борба може да се ослободи од турскиот султански режим, онака како што тоа го сториле другите балкански народи. Меѓутоа, тоа на македонскиот народ од разни објективни и субјективни причини му било оневозможено.

Во својата историја Македонците биле спречувани, цепкани, делени и пределувани, селени и преселувани. Сето тоа, зедно со специфичниот геополитички простор и историски развиток ја забавувал и усложнувал национално-ослободителната борба. Меѓутоа, и во вакви услови македонскито народ бил пирејски жилав и упорно витоглав,

како што е истакнато и во националната историографија. Во овој дел од трудот, ќе биде дадена оценка на сите компоненти на претходната борба на македонскиот народ за своето ослободување со цел да се сфати дека македонскиот субјект и до формирањето на ТМОРО има свое богато воено историско минато.

1. Географско-етнографските карактеристики и геостратегиската положба на Македонија

Подлабокото проникнување во геостратегиската положба на Македонија претпоставува разгледување на повеќе географски, стратегиски и демографски фактори и карактеристики. Првенствено се мисли на местоположбата, големината, границите, релјефот, хидрографијата, климата, флората и фауната, рудните богатства, етничките белези на населението итн.

Територијата на етногеографска Македонија, со оглед на местоположбата на Балканскиот Полуостров, има исклучително значајна геостратегиска положба за потесниот и поширокиот регион на Балканот, а напоредно со тоа и за цела Европа. Таа е лоцирана во југоисточниот дел на Балканскиот Полуостров и го зафаќа просторот помеѓу 20^{o} и 12′ до 24^{o} и 48′ источна географска ширина.

Македонија во своите етнички граници зафаќа вкупно 67.942.64 км, односно 14.74% од целокупната површина на Балканот. Од нив во политичките граници на Грција се вклучени 34.411, 55км^2 или 50,65%, во политичките граници на Бугарија 6.481, 40км^2 или 9,45%, а во политичките граници на Албанија 1.203, 64км^2 или 1.77%. Оттаму произлегува дека само 25.846.04км^2 или 38.04% од нејзината територија се

наоѓаат во рамките на СФРЈ, што изнесува 10,10% од просторот на Југославија.[1)]

Познато е дека етничките граници на Македонија во минатото многу често биле менувани. Нивното ширење или стеснување речиси постојано било предизвикувано од воените дејствија што често ги потресувале односите меѓу Македонците и нивните соседи, или меѓу нив и други освојувачи. Отоманското владеење во Македонија придонело за постепено стабилизирање и консолидирање на нејзините етнички граници. Така, до 1912 година, вкупната должина на границата на етничка Македонија изнесувала 2.144 километри. На границата спрема Грција отпаѓа 1.033,2 км (57,23%) спрема Србија, 306,6 км (14,30%), спрема Бугарија 306,5 км (14,30%) и спрема Албанија 431,5 км (20,135).

Релјефот на Македонија го сочинуваат Шарскопиндската и Родопската геолошка област. Со оглед на пространството што го зафаќаат овие две области, Македонија претежно е планинска земја. Од вкупната нејзина територија само една третина се полиња, долини и котлини. Другите две третини се испресечени со бројни планински венци, на кои 35 врвови се повисоки од 2.500 метри.[2)] Највисоките се наоѓаат на планините Рила, Кораб„ Шар Планина, Баба, Пирин и некои други планини. Оттаму македонските котлини имаат витално значење за поврзувањето на јужниот Балкан (а преку него и многу делови на Блискиот Исток и Северна Африка) со средна Европа.

---

1) Различни автори големината на територијата ја прикажуваат различно. Но, таа не варира повеќе од плус или минус 1%. Инаку оваа територија е поголема од територијата на Данска, Швајцарија, Белгија, Албанија итн. Овие површини се пресметани според воените топографски карти (1:50.000).

2) Почнувајќи од врвот Портата (2.510м.) на Рила па се до највисокиот врв во Македонија Вихрен (2.915м.), што исто така се наоѓа на Рила.

Од друга страна хидрографијата на земјата е мошне богата и разновидна. Реките во Македонија им припаѓаат претежно на беломорскиот и егејскиот слив (86,49%), потоа на јадранскиот (13,34%) и најпосле на црноморскиот слив (0,17%). Покрај нив постојат уште и два затворени речни басени - Преспанскиот и Сараѓолскиот. Четирите најголеми македонски реки (Вардар 420 км), Струма над 400 км. и Места 264 км) ја делат територијата на Македонија на неколку појаси, а Бистрица (325 км.) формира еден дел од јужната граница. Земјата е богата и со неколку езера. Тоа се Бешичкото (72,5 км^2), Дојранското (42,6 км^2), Костурското (28,5 км^2), Лагадинското, Островското (65 км^2), Охридското (348 км^2) и Преспанското (274 км^2). Морскиот брег на Македонија не е разгранет, со исклучок на полуостровот Халкидик и крајбрежната линија со единствениот нејзин остров Тисос.

Македонија има посебни климатски карактеристики. Тоа се должи на мешањето на континенталната (средноевропска) клима што навлегува по долината на Морава, Лепенец и Вардар со благите воздушни маси кои навлегуваат од југ, претежно низ долината на р.Вардар. Во приморскиот појас владее средоземноморската клима.[3)]

Флората и фауната се сообразени со климатските и релјефните одлики. Во Македонија се наоѓаат и лежишта со руди. Најраспространети се наоѓалиштата на антимон, железо, олово, хром, цинк и др. Има повеќе наоѓалишта на јаглен.

Ваквата географска местоположба, конфигурацијата на теренот, климатските и други карактеристики, непосредно придонеле

---

3) Јован Цвијиќ, Балканско Полуострово и јужнословенске земје, Основи ангропологије, Београд, 1966, 27.

стратешките позиции на Македонија да бидат високо вреднувани. Нејзината природна поврзаност со сите соседни територии на Балканскиот Полуостров, односно нејзините поволни комуникациски можности или географски карактеристики на соединување биле причина за Македонија да владее постојан интерес.[4] Тоа, во суштина трае од исконски времиња, а особено од класичната епоха во која била изградена значајната стратешка комуникација Виа Егнација.[5] Поврзувањето на долината на Вардар со долината на Морава што се врши преку територијата на Македонија е од стратегиско значење за владеењето со Полуостровот.

Врз основа на овие геостратегиски предности македонскиот простор имал животна важност за Османлиското царство во сите периоди на неговото суштествување. Така, до Берлинскиот конгрес (1878), Македонија била користена од една страна, како простор во кој биле стационирани главните воени резерви на Империјата, а од друга страна како значаен природен ресурс. Кога по 1878 Македонија станала гранична провинција на Османлиското царство поради намалувањето на нејзините територии, улогата на Македонија станала уште позначајна. Таа добила третман на своевидна крепост. Натамошната судбина на територијалниот интегритет на Империјата многу зависел од одбраната на Македонија. Во неа биле засилени воените ефективи, односно била стационирана Третата армија (орда) која имала третман на елитна единица. Нејзината основна задача била не само да ги штити границите на Империјата, туку и да ги задушува сите внатрешни бранувања, што

---

4) Истото, 17.

5) Истото, 18.

започнале да ги разнишуваат и инаку веќе расклатените темели на "болниот на Босфорот".

Матичната територија на Македонија, во етничките граници ја сочинуваат девет диференцирани етнички области. Тоа се Бистричката (12.301.09км^2), Брсјачката (13.521.28км^2), Горновардарската (5.591,84км^2), Долновардарската (6.222.72км^2), Лагадинско - Бешичката (2.238.29км^2), Реканско-Дебарската (1.944.41км^2). Средно-вардарската (5.210.87км^2), Струмо-Местанската (18.264,30км^2) и Халкидичката (2.647.84км^2). Во овие области кои се делат на уште 116 пределски целини и 21 потцелина, постојат вкупно 4.063 населени места од кои 167 имаат повеќе од 2.000 жители, а 3.896 места имаат под 2.000 жители.[6] Од населбите со повеќе од 2.000 жители 87 се наоѓаат на територијата во политичките граници на Грција, 80 во СР Македонија и 6 на територијата во политичките граници на Бугарија.

Во сите македонски населени места кон крајот на XIX и во почетокот на XX столетие живееле вкупно 2.276.147 жители. Од овој број 1,163.320 (51,11%) беа Македонци, 502.784 (22.09%) Турци, 262.563 (11,16%) Грци, 117.415 (5,16%) Албанци, 79.867 (3,51%) Власи, 56.181 (2,47%) Роми и 94.017 (4,13%) други етнички групи (Евреи, Ерменци, Кумани, Черкези и други). Најнаселена била Струмо-Местанската област (577.001 жител), потоа Брсјачката (473.458), Бистричката (359.467), Долновардарската (298.772), Горновардарската (218.289), Средновардарската (181.403), Реканско-Дебарската (87.363), Лагадинско-Башичката (40.476) и најпосле Халкидичката (39.918). Македонците најмногу живееле во Брсјачката етничка област (333.603

---

6) Милош Константинов, Етнички области во Македонија, Етнолошки преглед, 19, Београд, 1982, 10-19.

жители или 14,65% од нивниот вкупен број), па потоа во Струмо-Местанската (288.567 или 12,68%), Средновардарската (130.931 или 5,75%), Бистричката (124.186 или 5,46%), Горновардарската (120.361 или 5,29%), Долновардарската (100.921 или 4,43%), Реканско-Дебарската (54.601 или 2,40%) и Лагадинско-Бешичката (10.150 или 0,45%).[7]

Цитираните статистички показатели, при недостиг на прецизни евиденции, треба да се сметаат како апроксимативни и да се земаат со резерва.[8] Меѓутоа, до Илинденското востание меѓу македонското население не се забележувале поголеми миграциони движења. Незначителните миграции што постоеле не влијаеле на бројот на македонското население кое битно не се менувало. Тоа пак значи дека користените податоци можат да се сметаат за многу блиски до реалните. Во такви услови османлиската власт постојано ги заоструваля односите во што помагале и туѓинските верски и просветни пропаганди што го отежнувало процесот на создавањето на револуционерната организација како и подготовките за вооружено востание.

2. Положбата на македонскиот народ при крајот на XIX век

Положбата на македонскиот народ кон крајот на XIX век била вонредно тешка, не само поради општата влошена состојба во Османлиското царство, туку и заради постојаните политички судири на

---

7) Истото, 19.

8) Податоците за бројот на населението и нивниот национален состав во Македонија различно се посочувани од страна на одделни автори. Така Македонија во 1889 година според Николаидес, имала 1.820.500 жители во 1899 според Спиридон Гопчевиќ 2.880.420,во 1900 според Васил К,нчев 2.247.574,во 1904 год.според Хикмет Николаидес 2.911.721 итн.

европските велесили и егоистичките интереси на соседните балкански буржуазии кои не бирале средства за докажување на своето "историско право" на завладување со Македонија. Вклештен во метежот на империјалистичките апетити, македоснкиот народ живеел во услови на постојано и сурово национално, политичко, економско и духовно (верско и културно) угнетување. Освен тоа, Македонците биле изложени и на систематско физичко истребување од страна на могубројните разбојнички банди, кои најчесто доаѓале од Албанија, на месните башибозуци и од редовните полициски и воени единици.

Султановиот деспотизам, верскиот фанатизам на муслиманите, самоволијата на локалните жандармериски, административни власти и бездушноста на османлиските феудалци создавале од скеојдневниот живот на Македонците вистински пекол од бесконечно страдање. Феудализмо бил основна пречка за секаков напредок. Во крајна линија османлискиот феудализам, како што констатирал и Маркс, се наоѓал на "најнизок и варварски степен".[9] Подоцна Ленин, пишувајќи за општата состојба на македонскиот народ, со право истакнувал дека положбата на "словенското население на Македонија", е крајно тешка и лоша не само заради владеечкиот феудален систем туку и заради националното и верско угнетување.[10] Германскиот социјалдемократ Херман Вендел, голем пријател со длабокот познавање на приликите на сите Јужни Словени, забележал дека "Македонија била рана од која течеле валкани сокови на турската царска гангрена".[11]

---

9) Карл Маркс и Фридрих Енгелс, Съчинения, IX, Москва, 1957, 9,14,374

10) В.И.Ленин, Социјално значение сербобалгарских побед, Съчинения, 18, Москва, 1954, 368-370

11) Херман Вендел, Борба Југословена за слободу и јединство с.468

Положбата на македонскиот народ може да се согледа и оцени низ следните состојби:

а) Феудална експлоатација

Спахискиот систем, како основа на османлискиот феудализам и експлоатација, бил ликвидиран со султанскиот ферман во 1834 година. Оттогаш па до крајот на османлиското владеење во Македонија, во 1912 година, започнал да се вообличува, се повеќе да јакне и да ги пројавува сите свои негативни страни чифлигарскиот систем. Имено, чифлигарството се раширило низ трите македонски вилаети во Османлиската империја: Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот. Според "Салнамето од муслиманската 1317 (1899) година" во овие три вилаети вкупно живееле 2.244.009 жители.[12] Мнозинството од нив биле Македонци. Во Битолскиот вилает, кој располагал со плодни рамници, голем број лица населени во Битола како државни службеници или вонредно богати трговци, имале пространи чифлизи во приватната сопственост. Со експлоатација на зависните селани (чифлигарите) тие постојано ги зголемувале своите богатства (движниот и недвижниот имот).[13]

Најплодната земја во цела Македонија им припаѓала на чифликсајбиите, меѓу кои имало и христијани. Арендата се пројавувала во два основни вида: наполица и кесим. Наполичарите (исполича-

---

12) Salname, Istambul (1899),123.

13) Во 1885 год.во градот Битола најбогати феудалци биле следните чифлигсајбии; Елијас паша, Албанец по народност,(120.000 наполеони); Зекир паша(100.000 наполеони),Риза бег, Сади бег,Малик бег, Тефик бег,Мехмед бег(сите Турци);Георги Папазоглу (60.000 наполеони),Стерју лала,Браќата Никаруша,Никола Беки, Браќата Скантели и др.Вакви лица имало и во другите населени места во Битолскиот вилает.

рите, јарањиите) работеле на чифлигарската земја и согласно со спогодбата на сопственикот морале да му отстапат половина од реколтата. Меѓутоа во практиката тие никогаш не добивале половина од плодовите на својот труд. Од собраната реколта одвојувале прво десеток, потоа семе за сеење, па дел за плаќање на субашијата и сл.Дури кога ќе ги исполнеле овие обврски пристапувале кон меѓусебна делба на добивката по половина.[14)]

Кесимџиите се наоѓале во многу потешка положба особено во неродните години. Во такви случаи биле принудени да земаат заем од бегот, со обврска да го вратат двојно од позајмената количина. Инаку, кесимџијата, со своето семејство обработувал и површини земени под наем. Сепак најтешка била положбата на момоците (ајлакчиите) кои работеле по муслиманските и други чифлици. Тие живееле во крајна беда, а биле плаќани како надничари. Можеле да бидат избркани во секој момент, па така останувале и без работа и без засолниште.

Слободните македонски селани, кои од најразлични причини останале надвор од чифлигарскиот систем, рапсолагале со мали имоти и скудни обработливи земјоделски површини што се цепкале на се поситни парцели со делбата на браќата. Семејните задруги што се одржувале врз принципот на крвно сродство биле во подобра економска положба заради тоа што сите површини и добитокот биле заеднички. Нивната работа била распределувана од најстариот член на задругата. Но и нивните приходи биле ограничени. Приносите биле ниски

---

14) А.С.Разбойниковъ, Чифлигарството въ Македония и Одринско, Солунъ, 1913, 41-43.

заради употребата на примитивни средства за обработка на земјата и непознавањето на достигањата на агрономијата.

Цената на сточарските и земјоделските производи била вонредно ниска, наспроти скапите индустриски производи што му биле неопходни на селанецот (петролеј, сол, земјоделски алати и сл.). Многубројните даноци, нафрлени врз земјоделските производители и занаетчиите, им ги извлекувале и последните парични средства принудувајќи ги да се задолжуваат кај лихварите, со што уште повеќе запаѓале во долгови.

Властодржците во Цариград ги зголемувале даноците на своите поробени поданици во Македонија по секоја војна и по секое задолжување на државата кај развиените капиталистички и империјалистички држави на Западна Европа. Тие земји ја довеле Османлиската империја во полуколонијална зависност. Напоредно со задолжувањето на Империјата се зголемувал и бројот на даночните обврски. Во исто време чифликсајбиите ја зголемувале и својата експлоатација над зависните чифликари, процес што бил се покарактеристичен особено по навлегувањето на новите капиталистички елементи и односи и во македонските вилаети.[15)]

Македонските селани плаќале даноци на државата, а биле задолжени и со давачки кон чифликсајбиите. Покрај десетокот, плаќале и испенџе (за земја), ресми-агнам (за овци), ресми-асиаб (за води ници), бад-у хава (свадбарина) биле собирани и такси за трговска дејност (бач, ихтисаб, ихзар и монополие), такси за наслед-

---

15) Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на труското владеење, Скопје, 1967, 568.

ство (бејт-јул мал, мал-и гаиб, мал-и мевкуд), државните даноци, џизне (данок на глава), авариз, нузул, селамлак (при пречек на наов државен службеник, познат и како "бакшиш акчеси").[16]

Исто така, од значење е да се спомне и начинот на собирање на државните давачки, наметнати врз македонското население во трите вилаети. Даноците не ги собирале специјални, од државата плаќани даночни службеници, туку правото на собирање на државните даноци било давано, преку соодветна лицитација, на заинтересирани откупувачи. Носителите на тие права, главно богати луѓе, претставувале уште еден товар врз грбот на народот, зашто при собирањето на давачките применувале најразлични видови на принуди, а не се воздржувале и од злосторства.

Таквите собирачи на даноци често се движеле по селата во придружба на платени насилници, а исто така, на свое барање, добивале и воена придружба. При посетата на некое село земјоделските стопани биле должни не само да ги исплатат даноците, туку и да ги хранат собирачите и нивните придружници. А при престојот на собирачите на даноци обично кон нив се приклучувале и им стоеле на располагање селските полјаци кои речиси со ништо не заостанувале зад другите насилници и угнетувачи.

Целта на собирачите на даноците, потпомогнати од месните полјаци, кои знаеле речиси се за соответната македонска населба, т.е. каква им е материјалната и семејната положба на селаните, со каков движен и недвижен имот располагаат, дали се помало семејство или живеат во цврста крвна задруга итн, била со притисок и терор

---

16) Бистра А.Цветкова, Турскиятфеудален ред и българскиятнарод, Софиятр, 1962, 61.

да се соберат од населението повеќе пари.

Полјаците биле вистински тирани по македонските села, особено во чифлигарските села. Нивната власт била речиси неограничена: ги претепувале мажите, па и ги убивале без причина, давале усна дозвола за стапување на младите луѓе во брак, биле на чело на трпезата при секоја селска гозба (свадба, вршачка, сведен и сл.). Како муслимани тие едновремено биле и главни соработници на османлиската власт. Најчесто полјаците биле од албанско потекло.

Подоцна, кога револуционерната организација веќе постанувала самостојна и силна, големите сили, со цел да го намалат револуционерното движење на македонскиот народ, и предложиле на Турција да изврши реформи и во однос на полјаците. Австро-Унгарија и Русија предлагале во христијанските села да бидат бирани полјаци христијани. Меѓутоа, власта не била расположена да ги спроведе ниту овие т.н. "падарски реформи". Во врска со тоа во еден свој извештај рускиот конзул во Битола Ростковски запишал: "Не може да се чека ништо подобро од реформите, што, како и сите поранешни, остануваат само врз хартија, без секаква примена на дело, за што се јавува како доказ веќе Хусеин Хилми-пашиното изменување на системот за назначување на полјаци со цел да останат сите поранешни угнетувачи, муслимани, на своите места во својство на полјаци и да продолжат, како и порано, да вршат злосторства во христијанските села.[17)]

---

17) К.Л.Струкова, Новые документы о положены в Битольском вилайете, Славанский архив , Москва, 1963, 264

Овие вистински тирани "професионални насилници и главорези",[18] во почетокот на дваесеттото столетие, имале заштита не само кај османлиските власти туку и кај многу прочуени разбојници, какви што биле Бајрам Ѓона, Билјан Баланца, Дик Топуз, Исмаил Тиран, Изет Махмуд, Јусуф Баји, Таир Тола, Таир Точ, Смаил Обеднички, Рашид Усеин, Шефки Радиш и други во разни области на Македонија.[19]

Споменатите организирани банди, што навлегувале постојано од високите планини на Албанија во македонските области од Тетово до Струга, вршеле неописливи злосторства над македонското население: ги ограбувале селата и на селаните им ја одземале храната, добитокот (цели стада овци или крупни грла) и со мака спечалените пари (особено на печалбарите во Река); грабнувале деца и други лица и за нивното ослободување барале високи откупи во злато, при што иако за грабнатите добивале откупнина, тие често ги убивале заложниците. Особено се нафрлувале врз женските лица, изложувајќи ги на разни понижувања. Тие банди палејќи, уништувајќи и колејќи често навлегувале и подлабоко кон исток. Османлиската власт била немоќна и не преземала речиси ништо. Освен албански банди, кои биле најбројни и најголеми, имало и банди составени од Турци и христијани.[20] Бандитизмот како соодветен феномен во внатрешниот, анархичен живот на Османлиското царство останал се до 1912 година.

---

18) Христо Силјанов, Освободителнитѣ борби на Македонија, I, София, 1933, 27.

19) Истото.

20) Дино Г.Кьосев, История на Македонското национално революционно движение, София, 1954, 41.

Големо зло за Македонците била и ангаријата-бесплатната работа по чифлиците на чифлигсајбиите и при разновидни работи во полза на државата т.е на централната или вилаетската власт. Ангаријата била практикувана повеќе пати во текот на годината. Притоа редовно имало произволности и злоупотреби. Повиканите на ангаријата, како од зависните така и од слободните селани, биле должни да ги завршат сите работи што ќе им ги определел феудалецот. За време на "државната работа" (ангарија) селаните главно ги поправале сообраќајниците (патиштата, мостовите) или помагале при изградбата на поголемите државни објекти (касарни, административни згради и сл.). Во последниот случај тие пренесувале дрвен градежен материјал од планините, вар итн. Во ангаријата мошне често биле вклучени и жените, старците и децата.

Феудалната експлоатација, разбојништвото, засиленото навлегување на капиталистичките односи во стопанството на Македонија, неправедната даночна политика на централната власт, шиење̌ето на лихварството, презадолжувањето на земјоделските и занаетчиските производители и редица други неповолни околности условиле низа негативни појави во стопанскиот живот и развој на македонија во овој период. Од нив две биле доминантни: прво, напуштањето на селата и мигрирањето кон поголемите градови каде што била поголема и личната и семејната безбедност на жителите и второ, големата пауперизација на селските и градските производители, кои немајќи веќе сигурни извори за секојдневната егзистенција, излез барале преку печалбарството.

б. Засилувањето на печалбарството

Причините за засилувањето на печалбарството биле економски и политички. Печалбарството датира од XVIII век, но прераснало во масовна појава во животот на македонскиот народ кон крајот на минатото и почетокот на ова столетие. Заради постојаното влошувањена внатрешната положба на презадолженото Османлиско царство, на оние што биле економски упропастени, а и политички без какви и да е човечки и граѓански права не им останало ништо друго освен да ја напуштат својата татковина и да побараат леб надвор, во некоја поблиска или подалечна земја што како економски поразвиена имала потреба, пред се од евтина работна сила.

Македонските печалбари, од пасивните и од побогатите подрачја на татковината, оделе на печалба во многу европски воневропски земји (Австрија, Бугарија, Грција, Србија, Романија, Русија, Италија, Франција, Мала Азија, Египет, Америка итн.)[21] Нивниот број достигнувал и до сто илјади годишно, макар што треба да се има предвид дека точниот број на печалбарите тешко е да се утврди бидејќи едни печалбари заминувале, други се враќале дома на некое време меѓу своите, а потоа пак заминувале. [22] Парите спечалени со труд и пот ги вложувале за отворање на сопствена занаетчиска работилница, за ситна трговија, а најмногу за откуп на земја од чифлигсајбиите, со што се здобивале со статус на слободни селани.

---

21) Христо Христов, Аграрните отношения в Македония, София, 1964,128.

22) Руските конзулски извештаи бележат дека од Битолскиот вилает со вкупно население од околу 800.000 жители, турските власти секоја година издавале по 65.000 пасоши за сезонско или постојано напуштање на овој вилает, а само преку Солунското пристаниште годишно емигрирале преку 100.000 луѓе кои повремено или засекогаш го напуштале родниот крај. Овие бројки најочигледно ја илустрираат тешката положба во секој однос

Македонските печалбари изиграле мошне позитивна улога во општествениот живот на Македонија. Тие биле први агитатори на напредните социјалистички идеи сред македонскиот народ. Тие го внесувале и новиот европски начин на облекување (попрактична и похигиенска облека) што придонело да се стеснува употребата на народната селска носија. Своите домашни и сонародниците преку раскажување ги информирале за тогашните достигања на техниката и за тоа како живеат слободните народи. Придонесувале за ширење на личната и комуналната хигиена, а и за засилен развој на просветата воопшто. На тој начин поробениот народ, кој непрекинато копнеел за слобода, осознал дека просветата му е неопходна, како прв чекор кон ширењето на револуционерниот дух.

Сето ова го истакнувам со цел да се сфати дека печалбарските и емигрантските средини исфрлиле илјадници борци и многу раководители - учесници во многубројните востанија.

в) Влегувањето на капитализмот и појавата на буржоазијата

Националната обесправеност на Македонците и нивната тешка економска положба постојано се продлабочувала, особено во последните децении на XIX век и во почетните години на XX век.[23] Вакватата состојба, наспроти се посилното навлегување на капиталистичките елементи што ја продлабочувале експлоатацијата, можела да се измени само со водење на национално ослободителна борба,[24] бидејќи

---

23) Yakir Behar, Le finanze turche. Le kontribuzion dirette nell' Imperio ottomano, Bologna, 1914,(31,43-47).

24) Константин Пандев,Националног-освободителното движение в Македония и Одринско, 1878-1903, София,1979, 23.

процесот на засилената имотно-класна диференцијација меѓу македонскиот народ постанувал се посилен. Македонските чорбаџии, при честите класни судири со експлоатираните македонски трудбеници секогаш биле заштитувани од османлиската власт во вилаетите и во помалите административни средишта. Класните спротивности се изострувале до крајност, така што чорбаџиите (со ретки исклучоци) истапвуале како непријатели на вооружената и револуционерна борба за слобода.

Европските велесили, преземале најразлични мерки со цел да спречат избувнување на востание во Македонија, бидејќи се уште не биле целосно подготвени за новата империјалистичка прераспределба на колониите во светот. Во такви услови османлиското царство постанало нивна полуколонија, наполно зависна од нивните финансии и политички желби. Тие не сакале да дојде до немири во него, па затоа настојувале да запазат " status quo" во овој дел од Балканот штитејќи ги своите империјалистички интереси, посебно од аспектот на геостратегиската положба на Македонија.

Општата положба на македонскиот народ сумарно кажано, се влошувала непрекинато се до крајот на османлиското владеење во Македонија. Вонредно голем удел во тоа имало задолжувањето на империјата кај западните капиталисти. Во втората половина на минатото столетие тоа задолжување изнесувало 117 милиони златни лири.[25] Странскиот капитал, вложен во железниците, банките и трговијата, непосредно ја поттикнувал османлиската даночна политика кон најсурова експлоатација и ограбување на македонскиот народ. Речиси 70%

---

25) Д.Г.Кѣосев, История ..., 41-43.

од редовниот годишен буџет, во вредност од 16.628.00 турски лири, во периодот од 1891 до 1895 бил собиран во вид на данок (десеток, беглик, воен данок, данок од дејност и сл.) од населението во Македонија и во другите провинции на царството.[26)]

Поради тоа, уште повеќе, била влошувана и онака мизерната материјална положба на македонскиот народ.

Собраните пари од данокот биле трошени крајно неразумно и нерационално. Тоа најдоброе може да се види од следниот преглед на вкупните буџетски расходи на османлиското царство од 1891-1895 година.

	ГОДИШЕН БУЏЕТ НА ОСМАНЛИСКОТО ЦАРСТВО 1891-1895	
Ред бр.	Наименување	Износ (во лири)
1.	Исплата на тековни државни долгови	6.483.000
2.	Воен буџет	7.756.000
3.	Администрација	3.684.000
4.	За семејството на падишахот	933.000
5.	За религиозните институти	796.000
6.	За народното здравје	94.000
7.	За просветата	50.000

И најповршната анализа на овие веродостојни показатели за буџетските расходи овозможува да се заклучи дека повеќе од 97% од буџетските средства на Османлиското царство биле трошени

26) E.Pech,Manuel des Societes anonumes fonctionants enturkuie, Constantinopole, 1911.

ненаменски, за дејности што не спаѓале во основните потреби на населението. Финансиската анархија и хаос во работењето на империјата била зголемена и од целосно неповолниот трговски биланс на деспотската султанска држава.[27)]

Освен што страдал од многубројните зла на чифликсајбискиот феудален систем, и од султановата деспотска тиранија, македонскиот народ трпел многу и од неколкуте странски политички и верски пропаганди, чија работа не била забранета од османлиските власти, исклучително заради нивната многувековна внатрешна политика да ги поттикнуваат на меѓусебна борба припадниците на поробените народи и народности, што било уште поопасно, на разни начини да предизвикуваат расцеп и помеѓу припадниците на еден ист народ, согласно со добро познатата латинска изрека " divide et impera" (раздели па владеј). Тоа на властодржците во Цариград им овозможувало да го продолжуваат животот на Империјата, која имала свои припадници на три континети (Европа, Азија и Африка).

г) Влијанието на соседните пропаганди врз македонското национално-ослободително движење

Актуелизирањето на македонското прашање уследило и поради претензиите и асимилаторските аспирации на соседните боржуазии. Од тие причини Македонија прераснала во "јаболко на раздорот" за што придонесувале отворените и прикриените планови на големите империјалистички сили.

---

27) Bullatin anmull di statistigue, Constantinopole,1910.

Бугарската егзархија, ползувајќи се со аверзијата на македонскиот народ кон богослужбата на неразбирливиот грчки јазик, успеала да добие голема поткрепа од македонските Словени, на кои им бил рзабирлив црковно-словенскиот јазик во богослужбата. Егзархијата била единствена повисока црковна словенска институција во Османлиското царство. Кон неа се приклучиле и одделни српско црковни општини, а исто така и македонските Власи и православните Албанци, со надеж дека под нејзините закрила ќе се запазат од посегнувањата на крајно грубиот грцизам и денационализаторската дејност на Цариградската патријаршија. Некои области на Македонија и натаму останале под јурисдикцијата на Патријаршијата, за која прогласувањето на Егзархијата било шизма.

Унијата никнала во Македонија во времето на преродбата на македонскиот народ и не претставувала отстапување од православното верско учење, а самата била начин да се намали силата на Патријаршијата, чие дејство се осеќало и во Кукушко и во соседните македонски подрачја. Протестантството се појавило во некои македонски подрачја, *главно во Источна (Пиринска) Македонија, благодарение на дејноста* на протестантските мисии и училишта (колеџи од англо-американски тип). Од нивните мисионери најпозната стана мис Елен Стон. Српската црква се стремела да парира (со сите сили и средства) и на Егзархијата и на Патријаршијата и ја спроведувала својата пропаганда во некои делови на Северна Македонија, а со соодветен интензитет во Поречје и Азот.

И покрај стремежите за верско расцепкување на македонскиот народ, за неговото верско обезличување, во периодот на судирите

на верските пропаганди мошне позитивна улога и изиграле црковните општини по населбите, во чиј состав влегувале селските првенци на дело директивите на Егзархијата што се однесувале за нивното денационализирање. Црковните општини биле вруток од каде се појавило почетното антиегзархиско движење, што подоцна добило предводници и теоретичари од средината на прогресивната македонска интелегенција.

И натаму неизвесна и трагична била судбината на Македонците муслимани. Тогашната свест за националната припадност била на ниско ниво. Затоа не можело да се претстави дека некои Македонци не се православни, дека се муслимани. Од друга страна ни муслиманите немале голема доверба во нив, затоа што знаеле дека тие се од словенско потекло и дека дома зборуваат на словенски (македонски) јазик и дека чуваат и некои други вредности во својата материјална и духовна култура (везови по носијата во кои се среќавале и крстови, нешто незамисливо за другите муслимани). Заради тоа другите муслимани во Македонија, (Турција, а особено Албанците) преземале најразлични мерки, со употреба на насилство, да ги оттргнат Македонците-муслимани од нивниот јазик и да им го наметнат својот јазик. Успесите не биле сеопфатни. Македонските муслимани давале жесток и жилав отпор и се задржале компактно, во некои региони во Македонија дури до денешни дни.

Многу поопасни биле политичките пропаганди на соседните слободни балкански држави, т.е. на монархиите Бугарија, Грција и Србија. Нивните пропаганди дејствувале исклучително денационализаторски и за крајна цел имале национално да го обезличат македонскиот народ. Буржоазите на слободните балкански држави, што и самите

биле долго под османлиско иго, се стремеле да ги прошират своите граници и вон својата етничка територија, а првенствено со заграбување на македонските простори. И трите соседни држави боледувале од мегаломански аспирации и стремежи зашто сакале да прераснат од мали во големи држави: Голема (Санстефанска) Бугарија, Голема (Душанова) Србија, Голема (по углед на Византија) Грција. Овие мегаломански, големодржавни пропаганди му го загорчувале и така неиздржливиот секојдневен живот на македонскиот народ и му нанесувале огромни зла и штети, особено заради тоа што биле главна пречка за преродбата и пораното национално освестување и осознавање на македонскиот народ. Исто така положбата била усложнувана и поради тоа што зад секоја од тие балкански пропаганди стоеле по една или повеќе големи сили, согласно со нивните глобални империјалистички интереси.

Сето тоа доведувало до тешки економски, социјални и политички услови во кои живееле македонските народни маси во текот на последните 3-4 децении од османлиското владеење во Македонија. Тие *услови сведоачт дека* Турција преживувала тешка и длабока криза во сите сфери на општествениот живот.

Таква била, во основни линии, општата положба на македонскиот народ во времето кога преродбата преминала во повисок степен и кога сред напредната интелегенција созреавала идејата за почнување на организирана револуционерна борба за ослободување на народот и земјата од странското угнетување и ропство. А оваа положба, без друго, се реперкуирала и врз воено-политичката стратегија и тактика на ТМОРО и Илинденското востание.

3. Воено-политичката ситуација во периодот пред востанието

Процесот на економското, политичкото и военото слабеење на Османлиското царство започнало уште понагласено да се манифестира во текот на втората половина на XIX век. Турската империја и земјите под нејзина власт позабрзано запаѓале во нови тешкотии, кои се реперкуирале речиси во сите сфери на општествениот живот. Ваквата положба императивно ја наметнувала потребата што подлабоко да се проникне во суштината на предвостаничкиот период, односно во оние услови и фактори кои суштински ја карактеризирале стратегиско-политичката ситуација на Балканскиот Полуостров, а посебно во Македонија, со цел подобро да се разберат и осветлат условите, карактерот, обемот и резултатите на национално-ослободителното движење на македонскиот народ.

По завршувањето на Руско-турската и Српско-турската војна и одржувањето на Берлискиот конгрес (1878) воено-политичката ситуација на Балканот започнала делумно да се стабилизира. Државите победнички - Русија, Србија, Црна Гора и други, преземале соодветни мерки за да ја средат и стабилизираат положбата во новоослободените подрачја на Балканот, вклучувајќи го меѓу нив и новоосновано книжевство Бугарија.

Со решенијата на Берлинскиот конгрес, меѓу другото, била извршена територијална прераспределба на балканскиот простор и биле определени границите меѓу балканските држави и Османлиското царство. Србија, Црна Гора и Романија добиле статус на независни држави и право на територијално проширување. Босна и Херцеговина

биле анектирани од Австроунгарија. Наспоредно со ова било создадено и веќе спомнатото кнежевство Бугарија, додека Македонија со уште некои други балкански подрачја и натаму останала во составот на Империјата. Иако положбата на Македонија во суштина останала неизменета, Турција добиламожност по Берлинскиот конгрес посериозно да се зафати со средување на сопствената внатрешна положба. Тоа посебно го наложувала ситуацијата предизвикана со прекројувањето на државните меѓи, односно стеснувањето на територијата на Империјата за сметка на соседните балкански држави. Но нејзините напори не биле насочени кон реформирање на политичката и економската состојба, туку главно во воена насока. Турската армија, ослободена од обврските што произлегувале од судирите на фронтовите, добила нова и изменета улога. Нејзината основна задача била насочена во правец на заштитување на територијалниот интегритет на Империјата. Наспоредно со тоа таа добила задача да го одржува редот и во окупираните подрачја на европскиот континент. Поради тоа на територијата на Македонија во тоа време започнале да се слеваат главните оперативни сили што биле повлечени од Босна, Србија и Бугарија. Овие единици биле засилени со нови контингенти префрлени од Мала Азија. Така, во Македонија и на Косово во текот на 1878 година, според соопштението на францускиот воен аташе во Цариград, капетанот Де Торски биле присутни вкупно 70-80 батлајони пешадија, пет ескадрони коњица и 21-22 артилериски батерии, со вкупна јачина од околу 40.000 аскери. Овие сили припаѓале на регуларната Турска армија и како клучна задача за заштита на територијалниот интегритет на Империјата биле единици во чија надлежност спаѓало и задушувањето на секој вид

револуционерно бранување во внатрешноста на земјата.[28)]

Врз основа на изнесеното недвосмилено произлегува дека по завршувањето на војната и одржувањето на Берлинскиот конгрес, на Турција и било овозможено комплексно да се посвети на средувањето на внатрешната политика во Македонија и во некои други делови во кои се чувствувале помали или поголеми револуционерни бранувања. Воено-политичката ситуација практично придонела регуларните воени единици на Турција да бидат постојано мобилни заради задушување на каков било вид спротивставување од страна на поробениот македонскиот народ. Тука, во прв ред, се имаат предвид вооружените интервенции против Народното револуционерно востаничко движење во Македонија. По воспоставувањето на новите државни граници меѓу Империјата и соседните држави Македонија добила поинаква стратегиска позиција, односно позиција од животно значење за идната судбина на Турција. Во новите граници на Турција, Македонија се трансформирале од централно во гранично подрачје. Заради вонредно значајната геостратегиска положба на Македонија, како основно прашање се поставувало прашањето на одбраната на северозападните граници на Империјата, односно ситуацијата наложувала на подрачјето на Македонија да бидат концентрирани главните оперативни сили на турската армија. Наспоредно со ова дошло до бројно зголемување на турското население во Македонија кое се повлекувало од западните подрачја кон Турција. Вонредно зголемената концентрација на воените сили и големиот прилив на турско население придонесле експло-

---

28) Француски документи за историјата на македонскиот народ, Серија VI, т.I (1878-1879), Скопје,1969,45-50, 55-59, 67-72.

атацијата и тешката положба на македонскиот народ уште повеќе да се влошји.[29] Во овој период "болниот на Босфорот" прилично закрепнал и извршил модернизација на својата војска и полиција. Воведена е силна артилерија, модерно стрелечко оружје (пушки, митралези) телеграф, помодерна организација на командите и штабовите, со што турските сили добиле нови вредности, посебно на Балканот.

Настаните што уследиле после Берлинскиот конгрес зеле мошне бурен тек.[30] Преку Разлошкото (1876) и Кресненското (1878) востание,[31] како и Демирхисарскиот заговор, [32] кои биле нова револуционерна манифестација, македонскиот народ најдобро ја искажувал сопствената реакција против одредбите на Берлинскиот конгрес.[33] Со овие вооружени акции македонскиот народ истовремено ја манифестирал и својата непоколеблива решеност да се бори за сопствената слобда и независен национален живот. Исто така битно е да се истакне дека на подрчајето на Македонија се вкрстувале и судирале интересите како на соседнтие балкански народи, исто така и на европските сили. Во јавните или задкулисните пресметки најжестоко се вкрстосувале интересите на Бугарија, Србија и Грција.[34]

Преку своите пропаганди, главно организирани преку просветните и верските институции, тие жилаво се бореле за обезбедување

---

29) Љубен Лапе, Внатрешната положба на Македонија за време на Источната криза.Зб:Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ,Скопје,1978, 23-49.

30) Историја на македонскиот народ, Книга II,ИНИ-Скопје,1969, 93-95.

31) Иван Катарџиев,Серската област(1878-1879).Економско-политички и културен преглед,ИНИ Скопје,1961,198-255.

32) Историја на македонскиот народ...II,103-106.

33) Љ.Лапе,Внатрешната положба...23-49.

34) Хенрих Ботавски,Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание,Зборник Илинден,Скопје, 1970, 93.

на доминантни позиции и за сопствен престиж во Македонија.[35] Пропагандната активност на соседните буржоазии се карактеризила со невидена бескруполозност и организирање на семожни сплетки, со цел на своевиден начин да ја однароди свеста за националната самобитност на македонскиот народ и да ја затапи острицата на неговата револуционерна борба. Меѓутоа, негативни реперкусии врз позасиленият развој на револуционерното движење имале и некои други чинители. Така, во оваа насока соодветен одраз имала и Виничката афера (1897), серијата на судски процеси во Битола и Солун (1901), грабнувањето на мис Елен Стон итн.

Активноста на Русија и Австроунгарија за решавање на македонското прашање била обременета со неискреност. Тие ги подржувале ориентациите "за смирување" на немирите во Македонија, со што, всушност, правеле поголема услуга на Портата одошто на македонското национално-ослободително движење. Руската дипломатија, која некогаш играла прогресивна улога помагајќи ги ослободителните движења на Балканот, во случајот со македонското движење играла конзервативна улога.

Османлиското Царство сепак било најупорно во негирањето на самобитноста на македонското национално-ослободително движење. Тоа најжилаво се борело да го оневозможи и најпосле да го искорени. Во таа насока тоа спроведувало секојдневен терор. Беззаконието станувало уште понесносно откако се засилило спроведувањето на политиката за целосна пауперизација на македонското население, во која

---

35) Историја на македонскиот народ, II..., 211-215, 218-224.

насока посебна улога одиграл даночниот систем. На овие тешкотии се надоврзувале и страотните акции на разбојничките банди.[36)]

Ваквата состојба недвосмислено укажува на крајното влошување на вкупната состојба на животот на македонскиот народ. Таа се манифестирала почнувајќи од реализацијата на одлуките на Берлинскиот конгрес па се до избувнувањето на Илинденското востание. Во текот на четврт-столетие македонскиот народ бил подложен на крајно суровото економско, политичко, национално и духовно угнетување,[37)] морничав терор,[38)] тешко експлоатирање од корумпираната власт[39)] и безмилосно разбојништво.[40)] При такви услови со успех цутело и лихварството,[41)] додека експанзијата на европскиот капитал од темел го разнишало автохтоното занаетчиство. Сето ова силно го поттикнувало емигрирањето надвор од етничките граници на татковината.[42)]

Показателите за состојбата во Македонија во овој период придонесуваат да се добие појасна претстава за главните извори и причини на неволјите што го притискале македонскиот народ во текот на овој разбранување период од неговата историја. Развојот на воено-политичката ситуација на Балканот во текот на последните децении на минатиот и непосредно на почетокот на XX век, нераскинливо е сврзан со развојот на воено-политичката ситуација во Македонија.

---

36) М.Пандевски,Положбата...99.

37) Македонија и Одринско (1893-1903).Мемоарѣ на Вѫтрѣшната организација,с.а.., 1904, 28-30.

38) Истото, 47-49.

39) Истото, 33.

40) Истото, 33-47.

41) Крсте Битоски,За лихварството во Македонија во втората половина на XIX век, "Гласник" на ИНИ, XIV72-3,Скопје, 1970,113-122

42) Глигор Тодоровски, Кон прашањето за миграционите движења во Македонија во времето од 1878-1912 год,"Историја", III/1, Скопје, 1967, 93-97.

4. Борбеното искуство на македонскиот народ до појавата на ТМОРО

Македонскиот народ, како впрочем и сите други народи во светот, има свое воено искуство. Военото искуство има ненадоместливо значење во пренесувањето на конкретните знаења во водењето на вооружените буни, востанија, војни и други спротивставувања.

Податоците за воената активност на словенските племиња, од кои подоцна се конституирал македонскиот народ, датираат уште од времето пред нивното населување на Балканскиот Полуостров.[43] Тие се однесуваат претежно на начинот на војувањето, воената организација и вооружувањето. Податоците се однесуваат на сите јужнословенски народи, а датираат уште од петтото столетие, кога словенските племиња започнале масовно да се појавуваат покрај брегoвите на Дунав.[44]

Во еден извештај на Јордан, во кој се зборува за состојбите кон крајот на V век, како и според еден извештај од Прокопие, што датира од првите децении на VI век, може да се види дека бранот на словенското навлегување ја имало зафатено речиси целата територија на левиот брег на Дунав на потегот кон денешна Романија. Кога Словените започнале да ја напаѓаат Византија интересирањето за нив значително порасналo. Благодарение на тоа сочувани се автентични документи во кои главното внимание е посветено на воору-

---

43) Никола Стијеповић, Српска феудална војска са кратким прегледом војне историје, Београд, 1954.

44) Историја народа Југославије, I, Београд, 1953, 79.

жените борби и напермanентните воени судирања.[45] Словенските племиња тогаш се наоѓале во фаза на родовско уредување и живееле во родови, племиња и племенски сојузи. Со таква организација тие тргнувале во борба. Војните ги воделе во вид на препади, ненадејни упаѓања и со основна цел да го ограбат имотот и добитокот на непријателот. Од тие причини овие "борбени дејства" на словенските племиња при нивното навлегување на Полуостровот немаат елементи на вистинска војна. Тие се лишени од планирани намери за трајно освојување на туѓи територии и покорување на автохтоното население. "Симптомите на таков див војување, истканува Н.Стијеповиќ, само се наѕираа и тоа дојде со зацврстувањето на приватната сопственост и создавањето на антагонистичките класи.[46]

За воените квалитети на словенските племиња се среќаваат податоци и кај подоцнежните византиски автори. Уште во "Историјата на војните" од Прокопиј Кесарски (околу 565 година) меѓу другото се истакнува дека "кога влегуваат во борба, повеќето како пешадија, напаѓаат на неприајтелот носејќи во рацете мали штитови и копја.[47]

За храброста на овие луѓе зборуваат и описите за нивните обиди да го заземат Солун. Мошне е сликовит описот на нападот извршен на 24 октомври 584 година. Тогаш Солун бил атакуван жестоко од "избрани и искусни борци".[48] Интересен е и описот кога

---

45) Истото, 82-86.

46) Н.Стијеповиќ Српска..., 7-8.

47) Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I Скопје, 1981, 20.

48) Истото, 24.

се зборува за нападот на Солун од страна на словенските племиња предводени од кнезот Хацан. Нападот траел од 614-616 година.[49)]

Во борбите за освојување на Македонија, Епир, Тесалија и Пелопонез словенските племиња пројавувале вонредна храброст. Во тие судири воената среќа била мошне менлива. Како што Словените често успевале да ги совладаат своите противници, исто така и Византијците знаеле да им нанесат сериозни удари. Борбата со Византија значела напор на македонските Словени за постојано да се населат во новата татковина. Словенските племиња од територијата на денешна Македонија жилаво се бореле и против обидите на Бугарите да ги покорат.[50)] Благодарение на тоа спротивставување, поточно на кренатото востание против Бугарија во шеесетите години на X век, подоцна биле создадени објективни услови за основање на Самуиловата држава. Границите на оваа држава, како резултат на исклучителна вештина во војувањето, биле оптимално проширени.

Во рамките на Самуиловата држава се наоѓала територијата речиси на целиот Балкан.[51)] Меѓутоа, во подоцнежните борби што Самуил ги водел против Византија, тој доживеал тежок пораз на Беласица во 1014 година, кгоа, меѓу другото, биле ослепени околу 14.000 илјади негови војници.[52)] Оваа епопеја не го парализирала борбениот дух на словенските племиња, кои во повеќевековната борба за населување на Балканот пројавиле не само храброст туку и крајна

---

49) Истото, 30-32.

50) Истото, 32-48.

51) Историја народа Југославије, I,Београд, 1953, 275-281.

52) Истото, 280.

издржливост. Благодарение на ваквите свои квалитети тие успеале да пенетрираат дури на Пелопонез. Тоа зборува за нивните исклучителни воjнички способности, т.е. за готовноста да се спротивставуваат дури и на неспоредливо поорганизираната, подобро обучена и опремена византиска воjска. Ова се поткрепува и со фактот што вакво длабоко навлегување на туѓинска територија при етноинвазијата не можело да се реализира со луѓе кои не ги краселе исклучителни воjнички квалитети.

Словенските племиња (Березитите, Воjунитите, Драговитите, Сагудатите, Смолjаните, Ринхините и некои др.), од кои потекнува македонскиот народ, никогаш не се мирele со ропството[53]. Тие не сакале да мируваат ниту по пропаста на државата на Самуил. Првин избувнало востанието на чело со Петар Делjан (1040-1041),[54] а подоцна и востанието под раководството на Георги Воjтех (1072 до 1073 година).[55]

За воjничките квалитети на нашиот народ податоци се среќаваат и во "Историjата" на Никита Хониjат. Таа потекнува од крajот на XII век. Во неа се зборува и за Добромир Хрс. Откако ja зазел Струмица тоj ja освоил тврдината Просек, од коja, според зборовите на Хониjат, направил "несовладливо упориште".[56] Овоj податок зборува за фортификациските склоности на Словените. Според истражувањата на современиците на Хрс, неговите воjници се одликувале и со вонредна храброст и воjничка способност.[57]

---

53) The Eastern Anthropologist, vol.33, No3, Julu-Sept.1980, New Delhi, Ethnic Destin, of the Macedonian People,197-204

54) Документи... 97-103.

55) Истото, 105-106.

56) Истото, 114-115.

57) Истото, 115-116.

Словените во Македонија жестоко им се спротивставиле и на османлиската инвазија на Балканот. Таа борба се водела со помал или поголем интензитет и речиси воопшто не сопрела до нивното протерување од Балканот во 1912 година. Во текот на пет векови (од крајот на XIV па до првата деценија на XX), тие никогаш не го прифатиле ропството како дефинитивна состојба. Преку одметнувања, ајдутства, бунтови, востанија и на редица други начини, македонскиот народ постојано се борел против туѓинската власт.

На ајдучките акции кои што биле посебно засилени во текот на XVII век[58] се надоврзала Мариовската буна од 1688 до 1689 година.[59] Во овој период паѓа и востанието на чело со Карпош во североисточнито дел на Македонија. Додека австриската војска навлегувала кон југ по долината на Морава, Карпош застанал на чело на востанатиот народ против османлиската окупација во летото на 1689 година. Успесите на Австријците во Србија влијаеле да избувне Карпошовото востание, кога времено биле ослободени Крива Паланка, Кратово, Куманово и уште некои други градови. Но набргу дошло до пресвртница. Австријците биле принудени на повлекување, а востаниците да ги згаснат своите акции, особено после фаќањето на Карпош, неговото набивање на кол покрај мостот во Скопје и фрлањето на неговиот sверски искасапен труп во водите на Вардар.[60] Македонскиот народ, освен тоа, активно ги помагал и сите ослободителни борби рпотив османлиската доминација, што ги заметнувале

58/ Истото, 148-152.

59) Љубен Лапе, Морихоско-прилепска буна у XVI веку, Историја народа Југославије, II, Београд, 1960, 57.

60) Јорјо Тадић, Карпошев устанак, Историја народа Југославије, II, Београд, 1960, 768-769.

соседните или другите народи. Многу Македонци директно учествувале и во Австро-турската војна (1788-1791) година.[61]

Ослободителните акции против Османлиското царство честопати се организирале солидарно меѓу балканските народи. Секој од нив сметал на помош од другите. Таква била ситуацијата и кога европските држави војувале против Империјата. За ова сведочи и еден сочуван повик испратен до балканските народи во 1797 година. Документот содржи податоци и за одделни народи. На нашиот народ се истакнува:

"Македонецот во борбата се фрла,
со сабјата и звукот на трубата,
на тираните градите им затреперија".[62]

Посебно внимание заслужува учеството на Македонците во Првото српско востание (1804) година. Во сочуваните документи одделно признание им се укажува на Рекалиите, кои по цена на големи откажувања настојувале што повеќе можат да му помогнат на Караѓорѓе во борбите против Турците. За нив се вели дека дошле кај водачот "за да се принесат на жртва за своите браќа Срби".[63]

Не е за занемарување ниту придонесот на некои Македонци во Романското востание против Турците во 1821.[64] Во борбите што се воделе во Македонија и Романија, Димитар Македонски стоел како офицер на чело на единицата на 8.000 луѓе. Со него во овие борби учествувал и неговиот брат Павле. Во споредба со учеството

---

61) Документи ..., 167.
62) Документи..., 168.
63) Документи ..., 168-169.
64) Истото, 170.

на другите народи Македонците биле најбројни во ова востание, односно "Македонија даде најповеќе војници, подофицери и офицери, па и генерали".[65]

Во исто време, т.е. во 1821 година, Македонците зеле активно учество и во Грчкото востание. Голем број од нив се истакнале не само со извонредна храброст, туку и со умеење да раководат. Поради тоа не е мал бројот на Македонци кои биле произведени во високи офицери и одликувани.[66]

Ползувајќи го тоа што грчкиот народ се кренал на востание за да се ослободи од повеќевековното османлиско ропство, Македонците од повеќе населени места на Јужна Македонија, а особено од градот Негуш и неговата околија, исто така се кренале на востание во 1821 година. Меѓутоа, Негушкото востание, во кое учествувало и грчкото и влашкото население, било жестоко задушено. Султанот наредил на 26 март 1822 година учесниците во него да бидат "збришани од лицеот на земјата".[67]

Македонците активно учествувале и во ослободителните војни на српскиот народ на 60-тите години на XIX век. Овој период, земено во целина, бил исполнет со ослободителни превирања, т.е. со бројни буни, востанија и војни (во Херцеговина и Црна Гора, потоа борбата со турскиот гарнизон и артилериското бомбардирање на Белград (1862), се поголемото бранување на востаничките сили во Бугарија кои се обидувале да кренат востание, востанието

---

65) Ташко Д.Белчев, Книжевни паралели, Скопје, 1982,112-113.

66) Н.Тодоров-В.Трайков, Българи учесници в борбите за освобождение на Гърция, София, 1971, 32, 108.

67) Документи ..., 172-173.

на Крит (1866-1869), големото востание во Босна и Херцеговина (1875) и српско-турските и црногорско-турските војни од 1876 година, потоа Априлското востание во Бугарија (1875), како и ослободителните бранувања во Албанија и некои други покорени краеви. Во повеќето од нив, заедно со други јужнословенски народи, како доброволци учествувале и поголем број Македонци. Некои од нив се појавиле како храбри и способни воени старешини (Димитар Поп Георгиев-Беровски, Иљо (Илија) Марков-Малешевски, Христо Николов-Македонски и многумина други). Според едно сведоштво само на Тимочкиот фронт до 22 јуни 1876 година помогнале 187 Македонци доброволци.[68]

Постојат интересни податоци и за учеството на македонските доброволци во војната за ослободување на Бугарија (1877-1878). Во книгата "Освобождение Болгарии от турецкого ига" (Т.III, стр. 296), меѓу другото, е забележано дека "Македонците беа најдобрите луѓе во дружините (и) со својата храброст и машкост во борбите би восхитуваа дури и нашите стари војници.[69]

При непостоење на национална организација за собирање, опремување, вооружување и стручно оспособување на патриотските сили за борба против османлискиот гнет и во услови кога единствено ајдутските чети давале отпор и изведувале помали акции (препади и заседи) и воделе борба за заштита на населението од пљачкашките банди и самоволието на беговските башибозуци, военото искуство

---

68) Манол Пандевски, Учешће Македонаца у ослободилачким ратовима Србије 60-тих и 70-тих година XIX века. Зб.Ослободилачки покрети југословенских народа од XVI века до почетка Првог Светкос рата, Зборник радова, књ.1Београд, 1976, 175-188.

69) Документи...,245.

на Македонскиот народ од овие почетни облици на вооружен отпор неизбежно морало да биде мошне скромно и ограничено.

Квантитативно нова и повисока фаза во развојот на ослободителната борба на македонскиот народ и на неговото борбено искуство започнала во последната четвртина на XIX век, во годините на т.н. Источна криза кога било кренато и Разловечкото востание.[70] За разлика од поранешните ајдутски буни и востанија, кои помалку или повеќе отпочнувале стихијно без некои поопсежни претходни подготовки, во случајот на Разловечкото востание, во текот на февруари-март 1876 година, биле вршени грижливи подготовки за востанието во Солун и во Малешевскиот крај под раководството на Димитар Поп Георгиев. Слабо извршените подготовки во соседните реони, засиленото апсење на селаните во малешевскиот крај и вршењето на репресалии битно влијаеле на трагичниот исход на востанието. Засилените турски сили со брза интервенција ги отфрлиле востаниците во околните планини. Од нив Беровски формирал чета и со неа се одржал во Источна Македонија се до крајот на 1877 година, изведувајќи повремено помали акции. Меѓутоа и после неуспехот на Разловечкото востание македонските раководители работеле на нови подготовки за вооружена борба. Уште од јануари 1878 година вршени се подготовки за востание во Пиринска и Источна Македонија, со потпирање на Бугарија и со присуство на руската војска во неа. На тоа работеле Димитар Поп Георгиев Беровски и Илија Малешевкси. Во септември 1878 година дошло до состнаок на македонските претставници во Рилскиот манастир, а кон крајот на септември се договараат со Димитар

---

70) Историја на македонскиот народ, II ..., 82-84.

Поп Георгиев Беровски ("водач на народните дружини покрај границата"), за подготовка и организација на ново, поорганизирано востание.

На 5-ти, односно 17 октомври 1878 година, започнало востанието кое е познато како Македонско односно Кресненско востание.[71] Востанието започнало со 400 востаници-доброволци (од руската армија, граничари и делумно селани). Овој востанички одред првин го нападнал турскиот баталјон во селото Кресна, по чие совладување продолжил да дејствува во зафатот на долината на р.Струма до Мелник, создавајќи слободан територија од 35 села.

Создавањето на слободна територија (во реонот на реката Струма, Разлов и кон Мелник) како оперативна база на народното востаие барало нејзина организирана одбрана, а со тоа и минување на востаничките чети на одбрамбена тактика - што било поразително за востанието. Од друга страна требало да се обединат востаничките сили и нивните дејства. Поради тоа бил формиран "Штаб на македонските востаници" чиј началник бил Беровски, а командант (атаман), Адам Јованович-Кулмиков. Овој штаб, веројатно под влијание на Беровски, по селата на слободната територија формирал органи на народна власт. Сето тоа укажувало на добрата организираност и перспектива на Кресненското востание. Таквата самостојност на македонското востание не се поклопувала со интересите на Бугарија. Комитетите од Србија и Кустендил се вмешале во ова востание, што довело до расцеп во раководството па и смена на истакнати раководители, вклучувајќи го и Беровски. Во таквата ситуација Кресненското востание не можело да се одржи и без интервенција на турските сили, а камоли да се шири._

---

71) Истото, 97-103.

Бидејќи востаничката слободна територија била сечена со комуникацискиот и тактичко-оперативниот правец Петрич-Горна Џумаја-Неврокоп-Разлог, можело да се очекува дека јаки непријателски сили од реонот Мелник-Петрич (6.000) ќе ја разбијат слободната територија и ќе ги отфрлат востаничките чети надвор од комуникациите, што го забрзало распаѓањето на востаничките чети, а тоа довело до запирање на вооружените борби во овој крај. Ниту неколкуте доброволни чети, составени од повеќе југословенски покраини, не можеле да го спасат ова востание, или барем да продолжат со партизански дејства. Сепак треба дасе констатира дека ова било дотогаш најорганизирано, најмасовно и временски најдолго востание на македонскиот народ. Меѓутоа, тоа не ги прераснало локалните граници, иако имало далеку поголемо политичко значење. Тоа во основа претставувало прва поголема политичка криза на Балканот после Берлинскиот конгрес.

Во овие ослободителни акции учествувала македонската ослободителна војска која била оформена во еден озаконет процес во кој биле "нормирани односите, определени должностите, правата, обврските и одговорноста на сите развиени степени на раководењето на востаничките сили".[72] Од Уставот-правилата на македонскиот востанички комитет и од резултатите може да се заклучи дека воената организација во ова востание е поразвиено од политичката.

Поради и натаму несредената ситуација во Макеоднија, угледните македонски водачи се состанувале и договарале за повторно организирање на вооружен отпор, посебно во Западна Македонија.

---

72) Петар Пепељугоски, Некои карактеристики во создавањето и развојот на македонската востаничка војска 1878/79 година. Правилата-уставот на македонскиот востанички комитет во Кресненското востание, Скопје, 1980, 198.

На 14.октомври 1880 година дошло до Брсјачкото востание[73] во Западна Македонија во кое, во почетокот, учествувале околу 150 востаници, распоредени во пет чети. За неколку дена биле изведени низа помали акции и се очистени планинските села и е создадена слободна територија помеѓу Прилеп, јужно од Гостивар, Кичево и северно од Битола. Востаничките чети после успешните акции минале во одбрана по правците од каде што ги очекувале непријателските сили. Тоа било причина востанието бавно да се развива и шири. Четите тешко се омасовувале со така дефанзивна тактика, а народот бил задоволен со постигнатото и не бил организиран и подготвен пошироко да се вклучи во борбата. Турските сили дури во пролетта 1881 година интервенирале со еден баталјон од Битола кон Демир Хисар и со помош на албанскиот башибозук и беговите, со закани и уцени на народот и востаниците, успеале да го задушат востанието. Водачот на востанието Илија Делија во пролетта 1881 година се обидел да го реорганизира востанието и да ја прошири платформата за ослободување на Македонија, но без успех.

Брсјачкото востание било кренато без соработка со востаничките групи во Северна Македонија и на југот. Затова ова востание било ограничено и давало мали изгледи за успех. Без широка потпора и поддршка на народот ова востание не можело да има перспектива. Дури и заплашеното народ од заканите на Турците вршел притисок врз востаниците да се предадат. Последен се предал Илија Делија на 20 јули 1881 година, додека Мицко Крстевиќ останал во

---

73) М.В.Веселиновић,Брсјанка буна године 1980 у Битољском вилајету и војвода Мицко, Београд, 1905, 30.

илегалност и е фатен во пештерата каде што се криел на 19 февруари 1882 година и осуден на 20 години робија. Така престанал долгогодишниот период на отпор, буни и востанија во Македонија во кој само во последните пет години имало три востанија.

Независно од неуспехот на сите овие востанија, овој период за македонската нација сепак бил од големо значење[74] за понатамошното национално будење и еманципација, како и извлекување на искуства за Илинденското востание. И за овие македонски востаници важи заклучокот на Клаузевиц: "Не прашувам повеќе: колку го чини народот ваквиот отпор, кој целиот народ го дава со оружје во рацете, туку прашуваме; какво влијание може да има овој отпор, кои се неговите услови и каква е неговата употреба.[75]

Народноослободителната борба на македонскиот народ во времето од источната криза до формирањето на ТМОРО имала два карактеристични периоди. Во првиот период општите меѓународни и балкански услови биле неповолни за поширок развој на вооружената борба. Турција во овој период била најслаба поради долготрајните војни и востанија. Но, политичките сили, и покрај херојството и патриотизмот, не биле подготовени да организираат и водат единствена и широка ослободителна борба, да се наметнат пред европската јавност со силата на оружјето и да ја постигнат конечната цел-ослободување и обединување на македонскиот народ.

Во вториот период меѓународните услови биле далеку поповолни. Меѓутоа, нараснатите национално-патриотски сили и

---

74) Историја на македонскиот народ,II...,103-106

75) Карл Фон Клаузевиц: О рату, Београд, 1951, 411.

младата граѓанска класа не се помирувале со постојната ситуација и сакале со силата на оружјето да ја остварат целта, макар што ниту во овој период не успеале да се организираат и обединат околу заедничка платформа за општонародна ослободителна борба.

Спомнатите три востанија, имале локален карактер и биле водени на партизански начин, како тогаш единствено можен борбен облик на национално и социјално ослободување, но тие се само чекор натаму од поранешните ајдутски движења. Од друга страна, овие востанија не нашле соодветна тактика која би обезбедила траен успех. Меѓутоа, сепак преку нив уште повеќе се развивала националната свест за македонската посебност и самостојност. Тие востанија станале главен метод за национално и политичко ослободување каде моралниот елемент, патриотизмот и националната свест имале најзначајна улога. Со борбите на македонскиот народ значително е ослабнат турскиот феудализам и објективно е спомогната заедничката ослободителна борба на народите на Балканот.

Меѓутоа, независно од сите проблеми и тешкотии, во настојувањата да се извојува слободата, македонскиот народ постојано се трудел да изнајде на соодветни патишта. Во оваа насока големо внимание било посветувано на оние прашања што имале допирни точки со воените определби. Особено внимание било посветено на обезбедувањето на соодветна материјална основа, на воената организација на единиците, организацијата на командувањето, претходната воена обука, вооружувањето, рзавивањето на борбените традиции, обезбедувањето на храната и болеката, организирањето на транспортот, лекувањето, одбраната на ослободените територии и заземените,

градови, разузнавањето и прегрупирањето на силите, траењето на борбените дејства итн.

Воените искуства на македонскиот народ еволуирале од една (пониска) кон друга (повисока) етапа. Тоа придонесувало да се стекнуваат нови искуства и сознанија. На овој начин тој го збогатувал своето воено искуство и ја надградувал својата воена традиција, а напоредно со тоа и својата одлучнсот бескомпромисно да се бори за својата национална слобода, за обезбедување на хумани социјални односи и, пошироко, за една посветла и поперспективна иднина. Таа борба траела со столетија, поточно се до Илинден 1944 година, кога на Првото заседание на АСНОМ биле остварени идеалите за чија реализација слободољубивиот македонски народ дал огромни жртви.

Меѓутоа, сликата за воените искуства на македонскиот народ ќе биде далеку поцелосна ако кон досегашните разгледувања се придодадат и искуствата стекнати во периодот по основањето на ТМОРО кога, значи во текот на една деценија, се случиле бројни настани што се од посебно значење за подобро проникнување во суштината на овие искуства, за што ќе стане збор подоцна во овој труд.

II ДЕЛ

ОСНОВАЊЕТО, ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ, ИДЕЈНИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ЦЕЛИ НА ТМОРО ОД 1893 ДО 1903 ГОДИНА

Во овој дел од дисертацијата ќе биде прикажан континуитетот на македонското национално-ослободително движење и неговата револуционерна организација, како резултат на интересите, стремежите и желбите на македонските народни маси, за излегување од бедата на вековното османлиско ропство и создавање на сопствената македонска државна заедница, а со тоа и напорите за елиминирање на завојувачките претензии на странските држави, во прв ред на соседните земји: Бугарија, Грција и Србија. Во овој период Македонија најотворено го искажувала својот револт, настојувајќи да го изнајде својот сопствен пат на национално-ослободителниот развиток. За тие цели создавала дори основи на револуционизирање на широките народни маси, а посебно на селанството, работниците, трговците, занаетчиите и интелигенцијата. Како резултат на тие позитивни движења длабоко продирала идејата за формирање на Македонска револуционерна организација. Нејзиното нормативно уредување, организационо поставување и посебно проблемите за военото организирање, ќе бидат разгледани низ наредните прашања.

1. Конституирањето на Македонската револуционерна организација

Поради одредени специфичности во историскиот развој на овој геополитички простор, Македонската револуционерна организација

се јавува доста забавено. Нејзини иницијатори[1] биле Дамјан Груев, учител од Смилево, Петар Поп Арсов од с.Богомила, Иван Хаџи - Николов книжар, соработници на весникот "Лоза", Андон Димитров од с.Ајватово-Солунско, д-р Христо Татарчев од Ресен и Христо Батанџиев, кои свесно пристапиле кон овој историски чин. Првата средба ја одржале на 23 октомври (стар стил), односно на 4.11.(нов стил), 1893 година во станот на Иван Хаџи Николов, во книжарницата во Солун,[2] во улица "Челеви Бакал", каде и ги поставиле темелите на идната револуционерна организација.[3]

Основачите на организацијата ја нарекле "Македонска револуционерна организација", а нејзиниот централен комитет го нарекле "Централен македонски револуционерен комитет".[4] На еден од идните состаноци, одржан кон крајот на 1893 година или почетокот на 1894 година, бил донесен и првиот устав на Организацијата, кога Централниот комитет се конституирал врз основа на Уставот. Во првиот Устав основачите ги внеле основните идејно-политички поставки т.е. основната цел на Македонската револуционерна организација: извојување на политичка автономија[5] на Македонија во рамките на турската држава.

---

1) Димитар Димески, Македонското национално ослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903),Скопје,1981,139

2) Солун бил централно место на Македонците, во кое се собирале од целата земја учители, еснафи, трговци, свештеници и тука полесно и побрзо се ширела идејата.

3) Историја на македонскиот народ,Кн.II...,160

4) Христо Татарчевъ, Спомени отъ миналото.СборникъИлинденъ, 1903-1922, 14.

5) Историја на македонскиот народ, Кн.II...,162

Од овој Устав сочувано е само првото издание, без ознака на годината на издавање. Има четири глави и се состои од 14 членови, со вкупно 4 страници. Во првата глава, покрај целите на Организацијата, изнесени се и нејзините задачи за остварување на таа цел. Задача на Организацијата била да го воспитува населението во револуционерен дух, со цел самото да извојува слобода, да го заштитува населението и да обезбеди поподнослив живот во периодот на ослободителните борби. Во втората глава се зборува за составот и уредувањето на Организацијата. Член на Организацијата можел да биде секој "без разлика на пол, кој на било кој начин не е компромитиран за нечесност и бескарактерност пред општеството и кој ветува дека ќе биде корисен за револуционерно-ослободителното дело".

Третата глава ги содржи одредбите за материјалните средства на Организацијата и за нејзините извори, оддека четвртата глава ги донесува одредбите за санкциите што ќе се применуваат спрема оние кои ќе ги повредат принципите на Организацијата.

Со Уставот, во суштина, била конципирана идејната основа за идните акции на Организација. Низ него јасно можело да се согледа натамошната развојна фаза на Организацијата што била во својот почеток, но истовремено можела да се согледа и зрелоста на нејзините раководители.

Идејата за политичка автономија на Македонија подоцна доживеала силна еволуција. Првата замисла на Организацијата била создавањето на автономна Македонија во рамките на турската држава, т.е.под управа на султанот, со христијански гувернер. Подоцна оваа идеја се повеќе се трансформирала во барање за отцепување на Маке-

донија од турската империја, односно за создавање на посебна македонска држава во составот на идната балканска федерација.

Карактеристично е да се спомне и тоа дека организацијата во почетокот не примала луѓе од другите национални и етнички групи, туку само Македонци. Таа во почетокот дејствувала само меѓу македонското население, додека на другите народности (Албанци, Грци, Турци и др.) не им посветувала големо внимание. При зачленувањето во Организацијата важен услов била и верската определба, како и политичкото убедување на кандидатите. Во спомените на А.Димитров, меѓу другото стои дека во октомври 1893 година основите на МРО ги поставиле со лозинката - "автономна Македонија" и "Македонија на Македонците".[6)]

На политичките барања на Организацијата правилно укжал и францускиот писател Анри Барбис, инаку добар познавач на приликите во Македонија. Тој пишувал дека основањето на Организацијата било извршено со мисла за национално ослободување и социјална правда од луѓе со највисок идеализам. Нивната цел била да се извојува национална автономија. Критичката анализа на програмските документи на МРО ги покажувала прогресивните цели на национално-ослободителното движење кое мошне брзо се ширело и ги започнувало подготовките за ослободителната борба. Сето тоа наоѓало одраз и на страниците на македонскиот весник "Македонија" и други. Во нив била презентирана максимата: да се презема внатрешна борба во Македонија и да не се чека на Европа, Грција,Србија

---

6) А.Димитров, Спомени - Борбите на Македонија и Одринско 1878-1912 година, София, 1981, 102.

и Бугарија. Според тоа, мотивите и причините за појава на Организацијата на МНОД биле ослободување од економската експлоатација, политичката доминација на Османлиската империја и духовната хегемонија и дискриминација на сооседните балкански држави. Првите активности на Револуционерната организација имале за цел да се привлечат во неа нови членови, со цел таа да се прошири и зајакне, најнапред во Солун - градот на основањето. Откако биле постигнати скромни резултати во Солун, главно среде интелигенцијата и економски посилните граѓански средини,[7] Централниот комитет го насочил своето внимание и кон внатрешноста на Македонија, кон македонското село кое во понатамошниот развој прераснале во широка основа на МРО.

Наскоро, за време на летниот распуст 1894 година, биле основани првите револуционерни комитети на МРО во Битола, Кавадарци, Неготино, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.[8] Брзото ширење на Организацијата ја наметнала потребата од едно пошироко советување за размена на искуства и за донесување на насоки за натамошната дејност на Централниот комитет и на првите градски комитети.

Така дошло до Ресенското советување на МРО одржано во куќата на д-р Христо Татарчев, на 15 август 1894 година, кога во родниот град на претседателот на Централниот комитет било извршено осветлувањето на новоизградениот храм Св.Кирил и Методиј, па присуството на голем број непознати луѓе во малото гратче не било сомнително. На тродневното советување, за кое д-р Татарче вели

---

7) Историја на Македонскиот народ, II...,162.

8) Истото, 164.

дека "може да се смета и како прв конгрес",[9] на Револуционерната организација, присутните македонски револуционери одлучиле територијата на Организацијата да биде поделена на револуционерни реони; да бидат собирани материјални средства и од нечленовите, симпатизерите на ослободителното движење, симпатизерите да бидат поддржувани во управите на црковно-училишните институции и да биде засилена револуционерната пропаганда со помош на месни нелегални весници и со ширење на револуционерна литература.[10]

Во текот на истата 1894 година на Револуционерната организација и се приклучиле и идните великани и идеолози на Македонската ослободителна организација: Гоце Делчев, Пере Тошев и Ѓорче Петров кои заедно со Дамјан Груев оправдано биле наречени "Четири столбови на Македонската револуција". Вклучувањето на Делчев во МРО претставувало настан од вонредно историско значење за натамошното омасовување на МРО зашто тој "внесол нов дух и нов живот во зародувачкото револуционерно движење",[11] при што согледал дека ..." селанството е материјална сила кое од Организацијата треба да се издигне и оспособи за да се влее во револуционерното дело".[12] Великанот на македонското дело,[13] "Летечкиот ѓавол",[14] чија националноослободителна концепција..."се изградувала по еден континуиран пат преку усвојувањето на најпрогресивното од науката, литературата,

---

9) Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 14.

10) Хр. Татарчевъ, Спомени..., 14-15.

11) Дино Г-Кьосев, История на Македонското национално революционно движение, София, 1954, 113.

12) Ванѓа Чашуле, Гоце Делчев, Скопје, 1968, 9.

13) А.Д.Пиронковъ, Български дейци, София, 1941, 182.

14) Никола Никитовъ, Гоце Дълчевъ, София, 1941, 29.

филозофијата и социјализмот",[15] вонредно придонел и за создавањето на солидни нелегални канали на МРО, за пренесувањето на револуционерната литература и оружје и за ширењето на Организацијата во одделни области на Македонија.

2. Пречки во развојот на Организацијата

Уште од почетокот на организациониот растеж и зајакнувањето на Македонското национално-ослободително движење се појавила и првата поголема опасност за МРО. Тоа била појавата на Врховниот комитет, основан во Софија во 1895 година.[16] Овој комитет, често пати наречуван "Софиски комитет", наместо да му служи на интересите на МРО, натаму постанал најсилно оружје на дворските луѓе на кнезот Фердинанд Кобуршки и на неговата империјалистичка политика спрема Македонија. Врховниот комитет почнал во Македонија да испраќа чети, составени од декласирани елементи, задолжени да предизвикуваат провокации во крајграничните реони. Во Врховниот комитет воопшто не ја познавале витинската положба на Македонија, ниту пак биле заинтересирани да ја запознаат. Тие дејствувале врз основа на своите лични амбиции и во согласност со тогашните интереси на бугарската политика, која непрекинато се стремела кон создавање на Велика Бугарија по углед на фиктивната Сан-Стефанска Бугарија. Во еден програмски документ на Организацијата, антимакедонската дејност на бугарската држава се карактеризира како хунска наезда на балканската Прусија.

---

15) Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време, I,Скопје,1972, 99.

16) Манол Пандевски, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот(1904-1908)Култура,Скопје,1983,21.

Првите провокации на тие чети, претставувале сериозна опасност за револуцинерното движење. Поради тоа Гоце Делчев и Дамјан Груев во Софија го посетиле Врховниот комитет и разговарале со неговите членови. Не можеле да се разберат, зашто навистина било тшеко да се разбере човек со болно амбициозни луѓе. Така почнала борбата меѓу двете организации..." уште од нивното појавување".[17)]

Врховниот комитет во Софија, под влијание на реакционерни и антимакедонски средини, прераснал во отворен непријател на МРО и на Македонското национално-ослободително движење. Врховистите не верувале во силата на македонскиот народ, тврдејќи дека "Со селани ништо не може да се направи".[18)] Според нивното сфаќање Македонија можела да биде ослободена исклучително и само со помош отстрана. Врховниот комитет не ги криел ни своите стремежи да стане центар на Македонското ослободително дело. Всушност тежнеел да се наметне како единствен раководител на МРО. Против таквите штетни и непријателски фаќања на софиските врховисти ..." решително биле Делчев и Груев".[19)] Оттогаш натаму никогаш не прекратила борбата меѓу МРО и неговите идеолози и другите раководни дејци, од една, и надворешните и внатрешните врховисти, од друга страна. Таква постојана борба МРО водела и против Егзархијата и егзархистите, односно нејзините приврзаници во Македонија. Егзархијата и Врховниот комитет внесувале расцеп среде македонскиот народ кој сепак недвосмислено масовно се определил за создадената Внат-

---

17) Иванъ Стояновъ, Македония и македонскиятъ въпросъ, София, 1933, 165.

18) Истото, 165.

19) Истото, 165-167.

решна револуционерна организација, што имала целосна доверба во сопствениот народ, од кого што ги црпела и сите свои животни сили.

И покрај непријателската дејност на Егзархијата и Врховниот комитет, МРО јакнела непрекинато, ги ширела своите нелегални мрежи, го зголемувала бројот на членството, бројот на селските, градските и оркужните комитети, кои совесно и одговорно ги спроведувале сите задачи добиени од Централниот комитет.

3. Солунскиот конгрес-решавачки чекор кон реорганизирањето, омасовувањето и активирањето на организацијата

Во 1896 година е одржан Солунскиот конгрес со што завршил првиот развоен период на Организацијата. Солунскиот конгрес бил свикан заради редица прашања што наметнувале итни решенија. "Стекнатото искуство на двегодишната активност на Организацијата говорело дека патот за натамошниот развој на Револуционерното движење, за запазување на неговата самостојност и самобитност, води преку вовлекувањето на широките народни маси во него. Меѓутоа, за да се постигне тоа, било потребно решително да се прекине се она што го пречело омасовувањето на Организацијата; да и се даде нова политичка и идеолошка ориентација во која ќе дојдат до израз стремежите на широките селански маси; да се ослободи таа од тесноградниот национализам на нејзините основачи".[20]

На Солунскиот конгрес, во летото 1896 година, за првпат се собрале многу истакнати дејци, [21] "првите пионери Дамјан Груев

---

20) Историја на македонскиот народ, II,180.

21) Истото, 180.

Гоце Делчев, Пере Тошев, Христо Матов, д-р Христо Татарчов, Ѓорче Петров, Тодор Лазаров, Петар Поп Арсов, сите деца на Македонија".[22)]

Тие извршитле детална анализа на целокупната дотогашна дејност на Тајната македонско-револуционерна организација и во текот на плодната дискусија, ги отстраниле сите недоразбирања што би можеле да го сопираат омасовувањето на Ослободителното движење. Тие ги определиле и основните програмски принципи, врз чија основа Гоце Делчев и Ѓорче Петров го изработиле новиот Устав на ТМОРО. Во него, еден од најважните принципи бил принципот за водење на борбата, што би требало да биде во интерес на сите угнетени во Македонија, без оглед на нивната верска и народносна припадност. Оваа револуционерно-демократска определба им овозможувала и на другите народности, а не само на Македонците, да се приклучат кон Револуционерната организација и да ја помагаат борбата за ослободување и за отстранување на феудалното бреме од плеќите на работниот народ. Во согласност со тоа првиот член на Уставот гласи: "ТМОРО има за цел да ги обедини во едно сите незаодовлни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народноста, за извојување, преку револуција, на целосна политичка автономија за тие две области".[23)] Во вториот член било подвлечено дека борбата ќе се води и против "шовинистичките пропаганди и национални карании, што го обессилуваат македонското население во неговата борба против општиот непријател".[24)]

---

22) Истото.

23) Историја на македонскиот народ, II, 180-181.

24) Истото, 181.

Револуционерната организација настојувала уште од почетокот, а особено од Солунскиот конгрес, наполно да го запази својот суверенитет врз целата територија на Македонија. Заради тоа таа јасно ја зацртала сопствената политика и кон разновидните внатрешни кон доста бројните надворешни фактори (верски, просветни и вооружени пропаганди, разни комитети, денационализаторски, дипломатски активности, итн.). Значи, таа сакала..." да води таква самостојна политика која и давала можност да ги гради основните елементи на идната македонска државна организација.[25)]

Солунскиот конгрес општо земено, "санкционирал крупни, суштествени, промени на идеолошко-политичката платформа"[26)] на ТМОРО, така што вратите на Револуционерната организација..." биле широко отворени за народните маси, за сите револуционерни сили без разлика на верската и националната припадност".[27)] Со таа одлука Македонската револуционерната организација со право се вброила "во редот на најпрогресивните предводници на тогашните ослободителни движења во светот.[28)] На тој начин таа станала "вистинска народна револуционерна сила.[29)]

Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1896 година, без сомнение, претставува вистинска и квалитетна пресвртница за натамошниот развој на национално-ослободителното движење и за згуснување на револуционерната мрежа во сите шест револуционерни окрузи (Битол-

---

25) Истото.

26) Д.Димески, Македонското...202.

27) Историја на македонскиот народ, II,181.

28) Д.Димески, македонското...,202.

29) Историја на македонскиот народ, II,181.

скиот, Серскиот, Скопскиот, Солунскиот, Струмичкиот, Штипскиот и Одринскиот). Таа мрежа ги опфатила и речиси сите македонски населби и на Организацијата и овозможила да стане држава во државата. Прилог шема бр. 56-а.

Врз основа на објективни сведоштва може да се тврди дека Солунскиот конгрес дал "силен поттик на револуционерното движење"[30] а особено заради извршените корекции меѓу револуционерната теорија и практика. Тоа го обезбедиле петте основни принципи на ТМОРО, преточени во соодветни членови на Уставот. Прво - принципот на автономија; второ - принципот за внатрешноста на Организацијата; трето принципот за револуционерната броба; четвто - принципот за политичко-економскљта заемност и петто - принципот за целосна самостојност (независност) на ТМОРО.[31]

Со проширувањето на политичката основа на МРО на Солунскиот конгрес, се создале реални услови кон Револуционерната организација да се приклучат македонските социјалисти и анархисти, како и лица со други полиитчки убедувања, доколку биле готови да ги почитуваат и да ги споредуваат на дело принципите на ТМОРО. Но, ТМОРО не трпела ниту една друга раководна организација на територијата на Македонија. Затоа, нејзините идеолози биле не само револуционерни со богато лично искуство, туку и мудри и предвидливи луѓе, визионери, кои знаеле со голема сигурност дека во случај на појава на уште една организација во Македонија, каква

---

30) Д.Христов и Б.Чолпаков, Военна подготовка и повеждение на Преображенското въстание, Известия на Военно-историчарското научно дружество, т.I, София, 1965/66, 96.

31) Ангел Динев, Илинденската епопея, София, 1945, 26.

ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ТМОРО

ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА НА РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ОКРУЗИ

и да е, би дошло до ужасни меѓубратски колежи. Тоа бил непоколеблив став на идеолозите на Револуционерната организација. "Единството на Внатрешната организација во Македонија - е наш основен принцип: ние не можеме да дозволиме таму постоење на друга независна политичка организација.[32)]

Меѓу значајните позитивни резултати од работата на пресвртничкиот Солунски конгрес без сомнение спаѓа и одлуката за основање на Задграничното претставништво на Централниот комитет, составен од 2-3 членови на ЦК, кои би имале седиште во главниот град на Кнежевството Бугарија, каде била најбројна и политичката и економската македонска емиграција. Задграничното претствништво требало да претставува легална врска меѓу ТМОРО и македонската емиграција во внатрешноста на Бугарија, како и официјална врска со Софискиот дипломатски кол.

Суштински земено основањето на Задграничното претставништво претставувало израз на државноста и сувереноста на централникот комитет.Задграничното претставништво, во почетокот било замислено со скромен делокруг на дејствување но постапно ги проширувало своите компетенции, така што неговата функцијата станала слична со функциите на странските амбасади и на други видови дипломатски претставништва.

Први задгранични претставници на Централниот комитет на ТМОРО, условно речено првите дипломати (амбасадори) на македонскиот народ биле легендарните идеолози и револуционери

32) Единство внутренней организаций в Македоний нашъ основной принципъ; мы не можамъ допуститъ существованя другой независимой политической организаций, „Новое время", Москва, 1905.

Гоце Делчев[33] и Ѓорче Петров.[34]

Македонската револуционерна организација не ја исклучувала соработката со другите прогресивни движења и организации надвор од Македонија. Врз основа на целосна рамноправност и меѓусебно почитување била воспоставена соработката со ерменските револуционери. Солунскиот конгрес им дал право на македонските социјалисти, приклучени во ТМОРО како група, да ги шират слободно социјалистичките идеи среде македонскиот народ. Така започнало "благородното струење на социјалистичките идеи во револуционерното движење".[35]

4. Револуционизирањето и проблемите кои се појавувале во развојот на ТМОРО

Во споменатиот период на подем и развој на Тајната македонско-одринска револуционерна организација, што веќе дејствувала согласно со принципите и насоките на Солунскиот конгрес (1896), биле остварени низа позитивни и важни постигнувања во повеќе области на секојдневната револуционерна практика. Било пристапено кон создавање на најопходните вооружени сили на Револуционерната организација, како прашање од исклучително значење за натамошната

---

33) Гоце Делчев го посетувал Военото училиште во Софија, каде стекнал знаења од воените науки, се грижел за се што на некој начин било поврзано со вооружувањето, самовооружувањето на македонскиот народ, со создавањето на воени единици (чети и одреди) на Македонската револуција и со прашањата за изнаоѓање на поголеми финансиски средства за бројните потреби на Ослободителното движење.

34) Ѓ.Петров блескав беседник и бескомпромисен борец, неуморно се појавувал во борбата со идејните непријатели на самостојноста на Организацијата. Од неговото неустрашливо перо еднакво се плашеле врховистите и милитаритичките кругови на софискиот двор, камарилата околу кнезот Фердинанд,вклучувајќи го и самиот кнез.

35) Историја на македонскиот народ, II,182.

дејност на Организацијата и за подготвувањето на ослободителното востание, бидејќи една од клучните задачи на ТМОРО се состоела токму во систематското "рушење на постојниот економски-политички систем во Македонија и изградување на нов, што ќе произлегува од револуционерната акција на поробениот народ и ќе се базира врз неговите интереси".[36]

"Македонската револуционерна организација своите усилби за рушење на долговековното ропство над македонскиот народ ги поврзувала со напорите за создавање на автономна државно-правна единица на македонскиот народ, како етапа кон неговото целосно државно-правно оформување. Овие задачи барале паралелно со опфаќањето на широките народни маси во редовите на Организацијата, во процесот на нивното револуционизирање, да се почне со градењето на револуционерната власт, што ќе доведе до тоа народот да се осети слободен. Тоа било од големо значење за револуционерното движење, бидејќи водело кон развивање на свеста на народот за нужноста од самостојност и самоуправност, кон подигање на неговото културно и политичко ниво и, што е најважно, покрај постојната власт на турската држава, паралелно се изградувала во нејзините сопствени пазуви една нова власт, која со средствата на револуцијата се подготвувала насилно да ја сруши и да ја замени неа".[37]

Изградбата на револуционерната власт, со постепено усовршување и проширување на нејзините органи, продолжила се до 1903 година, а и во текот на востанието, кога процесот достигнал врвна

---

36) Историја на македонскиот народ, II,192.

37) Истото, 192.

точка во својото растеж со создавање на републиканска народна власт на ослободената територија. Во текот на спомнатиот квалитетен растеж на ТМОРО, Револуционерната организација располагала со следните органи на народната (револуционерна) власт: воени единици, македонска (народна) милиција, тајна полиција, разузнувачка служба, самоуправни тела по селата и градовите за решавање на прашања што не биле во андлежност на месните комитети, судови и пошта. Освен тоа располагала и со свои гласила (весници). Накусо речено, Македонската револуционерна организација навистина прераснала во "држава во државата", и била присутна не само во областа на револуционерното длео, туку и во подрачјето на економските односи и на духовната култура на сопствениот народ.

Дека ТМОРО стигнала до спомнатата висока точка на својот постепен, тежок и бурен развој, говорат и следните редови од репортажата на анонимниот шкотски новинар, кој ја посетил Македонија нелегално: "Организацијата претставува административен механизам на една нелегална (подземна) Република, која е изградена како заштита против турската анархија, а регуларните чети се полициски сили на оваа Република. Тие ги спроведуваат одлуките на цивилните судови. Во секое село има локален суд... Месните комитети ја претставуваат месната цивилна управа: зад нив е силата на четите. Бидејќи месните комитети се избрани од селаните, тие веројатно не ја злоупотребуваат нивната сила".[38)]

Суштествувањето на Револуционерната организација на македонскиот народ останала тајна за воените, полициските, admini-

---

38) 115 Al Undergraund Republic, Blaecwood's magazina, Januaru-June 1906, Edinbourgh.

стративните и судските организации на турската власт во првиот период на нејзиниот почетен растеж. Меѓутоа, после историскиот Солунски конгрес, заради проширувањето на сите видови на револуциоерна дејност и заради омасовувањето на нејзиното членство, тешко било да се зачува конспиративноста. Иако раководните дејци на ТМОРО, свесни за опасните последици од несакани вооружени судири, препорачувале да се избегнуваат таквите судири кога тога било можно, непосредно со растежот и јакнењето на Револуционерната организација, судирите, сепак, се повеќе зачестиле. Омасовувањето, од една, и спомнатите воени судири, од друга страна, условиле неизбежно откривање на одделни членови, на помали или поголеми групи, на вооружени единици, па и на селски и градски комитет.[39] Тоа се случувало низ таканаречените афери, односно провали, и предавства зад кои што за жал најчесто стоеле предавници на народот.

Провалите биле очигледен доказ за постоењето на Револуционерната организација во Македонија, насочена не само против постоечкиот феудален поредок, туку и против деспотската власт на дотогаш неприкосновениот падишах, политички и верски самодржец на сите муслимани во пространото Османлиско царство. Тоа било целосно изненадување за централната власт во Цариград, а и за нејзините највисоки вилаетски органи. Ниту еден од нив не можел да си замисли таква дрскост - поробената раја, тајно да се организира, да се самовооружува и да крене рака против светиот падишах. Без оглед на слчните исчудувања на господаречката турска нација и на

---

39) Историја на македонскиот народ, II,194.

нејзините врвни управувачи, постоењето на ТМОРО била историска стварност. Оттогаш натаму власта била принудена да води сметка и за тој фактор при градењето на својата внатрешна и надворешна политика. Вонредно тешката положба на македонскиот народ и неговата неодамна почната револуционерна борба за ослободување, почнале да го привлекуваат вниманието и на другите народи и држави, на нивното општествено мнение и на нивните влади и прогресивни политички движења.

Секоја провала претставувала тежок удар за Револуционерната организација. Полициските и воените органи на влста биле сурови и жестоки при спроведувањето на истрагата, со цел да откријат што е можно повеќе македонски револуционери. Основна опасност од секоја провала било нејзиното проширување во соседните и подалечните реони и населби. Последиците мошне често биле катастрофални.

Зафатен од голем страв и вистинска паника, Иван Хаџи Николов, член на Централниот коитет, кој не бил затворен од власта, му ги предал на злогласниот непријател на Македонското национално-ослободително движење, Иван Гарванов, сите тајни шифри за нелегалната револуционерна преписка. "На тој начин долгогодишната макотрпна работа за изградување на независноста во Револуционерната организација на Македонскиот народ, нејзината постојана бескомпромисна борба против бугарските шовинистички аспирации и врховистичката бруталност се нашле во рацете на еден врховист, непријател на независноста на македонскиот народ и на македонската независност воопшто. И тоа не останало без последици.

Земајќи ги раководните позиции на Организацијата во свои раце, Гарванов ја напуштил дотогашната ориентација кон долготрајна борба како резултат на целосна систематска подготвеност на македонскиот народ и повел курс кон што побрзо востание, без оглед на последиците.

Ваквиот курс на Гарванов ќе ги прејудицира фаталните одлуки за предвремено креваље на Илинденското востание. А точно тоа претставува најтешка последица од провалиите.[40]

Но и покрај тешките последици од Солунската провала, во неа дошла до израз големата морална сила на македонскиот народ, на неговата бескомпромисност да истрае докрај во започнатата борба за својата независност и слобода, независно од жртвите. Речиси целиот свет, главно благодарение на печатот, со интерес ги следел не само трагичните настани предизвикани од провалиите, туку и хероизмот на македонскиот народ пројавен во текот на варварските истраги. На тој начин цврстиот дух на Македонците ги амортизирал впечатоците од предавствата на одделни членови на ТМОРО.[41]

5. Одлуките на Солунскиот конгрес за востание

Од воена гледна точка Солунскиот конгрес на ТМОРО, свикан од Иван Гарванов и А.Лозанчев на 3 и 4 јануари 1903 година (стар стил) за објавуваље на востанието во Македонија, била чиста

---

40) Историја на македонскиот народ, II,196.

41) Конгресот е одржан на 2,3 и 4 јануари 1903 год.(стар стил).

импровизација. Делегатите на Солунскиот конгрес не разгледувале други прашања освен прашањето наметнато од Централниот комитет, кое произлегувало исклучително од настојувањата на врховистите на чело со Гарванов да се донесе одлука за објавување на востание, без пред тоа да бидат консултирани највидните македонски револуционери, вистинските предводници на македонскиот народ и идеолози на македонската револуција Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Дамјан Груев, а и другите познати револуционерни дејци.

Во протоколот на Солунскиот конгрес во врска со воените прашања е подвлечено само следното: "Разгледувано е и прашањето какво треба да биде востанието, делумно или општо-стратешко, се реши да стане општо-стратешко)[42]. Се направи уште еден преглед на војводите кои сега дејствуваат и уште колку такви се потребни за денот на востанието за да си земе белешка Централниот комитет во натамошното работење. Се поставило на рзгледување и прашањето на начинот на дејствувањето во големите градови". [43]

За ова прашање единствено делегатот Лазар Димитров, знаејќи го ставот на Делчев и Сандански се искажал против предлогот за дигање на востание во името на Серскиот револуционерен округ. Тој истакнал дека не пости поволна меѓународна ситуација за дигање на востание, односно интервенција во полза на Македонија. Сепак: "Се решило да биде востание, но не масовно, туку партизанско-четничко"[44]. Борбата да се води како герила под раководство

---

42) Востание што би се кренало по сите места.

43) Спомени на Д. Груевъ, Б. Сарафовъ и И. Гарвановъ, Софија, 1927, 106-107.

44) Спомени на Л. Димитров, Скопје, 46, 108-109.

на опитни и калени поединци".[45] Меѓутоа, од мошне оскудните податоци, во суштина од воопштените мисли, тешко може да се заклучи што делегатите подразбирале под поимот, "општо-стратешко" или под формулацијата "за начинот на дејствувањето во големите градови". Што се однесува за насоката востанието "да не биде масовно, а партизанско-четничко", може да се рече дека партизанско-четничкото движење постоело во цела Македонија од појавата на првите револуционерни вооружени чети. Затоа положбата на Македонија во тој однос веќе била положба на едно перманенто востание и покрај најстрогата директива македонските чети да ги одбегнуваат судирите со османлиските аскерски и полициски формации. Во тој развоен период сите судири биле наметнувани главно од страна на непријателите, при случајни средби на отворено или поради предавство, поткажување на четата од страна на полјаците и другите предавници.

Мошне карактеристично и симптоматично е и тоа што меѓу делегатите на Солунскиот конгрес главно се среќаваат легални односно некомпромитирани пред органите на власта членови на ТМОРО, и тоа најмногу учители, трговци, занаетчии и други граѓани, додека отсуствувале војводите, кои биле воени лица, лица кои командувале со револуционерните чети, со лично воено искуство и кои ги познавале подобро од другите условите за дигање на востание. Војводите можеле да дадат податоци и за состојбата на вооружувањето на четите и на селската милиција.

---

45) Х.Матов, Въстанически действия, София, 1925, II,Издание, 139, 158-159.

Делегатите на Солунскиот конгрес не знаеле многу за воените проблеми поврзани со едно вонредно судбоносно решение на Ослободителното движење на македонскиот народ. Затоа и самите записници се скудни, како што била скудна и водената дискуција за воената страна на востанието во текот на подготовките. Учесниците на Солунскиот конгрес не биле свесни за исклучително сериозната проблематика што ја разгледувале. Тие не само што биле лаици за најзначајната проблематика застапена во дневниот ред, туку, во исто време и крајно нереални аналитичари на мигот во кој живееле. Ниту едно востание не може да смета на успех, како што истакнувал и Ленин, ако се потпира на заговор на партија, односно ако не се потпира врз револуционерниот елан на широките народни маси.[46)]

Голема улога имал Иван Гарванов како осведочен непријател на корифеите на Македонското ослободително движење во саботирањето на подготовките на ТМОРО за организирање на едно сенародно востание. Тој бил далеку од пројавените желби и конкретните зафати на Гоце Делчев и Ѓорче Петров да се пристапи кон изградување на оригинална партизанска стратегија и тактика во рамките на национално-ослободителната борба на македонскиот народ. Точноста на овие гледишта денес уште повеќе се потврдува благодарејќи на временската дистанца и на едно марксистичко преиспитување на вкупната политичка и воена стратегија што уследила по Солунскиот конгрес. На овој висок договор на ТМОРО биле направени крупни превиди во воената доктрина на закажаното востание.

---

46) Anton Bebler, Marksizam i vojništvo, Beograd, 1977 godina, 107.

Сите дотогашни обиди да и се даде поинаков, оригинален приод на стратегијата и тактиката на вооруженото востание, биле осудени на помало или поголемо заобиколување. Од документацијата, зачувана од Солунскиот конгрес, не може да се види дека делегатите се занимавале со анализа на вкупните состојби, а во тие рамки и на специфичните организациони зафати од воен аспект. Според тоа, на овој конгрес било изостравено секое проширување на револуционерната платформа, односно донесените одлуки на овој конгрес не можеле да придонесат за изнаоѓање на автентични видови на вооружена борба, на најсоодветни и најприфатливи решенија во сеопфатното реализирање на целите на ТМОРО. Оттаму, тие биле недоречени во правец на мобилизирањето на севкупниот борбен потенцијал, во изградувањето на посоодветен борбен морал, во поголемото ширење на политичката платформа на Организацијата со цел да се создадат најсоодветни видови и облици на вооружена и политичка борба за извојување на ефикасна победа. ТМОРО во прв ред била организатор и мобилизатор на масите во нивната подготовка за вооружено востание, но, истовремено таа јасно го определила и својот однос спрема сите внатрешни фактори-црковните иучилишните институции, националистичките пропаганди, турската влада и друго.

ТМОРО, во суштина, правела сериозни напори да стане единствен легален претставник на поробениот народ во одбрана на неговите интереси во земјата и пред конечното уривање на туѓинскиот јарем.[47] Од анализата на постојната документација, може да

---

47) Весник "Революционненъ листъ " од 1905 година.

се констатира дека краткиот рок за свикување на Конгресот бил одреден од две клучни причини:

- на Конгресот да присуствуваат, главно, само Гарвановите приврзаници и истомисленици за клучното прашање,

- на него да не дојдат оние, кои би се спротивставиле на донесувањето на одлука за востание.

6. Софиското советување - против објавувањето на востание

По донесената одлука за востание, бил испратен циркулар до задграничните претставници на Централниот комитет во Софија д-р Христо Татарчев и христо Матов, кои и самите биле изненадени од неговата содржина, иако не појавиле сопствена иницијатива против свикувањето на Конгресот во Солун. Меѓутоа, трите столба на Револуционерната организација во Софија-Ѓорче, Гоце и Пере, биле возбудени од веста за она што Иван Гарванов, во нивно отсуство, и без консултација го презел д-р Христо Андонов Полјански пишзва: "Гоце бил возбуден од ваквиот тек на работите".[48] Тоа го потврдува и Михаил Герџиков: "За окружното писмо од Солун, Делчев им рече тоа треба да станало по настојување на битолчани, но тој сам рече дека и тој бил повикан, но дека не сакал да оди во Солун".[49] подвлекувајќи дека сепак "не бидува да се прибегнува кон едно масовно движење".[50]

---

48) Христо Андонов-Полјански,Гоце Делчев и неговото време, I,1971,Скопје,233.

49) Х.Андонов-Полјански,Гоце Делчев во спомените на современиците,III, 1972, Скопје,166-167.

50) Истото, 166-167.

Софиските врховисти немале ништо против одлуката на нивниот истомисленик Гарванов, но ркаоводните македонски дејци, кои тогаш се нашле во Софија, свикале неколкудневно советување, за заеднички да го разгледаат циркуларното писмо на Централниот комитет. На проширениот состанок, свикан во почетокот на јануари, присуствувале: Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Сава Михајлов, Михаил Герџиков, Христо Матов, д-р Б.Сарафов, И-Хаџи Николов, С.Ковачев, Кирил Прличев, Велчо Николов, д-р Христо Татарчев, Христо Силјанов, Димитар Стефанов и др. За тој состанок Силјанов пишува: "Сред гробна тишина беше прочитано опширното писмо од ЦК во кое се редеа познатите образложенија во поткрепа на солунската теза. Со средоточна мака ги стегаше душите..., Одвај задржан гнев светкаше во очите на некои".[51] Тие сфатиле дека сето тоа е смислено злосторство против Македонија. Дискусијата се водела исклучително врз главното прашање за востанието-дали да биде објавено или не. Проблемот бил од вонредно историско и судбоносно значење не само за ТМОРО туку и за целиот македонски народ, чија предводничка 8 ударна сила била Револуционерната организација.

По долгата дискусија и по искажувањето на сите присутни, на советувањето бил прифатен став против објавувањето на востанието, со исклучок на Х.Матов и д-р Х.Татарчев кои се искажале за циркуларот. Според нив, борбата требало да се води како герила и тоа само од опитни и калени поединци, што би значело чисто четништво.[52] Нивната цел била да се предизвика надворешна

---

51) Манол Пандевски,Илинденското востание во Македонија 1903 ИНИ-Скопје , 1978,162.

52) Ангел Динев,Илинденската епопеја, I,1945,София,276.

интервенција. Гоце Делчев бил против, сметајќи дека народот не е потполно морално-политички, психолошки и стручно и материјално подготвен за општо и масовно востание, на препорачувал да се помисли за некој нов начин на работа,[53] да се чека до времето кога условите ќе бидат попогодни за масовно востание, а дотогаш да бидат преземани партизански дејства, динамитски потфати и слични акции, односно решението да се бара во самоослободувањето на македонскиот народ. Ѓорче Петров ја застапувал сопствената теза за "перманентно востание"[54] со офанзивна стратегија и тактика. Да се даде поголема иницијатива на реонските раководства, на четите за поединечни акции по целата земја, кои подоцна би прераснале во вистинско востание.[55] Тој докажувал дека ако се прифати солунското решение востанието ќе биде "недоносено", по кое ќе уследат тешки последици за развојот на движењето и ќе биде убиена идејата за сенародно востание. На советувањето, поселе долги расправи, е одлучено во Солун да се соопшти дека собирот со големо мнозинство се изјаснил против најавеното востание. И покрај тоа, ова советување не го спречило востанието и не ја премостила длабоката поделеност во највисоките раководни средини на ТМОРО.[56]

---

53) П.Яворовъ, Гоце Делчевъ, София, 1904, 85-86.

54) А.Динев, Илинденската епопея...., 276.

55) П.К.Яворовъ, Гоце Делчевъ, София, 1904, 85-86.

56) За советувањето во София види: Г.Петров, Спомени...,160-161 165,Б.Сарафов, Спомени...,75-76,На "Петрова нива"Ил.Илинденъ, г., кн.7 (17) София, 1929,5, Хр.Силјанов,Централно дело, 200-207,Яворовъ,Хайдушки Копнения.

7. Предвостаничката активност на ТМОРО

Положбата во Македонија во 1903 година, со фаталните решенија на одржаниот конгрес во Солун (2-4 јануари) за крева-ње на востание и засилените диверзантски акции станувала се по-тешка и посложена. Одлуката донесена во Солун била примена со вонредна загриженост. Таа практично била изнудена од Гарванов со крупни дезинформации.[57] Била привлечна само за оние на кои им годела..[58] Сандански рекол "чуеното известие морално не уби; друго мислевме за Организацијата, друго агитиравме, а сосема друго излезе... Едноставно плачевме".Христо Чернопеев раскажу-ва дека кога слушнал за Солунското решение "јас се штукнав".[59] Никола Пушкаров реагирал со изјавата дека ова решение го возне-мирува "зошто не сме готови и дури не мислиме да дигаме восста-ние тука".[60] Слична била положбата и во другите реони. Дури и во Битолскиот округ, во кој ситуацијата била најнапната и условите за востание најповолни се јавила слична реакција.[61]

Ѓорче Петров образложувал дека ако дојде до востание, со него ќе се компромитира идејата за сенародно востание, бидејќи освен на неколку реони во Битолскиот округ, во другите реони не биле завршени подготовките.[62] Ѓорчевата стратегија за офан-зивно поставување на ТМОРО и за перманентно востание, ја допол-

---

57) Л.Димитров, Спомени, Софија,1926,109.

58) М.Пандевски, Илинденското востание..., 154-156.

59) Истото,

60) Истото, 185

61) Истото, 161

62) Истото, 165

нувала Гоцевата со системот на непрекидните диверзантски акции против османлиските административни власти и европските капиталистички објекти во европската Турција: државни установи, железници, банки и сл.[63] Според зборовите на П.К.Јаворов, Гоце Делчев се залагал четите да започнат да ги напаѓаат помалите единици на аскерот и со разновидни атентати[64] да го засилат диверзантското движење се до моментот додека не созреат условите за сенародно востание. Ваквиот став на Гоце Делчев широко бил поддржан од низа други раководители. Во врска со ова Ѓорче Петров истакнувал: "Ние препорачуваме да се измени тактиката на дејствата на четите и на диверзантските елементи по градовите, да почне активно дејствување што да се доближи до востание. Јас настојував да им ги разврзам рацете на четите и на градските раководители за поединечни акции по целата земја што подоцна би прераснале во вистинско востание".[65]

Од досега реченото недвосмислено произлегува дека на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански и низа други врвни раководители им било "совршено јасно, дека ни политичката положба во Турција, на Балканот и во Европа, ниту техничката подготвеност на Организацијата и на населението не му била благонаклонета на сенародното востание во Македонија"[66]. На оние што сметале дека со востанието ќе предизвикаат надворешна интервенција Гоце Делчев им порачувал: "И практичните сообразувања ни

---

63) Истото, 164

64) П.К. Яворовъ, ц.д. 85-86.

65) Ѓ.Петров, Спомени, 76

66) Д.Кьосев, ц.д.228.

наложуваат да водиме борба со најголемо штедење на средствата и силите... (бидејќи Р.Д.) уште не сме сигурни дури и ако уследи една европска интервенција дека бездруго ќе ни биде дадено нешто, што ќе може достатно да ја оправда една крајна жртва".[67] Од тие причини мнозина револуционери не ги прифаќале решенијата за брзо објавување на востанието. Сите родољуби биле против солунските решенија и затоа мнозинството, по примерот на Делчев, Петров, Тошев, Сандански и други, остро ги осудиле.

Концепцијата на Ѓорче Петров за категорично отфрлање на одлуката за востание, за чија сметка требало да се засилат четничките и диверзантските акции, врховистите, а посебно Иван Гарванов, ја толкувал на сопствен начин.[68] Тие се однесувале како да не станува збор за суштинска работа, туку само за игра на зборови. Тие и натаму дејствувале од своите позиции. Гоце Делчев и другите револуционери веднаш се вратиле во Македонија со цел да ја парализираат веќе раширената врховистичка пропаганда. Тие ги запознавале луѓето дека предвременото востание однапред е осудено на неуспех.

Оттаму е логичен и недвосмилсен заклучокот дека зад расправиите какво треба да биде востанието не се криел судирот на различни концепции, бидејќи тие им биле јасни на огромното мнозинство револуционери, туку исклучително напор да се инфилтрираат антимакедонски ставови во Организацијата. Судирот меѓу Гоце Делчев и другите негови сомисленици од една и носителите на

---

67) Пеју К.Яваровъ, 85-86.

68) Спомените на Борисъ Серафовъ, ...,76.

врховистичката политика од друга страна, имал длабоки корени. Според Делчев, Петров, Тошев, Сандански и другите "дејствијата требаше да доведат само до исцрпување на оружената сила заради остварување на сенародното востание".[69] Во крајна линија спорот се сведувал на тоа кој ќе го нанесе последниот вооружен удар - македонските востаници или војската на бугарскиот кнез Фердинанд Кобург.[70]

Меѓутоа, набргу и на Гоце делчев како и на другите противици на солунското решение им станало јасно дека, враќањето назад е мошне тешко: решението на солунската средба ги раздвижило духовите до степен на востаничка треска. Таа се засилувала од провокативната дејност на врховистите. По солунското решение во Македонија се повеќе се создавала ситуација, при која агитацијата за востание, особено тква каква што се водела од врховистите - безобзирна и демагошка, не можела да остане без ефект.[71] Гоце Делчев бил наполно свесен дека во ваквата ситуација "најнеопходно" би било ситуацијата да се стави под контрола и преку една еластична тактика да се амортизираат последиците од едно предвремено и неподготвено сенародно востание.[72]

Ситуацијата што ја затекнал Гоце Делчев на теренот по напуштањето на Софија била токму таква како што претпоставил: Серскиот и Струмичкиот округ не биле подготвени за востание. Со слична положба се соочиле и неговите другари по враќањето од Македонија.

---

69) М.Пандевски, Илинденското востание ...,165

70) Истото, 165.

71) Д.Косев, ц.д.232.

72) Истото, 232.

Делчев, не губејќи време, своите концепции за вооружено спротивставување и дејствување веднаш започнал да ги проверува во практиката. Тој со голем успех ја организирал акцијата на реката Ангиста, каде што на 1 април 1903 година на неколку места била уништена железничката линија, разурнат еден мост и тунел и искинати телефонските жици.[73] Во знак на одмазда заради оваа диверзија уследиле жестоки репресалии. Меѓу другото биле злоставувани 182 лица, а 152 биле фрлени во затвор.[74]

Во Солун, некаде кон 17 април (по стар стил) 1903 година, дошло до историската средба меѓу двајцата стари другари, револуционери и соборци - Гоце Делчев и Дамјан Груев, кој тукушто се вратил од заточеништво по општата амнестија. Иако "изворните податоци за резултатите од овој договор меѓу двајцата основоположници на ТМОРО... се многу скудни па дури и контраверзни,[75] сигурно е дека главна тема на разговорот биле солунските решенија. Делчев имал поголема одговорност и обврска во оваа насока, бидејќи како учесник на Софиското советување, не сакал површно да *го информира својот "највозљубен" другар, туку да го запознае со* суштината на бројни детали. На ваква сеопфатност инсистирал и Груев, кој поради издржувањето на пресудата бил надвор од настаните, а согласно со неговиот племенит карактер, на кој му било туѓо секое лицемерство, не се срамел да прашува и препрашува, со единствена цел работите што подобро да ги разбере. Делчев, пак,

---

73) М.Пандевски, ц.д.173

74) А.Томовъи Г.Баждаровъ, Революционата борба въ Македония, София, 28.

75) М.Пандевски, ц.д.173.

од своја страна, бил длабоко заинтересиран што поцелосно да го запознае и на тој начин да му овозможи сестрано да ја согледа положбата, за да може да му помогне, во границите на реалното и разумното, да ја спречи несогледливата катастрофа, што како резултат на врховистичката активност, веќе се насирала во Битолскиот округ.

За оваа средба Дамјан Груев самиот рекол: "Делчев пристигна во Солун... Имаше забелешки. Главно истакнуваше дека Серскиот санџак не е вооружен воопшто. Ние го утешивме со ветување дека ќе добие она што е неопходно преку специјални доставувачи... сметавме на една испорака од 1.000 пушки. Делчев се успокои".

Меѓутоа, во ова сублимирано искажување е речено толку многу, како што воопшто е речено и во другите делови на неговите лаконски спомени. А тоа била една од карактеристиките на оваа блескава фигура. Скромноста го красела како ретко кој друг.[76] Од спомените на Ѓорче Петров[77] произлегува дека тие воделе подолги разговори исклучително во четири очи. "При средбата Гоце успеал да му докаже на Даме дека е неадекватно едно сенародно востание во сите револуционерни оркузи, но и тој требал да се согласи (т.е.Делчев), дека е неопходно да се направи "нешто" што ќе ја разлади вжарената атмосфера во земјата. Тогаш било договорено да се организираат помасовни револуционерни акции само во Битолскиот округ, а во другите округи да се засили терористичката дејност.[78] Меѓутоа Ѓорче Петров дал поинаква интерпретација, што не може да се прифати како објективна, бидејќи противречи на

---

76) Љубомир Милетич во предговорот на спомените на Д.Груев.

77) М.Пандевски,ц.д.172-173.

78) Д.Косев,ц.д.233.

сите сочувани усни искажувања, како и на запишаните спомени на Ѓорѓи Поп Христов, кој тврдел спротивно од Петров, имено дека уште при првата средба со битолските раководители "Дамјан се произнесе дека не се согласува со донесеното решение во Солун, го сметаше за пребрзано па затоа му беше мачно.[79)]

8. Решенијата донесени на Смилевскиот конгрес по прашањата за подготовките на востанието

Смилевскиот конгрес дијаметрално се разликувал од Солунскиот и тоа во многу насоки. Пред се, на овој конгрес револуционерните реони во Битолскиот револуционерен округ на ТМОРО по свој избор испратиле свои делегати, што зборува за демократскиот карактер и високата компетентност на овој собир. Сите делегати, без исклучок, имале извесно воено искуство. Поголем број од нив учествувале и во судири со османлиските единици или со башибозучките банди. Исто така, не мал број од војдовите познавале одредени области од историско-воената литература, додека еден број од нив биле професионални војници.[80)]

На заседанијата на Смилевскиот конгрес воените прашања биле најприсутни во дискусиите на делегатите, што е наполно разбирливо. Ова е дотолку поприродно што секое востание, секоја револуција, по правило е воена појава, во која учествуваат голем број припадници на еден народ кој што се бори за слобода, за премавнување на угнетувачкиот систем, за социјална и економска правда.

---

79) Георги Попъ Христовъ, Спомени, 40.

80) Борис Сарафовъ, Димитар Дечев (портупеј јункер), Стојков (поручник) Ал. Панајотов (потпоручник) и др.

Откако делегатите се собрале во "големиот салон" на Чурановиот дом[81] и избрале работно претседателство (претседател и двајца секретари)[82] бил предложен и усвоен дневниот ред на Првото конгресно заседание, (на 2 мај 1903) и тоа:

"I.Распределба на војничките и моралните сили; подготвување до и за време на востанието.

II. Должности и права на началничкиот персонал до и за време на востанието.

III. Што да се прави со невооружените и неспособните луѓе-старите, жените и децата за време на востанието.

IV. Определување на времето за востание.

V. Рамномерно распределување на оружјето"[83]

Повеќето точки на дневниот ред имале исклучително воен карактер, зашто во текот на секоја масовна ослободителна борба проблем за себе било и неборечкото население, кое многу повеќе било од сите други изложено на суровата одмазда на непријателот.

По деталното разгледување на поставените прашања и исцрпната дискусија, делегатите одлучиле:

"1. За да се има правилно раквоодење на востанието, силите на Округот и командувањето се распределија како што следува: еден Главен штаб за целиот Округ, реонски началници, војводи и

---

81) Христо Силјанов, Освободителните борби на Македонија, II,София, 1943, 238.

82)Љ.Лапе, ц.д.II,449.

83) Истото,("Нови документи... ."(стр.393), под IV.Кој е сопственик на оружјето, а точ.IV станува VI).

востаници. За во Главниот штаб се одбраа следните лица: Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозначев. Како нивни заменици во случај на несреќа да се дополнат: за Груев-Ѓорѓи Поп Христов, за Сарафов-Петре Ацев, за Лозанчев-Лазар Поп Трајков. Кажаните лица се определуваат од конгресот и ќе дејствуваат од сега наваму, а кога би дошле некои нови сили, му остава на Штабот да ги распредели тој како што ќе најде за добро, придржувајќи се строго кон раководните принципи на Организацијата. Се состави список на реонски раководни тела за време на востанието, но завршното нивно примање се одложи до одењето на другарите од другите реони.[84]

Оваа одлука недвосмислено покажува дека делегатите му посветиле вонредно внимание на прашањето за организационата поставеност на вооружените сили и на командувањето. Сето тоа имало за цел да обезбеди правилно одвивање на востаничките акции. Така, со избирањето на единствен Главен штаб делегатите ја манифестирале својата зрелост да проникнат во неопходноста од таков чекор. Со оглед на фактот што на чело на целокупната борба против османлискиот феудален гнет се наоѓаа ТМОРО, воените формации на Организацијата се наоѓале под непосредно нејзино раководство. Оттаму и Дамјан Груев, како член на Централниот комитет, бил избран за прв член на Главниот штаб, кој што при неговото избирање бил замислен како колективен раководен орган на вооружената борба на македонскиот народ. Главниот штаб, во чија надлежност спаѓале најсложените и најтешките задачи, според тоа, добил функција на прв степен на старешинство. Во наредниот степен спаѓале "реонските

---

84) Љ.Лапе, истото II,449.

началници", а како командни органи од трет степен биле војводите, кои непосредно раководеле со востаничките чети на чие чело се наоѓале. Тристепената организациона поставеност на штабовите во текот на востанието била објективен одраз на реалните потреби со оглед на вкупната воено-политичка стратегија на Револуционерната организација. За ваквата поставеност свој придонес имала пред се, дотогашната револуционерна практика, во која, благодарејќи на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, постојано провејувале настојувањата да се искористат искуствата на дотогашните успешни востанија и револуции.

Функцијата на штабовите на вооружените борби била од ненадоместливо значење. Тие претставувале "функционално поврзани и обединети воени лица или органи, што на командантот му помагале во раководењето со потчинетите единици и установи во текот на војната или мирот".[85)]

Водејќи сметка за успешно изведување на воените акции, конгресот го задржал своето внимание и на прашањата во врска со командувањето. Делегатите биле свесни дека од добро организираното командување зависи и исходот на востаничките акции. Затоа донеле одлука со која не само што ги определиле луѓето надлежни за командување, туку на Главниот штаб таа доверба му ја гарантирале на тој начин што тој не можел да биде сменет или отповикан без соодветна одлука на Оркужниот конгрес.

Замислената политичка и стратегиска концепција на востанието диктирало командувањето да има свои специфичности.

---

85) Vjekoslav Kolb, Vojna enciklopedija,9,Beograd, 1967, 608-609.

Тука се мисли, пред се, на дадената можност во командувањето со востаничките единици до голем израз да доаѓа самоиницијативноста на војводите.

Во врска со потребата од континуитет во командуваљео, конгресот го зазел ставот однапред да бидат избрани замеици на членовите на Главниотштаб. За ова вели дека "беше земено непротоколарно решение да бидат вклучени кон Главниот штаб, во случај да дојдат за востанието уште: Христо Матов, Пере Тошев и Ѓорче Петров.[86] Со ваквиот став се обезбедувало натамошно поопштествуваље на раководната функција на Главниот штаб и значително кадровско зајакнуваље со прекалени и осведочени револуционери.

Натаму, делегатите на конгресот одлучиле назначувањето на месните војводи и распределувањето на востаниците "да го извршат реонските начелства. За да можат да се подготват сите оние сили што одново се проектираа за војводи за време на востанието, се решило за таквите да се формираат специјални подготвителни курсеви на неколку пункта, каде што ќе можат во едно кратко време да се научат и потоа да ја земат својата определена работа".[87]

Од ова се гледа дека делегатите на конгресот им го отстапиле правото на реонските началства да решаваат во врска со назначувањето на месните војводи. А за брзо и ефикасно оспособуваље на командниот кадар, т.е. на лицата предвидени за назначуваље

---

86) Х.Силянов, истото,241.

87) Документи...I,394.

на војводи се предвидувало да се организираат неколку курсеви. На нив идните војводи требало да се обучат за квалитетно раководење во текот на воените акции. Слична обука се предвидувала и за востаниците. Затоа во решенијата на првото заседание стои: "Откако ќе се разотидат сите раководни тела по реоните, наеднаш да ги распределат вооружените сили во својот реон во чети од 30-50 души и со нив да вршат тајни практични вежби (движење во ред, еден по еден, стрелба и сл.).[88]

Всушност, на обуката и се придавало вонредно внимание бидејќи без добро организирана дејност за поуспешно оспособување на вооружените сили и не можело да се очекуваат поголеми резултати. Затоа било сугерирано со ваквиот начин на обучување да се започне веднаш. Така, започнало увежбувањето на движењето во колона по еден, што било од посебно значење заради воената концепција на востанието, како и со стрелањето заради погоелма ефикасност во текот на борбите. Иако обуката сама по себе е сложен и долготраен процес во кој се усовршуваат и проверуваат практичните и теоретските воени знаења и вештини, во случајот со востаниците таа била вонредно скратена со оптимално кондензирање на наставата. Сепак, најголемо внимание му се посветувало на увежбувањето и ракувањето со оружје, а особено со пушките што биле од различни типови и производство.

Предвидената обука требало да се изведува забрзано и во најголема тајност за да не дојде до провали или било каков друг вид непријатности.

---

88) Документи...I,394.

Одлуката на конгресот во врска со обуката имала двостепен карактер. Во првата фаза требало да се обучат поголем број од идните војводи, а во втората фаза и војводите да ги пренесуваат своите знаења на востаниците вклучени во доверените чети.[89)]

Во решенијата донесени на првото заседание, исто така, се вели: "Доколку месните услови дозволуваат да се почне со собирање на храна: жито, сол, крупен и ситен добиток на доброволен начин, со убедување, а за време на востанието со принуда, со тоа што ќе му се даде на стопанот за земеното од него расписка, потпечатена со окружниот печат и потпишана најмалку од еден од раководителите - началници. Да се земат брзи мерки за подготвување на алишта, чевли, лекови и др., да се одберат специјални луѓе за интендантската служба и за подготвување куршуми итн". Тоа значи дека не помала важност им била посветена на прашањата во врска со собирањето на храна, потребна и за востаниците и за неборечкото население. Собирањето требало да се организира преку политичко убедување и доброволно. По започнувањето на востанието собирањеот на храната можело да се врши и под притисок. Без таква мерка тешко можело да се смета на редовна исхрана на востаниците и на населението, засолнето по времените логори. Сепак, според расположливите податоци, храна со сила била вонредно ретко собирана.

Напоредно со ова, во рамките на интендантската служба, било одлучено да се поведе сериозна мерка за обезбедување на неопходна облека, обувки и муниција. Во врска со правата и должнос-

---

89) За подготовките и текот на обуката ќе биде изнесено во четвртиот дел на трудов, а според записникот на Смилевскиот конгрес

тите на началничкиот персонал било решено да се изработи специјален востанички дисциплински устав.[90]

На второто заседание на Смилевскиот конгрес, одржана на 03.05.1903 година повторно биле разгледани низа воени прашања, а особено за сопственоста на оружјето, за натамошното купување на оружје и за неговата распределба:

"Се прими дека сопственик на приватното оружје е секој кој што си го купил од свои средства, но му се остава на разгледување тоа на месното началство. Уште отсега по мирен начин да го земат оружјето од неспособните и да го распределат како ќе се најде за добро, а за време на востанието да се прибере по каков и да е начин што ќе се најде дотогаш за потребен од оние што не би се сообразиле со заповедите на началството. Што се однесува до прашањето за рамномерното распределување на оружјето во округот и во реоните се реши: чифтињата, кременачките, ебзалиите - непотребни од еден реон да му се отстапат на друг. За понатаму му се остава на штабот при купувањето на оружје во подготовените реони да го распределув акаде тој ќе најде за потребно.[91]

На третото заседание, на 04.05.1903 година, биле разгледани клучните прашања за составот на реонските раководни тела и за стратегијата и тактиката на востанието на македонскиот народ. Во врска со составот на реонските раководства било одлучено:

1.- Битолскиот роен се дели на два самостојни дел:

а) Пелистерскиот реон: Ѓорѓи Сугарев б) Смилевскиот реон:Цветков,

---

90) Љ.Лапе, истото II,450.

91) Истото,450-451. Ова прашање е обработено во делот пет на трудов.

Иван Делов и Ѓорѓи Павлов в) Мариовскиот дел отаде реката Црна се присоединува кон Прилепскиот реон.

2.- Леринскиот реон: Ѓорѓи Папанчев (Лечо) и Коста Груев.

3.- Костурско: Васил Чакаларов, Пандо Клјашев, Лазар Поп-Трајков, Манол Ризов и Михаил Николов.

4.- Преспанскиот реон: Никола Кокаров, Веле Илиев и Наум Фотев.

5.- Ресенскиот: Славко Арсов, Драган Петков и Александар Панајотов.

6.- Охридскиот: Христо Узунов, Андон Кецкаров, Наум Чакаров, Наум Анастасов и Димитар Стојков (поручник).

7.- Кичевскиот се дели на два самостојни дела: а) Горна и Долна Копачка: Лука Геров, Јанаќија Јанев, Арсо Мицков, б) Рабетин Кол и Пореч: Ѓорѓи Пешков, Ванчо Мицков, Јанаќи Петров, (Орланци) Цветан од Свето Враче.

8.- Демир-Хисарско: Ордан Пиперката, Ѓорѓи Поп Христов, Поп Кузман (село Бабино) и Христо Пасков.

9.- Крушевскиот: Тома Никлев, Никола Карев, Тодор Христов (офицер).

10.- Прилепскиот: Петре Ацев, Тале Христов, Ордан Тренков и Никола Петров.[92]

Во врска со карактерот на востанието делегатите одлучиле тоа "да биде општо - сите реони од округот да станат. Со оглед

---

92) Истото, 451-452.

на тоа дека само еден дел од населението е вооружено, за да можат воените акции да бидат подолготрајни и поупорни и за да се ангажира вооруженият дел од населението во борбата се реши еднодушно да се дејствува партизански. Карактерот и начинот на овие акции се определува вака: во денот на востанието да се кренат сите вооружени сили во реоните на четите, според предвидените распореди на месните началства, согласно со заземеното решение во првото заседание на конгресот".[93]

На другите им се препорачувало, заради нивната невооруженост, да им се приклучуваат на четите. Делегатите во десет точки ги прифатиле основните задчаи на ослободителните вооружени сили на македонскиот народ, на ТМОРО:

"Прво: Прекинување на патните, телеграфските и поштенските врски и не давање да се поправаат од страна на турската власт во време на востанието.

Второ: Разоружување на турското население до колку се може.

Трето: Напаѓање на државните згради.

Четврто: Напаѓање според условите на секоја турска вооружена команда, било тоа војска или башибозук.

Петто: Бранење на христијанското население вклучително и туѓите поданици од турските напади.

Шесто: Забранување да се напаѓа мирното население и да се посега на турски жени, деца и старци.

---

93) Истото.

Седмо: Четите да дејствуваат обично прснати низ реоните. Тие можат да се групираат по 2-3 или повеќе за некакви крупни акции и потоа пак да се растурат. Се определи при тоа четите да држат секогаш офанзивен карактер.

Осмо: Се задолжуваат сите војводи со нивните чети да и доаѓаат на помош на секоја чета што стапила во борба со противникот.

Деветто: Началничките лица да ја доведат курирската служба за време на востанието до максимум.

Десетто: Пројавувањето иницијатива во дух на горе определениот начин за време на востанието е задолжителено за сите".[94]

Во содржината на овие задачие била вградена целокупната воено-политичка стратегија и тактика на идното востание, бидејќи длабоко навлегувала во најсуштествените компоненти на борбата за извојување на слобода. Тоа најдобро може да се види од детална-та анализа на секоја од десетте точки, во кои, покрај воените инструкции, се дадени и основните насоки за односот на вооружените сили кон целокупното цивилно население.

Прифатените револуционерни задачи на третото заседание неспорно укажуваат дека дотогашната ориентација на вооружените сили на ТМОРО откроен се менува. Наместо дотогашните функции - "да ги заштитуваат транспортите со оружје, да ги казнуваат предавниците итн",[95] четите биле задолжени да дејствуваат офанзивно, т.е. да започнат офанзивни воени дејства. На тој начин четите

---

94) Истото, 452-453

95) J.Swina,Bulgarian Conspirack,Robert Zac 1939,79.

добиле нови должности и функции. Тоа придонело да се трансформираат во стожерни пунктови околу кои започнала да се движи се движи сета револуционерна активност. Оттаму целокупната дејност на револуционерната организација била приспособена кон новите услови, што ги диктирале воените концепции. Всушност, таа се трансформирала во воена организација што завладеала со планините и горите, со востанатите села и реони. А сето тоа значи дека ТМОРО отворено планирала да преземе "дел од власта на султанот".[96)]

Водејќи сметка вооружените сили да бидат оспособени за извршување на поставените задачи, се настојувало тие да бидат по-подвижни. Напоредно со ова на нив им било преотстапено правото и обврската да пројавуваат оптимална самоиницијативност и најразновидни видови на политичка и вооружена борба со цел физички и морално да се исцрпува противникот.[97)]

Определувајќи се за партизанско војување, востаничките сили немале за цел да освојуваат и чуваат определени територии по секоја цена. Напротив, со прекинувањето на патните, телеграфските и поштенските врски, со ненадејното напаѓање врз разновидните позначајни воени и административни објекти, тие првенствено се стремеле да ги деморализираат и уништуваат противниците.

На четвртото заседание на Смилевскиот конгрес, одржано на 05.05.1903 година биле разгледани прашањата за конечната

---

96)S.Christowe, Herses and Assassins, Gollamez, 1935,55-56.
97) D.Bilandžič, VE 3, Beograd, 1960, 353-357.

подготвеност на револуционерните реони (заклучно до крајот на мај 1903) година и за датумот на востанието, за што биле ополномоштени членовите на Главниот штаб. Последната точка на дневниот ред била читањето и прифаќањето на Востаничкиот дисциплински устав (Правилник).[98]

Од воена гледна точка најзначајни за согледувањето на стратегијата и тактиката на подготвуваното востание не се само десетте точки од усвоениот записник на третото заседание, туку и целиот текст на Востаничкиот дисциплински устав, зачуван и публикуван од познатиот македонски револуционер-социјалист Никола Петров Русински.

Анализата на десетте точки покажува дека тие се однесени врз основа на добри воени знаења од областа на дотогашната воена наука, со јасна цел и концепција. Овие точки ги содржат најсуштествените одлики на герилското (партизанско) војување. На македонските револуционери им било наложено да ги разурнуваат комуникациите, за непријателските воено-политички средишта да не можат да знаат што станува во внатрешноста на земјата и за да не се чувствуваат сигурни при преземањето на контраофанзивните дејства. Од друга страна, прекинувањето на комуникациите секогаш предизвикувало несигурност, страв и паника кај непријателот. Револуционерните началници биле должни да ги усовршуваат курирските врски до максимални граници, со цел Главниот штаб и другите горски и реонски штабови да знаат што станува во секој дел на востанатата Македонија.

---

98) Лапе, истото 453.

Револуционерната етика на Македонците била навистина единствен пример, зашто го заштитувала мирното турско население од какви и да е самоволија и одмазда. Во овој правец може да се рече дека Македонското ослободително движење со својата хуманистичка ориентација навистина спаѓала во мошне ретките слични движења во општочовечката историја.

Инсистирањето на постојан офанзивен карактер, каде што имало услови за тоа, исто така е одлика на добро организирана герила. Герилските партизански единици требало да дејствуваат во своите реони од две причини: прво, заради тоа што ги познавале сите подрачја и месности во реонот и, второ, заради тоа што секогаш била различно навлегувањето во територии што биле во близина на големите градови, каде муслиманите биле во мнозинство. Во такви области револуционерните чети не можеле да добијат поткрепа и заштита од заднината, ниту пак можеле да создаваат свои бази.

Здружувањето на четите бил чест тактички потфат секогаш кога македонските револуционери ќе се судреле со поголеми непријателски единици на кои една чета не можела успешно да им се спротивстави, а здружените чети можеле да се бранат, да напаѓаат и да вршат пробив на непријателскиот форнт (обрач), па и да победат при подобри услови. По завршувањето на ваквите задачи одредите се расформирале и се враќале на своја територија, оневозможувајќи му на непријателот истовремено да ги гони сите или да ги најде и да ги уништи. Сите чети биле должни да си укажуваат меѓусебна помош во случај на опасност. Тоа бил проверен и ефикасен систем, во кој што се вклучувала и селската милиција.

Четите требало да ја нападнат секоја помала непријателска или башибозучка група (команда и лс.). Герилското војување на една поширока територија, без современи средства за комуникација со главното воено раководство, секогаш отворало и одредени проблеми. Затоа било мошне важно горските началници и војводите да имаат право и должност да пројавуваат самоиницијатива во своите реони, по сопствена проценка на воената состојба, што било своевиден куриозитет за вонредно големата децентрализација на Тајната македонско-одринска револуционерна организација, а исто така и пример за практична воена демократија во востаничките услови. Овој принцип на раководење и командување, иако во целина дал вонредни резултати, имал и одредени слабости.

Што се однесува до Востаничкиот дисцплински устав, донесен на Смилевскиот конгрес, тој имал два дела. Првиот дел бил посветен на воведните членови, а вториот на поголем број прашања што се однесувале на: (а) должностите на востаникот; (б) должностите и одговорноста на десетниците; (в) должностите и одговорноста на војводите; (г) должностите и одговорноста на реонското началство и (д) должностите и одговорностите на Главниот штаб.

Меѓу членовите на Востаничкиот дисциплински устав (правилник) од воена гледна точка многу интересен е третиот член, во кој е дадена лаконска дефиниција на поимот "востаник". Востаник е секоја, што со пушка, секира или какво да е оружје стои под револуционерното знаме". Видот на оружјето не играл улога за македонските револуционери, важно било тие да бидат вистински родољупци, верни синови на својот народ, и да застанат под рево-

луционерното знаме на помалите или поголемите единици на ТМОРО,[99] зашто знамето одамна е симбол на вооружените сили, како на револуционерните така и на регуларните армии во мирно или воено време.

Членот 6 го задолжувал востаникот да ги брани интересите на својата Татковина до последна капка крв, испллнувајќи ја својата дадена клетва.[100] Да се жртвува самиот за другарите кои се во опасност,[101] да биде храбар,[102] да ја штеди муницијата[103] и пак во врска со светиот симбол на национално-ослободителното движење - знамето" да го брани додека е жив и секој е должен да му направи скапа постела, па дури тогаш да падне". [104] Губењето на знамето спаѓало во големите прекршоци на војводата и четата како целина, еднакво на предавство, па затоа казната била најстрога: "се погубува војводата заедно со четата за губење на знамето".[105]

Дисциплинскиот правилник предвидувал смртна казна и во следните случаи: (а) на востаникот за прекршување на револуционерната клетва; за неукажување помош на другари во опасност; за повторна појава на страшливост; за повторно непочитување на началниците и старешините и за небранење на револуционерното знаме. Сите овие казни биле предвидени и за десетниците и за војводите, (б) војводата бил казнуван со смрт доколку заради негова негрижа, претерана строгост, страв или пасивност се случат некакви

---

99) Коментар на Востаничкиот дисциплински устав, "Прилози", Битола, 1069, 6.

100) Истото, 11.

101) Истото, 12.

102) Истото,13.

103) Истото, 14.

104) Истото, 15.

105) Истото, 16.

незгоди и несреќи на револуционерите во неговата чета,[106] доколку не заминел да и помогне на друга револуционерна чета, што се нашла во опасност,[107] за непрезамње соодветни мерки за заштита и неумешно водење на четата во борба,[108] за губење на знамето.[109]

Смртната казна главно била извршувана со стрелање, во ретки случаи со студено оружје, а пресуда за смртна казна со бесење била донесувана само во вонредно ретки случаи, кога војводата извршил самопредавање во рацете на непријателот, или извршил капитулација на целата чета.[110] На ист начин бил погубуван и за престапи, што со себе повлекува лоши последици за ослободителното дело.[111]

Казните предвидени за војводите и обичните востаници важеле и за членовите на реонското началство, поточно за членовите на горските штабови на востаничките единици. Казната укор, сменување или смрт ја донесувал Главниот штаб,[112] како највисок воено-политички раководен орган. И самиот Правилник така го одредувал штабот (Главниот штаб): "Штабот е врховно раководно тело во Вториот револуционерен округ".[113]

Заради тоа "заповедите на Штабот се исполнуваат безусловно од сите борбени единици во Округот,[114] "Штабот раководи со

---

106) Истото.
107) Истото.
108) Истото.
109) Истото.
110) Истото.
111) Истото, 37.
112) Истото, 44.
113) Истото, 45.
114) Истото, 46.

востанието"[115], "на штабот му принадлежи исклучително водење на преговори со странци и со непријателските сили"[116] "тој одржува врски со други окрузи што кренале востание, а во можни ситуации и со надворешниот свет".[117] За членвоите на Главниот штаб важеле истите казни предвидени со Востаничкиот устав,[118] што ги изедначувал, во случај на сторени дисциплински прекршоци, сите македонски револуционери, без оглед на нивната должност, пред револуционерниот воен суд.

Сумарно кажано Востаничкиот дисциплински устав, разгледан и усвоен од делегатите на Смилевскиот конгрес, кои во најголемо мнозинство биле прекалени револуционери, по својата содржина претставува конкретен одраз на состојбата на револуционерните единици на ТМОРО, кои и пред востанието се наоѓале на завидна висина во однос на револуционерно-воената дисциплина. Неколкугодишното искуство на четите ги посочувало клучните прашања од борбената практика што биле преточени во јасни и кратки членови на Уставот. Со прифаќањето на разгледуваниот Правилник завршила историската дејност на Смилевскиот конгрес.

Интересно е да се укаже дека за време на одржувањето на Смилевскиот конгрес, смилевските младинци и повозрасни ученици од училиштето Св.Кирил и Методиј, организирале воена вежба на еден од слеските ридови. Тоа зборува за соодветна висока борбена свест и на најмладите Македонци, кои се наоѓале под влијание на револуционерната

---

115) Истото.

116) Истото.

117) Истото,47.

118) Истото,47.

организација и кои ја помагале како курири и во мноштво други поопасни борбени задачи. Во врска со тоа е запишано дека "учениците и младинците од Смилево учествуваа во голема импровизирана борба меѓу комити и аскери, по ридот кон манастирот Свети Петар, за време на одржувањето на Смилевскиот конгрес".[119]

Никола Петров Русински за тоа пишува во својство на личен сведок, како делегат на Смилевскиот конгрес: "Сега веќе беше атаката. Нападот продолжи околу една четвртина час. Околу 10-12 души беа пленети, разоружани и под стража (во оригиналот: "конвој") спроведени, веројатно во нивниот Генерален штаб при главниот командант на одредот".[120]

Не многу време по завршувањето на Смилевскиот конгрес Главниот штаб на востаничките единици на Вториот (Битолскиот) округ на ТМОРО, на 14 мај 1903 година испратил окружница во реонските раководни тела, со која, во суштина, спровел реорганизација и ја прифатил сета власт од градските недвижни ркаоводни тела врз горските движни раководни, практично револуционерно-востанички воени тела. Во овој документ биле зафатени и некои мошне важни воени прашања, како што се новосоздадените дежури (во кои можеле да бидат назначувани и "жени со осведочен патриотизам и опитност".[121] Окружницата ги посочила курирските канали за кореспонденција меѓу револуционерните реони и Главниот штаб:"Костурско и Леринско со прави врски низ Ресенско преку Ґавато, Прилепско, Мариовско, со дел од Битолско отаде Црна Река преку Полето за Ґавато, а ако полскиот канал се затвори

---

119) Борис Павловски, Воената обука на смилевските ученици и младинци во 1903, Илинденски настани, 1, Битола, 1971,12.

120) Спомени на Никола Петров Русински,ракописи во Архивското одд. на ИНИ, Скопје,s.a,52.

121) Љ.Лапе, Истото, II,458

преку Крушевско, Кичево, Поречка Река преку Демирхисарско и Пелистерскиот роен на Ґавато. Доколку патиштата се слободни, писмата до Штабот можат да се испраќаат преку Битолско како што и досега го правевте".[122]

Окружницата барала Главниот штаб да биде известуван "и за движењето на градскиот аскер".[123]

Биле препорачани и некои други мерки што Главниот штаб ги сметал за неопходни и заштитни за самото Национално-ослободително движење, по објавувањето на востанието, кога се предвидувале соодветни воени мерки на османлиските вилаетски иц ентрални власти, потпомогнати и од нерегуларните фанатизирани башибозуци. Конкретно, повидните револуционерни дејци, кои биле компромитирани пред локалните власти, требало да ги напуштат градовите и да се приклучат на некоја револуционерна чета, каде би биле побезбедни.

На селските и другите револуционерни чети им се сугерирало да не дејствуваат по селата, за да не настрадаат неборечките жители на македонските населби. Затоа четите требало да се засолнат во горските месности, по планините, или по полињата. Селаните, пак, требало да го засолнат своето оружје, купено за активно учество во оружената борба за слобода, зашто постоела опасност од ненадејни претреси и опасност од наоѓање на скриеното оружје и муниција.

Во окружницата се наведува и следното:

"Едновремено со мерките за претпазливост, потребно е да биде развиена дејноста за подготвување на востанието, што поскоро

---

122) Љ.Лапе, Преминување власта од градските раководни тела на горките тела, истото, II,459.

123) Истото,458.

да се прибере храна и да се изнесе на разни безопасни места, барут, куршуми, капсули и машинки за полнење на патрони да се набават уште сега и да се изнесат каде што ќе се најде за потребно. Новоназначените војводи добро да ги запознаат потчинетите и да ги изучат местата во роенот.[124] Заедно со секоја окружница Главниот штаб на реонските раководни тела им достави и по три примероци од Востаничкиот дисциплински устав, усвоен на Смилевскиот конгрес".[125]

По заминувањето на делегатите на Смилевскиот конгрес во нивните реони, каде веќе почнале со работа новооснованите горски движни револуционерни тела (горски начелства), речиси сите револуционерни реони ги засилувале сите подготовки за што поподготвено пречекување на денот на востанието. Во тие мерки спаѓале и следните: натамошна набавка на оружје и муниција, префрлање до револуционерните реони преку нелегалните канали, а за внатрешноста и преку други проверени и безбедни канали, до одредениот реон. На ист начин биле префрлени и санитетски (медицински) материјали неопходни за горските болници при укажувањето на итна помош и за лекување на ранети.

Горските началства (штабови) ги одредиле месностите за збеговите на неборечкото население во своите реони, предвидувајќи дека и неборечкото население ќе биде загрозено од османлиската воена одмазда, како што и се случило, но не во оној обем што се претпоставувал. Кон тие месности биле префрлани поголеми количества на храна и други материјали (од полските села и од населбите покрај

---

124) Истото, 459.

125) Истото.

поважните комуникации), биле отерани и помали или поголеми стада, храната била сместена во горските засолништа.

Биле основани и неколку горски работилници на мануфактурна основа, со скромни средства за производство, за полнење на патрони, за правење на бомби, за поправка на пушки и револвери, за остреље на студеното оружје. Во тие работилници на работа биле испраќани револуционери кои се појавиле како добри занаетчии, самоуци, главно како ковачи, бравари, тајни туфекчии (зашто со пушкарскиот занает можеле да се занимаваат исклучитлено само муслиманите).[126]

Од градовите до месностите со складови за прехранбени производи биле префрлени поголеми количества брашно, масло, шеќер и сол. На селаните им било препорачано да создадат поголеми резерви од препеченик (леб печен двапати во селските фурни). Оттаму биле изнесувани и опинци и друг вид обувки за борците во четите.

Откако горските началства почнале да дејствуваат во своите реони, тие извршиле и обиколки по селата на своите реони, разговарале со селаните, со припадниците на селската милиција, се советувале со револуционерните војводи и разменувале мислења за основниот план за дејство во својот реон, а во рамките на реалните можности и основните воено-стратешни концепции на Главниот штаб и на одлуките на Смилевскиот конгрес за видот и карактерот на востанието. Горските началства сериозно се зафатиле со остварувањето на тековните задачи во текот на подготвувањето на востанието.

---

126) Милош Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961, 41-42.

На Смилевскиот конгрес бил изграден воениот и политичкиот механизам на претстојното востание. Конгресот ги формирал раководните воено-политички органи на востанието и ги определил нивните права и должности до и во текот на востанието, како и вкупните кадровски и материјално-технички потенцијали за потребите за вооружената борба. Сите тие права и обврски биле вградени во востаничкиот дисциплински устав.

9. Спроведувањето на одлуките донесени на Смилевскиот конгрес

Документите донесени на Смилевскиот конгрес и усвоениот Дисциплински правилник имале повеќекратно значење. Тие, меѓу другото, зборувал еза големата одговорност што била пројавена при изготвувањето на одлуките, наспроти сите тешкотии што постоеле во усогласувањето на ставовите на делегатите. Одлуките биле донесувани на широка демократска основа, со големи напрегања, со остро конфронтирање на ставовите меѓу они кои биле за објавување на востанието согласно со солунското решение, а оние кои предупредувале на неговата предвременост. Но, независно од сето тоа, треба да се укаже дека донесените одлуки на Смилевскиот конгрес, гледани од воено-теоретски аспект, зборуваат не само за компетентноста на неговите составувачи за третираната проблематика, туку претставуваат и прилог во продлабочувањето на концепциите за општонародна одбрана во специфични воени услови. Донесените одлуки на Смилевскиот конгрес го илустрираат визионерството, одговорноста и промисленоста на нивните составувачи. Овој документ, како основна платформа на воено-политич-

кото дејствување и на севкупната воено-политичка стратегија и тактика на Битолската организација, не може да биде подложен на негативна оценка ни од најпристрасните арбитри.

"Конгресот во Смилево извршил мошне обемна, разновидна и плодна работа. Ги конституирал воено-политичките органи за подготовка и изведување на востанието во округот, донел одлуки за воената обука и за организацијата на востаничките сили, ја трансформирал ТМОРО во округот според потребите на претстојната востаничка ситуација, ги одредил политичките борби, дал инструкции за техничката, интендантската и санитетската подготовка за востанието. Тој претставувал прв голем чекор по патот кон непосредните подготовки за Илинденското востание".[127]

Гледано од овој аспект, па и пошироко, одлуките на Смилевскиот конгрес не можат поинаку да бидат протолкувани освен како неопходно канализирање на веќе започнатите воени акции во Битолскиот револуционерен округ. Заради бројноста на востаничките чети веќе не било можно тие и натаму да бидат во потполна дефанзива. Турците, од различни извори, располагале со доста сигурни податоци за подготовките за востанието врз основа на што презеле и низа конкретни мерки, со цел да се зголеми контролата на ситуацијата, особено во Битолскиот вилает како што се: засилување на полицијата и шпијунажата заради што дошло до низа предавства и значителни нарушувања на подготовките за востание, за подготвување на револуционерните единици за востание, засилување на постојните и формирање на нови

---

127) М.Пандевски, Илинденското востание, 206.

гарнизони скоро во сите поголеми населени места (градови и села) каде што никогаш немало војска. Сите овие факти зборуваат дека во Битолскито револуционерен округ подготовките за востание во пролетта 1903 година, достигнале многу висок степен, па како резултат на тоа дошле и до неколку директни судири со аскерот. Некои од овие судири биле испровицирани од врховистите, но тоа не било пресудно за конечната одлука за дигање на востанието донесена на Смилевскиот конгрес.

Борбата за усогласување на ставовите по долгите расправања, што исфрлиле две јасно издиференцирани гледања, за и против објавување на востанието - не произлегувала од идејните расчекори и различните политички концепции, иако и тоа било присутно, туку првенствено од степенот на воената подготвеност и вооруженост на одделните реони. Делегатите на неподготвените реони се изјасниле против востанието[128]. Делегатите на подготовените околии - Костурско, Демирхисарско и Охридско биле за објавување на востание.[129] Но, независно од тоа, објавувањето на Илинденското востание било наложено на теренот и од самата револуционерна практика.[130]

10. Активност на Главниот штаб

По Смилевскиот конгрес на Вториот револуционерен округ на ТМОРО, членовите на Главниот штаб развиле вонредно голема дej-

---

128) Х.Силјановъ, Освободителнитѣ борби...239.

129) Љ.Лапе, Некои воено-управни тела и установи пред и во време на Илинденското востание и нивното функционирање, Илинден 1903, Скопје, 1970, 71

130) Истото.

ност за подготвување на револуционерните единици за востание, при што си ги распределиле своите должности. Анастас Лозанчев, кој бил добар администратор, отишол во Битола, каде врз себе ги зел интендантската, административната и финансиската должност на Главниот штаб. Лозанчев си спомнува: "Бев и секретар, и благајник, и домаќин на Штабот".[131] По завршувањето на работата во седиштето на Битолскиот вилает, Лозначев заминал за селото Цапари, едно од најдобро организираните и вооружени села во Битолската околија. Таму престојувал подолго време.[132]

Другите два члена - Борис Сарафов и Дамјан Груев се зафатиле, главно, со остварување на низа воени прашања, што требало да бидат разгледани со членовите на горските началства, со нивните штабови, во врска со се што било позначајно и неопходно од воена гледна точка. Заради тоа ја започнале својата голема ревизионо-советодавна и инструкторска обиколка на најдобро организираните и други револуицонерни реони во Битолскиот округ.

Двајцата, ..."во придружба на т.н. Штабна чета, составена од дваесетина борци, ги обиколиле реоните на Округот, при што се ангажирале во разработувањето на нивните планови за востание во духот на изнесената стратегија, давале упатства од воен карактер.[133] "Б.Сарафов тврди дека такви планови, заедно со реонските раководства и согласно со месните услови, биле изработени за Охридско,

---

131) Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис во Архивското одделение на ИНИ,Скопје, 31

132) Манол Пандевски,Илинденското востание во Македонија, 1903 год. ИНИ,Скопје,1978,218

133) Истото.

Демирхисарско, Крушевско, Ресенско, Преспа, Костурско, Леринско и Кичевско. Д.Груев ги спомнува само Охридско, Демирхисарско и Костурско".[134] Всушност двата члена на Главниот штаб, со Штабната (придружна, наречена и летечка) чета поминале низ спомнатите револуционерни реони.

"Според тоа, со чисто воената страна на подготовките за востанието се ангажирале Д.Груев и Б.Сарафов. Во рамките на тие подготовки двајцата членови на Штабот организирале и една воена вежба".[135] Борис Сарафов си споменува за неа:

"Дури направивме и еден маневар, идните охридски војводи од една страна, командувани од Стојкво, и кичевските и демирисарските, од друга страна, командувани од Делчев, формирани во две чети, се удрија меѓу с.Јудово и с.Габрово, во месноста меѓу Горна и Долна Копачка.[136] За оваа воена вежба, како што за тоа веќе порано беше речено, Сарафов во своите спомени не дава подетални податоци.

Двата члена на Главниот штаб постојано го разгледувале основниот план на подготвуваното востание, не само кога разговарале со горските раководства, туку и кога размислувале за тоа и во текот на движењето, патем од реон до реон. Сарафов дава податоци за две такви разгледувања во поквалитетен состав. Првото разгледување станало по нивната средба со идеологот и идеецот на ТМОРО - Пере Тошев: "Честопати ние четворицата (Груев, Тошев, Сарафов и Лозанчев,

---

134) Истото.

135) Борисъ Сарафовъ, истото, 91.

136) Истото.

Р.Д) разговаравме како да биде водено востанието. Јас се си бев на мислење дека треба да биде нападната Битола, макар и со тие 500-600 души, со кои располагавме, а Лозанчев и груев беа против тоа, зашто немало луѓе, способни да водат борба во градот. П.Тошев одобруваше, само ако имаше на располагање 500 килограми динамит, нешто невозможно.[137)]

По престојот во најцврстата револуционерна тврдина во Битолска околија, Долни и Горни Железник (Демирхисарско), спомнатите членови се префрлиле во Крушевско, со исто така добро организирани села (каков што бил случајот со познатата по бунтовност Пуста Река). За разговорите во Крушевско Сарафов рекол: "Таму заедно со Крушевското горско началство - Карев, Тодор Хиростов, Иван Наумов - го определивме планот на востанието. Собирот беше во близина на селото Зашле ... Се вративме пак во Демирхисарско и над селото Брезово се сретнавме со Јордан Пиперката. Тука со Пасков го разгледавме планот на востанието.[138)]

Од железник (Демирхисарко), со иста цел, Штабот се префрлил во полн состав, со Пере Тошев заедно, во Смилево, каде го оставиле Лозначев со административни задолженија, а тројката (Пере Тошев, Даме Груев и Борис Сарафов) продолжиле кон запад, кон Горна Преспа. Во Ресенско разговарале со тамошниот војвода Славјеко Арсов, кому му дале реален план како ..." да го нападне градот Ресен".[139)]

Оттаму се разделиле, Тошев заминал за Прилепско, а Груев и Сарафов преку Леринско стигнале до Костурско. Ги разгледале

---

137) Истото.

138) Истото.

139) Истото,92.

плановите на тамошните горски раководства и ги усогласиле со општата концепција, што произлегувала од одлуката на Смилевскиот конгрес за стратегијата и тактиката на револуционерните единици. И Костурско и Леринско биле добро вооружени револуционерни реони, со калено и родољубиво македонско население. И таму, согласно со основните напатствија, во времето од Смилевскиот конгрес до Илинден биле организирани и одржани воени вежби меѓу месното население и меѓу реонските чети, исто како во другите подрачја на Македонија (Железник, Кичевско, Смилевско, Охридско, итн.).

На враќање од долгата обиколка, Груев и Сарафов, во планината над леринското село Буф, во гората, на 14 јули 1903 година, (стар стил) пак го разгледале прашањето за датумот за почнувањето на востанието.[140] Сарафов си спомнува: "Ние двајцата решивме востанието да биде дигнато на 20 јули (2 август по новиот календарски стил, Р.Д). Тоа решение му го соопштивме веднаш на Петар Ацев во Битола, за да го соопшти во Софија (на Задграничното претставништво на ТМОРО, Р.Д) и во Солун (на Централниот комитет, Р.Д).[141]

Откако Главниот штаб едногласно се согласил за датумот на востанието, се вратил во Боишко, на Бигла Планина, и таму пристапил кон некои практични работи: составување и испраќање на окружни писма до горските началства во Битолскиот округ и умножување на Повикот до македонскиот народ.

Речиси до истиот датум биле завршени, или се привршувале подготовките за востание не само во границите на Битолскиот

---

140) Л.Милетичъ, Какъ се рѣшила датата на Илинденското въстание, Сборникъ Илинденъ 1903-1922, София, 1922, 21.

141) Б.Сарафовъ, истото, 92.

вилает, туку и надвор од него, во другите македонски области, што сакале да се вклучат, главно, со герилски акции во ослободителното востание. Така биле приклучени планираните подготовки во Ресенско и Преспа,[142] Костурско,[143] Кичевско,[144] Охридско,[145] Скопско,[146] и Мелничко.[147]

Меѓутоа, подготовките во другите револуционерни окрузи, заслужуваат да бидат допрени нешто поопширно. Имено, во Скопскиот, Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ, раководството застанало на становиште дека нема потреба од свикување и одржување на окружни конгреси (слични на Смилевскиот). Од тие причини подготовките во овие окрузи главно се одвивале во правец на позасилени акции на четите и позголемена диверзантско-саботажно-терористички зафати.[148] Точно е познато дека во Скопскиот револуционерен округ, според наредбата на Никола Пушкаров, на инструкциите, упатствата и другите пораки што евентуално ќе пристигнат од Централниот комитет..."да не им се посветува внимание... бидејќи за нашиот (Скопскиот, Р.Д) реон тие не важат".[149]

---

142) С.Арсов, спомени, 59.

143) Љ.Лапе, истото,II,467-470

144) Л.Геров,истото, 12-14

145) К.Пърличевъ,Една страница отъ нашата епопѣя, Сборникъ Илинденъ, 1903-1925,София,1925,17-20.

146) Движението отсамъ Вардара и борба съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Х.Чернопеевъ.

147) Никола Пушкаровъ и др.София,1927,188-190.

148) Истото.

149) Движението отсамъ Вардара..,41.

За разлика од овие три окрузи, окружни конгреси биле свикани во Серско и Одринско. Одринскиот окружен конгрес бил одржан во месноста "Петрови Ниви", близу селото Стоилово, околина Малотрновска, на 12 јули 1903 година, во присуство на 47 делегати. На Конгресот, под претседателството на Васил Петков, биле осудени солунските решенија и констатирана слабата вооруженост (располагале со вкупно околу 1.200 пушки). Исто така на Конгресот се решило востанието во Одринско да биде помасовно само во еден од петте револуционерни реони.[150)]

Серскиот револуционерен округ го свикал својот Конгрес во месноста "Ливадката" на Пирин Планина, во првите денови на септември 1903 година. На Конгресот присуствувале единаесет делегати од сите револуционерни реони (освен од Горноџумајскиот). Доминантно место во работата му припаѓало на Јане Сандански според чии насоки бил ..." изработен план за востанието... и одлучил акциите да почнат во ноќта на 14 септември (по стариот стил) 1903 година.[151)] Во планот било внесено гледиштето на Сандански дека во сегашната ситуација единствено е рационално акции да развијат четите, а населението да им помага, но без да се крева масовно на оружје. Секој требало да дејствува под командата на своето началство, но во склопот на општиот востанички план. Окружено востаничко тело, слично на Главниот штаб во Битолскиот округ, не било избрано.[152)]

---

150) Михаилъ Герджиковъ, Въ Македония и Одринско, София, 1928, 57-58.

151) 27 септември 1903 год. по нов календарски стил.

152) М.Пандевски, истото 245.

11. Местото, улогата и задачите на задграничното претставништво на ТМОРО во подготовките на Илинденското востание

Со цел да се обезбеди соодветен статус пред меѓународната јавност, а првенствено пред соседите и западноевропските земји, како и заради обезбедување на организирана дипломатска, односно политичка и материјална поддршка на Востанието, во Софија ја продолжило својата активност Задграничното претставништво. Тоа го претставувало и застапувало Востанието пред дипломатите, а посебно одржувало контакти со официјалните бугарски државни органи и врз основа на стекнатите сознанија испраќале директиви и инструкции до водачите на Востанието. Статусот наова тело сведочи дека ЦК на ТМОРО навреме сфатл дека во сложените меѓународни услови во кои се подготвувало востанието, народно-ослободителното движење на македонскиот народ ќе наидува на многу големи тешкотии кај европските, а особено кај балканските држави, пред се заради вкрстувањето и преплетувањето на нивните интереси со интересите на македонскиот народ. Од тие причини ова претставништво добило задача да ја изградува и спроведува надворешната политика на востанието. Врз основа на таа своја задача и улога Задграничното претставништво уште во текот на подготовките на востанието ги прецизирало односите кон европската дипломатија, турското цивилно население и другите држави, свесно дека успехот во борбата зависи од тоа како ќе се прифати востанието од страна на големите сили и светското јавно мнение.[153]

153) Декларација на Внатрешната организација до големите сили во Европа, Зборник на документи за создавањето на македонската државност, Скопје,1976 год.,88.

Задграничното претставништво на ТМОРО се наметнувало како субјект во меѓународните односи и претставувало мошне интересно прашање од аспект на меѓународното право. Тоа ја збогатило теоретската мисла и внело едно ново сознание во институтот за признавање на статусот на завојуваната страна пред меѓународното јавно мнение. Принципите на хуманитарното право исто така заслужуваат целосно внимание од аспект на меѓународното воено право. Во текот на подготовоките и самото востание, и покрај елементите на стихијност и спонтаност во преземањето на востаничките акции, секогаш биле итакнувани хуманистичките принципи, кои ги осветлувале патиштата и целите на востанието.[154]

Историската документација од овојпериод, а посебно политичките документи и акти на македонските востаници пошироко, како и актите на Задграничното претставништво упатени до големите сили, заслужуваат задлабочена оценка и анализа на борбата на македоснкиот народ од овој период, а особено од гледиштето на меѓународното јавно и воено право.

Меѓутоа, Задграничното претставништво не остварило организирана и динамична активност во подготовките, а особено во текот на востанието. Тоа го известило светот дека востанието отпочна на Илинден и ја информирало светската јавност за неговиот развој.

---

154) Манол Пандевски, Илинденското востаие во Македонија ИНИ, 1903 година, Скопје, 1978, 443-455, Автономиќ, Н°1, август 1903 година (стар стил) 1. Во превод на бугарски јазик Декларацијата подоцна била публикувана во "Сборник Илинден 1903-1922), София, 1922, 8. Деклрацијата кај нас ја коментирал А.Христов, Создавањето на Македонската држава (1893-1945), Скопје, 1971, 166-167)

Меѓутоа, при избувнувањето на востанието, раководителите на ЗП (Х.Татарчев и Х.Матов) имале претензија за концентрација на власта во нивни раце, односно за пренесување на раководниот центар на револуцијата надвор од Македонија. Тоа било погрешно и неприфатливо. Затоа, Даме Груев, преку Панче Дорев, во Битола ги известувал дипломатите. Кога е во прашање известувањето на надворешниот фкатор, присутен е еден паралелеизам. Задграничното претставништво правело напори и во Белград каде во октомври и ноември патувале Иван Хаџи Николов и Б.Сарафов заради преговори со српската власт. Задграничното претставништво настојувало да добие и одредени воено-политички прерогативи, што по правило им припаѓале на востаничките штабови. Тие во Македонија упатиле неколку псимени директиви настојувајќи да го определат карактерот и целите на востаничките акции. Тие директиви биле прифатени и спроведени од страна на Главниот штаб и претставувале скратена верзија од "Општиот план и цел на востанието", што бил подготвен од Хр.Матов во мај 1903 година.[155]

155) Хр.Силяновъ "Освободителнитѣ борби на Македония том I,София, 1928, 289.

III ДЕЛ

КОНЦЕПЦИЈАТА, СТРАТЕГИЈАТА И ТАКТИКАТА НА ТМОРО ЗА ВОСТАНИЕ

Историското искуство покажува дека секоја револуционерна организација за остварување на своите цели морала да изградува своја концепција, стратегија и тактика. Таков е случајот и со МРО (ТМОРО). Таа била свесна дека од правилното одредување на целите ќе зависи успехот на револуцијата во која првенствено до израз требало да дојдат интересите на најшироките слоеви на народот.

1. Концепцијата и целите

По релативното затишје (1881-1893) година македонскиот субјект побарал нови начини, патишта и облици за револуционерно организирање,[1] врз искуствата од ослободителните борби во Македонија, *како и војните од поранешните времиња, а посебно од искуствата* на Српското, Бугарското, Грчкото и Романското востание.[2] Во такви услови растела и се градела новата генерација која во последната деценија на минатиот век го подигнала македонското национално-ослободително движење на повисок степен и ја создала ТМОРО. Оттаму реална е констатацијата дека неѓовата појава го означила почетокот на

---

1) Манифест на привремената влада на Македонци од 23 март 1881 год. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том I, Скопје, 1981, 267-168.

2) Војно дело II/1 Београд, 1950, 108-124.

новата, поразвиена фаза во процесот на националното сознание за создавање и конституирање на македонската нација, со што таа стапила на балканската полиитчка сцена како организиран активен национално-политички субјект, кој јасно ги најавил своите тежненија кон создавање на сопствена држава.[3)]

Во општата раздвиженост на револуционерните кадри и најинтензивни подготовки за претстојното востание, се вкрстувале бројни проблеми при што посебно внимание требало да се посвети и да се одговори на следниве прашања:

1.- Кои фактори и околности ќе влијаат врз општото востание.

2.- Во која мерка востанието ќе биде прифатено од големите сили, каков ќе биде односот на соседните монархии кои веќе дејствувале преку своите бројни агентури, конзулати, училишта (Патријаршијата и Егзархијата) и го делеле населението на бугарофили, србомани, гркомани, романофили и сл.

3.- Врз кои основи и начела ќе се постави Организацијата и какви методи ќе се одберат за Ослободителното дело. Сериозно е поставувано и разгледувано прашањето за улогата на селото, жената и младата генерација во ослободителната борба.

4.- Како да се обезбеди доброволноста, масовноста и учеството на целиот македонски народ и другите народности во ослободителното движење, да се сочува нивната доверба и поддршка. При

---

3) Манол Пандевски,Наицоналното прашање во македонското ослободително движење (1893-1903),Скопје,1977,293.

ова организацијата тргнувала од оценката дека македонскиот субјект е доста хетероген, па ќе треба да се усогласат интересите на основните словени на народот, кои ќе можат да ја согледаат својата перспектива. Од ваквиот став произлегувал и заклучокот дека е потребно народот како субјект да се издигне и подготви преку вооружена борба да се ослободи. Овој став Хаџи Николов го формулирал и истакнувал со лозинката: "Нашата задача треба да биде да ја спасиме цела Македонија".[4] Тоа станувало уште поважно со оглед на фактот што на територијата на Македонија, покрај македонскиот народ, живееле и други народи: Турци, Албанци, Грци, Власи, Евреи и Роми, како и повеќе религии со свои пропагандни мрежи, што со својата активност ширеле омраза спрема припадниците на другите религии, а за кои цели се користени црквата и училиштата.[5]

5.- Во која мерка идното востание ќе се потпира на силните ослободителни традиции од претходните буни и востанија. За таа цел потребен е организиран и единствен народ кој со оружје ќе треба да ја извојува својата слобода.

6.- Организацијата, во изградбата на платформата за востание, била свесна дека само со соодветна работа во масите ќе создава верба за нужноста и можноста за востание за кое треба да се создаде војска која со оружје ќе може да постигне победа. Според тоа, воената организација била изведувана од политичката и требало да биде во функција со поставените цели. Донесени се нови уставно -

---

4) Гане Тодоровски, формирањето на ВМРО. Мемоари на Иван Хаџи Николов, Разгледи, Скопје, 1969, 1073.

5) Спомените на Г.Петров, Скопје, 1952, 44.

правни акти, со што се врши омасовување на македонското национално-ослободително движење а посебно со вклучување на селото во револуционерното движење. Со тоа ТМОРО од "градски" и "административен" карактер, добива и селски "боев". Народот ги прифаќа идеите за вооружена борба преку кои треба да ја извојува својата национална слобода. Тоа Ѓ.Петров јасно го истакнал со зборовите: "Македонското дело, од платонско и идеалистичко, се претвора во една реална кауза со цел што е достигана во практиката".[6)]

Од ова може да се види дека востанието, како средство за самоослободување, било конципирано на подолга историска патека. Притоа не се исклучувала можноста некоја нова криза за Турција јакиот македонски фактор да ја искористи и со својата сила и авторитет да го осигура разрешувањето на македонското прашање.

Во Мемоарот[7)] на ТМОРО, меѓу другото се истакнува идејата за "оружена саморасправа за масовна револуција". Тоа јасно го изразува стремежот на Организацијата да води вооружена борба, потпирајќи се исклучително врз сопствени сили, врз силите на македонскиот народ, не сметајќи на било каква помош од страна. Оваа мисла ја сретнуваме и во весникот "Политичка слобода", од 1898 година "Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци". За Гоце Делчев ослободувањето на Македонија лежело во внатрешното востание. "Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој се лаже

---

6) Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело на Бугарска почва, Софија 1902 година, објавено во "Разгледи" XI/10, Скопје,1969,1027.

7) Македония и Одринско (1893-1903).Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация,с.а.1904 год,19 и 20.

себеси и другите.[8] Тој велел:

Идејата за самостојност и сувереност се подигнува како основен нејзин принцип и станува основно идејно-политичко оружје, кое длабоко проникнува во свеста на поединецот и колективот. Сето тоа се потврдува на Солунскиот конгрес кога ТМОРО станува внатрешна, независна, сенародна.

Благодарение на ваквите позитивни определби идејната стратегија и тактика на Организацијата, била оплеменета со длабок хуманизам и вистински алтруистички заложби. Оттаму Организацијата настојувала борбата за ослободување да се води на револуционерни принципи. Таа исто така се залагала во неа да бидат вклучени сите поробени и експлоатирани народи без разлика на национална, социјална, политичка и верска припадност. Точно од тие причини Организацијата си поставила за цел да ги обедини сите незадоволни жители во Македонија и Одринско во единствен револуционерен фронт способен со оружје да извојува право на целосна автономија.[9] Водејќи најголема сметка за обезбедување на псолутно единство на револцуионерните сили, Организацијата ја истакнала потребата од бескомпромисна борба против шовинизмот, што особено бил поттикнуван од соседните буржоазии.[10] Имено, настојувајќи да ја разгори националната нетрпеливост меѓу Македонците и другите народности во земјата, носителите на етничко-територијалните аспирации постојано се

---

8) МАНУ-ИНИ,Гоце Делчев, македонското национално револуционерно движење, Скопје, 1973 година.

9) Уставот на ТМОРО, член 1. Види: Владимир Карпов, практикум по историја на државите и правата на народите на Југославија, Скопје, 1984, 298.

10) Истото, член 2.

грижеле да ги поттикнуваат шовинистичките ориентации со исклучителна цел да го затапат сечилото на револуционерната борба и нејзините тековиполесно да ги свртат во поробувачки насоки.

Социјалната насоченост на револуционерното движење на македонскиот народ, односно на неговата национално-ослободителна борба, била кристално јасна. Од постојните извори, па и необјавени спомени, произлегува дека борбата не била насочена против турскиот народ, туку напротив, против турското национално и феудално угнетување. Во овие спомени се вели дека Дамјан Груев не еднаш и не во една прилика укажувал на неопходноста да се разликува чесниот Турчин од суровите слуги на режимот, кои не биле помилосрдни ни кон сопствените широки маси.[11] Впрочем, Гоце делчев недвосмислено истакнувал дека "Турците не ги мрази како народ, туку дека тој му се спротивставува на османлиската тиранија, на нивниот угнетувачки систем".[12]

Во духот на ваквата социјална насоченост на револуционерното движење, а во врска со фактот што главниот извор на револуционерните сли потекнувал од селските средини, Организацијата имала класен карактер. Имено таа стоела на чело на селанско - народно движење, движење на крајно пауперизирани земјоделци,[13] во кое свој придонес имале и претставниците на малубројниот пролетеријат и крајно осиромашените занаетчии. Познатата вистина дека

---

11) Белешки од спомените на Георги Чурановски (необјавени)

12) Йонъ Матевъ, Българското въстание и Источна Тракия пред 1903

13) А.С.Разбойниковъ, Чифлигарството въ Македония и Одринско, Солунъ 1913, 41-43.

најголемиот дел од раководната структура на Организацијата го сочинувале интелектуалци, главно учители, само ја потврдува веродостојноста на заклучокот за класниот карактер на национално-ослободителната борба на македонскиот народ.

Под знамето на револуцијата, покрај ваквата социјална структура на населението, не биле заобиколени ни жените од нивниот состав, а особено младината. Така, во борбените редови на револуционерната Организација практично било вклучено огромното мнозинство на македонскиот народ.[14)]

Главна политичка цел на борбата била извојување на национална и социјална слобода, како основна стратегиска определба на организацијата. Оваа цел требало да се постигне со вооружена борба за чија успешна организираност било неопходно благовремено спроведување на низа разновидни, сложени и обемни подготовки. Во тие рамки основниот акцент паѓал врз организирањето на што поголе број луѓе, поточно на вклучувањето на најшироките народни маси во редовите на Организацијата.

Отфрлајќи ја секоја злонамерна помисла за каква било туѓинска помош, Организацијата по секоја цена сакала да ја зачува чистотата на својата борба и на тој начин да ги оневозможи сите претенденти врз националната територија да имаат можност да се мешаат во нејзините внатрешни работи. Ваквата ориентација била јасно зацртана во уставот на Организација.[15)]

---

14) Анастас Лозанчевъ Спомени, София,1936, с.а.37 (Ракопис во АО на ИНИ)

15) Михаило Апостолски, Стратегија и тактика на Илинденското востание. Студии и статии, I,Скопје, 1973 год.78-79.

Организацијата имала основна задача да се изградува врз принципот на демократскиот централизам и територијалниот принцип. Во оваа насока таа настојувала доследно да се почитуваат определбите што се развивале и доизградувале напоредно со општиот подем на Организацијата.[16)]

За остварување на овие цели Организацијата посебна грижа му посветувала на создавањето и развојот на кадрите. Од нив се барало политичко и воено знаење. Самоиницијативност, снаодливост во разни ситуации, како и решителност, издржливост, пожртвуваност и храброст во изготвувањето и реализацијата на задачите. Меѓутоа, мора да се констатира дека до почетокот на востанието не се успеало со изградбата на доволно кадри кои требало да имаат примарна улога во реализирањето на поставените задачи и цели.

Тргнувајќи од економските и општествено-политичките надворешни и внатрешни услови во кои се јавува македонското национално-ослободително движење и од неговите определби на Когресот од 1896 година, може да се констатира дека подготовките на ТМОРО ќе се изведуваат во крајно неповолни услови.

Во концепцијата, односно идејно-политичката програма на Организацијата, видно место е дадено на воената сила. Таа ги опфаќала човечките и материјалните можности на македонскиот народ, просторот и времето. Во сето тоа доминантно место заземало прашањето како најцелисходно да се подготвуваат и употребуваат народните маси кои ќе можат да бидат ангажирани во народно-ослободителната и револуционерна

---

16) Истото, 75.

борба. Според тоа реализацијата на поставените цели требало да биде во крајно специфични услови, тоа несомнено претставувало мошне тешка и деликатназадача за ТМОРО. За каква стратегија и тактика се определила организацијата ќе биде елаборирано во наредното излагање.

Стратегијата[17] и тактиката на ТМОРО

Тематиката сврзана со истражувањето на воената стратегија и тактика на ТМОРО, тешко е делива од историските настани пред и по Илинденската епоха. Таа е содржана во Уставот од 1896[18] година, односно во политичките и идејните определби на Македонија и Одринско и претставува предмет на изучување од посебен интерес за воената наука. Во рамките и можностите на една рекапитулација во форма на општи и посебни идеи, можат да се согледуваат и оценуваат подготовките на народото за востание и вооружена борба.

Во подготовките на Организацијата за своето национално и социјално ослободување, посебно внимание било посветувано на изградбата на воената стратегија и тактика, посебно разгледувана на Ресенското советување. Во подготовките за востание Организацијата се опре-

---

17) Предмет на воената стратегија е оружената сила и борба, односно да ги определи основните принципи на воената вештина, оперативка и тактика. Истовремено, да го изгради концептот на оруженото организирање и изградбата на оружените сили. Стратегијата била определена со концепцијата и доктрината-односно со Платформата и целите на ТМОРО.

18) За кој Крум Христов ќе напише "законот по кој ќе живеат, ќе се борат и ќе умираат најверните синови и ќерки на Македонија", (в.Гоце Делчев, София,1955, 304).

делила за следните стратегиски[19] цели и принципи:

1.- Да се продолжи со ширењето на Организацијата и насочувањето на масите кон вистинскиот пат на револуцијата.

2.- Побрзо внесување на револуционерен дух и свест во населението,[20] бидејќи истото не е еднонационално, а и конфесионално е поделено од црковно-училишните пропаганди на соседните држави. ТМОРО посебно внимание посветувал на подготовките за претстојните востанички борби. За таа цел примарно место е дадено на:

1.- Создавањето, организирањето и функционирањето на вооружените сили.[21]

2.- Организацијата на раководењето и командувањето со вооружените сили.

3.- Организацијата на снабдувањето - заднинското обезбедување на вооружените сили.

4.- Начинот на организацијата и изведувањето на обуката, познавањето и користењето на теренот.

5.- Агитацијата и пропагандата (психолошка и морално-политичка подготовка).

---

19) Стратегијата тгнувала од географско стратегиската положба на просторот, воено-политичката констелација на односите во Европа, Балканот и Турција од општествено-економските услови, од појавите на национално-ослободителни буржуаско-демократски револуции, како и од искуствата на локалните востанија во Македонија.

20) Прокламираните цели во програмските документи, покажуваат дека ТМОРО за целиот свој период барала патишта и начини за извојување слобода на Македонскиот народ и сите други народности што ја населувале Македонија.

21) Востаничка војска се раѓала со растежот на ТМОРО,од голораки родољуби, со цел преку вооружена и други револуционерни облици на борбата се спротивстави на сите антимакедонски сили.

6.- Начинот на мобилизацијата и доброволството во вооружените сили требало да обезбедува целата територија да се организира и подготви за востание и вооружена борба.

7.- Слободните територии и организацијата на суството и власта.

8.- Организацијата и ангажираноста на Задграничното претставништво.

9.- Информирањето и безбедноста

10.- Прашањето на внатрешното и надворешното сојузништво.

Со ваквите определби ТМОРО изградувала многу комплексна автентична стратегија за вооружените сили на МНОД, определувајќи се за долготрајна вооружена борба и невооружен отпор. Се предвидувало борбата да се изведува со сопствени сили на народот во која ќе се извојува слобода и обезбеди еден поподнослив живот. Идејата за самостојност и сувереност станала основен принцип и основно идејно-политичко оружје, кое длабоко проникнувало. Сето тоа било во духот на уставните определби и усвоениот облик за: "Општини по сите места дигнато востание.[22] Идеја блиска на Марксовата концепција за вооружен народ". Врз овој концепт биле вршени сите политичко-организациони, материјални воени подготовки, кои биле условени од внатрешните[23] и надворешните[24] околности. Подготовките биле вршени преку политичко-

---

22) Љубен Лапе. Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел.Трето дополнето и проширено издание, Скопје,1965, 335.

23) Субјективни (внатрешни) спремноста на народот да ја прифати идејата на револ.движење и да учествува во востанието.

24) Објективни-созревање на поповолни надворешни услови. Тие биле неповолни, како европски така и балкански 498.

агитационо и организационо растење на македонското национално-ослободително движење, со што релативно брзо Организацијата ги придобила масите за себе и нивното брзо подготвување за вооружената борба. Карактерот на востанието е дефиниран со Уставот на Организацијата. Во член 2 се вели дека треба да се употреба "сите средства и усилби за поскорошното и своевремено вооружување на населението со се што е неопходно за едно општо и сеопшто востание.[25] Од ваквата определба може да се констатира дека Организацијата ја прифатила дефанзивната стратегија и тактика, особено во подготвителниот период на востанието, а офанзивноста ја предвидувала за самото востание. Меѓутоа, и во вакви услови (во периодто 1893-1903) се одиграле повеќе борби[26] кои го потврдиле брзиот растеж на Организацијата, односно созревањето на условите за борба од пошироки размери.

На еден собир во Кавадарци Гоце Делчев рекол: "Не жалете ги парите за оружје, прибирајте во својата Организацијата што повеќе напредни луѓе, работете за единството на нашиот народ, во своите раце земете ги напредните Турци... Македонија ќе стане земја за сите што живеат во неправди... Гоце на внатрешен план реално ја оценил состојбата и правел напрои за обезбедување на цврсти сојузници во лицето и на другите народи кои живееле во Македонија. Гоце, крстосувајќи по теренот, многу добро ја познавал положбата. Знаел дека народот не е подготвен за судбоносна битка.

---

25) Устав на ТМОРО, чл.2 Види: В.Карпов,Практикум...298.

26) Во Македонија и Одринско до Илинденското востание се водени 132 борби, во кои вкупно учествувале 4.262 востаници, наспроти 74.235 војници на султанските аскери, така што односот на силите бил 1:17 во корист на турскиот аскер (Мемоар,стр.87).Во овие борби се убиени 512 востаници и 4.373 турски војници.

Сите овие прашања биле разгледувани со цел да се подготви македонскиот народ за долготрајна борба, а востанието да биде дело на организираните народни маси. Гоце Делчев истакнувал: Јас не сакам востание со луѓе кои ќе ме напуштат при првиот неуспех, јас сакам револуција со граѓани кадри да ги понесат сите искушенија на една долготрајна борба, каква што поради жестоките политички услови ќе биде нашата-или ќе водиме говеда на касапница. Гоце настојувал да ја избегне катастрофата како не би го изгубил македонскиот народ, знаејќи дека странските сили и бројно и технички се неколку пати посилни од востаничките. Тоа било пресудно за стратегијата и тактиката на ТМОРО.

Меѓутоа, и во вакви услови и определби на ТМОРО за изграда на својата стратегија и тактика, кога ослободителното движење станувало се посилно, тоа било изложено на повеќе удари. Првиот му го задала османлиската власт низ репресалиите по тешките провали.[27] Потоа уследил надворешен удар со вовлекувањето на одделни врховисти во ЦК, комитетите и четите. Герџиков истакнувал дека за успехот на борбата е примарно да се создаде цврста организација. "Ако имаме добра организација, парите ќе дојдат сами по себе, а без организација и со пари ништо не може да се стори".[28] А колку бил висок моралот и свеста на народот и на борците во четите, нивното држење во затворите,

---

27) Дреновската (1895) и Доневата (1896) Поп-Ставревата и Кичевската (1900) Иванчовата 81902), Кадиноселската, Рокитничката и Дединската, Виничката (1879), Солунската афера од 1901 и Горноџумајското востание.

28) Михаилъ Герджиковъ, Въ Македония и Одринско, София, 1928 21 и 92.

во борбите, пред пожарите и сл., потврдуваат голем број на херојски примери.[29)]

Во внатрешниот живот на четите била развиена слободна критика на неправилните постапки на сите припадници, па и на војводите. За зацврстување на состојбата во четите била воведена задолжителна заклетва, која борците ја полагале при стапувањето во четата, а покрај тоа четите имале и свое знаме.[30)]

Посебна грижа била посветувана на создавањето на кадри, посебно со формирањето на "четничкиот институт". Тоа е вршено преку практични активности и со изведување на мошне тешки и сложени задачи.[31)]

Од целта на ТМОРО се гледа дека раководителите на Организацијата го барале сојузништвото на сите оние што биле угнетувани и експлоатирани од султанските власти. Тоа најдобро е истакнато во прогласот: "Ние се креваме на оружје против тиранијата и нечовечноста, ние војуваме во името на слободата и човечноста, нашето дело стои над секоја национална и племенска различност, затоа ние ги сметаме за свои браќа сите оние што страдаат во мрачното царство на султанот".[32)]

---

29) Кога горело селото Болно селаните велеле: "Нека сме живи, ќе изградиме поубави куќи". За селото Е[illegible] Арсов вели: "Селаните не се тревожеа што им изгореа куќите". Или случајот во с.Круше, кога селаните седеле по куќите, иако Турците им го изгореле селото. Турците со тепање успевале да ги изведат селаните од селото за да не изгорат по куќите,

30) Текстот на заклетвата кај Арсов е изнесен на стр.21, а знамето се опишува на стр.15...свилена, црвена, извезена мала Македонка во граѓанска носија"

31) Од кадрите се барало: самоиницијатива и снаодливост во разни ситуации, решителност, издржливост и упорност во извршувањето на задачите, пожртвуваност, храброст и др.

32) Крушевскиот манифест,објавен во Институтот за национална историја, Скопје, 1968 година.

Оваа мисла е најпрогресивна. Тоа другите востанија од овој период го немаат, посебно во Првата Призренска лига (не се повикуваат Србите и Црногорците). На овој начин Организацијата зазела марксистички став по националното прашање, а како природен сојузник гледала во Ерменското и Албанското национално-револуционерно движење, како и во Младотурската организација. На овој стратегиски проблем ТМОРО му давала посебно значење, како не би се поделил народот спрема националната и религиозната припадност. Организацијата барала сојузништво и вршела напори за обединување и зближување на прогресивните сили, како внатре, така и надвор од земјата. Во своите беседи, во кои, покрај ослободителната била присутна економската и социјалната нота, Н.Петров вели: "Јас и мноштво апостоли како мене го носиме семето на една самоуправа, без султан, цар, кнез и на нив слични. Ние сакаме широка слобода за сите родени во таа ропска земја од векови. Ние сакаме да живееме братски со сите народности и затоа ние ги викаме и другите народности да влезат во редовите на борците...[33] Вакви ставови и гледања наполно одговараат на состојбата во Македонија како повеќенационална.

Во решавањето на низа стратегиски проблеми, уште во подготовките за востание, Организацијата настојувала да ги постави темелите на воената организација која би раководела со востанието. За неполни 10 години, од Октомвриискиот конгрес на МРО 1893 година во Солун, до Илинденското востание 1903 година, правени се напори за развојот на вооружените сили во согласност со стратешките цели на

---

33) Н.Петровъ, Страници изъ моя дневникъ за 1901, Илинденъ II/10 (20), София, 1929, 16.

Организацијата. Многу подоцна тоа Ленин за Октомвриската револуција го дефинирал: "Целата земја во војната мора да се преобрази во револуционерен логор". Ова зборува за далековидноста на Организацијата.

Во август 1894 година, на Ресенското советување, веќе се зборува за вооружување на народот и создавање на вооружени сили, односно поттикнување на военото организирање на МНОД, а во член 11 од Уставот од 1896 година, во врска со создавањето на вооружените сили, се вели: "Секој околиски револуционерен реон си има своја чета чија што задача се определува со еден специјален Правилник".[34] Во 1898 година е изграден Правилник за создавање на вооружена "народна милиција", како посебен вид на вооружена сила на Организацијата.

Со овие документи[35] се формулирани и поставени само основните стратешко-тактички принципи, со кои се предвидувале единствено командување на ниво на Врховен штаб, потполна примена на партизанска вооружена борба на целата територија на Македонија иако не биле создадени нормирнаи и озаконети услови за изградба и развој на вооружените сили. Основна организациска форма врз која се темели развојот на вооружените сили останува четата.[36] Со определувањето на Гоце Делчев за главен воен ревизор на сите вооружени чети во Македонија и Одринско, биле создавани првите сегменти на врховното командување. Слична таква чета била формирана во Битолскиот рево-

---

34) Љ.Лапе, Одбрани текстови...,II дел, ..., 334-337.

35) Истото, 350-351, 435-436.

36) Истото, 87 и 93-94. За воената организација на четите посебно е обработено во Глава IV.

луционерен округ на чие чело стоел Русински, потоа Сугаров како и четата на Марко Леринski. Развојот на воената организација на четите е мошне динамичен. Меѓутоа, и покрај сето тоа, не дошло до аналитичко следење и предвидување на развојот на настаните и приспособување на воената организација кон новонастанатите услови и едновремено изградување на системот на раководење и командување, што посебно негативно и со далекосежни последици се одразило по четите во Илинденското востание.

За каква стратегија се определува ТМОРО, најдобро истакнува Гоце делчев кон крајот на декември 1902 година пред жителите на Банско: "Ние нема засега уште да се исправиме гради в гради пред големиот и многубројен непријател како пред некој воз. Но, ние сме толку силни иако сме малубројни, да му развртиме повеќе бурми, па тој да се истури и да падне. Низ такви акции ќе го креваме борбениот дух во народот, ќе ја кршиме силата на отоманската империја и ќе го убедуваме народот во можноста да води победоносна војна против многубројниот непријател".[37] Со тоа, всушност, Гоце делчев ја искажувал стратегијата на партизанската борба, сметајќи дека населеието не е вооружено со се што е неопходно за едно општо и сеопфатно востание како што стои во Уставот на Организацијата.

Се наметнува заклучокот дека востанието истовремено покажало - со оглед на слабата подготовеност, на лошото политичко и воено раководење, на разликите на интересите на селанството и граѓанството, и на неподготвеноста на големите европски сили за поголеми

---

37) Христо Андонов-Полјански, Одбрани дела, том III, Скопје, 1980, 267-268.

промени на Балканот - дека во тој момент автономијата на Македонија била оптимум и она што можело да се постигне. Востанието потврдило дека за присилување на Турција и големите европски сили за воспоставување на Автономна Македонија потребно било цела Македонија да се дигне на востание кое би било политички, идеолошки и воено подобри подготвено, како би се дошло до војничка победа на македонскиот народ со сопствени сили, и со тоа и до саканата цел.[38]

3. Тактиката на ТМОРО во предвостаничкиот период

Во предилинденскиот период вооружените формации се создавани во крајно неповолни услови, со многу скромно вооружување, опрема, храна, искуство и обучен кадар, без доволна поврзаност на четите, како и без помош од страна, со речиси целосно потпирање на сопствените сили и средства.

До востанието вооружените чети[39] имале основна задача агитација и подготвување на народот за востание. Во поглед на војничката обука со востаниците биле преземени редица мерки. На борците им биле давани упатства да ги чуваат и одржуваат пушките и другата воена опрема со која располагале. Биле вршени и смотри на оружјето. Наставата била изведувана ноќе и по домовите. Четите биле должни да си по-

38) Ставот на Г.Делчев и Г.Петров спрема ослободителното движење во Македонија. Види: Михаило Апостолски, Гоце Делчев за стратегијата и тактиката на национално-револуционерното движење во Македонија. Зб: Гоце делчев 1872-1972 Скопје, 1973, 24-32, М.Пандевски,, Илинденското востание во Македонија, 1903 год.Скопје, 1978, 145-148.

39) Четите се борбени формации на народот во кои влегували сите родољубиви лица способни за вооружена борба.

магаат,посебно кога некоја чета ќе се најдела во опасност. Се изведувале и разни практични вежби на теренот, вклучувајќи и потребни фортификации.

Обезбедувањето на четите за време на престојот во селата било добро организирано. Кога престојувале агитационите чети, обезбедувањето го вршела селската чета која поставувала стражи надвор од селото. На стражата и бил забранет разговор, пушење, кашлање, спиење итн. Стражата имала задача постојаност да известува за се она што ќе забележо. Секое село имало организирано служба за набљудување. Сите селски чувари на добиток, шумски работници и други лица имале задача по најбрз пат да го известуваат селското раководство за се што ќе забелеат.

Четите секогаш се движеле во колона по еден (борците еден по друг на растојание од 4 чекори), војводата (старешината на четата) бил на чело на колоната, а напред редовно била истурана патрола. Борците го носеле оружјето во раце. Разговор, пушење и излегување од строј било забрането. По секој 1-2 часа движење имало мали одмори, но и тогаш востаниците, главно, го задржувале маршевскиот распоред. Мерките за безбедност и маршевскиот распоред за време на маршот на четите им овозможувало готовност за борба.

Познати се редица борби на четите при опкружување под мошне тешки услови и против неколку пати понадмоќен непријател. Во такви случаи најчесто доаѓала помош од соседните села, со што обрачот успешно би пробиван. Во многу случаи четите воделе бора до уништување. Таков е случајот со четите на Патчев, Марков, Сугарев, Узунов и други и четата на Крсте Асенов, која била опколена во Аматско Блато,

каде издржала еден месец во борба. Дути откако останала без муниција и храна го напуштила селото и незабележано се пробила низ обрачот на турските војници. Војводата Јордан Пиперков, опколен во село Брезово, успеал сам со борба да се пробие, иако на помош[40] се упатиле четите на Арсов и Сугарев. Слични случаи имало во Ресен и Преспа.

"Ние ќе водиме секојдневни и разновидни акции преку кои вооружената борба системски ќе ја засилуваме и шириме по просторот. Да се водат борби кога востаничките сили ќе имаат услови, и да се избегнуваат фронтални судири".[41]

За тактиката на востаниците интересни се забележувањата на Груев: "Ние треба да ги чуваме и силите и муницијата, зашто Германија со нејзините Крупови фабрики нема да ни испраќа муниција. Од друга страна да не мислиме дека ние сакаме на јуриш да ја скршиме турската сила. Ние станавме не затоа од, Маузерките да излезат подобри нашите мартинки и гра пушки купени со златниците скинати од накитот на нашите мајки и сестри, туку да им кажеме на сите во светот дека Македонецот го презира ропството и дека е готов да го откупи тоа презирање со цената на своите најмили".[42]

Според Герџиков востанието во Одринско било замислено така што секој реон да започне самостојно дејство. Без координиран план, Герџиков, Икономов и Маџаров со по 60 борци извршиле напад на три места. Плановите за напад биле доста површни, некоординирани и им

---

40) Треба да се истакне меѓусебната помош и содејство.

41) Г.Петров, Спомени..., 131.

42) Хр.Силјановъ Освободителнитѣ борби въ Македония, Томъ I, София, 1928, 289.

оделе во корист на турската војска. Не дошло до обединето командување и создавање на поголеми воjнички формации. Тоа мошне негативно се одразило во текот на Илинденското востание. Секој револуционерен округ самостојно и независно во поглед на времето, просторот и начинот вршел подготовки, што довело до лоши врски меѓу четите и комитетите, но основен облик на вооруженаta борба бил партизанскиот облик на вооружена борба. Тој започнувал со помал интензитет и постепено растел и се развивал, за да се даде поголема иницијатива на комитетите, а четите да отпочнат со поголема борбена активност ширум земјата, со цел да се нанесуваат загуби на турската власт и преку една таква борбена активност да се калат и четите на Организацијата.[43] Оваа идеја Ѓорче Петров, во своите спомени, ја образложил како перманентно востание се додека не созреат објективните услови и не се создадат поповолни надворешни услови за општо востание. Во такви услови ТМОРО ја изградувала својата предвостаничка тактика и ги вршела подготовките за идното востание.

Основно тактичко начело било да се избегнуваат фронтални битки, а да се водат борби во кои предност би имале востаничките сили, а во одлучна битка да се премине тогаш кога востаничките сили ќе ги имаат сите услови за успех. Фронтални судири барала спротивната страна. Тоа е изразено во зборовите на турскиот комесар во Софија... "Што народ се тоа Македонците?... Божем се борат против нас, а ние немаме пред себе си определен непријател за да си ги премериме силите".[44]

---

43) Четите да ги рушат сите објекти што им служат на Османлиите-железниците, мостовите, фабриките, работилниците, складовите и да го оневозможуваат собирањето на даноците и другите давачки" и сл.

44) МАНУ-ИНИ: "Гоце Делчев и македонското национално револуционерно движење, Скопје, 1973, 31.

Низ оваа формулација на непријателот на турскиот конзул се рефлектира сосем јасно концепцијата на ТМОРО за стратегијата и тактиката на вооружената борба. И искуствата од НОВ и револуцијата, како и ослободителните борби на Алжир, Виетнам, Ангало, Замбија и др.во потполност ја покажуваат правилноста на оваа концепција.

4. Концепцијата, стратегијата и тактиката усвоени на Смилевскиот конгрес за вооружено востание

Во оценувањето на основните стратегиски и тактички определби на Организацијата за Илинденското востание, треба да се тргне од платформата, целите, стратегијата и тактиката на ТМОРО, содржани во Уставот и другите нормативни документи до Солунскиот конгрес во 1903 година. Во својата десетгодишна работа Организацијата успеала да го разгори револуционерното движење за ослободување на Македонија. Во такви услови македонските субјективни сили се повеќе се осветувале и доаѓале до сознание дека најнепосредна револуционерна, општествено-историска задача на Организацијата е подготвувањето на сите патриотски сили за демократска национално-ослободителна револуција.

Условите за востание во 1903 година се разликувале од сите претходни во кои македонскиот народ, па и останатите народи пошироко на Балканот воделе востанија и борби за своето ослободување. Меѓутоа, во 1903 година се уште не биле созреани објективните услови. Надворешнополитичката состојба била неповолна и не давала изгледи за успех на претстојното востание. Европските сили настојувале положбата во Отоманската империја да не се менува, а балканските држави имале единствена

цел да ја зграбат Македонија, пред се поради нејзината многу значајна географска и политичка положба на Балканот.[45] Таквите интереси особено ја отежнувале положбата на македонскиот народ. Соседните балкански држави како да заборавиле дека меѓусебно се помагале кога воделе борба за своето национално ослободување. Во ослободителната борба на македонскиот народ тие по секоја цена тоа го попречувале со цел да ја приграбат и распарчат етнографска Македонија. Тоа го потврдиле балканските војни и Првата светска војна. Треба да се истакне и тоа дека другите поробени народи во составот на Отоманската империја (Албанците, Ерменците и другите) не биле поврзани со напорите на македонскиот народ. Тие врски останале како желба, не го достигнале степенот на сојузништвото, поради што во случај на востание не можело да се смета на нивна помош.

Од друга страна Турција во овој период е многу позајакната и поподготвена за задушување на секој отпор во крв. Нејзината војска била солидно организирана, опремена, вооружена и пополнета со школувани и искусен војнички и старешински кадар, посебно гарнизоните и ефективните на Балканот, Македонија и Санџак.

Сето ова покажува дека во 1903 година не постоеле поволни надворешни и внатрешни услови за востание. Поради тоа и одлуките на Солунскиот конгрес за објавување на општо-стратешко востание во Македонија не се засновуваат на реални услвои и претпоставки, со што биле

---

45) Историја на македонскиот народ, книга II...,211-215.

направени крупни отстапувања во основните принципи на воената доктрина, со далекосежни последици за востанието.[46]

Стратегијата на Илинденското востание практично ја изградиле членовите на ЦК на ТМОРО кои се наоѓале во задграничното претставништво и Главниот штаб. Тие се содржани во одлуките и решенија на Смилевскиот конгрес, кој најконкретно и најкомплексно се бавел со подготовките за востание и на кој јасно биле дефинирани обврските, правата и должностите на субјектите за постигнување на поставените цели.[47] Одреден бил обликот и начинот на водењето на востанието, определени условите и времето на почетокот на востанието, утврдени средствата и формите на борбата, определена организација на вооружените сили, начинот на мобилизирањето, групирањето, обуката, заднинското обезбедување, тактичките постапки, а дадени се појаснувања и по други прашања. Согласно со тоа конгресот предвидувал:

1.- Целокупните подготовки на воено-политички план да се спроведуваат квалитетно и во строга тајност (конспирација) од разузнавачката служба и од другите противници на македонското револуционерно движење.

2.- Вооружените сили, вклучувајќи ги во нив и излезните востнаици, во секоја околија да се организираат по неколку чети со јачина од 30-50 борци, зависно од месните прилики и борбените потреби,

---

46) Сите специфичности и ставови врзани за востанието, а третирани на Софиското советување и Солунските одлуки се обработени во вториот дел од темата

47) Види глава V, Смилевскиот конгрес (ги прифатил Солунските решенија) избрал Главен востанички штаб, штабови на револуционерните реони, усвоил неколку одлуки, донел дисциплински устав и го овластил Главниот штаб да ја определи датата за востанието.

со цел да се зачуваат востаниците, селата и селското население, како најважна база на востанието.

3.- Востанието и востаничките дејства да отпочнат ненадејно, едновремено и општо на целиот македонски простор само во вооружениот дел на народот, со цел да се постигнат значителни воjнички резултати во почетната фаза од развојот на востанието кое што позитивно би се одразило на моралот на востаниците и на народот.

4.- Востаничките дејства да се водат преку партизанска борба со примена на разновидни тактички форми што ќе предизвикаат поголем ефект кај народот. Востаничките сили да не се впуштат во долготрајни одбранбени борби, а посебно не со надмоќните непријателски сили. Инсистирано е да се разјасни и разбере партизанскиот народ на воjување.[48)]

5.- Востанието требало да биде долготрајно, со временски прекини во зимскиот период. Тоа време требало да се користи за подготвување за натамошни дејства во пролетта. Со тоа се сакало да се предизвика надворешна воена или порадикална дипломатска интервенција кај европските земји, која би ги ставила почетните основи на автономна Македонија. Меѓутоа, фоицијална Европа, како што е познато ниту во еден момент не посакала сериозно да се ангажира за разрешувањето на македонското прашање.

6.- Да се штеди силата на востанието и неборечкото население, а од судна одбрана на селата се предвидувала само при напади од башибозукот.

---

48) ИНИ, Илинденски зборник, 1903-1953, Скопје,1953, 1518. Види: Прилог бр._____.

7.- Востаничките дејства да се насочуваат на помали турски гарнизони, воени магацини, државни установи, помали военополициски одделенија, чифлички конаци, ликвидирање на злогласни поединци, врз турскиот башибозук, рушење на мостови, патишта, тунели, телеграфски линии, поштенски станици, рудници и други објекти од турската инфраструктура.

Во однос на тактиката во подготовителниот период посебно внимание било посветувано на поединечната и колективната обука, познавањето и употребата на оружјето, движењето, максирањето и моралнопсихолошката подготвеност и на партизанските начини на водење на вооружената борба.

При изведување на востаничките дејствија се препорачувало:

1.- Избегнување на оворени судири со надмоќните турски воени сили.

2.- Заштита на востаничктие чети од ненадејни дејства на непријателот.

3.- Примена на заседни и препадни дејства по турските движечки колони.

4.- Изведување на маневи со блокирање и надворешно обезбедување на акцијата од можни интервенции на непријателот и негова изолација.

5.- Четите низ сите акции требало да останат тајни, невидливи, со висок степен на дисциплинираност и мотивираност во изведувањето на акциите.[49)]

---

49) На ваквите тактички дејства Турците ги преземале следните противмерки:
- востаничките дејства да се држат постојано под контрола и да се дозволи нивно поврзување и ширење;
- да се обезбеди полна контрола над македонското население во селата и градовите да се спречи ширењето на востанието и снабдувањето на востаничките сили со оружје, муниција, облека и др;
- да се вознемируваат вост.сили и приморат на трошење на муниција, храна и др.со цел да се намали нивната борбена способност

Односот на востаничките сили спрема мирното турско и муслиманско население било политичко прашање и тоа најдобро го дефинирал Дамјан Груев со овие зборови: "Турчин или христијанин тоа е безразлично, ако не прави зло не смее ни влакно да му падне од главата.[50] Овој став на Д.Груев бил усвоен од Конгресот и го изразувал континуитетот во неговата општа меѓунационална политика, а бил внесен и во Востаничкиот дисциплински устав, усвоен од Конгресот. Во него со закана од смртна казна се забранувало секое мородерство, пијанство, блудничење и силување на жени.

Главниот штаб за сето тоа време на востанието останал во реонот на Смилево, освен Б.Сарафов и А.Лозанчев кои посетиле некои подрачја во Охридско и Кичевско, но без многу полза за реонските раководства, а Даме Груев за цлео време на востанието останал во поширокиот реон на с.Смилево. Штабот за сето време на војувањеот, поради кусото време и неединството не создал никаква поголема тактичка единица како своја главнина со која би можел да се движи низ востанатата територија и да се најде онаму каде што било најпотребно. Во тие услови се покажало како неминовно создавањето на поголеми тактички единици, маневарски оспособени за војување таму каде што е потренбо, бидејќи само на тој начин можело да се сочува иницијативата и офанзивниот дух на востаничките сили, како основен услов за нивно постојано нараснување и постигнување на нови успеси. Штабот во текот на востанието ја задржал организацијата на востаничките сили на ниво на чети од по 50 луѓе, кои биле приврзани за сопствениот реон, и не преминал на повисока

---

50) Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ, Животъ и дѣло, София, 1943, 99.

форма на воено организирање, освен во неколку поголеми борби каде што четите се здружувале во одреди. Неговата функција практично била сведена на еден просечен реонски штаб. Затиле, исто така, и врските меѓу Главниот штаб и реонските оперативни штабови на востаничките одреди во округот.[51] Поради ваквите состојби Штабот не може да извлече поука и искуство од борбите во тие реони. Практично не било воспоставено потребното комуницирање на Главниот штаб со пониските штабови. Силите и акциите останувале расцепкани и не воделе кон извојување на покрупни победи. Бројната предност и успесите во реоните на битолскиот округ не биле искористени.

Постојните сознанија упатуваат на заклучокот дека во сите реони и кај сите војводи не постоел јасен план за востаничкото војување, а посебно кгоа реонските штабови во востанието биле оставени сами на себе. Секој реон во округот сам за себе изработувал востанички план, сам тргнувал во неговата реализација, сам создал слободна територија и сам ја бранел во текот на османлиската противофанзива. Во поткрепа на ваквиот став може да се наведе следниов пример: на 28 јули 1903 година Охридското началство го добило прогласот за востание упатен до Главниот штаб и презело мерки за негово спроведување во дело. Началството се состанало во Брежанските Гори и донело решение за кревање на востанието. Овој план го подготвил Христо Узунов и истиот е пронајден во еден негов бележник кој со другите материјали го собрал и сочувал неговиот пемал брат Ангел - пронајден во неговата сазоставштина. Планот е

---

51) Костурските, охридските, преспанските и прилепските востаници и покрај напорите за воспоставување на врски и добивање на инструкции во тоа не успеале.

скициран во 14 точки со определување на задачите на секоја одделна чета во реонот.

Територијалната организација на востаничките сили, настаната во почетната етапа на востанието, со своите успеси го поттикнало борбеното расположение на народот, кој во процесот на ширењето на ослободените територии го земал оружјето, стапувал во свои локални чети и со постигнатите победи ги подгревал надежните за скорешна победа. Тие формации, по начинот на настанувањето, карактерот на својата внатрешна организација, начинот на снабдувањето, методот на борбените дејства и сфаќањето на боречката маса бле цврсто врзани за територијата за која настанувале. Во нив преовладувале менталитетот на селските маси, нивната исконска сврзаност за своето семејство и својот крај, нивната наклоност кон колебање во случај на први неуспеси и поголеми тешкотии.

Христо Настев, горски началник во леринско, причините за тоа ги согледал и во изборот на раководниот воено-востанички кадар, што не ја оправдал довербата и не можел да ја исполни својата задача, односно успешно да раководи со востанието. Бројните горски началници биле принудени по своја иницијатива, план, проценка и разбирање и според случајот и теренот да преземаат акции и да ја водат борбата со неизбежаните и слабо вооружени чети. Продлабочените истражувања се повеќе ја потврдуваат веродостојноста на оценките на Хр.Настев.

Меѓутоа, и покрај овие слабости штабот влијаел како врховно раководно тело на округот преку издадените циркуларни упатства, како што бил "Протестниот меморандум", кој преку П.Дорев бил предаден на конзулите во Битола. Овој акт зборува за тешката ситуација во која се нашол Штабот и барање извесне помош од надворешни фактори. Во тие

денови Штабот издал и едно друго упатство до реонските штабови, со кое барал во поголеми судири да се створат услови во кои ќе можат четите и да отстапуваат. Во почетокот на септември уследила наредбата со кој се барало населението да слезе од планините, зашто османските власти објавиле дека ќе ги горат испразнетите села.[52] Турската против-офанзива била репресивна, пљачкашка и разурнувачка. Таа ги деморализирала востаниците. Дошло до отстапување од усвоената концепција за развојот и водењето на вооружената борба, бидејќи и востаниците и раководните сили запаѓале во безизлезна ситуација. Загубата на слободните територии значела загуби ни битките. Ваквото гледање на Главниот штаб зборува за малодушноста и несигурноста, како и честото отстапување од партизанската тактика. Со тоа Главниот штаб бил соочен со суровата стварност, пагајќи во тешка деморализација. На состанокот во с.Слоештиа се расправало за актуелната ситуација. Било договорено да се бара помош од Бугарија. Сличен апел за помош бил упатен и до српскиот конзул во Битола. Се размислувало и за прекин на борбите за општа демобилизација, а по една недела била донесена и одлука за расформирање на единиците. Конечно, на 2 октомври 1903 година, во коријата над с.Смилево, штабот ја издал наредбата за прекинување на востанието. Сето тоа дошло како резултат на непочитувањето на стратегијата и тактиката прифатена во подготовките за востание. Штабот не успеал да ги заштити демобилизираните востаници, ги оставил на ветувањата на конзулите и на милоста и немилоста на османлиите.[53]

---

52) Л.Джеровъ, Спомени, Софиа, 1926,20

53) В.Трифуновъ, Нашата демобилизациа„Сборникъ Илинденъ 1903-1927" Софиа,1927, 87-88.

Одлуката за растурање на востаниците и емигрирањето на раководниот кадар во Бугарија внела уште поголема деморализација и несигурност во сите средини. Востаниците не сакале да го положат оружјето и барале продолжување на борбата. Борците во сите реони со плачење се разделувале од четите и оружјето. Потресен е примерот на востаниците од с.Болно (Ресенско). Откако Славејко Арсов им ги одзел пушките останале како скаменети во планината каде што утредента аскерот ги нападнал и до еден истепал.[54] Селаните од с.Боишта со горчина и ирониja му се обратиле на Д.Груев: "Кај сте бре брака, нели клетвата е дадена за до крај".[55]

Анализата на борбените дејства покажува дека било можно: да се обезбеди организирано повлекување на востаничките сили, без тоа да предизвика длабоки потреси, силни одливи, растројувања на востаничките сили, колебање и појава на деморализација во народот. Во ваква ситуација и услови Востанието требало да премине од "крупни акции" на "ситни акции", на разгорување на перманентна војна, со побрз подем на воените дејства во другите револуционерни округи. Штабот требало да изврши реорганизација на силите и да премине кон долготрајно партизанско војување во духот на идеите на Гоце делчев, Г.Петров па и Одлуките на Смилевскиот конгрес. Но, штабот не покажал доволно слух и енергичност за партизанско војување, туку наредил прекин на дејствата и заминување од земјата на нејзините најборбени синови и

---

54) „Тие не мрднаа оттаму: "Без пушки, без леб, без имот, за каде сме?" ми велеа", С.Арсов, Спомени, 133-134.

55) А.Стефановъ, Спомени...,21.

ќерки. Единствено Даме Груев правилно ја оценил незавидната положба по крахот на востанието. Тој пропагирал ново востание кога ќе се оцени дека времето за тоа е погодно. Истакнувал дека борбата не е завршена, дека таа треба да продолжи се до конечното уништување на тиранинот.

Од анализата на борбените дејства може да се констатира дека еден дел од единиците-четите (Крушево) не дејствувале во согласност со ставовите и решенијата содржани во општиот план за востание, усвоен од ЦК на ТМОРО и Смилевскиот конгрес, со кои се препорачувало востаничките дејства да се водат преку партизанска борба, а востаничките сили да не се впуштаат во долготрајни одбранбени борби, особнео не со надмоќните непријателски сили. Од изнеснеото може да се констатира дека неславно завршила една стратегија и тактика која била поставена на релативно добри и одржливи принципи, но поради слабостите во командувањето и неследењето на борбената ситуација, посебно се несоодветното учество на соседните округи и реони и непреземањето на благовремени мерки од страна на Главниот штаб, востанието било осудено на пропаст.

IV ДЕЛ

ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТМОРО

Историското искуство покажува, а современите услови и натаму тоа постојано го потврдуваат, дека ниту едно прогресивно-револуционерно, национално-ослободително или слично движење не може да ги оствари своите основни цели доколку не располага со сопствени вооружани сили - со сопствена револуционерна војска. Ова целосно важи и за ТМОРО. Заради тоа, таа уште од самиот почеток покренувала и правела обиди за рзарешување на многу прашања од организацијата на вооружените сили и тактиката на борбените дејства. При тогашните тешки услови и скромниот развој на воената мисла и сознанијата од областа на воената наука, се разбира дека е непотребно да се нагласува какви тешкотии и пречки во овој поглед требало да совладува национално-ослободителното движење на македонскиот народ.

Од документите на Организацијата и од досега објавените материјали, прилози и студии на научните работници, во кои се разгледувани повеќе прашања во врска со создавањето, развојот и функцијата на воената организација, може недвосмислено да се констатира дека процесот се одвивал во исклучително неповолни услови. Европските сили не биле заинтересирнаи за решавање на македонското прашање, балканските земји правеле планови како да ја поделат Македонија, Организацијата дејствувала во услови на строга илегалност спрема турската власт, а кон

сето ова треба да се имаат предвид и мошне неразвиените еконосмки, материјални, кадровски и други услови во кои се наоѓал со векови огработуваниот и осиромашен македонски народ. Во таквите сложени услови ТМОРО правела огромни напори за подготвување на населението за претстојното востание и за ширење на воената организација насекаде каде што било остварено политичкото организирање.

Воената организација е изградувана врз основа на стекнатите искуства од претходните востанија и многубројните организирани и стихијни отпори на поробениот македонски наорд. Тоа бил тежок процес во кој востаничката војска е создавана низ тешка и крвава борба од голораки родољуби од градовите и селата на Македонија. Во тие услови се настојувало да се постигне проширување и сплотување во редовите на вооружените единици во согласност со политичките и воените цели на концепцијата и стратегијата на ТМОРО.

За да може да се разгледа воената организација со сите нејзини карактеристики, местото, улогата и значењето во текот на Илинденското востание, потребно е најнапред да бидат согледани и оценети условите во кои се појавија четите; концепцијата за нивното формирање; стратегијата и тактиката на четите; правно-нормативните регулативи; организациско-формациската структура на четите; задачите на четите; раководењето со четите; човечкиот и материјалниот состав на четите; востаничката обука на четите и тактичко-оперативните работи, информативно-посредничката и пропагандна дејност, административно-судската дејност, како и низата пречки во развојот на четите и нивниот општествен и национално-ослободителен карактер.

1.- Услови за појава на четите

Идеолозите на ТМОРО уште од првите години на национално-ослободителното и револуционерното движење ја осмислувале идејата за создавање на ударна сила на Револуционерното движење, за создавање на сопствени револуицонерни чети како природни развојни никулци на идната револуицонерна армија. Со стапувањето во редовите на Револуционерната организација скеој член, автоматски станувал потенцијален борец во четите на ТМОРО.

Во поглед на создавањето на чети во Македонија постоела повеќевековна традиција. Се разбира, тогаш четите биле ајдутски или пак формирани при подготвување на соодветно востание. Во текот на XIX век, а особено по Руско-турската војна од 1878 година, во услови на неподнослив економски и политички режим, создавањето на чети во Македонија било во силен подем. Четничката активност во тој период од својот развој имала две карактеристични етапи. Во првата етапа таа била главно стихијна и недоволно организирана. Во втората етапа се одликувала со поголема организираност и осмисленост, со идејност и разработена концепција за нивниот развој, повисоко организирање и нивно прераснување во организирана револуционерна вооружена сила. Во оваа етапа дошло и до засилување на великобугарската активност.

Тогашните акции обично биле арамиски, пљачкашки или организирани за лични освети.[1] Тие не биле раководени од идејни или,

---

1) К.Прличевъ, Видове четничество, „Сборникъ Илинденъ 1903-1927", София, 1927, 13-15.

патриотски цели. Револуционерните чети произлегувале, помалку или повеќе од постојните арамиски чети речиси во сите делови на Македонија. Карактеристично е дека од тие ајдутски чети, голем број ајдути (Стојан Донески во Леринско и Битолско, Ордан Пиперката во Кичевско и Железник) пристапиле во првите чети на Револуционерната организација. Постепено било надминувано вооруженото ајдутство (поединечно и групно) и дотогашната расцепканост и неповрзаност на вооружените групи и дружни. Уште во 1881 година Турците во Охрид откриле револуционерна организација. Подоцна во целиот битолски крај се појавиле самостојни здруженија наречени "КОМПАНИИ", кои главно се бореле против разбојничките банди.[2] Организаицоно преформирани овие компании биле наречени "револуционерни комитети". Во 1885 година Ѓорче Петров во Штип формирал еден таков комитет, во чиј состав влегле 45 лица.[3] Во истиот период се појавиле самостојни чети речиси во сите делови на Македонија. Подоцна Ѓорче Петров, Пере Тошев и Дамјан Груев формирале револуционерни комитети во Солун, Битола, Прилеп и други градови.[4]

Во 1893 година, со формирањето на МРО, конкретна одлука не била донесена за воено-организационото оформување на револуционерните сили. За воени цели биле ползувани постојните чети, кои со својата снаодливост и храброст биле ползувани како егзекутори, курири, пренесувачи на оружје и сл. Се појавиле и чети со соодветна воена вештина кои извршувале специјални терористички задачи без постојано

---

2) Ѓорче Петровъ, Спомени, София, 1927, 17-18.

3) Истото, 8-9.

4) Дамјанъ Груевъ, Спомени, София, 1927, 9.

седиште.[5] Меѓутоа, од година во година вооруженото организирање се остварувало се помалку како спонтан отпор, а се повеќе во рамките на ТМОРО. Богатата традиција била гаранција дека Организацијата ќе може да создаде сопствени револуционерни чети кои во секој поглед ќе бидат на повисоко рамниште од четите во поблиското или подалечното историскоминато.[6] Ставовите и погледите на Организацијата во однос на формата на воената организација, организацискиот развој на четите, местото, улогата и задачите, внатрешните и меѓусебните односи на раководните органи на Организацијата и вооружените структури, како и другите прашања во врска со развојот на вооружените единици, станале основна обврска на Организацијата.[7]

Првите чети на ТМОРО се појавиле во Македонија во 1898 година, кога Внатрешната револуционерна организација ја напуштила веќе "тивката организаторска дејност и стапувала во период на бурната-револуционерна".[8] Тогаш практично започнала вооружената борба против феудалното и политичкото угнетување вршено над македонскиот народ од сите органи на власта во султановата држава. Времето за започнувањето на вооружената борба се уште не било дојдено, но неа ја наложиле новите услови создадени со Виничката афера, Солунската провала и Горноџумајското востание.

Во новите тешки услови по Виничката афера Македонската револуционерна организација навистина можела да биде уништена, доколку

---

5) Хр.Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ I, София, 1933, 97-98.

6) Историја на Македонскиот народ, книга II, 1969 год.Скопје,185.

7) Решение на општиот конгрес на ВМРО, „Македонско-одрински прегледъ", I/19, София, 1906, 1-2.

8) Македония и Одринско ...,26.

во револуционерните чети не нашла сигурна основа и заштитник за зачувување на сопственото битие. Интересна е оценката дадена во Мемоарот на Внатрешната организација во врска со појавата на првите чети на македонскиот народ и на неговата револуционерна организација:

"Со така организираните чети, тајната револуционерна организација, што живееше врз легални начела, какви удари и да добиеше ослободителното движење не ризикуваше да биде уништено, зашто на четите, што биле нелегални, им претстоело да го зајакнат почнатото дело и неранливи од ударите на турската власт, успешно да го продолжат. Настаните што следеле красноречиво ги докажале неоценливите заслуги на четите за ослободителното дело, кога речиси целата македонско - одринска интелегенција ги наполнила турските затвори и тврдини, кога голем дел од незатворените легални дејци биле подложени на систематско гонење и поставени во неможност да ја продолжат својата работа, четите се оптоварile со сета организаторска дејност и неранливо ја продолжиле. И така, главната должност на четите била да го спасат ослободителното дело од погубувањето, подготвувано од власта".[9]

Појавата на првите чети на Револуционерната организација биле вистинско изненадување за османлиската власт, особено за војската и полицијата, зашто тие чети не личеле на некогашните ајдутски дружини, кои речиси секогаш се распрснувале доколку им загинел предводникот. Развојот на настаните и на самото вооружено комитско движење, наскоро покажале дека положбата со вооружените чети е сосема поинаква. Именно на местото на секоја уништена револуционерна чета на ТМОРО се

---

9) Истото, 27.

јавувале по две или повеќе нови чети. Македонскиот народ веќе располагал со завиден борбен морал и со свеста дека ќе бара големи и бесценети човечки животи и материјални вредности.

Од друга страна, појавата на револуционерните чети на национално-ослободителното движење била мошне корисна и за натамошното зголемување на авторитетот на ТМОРО, за зајакнувањето на вербата на македонскиот народ во сопствените сли. Тоа било во спротивност со сфаќањето на врховистите кои ги потеценувале ослободителните можности на македонскиот народ, сметајќи дека Македонија може да биде ослободена само од странски армии, мислејќи тука пред се на бугарската. Тоа било од значење исто така и за натамошното калење на неговиот борбен морал, без кој што секое ослободително движење е осудено на пропаст.

Првото реагирање на османлиските власти на појавата на револуционерните чети бил обидот да ги уништат четите уште на самиот почеток, непосредно по нивното појавување во одделни реони на Македонија. Власта не постигнала големи резултати со своите први зафати. Иритирана од неуспесите таа целиот свој гнев го истоварувала врз мирното население по незаштитените села. Ужасен и крвав терор бил истурен врз македонското население. Непосредно со зголемувањето на теророт над македонскиот народ се зголемувал и бројот на револуционерните чети кои биле се подисциплиирани, воено поподготвнеи, похрабри и готови на секаква саможртва за доброто на сопствениот народ и сопствената земја.

За овој вонредно бурен и динамичен период на национално - ослободителната борба на македонскиот народ, во Мемоарот на Внатрешната организација се констатира: "Во тие критични моменти, четите, како помошен дел на Организацијата, врз себе ја презедоа речиси целата рево-

луционерна работа, ја продолжија со голема енергија и ја спасија Организацијата од веќе почнатата гибел (пропаст). На тој начин револуционерната организација, под притисок на настаните, незабелжливо почна да го губи својот таен и легален карактер и да го прегрнува нелегалниот и јавно бунтовниот, наложен од новите услови, што ги создаде општиот терор на владата.

Среде тој бесен и разрушувачки терор, среде ужанси линшувања и маки, среде бури и крвје, организационите чети го продолжија великото ослободително дело, совладувајќи ги сите пречки, што официјалната турска власт ги издигаше на нивниот пат. Требаше да се претпоставува (како што претпоставуваше и самата власт), дека турскиот терор ќе избрише во душата на христијанинот секаков зародиш на слободољубив дух и дека ќе го врати кон онаа ропска сосотјба, врз која што се крепат сите деспотски режими. Ама теророт даде токму спротивни резултати. Место студенило, четите најдоа во народната маса широко отворени прегратки на напатена душа, готова на сите ризици и на секакви жртви. Четите се движеа триумфално низ срединаата на масата, ги утешуваа настрадaните, ги охрабруваат паднатите со дух, ги воодушевуваа оние кои ја изгубиле вербата во тржествувањето на правдата и трескавично ја подготвуваа маста кон вооружена смаорасправа... На тој начин великото ослободитлено дело, почнато од најкултурните и интелегентните луѓе во земјата, стана неодменлива сопственост на народната маса и за неговото погубување не можеше да станува ни збор... И почна борба жестока, борба за живот или смрт"...[10]

---

10) Истото, 79-80.

Според тоа, воената организација и вооруженото организирање биле присутни во секое село и населба, во градовите и целиот простор на Македонија и Одринскиот крај. Народот четите ги прифатил како свои, како весници на слободата, а нивната вооружена борба како средство за постигнување на слободата. Тие се развивале не само просторно, туку и вертикално. Сето тоа барало и соодветна концепција во понатамошниот развој на вооружените сили.

2.- Концепцијата за формирање на четите, местото и задачите на селската милиција

Патот на доизградувањето на четите како на непосредни носители на вооружената борба, од формирањето на Организацијата до избувнувањето на Илинденското востание, не бил ништо помалку трнлив од врвиците по кои Организацијата се движела кон својата политичка афирмација. Пред се, требало да се тргне од почеток, без средства за купување на оружје, без соодветен број кадри,[11] за воено обучување на членството, без поголема традиција во воена насока. Постоела само преголема љубов и неизмерна желба за создавање на сопствени вооружени единици. Практиката покажала дека и ова било доволно за да ја поттикне Организацијата да започне со создавање на својата борбена сила.

При разгледувањето на основните концепции за формирање на четите треба да се појде и од фактот дека под раководството на ТМОРО

---

11) Организацијата сметала напремин на извесен број Македонци од странските воени училишта и нивно вклучување во воените оружени формации.

се разгорело револуционерното движење за ослободување на Македонија во кое уште од самиот почеток основачите на ТМОРО веќе во првиот Правилник (Устав, Статут) ја посочиле како основна цел извојувањето на целосна автономија на Македонија преку револуција, а не со реформи, културно просветни и слични зафати, акции и промени. Основоположниците на Револуционерната организација на визионерски начин го предвиделе натамошниот растеж на почнатото национално-ослободително движење што се манифестирало низ фактот дека прогресивните субјективни сили на македонскиот народ се здружувале и прераснувале во една општествена-политичка сила способна да се стави на чело на масите во текот на претстојниот судир. Таквата политичка концепција, се разбира, барала и една квалитативно нова воена стратегија и тактика. Меѓутоа за самата примена на новата револуционерна стратегија и тактика требало да се изгради и соодветна правна регулатива.

Неполна година по основањето на ТМОРО, на 15 август 1894 година, на Ресенското советување веќе се зборува за вооружување на народот и за создавање на вооружени сили на Организацијата. По појавата на првите вооружени групи на МРО почнала да се вообличува и селската млиција по сите македонски села каде што постоеле комитети на МРО. Таквите комитети во текот на растежот ја прекриле скоро целата револуционера Македонија. Во селската милиција, наречена во некои трудови и изворни документи и како македонска народна милиција, биле вклучувани сите членови на МРО кои располагале со сопствено оружје. Милиционерите се занимавале со својата секојдневна работа, а оружјето го држеле засолнето во својата куќа или надвор од неа.

Селската милиција имала две основни задачи: 1) да биде готова за одбрана на сопственото слео од навлегување на помали непријa-

телски, разбојнички, пропагандни и слични вооружени групи и 2) веднаш да тгне на помош на опкружена македонска револуционерна чета и со напад од тил да помогне во разбивањето на опсадата и извлекувањето на борците на четата, од опкружувањето. Првата задача со успех ја исполнувале милиционерите на најголемите и најдобро организираните македонски села. Оваа дејност добила уште поголемо значење по Илинден 1903 година кога во Македонија почнале да навлегуваат странски вооружени пропагандни единици (чети), испраќани од страна на соседните слободни балкански монархии (Србија, Бугарија и Грција).

Во остварувањето на втората задача учествувале револуционерните милиционери и од малите и од големите села. Начинот на нивното активирање во случај на голема загрозеност за некоја чета, бил следниот: брзи курири, често на коњи, јавувале во селото дека аскерите и башибозуците опседнале македонска чета во одредена месност. Во селата кад еимало цркви удирале камбаните, а членовите на месниот комитет со викање соопштувале за настанот. Веднаш потоа сите милиционери, штом ќе го слушнеле повикот, ги оставале своите работи и сеупатувале кон месноста на борбата. Патем им се приклучувале и оние кои работеле по нивите. Сите тие ги носеле своите пушки со себе во полето кои таму ги засолнувале, за да им се најдат при итна потреба.

При наближувањето кон местото на борбата милиционерите почнувале со стрелба и со викање: "Ура! Ура" како и со зборови на поткрепа: "Држете се браќа! И ние сме тука". При опсадата на четата на Славејко Арсов (во Преспа) со трчање му пристигнале на помош милиционери од Демир Хисар (Железник) и со силен удар во тилот на аскерите

го пробиле обрачот и помогнале четата да се спаси.[12]

Селската милиција имала и други задачи: се грижела за дисциплината, редот и безбедноста во селото, обезбеудвала постојани стражи околу селото, при ноќевање на чета во слеото, добивала повремено и наредба за егзекуција на предавници и внимателно ги следела движењата на аскерските еидници, за што ги известувала комитетите и чеите. Во текот на Востанието селската милиција била вклучена во четите и одредите.

На тој начин ТМОРО почнала во практиката да ја остварува концепцијата посочена уште од основоположниците на марксизмот за вооружен народ во македонски услови.

3. Стратегијата и тактиката на четите

Револуционерниот растеж на четите предизвикува нови непредвидени проблеми и наложувал нови задачи. Затоа, прашањето за воената стратегија[13] и тактика на вооружената борба се наметнала веќе по појавата на првите чети во револуционерните реони. Нивните дејства не останале незабележани од османската власт, кога ги прогласила за раз-

---

12) За вооруженоста на Македонските и селската милиција зборува и една песна за Ордан Пиперката. Имено, неговата жена му вели на брата му Орданот: "Браче ле, браче, Божине, собери мало, големо, Ордану помош да дајте".

13) Стратегијата како изграден систем на ставови, определби и гледања никогаш не е еднаш за секогаш и до крај изградена. Така мораме да ја прифатиме и стратегијата на ТМОРО - како сенародно национално движење. Стратегијата секогаш треба да биде во согласност со животот и објективните услови и постојано да се осовременува.

бојнички банди и како такви ги прикажувала пред странските дипломатски претставници и пред дописниците на странскиот печат.

Над четите постојано била надвисната опасноста да бидат откриени, опкружени и уништени од побројни потерни единици на османлиските аскерски единици. Таквата ситуација ја наметнала потребата уште од самиот почеток Централниот комитет, раководен од д-р Татарчев и Даме Груев да издаде директива за основање на чети во сите околии, кои во своето дејствување ќе ги применуваат правилата на герилската стратегија и тактика: напаѓање врз мали непријателски единици, отстапување пред поголеми воени единици и повлекување во друг реон, подалеку од матичното врталиште, потоа избегнување на судири во близина на македонски села и во нив и сл.

Револуционерната организација настојувала што подобро да ги координира воените акции, бидејќи четите уште не биле подготвени, воено обучени и силни за изведување на претстојните борбени дејства. Во периодот од 1893 до 1903 година стратегијат аи тактиката на македонските револуционерни чети произлегувала исклучително од нивните првични должности, што воопшто не им дозволувале да преземаат самоиницијативно каква и да била воена акција против османлиските единици, клучните сообраќајници, забележаните потери и сл. Нивното однесување било исклучително дефанзивно - самозаштитно. Четите на ТМОРО од 1898 до 1903 година имале право само да се бранат во случаи кога ќе бидат откриени од османлиските потери на воените или полициските единици, или пак од башибозуците. Па и во такви случаи им било наредено, по можност, да се повлечат и да ја зачуваат сопствената жива сила, толку неопходна за крајните ослободителни цели на Револуционерното движење.

Мемоарот јасно укажува на дефанзивната стратегија и тактика на револуционерните чети: "Должни сме да констатираме претходно, дека девет десетини од тие борби (меѓу османлиските единици и четите - Р.Д) ги предизвика турската власт. Во нив четите секогаш држеа заштитна положба. Тоа се должи на околноста, дека тие немаа задолжение да дејствуваат, а исклучително да организираат, и заради тоа, настојуваа да избегнат секаков повод за средба и судири, што секогаш се одразуваше со голема штета за делото".[14)]

При составувањето на плановите за вооружените дејства во одделни револуицонерни реони - месните раководители, согласно со одлуките на Смилевскиот конгрес се договарале за следните активности на четите.

- да извршат бројни уривања на сообраќајниците, мостовите, деловите на железничката линија, осамените железнички станици, телеграфските линии;

- да напаѓаат и уништуваат чифликсајбиски кули, како симболи на феудалниот поредок, што требало да биде надминато во текот на борбите;

- непрекинато да напаѓаат врз помали гарнизони, државни згради и помали воени единици со цел да ги уништат, а да ги избегнуваат судирите со многу посилен непријател за зачувување на живата сила на Револуцијата.

Во врска со прашањето за напаѓање врз големите градски населби (Битола и евентуално Скопје и Солун) било забрането преземање на

---

14) Македонија и Одринско ...,80.

такви акции, бидејќи Даме Груев ги сметал за авантуристички и опасни за христијанското население во вилаетските седишта, каде што биле сместени јаки гарнизони и имало голем број фанатизирани башибозуци, кои би можеле за одмазда да извршат колеж врз мирното и невооружено население, како што се случило на Ѓурѓовден во 1903 година, непосредно по солунските атентати.

Како исклучок биле одобрени акции против помалите гарнизони во Кичево, Клисура, Крушево, Невеска и Ресен. Борис Сарафов не се сложувал со тоа и барал да се нападне Битола, макар и со 500-600 души, иако во тоа време во градот се наоѓале елитните единици на Третата отоманска орда, составени од околу 30.000 аскери: пешаци, коњаници и артилерци, а и неколку илјади вооружени, најлоши башибозуци. Неговиот план бил отфрлен од Лозанчев и Груев, како опасен и нереален.

При дигањето на востанието и вооружената борба во востаничката 1903 година, востаничките чети претставувале територијалните единици кои воделе непрекината активност, гаеле офанзивен дух,[15] вршеле групирање од по 2-3 чети и обезбедувале помош, особено во случаите кога биле загрозени од непријателот поради опкружување и слично. За да можат да се реализираат овие одговорни и сложени задачи била воведена железна дисциплина како предуслов за успешно организирање на востанието, со што практично се поставени и принципите на субординацијата - едностарешинство, внатрешната цврстина, политичкото единство и борбениот морал. Овие принципи подоцна се среќаваат и кај В.И.Ленин, кој

---

15) К.Прличевъ, Видове четничество, "Сборникъ Илинденъ 1903-1827", София, 1927, 15-17.

вели дека без нив нема ништо друго освен смрт на секоја револуција - востание.[16)]

Според тоа, основната концепција на воената стратегија и тактика произлегува од познавањето на најсуштествените принципи на герилската стратегија и тактика, од концепциите кои ги дале Петров, Груев и Сандански кои се залагале за перманентно востание во Македонија, какво што, всушност имало во првите судири на првите чети со османлиските единици, зашто оттогаш немало веќе мир во Македонија за османлиската власт, а перманентното востание, кажано едноставно, значело постојани герилски дејства низ земјата.

На Смилевскиот конгрес решението за ваквата стратегија и тактика се потпирало врз член 2 од Уставот од 1896 година. Оваа определба на Организацијата е постојано присутна, а произлегувала од констатацијата и оценката дека народот не е подготвен за едно општо востание. Оваа оценка на Смилевскиот конгрес еволуира во позитивна смисла. Раководството се определило за таков облик на водење на востанието во кој постепено ќе нараснуваат вооружените сили. Тоа се определило за подолготрајни и поупорни акции, односно решително да се дејствува партизански,[17)] Меѓутоа, во Крушевската операција се отстапило од партизанскиот облик на водење на востанието, а е применет фронтален начин на војување. Од ова произлегува оценката дека партизанскиот облик на војување не бил доволно познат, сфатен, разбран и усвоен од одделни востанички раководства - штабови.

---

16) В.И.Ленин, Војна дела, том II, Београд, 1962,

17) Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1965, 445-453.

4.- Правно-нормативни регулативи за четите на ТМОРО

Македонското национално ослободително движење, кое во 1893 година го добило почетниот организациски облик, брзо бележи еволуција. Врз основа на сочуваните оригинални документи, а пред се, Уставот, Правилниците и циркуларите може да се анализира од повеќе аспекти, организацијата на револуционерните сили. Значаен извор претставуваат и поголемиот број спомени од македонските дејци, извештаите на конзулските претставници, мемоарот на ТМОРО од 1904 година и други документи.

Прашањето за воената организација се поставило уште за време на формирањето на Организацијата во 1893 година, но тогаш не била донесена конкретна одлука за воено-организациското оформување на воените сили. Меѓу другото се размислувало за идните воени кадри, а особено за оне кои се школувале во странските воени училишта. Поконкретно ваквите прашања биле регулирани со решенијата на Солунскиот конгрес од 1896 година.

Во врска со правно-нормативните регулативи за четите, како основен елемент на воената организација на македонското национално - ослободително и револуционерно движење, посебно место зазема Правилникот на ТМОРО, донесен на Конгресот во Солун 1896 година. Во него е прецизиран составот и должностите на Централниот комитет - глава I, член 1-2, составот и должностите на селските, околиските и оркужните комитети-глава II, чл.3-12, должностите на началниците на групите - глава III, чл.13, должностите на членовите работници-глава IV, член 14-23, кореспонденцијата - глава V, член 24 и 25, за тајната пошта -

глава VI, чл.26-30, тајната полиција глава VII, чл.31-37, казнената постапка-глава VIII, чл.38-41, вооружувањето - глава IX, чл.42-44, за материјалните средства на комитетот - глава X, чл.45-48. Со овие определби основна организациона клетка станала месната организација со месните комитети како управни тела.

Правилникот за селските чети, кој содржи три глави и 14 члена, го регулира составот, правата и обврските на востаниците и војводите и во голема мерка го разграничува воениот дел на административно-граѓанскиот, со што организацијата на четите уште повеќе се поставила на воена основа.[18)]

Врз основа на искуството од револуционерната[19)] практика, Централниот комитет во 1898 година донел одлука за расформирање на терористичките групи (чети), со директива место нив да бидат создавани околиски револуционерни чети[20)] за што било издадено упатство-окружница, составена од 14 директивни точки.[21)] Од тој момент четите стануваат органски дел на револуционерното движење. Без нивното постоење невозможно е омасовувањето на Организацијата и создавањето на искусни и верни револуционерни кадри. Правилникот за четите, како и спомнатата окружница, ги составил, како најверзиран во воената проблематика, Гоце Делчев. Тој и Ѓорче Петров на крајот на 1900 година

---

18) Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание,Илинденски зборник,1903-1953,ИНИ,Скопје,143-145.

19) Македонија и Одринско...,26.

20) Христо Матовъ, За своята революционна дейность,София, 1928,8-9.

21) Историја на македонскиот наорд...,II...,186,Ал.Христов,Организација македонских револуционара у предилинденским периоду (1893-1903),"Војно историски гласник",III/5, Београд,1952,120-121

составиле Правилник за околиските чети, за нивните дејства, права и должности. Правилникот за околиските чети претставувал важен чекор напред во организацијата на револуционерните сили. Со ова озаконување на задачите и задолженија на околиските чети се постигнало организациско средување на територијата од околијата. Постоење на други чети во околијата со овој Правилник не се предвидувало, секако заради почетната улога на околиските чети, чија задача била сондирање на теренот за пошироко организациско сполотување на револуционерните сили.[22)]

Правата и должностите на околиските чети и вршењето на револуционерната дејност е регулирана со Правилникот од 1900 година, кој содржи шест глави со 45 членови. Со него се озаконети задачите и задолженијата на околиските чети.[23)]

Покрај спомнатиот Правилник за околиските чети, посебно место зазема општиот Правилник за четите кој носи наслов "Упатство за четите". По својата содржина тој претставува дополнување на спомнатите правилници за околиските и селските чети, а се состои од 21 член. Со овие правилници се придонесло ТМОРО да добие воено-организациски систем. Озаконувањето на правата и задолженијата на револуционерните органи послужило за поставување на здрави основи на револуционерното дело. Со нив Организацијата ја раширила својата мрежа низ цела Македонија.

Познат е и Правилникот за селските чети, најден во архивата на П.Цветков. Овој правилник се состоел од три глави и 15 членови.

---

22) Х.Матовъ, Спом.дело, 10, ; Ал.Христов, спом.дело 121, Христо Андонов-Полјански, Одбрани дела V, Мисла, Скопје, 1980, 67-70.

23) Љ.Лапе, Нови документи за Илинденското востание "Илинденски зборник. 1903-1953..., 143-145.

Правилникот за селските чети ги обврзувал сите села да формираат своја чета од 7-10 селани вооружени со пушки и студено оружје, револвер, опинци и гуња. Селските чети ја составувале "активната војска на дадената околија", потчинета на околискиот војвода. Слични чети биле формирани во градовите. Селските чети секогаш пружале помош на околиските и на вооружените селани (народната милиција). Во селската милицијата биле вклучени сите возрасни членови на ТМОРО по македонските села. Во селската милиција не командовале војводата на селската чета, туку таа се наоѓала под непосредна воена компетенција на селските комитети на ТМОРО, како целина или под надлежност на лицето на комитетот задолжен за воени прашања (вооружување обука и сл.). Посебно значајно место во растежот и омасовувањето на четите имале терористичките групи и градските чети (составени од најхрабрите и најопитните членови на ТМОРО). Градските комитети ги назначувале војводите на градските чети.

Кон сето ова треба да се истакне и Востаничкиот дисциплински устав донесе на Смилескиот конгрес од 2-7 мај 1903 година во кој подетално се разработуваат најважните прашања за четите во услови на востание.[24] Уставот ги регулира сите права и должности на потчинетите и претпоставените во хиерархиски и субординациски однос што претставувало квалитативен чекор во подготовките за претстојното востание.

Внимание заслужуваат и повикот на ЦК на ТМОРО до муслиманското население[25], декларацијата на Внатрешната организација до

---

24) Документи за борбата на Македонскиот народ, за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, стр.393-396

25) Бл.Ристовски, досега непознат акт на Илинденското востание "Нова Македонија", 13-X-1970, стр.9

големите сили во Европа,[26] како и создавањето на револуционерната власт во Крушево и нејзината организација[27] до Крушевскиот манифест.[28]

Правно-нормативните акти претставувале израз на македонските актуелни потреби и на повеќегодишните идеи и содржеле здрави основи за иднината на Македонија. Сите акти идејно-политички биле цврсто поврзнаи и претставувале единствена целина која го претставувала политичкиот момент на ТМОРО. Тие имале внатрешен македонски национален, социјален, политички и воен карактер и произлегувале од битието на македонското национално-ослободително движење.

5.- Организациско-формацискатa структура на четите

Појавата на револуционерните чети на ТМОРО претставувала необично важен настан во постојаниот растеж на Револуционерната организација, зашто четите постепено прераснувале во воена сила на Организацијата, во народно-ослободителна војска, која заедно со селската (народна) милиција веќе била во состојба да го заштитува мирното население од многубројните вооружени муслимански разбојници, од самоволијата на чифликсајбиите и од странските платеници, кои им служеле на балканските буржоазии и на нивните империјалистички апетити во однос на Македонија.

---

26) Хр.Силјановъ, Освободителнитѣ борби на Македонија, София, 1933, I.стр.

27) Никола Киров-Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода, София, 1935, стр.48-50.

28) Никола Киров-Майски, Илинденъ, София, 1923, стр.36-38.

Во структурата на четите биле развиени следните организациски состави:

а) селската чета за секое село - како основна мобилизациска просторна единица во селото;

б) градската чета како организациска просторна единица во градот;

в) околиска чета како основна борбена и маневарска единица во рамките на околискиот револуционерен реон;

г) "Центрови" чети како маневарски единици за координирање на активностите на највисоко ниво.

Некои податоци спомнуваат "четнички институт" и "инспекторски" односно "ревизорски" чети. Таков четнички институт бил формиран во Западна Македонија на чело со војводата Марко Леринski. За изградбата на четничкиот институт, за омасовувањето и демократизацијата на МНОД зборува Н.П.Русински кој на 3716 март 1902 година бил назначен за организатор и војвода во демирхисарско и крушевско.[29] Во неговаа социјалистичка визија е истакната потребата од востаничка слобода, братство и еднаквост на сите угнетени. "Ние сакаме да создадеме од секое село и град едно семејство, од секоја околија една фамилија, а од сите поробени, братски сојуз, сојуз на социјалистичко општество.[30]

Четата на Гоце Делчев имала стуатс на "ревизорска" чета, која била во суштина орган на Централниот комитет и преку неа се воспос-

---

29) Никола Петровъ Страници отъ моя дневникъ за 1901 год. „Илюстрация Илинденъ", III/5 (25), София, 1930, 9.

30) Љ.Лапе, Одбрани текстови за историјата на макед.народ, II том, Скопје, 1976, 369.

тавуваат првите никулци на врховното раководење и командување.

Се претпоставува дека во Македонија имало околу 700-800 чети.[31] Тие биле организирани на територијален и доброволен принцип. На овој начин се покривала целата територија и се создавале поволни оперативни услови за мобилизирање, организирање и развој на вооружените сили (чети) и вооруженото востание во целина. Се создавала воена организација со висок степен на поопштествување на нејзиниот карактер.

На овој начин пред Организацијата се отвориле посветли перспективи во нејзините настојувања да го подготвува политички, а истовремено и воjнички, целокупниот народ за едно сенародно востание што требало да се крене во најпогодниот историски момент, при постоење на објективни услови борбата да заврши со успех и да доведе до конечната цел - кинење на феудалните стеги и организирање на демократски живот во ослободена Македонија.[32]

Меѓутоа, треба да се има предвид дека сета вооружена и воена организација на ТМОРО била во развој кој ни оддалеку не бил завршен. Организационо таа бла поставена како што е прикажано во прегледот бр._____.

а) Организациско-информацискатa поставеност на четите на Смилевскиот конгрес

Во документите на конгресот мошне значајно место му било посветено на прашањето во врска со организационото и формациското

---

31) Како се пробиваше вистината за Илинден 1903(„Словенец“ Љубљана 16.11.1903 год.).Нова Македонија од 8 јули 1978 год.

32) Кьосев Г.Дино, История на Макед.национално револ.движение, София, 1954, 119.

поставување на вооружените ефективи на Организацијата. Всушност, станало збор за конституирањето на посебни органи или тела основани заради раководење и командување на вооружените единици во услови на подготовки пред непосредното започнување на вооружените акции и во текот на нивното изведување. Во таа насока била изградена трајна структура со тристепена поставеност;

- вооружени чети (на чело со војводи, секретари, а во некои случаи и со подвојводи, составени од две или повеќе десетини со различна јачина;

- горски началства или реонски раководства (штабови, во состав од 3-5 членови), и

- главен штаб (од тројца челнови и толкав број заменици).

Ваквата организациона поставеност зборува за класичното организирање на ркаоводните и командните тела со јасно регулирана субординација.

На главниот штаб на вооружените единици од територијата на Битолскиот револуционерен округ, конгресот му ги поставил следните задачи:

а) да раководи и командува правилно со востанието;

б) да го назначи другиот ркаоводен и команден кадар на реоните;

в) да изврши распоредување на вооружените единици на Организација.[33]

Покрај овие обврски, Главниот штаб според одредбите на Востаничкиот дисциплински правилник имал и низа други прерогативи.

---

33) Љ.Лапе, истото 58.

Академикот Љубен Лапе овие овластувања ги систематизирал на следниот начин: "а) како врховно раководно тело на востанието ...; б) како единствен орган ополномоштен да влегува во врска со странци, внатре и надвор од Македонија ...; в) да држи врска со други побунети округи; г) да распоредува ... новопристигнати воени сили ... како и новопристигнато оружје; д) да врши промени во горските началства ... или да ги пополнува некомплетираните; е) на своја иницијатива или на иницијатива на повеќе од половината на горските началства да го свикува конгресот на округот; и ж) сам да ја определи датата на планираното востание.[34)]

Во еден поопширен коментар на седумте членови од Востаничкиот дисциплински правилник, кои што се однесуваат на правата и обврските на Главниот штаб, се гледа дека овој врховен орган имал за основна задача да раководи и командува со вооружените единици во Вториот, односно Битолскиот револуционерен округ, со цел да се постигне поефикасна употреба на живата борбена сила и оружјето на Организацијата,[35)] Во таа насока Главниот штаб имал за обврска што подобро функционално да ги пворзе и обедини сите реонски раководства (горски началства) во остварувањето на борбената стратегија и тактика на востаничките сили, односно во вооружените акции со непријателската војска и другите негови органи. Врз основа на ваквата поставеност, надлежноста на Главниот штаб ги опфаќала не смао тактичко-оперативните, туку во исто време и организациско-мобилизациските, административните, судските, наставните, информативно-посредничките, разузнувачките, про-

34) Љ.Лапе, истото 58-59.

35) Коментар...,45-49.

пагандните, интендантските, санитетските и други функции. Ваквата организациона поставеност, меѓутоа, не можела да се замисли ако Главниот штаб не бил раководно и командно тело на вооружена формација во чиј состав влегувале луѓе кои пред се биле поврзани со исти идејно-политички определби, како борци за ослободување од јаремот на османлискиот апсолутистички општествен систем и за извојување на политичка автономија. А сето тоа, без оглед на фактот што станува збор за вонредно големи обврски и широки овластувања,[36] меѓу кои некои припаѓале дури и во надлежност на ЦК,[37] овозможило сите тие да се реализираат со помал или поголем успех, заради тоа што во интегралната револуционерна дејност се оживотворувало делото на целата организација, на сите членови на ТМОРО, на сите востаници и заднински работници, на целиот македонски народ. Ваквото револуционерно заедништво била онаа животна сила што придонесувала да се премостуваат дури и најсложените проблеми во повеќе насоки.

б) Организационо-мобилизациска дејност

Организационо-мобилизациската дејност била во тесна врска со изградбата и функционирањето на вооружените единици на Организацијата. На ова прашање било пристапено со голема одговорност и нужно внимание не само на Смилевскиот конгрес, туку и подоцна. Свесни за

36) Љ.Лапе, истото 59

37) Манол Пандевкси, Обид на ВМРО за воспоставување внатрешни и надворешно-политички врски во текот на Илинденското востание, "Гласник", на ИНИ; III/2, Скопје, 1963, 52.

тоа дека од добрата организаицона поставеност зависи изградбата на востаничкиот систем, македоснките револуционери барале најсоодветни решенија што ќе водат кон определбата за водење на партизански дејства. Согласно со ваквата усвоена воена доктрина, со право се очекувало организационата поставеност да биде подредена на насоките според кои со вооружените единици требало да се постигнат најголеми можни ефекти.

Иако поимот на организационата поставеност ја подразбира не само изградбата на воената структура, туку едновремено и размерите на вкупните востанички сили и низа други стратешко-воени компоненти, притоа, првенствено се мисли на организационата мрежа на вооружените единици и мобилизацијата. Така, во структурата на вооружените сили, покрај Главниот штаб, биле вклучени уште единаесет реонски раководства или горски началства, избрани на Смиелвскиот конгрес.[38] Во составот на секое од овие раководства биле избрани од 3 до 9 членови. По три членови имале раководствата на Демирхисарскиот, Ресенскиот и Струшкиот[39] револуционерен реон, четири членови имал Дебарскиот,[40] пет членови Битолскиот, по шест членови Кичевскиот и Крушевскиот, седум членови Прилепвскиот, по осум членови Леринскиот и Охридскиот и девет членови имал Костурскиот револуционерен реон.[41] Овие луѓе, заедно со трите членови на Главниот штаб и со отсутните на конгресот Ѓорче Петров, Пере Тошев и Христо Матов, го сочинувале вкупниот број на воено-политичкото раководство во Вториот револуцио-

---

38) Хр.Силјановъ, истото,239.

39) Во текот на востанието приклучен кон Охридскиот

40) Ова раководство беше обединето со Охридскиот во текот на востанието.

41) Хр.Силјановъ, истото,239.

нерен округ кој изнесувал шеесет и осум лица.[42] За овие луѓе, меѓу кои биле и Петар Ацев, Митре Влавот, Смиле Војвода, Лука Групчев, Питу Гули, Димитар Дечев, Лазар Димитров, Александар Ефтимов, Тодор Златков, Никола Карев, Анастас Кецкаров, Пандо Кљашев, Димитар Матлиев, Тома Николов, Марко Палов, Георги Пешков, Ордан Пиперката, Лазар Поп Трајков, Георги Поп Христов, Манол Ризов, Ѓорѓи Сугарев, Јордан Тренков, Христо Узунов, Тале Христов, Лечо Церовски, Васил чакаларов, Михаил Чаков, Лука Геров[43] и некои други, се поврзани сите победи и епопеи што уследиле во деновите по Востанието.

Задачите доверени на горските началства биле крупни и крајно одговорни. Тие, меѓу другото, биле должни:

- да раководат со востаничките акции на територијата на довереният реон;

- безусловно да ги извршуваат командите на Главниот штаб, како неопходна мерка без која не можело да има единствено во акциите;

- да преземаат мерки наредбите што ги донесуваат да бидат исполнувани од потчинетите органи,т .е. од војводите и другите старешини во революицонерните чети;

- во своите дејства да се раководат од општиот, т.е. заедничкиот план итн.[44]

Во Хиерархиската скала на организаицоната поставеност, војводата како непосреден старешина на востаничката чета, бил одговорен

---

42) Овој број подоцна бил нешто изменет поради некои реорганизации

43) Божидар Д.Божиков, Въстание в Битолския революционерен округ, "Илинденско-преображенско востание" 1903-1968,София,1968,29-31.

44) Коментар...,52-53

исклучително пред горскиот штаб. Тој бил одговорен за вкупната состојба во четата и непосреден командант на вооружените акции. Во таа насока тој бил самостоен, но тоа не го ослободувало од обврската да дејствува во согласност со општиот востанички план на горскиот штаб.

Секоја востаничка чета, во зависност од бројот на востаниците, имала по два̀ја или повеќе десетици, кои исто така имале поголем број должности и одговорности. Основната грижа на десетниците била да командуваат со десетината и пред се со личен пример да ги поттикнуваат востаниците од својата десетина (одделение), самопожртвувано да учествуваат во вооружените акции и да ги исполнуваат другите задачи поставени од војводата.

Според тоа, во структурата на старешинскиот кадар, покрај десетниците, кои раководеле со една десетина или одделение (во јачина од 7-10 востаници), спаѓале уште војводите, со своите помошници или подвојводи, кои раководеле со четите (во тој состав главно се наоѓале од 3-5 десетини или одделенија), потоа членовите на реонските раководства (горските начелства или штабови) кои ја раковделе и координирале целокупната дејност на сите чети од доверената територија, како и членовите на Главниот штаб (на чело со претседателот) кои раководеле со револуционерните реони. Ваквата организациона поставеност на вооружените сили не можела да биде надвор од влијанието на човечките, материјалните, моралните, внатрешните и надворешните политички и други фактори и околности.

На третата седница на Смилевскиот конгрес опстојно било разгледано и прашањето на мобилизацијата, односно вклучувањето на сите способни и вооружени луѓе во востаничките единици, а што се

потврдува со определбата да се кренат во борба сите способни лица кои располагале со оружје, како одраз на концепцијата за масовно востание.

Принципот на мобилизацијата се карактеризирал со брзина и целосна конспиративност. Непријателот иако знаеше за подготовките, разбрал за востанието дури по неговото започнување. До 2 август 1903 година ни полицијата, ни другите органи на османлиската власт немале податоци за означениот ден на востанието, за неговите стратешко-тактички концепции, за планираните борбени задачи итн., што придонесло со факторот на изненадување да бидат обезбедени низа предности.

За успешното спроведување на мобилизацијата значајна улога одиграла и содржината на повикот, што во вид на циркулар го испратил Главниот штаб до народот и раководствата на Организацијата по селата и градовите. Во овој историски документ, што бил испратен од врвот Победоносец[45] на 28 јули 1903 година, т.е.само шест дена пред започнувањето на востанието, се вели:

"Браќа, најпосле веќе наближи толкуочекуваното ден за да се пресметаме со нашиот вековен душман. Крвта на нашите невино загинати браќа од турската тиранија неодложно не повикува на отплата. Згазената чест на нашите мајки и сестри треба да биде повратена. Доста веќе толку маки, доста веќе толку не понижуваа. Илјада пати е подобра смртта отколку срамниот и скотскиот живот.

Денот, во кој народот од цела Македонија и Одринско треба да излезе јавно со оружје в рака против непријателот, е определен на 2 август 1903 година.

Тргнете браќа по своите началници на тој ден и соберете се сите под знамето на слободата. Бидете упорни, браќа во борбата! Само во упорна и долготрајна борба е нашиот спас.

---

45) Во близината на леринското село Був.

Нека го благослови Бог нашето правилно дело и денот на Востанието.

Долу Турција! Долу тираните! Смрт на душманите!

Да живее народот! Да живее слободата!

Ура!

Братски ве бакнува Штабот.[46)]

Треба да се истакне дека подготовките за мобилизацијата фактички започнале уште веднаш по Смилевскиот конгрес. Донесените одлуки пред Главниот штаб ја поставиле обврската да изврши повеќе задачи пред непосредното објавување на мобилизацијата. Во оваа насока тој водел сметка, пред се, за докомплетирањето, решавањето на низа прашања од интендантската, санитетската и разузнувачката служба итн., како главни претпоставки за успешна мобилизација. Кона ова спаѓала и разработкат на прашањата за што поитно доставување на повикот на востанието до најоддалечените реони. Дури по решавањето на сите овие прашања уследил завршниот чин на мобилизацијата, т.е. нејзиното извршување - соопштување на датумот на востанието и поканувањето на сите способни и вооружени лица да стапат во борбените востанички редови за извојување на слободата.

6.- Задачи на четите

Според правилниците за четите, тие биле должни да ги исполнуваат точно и совесно сите повелби што се поставувале пред нив. Да обезбедуваат слога во четата, правилен однос спрема населението и почи-

---

46) Илинденъ..., 142.

тување на наредбите на војводата. Подвлечени се одделно задолженијата на секој припадник и заеднички за сите чети и тоа:

- секој бил должен да има пушка и да води сметка постојано да е чиста, да има ладно оружје, револвер, а од облека опинци и гуња:

- ширење и јакнење на Организацијата по селата и градовите и подигањето на нејзината револуционерна свест и авторитет;

- политичко-пропагандно делување кај народот за објаснување на целите на борбата на револуционерното движење;

- обезбедување услови за работа на револуционерните комитети со преземање на репресивни мерки против противниците во револуционерното движење;

- собирање на парична и друга материјална помош;

- собирање, складирање, чување и одржување на оружјето и опремата;

- уредување на селската милиција (вооружени селани);

- егзекуции на смртните казни;

- испитување на географските и топографските прилики, патиштата, позициите на ридиштата и долините, местата за напад и др;

- за секоја задача барале согласност од околиските комитети и за извршувањето на задачата поднесувале извештај;

- пред стапување во четата нејзините припадници биле должни да дадат клетва;

- да го следат движењето на турските потери;

- организирање на извидувачко-разузнувачка служба и други безбедносни мерки;

- организирање и изведување на вежби и борбено оспособување на четите; и

- обезбедување на потребна кореспонденција и поштенска служба.

Услов за успех во работата и револуционерната акција на четите биле добрата организација и тајноста. За таа цел биле воведени псевдоними и шифри за раководителите и местата.

7.- Раководење и командување со четите

Со четата раководел и за неа одговорал војводата. Планот за преземање на акција се утврдувал на советување помеѓу војводата и припадниците на четата, анаредбата за изведување на акцијата била во рацете на војводата. о борбен однос селската чета му била подредена на околискиот војвода.

Со одлуките на Смилевскиот конгрес, за Битолскиот револуционерен округ конституирани се посебни органи-тела, регионски комитети и Главен штаб, за раководење и командување со вооружените единици пред непосредното започнување на вооружените акции и во текот на нивното изведување.[47] Во таа насока била изградена трајна структура во лицето на командно-раководните тела кои биле врзани за Главниот штаб како колективно воено-политичко раководно тело.

Практично, раководната функција на Главниот штаб автоматски ја опфаќала и компонентата на командувањето со вооружените единици. Всушност, пренесените права на раководење и командување меѓусебно

---

47) Од записникот на Смилевскиот конгрес.

тесно се преплетувале и скеогаш се надополнувале.Во рамките на командувањето претежно биле вклучени воените аспекти, додека со раководната функција на Главниот штаб биле опфатени пошироките права и обврски главно од политичка природа. Командувањето било поставено на хиерархиска основа: од Главниот штаб преку реонските раководства во четите како директни реализатори на задачите. Токму ваквото расчленување во поглед на организационата поставеност ја наложи воспоставената организациска структура, кој апак, од друга страна, не можела да биде целисходна без онсовање на Главниот штаб, како насочувач и координатор не смао на борбените дејства, туку и на сите придружни активности за време на подготовките и текот на востанието.

Покрај Главниот штаб, во организациската поставеност биле воспоставени уште единаесет реонски раководства или горски началства, избрани на Смилевскиот конгрес.[48] Во хиерархиската скала на организационата поставеност, војводата како непосреден старешина на востаничката чета, бил исклучително одговорен пред горскиот штаб.

Од прелдоженатa шема може да се види како хиерархиски и субординационо е воспоставен системот на раководењето и командувањето во подготовките за Илинденското востание.[49]

---

48) Хр.Силјановъ, Освободителнитѣ борби на Македония, I,София, 1933,239.

49) Види ја шемата на наредната страница.

ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА СПОРЕД РЕШЕНИЈАТА
НА СМИЛЕВСКИОТ КОНГРЕС



* Во текот на востанието присоединети со Охридскиот реон

8.- Човечкиот и материјалниот состав на четите

Со формирањето на ТМОРО не била донесена и одлука на военото организирање. За таа цел првенствено биле користени искуствата од постојните чети од периодот на Разловечкото, Кресненското востание, Брсјачката буна и бројните организирани и стихијни отпори на поробените македонски маси. Практично, тие искуства и послужиле на Организацијата за поставување на основата на воената организација на Македонското национално и револуционерно движење.

Од постојната фактографија може да се заклучи дека составот на четите на ТМОРО е еднороден, пешадиски и се движи од 7-15 борци. Припадниците на четите се проверени и верни членови на Организацијата. Четното раководство го сочинувале раководител-војвода и секретар, кој истовремено бил помошник-војвода. Војводата бил должен да биде раководител во вистинската смисла на зборот.

една од важните задачи била вооружувањето на четите. Ѓорче Петров истакнува во своите "Спомени" дека веќе во 1894 година била присутна мислата за оружје.[50] Вооружувањето на четите главно се состоело од пешадиско оружје (пушки од разни постари типови), рачни бомби и друг експлозивен материјал, ладно оружје (нож, кама) и др. Како прво оружје најчесто се купувани револвери, кои биле обележје на револуционерната идеја.

Со проширувањето и растежот на четите се наложила потребата од една систематичност и во поглед на опремата и снабдувањето на

---

50) Г'.Петров, Спомени...,16-17.

борците. Во Правилниците за четите се набележани некои упатства за ова, во заисност од условите на околиите, како и од нивната материјална положба, кои различно се спроведувале во дело. Заради тоа облеката на борците во четите е различна, народна, со потребните белези за припадноста на вооружените сили. Во повеќето случаи борците носеле црни народни капи со извезен натпис во средината "Слобода или смрт". Во опремата спаѓало и знамето на четата.

Со храна четите обично се снабдувале по селата каде што пре стојувале. Кога четата се наоѓала надвор од селото, за пренос на храната од селата до нејзиниот пункт се ангажирале жени, кои биле должни и да ја приготвуваат.

Во почетокот, кога во суштина четите биле мали групи на вооружени припадници на ТМОРО, еден од поискусните станувал предводник, но не уште војвода. Титулата војвода санала вообичаена кога четите имале повеќе од една десетина борци. Натаму, кога четите броеле од 25-35 комити, во нив се појавиле и други должности: подвојвода, во суштина заменик на војводата, четен секретар (најчесто учител или некој друг интелектуалец). Секретарот истовремено ја исполнувал и должноста на благајник што прецизно ги водел прегледите на приходите и расходите на четата, десетници (одговорни на секоја четна десетина) знаменосец (бајрактар), курир, одговорен за санитетот (со прибор за прва медицинска помош), некои чети имале трубач-сигналист. Здружените чети имале заедничко раководство (штаб, началство)со чија работа обично претседавал најстариот и најискусниот војвода.

Вообичаена практика била секој што ќе се приклучи кон некоја чета да му се покорува на војводата. ова важело и за членовите на

Централниот комитет и за врвните идеолози на Македонската револуција. Во такви случаи и тие биле под воената команда на војводата, кој ги примил во својата чета, што е значајна особеност во воената организација. Постоел само еден исклучок во овој пголед кога членовите на Централниот и другите (окружни, градски и селски) комитет ќе и се приклучиле на соодветна чета со сопствената чета (ревизорска).

Интересно е да се одбележи дека спомнатите четни сигналисти (трубачи), таму каде што имало такви (биле поретки во споредба со другите должности во четата), во текот на одделни судири и борби меѓу македонските револуицонери и аскерските еидници придонесувале често за внесување на паника меѓу непријателите, свирејќи сигнали за отстапување и сл., онака како што биле усвоени тие сигнали во армиските групации на османлиската војска во целото царство.

Инаку, покрај терористичките групи во македонските градови, биле формирани и градски чети (составени од најхрабрите и најопитните челнови на ТМОРО). Градските комитети ги назначувале војводите на градските чети. Припадниците на градските чети исто им помагале на градските терористи - анархисти во извршувањето на нивните акции. На тојначин овие градски чети на ТМОРО (во Битола ги имало неколку: на Смилевски Баир, во Јени Маале и зад Еврејското гето, меѓу двата баира), со право можат да бидат сметани, за првични појави на градска герила на Балканот во почетокот на ова столетие. Па и акциите на солунските гемиџии спаѓаат во оваа категорија на вооружен отпор.

Посебно значајно место во растежот и омасовувањето на Револуционерната армија на ТМОРО имала т.н. селска /означувана и како македонска или народна/ милиција.

Во спомените на војводата Славејко Арсов се наоѓа опис на првата мобилизација на селската вооружена милиција во ресенскиот реон. Војводата раскажува:

"Добивме известување дека Пиперков (Орден Пиперската - Р.Д.), демирхисарски војвода, бил опколен од Турците во селото Брезово (Демир Хисар), во една куќа. Тој бил таму по работа. Пиперков бил со 12-мина, распоредени во три стана.

Писмото беше примено во с.Дрмени, каде бев со четата по работа (Ресенско). Од Брезово тоа е далеку нешто околу 15 часа. Веднаш им се порача на момчињата да се стегнат, дека ќе одиме на помош... Во селото Златари најдовме 80-90 души со оружје, кој како што можел да се вооружи, облече и да се приготви за пат... Зедов со мене околу 50 души и тргнав преку Бигла. Газејќи снег до појас, со големи маки, со засилен марш, па и трчајќи стигнавме во Смилево... Во Смилево го најдов Сугарев со околу 50 души (селски милиционери- Р.Д, собрани од с.Цапари и Ґавато. Смилевци, до 150 души, вооружени повеќе со "гра" како и другите, се собраа исто така, зашто биеше камбаната".[51]

На Бигла четите и мобилизираната селска милиција дознаа дека Пиперката успеал да се извлече, па се вратиле во Смилево.

Славејко Арсов заклучува: "Првпат се собравме од тие месности, Битолско, Ресенско и Долни Демир Хисар (Долни Железник) за да ослободуваме опседната чета .... Вечерта ги испративме своите селани назад, задржувајќи ја само својата чета. И Сугарев го стори истото. Ги

---

51) Л.Милетичъ, Въстаничексото движение въ Югозападна Македония,

имавме уште на располагање Смилевците и сите села во Демирхисарско, низ кои ќе поминеме доколку има потреба.[52]

Воената обука на македонските револуционери, од 1898 година до објавувањето на Илинденското востание во 1903 година, била задолжителна не само за припадниците на селските и градскит ечети и на селската милиција, туку и за сите членови на ТМОРО воопшто. Таа се изведувала во согласност со месните услови. Планинските села, понастрана од клучните сообраќајници, имале подобри услови за воена обука. Тие повремено можеле да изведуваат обука во стрелба.

Во почетокот на 1903 година, во месец февруари, рускиот конзул во Битола Александар А.Ростковски и соопштил на Руската амбасада во Цариград дека во Битола се врши воена обука и на учениците во гимназијата (егзархиска). Извештајот бил таен ("Секретно донесение"), а конзулот го испратил до амбасадата на 14 февруари.[53] Интересно е дека Ростковски воопштил и за воената обука на македонските селани од страна на подофицери.[54] Тие подофицери, доброволци, биле приклучени кон македонските револуционерни чети и заедно со нив ги посетувале организираните македонски села. За обуката поопширно ќе стане збор во натамошното излагање.

Бидејќи и задграничното претставништво на ЦК на ТМОРО и самиот Централен комитет биле вонредно заинтересирани за постепеното масовно вооружување на четите и на македонскиот народ воопшто, повре-

---

52) Истото,

53) "...Ученики под руководством учителей вместо уроков обучаются руженин ом приемам, так как они ...присоединяется к бандам, "СЛАВЯНСКИЙ АРХИВ", Москва, 1963, 259.

54) Опходят селата и обучают селян обрашений с оружием. Истото.

мено, по потреба, во Македонија биле испраќани ревизиони чети, чија главна цел била подобрување на начините за снабдување со оружје и за воената обука. Една таква ревизиона обиколка на Македонија извршил лично Гоце Делчев, во својство на главен ревизор на вооружените единици.

Што се однесува за видовите на оружјето на македонските револуционери (комитите, градските терористи и селската народна милиција), може да се констатира дека оружјето било од најразлично производство. Најголемо шаренило имало меѓу пушките. Од нив главно се среќавале следните пушки: "берданка", "гра", "дограа", "карабинка", "кримка", "манлихерка", "мартинка", "мамзерка" (маузер), "тетовка" и некои други помалку познати. Еве некои карактеристики на попзнатите пушки од вооружувањето на македонските револуционери:

1. "Берданка". За прв пат е конструирана од американскиот артилериски генерал хајрем Бердан во 1860 година. Самиот ја усовршил пушката во 1870. Со тие пушки се вооружиле еворпските армии.[55] Берданката имала дострел до 1.000 метри и тежела нешто повеќе од 4 килограми.[56] Македонските револуционери биле вооружени со бугарски, руски и српски берданки, набавени од ТМОРО на најразлични начини и испратени во Македонија по познатите канали.

2. "Карабинка". Таа е полесна и пократка пушка, особено практична за коњички единици. Во воената литература се споменува уште во XVI век. нејзин конструктор бил виенскиот пушкар Каспер Цолер. Според други претпоставки карабинката први ја напрвиле Арабјаните, чии

---

55) Hd.Y.Berdan Hajrem, Vojna enciklopedija, 1,Beograd, 1958, 621

56) Đč.R.Puška, Vojna enciklopedija, 7, Beograd 1965, 600

коњички единици познати под името карабине биле вооружени со неа. Зборот караб на арапски значи оружје.[57)]

3. "Маузер" ("мамзерка"). Тоа е пушка конструирана од браќата Паул и Вилхем Маузер во минатиот век.[58)] Во Македонија била внесувана од територијата на Србија (српската војска имала маузерови пушки). Почетната брзина на зрното изнесувала 512 метри во секунда. Пушката тежела околу 4,5 килограми.[59)]

4. "Манлихерка" ("малихерка", "малиерка") е конструирана од австрискиот пушкар Фердинад Манлихер (1848-1904).[60)] Нејзиниот почетен истрел имал брзина од 620 метри во секунда. Пушката тежела окол 3,6 килограми.

5. "Кримките". Тие биле застарени пушки што останале по Кримската војна, а "Тетовките" биле уште попримитивни бидејќи ги произведувале тетовските туфегџии (пушкари), и ги продавале на територијата на Османлиското царство.

Меѓу револверите поценети биле т.н. "карадачки" и рускиот "наган". Карадачкиот во суштина бил колт, што се среќавал најчесто во Црна Гора, а носел втиснат натпис со латински букви "Монте Негро". Наган револверот бил произведен во руската фабрика за оружје во Тула. Моделот од 1895, со кој главно биле вооружени војводите и градските

---

57) Mar.Karabin, Vojna enciklopedija Beograd, 1961, 356
58) Der neue brockahus , Laipzig,1938,201
59) Đč.R.Puška...,660
60) Der neue...,167

раководители, имал седум патрони, калибар 7,62мм и со почетна брзина на зрното од 272 метри во секунда. Тежел 750 грама.[61] За време на стрелање со ваков револвер, реденицата со патроните (куршумите) се долепувала до цевката на револверот и им давала поголема пробојност на зрната. И нагонот и карадакот на рачката имале метална алка за гајтан, што се префрлал околу вратот. Рачките им биле од слонова коска и метал или само од метал со уметнички украси.

Освен наброените видови пушки и револвери, македонските револуционери имале и други видови огнострелно оружје: пиштоли (со две цевки), чифтиња (ловечки двоцевни пушки со сачми), разни студени оружја:ножеви, јатагани, анџари, ретко и војнички сабји.

Селската милиција била вооружена со огнено оружје, како и востаниците, но за нужда се користеле како оружје коси, секири и вили.

Инаку овие пушки биле модели изработени од 1841 година до деведесеттите години. Муницијата што за нив се употребувала имаме калибар од 11-17,5 мм, а нивниот дострел не надминувал 1000 метри. Пушките биле релативно лесни и тежеле од 4.05 до 4.98 килограми, додека нивната·должина се движела од 1.22-1.43 метри, а бројот на жлебовите во цевката се движел од 3-7.

9.- Воената обука и воспитувањето на четите

Воената обука и воспитувањето на четите се спроведувале со востаничките сили и пошироко со населението со цел луѓето стручно,

---

61) Наган е револвер од системот на белгискиот контруктор Нагахт, што беше пронајден кон крајот на XIX столетие (според: Бол_шая советская енциклопедия,17, Москва, 1974, 169-170)

политичко, психолошки и физички да се оспособат за претстојната вооружена борба и невооруженият отпор. За Организацијата и за населението ова прашање било исклучително сложено бидејќи се изведувлао во поробена Македонија. Освен тоа војводите не служеле и завршувале воена обука во турската армија, а воено искуство имале само од евентуалните борби со Турците. Од тие причини нивното воено знаече и искуство биле скромни. Сето тоа од раководството на Организацијата, а посебно од окружните, околиските, реонските-селските и градските раководства барало да посветуваат исклучително внимнаие на организацијата и квалитетот на востаничката обученост и на нејзиното приспособување кон најтешките борбени и временски услови.

Обврската за оспособување на членството на ТМОРО за активно учество во вооружената борба започнала да се актуелизира при крајот на 1898 година, кога Централниот комитет ја издал директивата со која бил озаконет институтот на четништвото, т.е. основањето на четите во сите околности.[62/] Затоа спроведувањето на воената обука било во најтесна врска со развојот и омасовувањето на револуционерните чети. Со оглед на тоа што првите основани чети имале изразително агитационо-пропаганден карактер, во нивните задчаи првенствено спагало популаризирањето на национално-ослободителната борба, на револуционерната дејност воопшто и проширување на револуционерната мрежа, па дури потоа организирање на предвостаничкат воена обука.[63)]

---

62) Божидаръ Д. Божиковъ, Въстанието Въ Битолския революционенъ окрѫгъ, Илинденско-преображенско востание 1903, София, 1968, 31.

63) Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби въ Македония, т. I. София, 1933, 134.

Системот на обуката бил подреден на специфичните барања, условени од начинот и карактерот на дејствувањето на самата Организација. Таа се стремела да ги оспособи своите вооружени единици за партизанско војување, а не започнување на широки фронтални и масовни судири, кои би можеле да имаат тешки последици за востаниците.

Од определбата на ваквиот начин на војување произлегувал и карактерот на воената обука. Обучените единици, како што сведочи подалечното и поблиското историско минато, гарантирале постигнување на тактичка предност. Во борбениот состав на организацијата се настојувало да влегуваат луѓе со висок морал и кристално јасни цели за борбата што требало да ја водат.

Совладувањето на воените вештини започнало поорганизирано да се изведува откако Гоце Делчев и Ѓорче Петров го изработиле Правилникот за четите во 1900-тата година. Временски тогаш паѓа и основањето на таканаречните чети-школи.[64] Нивна основна задача била да ги подготвуваат раководните кадри, поточно да оспособуваат луѓе за успешно вршење на должноста војвода. А војводите, како воени старешини, биле должни да владеат со клучните војнички знаења за да можат да ги пренесуваат на четниците и со личен пример и умеење да го продлабочуваат практичното воено образование.

Од овие чети-школи со својата успешна дејност посебно се истканале оние што биле раководени од војводите Михаил Попето, Христо Чернопеев, а најмногу од Георги Иванов, кој бил попознат под псевдонимот Марко Леренски. Воспитната улога на неговата чета, која речиси

---

64) Дино Кбосев, История на македонското национално революционно движение, София, 1954, 120-121.

цели два месеци го придржувала Гоце Делчев при неговата обиколку во Битолскиот револуционерен округ, што ја извршил од 20 ноември 1901 до 20 јануари 1902 година,[65] била од ненадоместливо значење. Во текот на својата ревизија Делчев се заджрал подолго време во Леринско "зошто таму затече еден реон што можеше да служи за пример во секоја насока. Членството беше со ентузијазам, организациите стегнати, четата дисциплинирана... Сето тоа беше дело на Марко од Котел.[66]

Авторитетот на Марко леринski уште повеќе се зголемил по престојот на Делчев. "Марко з апрв пат ги обучи да ракуваат со пушки многумина четници во Костурско. Со негова помош Организацијата го придоби Митре Влаот". Негови директни воспитаници се сметаа уште Дине Косев, Лечо Настев, Кице и Дине Абдураман и некои друго. Исто така, "кај него се школуваа и учителите Методи Патчев од Охрид, Славејко Арсов од Штип"...како и Христо Силјанов.[67]

За успешното обучување на војводите најголема заслуга имал Гоце Делчев. Тој бил "првиот учител на четничките војводи.[68] Знаејќи дека обуката за ракување со оружје треба да се организира рационално и по строго определен редослед, Делчев и посветил икслучително внимание. Тој настојувал обуката да биде спроведена на најорганизиран начин, бидејќи само преку неа, како преку незаменлив процес, луѓето можеле да се вооружуваат со неопходни војнички знаења, без што не можело

65) Георги Поп Христов,Спомени...,35-36.

66) Силјановъ, истото,133. Овој вонредно бистар човек најмногу самиот строг кон себе, а личните потреби ги има ограничено до самоизмачување. Тој со својата челична волја ги поднесува и најешките физички и психички напори, а со исклучителната скромност служел за пример на сите околу него.

67) Истото, 133.

68) Истото, 133.

да се замисли добро организирано воено дејствување. Неспорно е дека поради разновидноста на расположливото оружје луѓето што биле задолжени за изведување на воената обука, биле должни да бидат вистински мајстори на војничкиот занает.

Самиот факт што огромното мнозинство Македонци немале основно војничко образование, што инаку се добива при служењето на редовниот кадровски рок, уште повеќе ја отежнувало реализацијата на обуката. Практично, поголем број од востаниците за првпат дошле во допир со оружје откако стапиле во револуционерните единици. Поради тоа нивното обучување било не само сложено, туку и далеку поодговорно.

Овој навистина голем и сериозен проблем врховистичките кругови од Бугарија сакале да го искористат за свои нечесни цели. Тие се обиделе за Македонија да уфрлат вооружени чети, предводени од резервни офицери, со изговор дека нивното присуство е неопходно заради обучување на месните чети. Меѓутоа, Делчев проникнал во таа подмолна игра со задни намери и без одобрение на организацијата забранил да доаѓаат такви чети во Македонија.

Природниот тек на воената обука бил попречен со предвременото избувнување на востанието. Како основен аргумент за неговото неуспешно завршување не се наведува само преформираното крева̀ње, туку во исто време, покрај слабата вооруженост на поголем број револуционерни реони во Македонија, и недоволната војничка обученост на востаниците. Факт е дека востанието започнало во услови кога наспроти една модерно опремена и солидно обучена регуларна војска стоеле не само слабо вооружени, туку уште и слабо обучени револуционери. Османлис-

ката империја во тој период полагала вонредно внимание на оспособувањето на својата војска како би можела со успех да се носи со другите армии.

Наспроти ваквата состојба, Централниот комитет на ТМОРО, на Јануарскиот конгрес во Солун, во отсуство на Гоце делчев и Ѓорче Петров, а под притисок на Иван Гарванов, кој не ги запознал делегатите со нивниот став,[69] го донел решението за предвремено кревање на востанието. На тој начин објективните изгледи за постигнување на поголем успех во борбата против туѓинското ропство биле сведени на минимум.

Несоодветно информирани за вистинската состојба, а делумно понесени и од своите емоции, поради фактот што Битолскиот револуционерен округ бил најподготвен за учество во вооружената борба, делегатите поверувале дека секое одлагање на востанието носи опасност Организацијата да претрпи нови удари во Битолскиот округ каде што теророт бил значително зголемен и дека само со кревање на востание можат да се спречат нови врховистички провокации, слични на т.н.Горноџумајско востание. Вака расудувајќи, за што голем придонес имал и претседателот на Окружниот комитет на ТМОРО на Битолскиот револуционерен округ Атанас Лозанчев, делегатите испуштиле од предвид дека "бројната подготвеност за една таква и толку сериозна акција барала, покрај редица други услови, и добро ракување со оружјето, како и познавање наосновните елементи на воената стратегија и тактика, со што во тогашниот момент, секако ни оддалеку, не располагал македонскиот народ.[70]

---

69) Ѓ.Петров,Спомени, София,1927, стр.152-167.

70) Љ.Лапе,војни подготовки и војни вежби во Битолскиот округ пред Илинденското востание(ракопис) стр.1-2. Во својот извештај испратен до 20 март 1903 година српскиот конзул од Битола истакнува: "Вежбањето се врши почесто од порано и сега стаповите се заменети со пушки. Селаните ги учеа и да копаат ровови"

Ненадоместлива била загубата од недоволното обучување на идните востаници. До одржувањето на Смилевскиот конгрес постоеле неколку чети што крстосувале по селата, какви што биле четата на веќе споменатиот Марко Леринski, четата на Никола Русински, како и на ревизионата чета на Битолскиот револуционерен округ на чие чело стоел поручникот Тома Давидов кој Гоце Делчев го испратил од Бугарија во Битолско. За него српскиот конзул во Битола Ристиќ истканува дека од Битолско се префрлил во Дебарца со цел да изврши ревизија на четите и да им даде нови инструкции.[71] Преспанскиот војвода Славејко Арсов во своите спомени изнесува уште поисцрпни информации за обуката на востаниците:

"Кога пристигнавме во селото Брајчино и кога се уверивме дека немаше можност да влегуваме по селата, одлучивме селаните да ги повлекуваме на обука во гората, бидејќи тие беа слободни. Околу 25 селани од Брајчино два дни ги обучувавме во стрелање со патрони. На другиот ден отидовме во Љубојно и од тоа село изведовме луѓе во планината. Еден ден ги обучувавме, а другиот ден влеговме во селото.[72]

Славејко Арсов натаму истакнува дека во Герман било свикано општо собрание и два дена по ред селаните излегувале на обука. Организирана обука била изведена и во селото Нивици. На западната страна на езерото, на Велигден, во Болно се собрале 120 вооружени селани, од 4-5 села, за да увежбуваат во планината напад и отстапување, потоа нишанење од стоечка, клечечка и лежечка позиција. "Вечерта го заобиколивме Болно и влеговме во селото со џагор. Турците како слепи или

---

71) Истото, стр.180.

72) Истото, стр.177.

ништо не гледаа или ништоне сакаа да видат. Така дејствувавме до конгресот (Смилевскиот - Р.Д).[73]

Според Славејко Арсов една од поголемите воени вежби ја организирал Борис Сарафов. По пристигнувањето во Преспа тој ги повикал селаните од Златари, Кривени, Крушје, Лева Река и Смилево на Леворечката планина. Се одзвале околу 200 лица. Од нив формирал "два противнички табори и ги натерал да се борат за преземање на еден рид. Ентузијазмот на селаните бил толку голем, што трчале цел ден до дождливо време".[74]

Придонес во обуката за ракување со оружје на груповите началници во Битола дал и истакнатиот војвода Никола Русински. Тој во деновите непосредно пред Смилевскиот конгрес, поради лекување, престојувал во Битола. По барање на раководителите на градската револуционерна организација тој по оздравувањето останал во Битола уште дваесеттина дена за да ги обучува идниите востаници, бидејќи немало луѓе што знаеле да ракуваат со оружје.

Сочувани се и две автентични сведоштва за обуката на припадниците на училишната револуционерна младина во Битола. Според П.М'рмев, во сите тајни револуционерни кружоци соодветно внимание било посветено и на воената обука. Тие вежбале како се атакува со бајонети врз пушка и сл.[75]

---

73) Истото, стр.76-78

74) Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија, Скопје, 1973, стр.234, Љубен Лапе, Извештаи од 1903...,стр.78.

75) Никола П.Русински, Моята дейност въ Битолското поле и въ Мариово,„Ил. Илинден", бр.99 стр.11.

Според тврдењето на Арсениј Јовков, активен учесник во востанието и истакнат млад поет, битолските матуранти посебно се обучувале во гаѓање со пушка. Тие вршеле забрзани подготовки, бидејќи решиле, а така и постапиле, по завршувањето на учебната 1902/1903 година веднаш да се приклучат на револуционерните чети.[76)]

Споменативе и низа други нерегистрирани напори за обучување на идните востаници што се спроведувале меѓу Солунскиот и Смилевскиот конгрес, а секако и пред тоа, можат да се сметаат како сериозен увод во обуката што уследила по 7 мај 1903 година. Имено, откако бил одржан Смилевскиот конгрес, и откако била донесена конечната одлука за кревање на востанието, на прашањето на воената обука било посветено неспоредливо поголемо внимание. Избраните реонски началства, напоредно со задачата да извршат реорганизација на своите подрачја со цел да основаат т.н. селски центри и изберат војводи задолжени да раководат со нви, биле задолжени за тие војводи да организираат интензивни курсеви за воена обука. За реализација на оваа значајна задача Конгресот определил шест стручни лица, т.е. професионални воени лица кои биле кадри со успех да го пренесат своето војничко знаење на војводите.

За обука на востаничките сили во Битолско, Демир-Хисарско и Кичевско бил определн кандидат-офицерот Димитар Дечев, за обука во Охридско-поручникот Димитар Стојков, во Крушевско-потпоручникот Тодор Христов, во Преспа-п.поручникот Димитар Панајотов, во Леринско потпоручникот Георги Папанчев и во Костурско-фелтфебелот Иван Попов. За сите нив членот на Главниот штаб Борис Сарафов изработил специјално

---

76) Мѣрмовъ, Ученичката революционна организация въ Битоля, в."Илинденъ" II/31, София, с.а., 2.

упатство за еднообразно спроведување на воената обука. Како најкомпетентна личност по воени прашања, Борис Сарафов најголем дел од своето излагање го посветил на "материјалните подготовки, обуката, тактиката и др. на сите единици на Смилевскиот конгрес."[77)]

Мерките и чекорите преземени во врска со воената обука по одржувањето на Смилевскиот конгрес не само што внеле нов позитивен импулс меѓу населението, туку придонеле постепено да расте и зајакнува борбениот морал. Начинот на кој започнала да се спроведува воената обука претставувал нов квалитет, вистинска пресвртница, мерка што гарантирала пгоолем успех во претстојниот вооружен судир. Спроведувањето на обуката, под будното око на воените инструктори, станало секојдневна појава. Паралелно со обучувањето на идните војводи и востаници се одвивала обуката и на другите раководители на Револуционерната организација. За илустрација на ова може да послужи и искажувањето на Георги Поп-Христов кој веднаш по Смилевскиот конгрес заминал во Демир Хисар за да се обучи да ракува со оружје. Во врска со тоа тој истканува:

"Поминав низ двоседмична обука заедно со Александар Ефтимов и селските војводи од реонот. Не увежбуваше Димитар Дечев. Потоа со Јордан Пиперката, како горски началници, ги обиколувавме селата во реонот, готвејќи ги за востание".[78)]

Слични се спомените и на Славејко Арсов. Тој наведува дека по завршувањето на Смилевскиот конгрес се вратил во Преспа каде што ги прибрал четниците и ги распоредил за работа: неколкумина заминале

77) Хр.Силяновъ, ц.д.241-242.

78) Георги Поп-Христовъ, Революционерната борба въ Битолския окръг, София, 1954, 56-57.

да ги вежбаат селаните, други заминале по каналите да купуваат оружје.[79] Натаму Славејко вели дека лично заминал во Болно за да ги обучи селаните, на кои им било сугерирано во групи од по 10-15 лица ноќно време да одат пеш од едно до друго село со цел да добијат неопходна кондиција, да го запознаат теренот и да привикнат на ваков вид движење. Истовремено тие биле задолжени повремено да изведуваат и вежби.

"Обучувањето почна се поотворено да се спроведува. Штом селаните разбраа дека востанието наближува и дека од него не делат 2-3 седмици или еден месец, веќе не се плашеа и доаѓаа на обука по стотина и повеќе...[80]

По конгресот била изведувана мошне интензивна обука во сите планински села во Битолска околија, а особено во потпелистерските села и оние што биле расположени во подножјето на Бигла. Воената обука, сепак, била најдобро организирана во селата Ґавато, Лисолај, Метимир, Свињишта, Смилево и некои друго. Идните востаници, предводени од веќе обучените војводи изведувале воени вежби во позасолнети местности.

Во деновите непосредно по Конгресот својата чета особено живо ја обучувал војводата Параскев Цветков.[81] Веднаш по обуката тој се упатил кон полските села и на 21 мај 1903 година, поткажан од еден предавник, бил опколен во селото Могила. Во нерамната борба тој херојски

---

79) С.Арсовъ, Спомени (Въстаничкото движение в югозападна Македония, стр.85-86

80) Истото,

81) Секретар на Смилевскиот конгрес, инаку по професија учител по музика.

загинал со уште осуммина свои четници.[82] Само благодарение на претходната обука, четата на Цветков успеала не само жилаво да се брани, туку и делумно да го пробие обрачот и да се извлече.

Иако на Смилевскиот конгрес Никола П.Русински бил еден од делегатите кој се залагал да не се прифати решението донесено во Солун, по конгресот тој сепак дисциплинирано ги исполнувал добиените задачи. Уште на 8 мај 193 година од Смилево се префрлил преку ридот кај манастирот Св.Петар и стигнал во соседното село Боиште, каде што во месноста "Ливаѓе" започнал да ја обучува четата на Јордан Пиперката. Оттаму, во својство на горски раководител, Русински заминал во Мариово, во кој реон бил задолжен да раководи со борбите. По пристигнувањето во близината на слеото Будинарци веднаш организирал обука на четниците во лаката покрај рекичката Бела Вода, на подножјето на врвот Сокол.[83]

Според зборовите на Никола Киров-Мајски, слично постапил и крушевскиот раководител Никола Карев. По завршувањето на Смилевскиот конгрес тој веднаш организирал десетдневна воена обука со сите членови на Организацијата способни да носат оружје, за да бидат "подготвени да ракуваат со оружје и правилно да стрелаат..."[84] Оваа обука била изведена мошне конспиративно, така што полицијата, и покрај зголемената будност, ништо не успеала да забележи и открие.[85]

Не помалку сериозно внимание на воената обука и било посветено и во другите реони на Битолскиот револуционерен округ. Прилеп-

---

82) Никола П.Русински, Моята дейность въ Битолското поле...,12

83) Спомени на Н.П.Русински, Архивско одделение на ИНИ (Ракопис) сл.IV 26, стр.565

84) Никола Киров-Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода...,

85) Истото,

скиот војвода Петар Ацев, како што самиот истакнал во своите спомени, откако се вратил од Смилево и извршил реорганизација на теренот, поделувајќи го на седум подреони, започнал со спроведувањето на општата обука по четите кои броеле од 10-15 лица. Со обуката раководеле бившите подофицери Димитар Андонов и Нестор Бајнов. Напоредно со обуката четите биле задолжени да го доведат во исправна состојба постоечкото оружје и да се погрижат за набавка на нови пушки, заедно со неопходните количества муниција.[86]

Мошне интензивни воени подготовки биле вршени и во Охридско. Според зборовите на А.Кецкраков, заедно со вооружувањето, формирањето на складови за храна и облека и привремени болници, била организирана и мошне разновидна воена обука во чии рамки биле изведувани и импровизирани напади.[87] На тој начин четниците се подготвувале за претстојниот вооружен судир.[88]

Слични пдготовки се вршеле и во Леринско. Раководителот на овој реон, Георги Поп Христов, зафаќајќи се со подготовки на населението за востание вели дека "се изнесуваше оружјето, се чистеа пушките, се правеа воени вежби.[89] Со оглед на општата состојба во Костурско, каде што на повик на Организацијата се вратиле голем број печалбари од Цариград и Грција со намера да се вклучат во вооружената борба, подготовките зеле најсилен замав по одржувањето на Смилевскиот конгрес.

---

86) Петъръ Ацевъ, Прилепската революционна околия преди въстанието, „Ил. Илинденъ" бр.135, София, с.а.9.

87) А.Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, "Ил.Илинденъ"...,

88) Искажувањата на А.Кецкаров ги повторуваат и други охридски раководители. Војводата Смиле Војданов истканува: "Селските војводи се собраа во селото Мраморец на вежбање. Со нив раководеше Димитар Дечев.

89) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония, По спомени на Л. Джеровъ, Георги Поп Христовъ, и др. София, 1926, 42.

Тоа најдобро се гледа од многубројните искажувања што ги оставија Илија Биолчев, Пандо Кљашев, Иван Попов, Васил Чакаларов и др. Интересирањето за што побрзо кревање на востанието било најживо во оваа околија. Соодветен придонес за тоа имала и пропагандната дејност на Борис Сарафов. Поради тоа костурските делегати на Смилевскиот конгрес биле најенергични приврзаници на исфорсираните солунски решенија.

Во врска со воената обука, откако раскажува за пристигањето на Борис Сарафов во Македонија, Иван Попов нагласува дека од него примил инструкции "за поставување на нови војводи,за зголемување на бројот на четите.[90] Едновремено со ова истакнува дека уште пред Смилевскиот конгрес, заедно со Андреев и Лазар Поп-Трајков, пристигнале во селото Вишени и на другиот ден приквечерта, по одржувањето на општото собрание, со селаните извеле "обука со пушки и најодзади и марширање со песни".[91]

Според Илија Биолчев, инструкторот Иван Попов заедно со вратениот од печалба Коста Василев, често ги посетувал селата во Костурско за да го подготват народот за претстојниот голем настан, "Пред Илинден селаните беа изведувнаи на вистински воени вежби".[92] Благодарение на тоа тие подготвено го дочекале денот на вооруженито судир. На селското собрание, продолжува натаму Биолчев, во Д'мбени, откако делегатите ги запознаа присутните со одлуките на Смилевскиот конгрес, меѓу другото, беше речено: "Да се организира воена обука на идната револуционерна армија.. Машкото население...ноќно време ја учеше воената

---

90) Борбата во Костурско и Охридско...,22-23, Освободителнитѣ борби въ Костурско, София, 1925, 113.

91) Истото,113.

92) Илия Н.Биолчевъ, Изъ спомените отъ Костурско,„Сборник Илинденъ" 1903-1924", София, с.а,85-86.

вештина не жалејќи ни средства, ни труд, само да се снабди со оружје.[93]

Судејќи според публикуваните спомени на учесниците во овие настани, може да се заклучи дека во ниедна друга околија, како во Битолскиот револуционерен округ не била толку добро, сеопфатно и обмислено организирана пропагандната дејност во полза на вооруженаta борба. Тоа особено силно влијаело врз духот на младината, која едноставно горела од желба да се вклучи во вооруженаta борба за слобода. Во оваа насока посебно се истакнале двајца членови на костурското раководство, кои со најголема сериозност и внимание се труделе да го разбудат и зацврстат духот на младите за мобилизација. Тоа биле Васил Чакаларов и Пандо Кљашев. Нивниот авторитет поради неуморната револуционерна активност бил неспорен. Нивната појава меѓу селаните сама по себе на повисоко ниво го кревала борбениот морал. Од еден нивен документ насловен како "Повик до сите верни приврзаници на Комитетот во село Д'мбени" се гледа не само нивната способност да мобилизираат, туку и да влеваат верба во победата. Во овој "Повик" се пофалуваат и учесниците во успешно изведените маршеви и воени вежби. Тие поделиле 35 специјални "Свидетелства за храброст" во кои реонското костурско началство им оддава јавно признание на оние четници кои во одделните битки и судири се истакнале со храброст. Тоа, всушност, се своевидни одликувања во текот на Илинденското востание.[94] Неспорно е дека овие приз-

---

93) Илија Н.Биолчевъ, Коста Басилевъ „Ил. Илинденъ" бр.78 стр.1

94) Л.Киселничевъ, Издадените свидетелства за храброст отъ ВМОРО.Ил. Илинден бр.135 София с.а.10-11. Едно вакво свидетелство му беше доделено на четникот Гаке Канчев од селото Косинец, во знак на признание за пројавената храброст во битката при Локвата и кај с. Вињари, што се случи на 31 мај 1903 год.Ова свидетелство беше потпишано од сите членови на реонското началство,т.е. од Лазар Поп-Трајков, Васил Чакаларов, Пандо Кљашев и Михаил Ризов, а му беше врачено на планината Вич, на 8 јули 1903 година.

нанија имале благотворно дејство врз борбениот морал на востаниците во Костурско. Тие во текот на Илинденското востание појавиле таков хероизам кој предизвикувал воодушевување во целиот Револуционерен округ и пошироко. За тоа зборува и Ѓорче Петров, кој имал можност да се сретне со Костурчани во текот на борбите што се воделе во Мариовските планини.[95)]

"Воените подготовки и воените вежби пред Илинденското востание во Битолскиот округ биле израз на вековните стремежи на македонскиот народ за слобода - истакнува академикот Љубен Лапе но истовремено и израз на високата свест на револуционерните раководства на околиските, центровите и селските чети".[96)] Според овој автор, како добар познавач на приликите во Македонија од овој период, малкумина востаници биле упатени во спротивните гледања по прашањето на времето кога треба да се крене востанието. Во Серскиот, Скопскиот и Солунскиот округ не само што не биле прифатени решенијата на Солунскиот конгрес, туку не биле преземени ни воени подготовки, ни воени вежби како во Битолскиот округ".[97)]

Курсеви и школи за обучување и оспособување на кадри за војводи постоеле и пред Смилевскиот конгрес, "но курсевите што се организирале по решението на Смилевскиот конгрес опфатиле не само поголем број кадри, туку биле со специјално наменета содржина за претстојните востанички борби. Истовремено обуката се унифицирала по една единствена инструкција. Се изведувале и ноќни вежби, а бил направен

---

95) Љ.Лапе, Воени подготовки...,10-11.

96) Истото, 11.

97) Истото, 11.

и еден маневар меѓу охридските селски војводи, командувани од Димитар Стојкво и кичевксо-демирхисарските раководени од Димитар Дечев. Маневарот бил изведен на теренот Горна и Долна Копачка, меѓу селата Јудово и Габрово. Слични маневри имало и во другите реони, а особено во Костурско.

Примерот на маневарот во Леворачката планина зборува за настојувањата да се увежбаат нападот и одбраната, како мошне значајни компоненти во борбените акции. Инаку, како што е познато од воената наука, маневарот се карактеризира со увежбување на голема подвижност на вооружентие единици што придонесува за поуспешно групирање на силите, односно заземање на подобар борбен распоред и изведување на стратегиски развој. Заради тоа напорите на организаторите на овие поголеми вежби, во кои учествувале не само припадници на четите туку и голем број лица од составот на селската милиција, биле значајни за совладувањето на двете значајни компоненти на борбените дејства - на нападот и одбраната.

Обуката се изведувала и за време на починката меѓу две борби. Неа ја завршувале сите членови на ТМОРО и сите симпатизери кои покажувале смисла за раководење, иницијатива и храброст. Потпирањето исклучително на сопствените сили со кои се одликувале овие акции, потоа вештите маневри и извлекувања на опседнатите чети од обрачот на обучената турска армија, сé се тоа, меѓу другото - резултати и на горепомнатите примери на претходните воени подготовки и воени вежби на раководителите на Битолскиот револуционерен округ.[98)]

---

98) Milan Jelača, Manevar, VE, 5 Beograd, 1962, 364

Затоа и во одлуката на Конгресот е речено дека обуката треба да го опфати совладувањето на маршот, како вид на борбено движење што се организира со цел единицата да стаса на определено место и во определено време без да биде битно намалена борбената готовност. Тука спаѓале и инструкциите за заземање на позиција, за извлекување од опкружени или места опсипувани со оган за изведување на јуриши, задобро гаѓање со пушка итн. Секоја од овие савки од строевата и борбената обука барал посебен третман и влошување на труд, за да се постигне саканиот борбен ефект.

Во обуката, сосем разбирливо, најголем внимание му се посветувало на старешинскиот кадар и тоа не само заради потребата тој да биде обучен, туку во исто време да може така стекнатите знаења од разновидни воени вештини да ги пренесува на доверените кадри. Подобро обучените старешини гарантирале подобро обучување и на востаниците. Обуката се вршела во правец на совладување на пешадиските знаења, бидејќи востаниците требало превасходно да се обучат и оспособат за борба "на секаква почва, во секој период од денот и годината, и во сите метеоролошки услови.[99] Вака обучените востаници своите задачи требало да ги извршуваат со што поголем спех "во движење, со оган и удари", како најсоодветен род на вооружени сили оспособени за брзо приспособување на сите промени како и за дејствување во најразновидни ситуации. Затоа пешадиските единици пројавувале најголема иницијативност и увежбаност при заземањето на територии и одбраната на одделни објекти.

---

99) Petar Tomak i dr.,Pešadija, VE, 6, Beograd, 1973, 640

Веднаш по Конгресот инструкторската група најсериозно се зафатила со военото обучување на еден број војводи.[100] Обучуваните војводи, по добивањето на соодветни знаења, односно завршувањето на обуката, биле задолжени наученото да го пренесат на десетниците во четите, а тие натаму на востаниците.[101] Сетоа ова се одвивало премногу забрзано, заради што спроведената обука по Конгресот не можела да ги даде неопходните резултати, макар што тоа било ублажено со претходно вршената обука спроведувана од т.н. ревизорски чети. Исто така, мошне голема помош во обуката укажал не само некои од востаниците кои имале поминато во некоја од армиите на соседните земји, туку и печалбарите кои се вратиле од туѓина за да земат учество во востанието. За обучување на печалбарите, не навлегувајќи во провокативната дејност на отворените и прикриените врховисти, што биле заколнети непријатели на македонскиот народ, голема улога одиграл и повеќемесечниот воен курс што во 1902 годиа бил организиран во Варна.На курсот зеле учество околу 400 печалбари од Македонија, кои поделени во чети од по 100 лица се обучувале во разновидни воени вештини. Воената обука на овој курс се спроведувала врз исите принципи применувани во тогашната бугарска војска, а главно учеле да маршираат, да ракуваат и нишанат со пушка, да ја челичат физичката сила.[102]

Според Правлниците за четите, воената обука била приспособувана на улогата, намената, задачите и расположливото оружје на четите. Истата се организирала и изведувала во илегални и мошне тешки

---

100) М.Пандевкси, ц.д.203.

101) Истото,

102) А. Андреев,ц.д.53-55.

услови и била зависна од материјалните можности на Организацијата, расположливите кадри и нивните способности, стекнатите искуства и познавањето на воената вештина. Обуката имала за цел да придонесе да се оспособи старешинскиот и другиот востанички состав за поефикасно дејствување во воените акции затоа што мнозинството од луѓето предвидени за учество во востанието не биле обучени ниту за ракување со оружје, ниту пак во користењето на тактичките вештини. Посебно се инсистирало оваа значајна дејност да се интензивира и да се спроведе по скратена постапка и на најрационален можен начин, за што била организирана инструкторска служба. Обуката се вршела во правец на запознавање ид употреба на оружјето со кое располагала четата (пушка, револвер, рачна бомба, експлозив, ладно оружје, стражарење и друго).[103] Ова најдобро можело да се види од односот на Русински спрема револуционерната група на Петар Ацев која вежбала повеќе воени вештини. За тоа Русински си спомнува:

"Ги запознав своите птимци со теоријата на стрелбата, очна мерка на пространството, воздушното и водното влијание на куршумот, сончевото влијание на мерникот и др. Ги запознав, исто така, како да настапуваат и отстапуваат. Кон своите дотогашни воени знаења приложивме уште: избегнување од непријателска стрелба и лево и десно со тркалење без симнување на пушката. Четниците секогаш требаше да лежат десет до петнаесет чекори еден од друг, за да имаат можност да се префрлат и да не претставуваат голема прицелна точка за непријателот. Тоа што го бев научил во унтерофицерксото училиште го применував во

---

103) Г.Баждаревъ,Духотъ на Македония,София,1923, 74.

практиката. Маневри правевме ноќно време надвор од градот".[104]

Интересни и мошне значајни биле и правилата за стражарските должности на селаните при доаѓањето на четите во селата. Во овие случаи сите лица во селото биле должни да бидат под оружје, а стражата да биде надвор од селото. Селската стража во состав од 2-3 лица секогаш стоела на некое извишено и видно место. Ноќната стража стоела близу до патот. На стражарите им било забрането пушење, кашлање, зборува и спиење. Стражата имала задача да соопштува за се сомнително што ќе види. На оваа должност се наоѓале и жени.

На членовите на четите посебно им се објаснувале правилата како да одат и во каков ред. Арсов истакнува дека секоја чета во походот упатувала на предна и задна патрола. Борците оделе еден зад друг, на растојание од четири чекори. Војводата одел зад предната патрола. Оружјето се држело в раце. За време на походот бил забранет секаков разговор и собирање на 2-3 борци во една група. Било забрането пушење, кашлање и излегување од стројот. Бегањето (дезертерството) од четата се казнувало со смрт.

Со големо внимание се изведувале и мобилизациски вежби преку кои се проверувала подготовката на четата брзо да се собере за давање на помош. Целата обука содржински е насочена за брзо приспособување на четата на сите промени и за дејствување во најразлични ситуации, односно да може брзо и лесно да премине од пасивно на офанзивно (активно) војување.

---

104) Н.П.Русински, Автобиографски белешки, ИНИ-Скопје,Кн.2,283

И покрај интензивирањето на обуката, востанието покажало, а особено крушевските настани, дека партизанскиот начин на војување на востанието не бил доволно разјаснет, разбран и усвоен од востаничките раководства-штабовите. Применетата одбрамбено - фронтовска тактика била со далекусежни последици по востанието и населението. Во фазата на одбранбените борби востаничките сили применувале одбранбено-фронтовска тактика, прифаќајќи директен судир со главните непријателски сили.

10. Тактичко-оперативни задачи и дејства

Иако за прашањата и проблемите од тактичко-оперативен карактер подетално ќе стане збор кога ќе бидат разгледани одделните востанички акции, во оваа прилика треба да се укаже на некои компоненти што се во тесна врска со тактичко-оперативните задачи. Пред се, тактичко-оперативните задчаи на Главниот штаб, на реонските раководства и на сите вооружени единици, произлегуваат од две основни определби: прво, од карактерот на востанието, и второ, од основните цели на востанието.

Што се однесува до карактерот на востанието, согласно со одлуките на Смилевскиот конгрес, беше предвиден партизанскиот начин на војување. Ваквото војување, само по себе имаше специфични белези заради сложеноста на поставени задачи и цели. Партизанското војување, како начин на вооружено спротивставување, претставуваше најсоодветен облик на вооружената борба на македонскиот народ, насочено кон здобивање на слобода, политичка автономија и докрај-

чување на суровата експлоатација. Таквиот начин на војување се покажа како неопходен поради тоа што беше апсолутно правилна проценката за неспорната бројна и техничка супериорност на непријателот. од тие причини и Смилевскиот конгрес го прифати партизанското војување.[105] Однапред беше заземен став да не се влегува во поголеми судири, туку со брзи маневри да се вршат ненадејни препади, диверзантски и саботажни акции и сл., т.е. на непријателот да му се нанесуваат што поголеми удари врз најчувствителните места.[106]

Основните борбени задчаи, осглансо со прифатените одлуки на Смилевскиот конгрес и определбите за партизански начин на војување, конкретно се зацртани во пет, од вкупно десет точки, дадени во вид на наредба за дејствување на восаничките единици.[107] Во првата од овие точки станува збор за диверзантско-саботажните акции, кои имаат извонредно значење во дезориентацијата на непријателот. Наредбата, пак, за прекинување на патиштата, телграфските и поштенските врски,[108] за време на востанието имала двојно значење. Од една страна, станува збор за посебен вид диверзии со кои се намеравало да се постигнат непосредни тактичко-оперативни ефекти, а од друга страна, покрај слабеењето на материјалната сила на непријателот, истовремено требало да се влијае и врз слабеењето на неговиот борбен морал.

Диверзантксите акции во одредена мерка истовремено имале и карактер на саботажни акции, бидејќи го онеспособувале

---

105) М.Пандевки, Илинденското востание...,203

106) Од Записникот на Смилевскиот конгрес.

107) Истото,

108) Истото,

нормалното функционирање на виталните врски. На тој начин се очекувало побавно движење на непријателските вооружени сили, а во прв ред на неговата комора и артилерија. Оштетувањата на поголемите мостови или на железничките линии значело повеќечасовно или повеќедневно парализирање на непријателските акции.

Целокупната воена практика зборува дека онеспособувањето на врските значело голем хендикеп за непријателот. Тоа им било познато и на делегатите на Смилевскиот конгрес. Затоа тие писмено ја формулирале обврската да се рушат телеграфските столбови, да се сечат телефонските жици, да се онеспособуваат поштите како центри преку кои во тоа време се вршело најбрзото комуницирање. Со онеспособувањето на овие врски востаниците се стремеле непријателот што подолго да остане отсечен и парализиран.

Во рамките на воените акции посебно внимание било посветено на нападите врз државните објекти и устнаови заради нивно онеспособување.[109] Целта на овие акции била повеќекратно значајна. Според инструкциите, кои при разработката на оваа наредба се давани, четите биле должни да ги уништуваат архивските документи на осмналиските органи на власта, а во прв ред даночните книги и сл.

Наредбата за напаѓање на помалите непријателски гарнизони, кои непосредно пред востанието започнале да се стационираат и во помалите населени места, спаѓала во оние наредби кои од воен аспект имале најголемо значење. Востаниците биле задолжени пред спроведувањето на овие ацкии да направат детален план, да ја проу-

---

109) Истото,

чат и проценат состојбата, за ризикот да биде сведен на минимум. Оваа наредба востаниците ги задолжувала со иста одговорност да ги напаѓаат не само помалите регуларни трупи, туку и таканаречените башибозучки групи,[110] кои уште од порано биле прочуени по големата суровост и безмилосност.

Основна определба во воена насока била таа што ги задолжувала востаничките чети да дејствуваат во офанзивна смисла,[111] т.е. со организирање на напади и дејства да постигнат предност над непријателот, а при тоа загубите на сопствената жива сила да се сведат на минимум. Офанзивниот карактер во услови на партизански начин на војување, како што е познато, битно се разликува од офанзивните операции во услови на војна меѓу две регуларни армии. Именно, додека во вакви услови иницијативата за офанзива потекнува од посилната армија, во услови на партизанското војување тоа е обратно. Поради тоа востаниците биле задолжени да изведуваат офанзивни акции, а веднаш потоа, вешто да се извлечат од судирот избегнувајќи ги губитоците.

Всушност, тука не станува збор за офанзива во вистинското значење на зборот, туку за офанзивност која, како специфичен принцип на воената доктрина, претставува еден од елементарните начела на воената вештина, што претставува активност и дејствување со офанзивен (напаѓачки) дух во сите ситуации и услови.[112]

Офанзивноста, според тоа, претставува клучен и основен принцип во сите револуции, националноослободителните движења и

---

110) Истото,

111) Истото,

112) Antun Makić, Ofanziva, VE, 6, (II izdanje), 296

партизнаските акции, бидејќи како што вели Ленин, дефанзивата не е ништо друго туку смрт на востанието. [113]

За поуспешно извршување на офанзивните акции Смилевскиот конгрес наложил, во ситуации што бараат ангажирање на поголеми вооружени единици, да се групираат по 2-3 или повеќе чети.[114] Тоа е т.н.содејство, т.е. усогласување на офанзивните планови заради извршување на единствена задача во рамките на тактичките дејства на востанието. Бидејќи успехот на содејството зависело од усогласеното разбирање на заедничката задача, како од ефикасното меѓусебно комуницирање во текот на акцијата на здружените чети, на војводите им било сугерирано посебно внимание да посветат на заедничкото изработување на плановите и меѓусебните врски. Во рамките на содејствата спаѓала и наредбата според која сите војводи биле должни со своите чети да укажуваат помош на соседните единици кои воделе борба, а особено во случаи кога тие биле загрозени од непријателот и кога се наоѓале во опкружување.[115]

За да можат да се реализираат овие одговорни и сложени задачи, било неопходна цврста дисциплина, како основен предуслов за поуспешно организирање на востанието. Смилевскиот конгрес се заложил за воведување на воена дисциплина според која од секој востаник се барало безусловно, точно и навремено да ги исполнува сите обврски предвидени со Востаничкиот дисциплински устав (правилник). Тоа било неопходно за што поцелосно да се реализираат

---

113) В.И.Ленин, Војна дела, Београд, 1962,

114) Од записникот на Смилевскиот конгрес,

115) Истото,

обврските кои произлегувале од начинот на живеењето на востаниците во воени услови, од потребата за јакнење на внатрешната цврстина, политичкото единство и борбениот морал. Тргнувајќи од сознанието дека суштината се изразува во подредување на личните интереси кон заедничките, во единство на мислите и акциите на одредена група луѓе, во нивното сознание за неопходноста на таа работа и потребата од санкции - за да се постигне заедничката цел,[116] Смилевскиот конгрес на неколку пати се навраќал на прашањата за востаничката дисциплина, настојувајќи да бидат изградени такви односи кои ќе одговараат на карактерот и суштината на востанието. За изградбата, суштината и спроведувањето на востаничката дисциплина ќе стане збор на друго соодветно место.

11.- Информативно-посредничка и пропагандна дејност

Откако Главниот штаб го организирал преминувањето од мирновременска на воена состојба, со пренесување на надлежностите од тогашните градски на горските раководства, тој пристапил и кон зајакнување на својата заднина. Во оваа насока Главниот штаб сугерирал во градовите да останат само лица некомпромитирани со револуционерна дејност, како членови на новите помошни тела од информативно-посреднички карактер (таканаречени дежури - Р.Д)". Овие дела, што се среќаваат и под називот "информациони бира",[117] покрај

116) Branko Bogojević, Disciplina, VE, 2, Beograd 1971, 450
117) М.Пандевски, истото, 210

информативната и посредничка служба имале и интендантски функции.[118] Основањето на овие тела практично значело напор "да не се раскине сосема организационата мрежа и да не се прекинат врските помеѓу градовите, со реонските штабови и со Главниот штаб.[119]

Градските дежури, според инструкциите на Главниот штаб од 27 мај 1903 година, меѓу другото требало да овозможат правилна циркулација на востаничката кореспонденција во сите неопходни правци. Истовремено тие требало благовремено да им овозможат на претставниците на странскиот печат да воспостават врска со подвижното реонско началство заради добивање на информации од прва рака. Напоредно со ова дежурите имале задача да комуницираат и со претставниците на странските конзулати во Битола, со цел што повеќе и поавтентично да се шири вистината за националноослободителната борба на македонскиот народ. Благодарение на овој далекусежен чекор, напредната европска, па и светска јавност, благовремено била информирана и со симпатии гледала на нерамноправната но и упорна борба што македонскиот народ ја водел против суровиот повеќевековен поробувач. Крупна улога во оваа насока одиграл луцидниот Панче Дорев кој се трудел, директно или индиректно, да ги запознае конзулите со стравотиите што ја зафатиле територијата на Битолскиот револуционерен округ во текот на востанието. Од овие контакти е сочуван извештајот што српскиот конзул го испратил до својата влада: "Овој млад човек е претставител на чисто македонската група што работи за автономија на Македонија и која бара еднаква помош и од Бугарите и од Србите.[120]

---

118) Хр.Силјановъ, истото, 211.

119) М.Пандевкси, истото, 209.

120) Љ.Лапе, Нови документи...,79.

Ваквите и слични напори придонеле Илинденското востание, или како што е наречено во некои дипломатски списи, Македонската револуција, да ги разбранува не само добронамерните и бројни хуманисти ширум целиот свет, туку истовремено и европските империјалистички сили, кои борбата на македонскиот народ сакале да ја искористат за свои интереси и комбинации. Такви биле и напорите на Кајзерова Германија.[121] Големите сили, а особено Австро-Унгарија, Англија, Германија, Русија и Франција биле носители на иницијативите за воведување на одделни реформи, со што требало да се ублажи несносната положба на сите немуслимански народи во Империјата.

За разлика од дипломатската дејност, во која се среќаваат и редица контрадикторности, печатот бил релативно пообјективен и пореален во оценките за настаните во предвечерието на востанието и во текот на самото востание. Така, на пример, "Словенски народ", од 2 август 1903 година, меѓу другото, пишува дека "злосторствата на турската војска ги принуди Македонците да дигнат востание. Дваесет илјади вооружени востаници се спремни за војна, сто илјади мажи пак имаат во резерва. Денес под оружје има осумдесет чети со по 256 жени. Оружје и муниција имаат достатно, динамити за десет години ако трае востанието... Македонците назад не можат, а и не сакаат па затоа сегашното мирување е времено.[122]

Во ова време паѓа и објавувањето на краткото интервју на свештеникот Тома Николов на дописникот на "DAILU NEWS" во Лондон

---

121) Die Grosse Politik der Europaischen kabinette 1871-1914, Band 18. Berkub, 1924, 341-343

122) "Slovenski narod", br.149, 1903, 1-2

на 12 август 1903 година. Во него Тома Николов, чија е заслугата за сочувувањето на записникот од Смилевскиот конгрес, му изјавил на дописникот на споменатиот дневник: "Нашиот идеал е: Македонија на Македонците и за него ние ќе се бориме. Јас се надевам дека Вие ќе го пренесете ова на Вашата англиска јавност.[123)]

Статии со ваква и слична содржина се појавиле и во низа други весници.[124)] Сите тие главно се обидувале да ја насликаат тешката положба на македонскиот народ во периодот на востанието и да ја запознаат јавноста со надчовечкиот хероизам, непресушната желба за правда и готовноста да се загине во величествената борба за слобода. Ваквото реагирање на светската јавност делумно ја парализира официјалната политика на Бугарија, која со помош на врховистите и натаму работела против виталните интереси на македонскиот народ и неговата борба. Затоа Бугарската работничка социјалистичка партија (БРСП) со чувство на национален срам ја донела резолуцијата на својот конгрес во Русе (6-12 јули 1903 година), во која отворено се оградила и ги осудила шовинистичките сплетки што бугарската буржоазија ги правела околу Македонија.[125)]

Пропагандната дејност во предвостаничките денови и во текот на востанието не можела да се оддели од дејноста на информативните бироа. Вистината за праведната борба на македонскиот народ, како што веќе било речено, сигурно продирала во светот.

---

123) "Dailu News" (London), August 12, 1903, 12.

124) На пр.во "Saravljeski list"(14.08.1903)"Глас Црногорца" (16.08.1903)"Slovenec"(Љубљана, 27.08.1903) 21.08.1903, "Obzor" (27.08.1903) и многу др.

125) Българска комунистическа партия,Документи на централните ръководни органи 1900-1903, II,София,1974, 614-615.

Меѓутоа, во пропагандната дејност требало да се вклучат и напорите што Организацијата ги правела сред своето население на територијата на самата Македонија.[126)]

12.- Разузнавачката дејност

Настојувањата да се дојде до податоци за намерите на непријателот, како мерка за оневозможување или ублажување на последиците од непријателската активност, биле постојано во центарот на вниманието на Организацијата. Самиот факт што револуционерната дејност на ТМОРО била прогласена за антидржавна и што врз основа на ваквата квалификација биле допуштени во борбата против неа сите средства и методи, ја обврзувало Организацијата да парира на ваквите намери со прибирање на информации кои ќе и овозможат навремени контрамерки. До предвостаничкиот период оваа дејност била насочена главно против дејноста на полициската служба. Во периодот по Смилевскиот конгрес таа била префрлена на воено-разузнувачкото подрчје. Според разновидните усни и псимени инструкции, за таа цел се барало побудна активност, односно поголема ангажираност во обезбедувањето на информации од воено-разузнувачки карактер.[127)]

---

126) Така на пр.во циркуларот од 27 мај 1903 година Главниот штаб му налага на дежурниот во Битола... да ги куражат како граѓаните така и селаните што идат во град и да прават се за да се види дека комитетската мрежа продолжува да постои во градот (Љ,Лапе, истото 60)

127) Во циркуларот од 27 мај 1903 год.Главниот штаб посебно се залага навреме да биде известуван ..."За мерките на власта во однос на (револуционерното, бм) делото и неговиот тек, како и за движењето на градскиот аскер, Љ.Лапе, истото 60

Суштината на оваа дејност се состоела, всушност, во организирањето и собирањето на податоци за вооружените сили на турската војска, за нивните намери и можности, како би можеле со нивно систематизирање и анализирање да послужат како патоказ за преземање на контра акции.

Основна задача и цел на востаничката разузнувачка дејност, во која учествувале голем број луѓе, поради што таа имала широк општествен карактер, била прибирање на податоци за турската војска и се она што било во врска со неа, а во прв ред бројната состојба, вооружувањето, нејзиното движење, моралот на аскерите, старешинскиот кадар итн. Без обезбедување на овие податоци, а особено за големината и вооруженоста на гарнизоните, на Главниот штаб, ни горските раководства не ќе можеле да ги прецизираат своите воени планови и да донесуваа тодлуки за видот на вооружените акции и сл. Прибирањето на овие податоци станувало се попотребно и поактуелно со наближувањето на денот на востанието. Собраните воени информации потоа биле употребувнаи како за потребните стратешки, исто така и за неопходните тактички зафати. Податоците од стратешкиот комплекс имале општо воено-политичко значење, додека податоците од тактичкиот дел биле ползувани при непосредното планирање и изведување на воените акции.[128)]

---

128) "Сарафов посебно ме задолжи - вели Г.Чурановски во неојбавените спомени, - да го организирам прибирањето на податоците за аскерот. Во оваа смисла од се најмногу беше заинтересиран во кое село во Битолско има турски гарнизони и колкав е бројот на војниците во нив. Задачата не беше многу голема, но затоа беше крајно деликтана, бидејќи се бараше податоците да бидат што е можно поточни. Sидарите од селото се движеа низ цела околија и нивните информации можеа најдобро да се искористат за проверка на податоците што во врска со оваа проблематика се собираа во Главниот штаб. Во практика се покажа дека преку задолжените sидари успеавме многу побрзо да дојдеме до бараните податоци одошто и сами претпоставувавме и се надевавме..."

Врз основа на воено-разузнавачката активност Главниот штаб постепено ја формирал сликата за воената сила на непријателот. Информациите една по една се средувале како мозаик. Целта била по можност што подобро да се заокружи сликата за воената способност на непријателските сили. Тоа придонесувало, по извршувањето на соодветните анализи, да се гради стратешко-тактичката концепција и врз основа на воено-разузнавачката дејност.

Сета оваа дејност била премногу сложена за да можело да се обезбедат сите неопходни информации за непријателските вооружени сили. Империјата уште од средината на XIX век имала преземено низа значајни чекори за модернизацијата на своите вооружени сили. Првите резултати во оваа насока таа ги постигнала со помош на воените стручњаци од Германија и Франција. Темелите на оваа модернзација биле поставени со реформите од 1839-1842 година, кога била воведена општата воена обврска. Во тој период, а подоцна со нешто зголемено траење на кадровскиот рок, војската се делела на активна, резервна и по посебен повик. Првиот повик од резервната војска располагал со старешински кадар и во мирновременски услови. Активната војска во мир имала околу 70, а во време на војна околу 150.000 луѓе. Една шестина од нив, поточно околу 11.500 до 25.000 луѓе, биле стационирани во Битолскиот корпус, во чиј состав влегувале 6-7 активни пешадиски полкови (во состав од по 3 батаљони) и 6-7 самостојни батлајони, 4 коњички и 1 артилериски полк. Кон овие сили припаѓал и жандармерискиот корпус со околу 14.000 заптии (жандарми). Овој број на вооружените сили во Битолскиот корпус после реформите извршени во 1880 година бил зголемен

поради продолжувањето на кадровскиот рок од 5 на 6 години во активната и од 7 на 8 години во резервната војска. По овие реформи биле воведени бригади, во чиј состав влегувале по 2 пешадиски полка (во јачина од по 4 баталјони) и дивизии во чиј состав влегувале по 2 бригади и по еден самостоен баталјон. Битолскиот корпус тогаш имал 2 дивизии, но во неговиот состав влегувале уште еден транспортен баталјон, една телеграфска чета и два инженериски баталјони. Во составот на овој корпус имало уште неколку коњички ескадрони и артилериски дивизиони што располагале со околу 150 топови и околу 10-15 хаубици со калибар од 120 мм. Непосредно пред востанието во составот на Битолскиот корпус имало околу 25 илјади активни војници. Во случај на општа мобилизација нивниот број можел да се покачи на повеќе од 150 илјади луѓе.

Меѓутоа, според податоците на рускиот вицеконзул во Битола, Н.Скрјабин, воените ефективи на османлиската армија во градот биле составени од вкупно пет дивизии (фирка), од кои Битолската дивизија се наоѓала под команда на дивизискиот генерал (ферик) Абди-паша. Од вкупниот воен состав на Третата орда, во Битола имале свои единици само следните родови:два коњички полка (14-от черкески и 17-от полк), два баталјони пешадија и шест и половина батерии од Битолската дивизија, со вкупно 1.730 коњаници, 648 пешаци и 39 топови, со соодветен број артилерци. Сите единици на оваа орда биле вооружени со оружје од системот Хенри Мартини и Круп.

Ваква била положбата во битолскиот гарнизон во 1885 година. Во 1903 година оваа положба била значително изменета, бидејќи и бројната состојба и територијалната разместеност се менува. Тоа

звисело од повеќе внатрешни и надворешни фактори. Според податоците на Второто (разузнавачко) биро на француската армија, воените ефективи на Третата орда непосредно пред објавувањето на востанието во својот состав имале "околу 80 баталјони низами, кои нормално ди држеле гарнизоните, 3 баталјони низами од Смирна (во април 1903 година), 54 баталјони редифи (16 од Европа и 36 од Азија), 36 баталјони илаве од Третата орда, што биле обучени во претходната (1902 год. Р.Д) или вкупно 175 баталјони. Ако се сметаат баталјоните со низамите и редифите по 800 лица, а оние на илаве по 750 лица, чини бројка од вкупно 138.100 лица, кои, заедно со коњицата, ратилеријата и др., претставуваат сила од вкупно 150.000 лица. [129] Во текот на септември 1903 година во Битола биле префрлени уште и првиот баталјон на 20-от полк илаве од Прилпе, со вкупно 1.149 војници, додека другите сили се наоѓале во ацкиите за задушување на востанието.

Повеќемина автори со право истакнуваат дека е невозможно да се даде попрецизен број на стационирната војска во Македонија во предвостаничките денови, бидејќи "тој број варирал".[130]

Се разбира бројот на војниците во текот на востанието бил уште поголем. Виенскиот "Ди Цајт" ја посочува бројката од 200 илјади аскери.[131]

---

129) Душан Константинов, Битола во Илинденската револуција 1903 година, Битола, 1903, 3-6 (ракопис кај авторот).

130) М.Пандевски, истото, 59.

131) М.Пандевски, ц.д.85, Според Вл.Пптомовъ, Докладъ за Македонското Илинденско въстание въ 1903, Софиа 1948, 23-24

Главниот штаб и другите раководни тела успеале навреме да обзебедат приближни податоци за бројната состојба на стационираните вооружени сили. Врз основа на тоа произлегува дека односот на востаниците спрема аскерите бил многу неповолен. На еден востнаик просечно доаѓале по 17-18 аскери или по 30-35 непријатели сметано заедно со башибозуците.

Непосредно пред востанието воените власти мошне брзо извршиле некои територијални прегрупирања. На тој начин биле создадени десетина нови гарнизонски пунктови во селата во кои дотогаш никогаш не престојувала војска. Една единица од 85 војници била стационирана во Смилево. Војниците во Смилево, како впрочем и во сите други гарнизони, живееле во услови на целосна подготвеност за итно стапување во акција.

Врз основа на ова произлегува констатацијата дека слабо вооружените и помалубројни востаници биле исправени пред задачата да војуваат со модерно вооружените и бројно надмоќни турски војници.

13.- Административна и судска дејност

Административната надлежност и судската дејност на Главниот штаб во услови на непосредните подготовки за востание и во текот на самото негово изведување имале повеќекратно значење. Тие зависеле од вкупната организациона поставеност на Организацијата и биле во тесна врска со реонските раководства и заднинските органи и тела. Административната дејност навлегувала во сите домени на предвостаничкиот живот и во животот што се одвивал во текот на самото востание.

Од сочуваните спомени произлегува дека меѓу членовите на Главниот штаб била извршена распределба на задачите. Со административната дејност бил задолжен Анастас Лозанчев. Тој забележал: "Јас ја исполнував организационата, административната и домаќинската (заднинската - Р.Д) должност на Штабот. Бев се тргнал настрана и работев врз неодложната кореспонденција ... Десетина писма со разни шифри и без шифри, како и со невидливо мастило, депутации и курири од целиот округ да се пречекуваат и испраќаат денонокно".

Наведеново претставува неспорно сведоштво за обемната административна дејност на Главниот штаб. Поинаку и не можело да биде во динамичниот период кога требало да се даваат бројни одговори, појаснувања, сугестии и директиви во врска со подготвувањето на востанието. Како што може да се види, Главниот штаб вршел масовна административна дејност, но уште побројни биле усните соопштенија. Главниот штаб од денот на избирањето, па до објавувањето на востанието, составил поголем број акти, меѓу кои неговиот прв официјален циркулар, испратен на 27 мај 1903 година, претставува еден од најважните акти што ги испратил до реонските раководни тела. Еден дел од содржината на овој документ се однесува на административната дејност. Уште во првата точка на овој акт се вели дека новооснованите "дежури", се должни на надлежното реонско начелство да му ја олеснуваат кореспонденцијата со соседните тела од реоните или со Штабот.[132]

---

132) Љ.Лапе, Нови документи за Илинденското востание, "Илинденски зборник 1903-1953", Скопје, 1953, 13

На Главниот штаб и на реонските раководства им биле пренесени и низа надлежности од воено-судската проблематика. Овие револуционерни органи вршеле функција и на посебни военосудски тела. Нивна задача била судењето за военокривични престапи и други кривични дела направени од востаниците. само во исклучитлени случаи во вршењето на своите судски функции изречувале пресуди и на други лица, и тоа главно во случаи на предавство или некој сличен тежолк престпа. Суштината на ова судство била револуционерна, заради тоа и крајно ригорозна. Судските функции на Главниот штаб и на горските раководства претставувале значаен прилог кон военокривичното право. Од одредбите на Востаничкиот дисциплински устав (правилник) произлегува дека во извесен број случаи военосудските функции биле двостепени. Предвидена била можноста за потврдување, изменување или укинувањето на пресудата донесена од понизок орган. Тоа исто така е израз на високиот степен на организираност и демократичност во Организацијата.

Надлежностите на Главниот штаб, на горските штабови и на четните раководства биле регулирани исклучително со одредбите на овој Правилник. Нарушувањето на револуционерниот ред, под што се подразбира и голем број кривични дела и престапи, подлежело на казни набележени само во Правилникот. Така, сите оние што ќе ја изневереле дадената заклетва да ги бранат интересите на Организацијата до последна капка крв, се осудувани на смрт. Оваа најстрога казна ги очекувала и оние кои не им укажале неопходна помош на загрозените другари во текот на вооружените акции, како и оние кои по вторпат ќе појавеле малодушност и страв. Меѓу делата што пов-

лекувале смртна казна спаѓало и непочитувањето на старешинскиот кадар (пројавено повеќе од двапати). Со смрт се казнувале, како што веќе порано беше истакнато, и виновниците кои не го бранеле револуционерното знаме.[133)]

Смртни казни посебно биле предвидени за старешинскиот кадар, т.е. за војводите, подвојводите и за сите членови на реонските штабови. Тие потпаѓале под удар на сите одредби со кои се предвидувало смртна казна за востаниците и десетниците, а и за дела што произлегувале од вршењето на нивната старешински функции. На смртна казна се осудувани војводите за кои ќе се утврдлео дека се виновни за поголема незгода или несреќа предизвикана поради негрижа, претерана строгост, страв или пасивност. Потоа заради непреземање соодветни мерки за да им се помогне на соседните чети во време додека тие вршеле акции, и ако не можело да се оправда со убедливи аргументи,[134)] поради непрезамње соодветни чекори за заштита на луѓето од својата чета и несоодветно водење на четата во борба, заради предавство односно предавање на непријателот (лично или на единицата со која командува), заради губење на револуционерното знаме (заедно со сите борци но по разгледувањето на ова дело од страна на горскиот штаб), заради престпа кој му нанесувал штети на ослободителното дело. Членовите на горските штабови за потешки престапи, исто така, подлежале на смртни пресуди. Изречувањето на оваа казна, меѓутоа била исклучително во надлежност на Главниот штаб.[135)]

---

133) В.Картов, Практикум...,338-339.

134) Истото, 339.

135) Истото, 339-340.

Анализата на Востаничкиот дисциплински устав укажува дека, наспроти тоа што во него биле вградени основните постулати на воено-кривичното право, поради разновидноста на казните постоела недостатна диференцираност меѓу прекршоците, односно помеѓу дисциплинските престапи и суштинските кривични дела. Меѓу овие две категории не било повлечена јасна граница. Затоа во него и се предвидувале следните шест видови казни: (1) задолжување да изврши некоја задача еднаш до трипати, (2) укор, (3) укор пред четата (а за десетниците пред горскиот штаб, (4) разоружување, (5) сменување од должност на старешината и препраќање во друга чета и (6) смрт.[136]

Иако во Правилникот смртната казна се предвидувала за поголем број кривични дела, во него, освен во два случаи, не е речено на кој начин се извршувала таа. Оттаму произлегува дека, освен кривичните дела, за кои била предвидена смрт со бесење, и тоа само на војводите во случај на предавство и нанесување на потешки штети на Организацијата, како "срамна смрт" егзекуцијата се извршувала со студено и огнено оружје.[137]

Пред изречувањето на казните војводите биле должни да спроведат опстојна истрага. Казната можеле да ја определат дури откако ќе ги сослушале обвинетите. Најтешките казни војводите можеле да ги извршат само по согласноста на горскиот штаб, а за членовите на горските штабови по добивање на согласност од Главниот

---

136) Коментар...,49-53

137) За извршување на смртни казни со студено оружје има поголем број примери.

штаб. За времето додека се чекал нивниот одговор војводата бил задолжен обвинетиот да го држи под строг надзор.

Таква, накусо, била казнената политика на востаничките сили, видот на казните, нивниот систем и нивната реализација. Единствено членовите на Главниот штаб не можеле да бидат казнети од никој друг, освен од оној што ги избрал, т.е. од конгресот.[138)]

14.- Пречки во развојот на организацијата и на вооружените единици

Природниот развој на Организацијата, а истовремено со тоа и на нејзините вооружени единици, бил попречуван од два вида проблеми: прво, надворешни, од деструктивната и антимакедонска дејност на врховистите и на нивните работодавци собрани околу најреакционерните кругови на бугарскиот двор и, второ, внатрешни, од големите провали што одвреме-навреме длабоко ја потресувале Организацијата. Тоа биле тешки зла кои го нарушувале забрзаниот растеж на Организацијата и ги оневозможувале нејзините најспособни идејни сили да се ангажираат со суштинските проблеми. Наместо да се зафатат со натамошното морално-политичко воспитување на населението, односно со подигањето на неговиот борбен дух и со уште поголемо оспособување на вооружените единици, најсвесниот раководен кадар на Организацијата, а особено членовите на Задграничното претставништво, биле принудени да трошат голем дел од својата креативна револуционерна енергија за ублажување на последиците од наведените проблеми.

---

138) В.Каротв, Практикум...,341.

Борбата со претставниците на т.н. Врховен комитет со седиште во Софија била полесна одошто борбата против оние кои формално пројавувале лојалност кон ЦК, а всушност свесно работеле од предавнички позиции. Одделни лица, дури и од составот на самиот ЦК, слепо им служеле на овие туѓи интереси обидувајќи се во секоја згодна прилика да ја минираат дејноста на Организацијата.

Гоце Делчев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров први проникнале во подмолната политика на врховистите. Тие уште рано започнале да се борат и да ги разбиваат илузиите дека во погодниот момент Бугарија со оружје и своја војска ќе ја помогне борбата на македонскиот народ.[139] Врховистите, користејќи ги официјалните и неофицијалните ставови на бугарската влада, постојано лансирале разновидни дезинформации. Со таквите "политички измами"[140] тие успевале да ја отапат острицата на Организацијата.

Од арсеналот на злосторничките дела на врховистите, посебно внимание заслужуваат вооружените провокации што ги реализирале од време на време и со помал или поголем успех.

Платформата на т.н. Македонски врховен комитет во Софија, "така отворено и јасно изложена од генерал Николов, била, всушност, платформа на официјалната бугарска политика, на дворе-

---

139) Кога Ѓ.Петров, по приемот на "подарените" пушки побарал муниција, бугарскиот министер на војската без заобиколување му рекол: "Не сме будали да ви дадеме патрони. Така силата ја држиме во рацете, а инаку вие ќе се оддалечите од нас". Натаму Ѓ.Петров констатира: "Разбравме дека ние, со наши сили, што ќе постигнеме ќе биде сигурно постигнато". (Ѓ.Петров, ц.д.стр. 42-61).

140) Д.Кьосевъ, истото, 125.

цот на Фердинанд и софиската влада, била подредена да и служи на официјалната бугарска политика во однос на Турција и европската дипломатија, да го "движи" македонското прашање во согласност со насоките на бугарската буржоазија и да и даде адути на бугарската дипломатија во политичките комбинации со владите на Србија и Грција.[141)]

Штетите од ваквата антимакедонска дејност на врховистите ќе биле далеку помали ако тие не почнеле да ги организираат вооружените провокации. Најистакнатите претставници на врховизмот, седејќи во удобните фотељи на бугарските министри и генерали, биле далеку од објективната дејствителност во Македонија, а нивните планови не само што биле апсудрни и преполни со деструктивна фантазија, туку во исто време се покажале и како погубни по дејноста на Организацијата. Многу пати Организацијата успевала да ги оневозможи вооружените провокации на врховистите, чии чети го зачестиле навлегувањето во Македонија. Обидот на полковникот Јанков "да дигне" востание во Костурско бил спречен само благодарение на Чакаларов, кој според зборовите на Пандо Клашев, му ркеол дека "нема да ти дозволиме да дигаш тука ѓурултија, да поттикнуваш на востание. Слободата ние ќе ја извојуваме сами, не ја бараме од тебе. Немој да мислиш дека ќе го оставиме народот да го заведеш по твоите стапки и да изгори".[142)]

Мошне активна антиврховистичка дејност појавил Јане Сандански, кој ги разобличувал со сите свои сили и во секоја прилика.

---

141) Истото, 61.

142) Истото, 191.

Тој мошне успешно им објаснувал на луѓето во што е разликата меѓу нив и врховистите: "Им велевме дека тие луѓе се на дворецот, дека сакаат да ги фатат нишките на Организацијата, за да можат да играат со длеото. Со нивното востание, што го пропагираат, им велевме, тие сакаат прво да не дезорганизираат и, второ... востанието веднаш да го дигнат".[143] Според искажувањата на Д.Косев, Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, кои биле најдоследни непријатели на врховизмот и големи противници на гарванштината, "биле зафатени со крвави борби против јавните врховистички истапи. Во Битолскиот округ, оддалечен од центарот на борбата ... не била достатно разбрана длабоката смисла и значењето на таа борба против српската пропаганда".[144]

Според д-р Манол Пандевски, врховистичките сили во Источна Македонија броеле меѓу 350-400 вооружени лица, од кои до средината на ноември 1902 година во Бугарија се вратиле околу половината од нив, а "околу 1/5 од нив загинале, четириесетина души биле заробени и одведени во затворите, 28 македонски села делумно или целосно биле подмамени или принудени да земат учество во вооружените судири. Кампањата завшрила, но последиците останале".[145]

Горноџумајското востание завршило со страотен биланс: петнаесет ограбени и опожарени села, 37 селани убиени, 304 мажи и 134 жени мачени, 111 моми и жени обесчестени, 2.000 лица пребегнале во Бугарија.[146] Организацијата во горноџумајско, петричко и мел-

---

143) Цитирано според Хр.Силяновъ, ц.д.169.

144) Сандански, Спомени, Скопје, 1951, 24-25.

145) Д.Kbосев, истото, 211-212.

146) М.Пандевски, Илинденското востнаие во Македонија 1903 год. Скопје, 1978, 23-24.

ничко практично била онеспособена за учество во Илинденското востание.[147]

Со исклучително големото залагање на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, во отсуство на затворениците и осудените Дамјан Груев,[148] и Пере Тошев, врховистите не успеале наспроти сите провокации, да фатат подлабоки корени во Организацијата, а особено не во Западна Македонија. Поради тоа, со право треба да се примат искажувањата на Георги Поп Христов кој вели: "Борбата меѓу врховистите и централистите ја следеа само (најистакнатите - Р.Д) раководители, (па затоа - Р.Д) таа никако не се одрзаи врз Организацијата во Битолско, населението (мисли на членството - Р.Д) не знаело за неа. Делчев надолго и нашироко ни ја осветли таа борба. Тогаш од Делчев разбравме дека врховистите сакале да навлезат во внатрешноста (на Македонија - Р.Д), и да ја засилат својата дејност за да се забрза Востанието".[149] И во непубликуваните спомени на Ѓорѓија Чурановски е искажано слично мислење.[150]

---

147) За з_лосторствата Види повеќе: Македония и Одринско...90-93

148) М.Пандевски, истото, 24

149) Поп.Христовъ, истото, 35-36.

150) Уште пред Даме да падне во затвор, вели Ѓорѓија, за проблемите што ги создаваат врховистите на Организацијата, тој ми раскажуваше скоро една цела ноќ. Тогаш за прв пат разбрав за нивното постоење, иако во Организацијата беа "покрстен" на Божиќ 1894 година. Иако Даме никогаш не употребуваше грди зборови, во еден момент, се потсети на некои грзотии, рече: "Ах тие неранимајковци, никогаш нема да не останат намира". Јас бев вчудоневиден од ваквите зборови, па го прашава: "Господин Даме, што сакаат, всушност, тие луѓе од нас"? Тој малку се подзамисли и откако со левата рака, што по обичај го правеше често, ја погали долгата брада, со овие зборови горе-долу ми објасни дека тие луѓе, како слуги на Кобурзите, сакаат нашата борба да ја префрлат од македонски на бугарски позиции... Тогаш го чув за првпат и името на Борис Сарафов, без да претпоставам дека ќе ги запознаам подоцна..."(Ракописот со овие спомени ми ги преотстапи со право на ограничено користење еден од внуците на Ѓ.Чурановски, д-т Томе Геневски)

Многу посериозна пречка за нормалниот рзавој на Организацијата, претставувале зачестените провали, или афери како што тогаш се нарекувале. Некои од нив избувнувале случајно, други поради подмолната дејност на поткажувачи, а имало и такви кои биле директна последица на вооружените провокации организирани од врховистите. Од ваков вид била и т.н. Виничка афера. Таа уследило по убиството и грабежот на еден богат муслиман од Виница, извршено на 27 ноември 1897 година од страна на една група што пристигнала од Бугарија. Како резултат на оваа провала полицијата безмилосно и сурово се пресметала со бројното население во кочанската, кратовската, кумановската, малешевскат,а паланечката, радовишката, скопската и штипската каза. Во мрежите на провалата се нашле 528 лица. Од нив 219 лица биле подложени на суров терор: 5 лица биле убиени, 5 подлегнале од измачувањата во истрагата, 111 биле тешко претепани, 90 лица злоставувани и 13 лица силувани. Од затворените 21 лице биле осудени: 8 на по 101 година тежок темничен затвор и 13 на по 15 години.[151] Во провалата биле откриени и конфискувани 50 пушки, околу 20 бомби и извесно количество барут.[152]

По Виничката афера, а до започнувањето на востанието, избувнувале уште 44 поголеми провали, што се проширале на 182 населени места. Во нив настрадале голем број луѓе, а истовремено биле причинети и сериозни матеирјални штети. Во овие провали, меѓу другото, биле убиени 16 лица, полесно или потешко ранети 10 луѓе, вкупно затворени 2.095 мажи и жени, од кои 189 биле осудени, меѓу

---

151) Македонија и Одринско..., 26-47.

152) Томов, истото 38-39.

нив 12 на смрт. 1.084 лица биле измачувани на најразновидни начини, од кои 10 подлегнале на тортурите. Истовремено биле изгорени 24 ку-ќи, а е ограбен имотот на мошне голем број семејства.[153] Во овие провали полицијата запленила или на друг начин онеспособила и по-големи количества оружје и муниција. Меѓу овие провали поголеми и со потешки последици биле дединската, егриската,[154] еницевардар-ската, иванчевата, кадиноселската, новоселската, п'телската, ракин-тичката, софиларската и тиквешката провала како и динамитните атентати извршени во Солун.[155] Тие имале негативни политички ефе-кти затоа што ги зголемиле репресалиите, а земјата се нашла во една полувостаничка состојба.

15.- Националноослободителниот и револуционерниот карактер на четите на ТМОРО

Националноослободителната борба и револуција на македон-скиот народ, се до Втората светска војна, немала можност да прерас-не на потребното рамниште и да ја оствари содржината и резултатите на една буржоаско-демократска револуција. Но и таа како и сите бур-жоаско-демократски револуции е производ на се позабрзаниот разви-ток на капитализмот и на револуционерното нараснување на работнич-кото движење, а заедно со тоа, се разбира и на поширокото влијание на напредното работничко движење на Балканот и Европа. Таа револу-

153) Македония и Одринско...,26-47.

154) Види: поопширно кај Поп-Христов, истото, 36-37.

155) Томов, истото, 40-45.

ција е ретко долготрајна и со свои специфичности и карактеристики.

Ослободителната борба на македонскиот народ во историјата има свои длабоки корени и извори. Оруженият облик на отпорот имал корени во состојбата во која се наоѓал македонскиот народ уште од населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров па се до Илинден и НОВ. Независно од тоа каков бил и колку доаѓал до израз отпорот на македонските маси, политички осмислен, организиран, јасно формирани и уобличени цели, тој отпор, бидејќи произлегувла од одредени општествено-економски услови и спротивности, претставувал детерминанта, извориште и определница на облиците и карактерот низ кој се манифестирала борбата. Националноослободителната борба, е класна и економска во сите нејзини фази. И тогаш кога таа борба произлегувала од една состојба на севкупната обесправеност на христијанските маси, ограбувани, експлоатирани и пљачкосувани од системот на целосното безредие, насилство и башибозук, кога тој отпор уште не се манифестирал како борба за национално ослободување и самобитност, тој отпор уште тогаш ја има општествено-економската суштина и смисла. Значи, карактерот на воената организација нужно произлегува од карактерот на борбата и отпроот, кои не се еднаш засекогаш определени, туку се тие во непрекнат развој. Во тој развој македонскиот народ ја водел борбата за национално ослободување, посебно во повисоката фаза, во услови кога со својата националноослободителна борба соседните народи (Србија, Грција, Бугарија, Романија) и другите народи веќе имале извојувано национална слобода и државност, а во Европа буржоаско-демократските преобразби биле завршени под влијанието на индустрискиот

капитализам. Во такви услови, во втората половина на XIX век, кога другите народи имале свои држави, македонскиот народ бил принуден да ја поднесува безмилосната експлоатација на Отоманскиот феудален апсолутизам, што доведувало до силно влошување на економската состојба, тотално осиромашување и пролетаризација на македонските маси. Во овие услови се засилувала и масовната економска миграција и печалбарството. На стотици илјади луѓе оделе на гурбет и се претворале во наемно работништво, кое се вклучувало во класните борби и револуционерните движења и вриежи.

Започнатиот капиталистички начин на производство доведе до создавање на првите никулци на националната буржоазија и појавата на младата национална интелегенција, која се школувала во Солун, Петроград, Виена, Париз, Белград, Софија и др. Овие млади и полетни интелектуалци доаѓале во допир со современите идеи, социјалистичкото учење и револуционерното работничко движење, пренесувајќи ги истите на својата национална почва во Македонија.

Тие субјекти кои безрезервно се вклучувале во националноослободителната борба, внесувале нови сфаќања и нови социјално-револуционерни содржини во борбата. Преку нив се остварувало и поврзувањеот на националноослободителната борба на македонскиот народ со револуционерните движења во Европа и соседните земји. Овие и ваквите услови влијаеле врз карактерот и на воената организација и оружената борба на македонскиот народ.

Македонските работници, гурбетчии и револуционери интелектуалци ќе ги сретнеме на сите поголеми барикадни судрувања

низ Европа и пошироко, не само како политички дејци, туку и како воини.[156] Македонската револуција дала значаен придонес во збогатувањето на стратегијата и тактиката на револуционерните движења на сите соседни народи.

Младотурската револуција, и покрај тоа што била предвидена од млади, воено-образвони, интелегентни и прогресивни офицери, со посебен респект се однесувала кон македонското револуционерно воинство и искуствата на македонските револуционери-воини.[157]

16.- Општонародниот карактер на четите

Општонародниот карактер на вооружените сили на Македонското револуционерно движење бил определен од народноослободителната и класно-револуционерната содржина на платформата на ТМОР, социјално-класниот и националниот состав на четите и начинот на кој тие се развивале, специфичните и автентични внатрешни услови во кои се подготвувало востанието, надворешните услови и слично. Припадниците на ТМОРО и четите биле свесни дека успешно ќе можат да ја остваруваат својата цел на национално и социјално ослободување на

---

156) Македонски доброволци-борци учествувале во ослободителните востанија и војни на Бугарија, Грција, Србија и Романија. Ги имало и во единиците на Гарибалди, во Италија, а и во Русија. Веројатно ги имало и во другите западни земји, што може да биде предмет на посебни истражувања.

157) Легендарните револуционерни единици на Јане Сандански учествувале во уличните борби во Цариград и придонеле вонредно многу за запазување на Младотурската револуција и за целосното задушување на реакционерната контрареволуција на конзерватните османлиски средини, собрнаи околу детрониранот долгогодишен крвав деспот и тиранин Абдул Хамид II

својот народ од турското ропство, само ако се добро организирани, ако во раководствата и четите владее висок степен на одговорност, храброст, упорност, другарство и целосна доверба. Затоа Организацијата посебна грижа посветувала на внатрешните односи во четите на револуционерната војска, преку која се изразувал вооруженият облик на движењето. Тие се одликувале со висока свест, дисциплина и одговорност спрема своите обврски. Стрпливо било развивано другарството, личната чесност, скромноста, заемната доверба, почитувањето на човековата личнсот и достоинство, иницијативноста и тудољубивоста, братството и единството.

Востаниците, покрај тоа што воделе вооружена борба, што била нивна основна задача, вршеле и други активности од широко општествено значење:

- воспоставување на органи на народна власт и обезбедување на услови за нивно функционирање;

- дејствување врз развивањето на политичката свест среде населението;

- политичка борба со противниците на движењето врз основа на идеологијата и политиката на ТМОРО;

- просветување и обучување на населението за вооружена борба и други облици на отпор;

- грижа за општествена заштита и пружање на економска помош на населението;

- учествување во разоткривање и уништување на народните предавници итн.

Односот на народот спрема востаниците бил полн со доверба и сестрана соработка со цел за успешно остварување на вековните стремежи. Востаничките сили отворала перспектива, го подигале моралот на народот, ја развивале увереноста и сигурноста во победата, во историската задача, во создавање на услови за општествена преобразба на Македонија. Според тоа, воената организација е создавана и развивана и како интегрален делна националноослободителното движење, а со тоа и вооружената борба и војноводството, кои добивале нови содржини и облици во кои воената организација достигнала висок степен во совјот развој. Македонската револуција дала придонес во збогатувањето на стратегијата и тактиката на револуционерните движења. Македонското револуицонерно војништво врз себе го свртело вниманието и на големите револуционери, како што биле Ленин, Тито и др.

Воената организација и организацијата на вооружените сили во ТМОРО, како систме и модел на револуционерното војништво, претставуваа извор од кој искуства црпеше и нашата НОВ, а и денес е актуелно во изградбата на нашиот систме на ОНО и ОСЗ и подготовките за водење на ОНОВ.

V ДЕЛ

ЗАДНИНСКОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ И ВОСТАНИЦИ ВО ПЕРИОДОТ НА ПОДГОТОВКИТЕ И ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1893-1903)

Замислата за Револуционерната организација за широко и масовно организирање, идејно-политичко издигнување и материјална подготовка на народот за вооружена револуционерна борба, за општо востание и извојување на сопствена држава на македонскиот народ, претпоставувало претходно соборување на османлиското господство во Македонија. Затоа една од најнепосредните задачи во подготвителниот период била заднинското обезбедување на македонските револуционери и востаници, како и на целиот организиран македонски народ, бидејќи без адекватно решавање на ова прашање воопшто не било можно формирање и постепено изградување на вооружените чети, а со тоа создавање и на вооружени сили на револуционерното и националноослободителното движење. Заради тоа и основоположниците и врвните идеолози на македонската револуционерна организација јасно согледале дека проникнувањето на масите со револуционерен дух и свест, може да се постигне и преку решавање на заднинските прашања, а посебно на самовооружувањето и организираното вооружување. Таа потреба особено му била јасна на Гоце Делчев, кој имал и соодветно воено образование и бил свесен како да се подготвуваат масите за претстојната борба, а што го потврдуваат и неговите

зборови: "Тиранијата е насилство, а револуцијата е насилство против насилството".[1] Меѓу првите кои се самовооружиле со индивидуални напори биле членовите на Централниот комитет на ТМОРО.

Ваквиот принцип е вграден уште во првиот Устав. Правилникот на Организацијата од 1895 во четвртата глава, ги регулира правата, должносите и начинот на формирањето на илегални групи, додека десетттата глава од Правилникот целосно е посветена на вооружувањето. Секој член на Организацијата бил должен да биде снабден со пушка, а по можност и со кама и револвер. Тоа биле нејнеопходни оружја за усвојување на војничката вештина и за револуционерно калење во редовите на Организацијата. Градските и селските комитети биле задолжени да се грижат за собирање на средства за купување на оружје за сите свои членови кои физички и умствено биле способни натаму да станат воини на Револуционерната армија (комити, востаници).

За востанието, било потребно многу оружје. За таа цел и Правилникот на Организацијата од 1897 година предвидува секој член, според својата економска состојба, задолжително да дава паричен влог, да се грижи за сопственото вооружување и оружјето да го држи во исправна состојба. За вооружувањето на сиромашните членови се грижела Организацијата. За крупни набавки на оружје и друга опрема од странство бил задолжен Централниот комитет, а од земјата окружните и месните комитети. Најзначајна улога и најголема заслуга во овој правец сепак имале двајцата први задгранични прет-

---

1) П.К. Яворовъ, Гоце Делчевъ, София, 1904, 187.

ставници (дипломати) на Централниот комитет на ТМОРО - Ѓорче Петров и Гоце Делчев. Тие енергично се спротивставиле и ја одбиле бугарската материјално-финансиска помош, бидејќи ги согледала нејзините подли, аспираторски намери.

Гоце Делчев многу јасно и енергично истакнувал дека секоја материјално-финансиска помош бугарската држава ќе настојува на кој било начин да ја наплати. Ова Делчев прецизно го изнел и во одговорот на Руменов, кога тој предлагал да се земат пари од бугарската влада. Делчев му напишал: "Тоа не може да биде никогаш..., еднаш земените пари од владата ... значат даден ангажман, значат обврзување ... Бугарската влада, која има чисти завојувачки намери спрема Македонија, штом ќе почне да дава пари, ке знае како да ја исползува со таа помош создадената состојба...[2] Ова далекусежно согледување претставува едно драгоцено револуционерно искуство. Упорноста на Делчев и Петров да не се прифаќа никаква материјално-финансиска и друга помош од бугарската држава зборува за нивната револуционерна зрелост и желба движењето да се потпира исклучително врз сопствените сили.[3]

Во напорите што Револуционерната организација ги правела за вооружувањето, Манол Пандевски смета дека би можело доста видливо да се издвојат три развојни фази, кои меѓу себе се разликуваат главно според интензитетот и организираноста.

---

2) Х.А.Полјански, Одбрани дела ..., том III, стр.232,233

3) Таквата воено-политичка и стратегиска определба за потпирање врз сопствените сили се потврди како правилна во борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода, и во борбите намногу други народи за ослободување од колонијалното ропство

Првата фаза го опфаќа времето од создавањето на ТМОРО (1893/94) до Виничката провала, односно до појавата на првите организационо-агитаторски чети (1897/98). Втората фаза се протега од 1898 до средината на 1902 година, кога почнала да се создава, предвостаничката атмосфера во Македонија. Третата фаза е најкратка и трае од средината на 1902 до востанието во 1903 година. Тоа е период на најинтензивно снабдување со оружје, муниција и сл.

Подготвувајќи го македонскиот народ за востание, Организацијата развила голема агитација за обезбедување на материјални и финансиски средства за купување на оружје, што имало огромно позитивно влијание, особено кај селските маси во подготовките и подигањето на борбената готовност. Тргнувајќи од сознанието дека од материјалното обезбедување на четите зависела не само нивната стратегија и тактика,туку и во целина нивната борбена оспособеност, Организацијата уште од нејзиното формирање, мошне сериозно, иако под исклучително тешки услвои, се зафатила со решавање на овој витален проблем на вооружените сили и вооружената борба. Организацијата на специфичен начин, односно во зависност од конкретните услови и можности, го решавала проблемот на вооружувањето и проблемите на снабдувањето со други материјални потреби и санитетско згрижување.

Во исклучително тешката и сложена внатрешна и надворешна ситуација Организацијата морала да се судира со низа проблеми и да изнајдува оригинални решенија во врска со заднинското обезбедување. Затоа била извршена и организациска поделба на задачите според следното:

а) Централниот комитет се грижел за:

- набавка и купување на оружје и друга воена опрема од земјата и од странство;

- организирање, пренесување и распределба на оружјето и опремата по револуционерните окрузи, според потребите на вооружените сили на округот;

- насочување на организирањето на разни работилници за изработка и поправка на оружје, бомби, експлозивни средства, облека и други воени материјали.

б) Револуционерните окрузи, околии, села и градови ги имале следните задачи:

- собирање на парични средства за купување на оружје, опрема и други средства потребни за четите;

- определување кој граѓанин-селанец, член на Организацијата, треба сам да купи оружје и опрема, а кој ќе биде вооружен и опремен од касата на Организацијата;

- исхраната на четите и создавање на резерви во печен леб, сол, шеќер, масло и други прехранбени артикли;

- изработка на облека и обувки за борците во четите, за која цел организирале разни работилници;

- организирање, складирање, чување и одржување на оружјето, сопственост на Организацијата и народот.

Од изнесеното може да се заклучи дека на заднинското обезбедување на востанието Организацијата му посветувала големо вни-

мание бидејќи била свесна за неговото значење.

Со цел заднинското обезбедување на востанието да се спроведе организирано и рационално за да може скромните материјални можности максимално да се искористат, извршена е организација по следните дејности: техничко, интендантско, финансиско и санитетско обезбедување.

1. Техничкото обезбедување

Техничкото обезбедување бил најкомплексен вид на заднинско обезбедување и нему му било посветно соодветно внимание. Тоа имало повеќе функции кои се огледуваат низ следната организација.

а) Начинот и можностите за вооружување на Тајната македонско-одринска револуционерна организација

Вооружувањето на ТМОРО било во тесна зависност од нејзината воена доктрина, политика и стратешко-оперативни и тактички концепции, но најмногу од нејзината финансиска сила. Бидејќи финансиските можности, наспроти сите напори, биле мошне скромни однапред се сметало дека востаниците во поглед на квалитетот и количеството на оружјето ќе бидат инфериорни во споредба со регуларните воени единици на Отоманското царство. Тоа Организацијата ја ставало пред крупни задачи, бидејќи материјалниот фактор, а особено вооружувањето, игра значајна улога во крајниот исход на вооружената борба.

Освен начин на вооружување на Организација претставувало самовооружувањето. Најрано била почувствувана потребата од револвери. Тие биле потребни при примањето на нови членови во Организацијата, кое станувало со полагање на клетва пред револвер и кама.[4] Револвери биле нужни и за куририте на Организацијата, како и за егзекуторските групи во градовите. Најголемиот дел од револверите биле од црногорско потекло, наречени црногорски "карадалии" и доставувани посредно преку Албанија,[5] како и системот "нагант", "парабелум", а поретко "колтови браунзи". Со револвери биле вооружени и групите млади револуционери по градовите. Меѓутоа, основно оружје кое масовно се употребувлао по селата, сепак биле пушките. Нив селаните полесно ги употребувале и чувале, бидејќи помалку биле изложени на контрола на турските власти. Во снабдувањето и ракувањето со оружје, особено со пушки, всушност, постоела извесна традиција, уште од периодот на т.н. селска милиција (Фарии), формирана од османлиската власт во Битолскиот вилает во 1887 година со цел да се спречи разбојништвото во Вилаетот. Од тоа време кај селаните останале извесен број на пушки. Пандо Кљашев соопштува дека во повеќе костурски села останале засолнети пушки од фариите, што Лазар Поп-Трајков ги прибрал за Организацијата.[6] Пушки од времето на фариите останале и во други места. За

---

4) Къмъборбитѣ въ югозападна Македония. По спомени на Лука Джеровъ, Г.П.Христовъи др.София, 1926 28-29; Љ.Лапе,Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, II, Скопје, 1953, 150.

5) Писмо од Илинденецот Милан Гагов, Струга, од 18.10.1953, Архивско одделение на Институтот за национална историја, Скопје

6) Освободителни борби въ Костурско(до 1904). Спомени на П.Кляшевъ, София, 1925, 26.

време на создавањето на Организацијата во Битола, Ѓорче Петров, откril две самоникнати "компании" кои се состанувале ноќе продолжувајќи ја традицијата на фариите. Тие истребувале одделни злосторници - Турци, а им помагале и на Организацијата во доставувањето на оружје од дебарско. Во Битола и Прилеп, според истиот извор, биле донесени и мартинови пушки.[7)]

Активноста околу вооружувањето најтесно била поврзана со дејноста на Гоце Делчев. Тој не пропуштал ниту една прилика да набави какво било оружје за Организацијата.

Во 1894 година Гоце Делчев создал револуционерни врски и оформил канали за пренос на оружје.[8)]

Сето тоа се реализирало преку напорите за создавање на свои "фабрики" на оружје и муниција, таканаречени бомболеарници.[9)] Системот во префрлувањето на оружје бил изграден по системот на организирана војска. Тоа се товарело на коњи (12-20 пушки) и преносот

---

7) Спомени на Иван Галев-Шаќо (ракопис), Архивско одделение на Скопје, 36

8) Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев и неговото време, т.I, Скопје, 1972, 131

9) Види: Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, 51; Хр.Андонов -Полјански. Некои прашања од воената организација на македонското национално револуционерно движење во предилинденскиот период. "Гласник" на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960,101; Љ.Лапе, Снабдување на охридските револуционери со оружје до Илинденското востание (1893-1903) година - "Гласник" на ИНИ, VII/2, Скопје, 1963, 104-105; Хр.Силјановиќ, Ослободителните борби..., 84-85

се изведувал ноќе. Во едно писмо од 09.03.1897 година Гоце Делчев го известува Никола Зографов дека испртил ками во Радовиш, и дека една била наменета за Тодор Станков, тогашниот раководител на Радовишката револуционерна организација, а во друго пак испратено до Никола Малешевски, од 22 април 1897 година, Гоце му сугерира да му пише на Никола Казанџиев да испрати оружје.[10] Извесна количина оружје била набавена од јужните српски краишта и пренесена преку киражиите и другите трговци во Македонија. Но, најзначаен извор на вооружување со пушки претставувала трговијата со Бугарија. Организирани се повеќе рпремини (пунктови), кои претставувале значајни станици на илегалните канали на Организацијата. Официјалната бугарска власт преку индиректни врски, често најавувала некаква помош во оружје, но реализирањето на оваа помош повеќе време се одолговлекувало. Во првите скромни испораки тогаш се замешала една група нечесни трговци, кои настојувале вооружувањето на Организацијата да го искористат за сопствени печалби. Таков е случајот со браќата Иванови, големи трговци кои од бугарската држава по симболични цени откупиле поголеми количини оружје кое било исфрлено од употреба и го продавале на Организацијата по многу повисоки цени.[11] Во прво време пушките ги исплатувале Делчев и Петров, а подоцна, откако пушките биле префрлени во Македонија, сметките ги изравнувал ЦК за подарените и купените пушки, со пари што владата и ги додели на Организацијата,[12] меѓутоа, било

---

10) Истото, 44

11) Ѓ.Петров, истото, 56-57

12) Од ветените 20.000 беа дадени само 6.000 левови. Види: Ѓ.Петров, истото, 60

направено едно однапред планирано лукавство. Имено, пушките биле продадени без муниција, а напорите на Делчев и Петров да ја добијат, останале попусти. Оваа постапка, како и низа други што биле пројавени од владата, придонеле да започне нејзиното игнорирање од страна на Организацијата.[13] Сите сили и надежи оттогаш биле насочени кон самовооружувањето, што веќе имало резултати во Битолскиот револуционерен округ. Оваа директива брзо се оживотворила и во Горноџумајско и Петричко, каде за релативно кратко време се собрани пари и со нив биле купени "мартинки".[14] Земањето пушки од Бугарија подоцна се покажало како погрешен чекор. "Мал број од нив послужија во време на востанието".[15] Всушност, повеќето од овие 4.000 и нешто пушки биле разделени во Скопскиот и Струмичкиот округ. Само по неколку стотини биле испратени во Битолско, Серско, Солунско и Одринско.

Во такви услови владата се обидела да ги затвори Гоце Делчев и Ѓорче Петров, на што одлучно се спротивставил Централниот комитет од Солун. Тогаш владата се зафатила да ги открие тајните канали и реоните во Македонија каде е испраќано оружјето. За таа цел, кон средината на ноември 1897 година, една врховистичка чета испровоцирала во Виница провала во организационите редови, што ја зафатила скоро цела Источна Македонија. Врховистичката чета, по убивањето на еден угледен Турчин во Виница, се вратила во Бугарија.

---

13) Ѓ.Петров, ц.д. стр.62.

14) Исто, стр.65.

15) Истото, стр.62.

Виничката провала, покрај затворањето, прогонувањето и малтретирањето на маса луѓе, имала за резултат разоружување на засегнатите револуционерни околии. Такви во основа биле последиците од купувањето на 4.000 пушки поврзани со Виничката провала.

Додека со Бугарија се создавани пречки, од југ со Грција, се отвориле нови можности за масовно снабдување со оружје. Имено, во текот на Грчко-турската војна во 1897 година, грчката војска, отстапувајќи панично кон југ, во Тесалија оставила многу оружје, муниција и воени материјали, кои што Турците и Албанците ги разграбиле. Тие запленили големи количества на грчки пушки од системот "гра", кои се одликувале со многу добри технички својства. Веќе во 1899 година селаните од повеќе околии во Јужна Македонија започнале да се снабдуваат со грчки пушки од турски и албански селани-шверцери. Откогка се распродадени овие пушки, купувани се нови.

Во текот на 1902-1903 година настапило многу засилено снабдување со оружје, муниција, експлозивни средства и друга опрема. Странскиот конзули од Македонија во повеќе прилики известуваат дека активноста на Организацијата се изразувала главно низ форсирано купување на оружје, муниција и друга опрема за подготовка на народот за блиското востание.[16)]

Со општиот правилник познат како "Упатство за четите" многу прецизно биле конкретизирани задачите на четите во врска со вооружувањето. "Со еден збор речено - се вели во Упатството четите

---

16) Љ.Лапе, Извештај од 1903...,26-18, 80; Данчо Зографски, Извештај 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955, 33

преземаат семожни и колку што е можно поитни мерки за вооружување на реонот (на четата), а по можност и на поблиските соседни села. Собраните пари за оружје да се готови во секое село, во случај четата или некој член од Организацијата да најде во некое село готово оружје и одма да го купи. Се препорачува фишеците сами селаните да си ги полнат, зошто наполнетите често се фалсифицирани, а најдобро е да се купуваат празни килиња.[17] Четите сите овие обврски најсовесно ги извршувале. Пушките што во ова време биле купувани, претставувале модели израбоени од 1841, главно до 1880 година. Муницијата што се употребувала за нив имала калибар од 11-17,5мм, а нивниот дострел не надминувал 1.000 метри. Сите овие пушки биле релативно лесни, тежеле од 4,05-4,98 килограми, нивната должина се движела од 1,22-1,43 метри, а бројот на жлебовите во цевката се движел од 3-7. Брзината со која можеле да се испукаат патроните во една минута изнесувала од 7-10.

Револуционерната организација се обидела да се снабди и со оружје купено надвор од границите на Балканскиот Полуостров, т.е. во Австро-Унгарија и во некои други земји на Западна Европа. Тие обиди, заради негативниот однос на владите на големите империјалистички сили, не дале поголеми резултати. Нивните егоистички интереси биле целосно спротивни на природните стремежи на македонскиот народ за слобода; на неговата почната и доста добро омасовена национално-ослободителна борба против османлискиот феудален

---

17) Љубен Лапе, некои нови документи во 1903 година Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, 6/1953, 214-215, Зографски Извештај...,43

поредок и против неговата политичка тиранија. За сите тие земји најважна била положбата во Македонија и во целото Османлиско царство да остане непроменета, бидејќи се уште не биле готови да ја почнат светската кланица за нова прераспределба на колониите и на сферите на влијание. Таков бил империјалистичко-освојувачкиот курс на многу држави во Западна Европа.

Се разбира дека процесот на постојаното вооружување не течел со еднакво темпо. Постоеле најразлични тешкотии и пречки. Сепак, најопасни за вооружувањето на македонскиот народ биле штетните последици од зачестените провали (афери). Провалите, независно од причините што ги условувале, на османлиската власт и покажале дека македонскиот народ почнал да се вооружува, што дотогаш било воопшто незамисливо и кое целосно ја збунувало Портата.

На тој начин вниманието на воените и полициските власти уште од првите афери, било насочено во спротивност од стремежите на ТМОРО за вооружување на организираното население, во правец на постојано откривање на оружје и на разоружување на македонскиот народ, за на најефикасен начин да се спречи неговото почнато револуционерно националноослободително движење. Провалите предизвикале и голем број човчеки жртви, не само во редовите на револуционерите туку и среде цивилното население, особено среде децата, жените и старците. Покрај тоа значеа и загуба на многу оружје набавено со големи маки и самооткажувања.

Оттогаш разоружителните акции на осмналиската власт, спроведувани од страна на војската, полицијата и нивните задолжи-

телни придружници-башибозуците, продолжиле неуморно до Илинденското востание. За време на тие акции бил спровеудвна најсуров и несносен терор над фатените револуционери и над мирното население во опфатените подрачја. Воопшто, вонредно тешко е да се опишат сите морничави страдања на револуционерната мрежа. Тие имале за цел да го уништат и борбениот морал на веќе освестениот народ, за да изгуби верба во сопствените сили, во сопствената револуционерна организација. Меѓутоа, теророт само го зголемувал моралот на народот и ја зајакнувал неговата желба со оружје в рака да се скршат прангите на вековното ропство. Сметките на османлиските трошоци излегле наполно погрешни. Ефектот на разоружителните акции и експедиции бил спротивен. По одземањето на одредено количество оружје, по стивнувањето на првичниот терор, македонскиот народ со уште поголем елан набавувал револвери, пушки и муниција, често и поквалитетни од одземените.

Големата Виничка афера (1897) им овозможила на власта да открие и одземе 50 пушки, 20 бомби, неколку сандаци куршуми (патрони) и помали количества барут.[18] Дединско-Радовишката, во истата година, почнала со откривање на мала торба со муниција и неколку стари пушки кај еден организиран свештеник, член на ТМОРО, а завршила со катастрофални последици.[19] На сличен начин почнала и Кумановската афера, во 1900, кога во домот на еден член на ТМОРО биле откриени неколку стотини куршуми и една пушка.[20]

---

18) Македонија и Одринско...,21.

19) Истото, 68.

20) Истото, 70.

Тиквешката афера во 1901 година била во суштина одраз на големата Солунска афера. Тогаш низ Тиквеш се движеле османлиски казнени потери, задолжени ... "да фаќаат комити и да бараат оружје"[21]. Во 1902 за време на Кочанската афера, потерните единици на османлиската војска вршеле бастиси (претреси) по селата и спроведувале невиден терор. Тие измачувале 33 Македонци на мошне суров начин, но не нашле оружје, освен една рѓосана пушка.[22]

И првата половина на 1903 се одликувала со слични акции на османлиската војска и полиција во разни делови на револуционерна Македонија. Така, единиците на Крушевскиот гарнизон на чело со самиот крушевски мудир, барале оружје во целосно организираното село Пуста Река.[23] Меѓутоа, од таму тие се вратиле во градот без да откријат нешто. Пусторечани имале долга ајдутска и бунтовничка традиција, а како револуционери биле цврсти и одлучни борци, готови да ги жртвуваат и своите животи за делото на слободата.

На 16 април 1903, кајмаканот на Неврокоп, на чело на аскерска единица, го асрдисал селото Балдево (Неврокопско) под изговор ... "дека било донесено оружје во селото".[24] Здвиените поробувачи заклале 58 невини жени и мажи и опожариле до темел 57 од вкупно 63 селски куќи.[25] На 6 мај 1903, битолскиот валија испратил неколку стотини аскери под команда на оспособени офицери, да

---

21) Истото, 54.

22) Истото, 71-72.

23) Истото, 99.

24) Истото, 104.

25) Истото,

се обидат да влезат во битолското село Цапари, познато како едно од неколкуте селски тврдини на ТМОРО во Македонија, за да извршат претрес за откривање на оружје.[26] Меѓутоа, кога Цапарци научиле за пристигањето на аскерите, селскиот комитет на ТМОРО веднаш наредил евакуација на неборечкото мирно население во планината, над селото, а членовите на ТМОРО, кои имале оружје, да заземаат позиции пред селото да ги спречат аскерите да влезат во населбата. Почнала неравна борба, во која загинале 11 лица од селото и 30 аскери[27]. Потерната единица била принудена да се врати во Битола.

Заклучно речено вооружувањето на македонскиот народ, била постојана обврска и должност на селските, градските и окружните, како и на Централниот комитет.

б) Снабдувањето со бомби и експлозивни материјали и направи

Снабдувањето со бомби и експлозивни материјали претставувало посебен напор на македонските револуционери кои биле опфатени со младешки ентузијазам, исполнети со патриотски жар за брзо рушење на гнилото султанско господство во Македонија. На вакво определување биле инспирирани и од ефектите на бомбашките атентати на Ерменците, извршени ов Цариград во 1895 година, како и фактот што тогаш бомбите биле релативно нов вид на оружје, полно со привлечна и мистериозна сила.

---

26) Истото, 114

27) Истото,

Во напорите за самовооружување на движењето Ѓорче Петров прв пат добил можност да се запознае со правењето на бомби, кога ја посетил Варна во 1897 година. Таму Петров зборувал на оваа тема со еден ерменски револуционер, чиј псевдоним бил Леон. Благодарение на оваа врска на Ѓ.Петров му било ставено на располагање некое лице по име Кирков, кој бил обучен во изработувањето на бомби. Двајцата стигнале во Софија, каде што Ѓорче Петров познавал еден Чех, чија работилница се наоѓала на булеварот "Патријарх Ефтимиј". Нему му биле дадени 150-200 лири да купи калапи и друг прибор за леење на бомби. Тој бил задолжен и да обучи некој член на Организацијата во леењето на бомби. Кон оваа мерка било прибегнато бидејќи се узнало дека Туфекчиев, кој дотогаш им ги продавал бомбите, не само што не сакал да покаже како се прават, туку самиот ги порачувал кај споменатиот Чех, потоа само ги препродавал на Организацијата. Притоа Туфекчиев шпекулирал, бидејќи само за мазнење на бомбите наплатувал по 2 лева, иако еден чирак можел да се измазни до 20 бомби за еден ден.

Со помош на Ерменецот Кирков, Организацијата го убучила младиот прилепчанец Димитар Зографов, кој по професија бил телеграфист, да лее бомби. Напоредно со ова Ѓорче Петров, со помош на Кирков, го ангажирал и Кочо, дотогашен сопственик на железарска работилница во Броди, да се префрли во Софија, каде што овој се зафатил со тајно производство на бомби.

Поголемото производство на бомби започнало откако биле организирани работилниците во радовишкото село Дедино (1896 година), и во близина на кустендилското село Сабљар (Бугарија)

во близината на турско-бугарската граница. Работилницата во Сабљар прераснала во мала фабрика, познати како "Сабљарска фабрика" и работела во најконспиративни услови. Кога полицијата разбрала за оваа активност, им било речено дека во Бугарија само се купува материјалот, а дека бомбите се изработуваат во Македонија. На тој начин работилницата останала непровалена. Во три импровизирани колиби Ерменецот Кирков работел без почин. Во "тајните" на бомболеарството тој ги обучил и Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Такиџиев, Мураџиев и др.[28] За леарницата во Сабљар Ѓорче Петров вели: "Тоа беше вистинска фабрика. Беа излеани околу 1.000 парчиња, а се изработуваа и ками иножеви. Ги праќавме, по партии, во Македонија, а неколку десетини бомби од работилницата употребија и солунските атентатори во 1903 година. Средствата ни беа крајно ограничени, понекогаш се губеше многу време заради некакви 200 лева. Печката се имаше оштетено и за да ја направиме, со 200 лева изгубивме два месеци. Еременецот ни беше доделен во принцип, како работник на наше располагање без плата. Тој ги поднесуваше сите незгоди, се хранеше како и момчињата што навраќаа таму, со грав, па и само со леб, што сами го месеа. Ретко некој работник од Македонија ќе донесеше по некоја коза ...

Изработувавме неколку видови бомби ... - со боцки, јајцевидни (елипсовидни), валчести, сите со капсули. Бомбите од Туфекџиев беа со азотна киселина, со стакло во внатрешноста, што требаше да се скрши при фрлањето, што беше опасно. Изработувавме и

---

28) Ѓ.Петров, спомени...,67-68

четвртасти, со фитили. Ги правевме од сите видови, со различна големина и форма, од мали рачни до тие со тежина до 35 килограми.

По една година и неколку месеци-натаму подвлекува ' Ѓорче Петров и турски шпиуни и бугарската влада ја намирисаа фабриката. Владата испрати еден куп полицајци, кои ги претресоа момчињата и ги конфискуваа калапите...

Откако ја затворивме фабриката, повеќе не го повторивме тој обид ... Подоцна веќе, во Сарафово време, откако финансиски зајакнавме, бомбите станаа ефтини и можевме да ги купуваме готови. Уште во Солун, не паметувам од кого, научивме да правиме една смеса од фосфор и др. нешта, која откако ќе пламнеше и се фрлаше врз зграда, сигурно ја потпалуваше. Ние купувавме тука (во Бугарија, б.м) фосфор и др. материјали и ги праќавме во Македонија, за да се служат со нив за потпалување на згради, но тие речиси не влегоа во употреба, па ни во востанието не се служеа со него. Додека ја имавме фабриката, се потсетивме за ова средство и го усовршувавме. Во фабриката производувавме и боксови, ками, ножеви".[29]

Средствата за работа на бомболеарницата во Сабљар, иако биле испраќани од ЦК, воопшто не стигнале. Тоа придонело суровините да се земат на кредит од софискиот трговец Колкачов, на кој подоцна долговите уредно му биле исплатени. Од него се обезбедувало бартолетова сол. Експлозивното средство во бомбите се состоело од 84% бартолетова сол и 16% шеќер, кои добро истолчени се мешале, а во допир со оваа смеса се ставала капсулата. Телото на

---

29) Истото, стр.67-69

бомбата се изработувлао од чисто сурово железо. Овој метал го купувале од 1,60-2 лева по килограм, така што една комплетна бомба, од 2 килограми, ја достигнувала вредноста до 2 лева.

Додека работела оваа бомболеарница ја посетил и истакнатиот ерменски револуционер Леон, за да даде нови инструкции и пренесе нови сознанија до кои дошол во меѓувреме. Таму се вршеле и разновидни експерименти во производството на бомбите. Леани биле и бомби од легура на цинк, олово и други материјали, а истовремено биле изработувани и мали калапи за леење, што потоа се праќале во Македонија. Во нив бомбите можеле да се леат насекаде, дури и во соба, на мангалче. "Ја имавме изучено дури и фабрикацијата на бомби со отровен гас", вели Ѓорче Петров, додавајќи дека тие бомби биле измислени од Ерменците.[30] За времето додека работеал бомболеарницата биле потрошени 2-3 тони англиски кокс. Петров со право се чуди како толку долго време не бле откриени, иако од бомболеарницата, низ не малиот оџак, кон небото постојано се дигале големи облаци чад.[31]

Во ова исто време, работела и веќе спомнатата бомболеарница во радовишко.[32] Но, со оглед на тешкотиите во набавката на неопходните суровини за изработка на бомбите, работела со помал капацитет. Вакви бомболеарници биле изградnеи, во почетокот на 1903 година, во Саракиново (Воденско) и во костурските села Д'мбени и Смрдеш (на чело со Лаки Поповски), како и во некои други места.[33]

---

30) Истото, стр.68-69

31) Истото, стр.70

32) Хр.Силјановъ, истото, 84

33) Хр.Силјановъ, истото, 85 и 271

Обиди биле направени и во Прилеп, Крушево, Битола и Смилево.[34)]

Со битолската бомболеарница во 1901 година раководел мајсторот Новак Чех, со видно учество на група македонски социјалисти околу Никола Карев. Истата година ваква работилница била инсталирана и во селото Загоричани-костурско.[35)]

Во Енице-Вардарско и Гевгелиско, поради недостиг на бомби, биле приспособени и полнети со експлозив пивски шишиња. И од нив се очекувало голем убоен ефект, но се сметало и на сигурен психолошки ефект, зашто било општо познато дека Турците имаат страв од бомбените експлозиви.

Доаѓајќи во Македонија и подготвувајќи се за востание, повеќемина војводи донеле динамит од Бугарија за изведување на диверзии по железниците. Стотина килограми динамит и 200 бомби донел со себе и Никола Пушкаров во Скопскиот реон. Истото го сторил и Ѓорче Петров. Никола Пушкаров направил и неколку темпирани експлзивни направи со часовници-будилници и динамит со кои

---

34) По налог на раководителот на селскиот комитет Ѓорѓија Чурановски, кој стоел на чело на една од најразвиените селски организации во Битолскиот округ, како ми раскажа Јован Костовски (на неколку денови пред смртта во Клиничката болница во Скопје во 1981 година), после еден краток разговор меѓу него и Дамјан Груев, тој бил задолжен да ги проучи можностите за организирање на бомболеарници во селото. За оваа цел Ѓорѓија ги обврзал браќата Крстевци (Павле и Мато) детално да ги испитаат можностите за тоа. Дури потем беше заклучено дека заради големата фрекфенција на целото тоа подрачје, тешко можеше да се сокрие чадењето. Затоа наместо бомболеарница тие ја организираа работилницата во Боишко на Бигла планина за поправка на пушки и револвери, која со вонреден успех работеше се до 2 август 1903 година. Инаку, Павле почина во 1941 во Битола, а мато, во 99-та година од животот, во 1975 година во Скопје.

35) Анастас Митрев, Илинденски устанак "Војно-историски гласник" II/5, Београд, 110

извршил неколку напади со диверзии врз железничката пруга Скопје-Велес.[36)]

Востанието ја наметнало и потребата од огромни количества разновидна муниција, која во доволни количини не можела да се набави. Поради тоа се преминало на сопствено производство. За таа цел, освен гилзи, капсули, куршуми и барут, Организацијата се снабдувала уште и со два вид машинки (правени во Струга и Битола) потребни за различни операции: вадење на стари и ставање на нови капсули, стегање на раширени гилзи, леење и полнење на куршуми со олово.

Славејко Арсов во своите "Спомени" опширно опишува како се правело сето ова. Муниција засиелно се приготвувала и во текот на самото востание. особено во ослободеното Крушево и во планините.[37)]

Наметната била потребата од поправање на неисправни пушки. Пушкари постоеле во Струга и Битола, а некои чети ги носеле со себе со сите потеебни алати.

Треба да се истакне и желбата на востаниците за создавање на сопствена артилерија. По иницијатива на востаничкиот штаб во Крушевскиот реон неколкумина селани, на чело со Трпе Треновски, направиле две топчиња од црешово дрво, добро опковани со железни обрачи. Едното било употребено во востаничките борби, но набргу се распаднало, а другото го запленил аскерот, испраќајќи го во Цариград, како редок воен трофеј.

---

36) Спомени на Никола Пушкаров, София, 1927, 188-190

37) Славејко Арсов, Спомени...,63, Наум Томалевски, Последниот ден на Републиката, Сборник Илинден 1903-1921, София, 1921, 86-87; Никола Киров-Майски, Град Крушево и борбите за свобода. „Илюстрация Илинден" VI (1934), кн.60, София, с.а.2-6

Христо Настев, кој во 1903 година со една ревиозна чета бил во Западна Македонија, споменува за уште еден случај на дрвено топче, направено во 1903 година од некој калуѓер (Георгие) во манастирот Свети Јован Бигорски. Топчето било испробано од востаниците, но и тоа се распаднало уште при првиот истрел.[38)]

Од расположливата документација се гледа дека работниците за оружје во внатрешноста на Македонија се појавиле како природен одраз на развојот на ТМОРО. Имено, со јакнењето на Револуционерната организација низа значајни должности на градските комитети поминале постепено врз селските комитети при што почнале и самите да се грижат за производството (постојано во потрага по кадри од леарскиот занает, пушкарството и пиротехниката) и за создавањето на нелегални канали за прифаќање на оружјето, за обезбедување на средства за купување на оружје и за внатрешна распределба на оружето. Селските комитети одлучувале сами за предимството при распределбата. Во почетокот ги вооружале членовите на своите комитети, а подоцна, по појавата на четите и народната (селската) милиција и за лицата кои биле вклучени во нив. При тоа се почитувал принципот на субординација, т.е. селските комитети сите свои чекори ги преземале по соодветно консултирање со градските и окружните комитети.

Покрај производството на бомби и муниција во тој период се изградени и пушкарски работилници во Тетово, Гостивар, Дебар, Сгруга, Охрид, Битола, Крушево и други места.

---

38) Христо Настевъ, Спомените ми отъ Реканско и Дебърско, „Илюстрация Илинденъ" II, кнг.1, София , с.а.10.

в) Доброволноста во вооружувањето

Доброволноста како идејно определување на членовите на Организацијата била основен организационен принцип на работа и широко прифатена од македонскиот субјект, а посебно од селанството.

Идејата за самовооружување уште повеќе го јакнела авторитетот на Организацијата, нејзиниот борбен морал и ја проширувала нејзината организациона мрежа. Во вкупните организациони и агитациони напрегања, како основна поента било истакнато потпирањето врз сопствените сили и средства, со што до израз дошле и во целина се потврдиле идеалите за ослободување на Македонија од султанското ропство, со сопствени сили и напори. Врз основа на овој општ принцип се разви и принципот за набавка на вооружување од сопствени материјални извори, што во праксата се потврди како сосем исправно определување, а на соседните монархии им оневозможи да ги замешаат прстите во самостојноста на македонското ослободително дело.

Бројни се примерите кои зборуваат дека голем број членови на Организацијата и нивни семејства ги предавале сите вредни предмети, накити и други скапоцености со цел да се здобијат со финансиски средства за купување на оружје. Тоа имало огромно позитивно психолошко влијание, особено кај селаните, во подигањето на борбената готовност.

Правилникот за четите истите ги задолжувал "со убедување на населението и со морално влијание врз духовите да ги потикнуваат луѓето кон доброволно вооружување".

Во тој поглед Организацијата ја земала на себе обврската да го организира, помага и штити набавувањето и пренесувањето на оружјето. Покрај тоа, таа имала должност и обврска да наоѓа извори на набавка, складирање и одржување на оружјето, што се чувало во најголема тајноста. Со тоа организираното членство вршело се поголем притисок врз раководството за набавка на оружје. Селаните во некои села - реони ултимативно го поставувале прашањето за пушки.[39] Според едно Гоцево писмо, гласот на сите бил само едно - оружје.

г) Пренесувањето на оружјето

Пренесувањето на оружјето претставувлао сложен проблем и се изведувало на разни начини и со различни средства. Така, кон крајот на минатиот век во Македонија биле создавани голем број нелегални канали[40] за пренесување на оружјето купено со средства на ТМОРО:[41] За таа цел во секој град и село Организацијата имала доверливо лице, наречено "курир" кое одлично го познавало својот реон и ноќе и дење водело и пренесувало материјали и луѓе на Организацијата.

---

39) Спомени на Яне Сандански, София, 1927, 29.

40) "Каналите" за пренесување на оружје и за други потреби претставувале организирани луѓе, јатаци и села што ги поврзувале градовите и населбите низ цела Македонија. Работата на куририте била маскирана под името и превозот на говедари, овчари, дрвари, разни работници и сл. Тие го следеле движењето на аскерот и жандармеријата и за се ја известувале месната организација и месната чета

41) Во оваа активност членовите на Организацијата биле принудени да вложат максимум храброст, залагање и снаодливост. Се изведувало на разни начини и со различни средства

За пренесување на оружјето во Македонија биле формирани и функционирале следните позначајни канали:

1. Грција-Света Гора-Егејска Македонија
2. Грција-реката Бистрица-Солунско и Костурско
3. Грција-реката Бистрица-Солунско-Гевгелиско-Дојранско
4. Грција-реката Бистрица-Леринско-Битолско
5. Грција-Света Гора-Серско
6. Бугарија преку Бугарско-турската граница и неколку пунктови - Кустендил во Рилскиот манастир, во Дупница преку Кочанско. За Штип преку Малешевско за Струмица, а преку Рилскиот манастир за Горноџумајско, Разлошко, Неврокопско и Серско.
7. Србија (преку Врање) - Северна Македонија
8. Косово-Кумановско
9. Косово-Скопско
10. Косово-Западна Македонија
11. Тетово-Северна и Западна Македонија
12. Албанија-Охридско
13. Албанија-Преспа и Битолско
14. Албанија-Костурско
15. Албанија-Западна Македонија (Горни и Долни Железник).

Оружјето било префрлувано (транспортирано) со помош на коњски каравани што ги придржувуле Македонци, членови на ТМОРО и водичи од разни народности (Турци, Албанци и Грци), кои ја вршеле таа работа за соодветна парична награда. Караваните се движеле ноќе и низ месности понастрана од главните комуникации, а

попатните анови често пати претставувале места од каде во помали количества се префрлувало оружјето на одредени места. Во пренесувањето на оружјето се применувале разновидни форми на маскирање. Се аранжирале разни свадби и погреби, се правеле коли со дупло дно и сл., а пак муницијата, бомбите, динамитот, револверите и др. се пренесувале во товари со разна стока (жито, ориз), или во самарите на товарниот добиток. Но, сето тоа претставувало голема опасност. Нив ги гонеле не само турските власти, туку и властите на соседните слободни балкански држави, кои почнале да се плашат од засиленото вооружување и самовооружување на македонскиот народ и од неговата Револуционерна организација, што станала главна пречка за слободното ширење на нивните денационализаторски и верски пропаганди.

Бугарската влада спроведувала една дволична, камуфлирана игра. Тоа Гоце Делчев го почувствувал и во своите писма редовно им напоменувал на соработниците. Гоце советувал оружјето "да се пренесува најскришно за да не падне во рацете на полицијата и војската", да не им се верува лекомислено на бугарските ветувања, туку пренесувањето да го вршат добро проверени луѓе, или пак членови на Организацијата. Српските државни власти спречувале да се донесе или пренесе преку нејзина територија оружје за потребите на ТМОРО.[42)]

Од Запад во Македонија биле внесени соодветни количества оружје, муниција и експлозивни материјали, главно со помош на

---

42) Весник "Застава"бр.167 Београд, 29.07.1903, 3.

железницата и на нелегален начин.[43] На сличен начин со динамит се снабделе и Солунските гемиции (македонските анархисти). Нив им помогна бесплатно унгарката Ана Шепец за да се префрлат две бурија со динамит од Цариград до Солун.[44]

Од постојната архивска граѓа може да се претпостави дека било полесно пренесувањето на оружјето до место до место внатре во Македонија, отколку неговото внесување однадвор. Во Разлошко, на пример, се собирале по стотина и повеќе селани заедно и под раководство на реонските чети, газејќи ги длабоките долини на Рила, стасувале по Рилскиот манастир за да го земат складираното оружје.

Охридските пренесувачи изградиле цел систем на светлосни сигнали со чија помош се разбирале и легитимирале со оние што ги чекале на брегот и на тој начин по езерото одеднаш биле пренесувани и по неколку илјади пушки.

Интересна е и првата пратка на Гоце Делчев извршена во ноември 1902 година преку каналот Кустендил - Деве Баир - Саса - Кратовско и Штипско.[45] Васил Чекаларов два пати одел во Атина и во Тесалија, успеал да обезбеди купување и пренесување на оружје, кое во 1901 година стигнало дури до Прилеп и Крушево.

Ѓорче Петров на самиот ден Илинден формирал чета од 138 борци, ја напуштил Софија и преку Кустендил успеал да ја пре-

---

43) Павле Шатев, В Македония под ропство, София, 1968, 233 и 256.

44) Истото

45) Гане Тодоровски, цит.писма 767.

мине границата. Неговите востаници претежно биле од Битолскиот револуционерен оркуг. Понатаму Ѓорче Петров си споменува дека "момчињата страшно се изморија", бидејќи секој носел по 25-30 кгр. товар. Носеле и 130 кгр.динамит, секое момче по 1 кгр.,околу 200 бомби, муниција итн.[46)]

Во 1902 година од грчката полиција е откриен Таќу Љапу, од турските власти Јосиф Жабјанец, а во Битола, во анот на Стерјо Жешков, бил откриен Кола Тега. Кола бил изложен на страшно мачење за да ги открие каналите преку кои врвело оружјето и луѓето што го пренесувале, но сето тоа храбро го издржал и ништо не открил. Интересно е дека во затворот брзо станал предавник. Причините не се познати. Како резултат на тоа во затворот биле донесени трговци-кирации, учители, дури и жени на Стојан Тодев од Ракитница. По подолго мачење покажал слабост и поткажал некои од членовите на месниот револуционерен комитет од своето село, а раководителот на селската организација Гроздан Георгиевски, преку Стојан ја предал четата на Веле Марков, која била сместена во куќата на Ристо Ставрев.

Централниот комитет во Солун во 1902 година склучил договор со една група грчки контрабандисти, кои со чамец ги пренесувале пушките до утоката на Вардар. Тука оружјето го прифаќале луѓето на Организацијата од блиските села. Оружјето понатаму се пренесувало во внатрешноста на Македонија. Солидна организација за пренесување на пушки и муниција од Грција изградиле Костурската и Леринската околија.

---

46) Цитираните спомени, стр.170

Од досега изнесеното може да се заклучи дека обезбедувањето, набавката и пренесувањето на оружјето и муницијата било сложено, одговорно и посебно тешко прашање кое барало извонредна снаодливост, храброст и максимална психофизичка издржливост на луѓето кои работеле на оваа задача.

д) Состојбата со вооружувањето спроти Илинденското востание

Подготвувајќи го македонскиот народ за вооружена борба и масовно востание, Организацијата покрај вооружувањето, постојано правела напори и за самовооружување на организираните членови и на широкото население. Ако се има предвид и постојаното одземање на оружјето од страна на турските власти, како и на еден дел од неупотребеното оружје во текот на востанието, тогаш навистина е невозможно точно да се утврди со колкаво количество на оружје започнало Илинденското востание.

Прва задача на Централниот комитет по Солунскиот конгрес од јануари 1903 година, а особено по Смилевскиот конгрес, била да се соберат што поточни подтоци за видот и количеството на оружје во секој округ. Од извештаите што ги поднеле делегатите на Смилевскиот конгрес во врска со вооружувањето, произлегло дека одделните региони биле различно опремени со оружје и муниција. Затоа бил заземен став да се забрза набавувањето на оружјето.[47]

---

47) Од Записникот на Смилевскиот конгрес

За бројот на пушките и муницијата со кои располагале четите и другите органи на Организацијата во Битолскиот револуционерен округ, податоците не се оточнети. Според едни извори се располагало со вкупно 8 и 9 илјади пушки од најразлични видови и модели.[48] Според овие извори со најголем број пушки располагал Охридскиот револуционерен оркуг. Таму имало околу 1.500 пушки. Демирхисарскиот и Костурскиот револуционерен реон, располагале со приближно ист борј пушки: Демирхисарци имале околу 960, а Костурчани околу 1.000 пушки. Во Кичевскиот револуционерен реон биле обезбедени околу 540 пушки. Во другите реони имало помлаку. Со најмал број пушки бил Прилепскиот реон, потоа Крушевскиот (со исклучок на Крушево и селата Долно и Горно Дивјаци и Пуста река) и Битолскиот (со исклучок на Гавато, Смилево[49] и Цапари).[50]

---

48) Техническата подготовка на Организацијата за востание: Страници од миналото, "Македонско дело"бр.60 Виена, 25.03.1927, 5,Х.Силјановъ, истото, 239

49) "Нашата организација до востанието купи 93 пушки-вели Г.Чурановски. Добар дел од нив Сарафов ни ги зеде и ги прерасподели во послабо вооружените реони. Но, значајно е тоа дека овие пушки ги купувавме со големи напори. Едноставно им закинуваме на децата од јадењето. Со мои пари беа купени пет манлихерки. За секоја од нив платив по два и половина наполеони. Пет наполеони ми ги даде сопругата Велика, што ѝ ги подарував при секое породување. Кога виде дека сме во беспарица, откако ја извади од гуша низата, таа ми рече: "Еве ти го наполеонот што ми го даде кога го родив Кузе, еве ти го наполеонот што ми го подари кога ја родив Елена, еве ти го наполеонот што ме дарува кога го родив Васил, еве ти го наполеонот што ми го стави на перница додека бев леунка со Димко и еве ти го наполеонот што ми го подари кога господ не израдува со Ицо. Купете со нив пушки и дајте им ги на јунаци кои ќе не куртулат од мрачно ропство". Тешко ми беше кога ѝ ги зедов парите, но друг избор немав. Не една смилевка ги симна златните обетки од ушите за да ги искористиме за купување на оружје. На тој начин се искажуваше една невидена љубов кон слободата што требаше да ја извојуваме".

50) Хр.Силјанов, истото 239

Според еден друг извор, во Битолскиот револуционерен округ имало околу 7.000 пушки, во Скопскиот околу 1.000, во Серскиот и Струмичкиот околу 750, а во Одринскиот околу 1.200 пушки, или вкупно околу 10.000 пушки.[51] Во Битолскиот округ, според Славејко Арсов, најдобро биле вооружени Костурско, Леринско, Ресенско, Преспанско и Охридско. Според него во Преспа имало 420 пушки,[52] од кои во селото Герман-100 во Рудари-32, во Стриково-12, во Медово-15, во Раби-20, во Опае-20, во Оровник-10, во Лак-30, во Дреново-6, во Буковик-15, во Бесвиње-45, во Трново-4, во Граждено-35, во Хорово-26, во Нивици-55, во Дробитишта-42 и во Аил-9.[53]

Во овој ист период во Кичевско (без Порече) имало околу 540 пушки со просечно по сто патрони, макар што муницијата била мошне нерамномерно распоредена. Некаде имало по 7-15, а некаде и повеќе од 100 патрони.[54]

Во врска со вооружувањето Славејко Арсов вели: "Пред да го дигнеме востанието, имавме готови околу 400 оки[55] куршуми, излеани во патроните. Селаните сами во планина со калап од 2-3 дупки ги леева. Калапите ги испраќаше од Битола еден Чех, добар мајстор, но пијаница. Тој ги изработуваше и калапите за корекција на проширените гилзи, за да можат повторно да се наполнат и да се употребуваат. Имаше отвор за протинање на гилзата, имаше прибор за вадење на старата капсула и поставување на нови и др.

---

51) Д.Косев, истото 263

52) С.Арсов, истото 81

53) А.Андреев, истото 62-63

54) Л.Џеров, истото 12

55) Една ока тежела 1.250-1.280 грама

Сето ова селаните го научија. Имавме во реонот 3 машинки за полнење и 4 машинки за леење, така што се паѓаше на 4-5 села по една машинка. Полнењето се вршеше во центрите, а леењето во една месност во планината на Црни Врв (во Леворечката планина). Имаше селани што беа специјално определени за оваа работа. Куршумот се топеше во еден вршник и со ѓезве се наливаше во калапите. Оставивме на крајот од востанието толку патрони, со колку и заминавме. Имавме барут околу 25 оки, а потем од труските војници купивме стотици оки украден барут, па не останавме без барут. И сега остана многу барут во Битола.

Патрони имавме околу 2.200 за "Гра", и за турските (пушки, Р.Д,)за мартинките, а околу 600 патрони за "мавзерките" што ги купувавме од турските војници по 10-15 парчиња. Војниците продаваа по 20 пари или по грош еден патрон. По борбата кај Избишта, во чаршијата во Ресен се продаваа многу патрони, а по борбата во Љубојно, дури и цели сандаци со патрони се продаваа. По секоја борба турските војници ги продаваа, бидејќи не им броеја колку патрони испукале, па дури и офицерите продаваа по цели сандаци.

Селаните ги купуваа пушките од каде ќе им паднеше. Главно Турците им ги доставуваа за по две до две и пол лири за пушка. Особено кога ги собираа на воена вежба (редифите) заради обука во Битола, а тоа беше околу Божиќ, Турците, за да остават некоја пара на семејствата, ги продаваа пушките. Тие беа сите приватно вооружени со грчките пушки "Гра" или со мартинки. Тие ги купуваа по две мецидии едната, а ги продаваа по две до три и пол

лири. Отпрвин селаните купуваа пушки безразборно, не ги препознаваа, а поодцна започнаа да ги избираат и не купуваа каква и да е пушка. Турците јавно ги продаваа. Подоцна беа основани турски комитети, кои започнаа да им објаснуваат на турските неуки луѓе, дека голем грев прават кога го продаваат оружјето на христијаните, и му се заканувааа на секој дека ќе го убијат, што го прави тоа. Затоа, кога Турчинот ја продаваше пушката и кога нашиот селанец ќе му кажеше тоа да го чува во тајност, Турчинот ќе му одговореше дека тој самиот страхува од него за да не го предаде. Затоа Турците го чуваа тоа во поголема тајност. Многу услужуваа (при откупот Р.Д. на) пушките Албанците-Тоски ... Имаше еден од Кајларско (во Леринска каза), кој со една дружина од 10-15 луѓе носеше нови грчки пушки од Грција директно со товари, ноќно време, тајно... Ги купуваа по 172 наполеони во Грција а нас ни ги продаваа по 2 до 2 и половина наполеони... Една друга група-таа пак составена од Албанци, Геги, носеше оружје во Демирхисарско и Пиперката директно ги купуваше од нив. Тие од Грција пренесуваа патрони и без куршуми: ќе ги исповадеа од патроните куршумите, за да можеа повеќе да пренесат, а пак после Организацијата ги полнеше. Празните гилзи, собрани од Руско-турската војна, во почетокот ги продаваа Турците на ѕвончарите, а потоа директно на нас..."[56]

Според едно сведоштво од предвостаничките дни во Кичевско биле купени уште 60 оки барут од Дебарско, околу 400 оки олово од Битола и околу 4.000 неупотребувани гилзи.[57] Жива активност во набавката на ново оружје била пројавена и во Лерин. Таму

---

56) С.Арсов, истото 91-93

57) Л.Џеров, истото 12

се купувале пушки, се полнеле гилзите со споменатите машинки итн.[58] Со муниција се снабделе и востаниците во Преспа, кои до почетокот на востанието обезбедиле просчено по 55 патрони на пушка.[59]

Од изнесеното се гледа со какви тешкотии се соочувала Организацијата при снабдувањето со оружје на секој реон во Битолскиот револуционерен округ. На ваков начин реоните се снабделе со по над 1.000 пушки. Само Прилепскиот реон останал слабо вооружен-имал 200-300 пушки. Другите окрузи, расположени покрај турско-бугарската граница, се снабдувале со оружје во помали количества од Бугарија.[60]

Целата оваа активност во врска со интензивното вооружување иницирана и поттикната од страна на Главниот штаб, кој врз основа на овластувањата добиени на Смилевскиот конгрес настојувал преку горските раководства и телата на Организацијата што останале во заднината да го зголеми бројот на пушките од 10.000[61] на "најмалку 11 до 12 илјади пушки.[62] Тоа е разлика од најмалку илјада пушки, што претставува голем успех ако се има предвид дека сето ова е постигнато само за неполни три месеци.

Во предвостаничките денови доследно била спроведувана и директивата за собирање на вишокот оружје, а во прв ред на чиф-

---

58) Г.Поп Христов, истото 41

59) А.Андреев, истото 62

60) Д.Косев, истото 255

61) Истото,

62) М.Пандевски, Илинденското востание...,232,а поопширно кај истиот автор во статијата: Вооружувањето на македонските револуционери и востаници во периодот до Илинденското востание (1893-1903), Гласник на ИНИ, бр.2 Скопје, 1964 79-114

тињата, кременките и ебзалиите.[63] Тоа оружје, иако не било најсоодветно, делумно било препратено, по налог на Главниот штаб, во реони каде што имало помалку пушки. Меѓутоа, оваа акција не можела најдоследно да се спроведе бидејќи на конгресот било одлучено дека оружјето не е сопственост само на оние што го купија, туку дека тоа останува кај нив под услов да учествуваат во востанието. Одлуката да се одземе оружјето од оние на чие учество во востанието, поради физички или психички проблеми не можело да се смета, била сосема правилна. Според упатствата дадени на конгресот ова одземање на оружјето, кое во суштина значело разоружување, наспроти признавањето на неприкосновеноста на личната сопственост, требало да се изведе "по мирен пат", [64] со такт, убедување, односно со политичко дејствување. На таквите луѓе требало да им се објасни оправданоста на оваа мерка, но притоа да не се повредат нивното достоинство и нивните чувства.

Наспроти оваа мерка, која била проткаена со длабока хуманост, конгресот наложил да им се одземе оружјето на сите оние што не сакале да се сообрзаат со целите на востанието или, поточно речено, што одбивале да ги исполнуваат наредбите на надлежните раководители. Со ваквите се постапувало остро, според непишаниот законик на револуционерната дејност.

Кога станува збор за вооружувањето во времето меѓу Смилевскиот конгрес и Востанието, треба да се укаже и на тоа дека

---

63) Од Записникот на Смилевскиот конгрес

64) Истото

во Битолскиот округ биле организирани поголем број складови за оружје и муниција. Меѓутоа, еден од најорганизираните складови ("арсенали") бил во Охридско. Во него работеле неколку луѓе, а складот имал и постојани стражари.[65] Во текот на самото востание биле изработени и неколку самоделски топови од дрво, кои биле употребувани само во Крушево и Охридско.[66]

На Смилевскиот конгрес било одлучено на востаниците да им се нареди, меѓу другото, да го разоружуваат турското цивилно население главно од две причини: прво, да се дојде до нови количества на оружје и второ, да им се оневозможи да дејствуваат против востаниците во соодветни ситуации. Конгресот не дал директива да се организираат специјални акции заради одземање на оружје од непријателски арсенали, но затоа Главниот штаб бил овластен да го организира напаѓањето на аскерските гарнизони и башибозучките групи, што било во духот на определениот начин на партизанско војување.[67]

Далеку зад Битолскиот округ заостанувале другите револуционерни округи во поглед на вооружувањето. Целиот Тиквешки реон располагал само со 370 пушки. Нешто подобро бил снабден Серскиот, иако бил спречуван од врховистите. Во Неврокопско и Мелничко имало по 300 пушки, во Серско и Демирхисарско по 150, во Драмско 100. Најслабо биле вооружени Горноџумајско и Струмичко.

---

65) Д.Димитров, Спомени, София, 1926, 147.

66) Истото, 176

67) Затоа не биле организирани акции заради вооружување, но не биле изоставени тие во кои, тука-таму, се одземало по некоја пушка од убиените непријатели или од оние кои во паника ги напуштале позициите без оружје.

Од изнесеното може да заклучиме дека во моментот на креваѓето на Илинденското востание, македонските востаници располагале со над 15.000 пушки, различно распределени по целата територија. Останатото оружје немало никаков позначаен придонес во востаничките операции.

Иако вооружувањето на македонскиот народ била постојана обврска на сите членови на ТМОРО и должност на селските, градските, окружните комитети, како и на Централниот комитет, сепак слабото востаничко вооружуваље во одделни револуционерни округи и реони претставувало една од причини што Илинденското востание не зело масовен карактер по сите округи. Регионалните разлики во снабдувањето со оружје произлегувале како од прибраните финансиски средства, така и од можностите за пренесуваље, произведуваље, складираље и одржуваље на оружјето.

Од сите револуционерни округи најдобро бил вооружен Битолскиот округ. Пред почетокот на востанието овој округ располагал со преку 11.000 пушки, но кои по квалитет биле застарени, со мал дострел, неподобни за подолготрајна и брза борба и кои во сите регуларни војски биле веќе исфрлени од употреба.[68)]

Вонредно голема заслуга за внесуваљето, произведуваљето и одржуваљето на оружјето во Македонија имале и задграничните претставници на Централниот комитет на ТМОРО, во Софија - Гоце Делчев и Ѓорче Петров.[69)] Особено Гоце Делчев се грижел за тоа

---

68) Д.Зографски, Извештаи..., 14,83,96-97

69) Макед.народ по традиција на животното искуство го чува оружјето

речиси до денот на својата херојска смрт.

Наспроти востаниците, турската војска, која повеќекратно бројно ги надминувала македонските востанички сили, била вооружена со далеку помодерно и поефикасно оружје. За илустрација на односот меѓу двете завојувани страни, рускиот конзул Н.Кохмански умесно забележува дека против црешовите востанички топчиња Турците употребувале најнова Крупова артилерија. Поради тоа неизбежно се наметнува заклучокот дека востаничкото оружје не можело ни од далеку да се мери со оружјето на силите на султанската војска. Затоа при разгледувањето на целокупниот комплекс на причини за неуспехот на Илинденското востание, несомнено треба да се бараат и во слабата вооруженост на востаниците.

2. Организацијата и карактерот за интендантското обезбедување

Основоположниците на Организацијата јасно ги согледале како материјалните потреби на востаничката војска во храна, облека и обувки, така и на збеговите, кои ги предвиделе како неминовни во востанието. Тоа најдобро било потврдено на Смилевскиот конгрес, кој еден дел од работата ѝ посветил на интендантската дејност, бидејќи прашањето за снабдување на луѓето со храна, облека и други неопходности било неразделно поврзано со подготовките за востанието. Георги Поп-Христов, во врска со тоа вели: "Од конгресот до самото востание времето требаше да се употреби за ... купување, изнесување на храна по горите.[70] На Смилевскиот конгрес, како

70) Г.Поп-Христов, истото 41

што веќе е речено, било одлучено да се пристапи кон забрзано собирање на разновидна храна., а во прв ред на неопходни артикли за месење на леб. Тоа била и основна причина да се инсистира на обезбедувањето неопходни количества на жито и сол. Истовремено било наложено да се преземат мерки за формирање на еден вид востанички добиточен фонд заради обезбедување на месо потребно за исхрана во текот на востанието.[71)]

Согласно со Директивата на Главниот штаб секој востанички реон бил задолжен благовремено да ги изврши обврските што имале интендантски карактер. За таа цел однапред требало не само да бидат избрани засолнети и потешко пристапни места за формирање на востаничките складови, туку во нив да се префрлат и потребните количества храна и други потреби. Во оваа насока едновремено требало да се води сметка за потребите и на востаниците и на цивилното население.

"Материјалното обезбедување на востаниците и на селското население не било неважна, ни лесна задача и во него нужно морале да се вклучат маса луѓе, да се вложи многу труд и напори.[72)] Меѓутоа, обврската за обезбедување на храната и другите резерви, како и комплетното подготвување на идните востаници претставувало крупно материјално бреме за пауперизираните селани.[73)] Требало, имено, да се собере жито,[74)] да се сомеле и да се складира по

---

71) Од Записникот на Смилевскиот конгрес

72) М.Пандевски, истото 234

73) Хр.Силјановъ, истото 278

74) Во Ресенско било наложено собирање по 45 оки за секој востаник, во Костурско било одредено да се обезбеди резервна храна за 3 месеци итн.

планините, а во одделни места да бидат изградени и фурни за печење на леб. Ваквата организација на интендантската дејност, во која биле вклучени главно постари луѓе кои не можеле да бидат вклучени во четите,[75] спаѓа во т.н. "систем на снабдување преку складови" што во светот бил воведен уште во втората половина на XVII век.[76] Поголеми складови најмногу имало во серскиот револуционерен округ. Во нив биле складирани околу 60.000 оки жито и околу 5.000 оки препечен леб.[77]

Во Битолскиот револуционерен оркуг најдобра организација на интендантската дејност била спроведена во Охридско. Таму по одреден план било извршено реквирирање на жито, кое потоа товарено на коњи се препраќало во планинските села заради складирање.[78] Слични зафати биле преземени и во Кичевско,[79] Костурско,[80] Битолско[81] итн. Впрочем, без вакви подготовки тешко ќе можело да се организира снабдувањето со храна на востаниците и на населението во текот на востанието. Како инаку ќе можело преспанското село Герман и соседните села на два пати да обезбедат по 800 оки леб и 80 овни за исхрана на околу 800 востаници од костурскиот реон, што престојувале во месноста "Мачрта" над селото Рудари.[82]

---

75) М.Пандевски, истото 234.

76) Lj.Petrović, Magacinski sistem snabdevanja,VE,5,Bgd,1973,195.

77) Д.Косев, истото,256.

78) М.Пандевски, истото 234-235, Д.Димитров, истото 137.

79) Глигор Тодоровски, малореканскиот предел, Скопје, 1970 348-350 .

80) Д.Косев, истото, 256.

81) Г.Димовски Цолев, Ѓорѓи Сугарев,Живот и дело Битола, 1968, 40 .

82) А.Андреев, истото 71-72.

Складови со извесни количини на храна имало и во неколку позасолнети месности близу Смилево.[83]

Интендантската дејност на Организацијата не се исцрпувала само со обезбедувањето на храна, туку напоредно со тоа и со благовремено снабдување на облека и обувки. Тоа исто така било од вонредно значење. Во некои реони дури биле организирани импровизирани работилници за изработка на опинци, а голем број терзии шиеле облеки речиси во сите поголеми села.

Иако организаторите на интендантската дејност биле предупредени храната и другите потреби да се земаат главно со убедување, по мирен пат, согласно со одлуките на Смилевскиот конгрес, востаниците биле овластени во текот на востанието снабдувањето да можат да го вршат и со примена на принудни мерки.[84] Но и во едниот и во другиот случај, т.е. и кога материјалите се добивале како резултат на убедување и кога се реквирирале, луѓето задолжително

---

83) "Ние во Смилево, вели Г.Чурановски-прашањето за храна во текот на востанието го решивме на неколку начини. Така, покрај складирањето на некои количества брашно во месностите околу селото, уште со време дадовме налог нашите селани да однесат брашно кај своите роднини во Битола за да се најде за децата и жените во најтешките прилики. Тоа се покажа многу корисно. Но, исто така префрливме извесни количества бршано и во соседното село Гопеши. Таму, кај проверени луѓе го префрливме со големо внимание бидејќи огромното мнозинство од Гопешани не ја поддржуваше нашата борба. Кај нив многумина зборуваа дека "ние Смилевците треба да ги гледаме теслите и чеканите, а не да беснееме, бидејќи", со глава ѕид не се руши". Но, 5-6 семејства ни беа целосно привржани и спремни да ни помогнат без било каква резерва. Кај едно од нив уште пред востание, префрлив некое од моите деца каде илегално живееја речиси се до зимата 1903 година. Тие таму ги чуваа повеќе од своите синови и ќерки. "Инаку, Гопешани не ни наштетија со ништо во тоа време"

84) Од Записникот на Смилевскиот конгрес

добивале соодветен документ за одземањето.[85] Во Охридско на пример, било наредено "на секој што ќе донесе жито или каква и да е храна... издајте му привремена потврда врз основа на која од нас ќе добие редовна реквизициона расписка, за потоа да му се исплати од признателната и слободна татковина.[86]

Неподнослива положба создадена со Илинденското востание, била причина маса луѓе (мажи, жени и деца) долго време да поминат по планините или пак да побараат засолниште и заштита во сооседните држави, а пред сѐ во Бугарија. Кон средината на 1903 година нивниот број изнесувал околу 35.000 души.[87] Сместувањето и издршката на збеговите и бегалците било сврзано со големи тешкотии и парични средства.

За таа цел била развиена мошне успешна акција за собирање на помош во која активно учество зеле сиромашните слоеви на македонската емиграција, а драмско-уметничката група "Војдан Чернодрински" речиси секојдневно во Софија давала претстави, а и неколку и во Србија во корист на постраданите од востанието.

Помош пристигнувала и од многу словенски земји - Словенија, Србија, Хрватска, Чехија, Украина, од европските земји,дури и од далечна Америка. Но и покрај тоа, стамбените услови, исхраната и облеката ни од далеку не ги задоволувале потребите.

---

85) Истото

86) М.Пандевски, истото 234

87) Весникъ"Автономна Македонија" бр.20, София, 16.XI.1903

3. Финансиско обезбедување

– Организацијата уште од самото формирање, па сè до Илинденското востание, правела напори за изнаоѓање на извори за финансирање и решавање на многу клучни прашања, а посебно прашањата од материјален карактер кои биле судбоносни за Востанието. Начинот на собирање средства се менувал и зависел од организаицоното и идејното јакнење на ТМОРО.

Основен извор бил личниот влог, но со оглед на мошне слабите економски можности на поголемиот дел од населението, Организацијата обезбедувала неопходни средства и од други извори. Еден од тие извори била членаринатa, што секој член ја внесувал во својата матична организација. Од парите од селската каса 1/3 оделе во окружната каса. Од окружната каса се испраќале пари во Централниод комитет,[88] што зборува дека бил воспоставен развиен систем за финансирање, односно самофинансирање на Организацијата.

Овие парични средства се трошеле за разни и бројни потреби, па морале да се бараат и други дополнителни извори за финансирање, посебно за обезбедување на оружје. Накусо, најголемиот дел од средствата биле обезбедувани преку доброволни влогови од економски поимотните со револуицонерно "одаточување" или прилложување на "патриотски влог". Во 1898 година Централниот комитет им наредил на своите непосредни потчинети да ги внесуваат потребните суми пари за купување на пушки. На таков начин веднаш потоа

88) Георги Попъ Христовъ, Спомени, София, 1926, 32

во околиите Петричка, Горно Џумајска, Неврокопска и други, биле собрани значителни суми пари, од кои со помош на Гоце Делчев биле купени мартинки од Бугарија.[89]

Револуционерното одаточување било еден од значајните финансиски извори на Организацијата. На ваков начин главно се собирале пари од економски поимотните трговци, занаетчии, учители и други стопанственици. Меѓу нив бил мал бројот на оние кои сакале на само да останат пасивни, туку и што понастрана од револуционерната борба.[90] Припадниците на овој малоборен слој се стремеле да ја сочуваат стекнатата позиција и привилегии. Кога ќе се најделе пред алтернативата лично да се вклучат во борбата или да одделат парични средства, најчесто се определувале да ја помогнат борбата со пари. Но при ваквото "одаточување" понекогаш доаѓало и до провали, каква што била и т.н. Поп-Ставрева афера во Битола во 1900 година.[91] Меѓутоа, "одаточувањето", како што истакнувал Ѓорче Петров, не останало без соодветен материјален ефект, бидејќи во овие собирни акции, почнувајќи од 1895 година, биле вклучувани и луѓе кои сакале искрено да ја помогнат Организацијата. Висината на овие влогови се движела од 10-30 лири од еснафите, а од поимотните од 20-50 лири. Од некои се добивале дури и по 100 лири.[92]

---

89) Ѓорче Петров, Спомени, Скопје, 1950, 65.

90) Бил воведен и еден вид такса од честитки на свадби, раѓање, крштевања и друго

91) Ѓ.Поп Христов, истото 33

92) Ѓ.Петров, истото 30

Во напорите да се дојде до поголеми парични средства, во Организацијата често биле правени разновидни планови. Во тие рамки биле испланирани и низа грабнувања на луѓе заради добивање на откуп. Но поголем број од овие планови имале фатални последици. Меѓу киднапирањата што скапо ја чинеле Организацијата спаѓа и грабнувањето на еден Грк во 1990 година. По професија тој бил лекар и живеел во Ленинград. Силјанов истакнува дека "мислата за крупен откуп не престанала да го следи Делчев во текот на неговото целокупно револуционерно дејствување".[93] Две вакви грабнувања, реализирани со невидена храборст, биле извршени во 1897 година и 1898 година. Во првиот случај бил грабнат еден богат бег од Струмица (уценет со 3.000 лири), а во вториот случај бил грабнат еден лихвар од с.Шилинос (уценет со 600 лири).[94]

Но најголемото, а може така да се рече и најспектакуларно грабнување, било извршено од Јане Сандански, Христо Чернопеев и Крсте Асенов (со голема поддршка на учителот Сава Михајлво), на 21 август 1901 година. Ова грабнување на Организацијата и донело 14.500 лири што биле исплатени за да биде ослободена грабната Американка Мис Елен Стон.[95]

"Грабежите на пари не ги вршеа само четите, истакнува Силјанов - Револуционерните грабежи базираа на максимата дека целта ги оправдува средствата, се вршеа и од легалните членови на

---

93) Хр.Силяновъ Освободителнитѣ борби на Македония,т.I,София, 1933, 86

94) П.К.Яворовъ, Гоце Дѣлчевъ, София, 1974, 22.

95) Сандански, Спомени, София, 1928, 22.

Организацијата. Со еднакво спокојна совест се посегаше и врз приватната и врз општествената туѓа способност.

За револуционерен подвиг се сметаше, на пример, од револуционерните кружоци во македонските гимназии да се украде пансионската такса од сандакот на некој побогат ученик и да се внесе во месниот комитет. Во Кнежевството, не ретко страдаа не само складовите со оружје, туку и касите на државните установи. Доста врева се крена во 1895 година кога беше ограбена поштенската каса во Кустендил. Организаторот на грабежот, службеникот Златарев од Охрид, украде 20.000 левови за комитетската каса и избега во Македонија. Откако го изврши ова дело Златарев учителствуваше под туѓо име, а подоцна загина како востаник.[96]

Сочувани се податоци и за напорите да се добијат пари од еден светогорски манастир. Монасите понудиле комично ниска сума од 5 лири, што не биле земени. Друга полза, според кажувањата на И.Гарванов, од овој обид воопшто немало.[97] Некои членови на Организацијата вложиле прилични напори да добијат пари или оружје од српската држава. Но, српските министри не се осмелиле да ги отворат државните складови и каси со оправдување дека за тоа треба да одлучи кралот.[98]

Големи збркы во однос на финансирањето и вооружувањето правеле врховистите и нивниот заштитник - бугарската влада.

---

96) Хр.Силяновъ, истото, 89.

97) И.Гарвановъ, Спомени, София, 1927, 120.

98) Б.Сарафовъ, Спомени, София, 1927, 69-70.

Првите, како што раскажува Петров, "нудеа" некакви англиски пари и пушки, од што ништо не стана.

Во некои Костурски села биле собрани наеднаш по 200 турски лири. Најголемиот дел од членаринатa се трошела за вооружување.[99)]

Лука Ѓеров раскажува дека "при едно обиколување на Мијачките села собрал близу 400 лири..." Според спомените на овој автор, тогаш владиката им испрати 50, а игуменот 20 лири.[100)]

Собирањето на доброволни влогови заради вооружување течело се до пред востанието. Тоа биле добро подготвени акции што се организирале ширум цела Македонија. За илустрација на ова може да послужи примерот од собирната акција во Преспа, каде само од селата Герман, Граждено, Медово, Нивици, Ридари и Стриково биле собрани 65,5 лири и 5 бели мецидии, иако поголем дел од овие пари бил наменет за затворените селани од Буковик.[101)]

Правилникот за четите изработен од Гоце Делчев и Ѓорче Петров во 1900 година доста селективно ги пропишува и одредува надлежностите врзани за грабежи и собирање на средства за политички цели. Со тоа се избегнати самоволијата кај поединци и четите.[102)]

Од таа книга, најдена во неговата лична архива, може да се види дека сите насобрани пари биле потрошени за купување

---

99) П.Кљашев, Спомени...,69-70.

100) Л.Джеров, Спомени, София,1926, стр.12

101) А.Андреев, Спомени...,62-63

102) Интересно е да се спомене дека Гоце Делчев водел книга за приходите и расходите за 1902 година

на оружје (пушки, револвери, патрони). Во евиденцијата на Делчев се насочени лицата од кои тој ги примал парите, како и лицата на кои ги предавал за да се прибави потребното оружје. Сето ова Делчев го водел со нему својствена педантност и одговорност.

Грижа за засилено вооружување на сопствениот народ пројавувал Делчев, во својство на главен воен ревизор на четите на ТМОРО, и во почетокот на судбоносната 1903, во текот на својата обиколка на Македонија во правец кон југ. Од писмото што Делчев го испратил во 1903 од Неврокопско до учителот Иван Бележков началник на Револуционерната организација во Л'јене каде поминувале нелегалните канали за Разлог и Неврокоп, се гледа дека Гоце го задолжува да ги посети другарите од Висока (македонските револуционери во Софија) да ги принудат тамошните трговци да испратат итно 1.000 пушки, бидејќи им дал и аванс во висина од 300 златни турски лири.[103] Делчев му пишува на пуковиот началник да "испрати со првата пошта околу 300 за руска (бургарска берданка), 400 за српска и околу 200 за манлихерка.[104] На крајот од писмото направена е рекапитулација за оружјето, но со ракопис на друго лице. Во таа рекапитулација се споменуваат: револвери солинген пушки, бомби, динамит, расипани пушки и сандаци.[105]

Иако е невозможно да се утврди вкупниот износ на средствата кои за потребите на вооружувањето и други цели организацијата ги собрала во десетгодишниот период од основањето на

---

103) Истото,

104) Истото,

105) Кѣм борбите въ Югозападна Македония, по спомени на Лука Джеровъ, Г.П.Христовъ и др.София, 1926, стр.28-29, Љ.Лапе, Одбрани четива за историјата на макед.народ II Скопје, 1953 година стр.150

МРО до Илинденското востание (1893-1903), како што е тешко од денешната перспектива да се цени и вредноста на тие средства, сепак со сигурност може да се заклучи дека македонскиот народ, преку својата револуционерна организација, прибрал и потрошил огромни средства за своето самовооружување и за создавање на сопствени ослободителни формации (чети од различна големина, одреди, коњица, диверзантски групи и примитивна артилерија).

4. Санитетска дејност

Здравствената дејност и пропаганда на Организацијата особено се засилила во предилинденскиот период, како една од многу значајните мерки во подготовките за востанието, за кое се предвидувало дека ќе трае долго и дека ќе дима партизански карактер на војување. Во тие напори посебно место заземало здравственото просветување на населението и борбата со вековните традиции и предрасуди, како и менувањето на постојаните навики на живеење, заштитата на здравјето, хигиената, исхраната, облекувањето, како и мерките против разните заразни болести и др. Тоа било дотолку попотребно ако се има предвид дека македонското село тогаш ги немало ни најосновните хигиенски услови. Селските населби биле жаришта на најразлични болести кои масовно го коселе населението. Најдобро ова може да се види од пишувањето на Јане Сандански: "Човек просто се згаснува да влезе во тие кочини што го носат името куќи, собите нечисти, таваните покриени со саѓи и пајажини, садовите неизмиени, децата покриени со кал и нечистотија, воздухот станал отровен. И се чудат селаните потоа зашто им

се децата толку бледи, слаби и испиени и зошто така толку умираат, а не знаат дека чистотата е здравје, а нечистотата болест ...[106] Затоа, Организацијата преземала енергични мерки против нечистотијата и другите штетни навики и обичаи. Таа длабоко ја чувствуваше потребата од организирање на здравствената служба, која за време на востанието ќе им ја пружи потребната помош на ранетите и заболените востаници, како и на истоштените и измачувани револуционери во затворите.

Штабот на Битолскиот револуционерен округ, знаејќи дека четите не можат да имаат стручни медицински лица, изработил посебен санитетски правилник и во вид на инструкции го испратил до реоните и војводите. Постојат укажувања дека А.Лозначев, откако проучил стручна литература и консултирал некои битолски лекари, самиот го подготовил Санитетскиот правилник и го испратил до сите војводи.[107] Една ваква "Инструкција за постапка при рануање", наменета за секое село и секоја чета, турската полиција запленила од еден "емисар на комитетот". Инструкцијата потоа паднала во рацете на англискиот вице-конзул во Битола Мак Грегор, кој ја приложил во својот извештај од 30.07.1903 година до генералниот конзул во Солун, за да биде на крајот испратена до Форин

---

106) Љубен Лапе: Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1976, 630

107) Манол Пандевски: Илинденското востание во Македонија 1903 година, Скопје, 1978 година, стр.236

Офис во Лондон и печатена во англиската "Сина книга" издадена во јануари 1904 година.[108]

"Инструкцијата укажува само на аспект од подготовките на народот за претстојното востание. Таа е нецелосна, но и таква побудува посебен интерес, бидејќи укажува на сериозниот пристап во обезбедувањето на здравствена помош и самопомош на востаниците во рамките на широките подготовки за Илинденското востание. Сите овие подготовки не можеле да останат незабележани од турската власт и конзуларните претставништва во Битола, кои за нив пишувале во своите извештаи. Така, на пример, австрискиот конзул во Битола, А.Крал, известувајќи за подготовките на востанието, споменува дека "власта фатила товари со храна и други материјали, меѓу кои и една врека со хидрофилна вата.[109] Тој исто така знаел дека четите имале свои болници и дека три такви места му се познати дури и по име, а имено во подрчајето на Преспа, Демир Хисар и Маврово.[110]

---

108) Д-р Христо Андонов-Полјански: Инструкција за постапки при рануваше, "Нова Македонија" бр.24 од 12.06.1955 година, Скопје. "Инструкцијата за постапки при рануваше гласи: "Секоја чета и секое село должни се да ги имаат следниве работи:чист (стерилен) памук, сапун, карболна киселина (карболацид),чист алкохол, јодоформ, гумено платно, гумена цевка, шприц, ножици, хируршки нож и сребрена игла, исто така кинин, антипирин, доверов прав, оподелдок итн. За брзо оздравување на раната е потребно да се мие раната со ладна вода и да се стави лед или снег за брзо запирање на крвта, така што куршумот да биде извлечен, ако тој има остатоци внатре. Потоа раната се мие со сапун и варена вода. Кога таа е готова, таа ќе се избрише со сув памук и ќе се испере со чист алкохол (ракија или шпиритус), а потоа со раствор од караболик (10 гр.) и половина ока варена вода. "Нема сомнение дека инструкцијата ги пропишува оптималните мерки кои во такви примитивни услови на хигиенска нега и сместување, можеле да има пружат или пак сами да си ги пружат ранетите.

109) М.Пандевски: Илинденското востание...,235

110) Д.Зографски, Извештаи...,96

Во општите подготовки пред востанието значајно место им се посветувлао на санитетските подготовки на секоја чета и на секое село. Каква била грижата за здравјето на востаниците најдобро може да се види од Востаничкиот дисциплинки устав, во кој на десетарот му се наредувало како татко да се грижи за здравјето и бодроста на своите потчинети.[111)]

Ваква одговорност, грижа и нега за ранетите борци и останатото население е водена само во револуицонерните епопеи кои се проникнати со најдлабок револуционерен хуманизам. Колку повеќе наближувал денот на востанието, толку позабрзано се вршеле подготовките и во областа на здравствената заштита. Во одлуките донесени на Смилевскиот конгрес само на едно место е допрено санитетското прашање, и тоа индиректно кога се зборува за обезбедувањето на лекови. "Во редицата мерки од механизмот за изведување на востанички акции, не се заборавило да се предвидат и установи за запознавање на животот на постраданите и ранетите за време на востанието".[112)]

Сето ова покажува дека на санитетската дејност и се придавало сериозно значење. Уште пред востанието било изработено збиено упатство (напишано на платно) во кое се изнесени најклучните инструкции за начинот на лекувањето на болните и ранетите. Во ова упатство, како што веќе напред беше речено, се дадени инструкции како се лекуваат рани и се задолжуваат сите чети и села да обезбедат најнеопходни лекови и инструменти.

---

111) М.Пандевски, истото, 236

112) М.Пандевски, истото, 234

Податоци за обезбедување на лекови за потребите на востаниците се среќаваат и кај други современици на настаните. Еден од нив вели дека самиот, покрај другото, донел и лекови ациденил, кристализиран, од кои самите правеле карболова вода, памук, јодоформ гас и др.[113] На самиот ден Илинден еден младинец од Битола бил откриен од полицијата со памук и лекови.[114] Многу востаници пред излегување во чета биле задолжени да понесат санитетски материјал.[115]

Покрај овие мерки за обезбедување на лекови и разновидни санитетски материјали и инструменти, истовремено биле преземени мерки за организирање на востанички медицински стационари, т.е. таканаречени полски болници. Една од нив, која е поопширно опишана, а за која зборува во своите спомени и Анастас Лозанчев, била организирана на Боишката планина, во востаничката база Ниорница, на неполн час одење од Смилево. По неко време болницата била префрлена во близината на манастирот Св.Петар.

Податоци за организирање на вакви болници даваат и некои други учесници во востанието. Од нив се дознава за постоењето на востаничката болница во месноста Чемерски Дол, во атарот на Охридското село Брежани, потоа во самиот град Охрид, каде по иницијатива на група учителки, била организирана тајна востаничка болница во една двокатна куќа и во дел од куќата на Методиј Патчев.

---

113) Л.Джеровъ, истото, 11-12.

114) Хр.Силяновъ, истото,259.

115) Истото.

Од сите востанички болници, како што може да се очекува, најдобро била организирана востаничката болница во ослободеното Крушево, каде што едно училиште било оспособено за болница, додека, во рамките на новоформираната револуционерна власт во градот бил определен специјален сектор за здравствено-хигиенска заштита на целото население.[116)]

Несомнено дека покрај овие постоеле уште и некои други слични или помали востанички болници, особено во оние реони каде што востаничките акции биле поразгорени. Тоа зборува дека на санитетската дејност и бил даден воен статус со задача за презема и да ги оживотворува мерките за лекување на болнтие и ранетите востаници. По крвавото задушување на Илинденското востание, голем број од ранетите и болнетите се криеле по планините, пештерите и куќите или пак во Битола ја измолувале помошта на конзулите, добротоврните мисии и милосрдните сестри. "Една дивјачка власт уништува еден поробен народ. А сето ова се случува пред очите на целиот свет. Жени и деца ранети пиштат под прозорците на битолските конзули, молат за лекарска помош, бараат заштита, викаат, но никој не ги слуша", пишувал тие денови романскиот весник "Вистина".[117)]

Полскиот весник "Глас народу" (Народен глас), опишувајќи ја по илинденската трагедија во Битола, известувал дека

---

116) Љ.Лапе, истото, 68, како и кај: Никола Киров-Майски, Крушево и борбите му за свобода, София,1935, 49-50

117) Ѓорѓе Миљковиќ: Романскиот весник "Вистина" за настаните во Битолскиот вилает во време на Илинденското востание. Прилози за Илинден 1978, II,Крушево, 1979,684

"од неколку месеци Битола е еден огромен логор и една грамадна болница. Касарните се полни со аскер. Во христијанските маала секоја куќа криеше ранети, осакатени бегалци, што гаснат полека, од околните градови и села..."[118)]

Медицински кадар во востаничките болници главно биле лекари и помошници лекари, но во другите санитетски пунктови таа должност ја вршеле истакнати и осведочени народни лекари. Врз основа на своето долгогодишно искуство и во услови кога здравствената мрежа, која била крајно неразвиена, кога крвавите рани што зад себе ги оставило востанието и масакрирањето по него, студот, гладот и болестите, претставувале единствена надеж во совладувањето на одделни болести, тие многу спомогнале во лекувањето на раните, местењето на шинатите екстремитети, скршените коски и сл. Тоа биле вистински "екими", кои во соработка со "ахтарите" најмногу придонеле за ублажување на болките на ранетите востаници. Некои од нив биле дури и до тој степен медицински самообразовани што со успех се зафаќале и со вршење на помали хируршки зафати. Не еден од овие "екими" бил способен, со вонредно трпение, умешност и голема одговорност да го извади куршумот од телото на ранетиот, да го намачка со соодветен мелем и без последици од инфекција да го спаси ранетиот. Врз основа на ова може да се заклучи дека помошта на овие народни лекари и аптекари, кои уживале посебен углед меѓу востаниците била од ненадоместливо значење. Според тоа, земена во целост, здравствената заштита за

---

118) Ѓорѓи Димовски-Цолев, Г.Танковски, Ј.Кочанковски, Илинден и Илинденски традиции, Битола, 1979, 141

згрижување, прифаќање и сместување на ранетите била добро поставена, како во градовите, така и по горите.

Драгоценото искуство од здравствената заштита и згрижувањето на ранетите и болните било ползувано и во натамошните револуционерни борби на македонскиот народ, како и во НОБ и Револуцијата на југословенските народи. Тоа искуство е значајно и во денешните подготовки на општонародната одбрана и општествената самозаштита. Луѓето треба да знаат како можат сами да се заштитат и помогнат, не смао во војна, туку и во мирновременски услвои. Нашата ОНОВ и ОСЗ бара целото население и во војна и во мир да биде спремно да ги совлада сите проблеми кои може да ги наметне современата војна, за да ја сочува својата психофизичка способност. Во тој контекст искуството од Илинденското востание се покажува како уште позначајно и подрагоцено.

VI ДЕЛ

ПОДГОТОВКИТЕ НА ТМОРО И ТЕКОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Поуки, искуства и класификација на борбените дејства

ОПШТ ДЕЛ

Вооружената борба е круна на десетгодишните макотрпни и детални подготовки на македонскиот народ за востание. Иако крајниот резултат на востанието и вооружените судири меѓу востаниците и Турците бил фатален за македонскиот народ, сепак според обемот на подготовките, нивната структура во која биле опфатени сите фкатори на вооружената борба (човечкиот, материјалниот, просторот и времето), изградената стратегија и тактика за водење на вооружената борба и другите особености, може да се заклучи дека, во суштина, набљудувано од воен аспект, Илинденското востание како воен судир претставува народноослободителна војна со сите белези на организиран вооружен судир на две меѓусебно спротивставени вооружени сили. Тоа се гледа од следните факти:

1.- Востанието е подготвувано од страна на ТМОРО како раководно тело на македонскиот народ во исклучително сложени внатрешни и надворешни услови.

2.- Во подготовките и текот на востанието биле опфатени човечките и материјалните потенцијали скоро на целата територија на Македонија и Одринско, со посебен интензитет во Битолскиот округ.

3.- Вооружените сили на ТМОРО се организирале и формирале според единствена концепција на целата територија, со единствено раководно тело ЦК на ТМОРО (во текот на подготовките), а Главниот штаб (во текот на Востанието во Битолскиот округ) и хиерархиски поставени пониски организациски единици (округи, околии, реони, подреони, чети), засновани на принципите на субординација, единственост на раководството и командувањето и системот на врски.

4.- Во востанието учество зел поголемиот дел од македонскиот народ (вооруженият и невооруженият дел), со што на најнепосреден начин се докажува тоталноста на војната и нејзиниот ослободителен карактер.

5.- Во Илинденското востание е применет партизански и комибиниран облик на водење на вооружена борба иако концепциски раководството (ЦК на ТМОРО на Солунскиот конгрес и Софиското советување) се опредлеило за партизански облик на вооружена борба.

6.- Во текот на востанието биле применети двата основни видови на стратегиски дејства: офанзива (стратегиски напад) во првата фаза на Востанието, кога биле постигнти дел од поставените цели и кога противникот бил отфрлен од голем дел на територијата и присилен на сите линии на судири да се брани (стратегиска одбрана), со што била создадена и голема слободна територија, и дефанзива (стратегиска одбрана) кога после извршеното прегрупирање и концентрација на силите Турците минале во стратегиски напад, а востаниците во стратегиска одбрана. Во рамките на овие стратегиски дејства биле применети и двата вида на борбени дејства: нападот и одбраната.

7.- Според обемот, целта и ангажираните сили од двете спротивставени страни, во текот на Илинденската операција изведени се повеќе боеви (Смилевски, Крушевски, Клисурски и Невески, Преспански, Костурски, Леринski, Демирхисарски) со околу 230 борби. Значителен број од нив биле изведени како самостојни масовни борби и боеви, недоволно поврзани во рамките на Илинденската операција.

8.- Во текот на подготовките и самото востание било вршено комплетно обезбедување на борбените дејства низ следните видови обезбедување: морално-политичко, разузнувачко, безбедносно, инженериско, маскирање, борбено осигурување и заднинско.

Согласно со одлуката на Солунскиот конгрес на ТМОРО за подигање на востание во Македонија во текот на пролетните месеци на 1903 година, окружните, градските и селските комитети, особено на територијата на Втората револуционерна област на Револуционерната организација (во Битолскиот и во дел од Солунскиот вилает) почнале најнеопходните подготовки за спроведување во дело на одлуката за кревање на востанието. Вооружувањето на револуционерните реони било засилено. Биле основани нови револуционерни чети, а повеќето легални дејци преминале во нелегалност и се префрлиле на најблиските планини, приклучувајќи се на четите.

За сите тие нови засилени раздвижувања и бранувања во Македонија сознале и странските дипломатски претставници - конзулите и вицеконзулите во вилаетските седишта Битола, Скопје и Солун, а и одделните дописници на најголемите и најпознатите европски весници. Во врска со сето тоа рускиот конзул во Битола, Александар Аркадиевич Ростковски, уште на 14 февруари 1903 година,

во својот службен извештја и соопштува на својата влада во Петроград преку Амбасадата во Цариград:

"Комитетите мислат дека е неопходно објавување на востание во април. Во ... гимназијата учениците, под раководство на учителите, вместо уроци се обучуваат да ракуваат со пушки бидејќи тие - со неколку учители од гимназијата и исто така со сите учители на основните училишта ќе се присоединат кон четите".[1)]

Преминувањето од перманентната востаничка состојба во Македонија, со постојани помали судири со поробувачите, на масовно востание на македонскиот народ претставувало вистинско изненадување за мнозинството во светот. Ненадејното и масовно дигање на народот и широкиот територијален опсег на востаничките дејства во Југозападна Македонија биле доживеани со ефектот на шокантен удар, како од страна на султанско-беговската власт, така и од потенцијалните балкански претенденти за анексии и дележи на Македонија, па и од дипломатските известувчаи и на европските империјалистички сили.

Револуционерните акции на македонските востаници биле присутни рчеиси во сите подрчаја на Македонија. Тоа покажува дека востанието прераснало во масовно, посебно во Битолскиот округ, запазувајќи ја при тоа герилската стратегија и тактика на војување. Бројот на борбите е навистина импозантен. Речиси сета 1903 година поминала со помали и поголеми судири и битки.

---

1) "... Ученики под руководством учителей вместо уроков обучаются руженин ом приемам, так как они... присоединяются к бандам, „СЛАВЯНСКИЙ АРХИВ", Москва, 1963, 259.

Историски факт и занимливост е дека и осмналиските власти нешто знаеле за подготвувањето на востанието. Но тие, сепак, не презеле неопходно чекори за негово спречување. Најверојатно не верувале во силата на Македонската револуционерна организација, ниту во борбениот морал на македонскиот народ, кој што наполно погрешно се уште го сметале за покорна раја. Тие биле запознаени со морално-борбената преродба на македонскиот народ. Повремените случајни судири меѓу помалите воени единици и револуционерните чети не го вознемируале битолскиот вилает Али Риза-паша, иако времето на судбоносните настани забрзано се наближувало.

Во наредното излагање ќе биде согледан и оценет невооруженият и вооруженият отпор на македонскиот народ во периодот од формирањето на ТМОРО заклучно со Илинденското востание.

I. НЕВООРУЖЕН ОТПОР

Пред крајот на XIX и почетокот на XX век македонскиот народ ги започнал формите на невооруженият отпор, манифестиран пркеу поплаките, протестите и економската заштита на населението како одговор на отежнатата ситуација. Тој отпор во почетокот бил индивидуален и спонтан, а во наредната етапа прераснал во колективен.

Со појавата на ТМОРО на овие смаоникнати напори за самозаштита им се дало организиран карактер и се користат за револуционерното и национално будење и калење на народот. Организатори на протестите биле месните револуционерни комитети. Тие најчесто организирале колективни настапувања преку протестни писма

и жалби, а понекогаш и резолуции од собири до кајмакамиите и велиите во нивните седишта, па и до централните државни власти во Цариград, како и до конзуларните претставници на разни европски држави акредитирани во Битола, Скопје и Солун. По градовите понекогаш доаѓало и до колективни затворања на училиштата, дуќаните, работилниците и др.во знак на протест и барање поголема сигурност, каков што би случајот во есента 1899 година во Велес, заради убиството на младинецот Димче Шурков. Во тој протест се приклучила и Велешката гимназија. Во февруари 1900 година, заради грабнувањето на една девојка од страна на Турците, скопското граѓанство ја затворило чаршијата. Најизразителен протест на незадоволство имало пролетта 1903 година кога дошло до затворање на чаршиите во Дебар, Прилеп, Охрид и Битола. После Виничката и Валандовската афера поплаките биле присутни по сите макеоднски краишта, како одговор на исклучително тешката ситуација. Во јакнењето на политичкиот отпор против турскиот режим придонесувал Правилникот на селските чети. Тој имал 21 член, од кои членовите 2,3 и 4 се однесувале на правото селаните да протестираат кај конзулите и валијата, па до примена на протестна акција, до економска заштита на селаните и борба против шпионите итн. Во тие тешки времиња овие средства ги ослабувале репресалиите над македонскиот народ. Меѓутоа, протестите и поплаките не се рамномерно застапени не само по време, туку и по реовлуционерни округи и роени. Најмногу ги имало во Битолскиот револуционерен округ, каде што судрувањето на македонскиот народ со турската држава покажало најсиле израз. Според тоа, поплаките, протестите и економската заштита на селанството биле

карактеристични и својствени појави за македонското националноослободително движење и биле спротивни на врховистичкиот метод кој се сведувал на провали и атентаторски акции.

Кога било објавено востанието, населението по селата и градовите масовно лепело повици, дури и на турските џамии и на државните установи.[2] Голем дел од населението се приклучило кон востаничките чети, а жените и децата бегале во горите.

Во безброј хрватски листови Македонија се карактеризира како земја во која револуцијата зела најголем замава, "во неа е и старо и младок, машко и женско, со оружје в рака или да загине или да ги докрајчи патиштата на неправдите".[3] И во српските весници е третирана положбата во Македонија, посебно во Битолскиот вилает.[4]

Покрај печатот, Југослвоенските народи, низ митинзи и собири, ги изразувале своите симпатии кон борбата на македонскиот народ, како што биле словенофилката Терезина д-р Јенкова, [5] организацијата "Хрватски сокол"[6], српската селска демократска партија.[7] Сите југословенски народи со братско чувство се однесувале кон тешката положба на македонскиот народ.

---

2) "Slovenec" 183, 10.VIII 1903, 36

3) "Obzor", 182, 11.VIII 1903, 2 (Догаѓаји на Балкану)

4) "Боградске новине", 207, 26 VIII 1903

5) "Slovenski narod," 277 30.XI 1903, 1-2

6) По тој повод "Obzor" (54, 7.III 1904, на стр.1-2) пишува"... Хрватски Сокол сакаше со овој комерс да собере некоја сума, да обрне внимание на нашата општественост за македонските маки и да ја поттикне кон натамошно собирање и приложување ..."

7) "Радничке новине", 44, 22.VIII 1903 (Уводник "Патриотски подвиг"45, 26.VIII 1903, 2, Види: Лазар Колишевски, Краток преглед на историјата на работничкото и социјалистичкото движење во Македонија во Првата св.војна, Скопје,1940,35-37,А.Митрев, Илинденското востание, ВИГ, II/5 (1951) 127

Националноослободителната борба на македонскиот народ наишла на широк одглас, на топли симпатии и сочувство скоро во сите југословенски земји, во кои печатот доста изворно информирал за развитокот на настаните во Македонија. Во една дописка од 12.02.1903 година весникот "Словенец" помеѓу другото пишува ..."Македонците не обрнуваат внимание на тоа, дали ќе им помага некоја туѓа власт или не. Сакаат да дејствуваат со својат тупаница. Свесни се дека сегашнава положба треба да се промени и дека за тоа се потребни реки крв. Немаат страв пред смртта ... Готови се макеоднските херои да умираат за својата ттковина.[8] Македонија во Илинденското востание се карактеризира како земја што претставува едно бојно поле.[9] Врз основа на изнесените факти може да се заклучи дека покрај организираните подготовки за вооружено востание македонскиот народ кон турскиот поробувач пружал и силен невооружен отпор.

Тој отпор се одвивал во две фази:

- I фаза - до појавата на ТМОРО била фаза на спонтан индивидуален или групен отпор без доволно национална и социјална свест насочен кон заштита на личната безбедност, интегритетот на личноста и имотот на поединци или помали групи луѓе;

- II фаза - од формирањето на ТМОРО до Илинденското востание, била фаза на организиран национален и класно определе отпор насочен кон заштита на безбедноста и интересите на целиот македонски народ и неговиот имот.

---

8) "Slovenec", 34, 12.II 1903, 2 (Македонија).

9) "Slovenski narod", 191, 20.VIII 1903, 2 (Vstaja v Makedoniji).

II. ВООРУЖЕН ОТПОР

1. Борбите од формирањето на ТМОРО до Илинденското востание

а) Вооружени судири и акции до крајот на 1902 год.

Периодот од формирањето на ТМОРО, па до 1902 година се карактеризира со пасивно војување. Курсот на Организацијата, на нејзините свесни сили, главно бил насочен во правец во сите можни случаи да се избегнува скеој вид на вооружен судир пред да бидат извршени целосните подготовки за востание.[10] Тоа било неопходност, еден од клучните услови, што требало да овозможи успешен тек на подготовките. Во повеќето случаи на борба четите не биле иницијатори, туку истата ја прифаќале во одбрана.[11] Се водело сметка да се даваат што помали загуби, во што максимално се користени стекнатите знаења од воената вештина.

За овој период карактеристично е дејствувањето на оддлни чети со рзалична бројност кои претежно имале за задача да го заштитат населението од злосторниците, се формирале претежно на територијален принцип и обично дејствувале на територијата од која потекнувале. Заради својата заштитна улгоа биле омилени кај народот и уживале негова полна поддршка и заштита. Низ нивното дејствување се стекнувало драгоцено борбено искуство кое подоцна богато дошло до израз во текот на востанието. Четите претставувале и непресушен извор на кадри за народната масовна востаничка војска.

---

10) Организациони, морални, стручни и материјални за едно општо востание

11) М.Апостолски, Некои моменти од стратегијата и тактиката на Илинденското востание, 1973, Скопје, книга 5, 103-108

Не сметјаќи ги вооружените провокации на врховистите, во овој период биле извршени поголем број оружени судири и акции, со или без претходно знаење и согласност на Организацијата, честопати заради неизбежноста на ситуацијата, понекогаш како излив на самоволие на одделни четници, а во одреден број случаи и како "ад хок" решенија на војводите.

При борбените судири најголема улога играле изненадувањето и брзите напади со повлекување. Имало многу случаи за време на судруваљата да се координира одбраната со помош на селската милиција и на соседните чети. Тоа, всушност, го регулирале и правилниците.

Меѓутоа, овој вид на вооружени судири и акции и организираните атентати биле нож со две острици. Имено, нивното изведување не секогаш ја постигнувало целта, туку предизвикувале уште поголемо здивнување и распламтување на теророт. Впрочем, резултатите од ваквите судири и акции, како и од атентатите, главно зависеле од начинот на нивното организирање, од степенот на тајноста во нивното подготвување итн.

Но, бидејќи Организацијата секогаш немала соодветна корист од оваа дејност, тие придонесувале, особено по основањето на реонските чети, некогашните разбојнички банди, кои сееле ужас и страв, да се повлечат и во голем број случаи повеќе да "не се појавуваат"[12]. Така во Кичевско, каде што пред појавата на четите имало

---

12) Л.Джеровъ, Спомени, София, 1926, 8-9

поголем борј жртви од разбојниците отколку во текот на самото востание, теророт бил згаснат.[13)]

Бројот на репресалиите и ваквите вооружени судири и акции или атентати зависел и од нивното успешно или неуспешно извршување. Ако акцијата била подобро испланирана, ако во текот на подготовките бил вложен поголем труд да се проучат сите евентуалности, шансите за одмазда значително се намалувале.

Така, на пример, кога селаните од Кичевксото село Добреноец, со оборување на Организацијата, го ликвидирале еден опасен разбојник со уште тројца негови придружници, од нив никој не настрадал бидејќи атентатот бил извршен секавично и без оставање на поголеми траги.

Меѓутоа, кога во 1899 година биле убиени петмина дебарски првенци, кои се истакнувале со својата суровост, осветата била безмилосна. Прво бил убиен кметот во Лазарополе, а потем уште три лица во селото Душегубица, каде истовремено биле опожарени и 40 куќи.[14)] Битно е да се укаже дека независно од крајниот исход на вооруженият судир или акција, или пак на извршениот атентат, секоја од нив, особено ако биле изведени од четите, биле силен поттик во духовна насока и придонесувале уште повеќе и побезрезервно да и се верува на Организацијата.[15)] Во дејност ана овие чети населението ја препознавале својата неисцрпна борбена енергија и затоа тие прераснале во олицетворение на слободата и правдата. Така, четите

---

13) Истото, 9

14) Истото, 10

15) Истото

станале љубимци на населението, бидејќи со нивната дејност била сврзана една за селското население непосредно корисна активност.

За илустрација на овие судири би навеле еден начин на војување на четата од војводите Чернопеев кај село Бојалци (гевгелсико), на 4 февруари 1901 година.

Неговата чета се состоела од 13 луѓе. Таа во селото била опколена од страна на турска војска. Четата излегла на отворено. При ова извршила јуриш, ја разбила турската опсада и преминала преку турските редови. Така започнала борбата на отворено поле. Судрувањето траело 14 часови. Од 13 борци, 7 биле убиени, а 2 ранети.[16] Овој и уште многу други примери, ги покажуваат начините на војување кои од типично дефанзвиен, веќе преминувале на новиот офанзивен начин на војување кој се наложувал од новосоздадената револуционерна ситуација, која во наредната година ќе му претходи на Илинденското востание.

За вооружените судири во предвостаничкиот период може да се заклучи дека еволуирале од поединечни и инцидентни судири до организирани воени судири меѓу организациска оформените востанички единици - четите со усвоен начин на војување (офанзивен) и висока национална и политичка свест како столб на беспримерната храброст и високиот борбен морал. Ваквиот рзавој бил условен од општиот подем на Организацијата и јакнењето на националната свест на македонскиот народ.

---

16) Хр.Чернопеевъ, Движението отсъам Вардара ...,57.

б) Предвостанички акции во текот на 1903 година

Во судбоносната 1903 година вооружените судири меѓу единиците на Организацијата и аскерот се повеќе зачестиле. Во својот интензитет тие особено се засилиле во 1903 година бидејќи власта сакала да ја парализира националноослободителната борба на македонскиот народ и во оваа насока не избирала ни начин ни средства. "По солунските атентати официјалната власт презеде еден беспоштеден прогон против христијанското население ... Вкупниот број на затворениците не беше помал од дваесет илјади луѓе[17] се вели во Мемоарот, кој понатаму коментира: „Многубројни воени одреди, кои власта ги распрсна низ земјата, за да го задушат револуционерното движење и очистат во голем степен е сопрена дејноста на четите на Организацијата. Фактот што само во месец мај имало триесет и една борба е доволен да ја прикаже вознемиреноста на ситуацијата. Таа хајка против четите ја ориентира Организацијата да го зголеми нивниот број и да ги зајакне нивните редови за да можат да истраат против дрските и чести турски налети.[18]

Борбите започнале. Инаку, додека од 1898 година заклучно со 1902 година биле регистрирани 63 вооружени акции,[19] само во I полугодие на 1903 година биле изведени 86 судири.[20]

---

17) Македония и Одринско...,117-118.

18) Истото, 116.

19) Според Мемоарот (стр.115-116) од овој број 1 беше во 1898, 1 во 1900, 8 во 1901, 53 во 1902 и 1903 - 86.

20) Од нив 4 беа во јануари, 9 во февруари, 9 во март, 17 во април, 31 во мај, 12 во јуни и 4 во јули.

Меѓутоа, бројот на вооружените судири пресметан заедно со помалите акции, земено вкупно од 1898 до 2 август 1903 година, изнесувал уште 59, или се на се 122 борби (без тие во таканаречното Горноџумајско востание). Во Џумајското востание, кое на македонскиот народ му нанело нови страдања и тежини од султанските насилства, учествувале 2.580 борци и 13.960 турски војници. Борбите траеле од 23.09. 1902 година, до 01.11.1902 година со вкупно 19 вооружени судири.

Некои од овие борби, наредени по хронолошки ред, се одвивале на следните датуми во 1903 година:

1) На 18 јануари Охридската, Ресенската и Ревизорската чета на Давидов, со спонтана помош на вооружени селани (што се смета за прва заедничка акција на народот со своите вооружени единици), се судриле со аскерот во близината на ресенското село Избишта. Во оваа жестока борба загинале 15-16 селани и значително поголем број аскери. Четата не дала жртви, а аскерот бил принуден на повлекување.[21)]

2) На 6 март многуброен аскер ја опкружил четата на Георги Папанчев во месноста "Жолт Камен". Се заметнала жестока борба во која загинале 12 четници. Сепак, непријателот бил принуден на повлекување кон селата Неговани и Екшису. Во оваа борба посебен ефект остварале употребените бомби, што рпидонеле аскерот да ја прекрати потерата.[22)]

3) На 14 март била опкружена една чета од голем број аскери кај охридското село Арбиново. Кога започнала борбата на

---

21) Г.Попъ Христовъ ц.д.38-39.

22) Спомени за деиствия та на Г.Папанчевъ, София,1926, 92-93.

четата самоиницијативно на помош и поитале околу 700 селани. Во оваа борба загинале двајца четници и 39 аскери. Од непријателот, исто така, биле ранети уште 29 лица. Аскерот бил отфрлен, но потем за одмазда било малтретирано населението во 15 села. Вкупно биле измачувани 318 луѓе од кои 17 подлегнале на тортурата.[23)]

4) На 25 март дошло до потежок судир меѓу опкружената чета (составена од 7 лица) на Методиј Патчев и аскерот, во близина на Кадино село - Прилепско. Согледувајќи ја безизлеността на сопствената положба, четниците се самоубиле за да не паднат живи во рацете на непријателот. Но, сепак, уследила голема провала бидејќи била запленета архивата.[24)]

5) На 9 мај се случил еден од најжестоките злостори предизвикани од судирот меѓу една мала група четници под водство на војводата Дичо Андонов и една единица на аскерот, што се случил над селото Смрдеш. На тоа место, во ноќта меѓу 8 и 9 мај, се водела жестока борба. За одмазда на ова, како и со цел да се "смири" најкомитската населба во Костурско, селото на Чакаларов и Кљашов, аскерот навлегол во него и откако усмртил 85 луѓе и ранил 50 недолжни лица, тешко го опожарил. Така, од вкупно 300 куќи до темел изгореле 240. Истовремено изгореле и околу 80 пушки, 12 до 13.000 патрони, а експлодирале и извесен број бомби.[25)] Ваквиот морничав биланс не бил познат дотогаш. Преместувањето со жените, децата и старците во Смрдеш било повеќе од страотно.

---

23) Томов, ц.д.49.

24) Георги Попъ Христовъ, ц.д...,37.

25) Според спомените на П.Кљашев (стр.122), цитирано по Силјанов, ц.д.270-271.

6) Околу 20 мај, исто така во леринско-костурскиот терен, дошло до судир меѓу четите на војводата Лазар Поп Трајков и Митре Влаот и аскерот, кој ги опкружил во селото Руља. Во оваа борба загинале 10-12 аскери, а од четниците паднале само двајца. За овој пораз војската се одмаздила над недолжното население во селата Дреновени, Кономлади, Поздивишта, Статица и Черновишта.[26]

7) На 30 мај, војводата Чакаларов, со околу 70 четници, откако видел дека од сите страни го опкружуваат аскерите, решил да ја прифати борбата. Тој на згодни позиции, на врвовите "Ловката" и "Винјарите", ги распоредил четниците и оттаму цел ден ги одбивал јуришите на аскерите се до вечерта на 31 мај. Во оваа борба, што била ... "дна од најхеројските и најкрвавите во предилинденската епоха"[27] загинале 14 четници и над 100 аскери. Тоа било делумно израмнување на сметките за злосторите во Смрдеш.

8) На 6 јули, откако претходно четата на марко Леринski случајно се судрила со аскерот во селото Трсје и откако без жртви се повлекла, таа била опкружена близу П'тле. Марко четири дена со неколку свои другари се борел со Турците и најпосле се самоубил, а другите се предале живи ...[28] Остатоците од четата на Марко повторно биле заобиколени во с.Крушоради, бил убиен началникот и повеќе другари, а целото село (маалата Јуруко) било изгорено (15 куќи)...[29]

---

26) Хр.Силянов, ц.д.271

27) Хр.Силянов, ц.д.272-273

28) Тоа беа луѓе од селската милиција

29) Г.Попъ Христовъ, ц.д. 37-38

Овие податоци за борбите се само делумна илустрација на перманентните судири, што толку многу зачестиле во 1903 година.[30] Ситуацијата била пеколна. Оттаму во "Мемоарот на Внатрешната организација", меѓу другото се вели: "Пред тој неограничен, серушечки и незаситен змев, што се заканувал да ја преобрази целата земја во огромен затвор, да ги претвори во пепелишта безброј села што дветаа, да обездоми и изложи на смрт од глад десетици илјади суштества да ја напои земјата со потоци крв - со еден збор да го убие целиот народ - пред таква грозна и страотна напаст една револуционерна организација, тело и крв од тој народ, од него изникната, на него потпрена, која за него постоела и за неговата слобода се борела - мошеже ли да ги предодреди великата и блескава идеја, што ја олицетворува и цлеиот народ на самоуништување".[31]

Во перидот на предвостаничките активности, заедно со вооружените борби за ослободување на македонскиот народ, се јавил и тероризмот како специфичен феномен, како еден од најсложените и најкомплексни појави во Македонското ослободително и револуционерно движење. Сите согледувања го наметнуваат заклучокот дека тероризмот бил прифатен како метод и средство на ослободителната борба.[32] Тој производ на незадоволството и на отпорот на Македон-

---

39) До Илинденското востание во Македонија и Одринско се водени 132 борби, во кои вкупно учествувале 4.262 востаници, спрема 64.235 турски војници. Однос на силите 1:17,4. Види: Македонија и Одринско ...,87

31) Мемоарот стр.118

32) Битолски, Крсте Германиите и нивните односи со Гоце Делчев и со МРО, Гоце Делчев 1872-1972, Зборник на материјали од симпозиумот одржан од 8-10 ноември 1972,Скопје,1973,122

скиот народ кон турското ропство и е применуван во интерес на општото дело. Практично, во историјата на МНОРД и во револуционерните движења во Втората светска војна и по неа бил класично оружје на послабата страна со цел да заплаши и да го сврти вниманието на посилните. Од марксистичка гледна точка тој не води кон некоја определеа цел, туку ја продлабочува кризата. Тероризмот не одел во прилог на тезата за перманентно востание, оформени од идеологот Ѓорче Петров.

Времето непосредно пред востанието е искористено за темелни организациони и воени подготовки за водење на востанието што се огледуваат низ следните работи:

1) Одржани се три конгреси во револуционерните округзи на кои се усвоени тактиката и стратегијата за водење на вооружената борба (партизанска тактика со офанзивен дух) и се изработени конкретни планови за извршување на непосредните подготовки за востанието.

2) Извршени се темелни материјални подготовки:

- интензивирано е снабдувањето со оружје на сите можни начини,
- организирана е изработка на сопствено оружје и муниција,
- извршено е обезбедување на рана и санитетски материјали кои се складирани во тајни горски складишта,
- организирана е изработка и собирање на облека и опрема за востаниците,
- во најреволуционерните села на погодни места се подготвени збегови за заштита и сместување на населението од турската одмазда.

3) Организирана е воена обука со младите востаници за ракување со оружје и извршување на одделни тактички постапки.

4) Организирана е контрола (ревизија) на спроведувањето на донесените планови од страна на Главниот штаб.

5) Интензивирани се непосредните воени судири на востаничките чети со турскиот аскер, со што се стекнало драгоцено борбено искуство.

6) Извршени се одредени кадровски промени со цел да се засили раководењето и командувањето со четите.

7) Развиена е широка пропагандна дејност со цел да се мобилизира целото население во подготовките и изведувањето на востанието.

8) Слична дејност е спроведена и меѓу македонската емиграција во соседните земји, како важен фактор за добивање на разна помош.

Вака темелно извршените подготовки спроведени во најголема тајност, овозможиле востанието да почне релативно ненадејно и да постигне значително изненадување како еден од решавачките фактори за постигнување на почетни успеси на востанието.

Општ преглед на борбите во трите македонски вилаети (1898-Прва половина на 1903) 33)

Ред бр.	Вилает	Број на борби	Учествува		Загинале или биле ранети		Самоубиени
			Револуц.	Аскери	Револуц.	Аскери	
1.	Солун.и Сер.санџ	46	1.864	37.269	164	1.582	16
2.	Битолски	55	1.154	15.358	145	1.088	15
3.	Скопски	21	1.080	19.015	185	1.501	/
4.	Вкупно	122	4.098	71.642	494	4.171	16

Горе наведените борби меѓу македонските револуционерни чети и аскерите вкупно траеле 1.325, 3/4 часови, односно 108 часови по судир. Сообносот на учесниците на овие борби зборува дека еден македонски раволуционер се спротивставувал на 17 непријателски војници.[34]

Востаничките дејства во својата повеќемесечна активност со многубројната и огнена надмоќна османлиската војска од сите редови и позиви - низами, редифи, илјафи и башибозучки одреди, позитивно влијаеле и покрај дадените скапи човечки жртви, не само врз мирното македонско население, чиј борбен морал зајакнувал по секоја борба зашто народот веќе не се чувствувал оставен сам на себеси, знаејќи дека револуционерните чети се негови активни заштитници.

33) Македония и Одринско ...,87.

34) Истото...,87.

Имено, во текот на борбите македонските револуционери се калеле и во практично воено искуство, на самото бојно поле, каде се запознавале и со стратегијата и со тактиката на непријателот, спроведувана од османлиските офицери. Проучувајќи ги внимателно потезите на непријателските единици, во текот на судирите, македонските војводи извлекувале и соодветни заклучоци за тоа каква треба да биде нивната стратегија и тактика во борбите, со цел да дадат што помалку жртви, а во исто време на непријателот да му нанесат поголеми загуби. Воопшто, од таквите калени чети подоцна израснале и одделни борци во искусни војводи на ТМОРО.

Тие искуства добиле своја верификација во текот на востанието.

2. Борбите во текот на Илинденското востание

Основната цел на Илинденското востание била ослободување на Македонија од турското ропство со потпора врз сопствени сили, низ вооружена борба. Било замислено и планирано да се оствари низ едно сеопшто и едновремено востание на целиот макеоднски народ и на целата територија со основна концепција низ долготрајна, исцрпувачка, партизанска борба или "перманентно востание",[35] како што Ѓорче Петров го нарекол, на непријателот да му се нанесуваат се поголеми загуби, а востаничките вооружени сили постојано да се засилуваат така што во погоден момент да се создадат услови за решителен удар и конечно ослободување на земјата од вековниот

35) Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 125-131.

тиранин, што, во принцип, дури и од аспект на современите гледања на концепцијата за водење на општонародна одбранбена, односно ослободителна војна е сосем правилно. Меѓутоа, заради низа објективни и субјективни причини, од кои треба да се издвои фактот дека партизанскиот начин на војување, иако бил прокламиран и прифатен од највисоките раководители и идеолози на востанието, не бил правилно разбран и прифатен како начин на војување од пониските старешини (најчесто војводи) и самите востаници, како и фактот што вековното ропство и тешките страдања на народот создавале многу силна желба за слобода, која често го надвалдувала разумот, тежнеејќи низ краткотрајна и одлучна борба да се дојде до слободата, за што не постоеле реални услови. Иако, во суштина, впуштањето во нерамна борба за одбрана на одредени позиции дури и по цена на сопствениот живот, претставувал возвишен и величествен чин, кој практично значел свесно саможртвување на олтарот на востанието, ваквите одлуки за упорна одбрана во повеќе случаи му нанеле штети на востанието зашто на тој начин се давале непотребни човечки жртви, со *што слабеела општата сила. Ваквите сфаќања и погледи на начинот на* водењето на вооружената борба довело до конципирање и изведување на борбени дејства кои според обемот и целта претставувале операција со повеќе боеви, како што биле смилевскиот, крушевскиот, клисурскиот и други со многубројни борби.

а) Востаничката операција во Битолскиот револуционерен округ

Востаничката офанзива во Битолскиот револуционерен округ, што беа сомнение била и воено и морлано најподготвена вооружена

операција против многувековниот османлиски поробувач и угнетувач, почнала на 2 август 1903 година, на празникот Илинден. Наскоро со секавична брзина се приширила низ целиот Битолски округ и прераснала во масовно вооружено востание на храбрите македонски востаници-револуционери, внесувајќи страв, изненадување и дезорганизација меѓу османлиските воени и цивилни власти.

На територијата од 10.000 км^2 на Битолскиот вилает биле распоредени 15.000 турски војници, односно 1,5 војника на км^2, расфрлени на широк простор по помалите гарнизони.

Борбите ги опфати - некаде со поголем а некаде со помал интензитет - сите револуционерни реони на Битолскиот округ на ТМОРО: Ѓаватскиот реон (Ѓаватколскиот реон), Буфкскиот реон, Битолското Поле (трите реони во потесната Битолска околија),[36] Старонередскиот роен, Ниџескиот реон (во Леринско), Костурските реони (Пополе, Корешта, Клисурско и Нестрамско), Горнопреспански (Ресенски) и Долнопреспански реони Струшкиот, Дримкол, Малесија, Дебарца, Карпата и Ортакол), Кичевски реони (Копачка-Горка и Долна, Рабетинкол, Кичевијата и Пореч̌е), Прилепскиот, Демирхисарскиот и Крушевскиот.[37]

Со востаничките единици во горните реони на Битолскиот округ раквооделе: Дамјан Груев, Борис Сарафов, Анастас Лозанчев, Георги Сугарев, Георги Павлов Чуранов, Црниот Војвода (Ѓакон Евстатиј),Аџо Трајчев-Коларчето, Наум Буфчето, поп Коста Буфски, Танас Ферманов, Георги Поп Христов, Михаил Чеков, Лечо Церовски

---

36) М.Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903...,250.
37) Ангел Динев, Илинденската епопеја, София, 1945, 313.

Александар Турунџов, Тего Хаџиев, Пандил Шишков, Васил Чекаларов, Иван Попов, Никола Мокрански, Леко Банички, Митре Влаот, Лазар Поптрајков, Стерјо Ташков, Славјеко Арсов, Александар Панајотов, Велјан Илиев-Пенчо, Ангел Андреев, Христо Узунов, Наум Златарев, Александар Чакаров, Лазар Димитров, Дејан Димитров, Смиле Војданов, Лука Геров, Јордан Пиперката, Христо Пасков, Кузман Бабински, Димитар Матлиев, Никола Карев, Тодор Христов, Тома Никлев, Антиноген Димков, Петар Ацев, Пере Тошев, Никола Русински, Јордан Тренков [38] и многу други. Речиси сите споменати дејци биле вклучени во реонските горски началства, современо речено на востаничките оперативни штабови, кои се грижеле за остварување на стратешко-тактичките цлеи во сопствениот реон, согласно со одпорано составените планови за дејства.

Главни цели на востаничките напади биле неколку градски населби (Крушево, Невеска, Клисура), воени демонстрации пред други градски населби (Кичево, Ресен) уништување на османлиските гарнизони во нападнатите градски населби и по кулите со помали посади, на клучните сообраќајни раскрсници, напади врз чифликсајбијски кули и нивното опожарување, напади врз помали воени патрола и единици, по патиштата и планинтие, разурнување на мостови, делови на жеелзничките линии Скопје-Солун, Солун-Битола, сечење на телефонско-телеграфските линии, создавање на слободна територија, со соодветни органи на востаничка, народна власт.

---

38) Хр.Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, София, 1933.

Со своите офанзивни дејности, во првите денови по избувнувањето на Востанието, македонските револуционери наполно ги изненадиле османлиските воени и цивилни власти и предизвикале паника не само во Битола (како воено најзагрозена и веќе отсечена од другите длеови на Османлиското царство), туку и во Солун, Скопје и во самиот Цариград. Факторот на изненадување придонел многу за првите пгооелми, па и мошне големи воени успеси на македонските востанички единици, кои успеале да уништат повеќе мали гарнизони и посади, како и да ги рзабијат и да ги вратат назад првите потерни единици што биле испратени против нив од Битола и од другите соседни гарнизони, со верување дека се работи за некаков локален бунт со мал број учесници, како што битолскиот валија телеграфски го уверувал султанот во Цариград. Губењето на неколкуте градски населби, поразите на испратените потери и слични помали воени единици, отсечувањето на Битола и на другите населби од другите делови на царството, ги принудило османлиските војсководци да се зафатат сериозно со изработка на план за контраофанзива за задушување на востанието во Македонија. Заради тоа пашите, овластени за тоа, почнале со забрзана концентрација на поголеми и поборојни воени единици во Битола, од каде требало да почне контраофанзивата во сите правци.

Востаничката офанзива во Битолскиот округ со својот обем и со многубројните првични воени успеси ги изненадила не само османлиските воени и цивилни власти, туку и европските велесили, кои постојано работеле, согласно со сопствените интереси, да спречат какво и да било востание во Македонија, зашто неговото

избувнување уште повеќе ги усложнувало нивните меѓусебни односи. Офанзивата, како необично силен и продорен ослободителен бран, го зафатило речиси целосно Битолскиот револуционерен округ. Востаничката офанзива во Битолскиот округ уште од првите денови на своето отпочнување била успешна и од воен аспект и од гледиште на револуционерниот борбен морал на востанатиот македонски народ, бидејќи по секој нов успех во борбите се зголемувала и самодовербата во сопствените борбени револуционерни способности и можности. А борбениот морал, изграден во текот на жестоките судири со побројниот непријател, останувал на иста височина и натаму, и по претрпените порези.

Основната анализа на востаничката офанзива во Битолскиот округ дава можности јасно да се согледаат неколку нејзини одлики, врз основа на кои произлегува наполно исотриски оправдан и логичен заклучокот дека таа "регистрирала вонредно големи успеси и постигнувања".[39] Тие карактеристики можат да бидат категоризирани во неколку основни и клучни точки:

Прво, почетната востаничка офанзива придонела за "ликвидирање и прогонување на низа воени гарнизони и на органите на османлиската цивилна власт во сите предели што ги зафатило востанието".[40] Исто така, "биле уништени голем број беговски чифлици - тие бастиони на селската средновековна експлоатација ... Чифликсајбиите масовно избегале во градовите, едни биле убиени, други се

---

39) М.Пандевски, Илинденското востание...,301.

40) Истото, 301.

самоубиле, а нивните имоти пропаѓале"[41]. Натаму, многу градови и помали селски османски гарнизони се нашле меѓусебно изолирани и блокирани од востаничките сили.[42]

Второ, заземањето на клучните сообраќајни премини и други оперативни точки предизвикале и самата Битола, како вилаетски центар и како седиште на граѓанската власт, да биде наполно дезорганизирана, парализирана и оневозможена да ги врши своите управни функции. Не од помало значење е и тоа дека "преку масовното кревање на населението во Округот, преку успесите на востаниците и рушењето на османската власт, се создала една мошне широка слободна и полуслободна територија во Битолскиот округ".[43]

Резимирано речено, во текот на првите 10-25 дена, односно изведената востаничка офанзива, османлиската власт се нашла во состојба на дефанзива и повлекување пред ненадејниот налет на востаничкото оружје.[44]

Меѓутоа, во врвните дострели на Илинденското востание, без сомнение, се вбројува изградувањеот на македонската востаничка власт во ослободените градови и територии на местото на османлиската власт.

За состојбата во првите денови на Востанието, Ростковски му напишал на И.А.Зиновјев: "Востаниците ги пресекоа сите телеграфски врски, како државните така и железничките ... Патиштата се разурнати, мостовите кренати во воздух, а востаниците не

---

41) Истото, 301.

42) Истото, 301.

43) Истото, 302.

44) Истото, 302.

одобруваат поминување. Многу аништа по патиштата се уништени, а исто така - соопштуваат за многубројните пожари по селата, горат куќите на муслиманите-чифликасџбии... Градот Крушево, исклучиво христијански, е заземен од востаниците".[45]

Валијата Али Риза-паша сфатил дека направил преголема лична грешка кога по првите востанички акции му соопштил на падишахот дека се работи за локален мал бунт што тој ќе го задуши небрзина. Во таквите неповолни услови за Турција, Султанот Абдул Хамид II итно со смени битолскиот валија и на негово место со специјални и вонредни овластувања, го назначи способниот и лукав Хусеин-паша, инаку генерален гувернер на европските вилаети на Царството. Под негово раководство било свикано воено советување на мошне видни и способни османлиски војсководци, какви што биле маршалот Омер Ружди-паша, Бахтијар-паша, Сервет-паша, Етхем-паша, Хисни-паша, Шефки-бej и некои други виши офицери, специјалисти за водење на воени операции. Тие составиле план за почнување на голема контрафоанзива против македонските револуционерни единици, чети и одреди, со цел набрзина, да ја задушат ослободителната револуција за што биле задолжени и со строгата повелба на султанот.

Смилевскиот бој

По одржувањето на Смилевскиот конгрес Турците разбрале дека Смилево претставувало значаен пункт во мрежата на Револу-

45) Истото, 303.

ционерната организација. Со цел да се парализира дејството на Организацијата, турските власти во Смилево итно формирале воен гарнизон со 85 војници.[46] Истовремено, за да се зајакне контролата врз цивилното население формиран е и орган на власта-мудирлук, со што Смилево е претворено во значаен воено-политички центар. Имајќи ги во предвид овие околности, Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, заклучил дека Смилево и покрај сите турски активности, сепак претставувало место оддалечено од поголемите гарнизони (Битола, Прилеп, Кичево и Охрид),дека неговата местоположба дава многу добри услови за организирање на одбрана, а околината овозможува многу добри услови за засолнување на населението и обезбедување со храна, облека, муниција и друга опрема во бројните горски магацини и складови, дури и формирање на тајни болници[47] добра прегледност и набљудување на околината и во случај на окружување пружа можности за прикриено извлекување од обрчаот. Поради тоа донесена е одлука на самиот почеток на востанието Смилево да биде нападнато, турскиот гарнизон и мудирлук да се разбие и уништи, а во Смилево да се формира слободна територија и организира слободен живот под контрола на Организацијата. Се покажало дека во основа е извршена правилна и реална проценка на ситуацијата и донесување на одлука за ослободување на Смилево.

---

46) Одлуката за сместување на гарнизонот била донесена по итна постапка по атентатот врз Смаил-ага, што го извршил малолетникот Веле Даскалов Чурнаов, со уште еден другар, во март 1903 година

47) Љ.Лапе, ИЗВЕШТАИ од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, 1954, Скопје
Данчо Зографски, ИЗВЕШТАИ од 1903-1904 година, НА АВСТРИСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА, Скопје, 1955, 96

За планираниот напад Главниот штаб располагал со штабната чета и шест селски чети во следнито состав. Види прилог бр.1.

- 1. селска чета, 26 востаници, предводени од војводата Дамјан Касаповски, учител од Смилево. Во нејзиниот состав имало и тројца востаници од с.Цапари и еден од с.Гавато, а другите од с.Смилево,

- 2. селска чета, целата од Смилево, 27 востаници, предводени од војводата Кочо Грујоски, sидар од Смилево,

- 3. селска чета, исто од Смилево, 27 востаници на чело со војводата Димитар Кромидаровски, учител од Смилево,

- 4. селска чета, составена од 26 смилевчани, предвидени од Глигор Поп-Павловски, sидар од Смилево,

- 5. селска чета, исто од 26 смилевчани под командата на војводата Пале Константинов, чешлар од Смилево, и

- 6. селска чета со 26 смилевски востанци на чело со војводата Даме Мискоски, sидар од Смилево.[48)]

Концентрацијата на силите за напад е извршена во квечерината на 2 август и сосема незабележано од Турците. Подготвената акција била изведена прецизно и тивко, така што кај власта и аскерот не предизвикала никакво сомнение. Селаните биле спокојни и своите редовни работи ги вршеле без возбуда. Низ селото биле поставени внатрешни заседи, додека главнината на востаничките

---

48) Бистра Цветкова, Село Смилево битолско в национално-революционното движение, БАН, София,1979,33-37

единици се наоѓала во месноста Голем Гар, оттогаш наречена Началство.[49] Приквечер Главниот штаб, со другите борци, слегол од селото и ги распоредил борците во Горно Маало, од Коќиновци кон селската црква Св.Георги. За време на вечерната молитва аскерот кој бил сместен во селското училиште непосредно до црквата се построил на една рамнинка што за таа цел вообичаено ја користел. Во тој момент бил отворен оган врз аскерот и му се нанесени значителни загуби, а кај војниците настанала збрка. Тоа го искористиле востаниците и извршиле напад со громогласно "Ура". Извесно време се чинело дека аскерот ќе се предаде, но тој брзо се средил, војниците се засолнале во околните куќи и отвориле оган со што јуришот на востаниците бил запрен. Со тоа аскеротуште повеќе се окуражил и почнал да излегува од куќите. Борбата се пренела на улиците. Низ оваа улична борба аскерот успеал да се среди и доближи до сред село и се обидел да ја запоседне куќата на Ѓорѓија Чурановски[50] која доминирала со својата местоположба и во која бил одржан Смилевскиот конгрес,[51] а се наоѓала меѓу црквата и училиштето.

Дамјан Груев, кој веќе бил пристигнат со Штабот и штабната чета, силно се вознемирил бидејќи нејзиното заземање значело неспоредлива позициона предност за аскерот. Во таа ситуација доброволна согласност на самиот Чурановски куќата е запалена од страна на Павле Галовски со група востаници, меѓу кои и членот на Главниот

---

49) Месноста е позната и под името Пандуров Гроб, зашто таму бил погребан еден од првите загинати востаници во Смилево-Пандуров

50) Ѓорѓи Павлов Чурановски (1854-1951, Смилево) претседател на Селскиот комитет на ТМОРО-Смилево и горски началник на Смилевскиот реон. Види: Љ.Лапе, Одбрани текстови за историјата ...

51) Историја на македонскиот народ, книга II, Скопје,1957,451.

штаб, војводата Б.Сарафов и поручникот Димитар Стојков, кои низ дожд од куршуми се пробиле до ку́ката и ја запалиле. Веднаш потоа аскерот се повлекол во зградата на селското училиште каде што се забарикадирал и пружал жесток отпор. Опсадата продолжила и во текот на но́ќта. Истата но́ќ востаниците го запалиле и турскиот магацин со муниција и други воени материјали кој се наоѓал во непосредна близина на ку́ката од Чурановски. Неколкуте војници што го чувале изгореле заедно со него. Така првата востаничка но́ќ во Смилево минала во пукотници и пламен.

Во текот на првиот ден точните загуби на аскерот не се познати, но може да се оцени дека биле ме́ѓу 20 и 3о души. Кај востаниците тешко ранети биле војводата Кошка од Гопош и Пандуров, кој утредента им подлегнал на раните. На трети август попладне околу две илјади жители[52] на селото биле евакуирани во однапред подготвениот збег во месноста Голем Гар.

Опсадата на војниците во зградата на училиштето, односно касарната, продолжила. Во попладневните часови од правецот на селото Обедник (на 4 км источно од Смилево) се појавил турски одред од околу 400 војници. Четата на прекаленикот војвода Стојан Донски на погодни позиции на влезот од селото, кај Павловата кула, го пречекала овој одред и го одбила неговиот напад.[53] Најверојатно со цел да ја поштеди четата на Донски од загуби Главниот штаб во тој момент ја повлекол од позициите. Со повлекувањето на четата се

---

52) Хр.Силя нов освободителнитѣ борби на Македония , I, София, 1933, 238. Можеби бројот на македонците во Смилево во 1903 изнесувал ме́ѓу 2.200 и 2.400 зашто според статистиката од 1.900 во него имало ве́ќе 2.200 жители.

53) Л.Милетичъ, Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, София, 1927, 25.

создале услови аскерот да влезе во селото, набрзина да ги ослободи окружените војници и опожари 34 куќи, по што брзо се повлекол претпоставувајќи дека востаниците ќе интервенираат со поголеми сили. Самите востаници не ја разбирале и не ја оправдувале ваквата одлука на Штабот бидејќи се создале услови аскерот да се извлече неказнет.[54] Со тоа завршил вториот востанички ден во Смилево.

На третиот востанички ден, односно на 4 август, окуражени од делумниот успех од претходниот ден, повторно од правецот на Обедник се појавила нова единица придружена од башибозук од ова село подготвена за пљачкање. Но, повторно била дочекана со силен и прецизен востанички оган и натерана во бегство, оставајќи и дел од коњите што со себе ги воделе. "Во овие први борби Османлиите дале 45 мртви (според Мемоарот над 60 души), а востаниците само еден убиен и еден ранет".[55]

По овој пораз турските сили сосема се повлекле и немале храброст да го вознемируваат Смилево се до доаѓањето на свежи сили од внатрешноста на Империјата и нивното прегрупирање. Така Смилево од 4 до 27 август 1903 година живеело слободно. Во селото дошле и некои селани од блиските опожарени села. Времето се користело рационално. Се вршеле проценки на ситуацијата и подготовки за одбрана на селото. Во месноста Голем Гар организиран е збег за невооруженото население, а самото село, под непосредно раководство на поручникот Димитар Стојков, кој според Дамјан Груев бил специ-

---

54) Истото, 25.

55) Манол Пандевски, Илинденското востание...,251.

јалист за инженериски работи[56], утврдено е со систем на одбранбени ровови, заклони и засолништа. Во утврдувањето на селото зеле учество и членовите на штабот Д.Груев и Б.Сарафов.

Заради неспособноста ефикасно да излезе на крај со востаниците, битолскиот командант, генерал Омер Ружди-паша бил сменет од султанот и на негово место бил поставен енергичниот Назир-паша кој за неколку дена подготвил план за брзо задушување на востанието. Според тој план востанатата територија била поделена на неколку сектори, при што се ценеле воено-географските, топографските и тактичките услови, за секој сектор биле одредени големи сили кои настапувајќи од различни правци требало да ги окружат, разбијат или уништат востаничките сили, составувајќи се на крајот во определен реон. Притоа се настојувало да се формира што поголема основа на кругот кој по формирањето на кордонот систематски се стеснувал "прочешлувајќи" ја детално територијата, настојувајќи секое катче да биде проверено и пребарано. Турците сметале дека овој план ќе им обезбеди за пет-шест дена да го задушат востанието. Практиката покажала дека планот бил сосем нереален. Неговите воени резултати биле безначајни. Само со систематско и масовно палење на селата и терор над невооруженото население Турците успеале донекаде да го компензираат војничкиот неуспех. Во конципирањето на овој план Турците имале инспирација од кобната судбина на Крушево и според оценките на битолските конзули поткрепа и "стручна помош" од германскиот офицер Фон Габен[57] кој

---

56) Д.Груев, Спомени ...,25.

57) Д.Зографски, Извештаи од 1903 ...,81.

важел како специјалист за противгерилско војување со големо искуство стекнато во борбата против Англичаните во Англо-Бурска војска (1899-1902) во Јужна Африка.

Планот против востаничките сили започнал да се спроведува на 25 август, во реонот Ѓавато-Смилево кога тргнале четири баталјони од Битола и по два од Ресен, Охрид и Прибилци, вкупно 10 баталјони и други пратечки единици со силина од 12.000 војници[58]. Веќе истиот ден, со артилериска поддршка, Турците од битолската колона успеале да ги отфрлат четите на Ѓорѓи Сугарев, Ѓаконот Евстатиј, Пере жепчевски од Смилево и неколку селски чети од позициите кај Ѓавато во правецот на Смилево. Во своето дејство турската артилерија разурнала дел од селото Цапари, а селото Ѓавато во целост го разурнала. Населението, заедно со востаниците, избегало кај с.Гопеши и Смилево, со што тој ден борбите завршиле. Следниот ден (26 август) концентрацијата на силите продолжила. Затворен е обрачот и почнало неговото стеснување околу Смилево, што се одвивало во текот на целиот ден. Види прилог број 2.

Во Смилево вкупно имало околу 600 востаници, командувани од Главниот штаб на чело со Дамјан Груев, кому му помагал и Ѓорѓи Сугарев по повлекувањето од Ѓавато. Борис Сарафов, бил на обиколка по реоните. При нападот врз Смилево, Сарафов со четата бил во селото Слоештица.[59]

Известен навреме од своите разузнавачки органи Дамјан Груев поставил одлично организиран набљудувачки систем и ги за-

---

58) Спомените на Сарафов, 96.

59) М.Пандевски, Илинденското востание ...,377.

поседнал однапред подготовените позиции на доминантните возвишенија на сите правци кои воделе кон Смилево, а на населението му наредил да се прибере во веќе подготвениот збег во Голем Гар. Вакviот распоред на силите зборува дека Груев веќе имал одлучено да пружи силен отпор во одбраната на Смилево.

На 28 август, уште во утринските часови, Турците ја почнале артилериската подготовка на нападот со артилериско бомбардирање на позициите на востаниците. Заради праивлно одбраните позиции и непрецизноста при гаѓањето ефектите од артилерискиот оган биле незначителни. Со бомбардирањето делумно биле зафатено и самото село. Отпорот на востаниците бил жилав и во текот на целото претпладне турските ефективи со сили од 20:1 во луѓе, значително подобро стрелачко оружје и доста силна артилерија не успеале да се пробијат. Дури попладневните часови почнале постепено да паѓаат востаничките позиции на Ѓорѓи Сугаров, Ѓаконот Евстатиј, Павле Крстев, Даме Москов и други војводи. Војводата Сугарев ги бранел позициите на северната страна од Смилево, на правецот Болно-Смилево, во реонот на манастирот Св.петар. Со него на позициите, со својата чета бил Ѓаконот Евстатиј и неколку селски чети. Аскерот напаѓал во бранови, но нападите биле долго и успешно одбивани. Кога ситуацијата станала тешка, Сугарев одлучил да се пробие низ обрчаот. На правецот на пробојот морал да мине низ едно незаштитено плато. Тука живòтите ги изгубиле животите 15 востаници. Со другите востаници Сугарев се пробил од обрачот.

Во самото село се бранеле четирите селски чети под непосредна команда на Дамјан Груев. Се водела нерамноправна и хе-

војска борба. Приквечерта под се посилниот притисок на турската војска и со цел да се сочуваат востнаиците а селото било напуштено, а востаниците и штабот се извлекле во правец на планината Бигла. Наскоро аскерот го запалил селото при што биле изгорени сите куќи, со исклучок на куќата на Павле Крстевски, таканаречена Павлова кула, која била недовршена, од камења, без покрив, а била предвидена како одбранбен објект на месниот комитет.

Во тоа време во месноста Бели Брегови во судир биле седумдесетина востаници дојдени од полските села под команда на Мише Димов-Косето од Битола. Иако само војводата и уште тројца востаници биле вооружени со пушки, а сите други со коси прицврстени на долги стапови и слични други импровизирани студени оружја, вооружени со исклучителниот востанички морал, скоро сите загинале при заземањето на нова позиција. Смртта случајно ја избегнале смао војводата Мише Косето, Никола Мешков, од с.Могила и неговиот син, кои исто така бил со нив.

Со паѓањето на позициите кај манастирот Св.Петар одбраната на Смилево била многу сеирозно загрозена. Од метимерско пак аскерот успеал да се наосчи кон врвот Влашки Горановец што го бранел војводата Павле Крстевски со својата чета. Вешто засолнети зад големите карпи, борците на Павле Крстевски стрелале ретко, но прецизно. Војводата успеал да им вдахне спокојност и разумна храброст. Така нападите на првите аскерски колони биле одбиени, надолу. Но, нови свежи единици постојано надоаѓале. Паднале и првите жртви - двајца најмлади востаници. Кога и муницијата веќе

била пр крај, војводата Павле донел сосем правлна одлука и отстапил од позициите.

Последната востаничка позиција во месноста Арамиски камен ја заштитувал војводата Даме Мицков од Смилево. Тој во целост го заштитувал приодот кон збегот во Голем Гар. И покрај херојскиот отпор, пред налетот на илјадниот аскер востаниците морале да отстапат. После тоа една аскерска единица влегла во збегот Голем Гар и направила тежок колеж. Биле убиени 73 лица, а поголем број жени и деца масакрирани, силувани и измачувани. После аскерите навлегле во правец на Смилево.

Во исто време борбите кај Смилево продолжиле. Во него жилав отпор давале селските чети под војводството на смилевчаните Дамјан Науновски, Димче Кромидаровски и Пере Жепчевски, а под општа команда на Дамјан Груев, кој раководел со целокупната одбрана.

Војводата Пере Жепчески ги бранел приодите од кај Обедник. Таму се водела вистинска борба на живот и смрт. Под силниот притисок на илјадниот аскер востаниците отстпаиле во селото и се забарикадирале во каменитe куќи. Аскерот ги следел во стапка и така дошло до жестока борба по тесните улици на селото.

Во таа ситуација Дамјан Груев сакал борбата да продолжи до последниот востаник, но војводата Павле Крстевски му сугерирал да ги сочува востаниците затоа што тие ќе бидат потребни за продолжување на борбата. Оваа сугестија Груев ја прифатил и наредил извлекување кон Горна Маала-Коќиновци. Оттаму сите востаници

со војводата и Главниот штаб се префрлиле во соседната гора каде било констатирано дека во борбата загинале 35 востаници.

По кратка анализа на ситуацијата била донесена одлука да се изврши пробив и извлекување од борачот, кај месноста Јаворец во правец на Боишко. При извршувањето на пробивот кај месноста "Гробот" паднале жртви, меѓу кои и знаменосецот од четата на Сугарев, Иван Бадев, ученик од битолската гимназија (доброволец-малолетник). Во овие борби особено се истканал војводата Ѓорѓи Сугарев.

Аскерската блокада била повлечена на 30 август 1903 година, а некои останале до 3-ти септември. Во текот на ноќта востаниците се провлекле низ турскиот кордон во базата Нина Орница, над с.Боиште-Демирхисарско.

Бидејќи во следните три дена немало борби, Турците заклучиле дека востаниците се разбиени во реонот, па се повлекле од селото. Главнината на турските сили била дислоцирана во Демирхисарско, а во с.Гопеши оставиле околу 200 аскери.

Турците продолжиел со нови потери и со несмалено темпо да ги гонат востаниците, но сега ситуацијата била сосем поинаква. За тогашната тактичка ситуација Козма Георгиев[60] запишал: "По отстапувањето од Смилево се заредија нови премрежја: аскерот

---

60) Најстар син на Ѓорѓи Павлов Чурановски, професор по математика, како ученик присуствувал на средбата на Гоце Делчев со смилевските раководители во Старо Смилево, каде пристигнал од Битола по средбата со Дамета во катилането

вршеше по нашите петици и не гонеше. Ние ги пресечувавме неговите редови, тие се провираа низ нашите редици, додека, по една седмица, кога Смилево се очисти од оние што немаше што да прават во него се вративме пак над Смилево. Населението се беше предало на аскерот и беше пуштено на слобода".[61] Од многуте извори и искажувања на илустративен начин може да се види дека настанала токму онаква ситуација каква што и Главниот штаб се борел да се создаде: Турците да бидат присилени да ангажираат големи сили и на голем простор за борба со мали востанички сили кои постојано се во движење, избегнувајќи директни фронтални судири и прифаќајќи борба само кога се во позициона или бројна предност, односно само ако борбата им е наметната. Применувајќи ја оваа тактика Штабот ги сочувал востаниците што имало силни позитивни ефекти и врз моралот на населението.

До прв поголем судир со аскерот дошло на 26 септември на планината Бигла, од кој востаниците повторно без значителни жртви успеале да се извлечат од Боишко, а непосредно после тоа по треб пат Штабот со четите се вратил во Смилево. И во тоа време одредот на селските чети со Штабот броел околу 200 востаници, како и пред Востанието.

Крушевскиот бој

Крушевскиот востанички реон, што административно се поклопил со границите на Крушевската нахија, го опфаќал градот

---

61) М.Пандевски, Илинденското востание...,379.

со околу 5.000 Македонци, 4.000 Власи, 400 православни Албанци (од тие Албанци по татко произлегув аи херојот Питу Гули) како и 7 околни села, (Трстени,,Арилево, Острилци, Горно и Долно Дивјаци, Пуста Река и Зашле).[62] Основа на стопанството била вонредно силно развиеното сточарство во околните села, на кое се надоградувале трговијата и развиеното занаетчиство. Градот имал развиена училишна мрежа и напредна интелегенција.

Одлуката за напад на турскиот воен гарнизон во Крушево била донесена уште на Смилевскиот конгрес. Конгресот за реонски штаб на Крушевскиот револуционерен реон ги избрал: Никола Карев, командант, потпоручникот Тодор Христов, офицерчето, родум од Велес, Тома Никлев од Крушево и Антиноген Хаџов, учител во Крушево, родум од Струга.

Веднаш по враќањето на Никола Карев од Смилевскиот конгрес во Крушево преземени се широки организациони и материјални подготовки. Во тие рамки извршено е доворужување со пушки кои се набавувале по разни канали од Грција, Албанија, Тетово, Кичево и други места. Според инструкциите на потпоручникот Тодор Христов во с.Селце се изработени пет црешови топчиња, од кои две биле употребени при одбраната на градот. Заради зголемување на бојната подготовка на единиците, со сите идни востаници сукцесивно организирана е десетдневна обука во ракување со оружје и увежбување на тактички постпаки. Од заднинските подготовки може да

---

62) Кичов, спомнатиот труд, 240.

се исткане дека биле изградени посебни востанички фурни во месноста осој и во с.Пута Река, каде се складирале прехрамбени продукти и други материјални средства наменети за востаниците (облека, обувки, муниција и сл.).

Штабот, врз основа на решенијата и усвоената концепција за водење на вооруженатa борба на Смилевскиот конгрес, одлучил востаничките дејства да почнат со напад и разбивање на турскиот воен гарнизон во Кршево. Одлуката е донесена врз база на детална проценка на ситуацијата, имајќи ги во предвид следните околности:

- турксиот воен гарнзон бил релативно мал, околу 60 војници, неколку жандарми и вооружени цивили-вкупно помалку од 100 лица под оружје, што во однос на востаничктие сили биле слаби, па се пруажле реални можности за успех на почетната акција. Гарнизонот бил значително оддалечен од околните ганризони (Битола, Прилеп, Кичево);

- односнот на силите бил во полза на востаниците, што обзебедувало значителна бројна надмоќност на востаниците;

- земјиштето околу Крушево е високо планинско, тешко пристпано и пошумено, и со другите градови било поврзано само со еден пат кон Прилеп. Овие погодности пружале можности за прикриено спроведување на подготовките и незабележана концентрација на силите;

- населението главно било, приврзано за револуционерното дело во градот, а сообено во околните села,

- интервенција на труските сили во најдобри услови можела да се очекува за 8-10 часа, што пружало доволно време за

извршување на поставените задачи. Имајќи во вид дека било планирано востанието да започне едновремено на целиот простор на Битолскиот револуционерен округ, можностите за интервенција значително се намалувале.

Раководејќи се од овие моменти Штабот ја донел спомнатата одлука, која била реална и обезбедувала услови за постигнување на полн успех во извршувањето на почетните акции. Основната замисла на оваа одлука била со брзо, прикриено, ненадејно и решително дејство да се разбие турскиот гарнизон во Крушево и ослободи градот пред да уследи интервенција на поголеми сили од соседните турски гарнизони, а потоа да се воспостави востаничка власт и да се организира одбрана на ослободената територија.

Врз основа на вака поставената замисла Штабот извршил групирање на силите на следниот начин: главните сили се ангажирани за блокирање и надворешно обезбедување на дејствата од евентуални интервенции на непријателот од сите правци, а помошните сили се ангажирани за непосредно разбивање на непријателските сили во градот. При тоа во главните сили се ангажирани шест востанички одреди, а во помошните два востанички одреди. На вакво групирање на силите Штабот веројатно се определил со цел да се обезбедат сигурни услови за непречено дејство на силите во градот, кои, иако помалубројни, во суштина, според важноста на задачата биле главни. Се појавиле и одредени тешкотии кои сигурно би биле избегнати ако овие сили од почетокот на дејството биле појаки.

Деталното групирање на силите било извршено според следниот план:

- одредот на Андреј Димов Докурчев, со подвојводата Коста Попето, да го заземе у́куматот, телеграфско-поштенската станица, домот на државниот благајник и жандармеријата;

- одредот на Иван Алабакот (од Велес), со подвојводата Георги Ивановски, да ја заземе касарнат во која бил сместен аскерот;

- одредот на Питу Гули, кој го добил и знамето и кој бил составен од припадниците на македонската селска милиција, да го заштити Крушево од јужната страна, од правецот на Острилци и Демир Хисар;

- одредот на Марко Христов-Мирче да го заштити градот од североисточната страна, кај месноста Липа;

- одредот на Ташко Карев да го заштити преминот кај Којов Трн;

- одредот на Христо Тасев да ја поседне позицијата на преминот Павлева Чука;

- одредот на Коста Христов да ги поседне позициите на преминот Муратова Чешма, и

- одредот на војводата Ѓурчин да ги поседне позициите кај месноста Ѓеникамен, ме́ѓу Слива и Бушова чешма, на северозападната страна од правецот на Пуста Река.[63] (Види прилог бр.3).

Развојот на силите и поседнувањето на позициите биле изведени благовремено, точно според планот и незабележано од тур-

---

63) Георги Томалевкси, Крушовската република, София, 1968, 243.

ските власти. (Види прилог бр.4). Нападот на градот почнал точно на полноќ со едновремено дејство на двата одреда, а првиот истрел го истрелал востаникот Вангел Топузов.[64] Одредот на Андреј Димов целосно ги исполнил добиените задачи, без некои особени проблеми. Отпорот на жандармеријата во уќуматот бил совладан и зградата заземена, додека службениците од беледиста се предале без отпор, а целата архива била запалена. И персоналот на поштата не пружал отпор, како и двајцата офцери кои живееле во куќата на Коста Стојанов. Жилав отпор пружиле таксилдерите (даночниците) кои не сакале да се предадат, па загиналесите до еден. Сите овие задачи биле извршени до утрото на 3 август.

Одредот на Иван Алабакот наишол на силен и организиран отпор од аскерот во касарната, предводен од Сулејман Ефенди.[65] Бидејќи сам не можел да ги совлада војниците, Штабот ја ангажирал својата резерва која била формирана од дел на одредот на Питу Гули. Со ангажирањето на резервата и употребата на запаливи средства, после 13-14 часовна борба, отпорот на аскерот бил скршен. Биле заробени 9 војници, а 17 на чело со старешината успеале, да се извлечат од обрачот и да побегнат во турското село Алданци, во правецот на Прилеп. Во овие борби паднле 8 востаници, а 16 востаници и граѓани биле ранети.

Од ненадејното и ефикасно дејство на револуционерните сили Турците биле целосно изненадени, нот ие брзо реагирале во

---

64) Т.Маневиќ: Прва устаничка пушка у Крушеву, "Политика", 23286, Београд, 4.08.1978, 13.

65) А.Динев, ц.д. 320.

новонастанатата ситуација. Веќе истиот ден, т.е. на 3 август, Турците го ангажирале делови од 3-от и 3-от полк илаве од Прилеп, како и турскито башибозук од крушевскиот регион, вкупно околу 300 војници и башибозуци, и ги упатиле на Крушево. Кај Спилите и Калето овие турски сили биле дочекани од одредот на Марко Христов-Мирче и отфрлени.[66)]

Помали групи аскер и башибозуци од околните турски села пробале да се пробијат во градот во текот на 4 и 5 август. Истите биле ефикасно спречени и до 11 август траело борбено затишје. Во ова време формирана е народна востаничка власт, прогласена е Крушевката репбулика, избран е совет на чело со Никола Карев организиран е животот и извршени се темелни проценки на ситуацијата и пдоготовки за одбрана на градот.[67)]

По ослободувањето на Крушево револуционерната власт веднаш се зафатила со подготовки за одбрана на слободниот живот. "За снабдување на востаничката војска со муниција, облека, опинци и други потреби, како и за поправање на расипаното и дефектно оружје неколку куќи и дуќани биле претворени во работилници: леарници на куршуми од различни калибри, "арсенал" за полнење на патрони и поправки на пушки, работилници за опинци, реденици и др. Населението во леарницата доброволно носело домашни садови од кои се лееле куршуми. Во нив работел авеќе спо,натата младинска (интелектуална) група, крушевски железари, пушкари, сарачи и др.

---

66) Истото, 322.

67) М.Падневкси, Македонското ослободително дело...,Том 4,304.

Во Селце засилено се изработувале дрвени црешнови топчиња...

Штабот на востаниците изработил план за одбрана на градот потпирајќи се на распоредот на единиците и позициите поседнати уште при ослободувањето на Крушево. Според планот на поручникот Т.Христов, презел широка акција за изградба на цел систем од ровови заради што поуспешната одбрана на слободната територија. Во неговата изградба учествувале како борците така и граѓаните, особено младинците. Пред претстојната турска офанзива, борците биле снабдени со достатно муниција.

Во меѓувреме продолжила концентрацијата на аскерот од скопскиот и солунскиот вилает во Битола. Врз основа на концепцијата и планот што го изработил новопоставеното Назир-паша за борба и разбивање на востаничките сили извршена е концетрација од 5-12 август во поширокиот реон на Битола-Прилеп-Кичево на околу 40 пешадиски батлајони, неколку коњички единици, 3-5 артилериски батерии со 18-30 топови, или околу 18.000 војнции, вклучувајќи го и турскиот башибозук.[68]

Овие сили биле групирани во три колони: (Види прилог бр.5).

- главната колона од околу 10.000 војници пешаци придржувани од коњица и артилерија, дојдени од Косово каде се биле со востанатите Албанци, под неспоредна команда на жестокиот

---

68) П.Пепељуговски, Спомнатиот труд, 98. Според М.Пандевски, Македонското ослободително дело ... турските сили достигнале 18.000 војници, а востаниците 1.200.

Бахтијар-паша, настапувале кон Крушево од исток, од правецот на Прилеп и Кривогаштани.

- втората колона од околу 3.000 пешадинци поддржани со артилерија настапувала од јужната страна, демирхисарско, на правецот: Битола-Демир Хисар-Прибилци-Крушево;

- третата колона со силина од околу 5.000 војници со коњица и ридска артилерија настапувала од северозапад на правецот: Кичево-Пуста Река-Крушево.[69)]

За толку брзо и енергично преземената акција за задушување на Востанието во Крушево, Турците имале три основни причини:

1. Во Крушево била воспоставена народна востаничка власт за прокламирана Република со што нејзиното подолго задржување и рзвивање би имало несогледливи политички последици за Империјата пред европската јавност.

2. Во него биле концентрирани значителни востанички сили околу 1.200 востаници.

3. Крушево претставувало значителна економска база за снабдување на востаниците со основни борбени потреби (храна, облека, муниција и др.)

Замислата за Бахтијар-паша била со спомнатите сили да се окружи Крушево, а потоа со главните сили да се изврши пробој на одбраната од источната страна, помошните сили да ги бло-

---

69) I. Katarđiev, Ilindenski ustanak, Vojna enciklopedija, 3, Beograd, 1960, 670.

кираат јужниот и западниот правец и да не дозволат извлекување на востнаиците, со што би се обезбедило потполно окружување, разбивање и уништување на востаничките сили и поседнување на градот.

Откако претходно понудил востаниците да се предадат без борба, на што добил категоричен негативен одговор, Бахтијар-паша, не чекајќи ја Кичевската колона, енеригчно го почнал нападот на одбраната на Крушево. Се развиле повеќечасовни жестоки борби. Пред далеку поднадмоќниот непријател востаничката одбрана постепено попуштала.

Откако штабот бил известен и за пристигнувањето на кичевската колона, бил свикан војводскиот совет, кој ја разгледал новонастанатата ситуација и долучил да се отстапи и изврши извлекување од борбата во реонот Пуста Река-Зашле, а на привремената влада и препорачал градот да му го предаде на непријателот со цел да се сочува од уништување. При тоа било планирано при повлекувањето непријателската главнина да се наведе во теснините на долината на реката Жаба, западно од Крушево, каде што со помошта на демирхисарските и кичевските одреди би и нанел тежок удар. Но, до реализација на оваа одлука не дошло заради тоа што во моментот кога оваа одлука е донесена турските сили веќе го затвориле обрачот, а реонот на р.Жаба веќе бил во рацете на турските сили. Од оваа одлука со сигурност може да се заклучи дека Штабот не располагал со доволни податоци за ситуацијата на правецот на настапувањето на кичевската колона, што е негов тежок пропуст.

Во ваква ситуација одбраната брзо попуштала. Востаниците биле присилени во групи или поединечно да се пробиваат низ

непријателскиот обрач. Единствено одбраната не била нарушена на јужниот сектор, во реонот на Црн Врв, под командата на војводата Питу Гули, како и на северозападниот сектор, во реонот на превојот Слива, пдо командата на Ѓорѓи Стојанов и Диме Смугров.

Реоните на Црн Врв и Мечкин Камен со својата доминантна позиција биле значајни за одбраната на градот со што овозможувале и извлекување на востаничките сили надвор од обрачот. Затоа било битно Црн Врв и Мечкин Камен да останат што подолго во рацете на востаниците. Затоа одлуката на војводата Питу Гули, без разлика дали била донесена самоволно или во согласност со Штабот, во суштина била правилна и тактички оправдана. Кога веќе немало друг излез со задржувањето на турските сили, што настапувале од правецот на Битола и Демир Хисар, создадени се минимални, но неоподни и спасоносни временски услови за извлекување на главнината на востаниците надвор од непријателскиот обрач. Во оваа одлука применет е принципот на жртвување на помал дел на силите за извлекување на главнината, што и во НОВ повеќе пати бил применуван.

Борбата кај Црн Врв, во која се жртвувани 34 храбри востаници на чело со својот старешина, прославениот јунак од Илинденското востание, војводата Питу Гули, претставува во воен и морален поглед врвен дострел на хероизам, саможртвување и хуманост.

Во проценката на ситуацијата Штабот недоволно внимание и значење му придал на северозападниот сектор, односно на Кичевско-пусторечкиот правец, а Турците на тој правец упатиле одред од

околу 5.000 војници, со што скоро било оневозможено извлекување. Со цел да ја исправи увидената грешка Штабот, бидејќи немал резерва, извлекол дел од одредот на Тородр Христов и го упатил за да се засили одбраната на востаниците во реонот Слива. Четириесетината востаници се ставени под команда на храбрите илинденци Ѓорѓи Стојанов и Диме Смугрев, кои одлучиле решително да го бранат превојот Слива, жртвувајќи ги и своите животи. Со својата упорна одбрана востаниците на Слива ангажирале зачителни турски сили и на тој начин го овозможиле извлекувањето на главнината на дугите правци. Во овие борби паднале деветмина крушевчани и 23 востаници од селата, меѓу кои и една девојка во брсјачка народна носија.[70]

Во текот на 13 август турските сили конечно успеале да го скршат и последниот востанички отпор и да ги заземат последните востанички позиции, Црн Врв и Слива, да го заземат и Крушево, со што, практично, било згаснато исклучително важното жариште на востанието и Крушевската република како израз на хуманите цели на востанието.

Од вкупните дејства во Крушевскиот револуционерен реон може да се заклучи:

1. Одлуката за разбивање на крушевскиот гарнизон и ослободување на градот била правилна и добро обмислена.

2. За спроведување на оваа одлука донесен е добро обмислен план со некои слабости кои се во текот на реализацијата

---

70) М.Пандовси, Македонското ослободително дело..., том 4, 448.

отклонети со извршеното прегрупирање (слаби сили за напад на касарната и немање издвоена резерва).

3. Во целосна тајнсот се извршени сеопфатни и детални материјални и организациски подготовки што битно придонело за успехот на акцијата.

4. Самото ослободување на Крушево е изведено според планот, со незначителни отстапувања.

5. Времето од ослободувањето на градот до турскиот напад рационално е искористено за материјални и организациски подготовки.

6. Одлуката за одбрана на градот не е донесена во согласност со стратегискиот концепт на ЦК на ТМОРО за начинот на водењето на востанието, бидејќи наместо подвижна и маневарска одбрана е организирана решавачка и упорна одбрана, со што се поднесени значителни загуби кои можеле да се избегнат, а веројатно и одмаздата на Турците врз населението немало да биде толку сурова.

Од воена гледна точка занимливо е дека при нападот на Крушево се појавиле и бомбофрлачи, што потсетува на бомбашите од народната револуција на југословенските народи 81941-1945). Коста Попето лазеше до вратата на жандармериската страница и фрли голема четвртеста бомба. Се чу силна експлозија.[71] Останатите востаници фрлаа шишиња со петролеј, низ скрешените прозорци, а потоа фрлаа други помали шишиња со петроелј и со завиткани запалени крпи. На тој начин ја запалија зградата.[72]

---

71) Ангел Динев, Илинденската епопеа, ...,319

72) Истото, 319.

При задушувањето на отпорот на Крушевската република османлиските војсководци ја применале истата своја карактеристична тактичка концепција за уништување на македонските револуционерни единици - иако таа не ги покажала оние резултати и ефекти што ги очекувале царигардските кругови и самиот падишах, што се огледувала во тоа што кога сакале да нападнат дадена цел, османлиските команданти почнувале со нејзино окружување оддалеку, стеснувајќи го постојано опасниот обрач со напредување кон центарот на својата цел.

Како заклучок на сето спомнато може да се рече дека со подоследно применување на одлуките на ЦК на ТМОРО и Софиското советување би се постигнале значително поголеми резултати, бидејќи ако востанието во сите револуционерни оркузи истовремено пламнело со еднаква силина, Турците не би можеле да концентрираат толкави сили во релативно мал простор. Од друга страна, со подоследна примена на горско-партизанскиот начин на војување би се избегнале значителни жртви, би се зачувала силината на востанието, а со тоа и можноста за нанесување на нови, посилни удари врз турските поробувачи.

Клисурскиот бој

Клисура во времето на Илинденското востание било гратче со 3.400 жители. Неговата географска положба од воено-оперативно гледиште е многу значајна бидејќи се наоѓа на истоимениот планински преслап со надморска височина од 1.170 метри, на патниот правец кој од Костур минува на исток преку Мавровo, на север меѓу

Нередската планина и пл.Морики, односно Снежник на југ, така што од самото гратче на исток главниот пат Костур-Клисура се разгранува на три помали комуникации од кои североисточната е најважна, бидејќи претставува природно продолжение на главниот пат, и кај Врбени (Екши-Су-Кисела Вода) се соединува со комуникацијата Кајлјари-Баница, а со тоа и со магистралниот правец Битола-Солун. Југоисточната комуникација води во Кајлјари, а источната минува покрај Рудничкото Езеро и пак излегува на патот Кајлјари-Баница. Накратко, преку Клисура минува најповолната комуникација која Костурско го соединува со централниот дел на Егејска Македонија.

Покрај геостратегиската позиција Клисура, како објект, била атрактивна за воени дејства уште и заради својот економски потенцијал. Градот имал мошне развиено занаетчиство и трговија, а заради големата надморска височина и планинскиот релјеф значително било отежнато брзото и ефикасно дејство на поголеми воени формации. Посебна погодност претставувал фактот што гратчето било населено со Власи, заради што востаниците оцениле дека во случај на неуспех нема да дојде до одмазда врз населението. Оваа оценка се покажала како сосема точна. Од друга страна, се сметало дека успешната акција значително ќе придонесе за ширење на востаничките идеи и за одибвање на поддршка од немакедонското население во овој дел од Македонија.

Врз основа на ваквата проценка, Костурското востаничко раководство донело одлука за напад и ослободување на Клисура од страна на четите што дејствувале во овој реон. (Види прилог бр.6).

Првиот напад, на 4 август, го извел војводата Никола Андреев, самоиницијативно, со околу 150 востаници. Во тој момент во гарнизонот Клисура Турците имале стационирано околу 300 војници. Благовремено предупредени за нападот, Турците вешто поставиле заседа и лесно го разбиле нападот на војводата Андреев. Оставајќи шест соборци зад себе, востаниците со крајни напори се извлекле од заседата. Самоиницијативата на Андреев се покажала како избрзување и скапо била платена.

Овој напад аскерот го сфатил сосем сериозно како предупредување и во очекување на нов, значително посилен, извршил соодветни подготовки, при што посебно ги уредил позициите околу патишата што од север и југ воделе во Клисура. Истовремено било побарано и засилување од соседните гарнизони, Костур и Кајлјари.

Поучено од претрпениот пораз, за вториот напад востаничкото раководство извршило детална анализа на ситуацијата и донело одлука што поскоро Клисура повторно да биде нападната со сите расположливи сили, како на непријателотне би му се дала можност да ја организира својата одбрана пред да дојдат засилувања од соседните гарнизони. За оваа задача била извршена концентрација и прегрупирање на сите расположливи сили од костурскиот реон. Биле ангажирани вкупно околу 600 востаници. Востаничкото раководство изработило детален план за напад. За извршување на акцијата силите биле распоредени во следниот борбен распоред (Види прилог бр.6) сили за напад и сили за заштита. Силите за напад биле групирани во две нападни колони. Северната колона, составена од востаниците на Васил Чакаларов, Панде Кљашев, Манол Ризов и

населението (селската милиција) од селата Загоричани и Бобишта, требало да нападне на правецот с.Загоричани - с.Нобишта-Клисура, а дел од силите да се издвои за обезбедување од правецот с.Лехово - Клисура. Јужната колона, предводена од војводата Иван Попов и составена од неговата чета и уште осум други чети, добиле задача после заземањето на позициите кон Клисура да напаѓа од правецот на с.Куманичево кон Клисура.

Натамошните дејства сведочат за тоа дека борбениот распоред на востаничките сили, кои фактички биле поставени наспроти распоредот на турскиот аскер, не бил најцелисходен во дадената ситуација. Во текот на поседнувањето на борбениот распоред востаничките разузнавачки откриле и благовремено го известиле востаничкото раководство дека од Костур во правец на Клисура се движи аскерска колона со неутврдена сила. Врз основа на овој податок веднаш е донесена одлука за интервенција. Селската чета од с.Вишени, на чело со Јото Рашејков и четата на војводата Наум Трпковски, поставиле заседа во близина на патот кај селото Вишени за да го спречат пробивањето на аскерската единица до Клисура. Во исто време четата од с.Чистевово доила задача да го спречи евентуалното повлекување на аскерот од Клисура. Со тоа почетниот борбен распоред на силите на востанието благовремено бил формиран.

Борбата за Клисура не започнала со нападот врз градот, туку со жестоката борба што востаниците ја започнале кај селото Вишени. Аскерот упаднал во успешно поставената заседа. Со жесток оган и припомогнати од четата на војводата Иван Попов, селаните и востаниците успеале да го присилат аскерот на панично бегство. Со

тоа се создале уште поповолни услови за извршување на главната задача - ослободувањето на Клисура.

Нападот почнал со дејството на северната колона врз аскерските позиции. Изненадени од силината нанападот и согледувајќи дека самите не ќе можат да го издржат притисокот на востаничките сили на северните позиции, бил префрлен значителен дел од силите што ги бранеле јужните приоди кон Клисура. Согледувајќи ја новосоздадената ситуација Чакаларов и Кљашев извршиле брз и незабележан маневар и со своите чети се префрлиле на југозападните позиции, каде четири часа аскерот успевал да ги одбива нападите на востаниците од север. По заземањето на новите позиции, во договорениот моемнт е извршен силен едновремен напад на аскерските позиции кој вродил со плод. Турскиот аскер бил отфрлен на запад кон планинските врвови што го надвишуваат гратчето. Со тоа борбите за Клисура биле завршени, а гратчето е ослободено на 5 август. Во оваа борба аксерот имал релативно мал број жртви, (26) додека кај востаниците не паднало ниту едно лице, што со оглед на обемот на дејствата е своевиден куриозитет.[73]

Интересно е што свеченото влегување во градот станало по сите војнички правила: востаниците и нивните началници, во строј и со песни, дефинирале пред членовите на Костурскиот горски штаб. Потоа тие се построиле во градот и ги ислушале револуционерните говори на своите началници. Свеченоста прераснала во митинг со масовното учество и на месното граѓанство.[74]

---

73) Македония и Одринско ...,141.

74) М.Пандевски, Илинденското востание...,267.

По ослободувањето, во Клисура се организирал слободен живот, кој траел до 28 август, односно цели 23 дена, кога востаниците без борба се повлекле од Клисура, а во градот повторно се вратил аскерот.

Од напред изнесеното може да се заклучи дека борбените дејствија за ослободување на Клисура се карактеризирале со следните белези:

- извршена е детална проценка на ситуацијата, од што произлегла правилната одлука за ослободување на градот;

- за реализација на одлуката сочинет е реален план кој со соодветни измени, сообразени со ситуацијата, во целост е реализиран;

- врз основа на планот извршена е брза концентрација на силите, мобилизирани се сите расположливи востанички сили во костурскиот реон и селската милиција од околните села на Клисура. Со тоа е обезбедена неопходната надмоќност над турскиот аскер како еден од елементарните услови за постигнување на поставената цел (800:300, односно 2.66:1) во полза на востаничките сили;

- во текот на подготовките е организирано успешно разузнавачко обезбедување на реонот и поширокиот простор. Со тоа раководството на востаничките сили можело благовремено да реагира во новонастанатата ситуација и на тој начин да се обезбеди од изненадување од страна на непријателот;

- во текот на подготовките и дејствата обезбедено е непрекинато функционирање на врските меѓу сите единици, со што е постигнато усогласено дејствување во текот на извршувањето на задачата;

- сериозен пропуст е направен од страна на војводата Никола Андреев кој самоиницијативно и преурането се обидел да го ослободи гратчето, што се покажало како нереално и при што биле откриени намерите на востаниците. Последиците од ова избрзано дејствување биле отстранети со понатамошното ефикасно дејствување на востаничкото раководство, но во значително потешки услови.

Сето ова пак говори дека дејствата за ослободување на Клисура биле подготвени, раководени и извршени во согласност со прокламираните принципи за водење на вооружената борба од страна на ЦК на ТМОРО и се одликувале со висок степен на организираност, морално-политичка подготовеност, еластично и ефикасно раководоење и командување, заради што уследил и успехот кој што останал како една светла епизода во слободарските напрегања на востаниците од ова подрачје.

Невескиот бој

Покрај Клисурската операција и операцијата за ослободување на Невеска со право се бројува во редот на најкрупните востанички успеси бидејќи е изведена наполно синхронизирано, со што е псотигнат висок степен на борбена ефикасност и со минимални загуби се постигнати големи воjнички ефекти. Оваа побдеа посебно има значење бидејќи е извојувана кон крајот на август, односно во фазата на востанието кога турската контраофанзива била во полн замав. Блескавите воjнички резултати, за жал, не биле овенчани со соодветни политички ефекти заради необично брзото групирање и

концентрирано дејствување на петнаесетилјаден турски аскер. Тоа, сушност, била последната поголема офанзива и победа на востаничката војска.

Во времето на востанието Невеска била гратче со 550 семејства и 5-6.000 жители, етнички чисто влашко население. Во административен поглед Невеска била нахиски центар на југозападниот дел на Леринската околија. Во неа бил сместен турски мудир. Во гратчето имало телефонско-телеграфска станица и редовен гарнизон од околу 70 војници. Со започнувањето на востанието бројот на војниците постепено се зголемувал, бидејќи сите протерани војници од околните села и помали гарнизони се прибирале во Невеска, така што до крајот на август тука се собрале околу 250 турски војници. Бидеќи сите не можеле да се сместат во касарната, поголемиот дел од нив бил сместен под шатори, надвор од градот.

Ослободувањето на Невеска, како и клисурската операција, е дело на здружените востанички сили на костурскиот и леринскиот револуционерен реон. Идејата и планот за овој бој биле разработени уште во текот на борбите кај селото Псодери, во близината на Невеска. Врз основа на изработениот план вонредно прецизно и ефикасно била изведена операцијата за ослободување на Невеска под командата на прославениот и искусен војвода Васил Чакаларов, кому му содејствувале и војводите Лазар Поп Трајков, Иван Попов, Никола Андреев, Никола Мокренски Алај-бег и др.

Врз основа на направениот план за извршување на операцијата биле групирани околу 600 востаници (според Иван Попов - 700 востаници) на четирите правци кои воделе кон Невеска (Види прилог бр.7):

- на север од правецот на с.Бел Камен;
- на исток и југоисток од с.Зеленич;
- на запад од с.Елово;
- на југоисток од правецот на с.Прекопана.

Војводата Чакаларов со четата раководел со дејствата од соседната височинка од каде имал добар преглед и услови успешно да интервенира за заштита на силите за напад на Невеска од евентуална интервенција на турската војска.

Концепцијата на силите и групирањето биле извршени на 24 август преку денот и во текот на ноќта. До 3 часот наутро востаниците ја извршиле концентрацијата, успевајќи дел од нив, односно четата на Иван Попов, незабележано да се доближи на само 600 метри од шаторите на аскерот.

Нападот почнал со силен оган кој бил отворен веднаш по разденувањеот, точно во 3 часот, на сигналот даден од леринскиот одред, кој напаѓал од северната страна на Невеска, односно од правецот на с.Бел Камен. Четири одделенија, со кои командувал војводата Иван Попов и кои биле најблиску до Турците, со прецизна и интензивна стрелба на аскерите од шаторите им оневозможувале да се доберат до оружјето, а други три одделенија им се приближиле на војниците. Уочувајќи дека од спротивната страна нема стрелба, оставајќи го оружјето и опремата, турските војници во панично бегство го напуштиле логорот, упатувајќи се во источна насока кон селото Зелениче. Тогаш востаниците влегле меѓу шаторите и таму го

запленили оставеното оружје и опрема. Веднаш потоа војводата Попов од северната, а Андреев од јужната страна, влегле во градот.

Организиран отпор давале уште турските војници од касарната. Откако согледале дека натамошната одбрана е бесцелна и тие се повлекле од касарната и избегнале. Востаниците влегле во касарната, во која запленили 37 модерни пушки мауер, 6.000 куршуми, богат провијант, војнички шинели и друго, а потоа ја запалиле.[75]

Од поважните објекти во градот последен бил нападнат мудирлукот. И оваа акција бла успешна. Иако мудирот успеал навреме да избега, во борбата за конакот биле убиени тројца, а заробени судм заптии меѓу кои и баш-чаушот Сулејман кој не учствувал во палењето на селото Прекопана. Со оваа акција борбата за Невеска наполно успешно била завршена, а на мудирската кула било истакнато востаничкото знаме.

Вечерта по завршувањето на борбите, костурските востаници се повлекле од градот, додека леринските, предводени од Ѓорѓи Поп Христов, останале уште два дена, помогнувајќи го воспоставувањето на Привременаа народна управа во градот.

На 27 август да големи одреди на турската војска, со вкупна јачина од околу 15.000 луѓе, во две колони се упатила кон Невеска. Главната колона, во јачина од околу 10.000 војници, наста-пувала со забрзан марш од југ, од правецот на Клисура и с.Загоричани, а помошната колона војачина од околу 5.000 војници, наста-пувала од север, од правецот на Лерин и с.Бел Камен.

---

75) М.Пандевски, Македонското ослободително дело..., том 4, 259-260.

Реално оценувајќи ја новонастанатата ситуација востаниците согледале дека пружањето на отпор е бесмислено и во согласност со стратегијата за водење на вооружената борба одлучиле без борба да се повлечат од Невеска. Извлекувањето било доста добро испланирано и како самиот напад, вешто изведено. И покрај необично брзата и силна интервенција на османлиската војска судирот со аскерот бил избегнат. Главнината на востаниците се повлекла на југ, кон Емборската Планина во Кајлјарско, упатувајќи се покрај Врапчишкото и Островското Езеро низ пределот Рудник, а помалиот дел од силите се упатил кон Корешта во Костурско. Повлекувањето се одвивало со забрзан марш, пред се со цел да се избегне судирот со големите единици, во што наполно се успеало, иако раздвижениот аскер, согласно со упатствата за задушување на востанието, ги запоседнал сите позначајни врвови и планински преслапи за да воспостави контрола врз целата територија. За таа цел организирал и спроведувал систематско сечење и палење на шумите за да се стесни проторот за маневар изасолнување на востаничките сили. Но ни тие мерки не ги дале очекуваните резултати. Главнината на востаниците, без поголеми загуби, се извлекла од обрачот.

б)Востаничките дејства во другите револуционерни окрузи

Од општо познати причини, условени од редица специфични околности, востаничките дејства во другите револуционерни окрузи на ТМОРО (Солунскиот, Скопскиот и Серскиот) не ги достигнале борбените дострели остварени на територијата на Битолскиот округ.

Тие значително се разликувале од дејствата во Битолскиот револуционеен округ. Во овие окрузи народните маси не биле непосредно ангажирани во борбите, овде не излегле масовни селски чети, не биле создадени планински логори (збегови) за неборечкото население, не биле ослободувани населени места итн. Во вооружените акции се ангажирале само постојните и однадвор дојдените востанички одреди, силно зајакнати и со нови востаници од селата и градовите. Востаничките сили во трите окрузи ги напаѓале железничките и телеграфските комуникации, помалите непријателски посади и единици, органите на цивилната власт и, откако на својот терен ангажирале многубројни турски единици, мобилизиран, на штрек го држеле и го исцрпувале непријателот. Тие силно ја разнишале и османлиската цивилна власт во трите окрузи. Но тука востаниците не пошле во напади на села и градовите. Оваа појава е карактеристична за револуциите и ослободителните движења на другите народи, а е условена од објективни и субјективни прчини. Всушност, ниту едно ослободително востание не може да се развива рамномерно во сите реони и подрачја што ги опфатило при своето избувнување и во текот на сопствениот растеж и ширење. Тоа е законитост на дијалектиката на вооружената борба.

Настаните во Битолскиот округ нашле соодветен поголем или помал одраз и во другите револуционерни окрузи на ТМОРО во Македонија, па и надвор од етничките граници на Македонија (на пр: во Одринскиот округ, Тракија), зашто и тој округ се наоѓал во склопот на ТМОРО и се борел за сопствена политичка автономија, за автономијата на Одринско во составот на Османлиската империја.

Во овие окрузи, како прочуени раководители, дејствувале легендарните војводи Јане Сандански, Никола Пушкаров, Крсто Асенов, Сава Михајлов и Христо Чернопеев, кои заедно со своите најблиски соработници и припаѓале на револуционерно-демократската струја.[76] Нивните сфаќања се разликувале од погледите на битолските револуционери, а освен тоа за општата состојба продонела и "нивната неподготвеност за масовно вооружено надигање по примерот на Битолскиот округ".[77]

Востаничките дејства во Скопскиот револуционерен округ

Скопските револуционери не останале на страна, туку и тие се определиле во востанието да земат активна улога, да дејствуваат, меѓу другото, и со диверзии по железниците, за да го ослабнат непријателскиот притисок врз востаниците во Западна Македонија. Четата на Никола Пушкаров извршила повеќе такви диверзии на железничката линија и тоа со успех. Најуспешна била диверзијата изведена на 19 август врз железничката пруга Скопје-Велес а устието на Пчиња во Вардар, при што една композиција била исфрлена од шините, а сообраќајот два дена бил прекинат. После оваа акција четата имала уште четири судири со турската војска, по што преку српско-турската граница се повлекла на територијата на Србија, во реонот на Врање. Подоцна, во текот на септември, Никола Пушкаров со својата чета зел непосредно учество во нападот на Крива Паланка, кој, за жал, бил неуспешен, но предизвикал тежок турско-бугарски граничен инцидент и дипломатски спор.

---

76) М.Пандевски, Илинденското востание...,318.

77) Истото, 318.

Востаничката активност највисок интензитет достигнала во Кочанскиот и Кратовскиот реон како погранични места, што посебно се огледало низ дејството на повеќе востанички одреди, кои со цел да се придружат на востаниците, од Бугарија навлегувале во Македонија. За жал, турските власти ја предвиделе оваа можност, сконцентрирале значителни сили кон бугарската граница и во директните судири им нанеле сериозни загуби на новодојдените востаници, меѓу кои спаѓаат 75 жртви на Осогово. Во Кратовско имало два судири во кои со турскиот аскер прво се судриле 152, а потоа 90 востаници, а во Кочанско дури 270 востаници се судриле со аскерот. Борби биле водени и во другите делови на Скопскиот округ. Четите на Славко Ковачев и Атанас Бабата со аскери се судриле на планината Плавица, во близина на Кратово.[78] Делови од големиот одред на Христо Чернопеев, по неговото распаѓање, воделе борби на планинските врвови Султан Тепе и Китка.[79]

Иако, во целина набљудувано, Скопскиот револуционерен округ најнеподготвен го дочекал почетокот на востанието и на неговата територија биле развиени респективни сили и се воделе голем број на судири во кои учество зеле и повеќемина доброволци: Бугари, Срби и неколкумина Руси.[80] Според христо Силјанов, во Скопскиот округ се извеле 15 борби и тоа во Прешевско (1), Малешевско 81), Штипско (1), Скопско (2), Кратовско (2) и Кочанско (4).[81]

---

78) Хр.Силянов, Освободителнитѣ борби ..., I...,353.

79) Истото, 354.

80) М.Пандевски, Илинденското востание...,Гласник на ИНИ 349-356.

81) Истото, 354.

Востанички дејства во Солунскиот револуционерен округ

Во Солунскиот округ на ТМОРО биле вклучени пет соседни околии: Воденската, Гевгелиската, Енидевардарската, Кукушката и Тиквешката. Главни организатори на македонското население и војводи биле легенарниот Сава Михајлов, прочуениот Аргир Манасиев, прославен како македонски "Робин Худ"[82] (така наречен од американскиот публицист Алберт Сониксен), Апостол Петков, во народната поезија наречен Енидевардарско Сонце, Крсто Асенов, Трајко Јотов, Петар Јуруков и други. По објавувањето на Илинденското востание, четите на спомнатите околии на Солунскиот револуционерен округ на ТМОРО учествувале во повеќе судири со турската војска и потерните одделнија, кон кои се приклучувале и башибозуците. Интензитетот на дејствата на четите бил различен, зависно од месните услови, а и до близината на Солун, како важно вилаетско, воено средиште и клучно пристаниште, пгоодно за префрлување на постојани зајакнувања од сите други области на империјата, по море и по копно (железничката линија Солун-Цариград).

Кукушките востаници, по трагичното и подмолно убиство на нивниот војвода Крсто Асенов, извршено пред Илинденското востание,[83] кога бил убиен на спиење,[84] им се приклучиле на

---

82) Алберт Сониксен, Изповедта на един македонски четник, София, 1968, 27.

83) А. Сониксен, Спомнатиот труд, 199.

84) Ангел Динев, Илинденската епопеја, I, София, 1945, 343.

ениџевардарските и гевгелиските востаници, натаму да дејствуваат заедно со нив. Солунските востаници имале судири со воените единици на султанот при железничката станица Аматово, на врвот Гандач на Пајак Планина, при гратчето Гуменџа, каде го нападнале месниот гарнизон, при врвот Гола Чука (на Пајак Планина), при селото Горно Родиво, во подножјето на Ниџе, во клисурата кај селото Јаворница и во месноста Дреновица.[85)]

Солунските востаници, освен директните борби против воените единици, извршиле и повеќе диверзии, од кои позначајна била уништувањето на железничкиот мост во близина на железничката станица во Гевгелија. Таа диверзија предизвикала паника среде жтурските власти, а придонела и за олеснување на положбата на востаиците во Западна Македонија, бидејќи префрлањето на трупите било отежнато. Слични диверзантски напади на железницата, како важа стратешка цел, биле извршени и во близина на селото Бојмица, а и на линијата што го поврзувала Солун со Дедеагач.[86)]

Интересно е дека и во овој револуционерен округ на Македонија во текот на борбите била организирана импровизирана востаничка болница во недостапните месности на Кожуф Планина, во која биле лекувани, ранети и болни од кукушките и гевгелиските чети.[87)] Инаку, во Солунско 935 востаници воделе 38 борби против 11.437 турски аскери, при што македонските чети изгубиле 109 борци, а турските единици 538 војници.[88)]

---

85) М.Пандевски, Илинденското востание, 320-329.

86) Истото, 327.

87) Истото, 328.

88) Истото, 329.

Востанички дејства во Серскиот револуционерен округ

Серскиот округ се наоѓал во доста незавидна и тешка ситуација наметната со врховистичката Џумајска провокација. Како последица на тоа уследила големата емиграција на населението и присуството на многубројна турска војска. Таквата ситуација го попречувало секое средување и стабилизирање на организационите редови.

Подготовките во Серскиот револуциоерен округ течело под раководството на легендарниот организатор и раководител Јане Сандански,[89] чиј автоитет се наоѓал на голема висина во сите околиии. Иако, во основа, биле против објавување на востание, серските рволуционери одржале предвостанички конгрес на ТМОРО на кој донеле одлука и самите да земат учество во востанието, запазувајќи ја на тој начин дисциплината на борците на ТМОРО и братската солидарност со востаниците во Битолскиот револуционерен округ, каде Илинденското востание прераснало во масовно, општонародно востание против многувековните поробувачи.

Серскиот револуционери стапиле во дејства на празникот Крстовден 14/27 септември 1903 година, па се до стивнувањето на востанието извршија повеќе диверзии по сообраќајниците и телеграфските линии, а воделе и борби при месноста Мал Пресек, потоа

89) М.Пандевски, Спомнатиот труд, 340.

на Пирин Планина (каде судирот траел 12 часови), на врвот Куклите (исто на Пирин), во селото Обидим каде бил нападнат месниот гарнизон, во месноста Арами Бунар кај селото Зрново, во Горно Фраштани, во градот Разлог, во месноста Семково, во месноста Света Богородица над селото Годлево, каде загинала целата чета заедно со војводата Радон Тодов и при месностите Курудере и Суходол. Со тие дејства го намалиле турскиот притисок и донекаде им ја олесниле положбата на битолските востаници.[90]

Во согласност со задграничните претставници на ТМОРО во Софија (Христо Матов и д-р Христо Татарчев), во почетокот на септември од Бугарија се уфрлени неколку врховистички бугарски чети предводени од генералот Иван Цолчев, кои под форма на соработка се приклучиле кон востаниците.

Но наместо да им содејствуваат на востаниците тие дејствувале своеволно и многу повеќе им наштетиле отколку што им помогнале.

Во Серската, Драмската, Неврокопската и Демирхисарската околија дејствата биле со слаб интензитет, индивидуални неорганизирани.

Во Мелничко имало неколку судири, но востаниците биле присилени да се повлечат во Разлошко, под командата на Јане Сандански.

Востанието најповеќе се разгорело во Разлошката околија. Востаниците од оваа околија прво го нападнале градот Разлог,

---

90) Истото, 349-356.

а потоа и селото Белица. Како нападите не биле крунисани со ослободување на овие места, тие биле манифестација на решеноста за бескомпромисна и доследна борба.

Кон средината на октомври борбите спласнале и востанието во Серскиот револуционерен округ завршило.

Заклучок на востаничките дејства во другите револуционерни округи

Иако по својот интензитет, масовноста и дострелите не го достигнале рамништето на борбите во Битолскиот револуционерен округ, востаничките дејства во другите револуционерни округи дале значаен придонес во востанието бидејќи во сите овие округи ги присилиле Турците да ангажираат значителни воени ефективи за заштита на градовите и селата како и за контрола на значајните стратегиски преслапи и сообраќајни јазли, со што во значителна мерка била олеснета ситуацијата на битолските востаници. Овие борби укажале дека без разлика на различните мислења и ставови за обликот на водењето на вооружената борба, во решавачкиот момент била манифестирана висока национална и револуционерна свест и на дело било докажано единството на македонскиот народ во борбата за својата интегрална слобода.

в) Одделни карактеристични борби во текот на востанието

Борбата на Сугарев кај селото Ґавато-Битолско

На 3 август 1903 година дојде до борба при битолското село Ґавато,[91] во непосредна близина на важната сообраќајница Битола-Преспа (Ресен) Охрид. Акцијата имаше дефанзивен карактер. Бројот на македонските револуционери изнесуваше 150. Аскерот броеше неколку илјаден и беше составен главно од контраофанзивните единици задолжени за истиснување на востаниците од стратешкиот премин кон Смилево и Смилевско, за да бидат затворени во обрач (Види прилог бр. 8).

Аскерите и башибозуците од соседните села беа командувани од османски офицери со разни чинови, додека на чело на трите здружени чети стоеше реонскиот горски началник Георги Сугарев, кому му помагаа војводите Стефанов и Тале. Востаниците ги загрозуваа сите војнички колони по споменатата сообраќајница, а претставуваа уште поголема опасност за османските колони што пренесуваа храна, муниција и слични материјали. Затоа османскиот штаб, на тој сектор одлучи да воспостави целосна контрола врз тоа подрачје.

Востаничката разузнавачка служба го запозна Сугарев со сите забележани движења на османските војски, така што начал-

---

91) Алексо Стефанов, Спомени ....,15-16.

никот на македонските борци беше во состојба да заклучи од каде ќе дојде првиот удар, поради што организира авангардна позиција од најсмели и искусни востаници, во полукруг, пред Ґавато во правец на месноста Превалец, кон Битола.

Османските воени единици наближуваа кон селото од два правци: од правецот на Битола, низ малото поле меѓу селата Кажани (муслиманско село, на место на истиснати Македонци) и Доленци (исто муслиманско село). Втората колона напредуваше од планинската месност Сулејманов Камен, со задача да удри зад грб на востаничките позиции и да го затвори обрачот северно од селото.

Со нападот на аскерите врз првиот одбранбен појас на македонските востаници се заметна лута борба, која почна откако османската артилерија изврши неопходна подготовка за неа, бомбардирајќи ги позициите и самото село. По храбриот отпор на првата заштитна линија востаниците се повлекоа во самото село, каде им се придружија на другарите, разместени по масивните камени куќи. Оттука востаниците го одбија првиот силен аскерски напад. Борбата премина во позициона престрелка. Бројот на аскерите не можеше да обезбеди целосна опсада на Ґавато, па затоа османските командири се задоволија со напади од две страни - од исток и од запад.

Согледувајќи дека на аскерите им пристигнаа нови и свежи аскерски колони од кој Битола, Сугарев нареди целосна евакуација на мирното население кон Смилевско, а востаниците остана да се борат до приквечерта, кога почна ново бомбардирање на селото,

кое беше опожарено и уништено. Ползувајќи гопрвиот мрак и одличното познавање на сопствениот револуционерен реон, Георги Сугарев со двајцата совојводи ги извлече безопасно своите борци на северозапад, на Бигла Планина, каде што постоеше голема слободна територија. Османските единици не тргнаа по нив чекајќи нови зајакнувања да ја продолжат контраофанзивата, од што се гледа дека востаниците задачата во потполност ја извршиле.

Борбата на војводите Кљашев и Чакаларов кај "Дулите"

На 12 септември 1903 година здружените чети на војводите Кљашев и Чакаларов, со околу 450 востаници, нападнаа една помала аскерска единица (од околу 100 војници) во месноста "Дулите" (Види прилог бр. 9 [91-а]). Изненадените аскери ја прифатија борбата и таа траеше околу два часа. Аскерите беа принудени да се повлечат до пристигнувањето на помош од други единици. Турските команданти испратија помош кон местото на борбата, 4.000 аскери од кај Костур, а 200 аскери тргнаа од кај селото Тиолишта, исто така во правец на селото Апоскеп, во чија близина стана судирот. Помалата аскерска единица се стремеше да заземе позиција што ќе и овозможи напад од зад грб. Некаде пред стемнување аскерските единици поставија свои почетни позиции и чекаа на знак за општ напад врз востаничката одбранбена позиција, што се најде окружена од три страни: од север, исток и југ и која не беше блокирана само од запад.

91-а) П.Кљашев, Спомени...,134-136

Анализирајќи ја сопствената положба, Кљашев и Чакаларов решиле да се изврши преместување од првата позиција на втората, за да се избегне опкружувањето од сите страни. Втората позиција беше поставена при чешмата "Ковачо".

Востаниците ги заштитуваа храбро своите нови позиции, зашто од запазувањето на "Ковачо" зависеше дали ќе бидат уништени или не. За да предизвика паника среде непријателите чакаларов употреби бомбаши. Биле фрлени четири бомби, кои силно експлодирале. Аскерите го намалиле притисокот, плашејќи се од употреба на нови бомби, какви востаниците веќе немаа. Престрелката продолжи и по првите ноќни часови, без штетни последици за војувачките страни.

Во текот на борбата загинаа околу 80 аскери, а од востаниците само двајца. Таквиот сооднос на жртвите се должеше од фактот што позицијата на востаниците им пружаше поголема засолнетост и безбедност, додека аскерите, кои јуришаа во бранови, се движеа и по голи, отворени места, изложувајќи се на стрелбата на востаниците.

Борбата на востаниците кај врвот Маргара во Мариово

Занимлива е и борбата кај планинскиот врв Маргара[91-б)] во Мариово, каде што 116 востаници, распоредени на одлични позиции на планинските врвови, беа опкружени и блокирани од сите страни од околу 5-6.000 аскери, што ги затворија во обрач во текот

91-б) Г.Петров, Спомени...,187-188

на ноќта. Борбата почнала наутро. (Види прилог бр.10). Македонските востаници имале позициона предност пред аскерите, кои биле принудени да атакуваат одоздола. Востаниците под команда на искусниот војвода Попов, исто така имаа практична можност, високо горе на своите позиции да вршат прегрупирања на сопствените сили и да маневрираат на мало пространство за да ги зајакнуваат навреме загрозените страни на своите позиции.

Имајќи во вид дека османлиските аскери ја затворија востаничката позиција во цврст обрач, за секој неупатен во тајните и можностите на герилското војување положбата на македонските борци би му изгледала безизлезна. Но така не мислел војводата, ниту пак така гледале со песимизам неговите соборци, меѓу кои бил и прочуениот идеолог на Македонското ослободително движење, Ѓорче Петров. Тие верувале во сопствените сили и биле цврсто убедени дека ќе се извлечат од опасната стега.

Бидејќи востаниците располагааа со голем број бомби, војводата им кажал како и кога да бидат употребени и нареди општ јуриш само во еден правец. Храбрите востаници нападнаа врз изненадените аскерски позиции, го пробија обрачот и се извлекоа на безбедно место, на Ниџе Планина. Борбата траела цел ден, а бројниот сооднос на жртвите бил зачудувачки: паднаа двајца востаници и 6-мина ранети, додека непријателот изгубил околу 400 аскери. Во акцијата за пробивањето на непријателската опсада при планинскиот врв Маргарит решавачки фактор биле следните тактички дејства: одлично избрана заштитна позиција, високо над непријателските колони, кои се искачувале нагоре по големи месности, мане-

врирањето на востаниците од позиција до позиција, правилната употеба на психички притисок врз непријателите со општ и ненадеен напад во еден правец и со фрлање на голем број бомби, што предизвикало паника среде аскерите, заради што ги напуштиле своите позиции и се растргнале настрана, за да си ги спасат животите и на тој начин создале безбеден коридор за брзо извлекување на востаниците, кои биле навистина загрозени и доведени во опасност од тотално уништување.

Борби кај Црн Камен - Струшко од 2-4 август [91в)]

Веднаш по објавувањето на Востанието војводата Цветко Христов од с.присовјани-Малесија со десетмина борци од малесиските чети ги известил селаните во с.Селце и с.Буринец да излезат определените доброволци. Прогласот за востанието војводата гопрочитал во месноста Манастириште. Во исто време Тасе војводата така постапил пред востаниците од селата Ржаново, Збажди и Присовјани, во месноста Езериште. Така од двете села излегле околу 40 борци под раководство на селските овјводи Секула од Селце и Трајче од Буринец. Овие востаници веднаш се распоредиле на три позиции. (Види прлог бр.). Едната од нив била поставена во месноста Душаница, над селото Селце, втората кај месноста Кале, а третата над Кале, нагоре до рудината Алипашиница. На 2 август во утринските часови кон овие сили се приклучиле уште 20 борци од селската чета од Локов. Од оваа чета уште во текот на ноќта испра-

---

91в) Л.Димитров, Спомени...,114 и 138-142

тиле неколку борци до муслиманските бачила во атарот на Локов. Во утринските часови некои од востаниците се обиделе да ги разоружат овчарите. Но тие отвориле оган и по кратка борба сите 10 овчари биле убиени. Од позицијата кај Рудина група востаници ги убила овчарите на ќајата кој бил татко на злогласниот Фериз што бил чауш на сите овчари во Жупа.

Но уште во утринските часови на 2 август кон с.Селце започнала да се движи една аскерска колона во јачина од околу 300 војници. Прв судир се случил на позицијата кај Калето, што го бранеле 8 востаници. Откако тие се повлекле аскерот отворил оган од другите позиции. Таа цела борба траела околу половина час. Кога било согледнао дека треба да се отстапува, војводите одлучиле тоа да биде сукцесивно, т.е. додека еден дел се повлекува друг да го заштитува. Благодарејќи на тоа востаниците се пволекле без загуби и пристигнале во месноста Пажитно, во атарот на Локов. Оттаму, по краток одмор, тие се префрлиле до Ржановската река во месноста Ума. Таму биле известени дека некои востанички чети се опкружени кај Црн Камен (Кара Таш). Затоа тие веднаш поитале кон таму. Кога пристигнаа виделе дека борбата ја води ржановската чета, половина од збаждинската чета и четата на војводата Тасе Христов. Но, пред да пристигнат на позициите од каде требало да удрат во грбот на аскерот, стражарит еги забележале. Аскерскиот трубач веднаш дал знак за повлекување на аскерот. Тогаш востаниците започнале да јуришаат. Аскерот практично избегал. Него го гонеле до месноста Рудина, од каде аскерот заминал во Дебар и повеќе не се вратил во текот на денот.

Лути поради неуспехот во борбата со востаниците, аскерите влегле во селата Ржаново и Збажди и сурово се одмаздиле над цивилното население, главно над жените, децата и старците од кои околу 20 биле убиени.

Борбите кај Ташмаруниште-Струшко од 02. - 05.08.1903 година

Реонскиот војвода Тале го задолжил познатиот илегалец Пантелеј од селото Октиси, да ги посети некои села во Струшки Дримкол и Малесија на 1 август, со цел да ја соопшти одлуката за избувнување на востанието. На состанокот што го одржале активностите во селото ташмаруништа, а на кој присуствувале и активностите од селата Ложани, Драслајца и Глобочица. Во утринските часови на 2 август беше одлучено да се основа селска чета во Ташмаруништа од 40 борци. До вечерта, истиот ден, на определеното место излегле и вооружените мажи од селата Ложани, Дрслајца и Глобочица. Така, јачината на овие четири чети изнесувала околу 130 луѓе, од кои 80 биле добро вооружени. На 3 август по налог на Пантелеј, свештениците од Ташмаруниште и Ложани отишле во мудирлукот во Велешта и им соопштиле на власта дека преку ноќта пристигнале комитите и присилно ги забрале младите селани во гората.[91г)]

На 4 август попладне Пантелеј им испратил писмо на муслиманите во соседните села Боговица, Мислодежда, Поум и Татеши, во кое ги кани да мируват, ако сакат да не бидат оштетени.

91г) С.Арсов, Спомени...,103-104.

Во исто време Пантелеј испратил две писма и до муслиманите од селата Добровјани и Велешта, со кои ги кани ... "да излезат на мегдан".

Вечерта, штом се стемни востаниците запалиле околу даесетина огнови по планинските височини, што се гледале од голема далечина, дури од Струга. Покрај нив востаниците ги развеале и своите знамиња.

Во текот на 5 август, пред разденувањето дел од востаниците (околу 32 вооружени и исто толкав број невооружени лица) ги нападнале селата Добровјани и Велешта. (Види прилог бр.). Околу 100 аскери од Велешта и околу 3-4 стотини башибозуци ја прифатиле борбата што им била најавена. Така се заметна жесток судир во кој востаниците ја имале само почетната иницијатива. Именно, бројната надмоќ на непријателот ги принудила да започнат организирано да се повлекуваат. Аскерот и башибозукот постапно напредуале, а востаниците се повлекувале кон селата Ташмаруништа, Ложани, Драслајца и Глобочца. Тоа траело до пладне. Така борбата се префрлила во селата. Таа особено била жестока во Ташмаруниште, во која зеле учество и цивилите (тие качени на црквата убиле тројца аскери).

Попладне на аскерот му пристигнале ново зајакнување од околу 300 аскери која со другите аскери започнале да го ограбуваат имотот и да ги палат куќите. Повеќето од населението било евакуирано во планината. Во Ташмаруништа била останата една болна жена со две дечиња и поголем број старци. Аскерот ги изгорел луѓето заедно со куќите, освен жената и двете деца, кои прво ги извадил во дворот а потем ја опожарил куќата.

Така, по деветчасовна борба четирите чети се повлекле од борбените позиции. Во оваа жестока борба паднале вкупно 25 востаници, од кои 11 вооружени и 14 без оружје. Исто така од востаниците биле ранети 4 лица. Во исто време непријателот дал околу 70 жртви. Труповите на загинатите востаници останале непогребани. Во тек на неколку седмици со нив се хранеле sверовите и селските кучиња. Тоа била морничава слика.

Две седмици по оваа борба, т.е. некаде околу 20 август поради глад и болест, семејствата биле принудени да се вратат во изгорените села ..." покрај пеплиштата".

Борбата за Кичево
03.08.1903 година

Писмената порака на Главниот штаб со која се соопштуваше датумот на востанието, во Кичевскиот револуционерен округ пристигнала во манастирот Пречиста на 26 јули 1903 година. Веднаш потоа итно биле испратени курири да ги повикаат на состанок војводите Арсо и Наке, кои се движеле низ Копачија и Сатеска, и поречкиот војвода Ванчо Србаков. Овие тројца заедно со Лука Геров започнале да го скицираат планот за востаничките акции на 31 јули. Меѓутоа, дефинитивниот план тие го изработиле дури на 1 август 1903 година. Потем, тој бил изложен поред сите селски војводи во Душегубица, каде биле повикани заради неговото усвојување (Вид прилог бр.11).

Според овој план вкпно биле ангажирани околу 600 востаници од кои околу сто добиле задача да го блокираат селото Извор и преминот на Турла, а 500 да извршат оружена демонстрација на градот. Акцијата била планирана да се изведе во голема тајност и секавично, со цел да му се оневозможи на непријателот да се подготви за одбрана.[91д)]

За блокада на Извор, во кој бил стациониран помал гарнизон, биле ангажирани вооружените селани од шест соседни села, т.е. од Душегубица, Ехлоец, Иванчишта, Кленоец, Малкоец и Попоец. Нивна конкретн азадача било да го оневозможат евентуалното движење на аскерот од Извор во правец на Кичево, како помош во текот на планираната акција.Оттаму, тие најверојатно ги поставиле своите позиции на запад од селото, од двете страни на патот, покрај кој во непосредна близина тече р.Трес-ка. Конфигурацијата на овој терен упатува дека позициите се наоѓале меѓу месностите Гугово и Чукале. На тој начин го штителе и слегувањето на востаниците чии села се наоѓале на север од патот. Кон ова зборно место само селаните од Душегубица можеле директно да пријдат. Сите други, а особено од најблискиот Кленоец, морале да одат по заобиколен пат, главно во правецот на Малкоец, а оттаму преку ридот Солиште, по суводолиците до пониските делови на Чукале.

Слична задача добиле и вооружените селани од Врашештица, да го затворат теснецот на патот Битола-Кичево, кај месноса Турла. Овој премин што е расположен меѓу стрмните падини на Баба и високите ридови што се надоврзуваат на оваа

91д) Л.Геров, Спомени...,17.

раскошна планина, речиси не може да се заобиколи. Меѓу соседните врвови од 1142 од едната и 1286 метри од другата страна на патот, што вијугаво се протега во тој дел, не може да помине ништо а да не биде заблеежано и оневозможено ако претходно се постави заседа каква што ја организирале селаните од Вранештица.

Ваквото обезбедување на две од вкупно четирите главни комуникации што се влеваат во Кичево, претставуваат зрел тактички потег, бидејќи помошта на аскерот од север т.е.откај Гостивар и од исток т.е. откај Порче, била помалку веројатна, како поради оддалеченоста на аскерските гарнизони, така и поради фактот што во Пореч немало големи непријателски сили. Горскиот штаб сите овие нешта добро ги проучил и затоа ја издал ваквата наредба за заштита на приодите од кај селото Извор и преодот Турла.

Главната акција, т.е. вооружената демонстрација на Кичево, како тактички зафат, била сосем разбирливо поопстојно планирана заради нејзината сложеност. Според основниот план, нападот на градот, бил планиран како востаничка манифестација, а не како акција за преземање на градот, бидејќи на Лука Геров од Главниот штаб му било советувано да не го прави тоа. Доаѓањето на востаниците се одвивало од три страни: од запад, исток и југ. Од запад доаѓал Арсо војвода, под чија команда се наоѓале сите чети, од исток поречкиот војвода Ванчо Србаков, а од југ Лука Геров. Под команда на Арсо и Геров се наоѓале по двеста, а под команда на Србаков сто востнаици, или вкупно околу петстотини луѓе.

Во состав на четите што ги воделе Арсо војвода и Лука Геров биле селаните од следните 17 села: Белица, Брждани, Видрани, Добреноец, Јаворец, Јудово, Карбуница, Кладник, Кнежино, Козица, Ловчани, Осој, Подвис, Пополжани, Раштане и Свињишта. Селаните од северната страна на патот Извор-Кичево (главно од 6 села) биле под водство на Арсо војвода, а селаните од јужната страна на патот ги водел Геров. Востаниците од Пореч̀е, ги водел Србаков.

Последните подготовки за оваа акција, биле извршени во ноќта на 2 август 1903 година. Уште во првиот мрак селаните што биле должни да ги штитат приодите кон градот од кај селото Извор и проодот Турла, тргнаа кон своите позиции. Тие таму стигнале рано пред разденувањѐе. Нешто подоцна тргнале и четите на Арсо, Геров и Србаков од споменатите појдовни пунктови и околу 1 часот после полноќ, движејќи се во апсолутна тишина, дисциплинирано и во колона по еден, се здружиле во месноста Јурија, во непосредна близина на реката Треска. Војводите ги распоредиле востаниците на најсоодветни позиции. Иако биле оддалечени на околу 100-200 метри од логорот на еден табур аскери (во јачин од 600 илави), нив никој не ги забележал. Војниците биле потонати во длабок сон и само нивното ркањѐ ја нарушувало тишината. Стражарите стоеле покрај шаторите и спокојно чекореле горе-доле низ кругот на логорот што не бил ограден.

Некаде непосредно после 1 часот по полноќ, откако се чул првиот истрел, речиси едновремено згрмеле уште петстотини пушки. Тоа бил страотно силен оган, кој траел околу 20 минути.

Илавите биле не само смртно исплашени туку и целосно дезориентирнаи. Тие, во панично бегство започнале да се повлекуваат кон градот. Со себе речиси ништо не понеле. На теренот пред шаторите востаниците изброиле 18 трупови, а потем со забрзан марш се приближиле до градот од каде имале можност да го опстрелуваат и логорот на таборот со околу 600 низами аскери. Од нив, како што подоцна се разбра, загинале само двајца. Логорот на овие војници бил во центарот на градот, во кругот на Калето, каде исто така биле поставени шаторите.

По извршувањето на задачата некои од раководителите наумиле да навлезат во градот, но порадимеѓусебно недоразбирање не го сториле тоа. Поради тоа, според однапред изработениот план, востаниците започнале да се повлекуваат. Арсо војвода со своите деста соборци, по текот на Треска се повлекол кон југоисток, кон селото Карбуница, од акде преку Габер можело во секое време да се префрли на Баба Планина. Србаков, исто така, се повлекол во тој правец, а Лука Геров со другите 200 востаници тргнале во обратна насока, т.е. во правец на селото Извор, така што во самите зори пристигнале во селото Лавчани, што е расположено под ридовите чиј највисок врв изнесува 1422 метри.

Така заврши првата акција на здружените кичевско-поречки чети, во која паднале 20 непријатели, без да биде дадена било каква жртва од страна на востаниците. Интересно е дека првоеќе од двојно побројниот аскер бил целосно парализиран со нападот. Аскерите биле како вкочанети од акцијата и со часови не можеле да се соземат.

При анализата на оваа акција треба да се истакне дека таа била успешна и дека во целост ја псотигнала својата цел. Вооружената демонстрација придонела не само аскерите туку и сите други претставници на суровата султанска власт, да разберат дека македонскито народ одлучил да го симне јаремот на ропството.

Борбите со аскерот во село П'пли и Стриково - 8/9 и 19.08.1903 година

Штабот на Ресенскиот револуционерен реон веста за востанието ја прими во месноста Водици, на Љубојнската Планина. Тоа всушнсот беше наредба за едновремено започнување на вооружените акции на 2 август. Затоа Ангел Андреев и Кокарев се зафатиле со итно изработување на планот за нивно спроведување. Според планот акцијата требала да се изврши на 2 август вечерта. Цел на акцијата била заземање на преспанското село П'пли, што се наоѓа наспроти малиот остров Аил, на југозапад од селото Рудари, односно на североисток од селото Оровник. Во П'пли покрај стационираниот гарнизон со околу 60 аскери, живееле голем број осведочени крвници и експлоататори, чиј терор го чувствувало населението од сите соседни села. Овие сознанија всушност биле пресудни реонскиот штаб да се определи за напад на селото П'пли. (Види прилог бр.14).

Според планот за напад во акцијата требало да учествуваат околу двеста востаници и вооружени луѓе од сите соседни села. Од тие причини било неопходно да се побара помош од "војводата" Коте, чие влијание во Долна Преспа било особено силно.

Преговорите за соработка започнале но Коте ги наговорил околу шеесет селани од Бесвиње, Буковик, Дреново, Л'л и Ореовник, што се наоѓаат на југ од П'пли, да не учествуваат во акцијата. На тој начин планираниот напад за 2 август 1903 година вечерта, не се реализирал.

Исправен пред овој вонредно тежок проблем, реонскиот штаб немал друг избор освен да направи повторен обид Коте да се придобие. Знаејќи ги неговите определби кон грабеж, штабот му ветил дека пленот што ќе го освои нема да му биде одземен. Тоа бил голем поттик за овој самонаречен "војвода", кој постојано и создаваше проблеми на Организацијата, дефинитивно да се согласи да земе учество во нападот. Во овие преговори со Коте, меѓутоа помина-ле цели осум дена.

Коте, со околу 100 луѓе пристигнал на 9 август пред стемнување на зборното место, каде го чекал Ангел Андреев со својата чета. Тука биле извршени последните договори за акцијата и некаде во првиот мрак селото П'пли било целосно окружено од востаниците.

По налог на штабот бил направен напро аскерите да се предадат, за да не пострада цивилното население. Меѓутоа, селскиот чорбаџија Рустем одговирл на оваа понуда негативно. Тој им порачал на востаниците дека на "Христијани теслим не се чини". Овој одговор бил повод да падне командата за изведување на јуришот. Од грлата на востаниците се разнело громогласното "Ура"! Селото брзо паднало во рацете на востаниците, но аскерот заедно со цивилните семејства, пволекувајќи се низ борба, се забарикадирал во

десетина блиски една до друга куќи, што биле изградени од камен. Оттаму непријателите давале жесток отпр. Тогаш, во своите спомени истканува Ангел Андреев ... "со петролеј започнавме да ги опожаруваме сите куќи по ред". Високи јазици на пламен го осветлувале целиот крај.

Оваа акција, во која загинале двајца востаници, а двајца биле ранети, траела цела ноќ меѓу 9 и 10 август и во текот на целиот ден на 10 август, т.е. близу 24 часови. По заземањето на П'пли, во кое како оаза останале забарикадираните непријатели биле запленети поголем број грла од добитокот. Андреев го задржал за себе коњот на чорбаџијата Рустем, а Коте коњот на папуџијата Сулејман ефенди.

На 17 август, т.е. на сомиот ден од заземањето на П'пли, Коте одлучил да се повлече со своите луѓе. Тој забрал пред себе над илјада овци и околу 600 грла говеда и се запатил кон селото Стриково. Два дни подоцна т.е. на 19 август, неговата чета, во која останале околу 80 луѓе, случајно се сретнале со поголема аскерска едиица близу Стриково. По кратка но жестока престрелка Коте бил окружен. Штом ја разбрале веста за тоа на помош му поитале востаниците од П'пли и по еден силен напад му овозможиле на Коте да се извлече од обрачот. Оваа чета броела околу 30 луѓе кои биле вонредно добри борци. Во оваа борба за пробив на блокадата од востаниците паднале тројца, а четворица биле ранеит. За разлика од борбата во П'пли, непријателот тука имаше само една жртва помалку. Имено, додека при заземањето на селото загинале 12, во борбата кај Стриково биле покосени 11 аскери.

Во текот додека се водела борбата кај Стриково, Пенчо војвода со својата десетчлена чета го повел населението од селото Рудари во соседната планина. Тоа била мерка против евентуална одмазда, бидејќи разлутнеиот аскер, а особено башибозуците биле спремни да преземат и најсурови чекори. Сите тие се запатиле кон западнте високи ридови, во непосредна близина на врвот што ја достига височината од 2150 метир. Тие се вратиле во своите домови дури во доцните часови вечерта, бидејќи аскерот не скршнал кон нивното село.

Откако востаниците ги закопале своите загинати другари, Коте и натаму останал во атарот на Стриково, војводата Пенчо се запатил некаде на север, а Андреев со своите луѓе се вратиле кон П'пли. Тие таму зазеле позиции во очекување на аскерот. Меѓутоа, на 23 август од север надошла една бројна непријателска единица. Во нејзиниот состав имало повеќе од 800 аскери. Андреев видел дека неговата чета од околу 30 луѓе тешко ќе може да се противстави на ваквата непријателска сила, па затоа без борба се повлекол кон гората. Непријателот влегол во П'пли, и откако ги ослободил луѓето што биле забарикадирани во камените куќи, заедно со нив се вратил во Наколец. Веднаш потоа востаниците повторно слегле во П'пли и ги доопожариле сите куќи.

Вака свршила оваа акција во која, со делумен успех, бил остварен нападот на селскиот гарнизон во П'пли. Меѓутоа, во продолжението на борбата, што станала кај селото Стриково, востаниците псотигнале значително пгоолем воен ефект. иако непријателот бил повеќекратно побројен (а истовремено и подобро вооружен)

успешниот маневар на Анреев, од една страна, и доброто распоредување на единицата на Коте, од друга страна, придонеле обрачот на аскерот да прсне и да им овозможи повлекување при што биле дадениминимални човечки жртви. Ситуацијата за окружените востаници кај Стриково изгледала фатална, но благодарејќи на големата храброст, а посебно на ладнокрвноста и уешното давање на отпор, луѓето биле спасени. Затоа борбата кај Стриково може да се смета за една од ретко успешните акции, во која до полн израз дошло знаењето во командувањето и меѓувостаничката солидарност.

Напад на мудирницата во с.Песочани
и с.Издеглавје Охридско
02-03.08.1903 година

Почетокот на Востанието во Охридско бил замислен и реализиран како напад на мудирницата близу селото Песочани. Во акцијата вкупно биле вклучени повеќе од 250 востаници, главно од арбинската (25), врбјанската (65), годивската (40), лактинската (37), мраморската, сливовската (30) и турјанската (35) чета.[91ѓ)]

Планот за нападот бил изведен во полна конспирација (Види прилог бр.15). Поради тоа обиколувањето на мудирницата започна по 2 и половина часот после полноќ на 2 август. Распоредот на востаниците бил извршен навреме. Четата од Годивје и Лактиње биле распоредени на позициите во месноста Васкоречиште, помеѓу селото Песочани и мудирницата.

91ѓ) Смиле Војданов...,Спомени,102-104.

Врбјанската чета била одредена да заземе позиции на запад од мудирницата, а четите од селата Арбиново, Турје и Сливово од север. За директен напад на бојектот била одредена реонската чета на чело со Смиле Војданов, зајакната со 15 востаници од врбјанската чета. Точно во договореното време војводата Смиле се добра до мудирницата и отворил оган. Во тоа веднаш му се придружил Коста Иванов со четата од Арбиново.

Аскерот ја прифатил борбата. Тие биле околу 150 луѓе и сите се забарикадирале во објектот и откаде давале отпор. Изгледите да се предадат востаниците ги гледале во подолготрајна опсада и поради тоа со дел од борците ги држеле во кулата се до 4 август попладне. Тогаш, од охридскиот и дебарскиот гарнизон кон Песочани се запатиле околу 2.000 аскери, со цел да ја ослободат мудирницата.

Тогаш востаниците започнале да се повлекуваат кон Горна Дебарца, кон Арбинскиот Рид, а некои кон Лактинската планина.

Во меѓувреме востаниците јанападнале кулата во селото Оздолнени, каде биле убиени 2 чауши и изгорен објектот. При овој напад загинал еден востаник. Потоа бил нападнат Слатинскиот чифлик, кулата во селото Издеглавје и кулата во селото Сошани. Тогаш бил убиен еден заптија, а кулата до темел разурната.

Веќе здружените чети од селата Турје, Сливово и Арбиново под раководство на подвојводата Коста Иванов, реонската чета и четите од селата Лактиње, Врбјани и Годивје под раководство на војводата Смиле и селските чети од Слатина и Мраморец под рако-

водство на свештеникот Ѓорѓи, во вкупна јачина од 280 востаници, после извлекувањето од нападот кај с.Песочани извршиле силен напад на аскерот во селото Издеглавје на 3 август. Таму биле стационирани 88 аскери и уште 13 вооружени лица.

Борбата започнала со општ напад на окруженото село, во 7 часот наутро. Опкружувањето било извршено во текот на ноќта. Смиле војводат се движел од југозапад, т.е. од правецот на селото песочани, Коста Иванов наближувал од кај Ново Село, а свештеникот Ѓорѓи од кај селото Оздолнени, движејќи се кон Издеглавје по коритото на реката. Аскерот бил сместен во еден голем двор, под шатори, а еден дел од нив се наоѓал во мудирницата. Но уште пред почнувањето на брбата аскерот се засолнал во мудирницата, што бил всушност цврсто соградена кула од која со успех можело да се организира одбрана.

Штом востаниците нападнале, аскерот започнал да се брани. Се заметнала силна борба во која на востаниците не им поаѓало од рака да ја заземат. Кулата била блокирана и во текот на целиот ден силно опсипувана со оган, што не ги возбудувало многу аскерите. Тие дури, во текот на ноќа меѓу 3 и 4 август, успеале да испратат неколку свои луѓе да отидат во Песочани за да ги алармираат другите сили и да побараат помош. Во меѓувреме востаниците испратиле група Цигани да им предложат на јузбашијата и мудирот да се предадат. Но тие го одбиле предлогот. Тогаш на блокираните аскери започнала да им пристигнува помош. Тоа била единица од околу 800 аскери и башибозуци. Војската и припаѓала на охридскиот гарнизон. Овој аскер напредувал во две колони. Но

борбата продолжила и во текот на целиот ден на 4 август. Дури кон вечерта по нападот кој траел два дни и една ноќ, востаниците биле принудени на повлекување. При тоа востаниците ги разурнале кулите во Оздолени и ги убиле двајцата сејмени.

Во текот на овој напад на мудирлукот и засолнетиот во него аскер во Издеглавје, востаниците дале по еден загинат и ранет, додек аевентуалните жртви на непријателот останаа непознати.

Борбите кај с.Петрино и с.Болно
Ресенско, на 5 август (Види прилог бр.16)

Војводата Арсов со својата чета во јачина од 40 борци, зазел позиции покрај патот близу селото Петрино, со цел да го оневозможи секое движење на аскерот. Точно во тоа време се појавила комората што префрлала воени материјали од Охрид за Ресен. Кога челото на колоната навлегло подлабоко во заседата, востаниците отвориле брз оган. Аскерот бил изненаден и зашеметен. Во неговите редови настапила паника што придонела 4 аскери да бидат убиени и 2 ранети.[91e)]

Меѓутоа, по неколку минути редовите на аскерот се консолидирале и тие ја прифатиле борбата. Тогаш борбата започнала се повеќе и повеќе да се засилува. Можноста на аскерот речиси неограничено да ја користи муницијата, како и нивната борјна надмоќ, придонесле четата да пристапи кон повлекување. Така, по

91e) С.Арсов, Спомени...,62-63.

истекот на двочасовната борба востаниците се повлекле кон соседната гора. Но, во исто време и аскерот бил дезорганизиран и многумина војници се повлекувале во безредие.

Во тие моменти кон Болно доаѓала друга група аскери. Во колоната, откако ја чуле пукотницата од кај Петрино, на потегот од Ресен до Болно се движеле во борбен поредок и постојано пукале. На аскерот му било наредено да го убие секој Македонец (без оглед на возраст и пол) што ќе го затекне во текот на свој крвав марш. Во оваа сеидба на смртта загинале и неколкумина недолжни земјоделци кои биле затечени по нивите.

Меѓутоа, пред самиот влез во селото Болно, аскерот бил пречекан од месната чета. Бил отворен жесток оган што траел околу 20 минути. Во меѓувреме на месната чета и пристигнал во помош и војводата Арсов со своите 40 востаници. Сепак, помногубројниот аскер го пробил десното крило на востаниците и навлегол во селото. Двете чети времено се повлекле, се прегрупирале и со нов напад го принудиле аскерот не само да го напушти Болно, туку и да го заврти својот грб, т.е. да се повлекува према Ресен. Независно од овој успех на востаниците, на нивната храброст и самопожртвуваност, тие не успеале да го оневозможат аскерот во одмазничката акција. Имено, аксерот ги попрскал куќите со петролеј и селото за миг прилегало на џиновски факел. Во исто време пламнале 77 селски домови со придружните племни, појати и други стопански објекти. Со брзата интервенција на месната чета оваа судбина ја избегнале само 13 куќи. Во оваа подмолна акција на аскерот бил убиени две жени, т.е. од куршум на еден osверен аскер, а една ја нашла

својаа смрт во огнот. Таа изгорела жива бидејќи и оневозможиле да го напушти својот дом.

Дејствата на патот Ресен-Охрид и борбата во селото Крушје на 2 и 3 август

На 2 август вечерта, во рамките на првите востанички акции, во северниот дел на Горна Преспа, било предвидено и реализирано ликвидирањето на аскерските патроли што осигурувале дел од главниот пат меѓу Ресен и Охрид. Во овие акции учествувале селските чети од Избишта, Криевни и Златари, во јачина од околу 170 востаници. Имено, востаниците распоредени во помали групи извршиле неколку напади од заседина аскерските патроли, кои главно се пволекле кон Охрид, но без да дадат жртви. Целта била постигната со тоа што патот ставен под целосна контрола на востаниците.[91ж] (Види прилог бр.17).

Во исто време борците од селската чета од Крушје заметнале жестока борба со околу 50 аскери кои дошле да им помогнат на окружените војници, во анот близу Крушје, а кои веќе биле ликвидирани. Новодјдените се забарикадирале во анот врз кој востаниците жестоко напаѓале. Аскерот од внатре уште пожестоко се бранел. Востаниците успеале на трипати да му се доближат на објектот и да го потпалуваат. Сепак тие не успеале да го опожарат, бидејќи анот бил сограден од камен, а гредите од покривната конструкција заштитени со керамиди и малтер по рабовите. Борбата земала се поголем замав и се продолжи до мугрите.

91ж) С.Арсов, Спомени...,100-101.

Во зорите започнале да пристигаат нови колони од Ресен. Нивниот прв обид да се пробијат до анот бил безуспешен. Аскерот бил одбиен и во таа борба, што траела до првите утрински часови на 3 август, загинал еден милјазим и четворица војници.

Во редовите на востаниците немало жртви. Меѓутоа, кога од Ресен започнала да пристигнува нова помош во јачина од околу 300 аскери и башибозуци, востаниците се повлекле. Аскерот влегол во Крушје и до последна куќа го опожарил. Високи јазици на пламен се протегале високо кон небото. Сликата била стравична.

По овој злостор аскерот се запатил кон селото Лева Река, што се наоѓа близу на запад од Крушје. Освереният аскер и ова село го опожарил. Од огнот се спасиле смао 7-8 куќи, кои биле подалеку од средселото. Во меѓувреме востаниците се вратиле во Крушје со цел да помогнат во локализирањето на пожарот, но нивниот труд, како и трудот на селаните да се совлада огнот, останал без поголем резултат.

Борбите за Псодерската кула и масакарот на населението во с.Арменско-Леринско 17.08.1903 година

Два дена по борбата близу селото Битуша, групираните чети од леринско се здружиле со костурските чети. На тој начин се здружиле 400 борци. Ваквото окрупнување го наложувала испланираната акција за напад на таканаречената Псодерска кула, што се наоѓала на главниот пат Лерин-Костур, а која непријателот ја користел како значајна воена база.[91з] (Види прилог бр.18).

91з) Ѓорѓи Поп-Христов...,44.

Акцијата била добро испланирана и нејзината реализација требало да започне во утринските часови на 17 август. Меѓутоа, овој план непријателот го открил благодарејќи на нечие поткажување. Во резултат на тоа итно биле префрлени во близина на тој терен околу 4 илјади аскери и башибозуци.

Востаниците штом забележале дека ги чекаат аскерите, со неверојатна брзина извршиле прегрупирање и зазеле вонредно добри позиции од кои борбата можела поспокојно да се прифати наспроти односот на силите што изнесувал 10:1 во корист на непријателот. Борбата започнала. Аскерот беспоштедно напаѓал во бранови, но секој ваков обид бил парализиран. Во еден период најкритично станало на едно од крилата што го штителе востаниците од костурските чети. Но, тие со натчоевчки напро ги бранеле тие позиции свесни дека отстапувањето од нив значи овозможување да се пробие непријателот зад грб на востаниците. Во одбраната на ова крило херојски се бореле сите борци, а особено петмина младинци кои свесно жртвувајќи го својот живот придонеле позицијата да се сочува.

Кога командниот кадар видел дека со јуриш на пешадијата, од чии редови веќе биле исфрлени околу 200 аскери, не ќе може да извојува победа, во дејство стапила артилеријата. Гранатите од поголем број ридски топови започнале да експлодираат пред и зад востаничките позиции. Ваквото непрецизно дејство придонело ни еден востаник да не загине од нив. Но, аскерот верувал дека артилерискиот оган ги принудил востаниците да се повлечат па затоа, некаде доцна во попладневните часови, го извршил својот

најголем и најсилен јуриш. Турците тие најмногу настрадале бидејќи востаниците не биле ни за една педа поместени. Тогаш востаниците ги исфрлиле и сите рачни бомби со кои располагале. Всушност во овој јуриш тие ги убиле и најголемиот број аскери од спомнатите две стотини жртви.

Наполно поразениот аскер започнал да се повлекува непосредно пред стемнувањеот. Извојуваната победа во борбата во која десет аскери напаѓале на еден востаник била величествена. Востаниците ликувале од среќа, а во очите на војводите и на другите раководители задоволни од исходот на борбата, бликала радост. Но оваа среќа и радост не потрајала долго. Аскерот сурово се одмаздил ден подоцна, но не на востаниците туку на недолжното цивилно население.

Штом аскерот се повлекол востаниците тргнале кон Писодерската кула за да ја реализираат првозамислената акција. Верувајќи дека во неа се наоѓа помал број аскери тие ја нападнале. Но од кулата, што била заобиколена, аскерот започнал жестоко да стрела. Востаниците се обиделе да ја заземат на јуриш, но не успеале во тоа. Тогаш веќе паднал и првиот мрак и тие се повлекле.

Поразениот аскер веднаш по повлекувањето влегол во соседното село Арменско и во знак на одмазда извршил еден од најгнасните и најсуровите колежи во текот на востанието. Во ова село речиси целото население што претходно не успеало да се засолни по планините, било подложено на сеч. Во тој крвав и sверски пир тие убиле сто и дваесет деца, жени и старци и раниле 33

други цивили. Во тие мигови Арменско личело на голема човечка касапница. Меѓу жртвите имало и пголлем број целосно јагленисани трупови. Тие биле изгорени заедно со своите куќи од кои ако излегле ги чекало sверско мачење. Жените не можеле да се појават бидејќи се вршело безразборно силување, дури и на девојчињата. Посебно настрадала во сексуалното манијаштво најубата селска девојка Таса Стојчева, која подлегнала од насилствата.

Грозни глетки оставало јавното силување на жените пред очите на родителите, сопствените деца и сл. Но најстравотно било колењеот. Така, на селскиот свештеник Лазар главата му била отсечена откако претходно го изложиле на несносни измачувања.

Овој невиден злостор што започнал на 17 август продолжил и во текот на наредниот ден. Но тогаш некои од преживеаните успеале некако да се спасат со поткуп. Тогаш аскерот собрал големо количество златни низи, обетки и друго.

На 19 август четите влегле во опожареното и испустено Арменско. Востаниците биле буквално шокирани од морничавите глетки. Но, време за жалење и солзи немало. Тие се зафатиле со погребување на 120-те трупвои за кои не можеле да се копаат гробови. Едноставно ги закопувале по траповите.Ранетите гри прибрале и ги префрлиле во не многу оддалечениот манастир што не ја доживеал судбината на селскаа црква, која не само што била ограбена и опожарена туку и крајно нечовечки оскрнавувана.

Во селото не изгорело само селското училиште и две куќи, што во текот на одмаздата биле користени како канцеларии

на офицерите. Две до три семдици по овој масакар преживеаните селани се вратиле на пеплиштата во Арменско и започнале да изградуваат импровизирани колиби. Обидот на група арменчани да пристигнат во Битола со цел да се пожалат на конзулите, аскерот и полицијата грубо го спречил. Но без оглед на тоа вистината за овој злостор не останала долго прикриена, бидејќи дел од населението се иселил во Лерин од каде вестите за масакарот побрзо се ширеле.

По овој злостор настапило неколкудневно затишје што траело до 26 август.

Борбите на Чакаларов со потерите од албанските села од 16-29 септември

Војводата Чакаларов на чело на својата чета, по разделувањето со Кљашев во Кономладско, се запатил кон Борботско - на југозападен предел во Костурско. Ваквото движење било предизвикано не само од потребата да се избегне опкружувањеот, туку во исто време и да се заплаши башибозукот од Борботско, од каде тргал во одмазднички акции кон соседните македонски села во Костенарија, Несрам и другите соседни подрачја.[91s] (Види прилог бр.19).

Со својата суровост и безобзирност посебно се истакнувале муслиманите од грчко-турското село Тухољ. Поради тоа Чакаларов го заобиколил ова слео и откако ги установил конкретните виновници на низа злостори, ги запали нивните 15 куќи. Оттаму тргнал на запад, кон соседното село Ливади чие население, исто

91s) Македони и Одринско...,139-141.

така, во текот на востанието се појавило со злосторства. Чакаларов наредил целото село да биде опожарено, но ни еден од неговите жители, кои по националност биле Турци, не бил убиен.

Од Ливади четата тргнала на север кон албанското село Загар чии жители биле осведочени садисти при упаѓањето во македонските села. Свесни за сопствените злостори тие го напуштиле селото и заедно со избеганите Турци од Ливади и Загар се обиделе да го нападнат Чакаларов. Тие од заседа отвориле оган на борците, но тие успешно и без жртви ги онеовзможиле напаѓачите и да ги запалат куќите во Загар, а потоа го продолжат гонењето на башибозукот. Во оваа акција, востаниците запалиле уште две албански села (Втрник и Фуша) и потоа се упатиле кон влашкото село Грамушта. Патем тие ја изгореле големата пилана со околу 15 илјади штици. Чакаларов со четата пристигнал под селото на 18 септември. Тогаш група албански башибозуци во јачина, од 150 добро вооружани луѓе ги нападнала на самите приоди на Грамушта. Во жестоката борба башибозукот бил принуден да отстапи во селото и да се забарикадира во цврсто соградената селска црква, при што биле заробени и погллем број цивили (главно деца, жени и старци). Чакаларов ја заобиколил црквата и наредил да се сопре акцијата со цел да ги спаси недолжните луѓе.

Во меѓувреме биле алармирани гоелм број жители од соседните албански села. Тие мошне брзо се собрале на определено место и се запатиле кон Грамушта за да им помогнат на затвореите сонародници во селската црква. Но, иако оваа група броела брлизу петстоини луѓе, Чакаларов ја распредели својата чета во

две крила кои со брз оган ги разбиле башибозуците и ги принудиле во панично бегство да се распрскаат во повеќе правци.

По оваа борба, т.е. на 19 септември Чакаларов се повлекол во планината и со брз марш се запатил прво кон селата Драјаново, а потоа кон селата Мирославица, на југозапад. Бидејќи и од ова село со турско население имало голем број башибозуци, четата го запалила. Од Мирославица четата тргнала во правец на грчките села Котелци и по јужното Пчелско, со цел да влезе во селото Борботско и го нападне кајмакамот. Но, овој план не бил реализиран бидејќи во Борботско веќе била пристигната поголема единица на регуларната турска војска. Од тие причини четата се повлекла во переделот Костенарија во близина на селото Жупанчишта. Тука одредот бил расформиран, а Чакаларов со дваесет востаници ја преминал турско-грчката граница кај селото Велмиш, на 30 септември и преку Грција, Трст и Белград пристигнал во Софија на 23 октомври.

г) Текот и особеностите на османлиската контраофанзива

Цариград сериозно не ги сфатил првите вести за востанието на Македонија, покрај другото и поради тоа што и битолскиот валија немал јасна претстава за она што започнало на 2 август 1903 година. Тој ценел дека се работи за мал локален бунт што ќе го задуши со воени или само со полициски потери на неколку помали единици. Согласно со ваквата погрешна сопствена проценка на востанието (на "малиот бунт"), валијата и на Цариград му доставувал погрешни информации.

Меѓутоа, настаните штоследеле покажале дека не се работи за бунт на неколкумина или на неколку селски чети, туку дека во Македонија избувнало масовно вооружено востание на организираниот македонски народ, под знамето и раководството на Револуционерната организација. Почетокот на востанието за вилаетските власти бил вистински зашематувачки удар врз турските владеечки кругови, а особено за воените кругови на големото Османлиско царство. Тие војници биле неподготвени да го совладаат неочекуваниот востанички удар. Нивната војничка неподготвеност се изразила по две линии: низ недостиг на војска и немање на рзаработен оперативен план за совладување, а потоа и за отфрлување на востаничките сили.[92] За првите денови на востанието таква е оценката и на Мемоарот "Првите акции на востаниците кај официјалните сфери предизвикаа невидена тревога, која со пристигањето во градовите на разбиените и расфрлените одреди од разните пунктови, набргу прерасна во паничен страв".[93]

Откако централните власти во Цариград се уверile дека се работи за масовно востание на македонскиот народ, со главно средиште во Битолскиот вилает, биле преземени неколку неопходни чекори за брзо и ефикасно задушување на востанието. Сменет бил неспособниот битолски валија, Омер Ружди-паша, чија будност не била на потребната висина. За средување на положбата во Македонија вонредни овластувања добил Хусеин Хилми-паша, кој итно бил испратен во Битола, биле издадени наредби за концентрација на воени

---

92) Илинденското востание, стр.368

93) Македония и Одринско ...,157

единици на османлиската армија во Битола, за оттаму да биде преземена една добро подготвена и силна контраофанзива во повеќе правци, главно кон слободните територии во вилаетот. Околу 10-11 август 1903 година, турска војска започнала да пристига првин од Косово, а по една седмица и од други предели на Турција.[94)]

Концентрацијата на нови турски арамиски единици од разни воени родови (пешадија, коњица, артилерија), ловечки баталјони (авџи табури), во Битола и битолско траела од првите турски соземања од големиот стрес, па се до почетокот на општата контраофанзива против македонските востаници. Притоа вонредно внимание било посветено на сестраната одбрана на Битола, бидејќи постоел страв од евентуален напад врз вилаетското седиште. За таа цел околу Битола биле поставени многубројни стражи и изведена неопходната фортификација на соседните ридови.

Уште пред да почне општата контраофназива турските централни власти и воените власти во Битола од познатите војсководци барале да го нападнат Крушево и пак да ја воспостават падишаховата власт на угнетување и насилство. Таа повелба на падишахот била остварена. Илјадниците турски аскери, придружувани и од башибозуци, од сите страни се нафрлиле врз фортифицираното орловско гнездо обидувајќи се да затворат поширок простор околу него, за да ги уништат сите револуционерни сили што се наоѓале под команда на Никола Карев и неговите соработници на Крушевскиот горски востанички штаб. Заземањето на седиштето на Крушевската репбулика било прашање на чест за османлиската армија.

---

94) М.Пандевски, Илинденското востание ...,368.

Централните власти се уверile дека Омер Ружди-паша префрлен од Косово во Битола, не е во состојба да го задуши востанието со неопходната брзина, зашто според оценките на другите турски војсковоци - применувал погрешна тактика во однос на македонските востаници. Тој сметал дека може да ја оствари целта со праќање на потерни единици по македонските востаници, кои вонредно умешно знаеле да ги користат предностите на подвижното герилско војување.

Падишахот на министерот на војната му одобри да го смени. На негово место бил назначен Назир-паша, на кого му била доверена задачата колку што е можно поскоро да ја подготви контраофанзивата против востаниците во Битолскиот вилает, каде што македонските борци уште биле во офанзива и во соодветна воена предност, што останало до средината на месец август. Во тоа време вонредно храбри биле офанзивните чети и одреди на сите реонски востанички штабови, како и здружените единици на Главниот штаб. Таа храброст на македонските борци не престанала до крајот на востаничките акции, а особено се појавила за време на одбранбените дејства, од половината на август натаму, кон есента.

Новиот главен командант на сите контраофанзивни единици, концентрирани во Битола и Битолско, Назир-паша, штом пристигнал во градот, на местото на сменетиот претходник, веднаш се зафатил со работа и "за неколку дена подготвил план за систематско задушвување на востанието. Тој ја поделил востанатата територија на сектори, при што ги имал предвид топографските услови и востаничките јадра, и во секој сектор испратил големи сили, кои

што, тргнувајќи од разни правиц, требало да се состанат во определен востанички пункт. Накусо речено, турската офанзива предвидувала опколување на востанатите подрачја со огромни воени кордони, кои, движејќи се бавно, постепено би го остеснувале обрачот и во неговиот центар со решителен удар би ги разбиле и уништиле востаниците. А за да ги соберат востаниците на тесен простор, аскерските колони и редици добиле задача да се движат така што да ги "прочешлаат" како со гребла планините и шумите, настојувајќи ниту едно катче да не остане непребарано. Творците на овој план наивно верувале дека со една пет-шестдневна офанзива востаничките сили ќе бидат ликвидирани.[95]

Интересно е дека истата стратешко-тактичка концепција на своите војсководци, османлиските штабови ја примениле во сите поголеми операции: при разурнувањето на Крушево, при нападите врз Клисура и Невеска, при опожарувањето на Смилево и слично.

Според планот на врвните турски војсководи, кои најчесто се советувале во Битола, во седиштето на авалијата и во присуство на Хусеин Хилми-паша, контраофанзивата против македонските востаници и сите нивни слободни територии требало да биде војнички реализирана низ три фази, што следеле една по друга.

Во текот на првата фаза сите армиски групации, главно составени од помал или поголем број баталјони на редовната армија, требало да тргнат кон точно одреднео подрачје. Бидејќи еди-

---

95) М.Пандевски, Илинденското востание ...,370.

единиците тргнувале од разни правци, од Битола како вилаетски центар, потоа од градовите што имале свои гарнизони (Охрид, Прилеп, Велес, лерин, Воден, Костур) нивната цел била на одредено место да се сретнат со другите единици, стремејќи се од сите страни да окружат и блокираат определено подрачје.

Втората фаза се одликувала со засилено маршираље кон одредената цел (слободна територија, населба, востанички единици распоредени на позиции) и извршуваље на директен напад врз македонските востаници и врз нивните придобивк. Во текот на истата фаза на контраофанзивата требало да бидат ликвидирани и збеговите на мирното население, избегано пред солдатеската, а и македонските селнаи да бидат принудени да се вратат во своите нањелби, да се легализираат пред властите, но при тоа не им била гарантирана неопходната лична безбедност.

Во текот на вотрата фаза, македонските востаници, од воена гледна точка, немале друг излез освен да ги прифатат концепциите на герилската дефанзива. Но, и покрај тоа, во втората фаза се случиле повеќе жестоки судири, па и повеќедневни битки меѓу контраофназивните единици на турската армија и востаничките единици на македонскиот народ. Тоа биле епски судири, често со вонреден осет за маневрираље од страна на македонските востаници, но и со примена на мноштво воени лукавства познати од поранешните востанија и војни.

Третата фаза се состоела во систематско "чешлаље" на македонските планини, од каде што биле отфрлени македонските востаници. Во тоа време постојани потерни единици, најчесто коњички

ескадрони, ги посетувале уништените и опожарени македонски села, вршеле нови притисоци врз мирното население, принудувајќи го да ги наговори востаниците да се предадат на властите. Таквите потерни единици, напоредно со другите турски војски, ги доразурнувале селата, палеле, сечеле и убивале во знак на одмазда за смелоста да се дигне македонскито народ против падишаховата држава и неговата тиранија. Карактеристично е дека припадниците на османлиската војска, вклучена во офанзивата за задушување на Илинденското востнаие, вршеле грозни и страотни воени злосторства над мирното население, над заробените и гланво ранети востаници и над спроведуваните затвореници, кои често патем биле убивани, без какаов и да е повод. Во сличен удар се наоѓале и македонските жени и девојки. Тие биле силувани потоа убивани или одвлекувани по харемите на силниците и на феудалните сопственици во вилаетот.

Sверствата вршени за време на втората и третата фаза на контраофназвата предизвикале бранови на бурни протести во речиси целиот културен свет, особено среде прогресивните средини на европското и американското општествено мнение. Тогаш сите оние што верувале дека македонските востаници не се борци за слобода, туку некакви авантуристи, обични бунтовници против царската власт во Отоманската империја, од фотографиите и од дипломатските извештаи на странските конзулати, како и од дописите на специјалните воени дописници на најголемите светски весници, се уверile дека положбата на христијаните во Османлиската империја е навистина премногу тешка и неподнослива во секој поглед.

Контраофанзивата достигнала кулминација кон крајот на месец август 1903 година, кога здружени османслиски одреди, под раководство на видни и прочуени војсководци, имале за задача да ги уништат единиците на Главниот штаб и на тој начин целосно да го обезглават ослободителното вооружено востание и движење на Македонците. Првите бранови биле најсилни и најопасни. Тие уништувале се пред себе. Потоа таквите операции се проретчиле, во ацкиите учествувале помали единици, често само месните гарнизони и ловечките баталјони, кои обично се упатувале по добивањето на податоци за движењето на револуционерните чети од страна на муслиманското население и од опасните селски силници - полјаците.

Што се однесува за бројната состојба на османлиската армија во Македонија, постојат повеќе документи, извори, наводи, соопштенија и слично. Во разните дипломатски и воени архиви, во дипломатските извештаи на велесилите, т.е. во извештаите на нивните дипломатски претставници испратени до владите во метрополите, наведени се најразлични бројки. Според извештајот на англискиот воен аташе Ф.Р.Маунсел, од мај 1903 година, во Македонија имало 142.000 османлиски војници.[96] Во еден друг негов извештај од септември 1903 година таа бројка веќе изнесува 193.149(54.011-Низам; 57.825-редифи, 43.213-илаве; 3.700-коњаници, 7.400-артилерци, 5.000-транспорт, 22.000-жандармерија).[97] Австроунгарскиот

96) Христо Андонов-Полјански, Кон британските извештаи за воените аспекти на Илинденското востание, Скопје, 1983, 6-10.

97) Истото, 13,17.

воен аташе, баронот Г.Гизл, наведува приближна бројка за ефективните 167.300 војници, со 3.000 коњаници и 444 топови.[98] Се разбира точниот број не можел да се утврди, зашто не било можно да се следи движењето на османлиската војска, која била распрсната на широк простор на востаничките упоришта.[99] Точно ова ќе биде утврдено доколку бидат објавени турските извори за бројот на воените ефективи во Македонија од почетокот до крајот на 1903 година.

Основната цел на турската контраофанзива со оружје да го уништат отпорот на македонските востаници не успеала. Револуционерните чети сразмерно на својата бројност дале помалку жртви отколку воените единици вклучени во контраофанзивата. Во суштина, востаниците во практиката применувале одамна позната тактика на брзи маневрирања и прегрупирања, при што за нив било позначајно да не ги загубат луѓето (борците), без оглед дали изгубиле слободна територија, бидејќи со запазените борци можеле да создадат нова слободна територија, во друго подрчје. Таквата тактика успешно била применувана.

д) Особености на востаничките дејства во текот на контраофанзивата

По настапувањето на контраофанзивата повеќето востанички единици, под раководство на своите штабови и војводи, од

---

98) Истото,

99) Истото, 7,11.

офанзива преминале во дефанзива. Пред многу побројниот и надмоќен непријател, кој што располагал со регуларна армија, вооружена на современ начин, главно со оружје од германските фабрики, востаничките единици веќе тешко можеле да изведуваат офанзивни акции. Во текот на дефанзивата востаниците речиси исклучително применувале партизанска тактика, која во дотогашното искуство во голема мерка била совладана. Биле преземени брзи маневри за извлекување од непријателските окружувања, ненадејни пробиви низ најслабите делови на обрачот, но најчесто настојувале да се извлечат пред неговото затворање, што претставувало закана за нивно целосно уништување.

Во текот на последните две фази на огромната турска контраофанзива, востаничктие единици, без оглед дали се работело за одделни или здружени чети или поголеми одреди, пројавиле восхитувачка маневарска способност во текот на борбите и по нивното стивнување. Војводите, познавајќи ги одично месностите во реоните на борбата и во најсложени воени услови успевале да ги извлечат своите борци од обрачот, да ги спасат од сигурно уништување и да ги префрлат на побезбедна позиција.

Востаниците мошне снаодливо го користеле своето познавање на месностите, за разлика од османлиските единици кои, поради непознавање на теренот, биле принудени да користат воени топографски карти, и тоа неизбежно го забавувало нивното напредување и започнувањето на контраофанзивни акции. За ова Август Крал констатирал: "Четите, што беа многу подобро запознаени со теренот, успеаја на најголем број места да им се провлечат

на Турците низ прсти, а одговорните командантипосле изјавуваа: Комитите не се најдени" .[100] По прочешлувањето на востаничките реони од страна на османлиската војска, четите пак се враќале таму од каде што се повлекле бидејќи тоа им беше најбезбеден терен за престојување доновото раздвижување. И во тие услови доследно била применувана одредбата на Востаничкиот правилник за меѓусебна помош на македонските реовлуционерни единици. Веќе споменатиот А.Крал и соопштил на својата влада дека околу 3000 востаници, веќе опколени во Мариово (и на Кајмакчалан), биле ослободени "од новопристигнатите чети, а на војските им била одземена храната".[101]

Благодарение на герилската тактика востаничките единици не биле уништени, со исклучок на неколку чети кои се наоѓале на дадени позиции како ариергарда (заштитница) и кои свесно се жртвувале за безбедно извлекување на соборците од другите чети и одреди. Август Крал, вонредно упатен во воените науки, а мошне информиран и за состојбата на теренот во Македонија, заради што можел да прави солидни анализи и да изведува точни заклучоци, во својот извештај од 10 септември 1903 година до грофот А.Фон Голуховски напишал: "Со ова се надеваат да го совладаат востанието, во што може сериозно да се сомнева ... Герилската војна ќе продолжи, и би било погршено кога би сакале да зборуваме за некое потполно совладување".[102] Натаму тој соопштил дека за

---

100) Д.Зографски, Извештаи од 1903-1904 година...,127.

101) Истото, 127.

102) Истото, 128.

Турците е многу тшеко наполно да загосподарат над четите што веќе еднаш зеле замав.[103)]

Накусо, жестоката османлиска контраофанзива, што предизвикала најмногу жртви среде мирното неборечко население, со примена на крвав терор, во воен однос не успеала, зашто не ги остварила тактичките и стратегиските цели поставени со контраофанзивниот план. Тоа се должи и на фактот што "османската команда немала квалификации во комплицираното герилско војување.[104)]

За деталното проучување на воената страна на Илинденското востание, мошне е значаен фактот што има голем број описи на борбите во 1903 година, дадени подоцна од директните учесници (раководители, идеолози, одделни војводи, дадени подоцна во вид на спомени.

Во првата половина на месец август 1903 година, во текот на револуционерната офанзвиа, т.е. од почнувањето на Илинденското востание до средината на месецот, кога започнала османлиската контраофанзива, во сите револуционерни реони на ТМОРО вооружените потфати и акции се одликувале со следните стратешки и тактички белези:

1. Нападите врз непријателски сили и објекти биле спроведувани одненадеж, што условило гоелм број почетни успеси во постигнувањето на одредените цлеи, согласно со планот за дејство на горските штабови во даденото подрачје. Извојуваните победи,

---

103) Истото, 136.

104) Истото, 15,19.

покрај храброста на востаниците, биле резултат и на предноста на самото изненадување при нападот на непријателските единици и објекти.

2. Сите акции, без исклучок, спроведувани од одделни чети, од здружени чети со помал борј борци, како и од револуционерни одреди (какви што биле формирнаи во нападите врз Крушево, Клисура, Невеска, Смилево и на други места), биле типично офанзивни, зашто воената иницијатива доаѓала од востаничките редови. Офанзивноста на македонските чети и одреди била запазена се до почетокот на контраофанзивната на турската армија, која за таа цел била концентрирана во големи воени ефективи во Македонија, а во рамките на реалните можности била задржана до самиот крај на востанието.

3. Нападите биле вршени врз помали градски и селски гарнизони (главно во седиштата на мудирите, кои секогаш располагале со гарнизони за преземање на помали акции во своите административни граници, како и за помош на соседните), потоа врз полициски и воени стражарници, на стратешки значајните планински премини и покрај сообраќајниците (железничките мостови и тунели).

4. Некаде биле извршени само заканувачки демонстрации со помали или поголеми акции (палењето на сеното во сенарникот на битолскиот османлиќки гарнизон, со напад врз стражата и брзо повлекување, демонстрацијата во Кичево и Ресен).

5. Таму каде што востаничките одреди ќе наиделе на жесток отпор на месниот гарнизон и на муслиманското население

Убашибозуците), во чистомуслимански населби, по неколкучасовен судир се пволекувале (Ордан Пиперката при нападот на седиштето на мудирот во селото Прибилци, Долни Железник), со што била манифестирана и еластичност во спроведувањето на одлуките.

6. Покрај воените и полициските објекти, востаниците насекаде ги напаѓале и утврдените чифликсајбиски кули, симболот на османлискиот феудален поредок што тежел врз плеќите на целиот поробен македонски народ и ги опожарувале.

7. При нападите во најголем број случаи, македонските востаници создавале обрач околу непријателските единици и објекти, го затворале обрачот и применувале опсада, се разбира, доколку во текот на првите борби не ја уништиле непријателската жива сила. Опседнатите османлиски аскери се обидувале да го пробијат обрачот на најслабото место и да се спасат со бегство давајќи голем број жртви (Крушево, Смилево). Некаде окруженият аскер можел да биде спасен само по доаѓањето на поголема воена помош, која му отварала излез, а потоа и таа се повлекувала со малубројните спасени од обрачот (Смилево).

8. Таму каде што востаничките одреди не го затвориле обрачот, најчесто заради недостиг на востаници за распоредување по линијата на опсадата, аскерите имале можности да се извлечат со минимални жртви, понекогаш и не обидувајќи се да им дадат отпор на востаниците или пак се давале во панично бегство (Клисура, Невеска).

9. За успесите на востаниците на воен план придонел и психолошкиот момент (или како што во современи услови се вели: војна на нерви, студена војна), бидејќи диверзантите на македонските револуционери ги прекинале сите телеграфски жици во своите реони, па на тој начин ги отсекле од соседните. Во такви услови на времена изолација, меѓу самите муслимани доаѓало до голем страв и паника, особено заради гласовите дека доаѓа Русија (Москов гелди). Овој глас се раширил уште повеќе по убиството на рускиот конзул во Битола, Ростковски. Паниката во Битола се должела и на психолошките ефекти предизвикани од целосната изолација на градот, која траела до денот на повторното воспоставување на врски со Цариград и со другите вилаети. Во меѓувреме вилаетските власти и воените единици комуницирале со помош на хелиографската сигнализација (успешна заади секогаш сончевите августовски денови).

10. За воените успеси и победи вонредно придонела и партизанската (герилска) подвижност на македонските востаници, кои ги познавале своите родни краишта и секогаш, во случај на потреба можеле да се засолнат или упатат кон саканата цел по најкусиот и најсигурниот пат, напреку. Таа подвижност била неопходна при маневрирање, преместување и прераспоредување на востаничките чети иодреди, а била вршена тивко, незабележливо.

11. Во случаи кога на османлиските единици на помош им доаѓале други аскери и башибозуци, за да го спречат тоа македонските востаници практикувале ненадеен напад со помали сили во грбот на непријателите или напад од едната негова страна, што

оставало привиден впечаток дека е можен таков напад и од другата страна, како при влез во заседа во клисура или во друга слична месност. Ваквите напади предизвикувале и бегство (акцијата на војводата Стојан Донски при Павлева Кула во Старо Смилево).

12. Во текот на судирите, борбите, битките, опсадите и диверзиите, македонските востанички раководители (војводи) и началниците на горските штабови имале целосно право за пројавување на воена иницијатива според сопствена оценка, без да бараат согласност од Главниот штаб. И таквото право успешно било користено според месните услвои.

Врз основа на карактеристиките на опишаните операции и борби како и многуте други воени судрии меѓу востаниците и аскерот во текот на востанието, можат да се извлечат следните заклучоци за карактерот и особеностите на воените дејства во Илинденското востание:

1. Во текот на целата Илинденска епопеја на македонскиот народ, без оглед на нејзината раширеност и различен интензитет, од воена гледна точка, во одделните револуционерни реони, македонските востаници применувале две основни тактики во своето војување. Првата тактика, во почетниот период на Илинденското востание, исклучително се карактеризирала со офанзивност, а втората, што почнала се повеќе да се манифестира од втората половина на август 1903 година, била од дефанзивна природа.

Во периодот на офанзивните операции на револуционерни групи и чети, на здружени одреди, покрај придружните диверзантско-саботажни акции, преовладувале борбени дејства што грубо земено можат да се распределат во следните основни групи:

а) Напаѓање на помали воени гарнизони на османлиската армија, стационирани во импровизирани касарни во поголемите села и на подоминантните сообраќајни пунктови (стражарски и чифликсајбијски кули, караколи итн).

б) Напаѓање на поголеми непријателски сили, со здружување на поголем број востанички единици - како што бил случајот со борбите за ослободување на Крушево, Клисура, Невеска и Смилево.

в) Вршење на воени демонстрации со окружување на поголеми аскерски гарнизони, при што нападите имале за цел да предизвикаат вознемиреност среде органите на воените и цивилните власти: да внесат соодветен страв меѓу муслиманското население (особено меѓу башибозуците) и да создадат клима на крајна несигурнсот и неспокојство.

Во периодот на дефанзивните операции и масовната контраофанзива, востаничката тактика на војување главно се состоела во извлекување и маневрирање со цел да се сочува востаничката војска од уништување, при што најчесто биле вршени и следните борбени активности:

а) Прифаќање на борба со аскерските колони во засолнети мест,а планински и слични месности и главно од заседи.

б) Организирање на одбрана на одделни населени места на ослободената територија со цел непријателот да биде одбиен најчесто заради поуспешна евакуација на цивилното население и негово спасување од репресалии и сурова одмазда, и

в) Стапување во позициска борба при одбрана на некои месности и ослободени населби.

Ваквата тактика во војувањето природно била наметната од решавачкиот пресврт на борбените акции, особнео откако врз востаничките сили биле ангажирани околу 80.000 аскери на Османлиската империја, со што била остварена повеќекратна надмоќност над востаниците. Се разбира, голем број од борбите се одвивале со примена на различни тактички приоди, што биле диктирани од повеќе фактори, како на пример од сообносот на силите, местоположбата на борбените позици, моралот на востаниците (што главно бил на голема висина) и од многу други специфичности.

2. Податоците укажуваат дека воените дејства во текот на Илинденското востание (што е карактеристично и за сите други востанија и револуции воопшто) немале ист интензитет во сите револуционерни реони. Воените судири биле најбројни во Вториот (битолски) револуционерен округ на ТМОРО, а помалубројни во другите револуционерни округи, поради што и стратегијата и тактиката во нив помалку или повеќе се разликувала. Додека востанието во Битолскиот округ прераснало во масовно, општонародно востание, во кое на соодвете начин учествувале и невооружени лица (мажи, жени, па и деца), дотогаш во другите реони тоа имало ограничен карактер, што не значи дека тамошните акции биле помалку самопрегорни и херојски.

3. Без оглед на таквиот тек, врз основа на изнесените историски факти и показатели, произлегува дека во Илинденското востание бил појавен беспримерен хероизам на македонскиот

народ и на неговата непоколеблива одлучнсот да се бори за својата слобода. Напоредно со тоа востанието предзвикало длабока вознемиреност и загриженост кај Портата, која - не бирајќи средства и начини и безрезервно поддржана од западноевропските сили - со невообичаена брзина пристапила кон задушување на востанието во Македонија. Во однос на востаниците биле фрлени неспоредливо поголеми сили на европските единици на османлиската армија. Било невозможно да се спречат тие аскерски сили во започнатата контраофанзива, што, всушност, била акција на одмазда и крајна суровост. Тие единици, во суштина, постапувале како казнени експедициони корпуси: убивале, вршеле насилства, опожавуања, уништувале се пред себе. Наместо вооружена борба, овие единици практично спроведувале геноцид врз недолжното население.

4. Бројната надмоќ на аскерот, неговата подобра опременост, вооруженост со модерно оружје од германските фабрики и обученост на командниот кадар, биле галвни потпори во успешното изведуање на контраофанзивните акции. Напоредно со ова, востаниците немале можност да дејствуваат посинхронизирано, според концепциите определувани од еден команден пункт и слично, па се почесто се наоѓале во тешки ситуации.

5. Но, независно од вонредно големиот хероизам и самопожртвуваност, илинденското востание било задушено. Неспорно е дека причините за ваквиот исход се главно од политички и воен карактер, покрај онаа што била предизвикана од предвременото избувнуање на Илинденското востание, а за што посебен

придонес имале отворените и прикриени непријатели на македонскиот народ.

6. Од воените фактори кои негативно се одразувале на исходот на востанието посебно се истакнуваат: слабата обученост на востаниците, нивното релативно несоодветно вооружување, недостигот на муниција, поголем број нерешени прашања од санитетски, интендантски и друг карактер, затајување на меѓусебните врски и слично. За крупна стратешка грешка се смета не само тесното лоцирање на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ, туку и слабите борбени врски со другите револуционерни округи, што придонеле контраофанзивата во целост да биде насочена во поширокиот битолски регион.

г) Форми на борбените дејства и обемот на Илинденското востание

Во досегашната воена практика се афирмирале три основни начини на водење на вооружената борба: фронтален, партизански и комбиниран. Сите овие облици се наоѓаа во постојана еволуција, доживуваат квалитетни скокови и носат повеќе особености на секоја земја кој ги применува и на времето во кое се одвиваат, како што беше и случајот со Илинденското востание во кое главни носители на вооружената борба беа четите и нивниот здружен облик - одредите, со евидентно содејство на многубројните диверзантски групи, а главен облик на водење на вооружената борба - партизанскиот начин на војување, со повремени одделни комбинирани и фронтални судири со турската вооружена сила. Види прилог бр.

Борбените дејства во Илинденското востание 1903 година во траење од повеќе недели што се одвива во Битолскиот револуционерен округ сочинуваат со својот вкупен обем операција која довела до постигнување на крупни оперативни цели во Костурско, Охридско и Железник, како што беа ослободувањето на Крушево, Клисура, Невеска, Смилево и други места во Битолскиот револуционере округ. Од сите овие, најповеќе заради најголемите политички дострели, се издвојува Крушевската Република.

Од оценката на одлуките[105] за напад и ослободување на одделни места може да се заклучи дека нивна цел било спроведување на решенијата содржани со општиот план на востанието и Смилевскиот конгрес. Имено, востаничките дејства се шириле по сите реони во округзите со примена на партизанскиот облик на борбени дејства во склад со степенот на подготвеноста и специфичностите на соодветниот револуционерен округ.

Според видот на борбените дејства најчести биле нападните и одбрамбените борби и боеви. Борбите биле доминантни во сите етапи на вооружената борба, а ги воделе најчесто една или две до три здружени востанички чети. Боевите биле повисок степен на организираност на водење на вооружената борба и биле подготвувани и изведуани за реализација на крупни (оперативни) цели. З изведување на боевите секогаш биле подготвуани соодветни планови и се здружувале поголем број на чети (до десетина).

Заради согледување ена обемот на Илинденското востание ќе наведеме податоци кој што ги одредуваат димензиите на во-

---

105) Љ.Лапе, Одбрани текстови...,445-453

станието за периодот од 20 јули до 20 октомври (по стариот стил) врз основа на кој може да се стекне доста прецизна претстава за обемот на вооруженият судир на востаниците со турската армија на територијата на Македонија и Одринско. Во текот на востанието се одвивале вкупно 239 боеви и борби, без диверзантските акции, од кои во Битолскиот револуционерен округ - 150, во Одринскиот - 36, во Солунскиот - 38 и во Скопскиот - 15. Во нив учествувале 26.408 востаници и 356.931 турски војници, башибозуци и други реакционерни елементи. Според тоа, односот на силите бил 1:13,3 во корист на турските сили.[106] Во одделни боеви и борби овој однос варирал така да, особено во периодот на турска контраофанзива достигнувал вредност од 1:30, а во почетниот период на востанието, во текот на востаничката офанзива, била обезбедувана надмоќ на востаниците од 1:6-8.

Во вооружените судири загинале 994 востаници и 5.328 турски војници, додека во текот на турските насилства при задушувањето на востаниците и разните одмазди убиени се 4.694 македонци што вкупно чини 5.788 жртви со кои е платена како трајната слобода. Според овие податоци со односот на жртвите изнесува 1:5,36 во полза на востаниците во вооружените судири, што на елустративен начин зборува за вонредно високи воени ефекти на востаничките борбени дејствија односно 1:0,92 во корист на Османлиите пресметано според вкупниот број на жртвите (во неборбените жртви).

---

106) Според М.Апостолски, Одбрани дела ...,117-118

Во своите злосторнички походи турците запалија 201 македонско село при што изгореле 12.440 куќи, а останале без покрив 70.835 жители.[107)]

Само во Битолскиот револуционерен округ се одвивале 150 вооружени судири. Во нив учествувале 19.852 востаници против 292.735 аскери (со однос 1:14,7). Во нив загинале 746 востаници и 3.087 аскери.[108)]

"Во другите револуционерни округи, каде што немаме масовно востание, четите ја имаа засилено својата дејност и во десетици борби ангажираа против себе над 60.000 турски војници".[109)]

Според други извори,[110)] биле убиени 8.816 мажи, жени и деца.

е) Основни причини за поразот на востанието

Во 1903 година Илинденското востание е изведено во неповолни воено-политички услови, во услови на тотална окупација и потчинетост, во услови во кои тешко можело да се оствари крајната цел - ослободување на Македонија, од следните причини:

1. Отоманската империја по Источната криза (1876) и кризата околу Крит и Грчко-турската војна, настојувала да го подигне авторитетот на турската војска и султановата власт.

---

107) Истото, 118.

108) Македония и Одринско ...,161.

109) Историа на България, 1962,II,231.

110) Историја на македонскиот народ...,248.

2. Кога се донела одлуката за општонародното востание, Македонија заедно со Косово и Албанија, претставувала најистурена територија на Отоманската империја во Европа. Преку оваа територија, заедно со Турција, биле одржувани врските со големите сили, бидејќи преку неа врвеле главните комуникации од Европа кон Блискиот Исток,[111] односно кон топлите морија.[112]

3. Отоманската империја, заради заштита на своите територии, морала да посвети поголемо внимание, посебно на поцврстото војничко држење на власта во земјата поради опасноста од внатрешното движење на македонскиот, албанскиот и ерменскиот народ.[113]

Во овој период Турција никаде не била ангажирана и слободно располагала со своите вооружени сили, што и давало можност во крв да задуши секое востание. Турската војска била посилно и помодерно вооружена, посебно гарнизоните и ефективите на Балканот. Масовно бил присутен и вооруженият башибозук.

4. Великобугарските и великосрпските влади, тргнувајќи од наиционалистичките интереси, а користејќи ја паролата "ослободување на своите брака,[114] вршеле четнички упади, и на

---

111) Интересите на Царска Русија биле за излегување на топли и морија посебно изразено во Руско-турската војна 1877-1878, другите европски земји за врски со колоните и за нови зграбувања (Хамлер 3, 475-478)

112) Хамлер, 3, 474-479.

113) Хамлер, 484-485 и 493-498.

114) Хр.Силјановъ Освободителнитѣ борби на Македонија,..., 204-405.

тој начин нанесувале штети на подготовките за востание. Во нив ослободителното дело имало сериозен противник, маскиран во "сојузник".

5. Турската власт, по секоја цена настојувала да ја сочува Македонија од која имала големи приходи, посебно од разновидните даноци. За таа цел го зголемила бројот на воени гарнизони, со што обезбедила висок степен на опсервација и контрола на просторот.

6. ТМОРО во период по една деценија, иако била солидно организирана и масовно прифатена, не успеала кај широките народни маси доволно да ги разјасни целите на востанието, да ја развие нациоалната и социјалната свест, посебно кај луѓето од градот. Не успеала македонскиот субјект доволно политички да го подготви за востание. За упорна борба, револуционерните окрузи не биле подготвени. Во Солунскиот и Серскиот округ тие биле со помал интензитет додека во Скопскиот сосема изостанале. Затоа и востанието во тие окрузи се манифестирало преку диверзантски акции и одделни герилски борби.

7. Неприфаќањето на времето за општо востание било обусловено од недоизграденоста на воената или борбената организација и нерешените организациски, кадровски и материјални прашања.

8. Раководењето и командувањето во востанието не обезбедило единственост и непрекинатост на вооружената борба на боиштето како единствена операциска просторија и единство на употребата на четите по околиите, реоните и окрузите, па и во

целина на Македонија и Одринско. Не дошло до обединување на воените дејства по правците и просторот во сите окрузи и реони. Доста бавно се реагирало на новонастанатите промени што укажува дека раководството не ја следело ситуацијата. Раководењето и командувањето не било организациски поставено како колективно командно тело (штаб). Во сите свои активности се служело со механизмот на ЦК и неговиот авторитет. Пренагласено било политичкото раководење. Доминирале непосредните односи кои се завршувале на ниво на чета или во околија. Според тоа ТМОРО остварувало само единствено политичко раководење, преку ЦК но не и воено. Практично центрлано воено раководство и командување не постоело. Сите борби претежно претставувале самоиницијатива на војводите,[115] и не биле доволно координирани ни по време ни по објектот врз кој се дејствувало. Системот на раководењето и командувањето не бил хоризонтално и вертикално поврзан. Од анализата на основните функции на вооружените сили (чети) може да се види дека ТМОРО не му посветила доволно внимание на РиК. Немало подготвени планови и не бил обезбеден оперативно-стратегиски развој по сите окрузи, роени, околии и чети, а тие планови требало да одиграат една од најважните функции во изведувањето на внатрешната борба и реализација на планираните задачи.

Раководењето и командувањето не било засновано врз апсолутна субординација, туќу базирало на самостојни иницијативи.

---

115) За цело време имало голема автономија на војводите, кои идејно биле единствени, но во смисла на воената организација и раководењето и командувањето биле самостојни со различни гледања на конкретните услови и ситуации

Во такви услови на РиК, посебен проблем биле врските. Штабот речиси не воспоставил и не одржувал врски со реонските штабови на востаничките одреди во округот. Поради тоа штабот не можел да ги следи борбените дејства и да дава благовремени напатствија.

9. Посебно треба да се има во предвид демографскиот фактор. Тогаш во Македонија од 2.247.574 жители, Македонци биле 1.179.036 и околу 1.058.538 Турци, Албанци и друго.[116] Меѓутоа, ТМОРО не стигнала да изгради еден поширок внатрешен борбен фронт во кој помасовно би биле вклучени припадниците на другите народности или да ја осигура нивната неутралност во судирот. Помасовно во македонските реодви влего влашкото население,[117] и бугарското во Тракија (Одрински вилает), кое масовно се вклучило 16 дена по избувнувањето на Илинденското востание. Во вакви услови и односи прашањето на сојузништвото било крајно дискутабилно бидејќи турското население било национално определено и чувствувало приврзаност со постојната турска држава.

10. Во раководството постоело неединство, дошле солунските атентати и убиството на Гоце Делчев. Тероризот ја продлабочил кризата во ТМОРО.

11. Македонскиот народ останал сам да се бори без воена и дипломатска помош и без сојузници, како во текот на подго-

---

116) Михаил Апостолски, Етничките промени во Македонија во XIX век, зборник за народни живот и обичаи јужних словена, КВ, 49, Загреб, 1893, стр.11

117) Опширно за ова прашање види кај М.Пандевски, Националното прашање во Македонското ослободително движење (1893-1903), Скопје, 1974

товките, така и во самото востание. Надворешните политички прилики и околности не оделе во прилог на востанието.

12. Врховистичката вооружена наезда од 1902 година,[118] манифестирана низ бројните провали и атентати, им нанела силен удар на настојувањата на ТМОРО за подготовки и изведување на вооружено востание. Таа ги компромитирала искрените напори на Организацијата и создавала смут меѓу народот. Многу реони во Скопскиот, Солунскиот и Серскиот округ практично останале неподготвени[119] за престојното востание, заради што изостанала поддршката на востаниците во Битолскиот револуционерен округ па се создале услови за несметано дејство на Турците во текот на контраофанзивата.

13. Главниот штаб, определувајќи се за востание, не ја оценил доволно прецизно состојбата и приликите во округзите и оперативната положба на турските сили. Како последица на лошата проценка на условите и состојбата во Организацијата и на просторот, без каква и да е морална и материјална поддршка од надворешните сили, востанието било безперспективно.[120]

---

118) Илинденското востание, "Освободжение" Софи , г.III, 1922, бр.14, стр.1

119) Опширно за овој проблем види кај М.Пандевски, Вооружувањето на македонските револуционери и востаници во периодот од Илинденското востание (1893-1903) Гласник на ИНИ, Скопје, VII, 1964, бр.2

120) М.Апостолски, Гоце Делчев за стратегијата и тактиката на МНОД, Г.Делчев, 1872-1972, Скопје, 1973, 24-32, М.Пандевски, Илинденското востание ...,145-148

14. Одлуката на Главниот штаб за прекин на борбените дејства, донесена на 2.10.1903 година, довела до разбивање на четите со катастрофални последици за востанието.

Од изложеното може да се заклучи:

1. ТМОРО пред себе немела само еден главен непријател - турската власт како што беше случајот кај другите соседни народи во времето на нивните борби за слобода, туку огорчен непријател на Организацијата за слободна Македонија, биле соседните монрахии кои дејствувале преку бројни агентури, патријаршијата, егзархијата и др. Со тоа населението било поделено на најразлични симпатизери (бугарофили, гркомани, србомани, романофили и др.) и тешко се обезбедувало единство. Балканските буржоаски влади биле заинтересирнаи да ја зграбат Македонија, а врховизмот се покажал како најопасен противник на Револуционерната организација и нејзината политика.

2. Општата меѓународна положба одела во прилог на Отоманската империја. Големите европски сили, а особено Австрија и Русија не биле заинтересирани за промени на Балканот заради зафатеноста со други проблеми, па македонското национално прашање не било третирано со сета акутност и актуелност. Не била почитувана Лениновата максима дека за да се води војна, треба да се придобијат сите сили на народот. Целата земја во војна мора да се преобрази во "револуционерен логор".

Од ова произлегува заклучокот дека дури и при една подруга востаничка стратегија отколку што била илинденската,

немало до крај да се создадат услови за ослободување на македонскиот народ со сопствени сили, без поддршка на надворешниот фактор. Во времето на Илинденското востание надворешните услове оделе на штета на поставените цели на ТМОРО. Со одлагањето на востанието веројатно ќе се створеа услови за доизградба на воената организација и системот на раководење и командување а со тоа и остварување на поставените цели на ТМОРО.

III. ЗА КАРАКТЕРОТ И ИСКУСТВАТА ОД ВОЈУВАЊАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ВОСТАНИЦИ ВО ПРЕДВОСТАНИЧКИОТ ПЕИРОД ОД 1893-1903 ГОДИНА И САМОТО ВОСТАНИЕ

Борбите и востаничките акции на македонските востаници од крајот на XIX век и почетокот на XX век своја кулминација добиле во Илинденското востание. Тие прилично се изучувани во домашната и странската историографија. Меѓутоа, сите тие изучувања не дале заокружен приказ на оваа проблематика, а особено на воените искуства од востанието. Влијанието на историографијата на воените изучувања посебно се манифестирало во нагласувањето на спонтаниот карактер и стихијниот развој на востанието, потоа во пренагласеното подвлекување на условеноста на неговото разгорување од надворешните влијанија заради што за воениот аспект на востанието не постои потполна и јасна слика. Таквите гледишта оставиле малку простор за истакнување на субјективните фактори на свесната и организираната акција на самите востаници, за изучувањето на дострелите на востаничките воени цели и оперативни планови,

како и за самиот карактер на војната, накусо на се она без кое нема ни целосна оценка на востаничкиот начин на војување.

Од посебно значење за македонската историографија е изучувањето и толкувањето на востаничките дејства. Тие јасно укажуваат на карактерот на востанието и востаничкиот начин на војување и даваат доволно елементи за нивно оценување, како и за оценување на стратегиските концепции на востаниците врз кои се засновани успесите на нивните борби.

Времето од формирањето на ТМОРО (1893) година па се до Илинденското востание (1903) е исполнето со многу искуства во поглед на карактерот, целите, организацијата, изградбата, раководењето и употребата на востаничките сили. За тоа сведочат бројни документи. Врз основа на нив не може да се каже дека не постоел никаков воен план, бидејќи без него не би можело да се војува. Податоците за честите советувања (од Ресенското 1894 година па се до Илинденското востание 1903 година), посебно по реоните и околиите, зборуваат дека војводите не го изоставувале прашањето во врска со водењето на војната. Низ секојдневните искуства од борбите е црпена силата за претстојното востание кое што грижливо е планирано дури и со идејни определби и правни документи.

Поединечните успеси од 1893-1903 година при вооружените акции на самоодбрана и при пресметка со зулумќарите постепено израснале во стремеж кон целосно ослободување. Со верба во силата на сопственото оружје, востаниците го промениле карактерот

на војувањето и од борба против башибозуците се развила борбата против султановата власт. Почнало да преовладува сфаќањето дека низата поединечни успешни акции ќе условат постепена промена на карактерот на борбата.

Големите и брзи успеси на востаниците и стратегискиот развој на востаничката војска во Битолскиот округ можат да се објаснат само во целината на борбата. Развојот на востаничките борби укажува дека за востанието не била одлучувачка стихијноста туку организираната акција, која се преземала од првите денови на востанието. Широкиот сплнтан отпор на народот против репресалиите влијаел ситуацијата да се оцени како поволна за востание. А кога се донесени одлуките востанието да се прифати, се настојувало тоа што побргу да се организира. Востаничката војна од 1903 година не е изолиран судир, туку успешна вооружена војна во која востаничките старешини (војводи) покажале и тактички знаења и воена вештина. Интензивните и организирани борбени дејства на востаниците довеле до тоа во август 1903 година востаниците да ослободат голема територија и градови во Битолскиот револуционерен округ.

Многу моменти по првите денови на востанието укажуваат дека ситуацијата во востаничката војска се менувала и била многу динамична. Плановите за дејство се приспособувале на конкретната состојба. Но, токму начинот на сообразување на конкретните ситуации и услови дава поттик за разработка на основните прашања на востаничкото водење војна и придонес кон воената мисла.

Поаѓајќи од основните прашања кои ги поставува изучувањето на војната, посебно ослободителното востание, може да го истакнеме богатството од примери кои укажуваат како и зошто од народните маси се издигнува кадар со висок квалитет способен да решава крупни прашања на стратегијата и тактиката поучен од самата борбена практика.

Досегашноста воено-историска наука не направила доволен напор да се разјаснат тие моменти. Во оценката на практиката на востаниците се зборувало за допуштеното, а уште повеќе за недопуштеното во нивните тактички потези, при што се применувале шаблони од разни правила на воената вештина, често токму во случаите на успешни востанички акции, со што успехот во многу се препишувал на случајот. Кога се проценувал одделен потез на востаниците како противпрописен или крајно ризичен се заборавало дека тој, навистина, противречел на тогашните правила на регуларните војски, но не и на правилата и условите на ослободителната војна. Задача на воената историографија не е военото искуство да се подредува на правилата и да се оценува од нивно гледиште, туку од гледиште на ефикасноста на дејствата, кои во воената практика ги рушеле застарените правила и шаблони.

Меѓу специфичностите на востанието кренато во конкретните околности кои го следеле и му давале одреден карактер спаѓа и тоа што недоволниот број и слабата вооруженост на борците се надоместувале со иницијативноста и смелоста на маневарските комбинации. За успех во борбите против непријатлеот, кој бил многу побројен и вооружено надмоќен, посебно влијаеле: поддршката од

широките народни маси, решеноста да се издржи докрај, можноста постојано да се прибираат потребните податоци за непријателското движење и одржување на сопствените подготовки во тајност, можност за предизвикување напади во заднината на непријателот, можност за зачувување на сопствените борбени сили после одделни порази и сл.

Посебно треба да се истакне дека со издвојување на документи за одделни боеви и битки, а во настојувањето детално да ги прикаже, досегашната воено-историска наука даде придонес само во опишувањето и проценувањето на тактиката, користејќи се со тогаш важечките правила и постојната практика. Меѓутоа, тие податоци се скудни, па затоа и од помала вредност, бидејќи не било забележано она што е специфично за оваа војна. Многу нешта изгледале неразбирливи, порди што неоправдано се сметало дека не може да стане збор за никаква тактика.

Во наследството на историската наука за востанието од 1903 година не наоѓаме подлабоко разгледување на прашањето за карактерот на востанието и внатрешните општествено-политички услови кои го одредуваат. Затоа на воено-историските изучувања им недостигала анализата на сите оние моменти, условени со специфичностите на ослободителната војна која не е судирмеѓу регуларни армии, туку борба на еден цел народ, посебно во Битолскиот округ, против угнетувачот. Разгледувањеот на основните прашања од стратегијата и тактиката, не би било целосно ако не се даде макар и најкус осврт на тоа како современиците гледале на таа проблематика, затоа што и самите настојувале да ја разгледаат и

разјаснат. За современиците не може да се каже дека биле оптоварени со прекумерно теоретизирање, затоа што многу повеќе биле гонети со непосредните потреби да ги надминат и доживувањата и да ја водат самата војна. При тоа преку настојувањата да го објаснат она што се случило, морале подлабоко да ги согледуваат и оценуваат перспективите на развојот на востанието, со желбата да го обезбедат неговиот успех.

Тие го истакнувале прашањето за единството на стратегиската концепција од која произлегувал одреден однос на востаничката одбрана и напад, офанзивните и дефанзивните дејства. Покрај веќе дадените оценки за значењето и перспективите на востаничките офанзиви, неопходно е да се истакнат условите на одбраната, на која востаниците биле принудени. Стратегијата на одбраната на ослободената територија во поглед на своето временско траење - важно зуа воените напрегања - се засновувала на неопходноста за привремена цврста одбрана на одделни позиции заради изведување на пробој или извлекување од обрач, но не и за трајна одбрана на одредена територија. Поради тоа ниту заземените позици и задобиените предности не можеле подолго да се задржат. Секое определување за одбрана би довело до исрпувачка војна, во која востаниците, би биле поразени кога елеменетот на бројноста и вооружувањето ќе псотигне одлучувачко значење.

Потпирањето врз личната храброст, која е содржана во одредени постапки било да се обмислени порано или не, остварувајќи одредени успеси, исто така влегува во составот на военото искуство. Во тоа многу тогашни посматрачи се уверувале постепено

и покажувале се поголем интерес за востаничкиот начин на војување.

За македонските востаници во голема мерка е карактеристично она што е речено за револуционерното творештво кое го покажал францускот народ кон крајот на XVIII век, преобразувајќи го сиот систем на стратегија, отфрлувајќи ги сите стари закони и обичаи за војната и, наместо стара војска создавајќи нова револуциоерна народна војска и нов начин на водење војна.

Во карактерот на востанието од 1903 година, неговите објективни и субјективни чинители,неговите раководечки сили и ангажирањето на народните маси во востанието, треба да се бара основата за разбирање на оние спецфичности кои востанието ги одбележало во начинот на водењето на војната. Тогаш поцелосно можат да се согледаат сите елементи битни за изучување на војната: воен план, мобилизација, концентрација, стратегиски развој, тек на самите операции и борби.

Историската документација за востанието е од различна природа и вредност. Главно се состои од воени наредби и извештаи од војводите и конзулите осставени пред и по борбите, како и од извештаите и оценките на разни посматрачи, составувани врз основа на податоците добиени по различни патишта, од што зависи и нивната веродостојнсот и сведоштва на учесниците и современиците, забележани неколку децении подоцна за настаните во кои учествувале или за кои слушнале.

Веќе и првиот вид документи во поглед на содржината може да има различна веродостојност. Ова посебно се однесува на

извештаите за текот на борбите во кои е претрпен пореѕ. Се настојувало поразот да се оправда. Извештаите за успешните борби, од друга страна, содржат извесни претерувања и преценувања на нивното значење. Во извештаите на посматрачите често се нагласуваат оние моменти врз основа на кои би можело да се предвидат идните настани, во кои верувале или пак самите ги посакувале или претпоставуале. Низ дополнителните сеќавања на учесниците и современиците често, покрај недоволната сигурност, се пробиваат извесни тенденциозности во толкувањето на настаните во зависност од припадноста на одделни војводи кон групи што се создавале во текот на востанието, или дури под влијанието на подоцнежните конфликти. Сето тоа создава непромисливи пречки при ползувањето на материјалот, а во него може да се најдат навистина значајни податоци, па дури и доста исцрпни анализи.

Историските документи претставуваат само основа за изучување на реалноста, а не се реалност. Разбирливо е што се често противречни и што по својата природа не можат да дадат непосреден одговор на сите прашања кои се поставуваат при научното проучување на војната. Оттаму треба да се постави одреден однос спрема податоците, посебно кога од реконструкција на настанот се преминува на анализа на военото искуство, кое открива одредени законитости на војната, без оглед на субјективните ставови и оценки кои се истакнувале при составување на извештаите или издавањето наредби.

Востанието од 1903 година, со својот замав и значење се вклучувало во европската политика и воени изучувања, а во из-

весни моменти чинело значаен дел од европската политичка и воена стратегија на Балканот, па затоа било предмет на интересирање на многу влади и воени кругови. Развојот на востанието и неговите елементи, кои биле од значење за европската политика и воена ситуација го следеле и анализирале доста воени посматрачи. За нив од посебен интерес била оценката на перспективата на развојот на востанието, посебно затоа што внесувало нови моменти и во поглед на состојбата во Турција и Балканот.

Разгледувањето на перспективата на развојот на востанието поаѓало од битните елементи кои во воената анализа доаѓаат во предвид: проценка на односот на силите на завојуваните страни, понатаму општествено-политичките, стратегиските и тактичките моменти кои на тој однос на силите му даваат вредност реална во воените дејства. Анализите на тие посматрачи и заклучоците кои од нив се извлекувале за карактерот на востаничката војна и условите за нејзината победа, се значајни не само по тоа што претставуваат посебни обиди за изучување на востаничкото војување, туку и по тоа што во прилична мерка се приближиле кон разбирањето на влијанието на карактерот на востаничката војна во почетниот период, посебно во Битолскиот револуционерен округ. Невозможно е да се икстанат сите причини за неуспех на востаниците во остварувањето на најшироките цели на востаниците. Причините за поразот на востанието се комплексни и врз основа на постојните документи и сознанија се уште со потребниот степен на научна веродостојност не може со сигурност да се утврдат. До времето на отворањето на соодветната турска воена и дипломатска документација сите анализи на ова прашање ќе останат на ниво на хипотези и оценки.

Меѓутоа, Илинденското востание, не само од политичка, туку и од воена гледна точка, претставува еден од најсветлите настани во историјата на македонскиот народ, настан што ја разбранува демократската свест на целокупното прогресивно човештво, покажувајќи дека една мал, но крајно слободољубив и упорен народ, по цена на најголеми жртви, смело го дигнал својот глас против многувековниот и далеку понадмоќен поробувач, оставајќи за своите помлади генерации беспрекорен пример и залог, како човекот треба да се бори за својата слобода, самобитност и суверенитет. Историјата покажа дека наследниците на илинденците ги остварија идеалите на своите предци. Жртвите на Илинден не беа залудни.

VII ДЕЛ

ОСНОВНИ ФАКТОРИ НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Еден од битните проблеми со кои се занимавала ТМОРО, биле и основните фактори на војната и вооружената борба бидејќи секој судир, секоја борба, па и востанието во целина, требало да го водат луѓе - спротивставени страни, со соодветни материјално технички средства, на одреден простор и во одредено време.

Од политичката стратегија јасно се гледа дека крајна цел на востанието била да се ослободи Македонија од султанското ропство и да се создадат услови за нови односи во кои македонскиот човек ќе биде субјект на одлучување, а не објект на султановата власт. За да се оствари тоа во прв план била прифатена ориентацијата кон подготвување на вооружена борба и создавање на вооружени сили (чети), како средство за остварување на крајната цел - полна слобода на Македонија.

Илинденското востание е водено во исклучително сложени надворешни и внатрешни услови во кои дејствувале различни фактори, меѓусебно зависни, поврзани и условени.

Доктрината на вооружената борба во концепцијата на ТМОРО била заснована врз решавачката улога на македонскиот човек, неговите лични и материјални потенцијали, просторот и времето. Овие фактори ќе бидат посебно разгледани и ценети.

1. Човечкиот фактор во стратегијата и тактиката на ТМОРО и Илинденското востание

Проценките и анализите значајни за човечкиот фактор во Илинденското востание најчесто се сврзани за оние показатели кои го анализираат квалитетот и квантитетот на живата сила (бројноста, структурата, обученоста, физичката, политичката, психолошката и моралната вредност). Меѓутоа потесниот аспект на тоа разгледување требало да се насочи кон тоа кога, колку и кои борбени и неборбени структури биле вклучени во синџирот на вооружената борба и материјалното обезбедување на востанието. Да се види колку луѓе се ангажирани на планот на бојното поле и снабдувањето и каква е нивната политичката зрелост, манифестирана низ односот кон востанието.

Во целина, без оглед како и од кое гледиште да се цени човечкиот фактор, мора да се истакне моралната сила на сите негови учесници. Тоа најдобро го истканувал Крсте Мисирков: "Тие што одвоено го третираат моралот и политиката, всушност не го сфаќаат ни едното, ни другото". Илинденското и другите востанија потврдија дека човекот бил одлучувачки фактор во борбата и отпорот. Свеста на востанието и на целиот народ произлегувала од длабокото сознание и убеденост во оправданоста на ослободителната војна и револуција. Морално-политичката свест се пројавува во непоколебливата волја и решеност на востаниците и сите учесници со бескомпромисна вооружена борба да се борат против турското ропство. Да се борат за своите праведни цели кои имале класен,

национален, социјален, економски и друг карактер. Македонскиот народ предводен од ТМОРО цврсто верувал во целите на борбата, во сопствените сили и победата. Борбениот морал имал свои корени во повеќевековната борба на македонскиот народ против завојувачите. На неговото одржување и постојано јакнење организацијата му посветувала исклучително внимание. Особено се подвлекувало значењето во сите услови. Воено-стручните знаења и вештини, заедно со воспитувањето, претставуваат еден од оние елементи од кои битно зависел непосредниот ефект во изведувањето на борбените дејства. Психичката стабилност и физичката спремност овозможувале успешно совладување на напорите и тешкотиите. Во сето тоа информирањето и известувањето за настаните по селата-градовите, околиите и окрузите било од посебно значење за одржување на високите идеали и мотиви кај востаниците.

Платформата на ТМОРО овозможила преку разновидни и пригодни форми најшироко да се активираат селските маси, училиштата и другата младина, учителите, свештениците како и жените, давајќи на дело свој придонес за јакнењето на единството на вооружените сили.

Во напорите за создавање и проширување на вооружените сили, за борбата против турското ропство, ТМОРО дала иницијатива, а тоа го ставила и во првиот член на Уставот, дека има за цел да ги сплоти во една целина сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на вера и народност, за извојување преку револуција на полна политичка автономија за тие две области. Револуцијата македонскиот народ ја чувствувал како нешто

убаво, возвишено, како начин за остварување на своите стремежи и дела. Цврсто верувал во целите на борбата, во сопствената сила и победа. Сето тоа создавало услови повеќенационалната структура на населението (Македонци, Власи, Евреи, Муслимани) да се најде во редовите на организацијата и четите. Организацијата требало да ја надмине недовербата и омразата меѓу народите на просторот на Македонија. Таа дошла до сознание дека и малите народи можат да бидат способни да го победат и најсилниот поробувач (окупатор) само ако се подготвени и решителни да се допрат. Ценејќи ја состојбата на односите со Турција, Балканот и Европа, зазела јасен и исправен став, што е рефлектиран со одлуката со потпирање врз сопствените сили да се подготвуваат за вооружена борба против турската армија за ослободување на Македонија. Во организирањето на народот како воен фактор на вооружената борба настојувала широките народни маси да ги подготви и направи субјект на вооружената борба. Борбениот потенцијал на народот го воздигнувала со развивање на вербата во сопствените сили бидејќи на народот на кој слободата му ја подарувале други, никогаш нема да има доволно слобода и таа слобода секогаш ќе биде ограничена. Со тој став ТМОРО на сите соседи им дал јасен и принципиелен одговор.

Без емоционалност и субјективизам може да се тврди дека Илинденското востание билопример на сестрано ангажирање на народот како воен чинител на вооружената борба. Таквите подготовки и присуство на народот во вооружената борба му дале една нова смисла, содржина и димензија на поимот вооружени сили од гледиштето на квантитетот и квалитетот во склад со Марксовите сваќања

на вооружената борба. При ова согледување на учеството на народот во четите, кои ги чинеле вооружените сили, треба да се истакне и другата компонента - народот кој учествувал во решавањето на разни заднински и цивилни функции.

Од овие неколку констатации треба да се согледа и оцени учеството на народот во вооружената борба и Илинденското востание, со посебен осврт на селото и другите социјални и национални субјекти.

а) Учеството на селото и селанството во подготовките и текот на востанието - искуства и поуки

Улогата на селото и селанството во подготовките и во текот на самото Илинденско востание се уште не е доволно истражена како од социолошки, така и од воен аспект, а тоа било основна сила, цврста база и непресушен извор на човечки, материјални и просторни потенцијали. Оттаму, не е грешно да се каже дека Илинденското востание првенствено било селско востание. Во него најголем број од активните учесници биле селани. Од нивните редови потекнувале и многумина раководители.

Меѓутоа, ваквите оценки треба да се дополнат со констатацијата дека Илинденското востание, не било од категоријата на типичните селски востанија од времето на феудализмот кои стихијно избувнувале. Имено тоа било организирано и водено од македонското националноослободително движење (ТМОРО), во чие раководство, главно, се наоѓале припадниците на ситната и делумно на средната боржуазија. Членовите на ЦК и раководствата на терен-

ските организации, потекнувале од редовите на македонското граѓанство и интелегенцијата.

Според тоа, Илинденското востание може да се смета како специфична варијанта на започнатата и насилно задушена демократско-боржуаска револуција.

Засега, во историографската наука за подготовка и учеството на селанството во Илинденското востание, видно место заземаат трудовите на Никола Карев Маиски.[1)]

За разните аспекти на тоа ангажирање, се среќаваат доста интересни податоци кај многумина научни работници.[2)] Тие осветлија доста нови сознанија за учеството на селанството во Илинденското востание, што има посебно значење во современите размислувања во врска со изградбата на теоријата и практиката на нашата доктрина и стратегија на системот на ОНО и ОСЗ, особено на феноменот на селото и просторот и на неговата функција во современата војна.

Слични примери се среќаваат и во поново време. Така, во голем број револуционерни движења, како на пример во нашата НОВ, во Алжирското и Виетнамското востание, улогата на селото беше пресудна.

---

1) Никола Киров-Маиски, Гр.Крушово и борбите му за свобода, „Ил. Илинден" год.VI. Кн.9 (59), София, 1934, 13-16, год. VII, Кн.10 (60) 2-6, Кн.6 (61), 11-16 и Кн.2-3 (62-63), 15-24

2) Тука во прв ред се мисли на Никола Киров-Маиски, Науме Томалевски, Данчо Зографски, Манол Пандевски, Љубен Лапе, Христо Андонов-Полјански, Глигор Тодоровски, Крсте Битоски, Љубиша Доклетиќ, Александар Трајановски и др.

Меѓутоа, тие искуства, со оглед на денешните општествено-политички односи и достигнатиот степен во развојот на производните сили, не треба механички да се пренесуваат на сегашните услови. Тоа објективно не е можно, затоа што деценииите кои следија по илинденските настани, донесоа длабоки промени. Всушност, тие искуства треба да се ползуваат во изнаоѓањето на нови конкретни решенија, во новите општествено-економски услови, со цел да укаже како може најдобро да се организира и подготви современото село за одбрана.

Во рамките на овој комплекс од прашања и проблеми, ТМОРО уште во тој период го согледала значењето на селото и затоа му посветила најсоодвенто внимание. Таа била свесна дека за ослободувањето на македонскиот народ од вековната стопанска и културна заостанатост и негова темелна и револуционерна преобразба, главната потпора мора да ја бара во сопствените сили, во заедничката борба на сите основни слоеви, а првенствено во сестраното ангажирање на селото, чие население изнесувало преку 80%,[3] а тоа население, во целата претходна епоха, не успеало да реши ни едно од основните витални прашања. Тоа живеело во услови во кои не постоеле минимум демократски права и слобода, национална рамноправност и афирмација, писменост и просветување, во кое не биле отворени патиштата за каков-таков прогрес, а по кои веќе поодамна се движеле речиси сите европски и балакнски земји. Тоа биле

---

3) Манол Пандевски, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, "Гласник" на ИНИ, бр.1, Скопје, 1976, 98.

оние примарни фактори што им давале печат на противречностите на македоснкиот простор и народ, кој морал да ги решава оние исконски прашања, дилеми и неспокојства, што со векови го оптоварувале и исцрпувале селанството. За нивното решавање објективно ниту еден општествен слој не можел да биде повеќе заинтересиран од селанството кое се измачувало и страдало од чифлигарскиот аграрно-правен и даночен систем. Речиси целосно обесправени селаните биле изложени на најразличен терор и експлоатација, што ја спроведуала власта, полјаците, разбојничките банди и други. Само во 1895 година во Македонија беснееле околу 150 вакви дружини, кои извршиле преку 4.000 убиства, тешки злосторства и палежи. Ваквата положба во Султанското царство бездруто морало, најнепосредно да се одрзаи и врз интензиетот на револуционерното движење и на Илинденското востание.[4)]

Бидејќи македонскиот народ ја поднесувал туѓинската власт, неговиот отпор се искажувал низ различни видови. Селанството се борело против денационализирањеот, што се спроведувало со помош на исламизација, но истовремено и против полјаците, заптиите, аскерите, колциите и разбојниците. Практично македонското население било приклештено од сите страни. На влезовите на секоја клисура, на секој крстопат, на мост или превој, буквално цела Македонија била посеана со стражарници и кули, кои го "чуваа редот на султановото царство.

Во рамките на тој угентувачки апарат, полјаците претставувале посебно зло за селото. Секое слео имало полјак назначен

---

4) Истото, 100.

од околиските власти кои за полјаци поставувале осведочени силници, по правило, од редовите на муслиманското население. Полјаците наместо да им служат на селаните, се изродиле во нивни господари, легални арамии од кои пропатиле сите македонски села.

Процесот на осознавање на овие вистини во Организацијата, иако биле добро познати, се одвивал бавно. Најнапред, Организацијата се занимавала со своето политичко организирање, а дури подоцна, главно по донесувањето на Уставот од 1896 година, започнала да обезбедува одредено влијание кај дел од народните маси. Во фокусот на нејзиното интересирање прво се нашло селанството. Меѓутоа, тоа интересирање не било со ист интензитет во сите краеви. Биле изоставени позаостанатите региони, раководствата не биле дораснати и зацврстени, а некои од нив ни идејно не биле изделеренцирани. Оттука е природно што процесот на пробивањето на влијанието на Организацијата се одвивал со забавено темпо. Таа, ни политички, ни организациски не била способна за поефикасно следење на се повидливите поместувања на движењето во лево, меѓу народните слоеви. И во така поволна ситуација, Организацијата не била доволно далекувидна. Затоа ни во еден нормативно-правен акт не го вклучила толку важното аграрно прашање, па ниту во вид во каков тоа го поставило Кресненското востание, иако тоа прашање имало длабок класно-револуционерен карактер и значење за селанството. Од тие причини може да се констатира дека организираната агитациона дејност на Организацијата на слео, одела зад вистинското расположение на основните селски маси. Позасилено навлегување на Организацијата во селото станало во почетокот на 1901 година. Оттогаш започнала да се воведува поголема систематичност во

агитацијата и организацијата на село, во вооружувањето на населението и слично.

Во овој период забележително е работењето и влијанието на македонскиот револуционерен социјалист Никола Петров Русински, кој дејствувал во својство на околиски војвода на Битолскиот револуционерен оркуг. Тој, за шест месеци, пропатувал и револуционерно организирал и покрстил шеесетина села во Крушевскиот, Демирхисарскиот и Кичевскиот реон. Неговите проповеди за слобода и еднаквост биле блиски до срцата на угнетените и понижените селани и лесно прифатливи. Тоа најдобро го потврдува со неговата беседа: "Ние...го носиме семето на слободата, на правдата на човечкиот род" - зборувал тој пред собирите на селаните. "Ние го носиме тоа семе и широко го прскаме меѓу вас, меѓу сите угнетени робови на бесправниот султански режим. Ние ве каниме да застанете сите под своето револуционерно знаме - знамето на слободна и независна Македонија. Под тоа знаме вие треба да минете чисти, без скриени мисли, со братска љубов помеѓу себе и да застанете во храмот на ослободителното дело. Но, пред да застанете пооделно под нашето знаме, искажете ги пред нас болките и навредите што сте ги нанесувале помеѓу себе, како селани од едно село, како рдонини, како соседи, како браќа, како татко и син, како маж и жена. Ние ќе бидеме праведни судии да ги ислушаме сите ваши душевни болки од каков карактер и да се тие. Ние ќе ликвидираме се тука, пред да дадете клетва".[5)]

---

5) Историја на Крушево и Крушевско, Книга прва, Крушево, 1973, 159-162.

Сето ова кај селаните го поттикнувал патриотизмот и сигурноста во сознанието дека има, дека постои општествена сила која е способна да извојува победа. На овој начин ни најсуровите закони не можеле селаните да ги отргнат од нивната борба за национално и социјално ослободување, да ја намалат довербата кон ТМОРО.

Масовното посветување на селаните на верност кон Организацијата, како што бил случајот во с.Жван, Демирхисарско, на 20 март 1901 година, кога биле приклучени 57 мажи и 3 жени, ја јакнеле довербата и меѓусебното почитување кон договореното и барањето на реонската чета.

Покрај вообичаената заклетва дека верно ќе му служат на делото, бил воведен и попис на имотот (крупен и ситен добиток, зема), бројот на членовите во семејството и неговите приходи. Истовремено се определувал и прилогот што секое домаќинство требало да го даде за потребите на Организацијата.

Во Правилникот на селските чети од пролетта 1903 година, било предвидено на сиромашните селани кои се истакнувале во работата да им се помага од селската каса. Така веќе се практикувало во Охридскиот крја. Таму им се помагало на семејствата на затворените селани.[6] Со тоа рамноправно растела довербата и јакнеле мотивите како кај населението во рамничарските, така и кај луѓето од планинските села, Лука Геров во своите спомени наведува дека во

---

6) Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 1953, 144, Љ.Лапе Извештај ...,27.

Кичевскиот крај уште пред востанието сите села без исклучок му се приклучиле на ТМОРО.[7] Во Битолскиот округ селаните давале брашно што се дисперзирало во тајни складови во планините.[8] Селаните биле тие кои ги хранеле и облекувале четите, вршеле курирски служби и извидувања, ги лекувале болните и ранетите востаници. Но селото, сепак, не било рамномерно опфатено во сите окрузи. Организацијата најмал успех имала во Скопскиот[9] и Серскиот округ, заради присуството на врховизмот и слабостите во раководните тела, додека најголеми успеси биле постигнати во Битолскиот округ.

Во тој период и во тие услови во Крушевскиот реон во осумте одреди учествувале 325 востаници од селата. Мајски поименично споменува 297 востаници, а дополнително биле утврдени уште 234 учесници, што ја зголемува бројката над 531 итн. Од редовите на селото и селанството се формирал и поголемиот дел на раководниот кадар - голем број на војводи како што беа Никола Петров Русински, Веле Марков, Ѓурчин Наумов, Јордан Пиперката и многу други. Тие со својата верба, знаење и патриотизам го јакнеле духот и приврзаноста на селаните кон идеалите на Организацијата.

Ваквиот пораст на револуционерните единици го наметнало барањето за интензивирање на обуката, вооружувањето и другите материјални потреби. Така дошло до организирање на курсеви преку

---

7) Л.Џеров и Д.Димитров, Спомени ...,14

8) Сл.Арсов, Спомени ...,59, Љ.Лапе, Одбрани текстови..., II, 472, М.Пандевски, Илинденското востание ...,254-294.

9) Н.Пушкаров наведува дека до востанието во многу села во Скопскиот округ, четте на ТМОРО воопшто не навлегле-59.

кои минувал поголем број на луѓе, со цел да се обучат и оспособат за борба ..., на секаква почва и во секој период на денот, годината и во сите метеоролошки услови.[10)]

Вака обучените востаници можеле своите задачи да ги извршуваат со поголем успех.., во движење со оган и удари,[11)] како најсоодветен вид на вооружени сили оспособени за брзо приспособување на сите промени, како и за дејствување во најразлични ситуации.

Меѓутоа, во другите револуционерни окрузи не била интензивирана обуката, вооружувањето, како и формирањето на околиски и селски чети - селска милиција, што негативно се одразило врз крајниот успех на востанието. Славејко Арсов пишува дека жителите од Костурско сметале дека лесно ќе ја добијат слободата. Тие верувале дека востанието треба да добие помош од надвор, односно дека некоја туѓа војска ќе ги ослободи. Очигледно е дека биле заведени.[12)] Натаму, Арсение Јовков во своите сеќавања наведува дека селанството било уверено во победа.[13)]

На состанокот на селските војводи и претставници на селските комитети од охридска Малесија, одржан пет дена пред востанието, не е прифатена одлуката на Охридското реонско начелство за партизанско војување. Наспроти тоа било одлучено сите 11 села да се дигнат на востание и да ги уништуваат беговските кули, да се соберат сите беговски стада во планината Стогово. На востание се дигнале некои со пушки, пиштоли, секири, други без оружје, но никој не

---

10) Tomas Petar i dr., Pešadija, VE,6,Beograd,1973,640

11) Истото

12) Сл.Арсов, Спомени...,57

13) М.Пандевски, Илинденско востание ...,224

останал во селото. Имено, селаните очекувале со политичката слобода, да ја решат и тешката општествено-економска положба, да се ослободат од данокот и да добијат земја.

Сето ова зборува дека со селата и селаните требало поинтензивно да се работи уште неколку години. На тој начин на повисоко ниво ќе се издигнела духовната и моралната надградба. Истовремено ќе се подобрело поврзувањето на селаните и граѓаните. Заради нерешените прашања меѓу селото и градот, класните спротивности меѓу богатите граѓани и селаните, довело до "омраза кај селаните спрема граѓаните",[14] Посебно затоа што граѓанството не зело поголемо учество во Востанието. Славејко Арсов ова најдобро го потврдува преку случајот кога востаничките чети сакале да го нападнат и запалат Ресен.[15] Селаните се радувале што со сите "Турци ќе изгорат и чорбаџиите" (македонските градски газди). Сето ова зборува дека ТМОРО со политичката цел на Илинденското востание, не ја истакна и аграрната програма и дека не ги користел доволно искуствата од големите селски војни кои ги воделе Германија, Англија, Франција, Чехословачка, Австрија и Унгарија, како и од поновите востнаија, а посебно на Парискатa комуна,[16] односно тие искуства селективно не ги вградила во своите стратегиски определби.

Неуспехот на востанието ги разочарало селаните во полната смисла за зборот. Според информаиците на францускиот конзул од Битола, селаните почнале да се враќаат и да се предаваат на

---

14) Ѓорче Петров, Спомени ...,163.

15) Арсов, Спомени...,63.

16) Ф.Енгелс-В.И.Ленин, Сељачки покрети и аграрно питање, "Svijetlöst", Сарајево, 1975.

турската власт.[17] на тој начин се оддалечиле од ТМОРО, значително пред почетокот на октомври кога Главниот штаб донел одлука за расформирање на востаничките чети.[18]

Со тоа селото ги поднело најголемите човечки и материјални жртви. Тоа посебно страдало кога настапувала туската одмазда како што бил случајот во пограничните реони на Штип, Кратово, Куманово и други места, каде биле засилени зулумите над населението, особено над селанството.

Сите овие маки и страдања покажаа дека долготрајна, исцрпувачка и партизанска војна,може да се води само под услов ако таквата борба биде свесно прифатена од селото, од неговиот субјект и ако тој докрај несебично се ангажира во неа, по цена на најтешки малтретирања. Тие искуства зборуваат дека секое спротивставување, па и водење на вооружена борба, бара благовремена организираност, подготвеност, увежбаност, практично онака како што ние денес размислуваме за борбата на ПЗТ во системот на ОНОВ. Во тие подготовки свое место наоѓаат досегшните искуства од востанијата и револуциите.

Во македонскиот случај, Илинденската револуција на својот грб, во прв ред, ја понеле оние социјални слоеви од населението, главно од селанството, кои во условите на општата имотна експропријација и експлоатација имале што да загубат, а го губеле она што со тежок труд го спечалиле.

---

17) Глигор Тодоровски, Француски документи за Илинденското востание. Прилози Илинден 1978, II, Крушево, 1979, 85.

18) М.Пандевски, Илинденското востание...,424-425 и 432-437.

И ете, зашто Македонија од последната деценија на XIX век навлегла во длабока револуционерна ера, во која единстеното и најсилното средство за излез од постојната положба останувало вооруженото спротивставување за револуционерното уривање на османлиската полуфеудална доминација, заради извојување на македонска држава која би ги отворила патиштата за победа на новите општествено-економски односи и за сестрана и забрзана национална преродба на македонскиот народ, а со тоа и на селото и селанството. За сето ова автрискиот конзул во Битола Крал пишувал дека Востанието е прифатено и поддржано од селското население, дека основниот боречки состав на востанието, неговата социјална база ја сочинувало селанството, кое било животно заинтересирнао за уривање на темелите на дотраеното аграрно уредување на Отоманската империја и добивање на свои национални и социјални права.

Врз основа на овие сознанија и искуства од поновите востанија и револуции, може да се заклучи дека селото во современи услови не ја губи својата значајна улога иако таа е доста редуцирана. Тие не го исклучуваат неговото значење, туку напротив, уште повеќе го нагласуваат и бараат воспоставување на модерна економска организација на селото и просторот, негова згоелмена економска способност, поставена и изградена во согласност со достигнатиот степен во развојот на производните сили и потребите на мирновременската и воената состојба.

б) Учеството на младите и жените во револуционерната борба

Улогата на младите и жените во револуционерната борба на ТМОРО била од вонредно значење. Практично, со нивното вклучување во редовите на Организацијата, во целост бил дооформен кругот на учесниците во Илинденското востание. На националноослободителната борба тоа му дало не само помасовен карактер, туку и значително поголема виталност. Основни носители на револуционерната дејност, веднаш по основањето на ТМОРО, биле младите луѓе. Меѓу нив доминантно место им припаѓало на учениците од гимназиите и учителските школи, во кои биле основани голем број илегални кружоци. Тоа биле основни револуционерни јадра, од чии редови подоцна биле регрутирани голем број истакнати дејци на Организацијата.

Нивната дејност била разновидна и крајно конспиративна. Во првиот период на организираното дејствување припадниците на кружоците меѓусебно не се познавале. Потребата од крајна конспирација наложувала така да се работи и дејствува.

Во ученичките организации, што особено силно биле развиени во Битолскиот револуционерен округ, биле искалени голем број врвни раководители на Организацијата. Имено, од овие кружоци поникнале Лазар Поп Трајков, Лазар Москов, Манол Розов, Пандо Клјашев и Никола Трифунов од Костурско, потоа Тале Христов од Прилеп, па Конде Мендичев од леринското село П'теле, Иван, Методи и Козма Чекови од Екшису - леринско и многу други.[19]

---

19) Александар Ефтимов, Организација и подготовки на ВМОРО во Битолскиот вилает, Македонски вести, I, бр.25

Илегалните ученички револуционерни кружоци, всушност, претставувале вистински расадник на кадри, кои имале за задача да ја прошируваат организационата мрежа со помош на идејно-политичка и агитационо-пропагандна дејност. Оттаму, со нив раководеле најискусните членови на Организацијата. Така, во учебната 1898/99 година, со овие кружоци во Битола раководел Петар Мртулков, Но, за целокупната дејност со младината најмногу се грижел Окружниот комитет на ТМОРО, а особено неговиот раководител Дамјан Груев.[20]

Кружоците биле организирани на принцип на десетини. На чело на секоја ваква група стоел десетник, т.е. еден вид раководител на кружокот, кој се грижел за целокупната активност на групата.

Со оглед на тоа што ваквите кружоци главно биле основани во рамките на средните училишта, во нивната дејност биле упатени и извесен број организирани наставници. Благодарение на тоа многу задачи членовите на кружоците можеле да ги извршуваат без поголеми тешкотии.

Против револуционерната дејност на овие кружоци не била само османлиската власт, туку истовремено и Егзархијата. Таа дури сојузничела со органите на полицијата против младите револуционери, обвинувајќи ги за носители на револуционерни идеи.[21] Меѓутоа, процесот на револуционизирањето на младината не можел со ништо да се запре. Учениците упорно се подготвувале за претстојната борба и во таа насока големо внимание му посветувале на своето

---

20) Истото.

21) Истото.

идејно оспособување. Редовно го следеле шапилографираниот весник "На оружје" како и повеќе други публикации со револуционерна содржина. Благодарение на ваквата активност поранешните членови на овие кружоци во текот на Илинденското востание, станале вистински знаменосци на револуционерната борба, а ги вградиле своите млади живот во темелите на поробената татковина. Да не се превиди - децата по нашите села исто така одиграле важна улога во револуционерното движење. Учениците и овчарчињата биле ползувани за набљудувачка и курирска служба, а исто так ана носење храна на четите, надвор од населбите и на позициите како што бил случај во 1903 година во Демир Хисар. Од нив излегле и одделни малолетни борци, кои гинеле како и возрасните.

По премостувањето на првите организациони проблеми, а особено по значителното омасовување на Организацијата, во нејзините редови започнале да се вклучуваат се поголем број жени. Нивното пристапување во Организацијата воопшто не било од формална природа.

Битно е да се истакне дека членувањето на жените во Организацијата, се разбира во значително поскромни размери, датира од самиот почеток на постоењето на ТМОРО. Меѓутоа, тогаш нивниот број бил неспоредливо помал. Имено, во прво време во неа главно биле зачленети учителките кои биле задолжени за идејно дејствување меѓу жените во градовите и селата. Но, штом Организацијата зацврснала и започнала да се омасовува, приливот на домаќинките, на обичните жени, бил зголемен. При масовните револуционерни покрстувања по нашите села на собирите присуствувале и жените.

Впрочем, жените ја делеле истата судбина со своите мажи, синови, браќа и татковци. Самиот факт што не биле поштедени од туѓинската власт ни во една смисла, уште повеќе ги поттикнувало во револуционерната борба. Оттаму, тие се повеќе и помасовно се вклучувале во сенародниот отпор во извршувањето на разни илегални задачи, а во прв ред како курири за разнесување на тајната преписка, крајно доверливи усни пораки, негување на ранети борци и слично.[22)]

Жените одиграле незаменлива улога во разузнувачката дејност. Тие со големо умеење ги прибирале неопходните податоци за движењето на полициските и други потери, за движењето на аскерските единици итн. Во одделни случаи, со голем ризик, тие учествувале и во префрлување на одделни реовлуционери низ месности во кои секое повнимателно следење можело да заврши трагично.

Меѓу многубројните жени кои со своето непосредно учество во реовлуционерната активност придонеле Организацијата да се омасови и јакне, забележани се имињата на Маслина Грнчарева од селото Загоричани, потоа на Зоја Чакаларова, Трпена Димитрова, Елена Јанкова и други од костурксиот реон. А вакви организирани жени постоеле во сите револуционерни околии.

Во идејното будење на жената најголем придонес имале интелектуалките, а во прв ред учителките. Меѓу нив посебно се истакнувале Ката Динева од леринското село Воштарани, па Султана Чакрева од Екшису, Савка Чакрева од Струга, како и учителките

---

22) Истото.

Билјана Трифунова, Параскева Трајкова, Василка Стефанова, Анета Спирова, Фотина Петкова и Анета Георгиева, а посебно учителките од Радовиш Зујца Кукутанова, Елена Пиперкова Христова и Екатерина Зоица Иванова.[23] Сите овие и другите учеснички во илегалната борба, се одликувале со вонредна храброст и беспрекорна приврзаност кон националноослободителната борба. Не една од нив го дала својот живот за великите идеали на Организација.[24]

Покрај учеството во веќе спомнатите курирски акции, жените имале особена заслуга во успешното префрлување на оружјето и муницијата. Забележан е пример во Битола во кој жените организирале "погреб", а всушност, во мртовечкиот сандак префрлале пушки, до главниот склад, што се наоѓал во Светонеделските гробишта.

Не треба да се потцени ни големото значење на жените во опремувањето на четниците со облека, како и во врска со подготвувањето на храна за нивната исхрана. Тие достоинствено се држеле и во големите збегови, во текот на Илинденското востание, наспроти теророт на кој биле изложени. Сепак, најголем терор врз нив спроведувало разновидните банди, кои повеќе или помалку дејствувале под закрила на официјалната власт.[25] Така во 1898 година тие

---

23) Тие се бореле во четите на Мазнерков, Жешков и Стомен. Забележано е дека османлиите бегале од Екатерина Зоица Иванова викајќи: "Бегајте, тука е жената востаник". Нејзините предлози и нејзините фотографии ги објавиле сите европски весници. Загрепскиот весник "изборˆ" на 10 јули 1903 година пишувал дека "оваа востаничка хероина спаѓа меѓу најрешителните и најхрабрите борци за ослободувањето на своите браќа, на македонското робје".

24) Странскиот печат за Илинденското востание (Револуција: Х.Андоновски и др.) Скопје, 1953, 49-50.

25) Македонија и Одринско, 39-47.

извршиле тежок злостор над група девојки кои ја чистеле црквата во кукушкото село Штемница. Слични постапки, па дури и далеку поморничави, биле забележани и во наредните години.[26)]

Организацијата особено успешно ги користела жените во решавањето на значајни задачи, во услови на вонредни состојби. Во такви ситуации движењето на машките лица речиси било парализирано. За да не дојде до нови потреси, тогаш на сцената стапувале жените. Тие храбро и со крајна одговорност во такви услови ги извршувале и најсложените задачи.[27)] Во најкритичните услови за ТМОРО жените биле единствена врска меѓу Организацијата и населението, со странските конзули.

Инаку, најмасовниот придонес на организираните жени се состоел во ... "ткаење на платна, предење и плетење на чорапи и фанели, шиење на кошули и гаќи и се друго што беше неопходно за четниците. Со тоа тие играа не мала улога во движењето, работејќи го тоа со голем идеализам и морал, несебично и без какво и да е надоместување. Тие исто така ги изработија и знамињата во сите градови: за околиите, реоните, потштапските и штапските ... битолските учителки Марија Зердева и Т.Георгиева, го везеа знамето на Штабот ... цели 4-5 месеци, од чиста свила, елегантно и уметнички изработено.[28)] Многу жени и девојки со четите, по нивното распуштање, отишле во Бугарија.

Овие се само некои од бројните примери од кои се гледа активното учество на жената во Револуционерната организација

---

26) Истото.

27) А.Ефтимов

28) Истото.

и нивниот неспоредн придонес во сенародната борба против туѓинската власт. Со нивното учество, а особено после помасовното вклучување на жените од селата во конкретните акции, Илинденското востание оправдано го добило епитетот не само на сенародно востание на Македонците од територијата на Вториот револуционерен округ, туку и на востание во кое придонесот на жената[29] останува како величествен пример што зборува за нејзината одлучност да ја споделува судбината со своите мажи, синови, браќа и татковци и во најкритичните моменти.

в) Турци симпатизери на ТМОРО

Одделни изворни податоци, сознанија и моменти до кои доаѓаме во истражувачката работа укажуваат дека тоа поттикнувачки воздејствувало врз турскиот дел на отоманската заедница на народи како заемност на револуцијата на Македонија и идната Младотурска револуција (1908). Меѓутоа, доста е тешко и сложено да се откријат, а потоа и поверодостојно да се реконструираат врските, контактите и идејните влијанија. Тешкотијата се крие во длабоко илегалниот карактер на одредени однесувања. Сепак, ни останува можноста да обрнеме внимание на некои покарактеристични случаи.

Наоѓаме бројни Турци во улога на симпатизери, помагачи (храна, оружје, муниција и др.), дури и членови на ТМОРО.[30]

---

29) На денот на Илинден, на повик на востаничките органи, во востаничките логори мошне значајна улога имале жените. Тие подготвувале храна, служеле како болничарки, вршеле курирски работи, правејќи на тој начин една голема услуга на востанието и давајќи голем прилог во општата борба за долгоочекуваната слобода.

30) Турчинот Шефки Вели од Елха, ресенско, бил приврзаник на Организацијата и за сето време на Ил.востание останал со востаниците.По задушувањето на востанието бил фатен,осуден и испратен на заточение во М.Азија од каде повеќе не се вратил.

Симпатизери имало скоро во сите краеви.[31] Познатиот организационен раквоодител Антон Кецкаров за охридско го тврди следново: "Нашите чети ги држеа во респект турските чифликсајбии, а ангаријата и робувањето на рајата престана. Во 1902 и 1903 година се стаса до положба турските чифликсајбии да бидат под покровителството на нашите чети за кое, тие ги помагаа со храна.[32]

Исправноста на политичката линија на ТМОРО, создавала верба дека наскоро требало да стане нешто крупно.[33] Секој патриота настојувал да влезе во редовите на Организацијата.

Избеганиот началник на разбиениот крушевски гарнизон, Сулејман, кој се засолнал во с.Алданци, сфаќајќи ја смислата на ослободителните напори на македонскиот народ, ги подзравил крушевските револуционери со овие зборови: "Јунаци, Вашата цел е велика, а борбата смислена. Напред по тој страшен, но славен пат, по кој што сите народи се здобиле со слободата"! [34] Во последниве редови се евидентни идејните навеви на младотурското движење, кое пак најбргу созревало токму во Македонија.

---

31) Припадници на ТМОРО станале и браќата Мустафа и Кемал-бег од селото Крупиште костурско.

32) А.Кецкаровъ, Спомените ми..,Илинденъ, кн.10(30), Илинден София, 1-4.

33) Францускиот конзул во Битола Макс Шублије до март 1902 година им го соопштила на своите претпоставени, меѓу другото и ова: "Големите турски земјосопственици, кои во оваа годишна сезона обично престојуваат во своите чифлици, сега не можат да ја напуштат Битола. Дури во самиот град царува еден вид страв и несигурност. По шест часот навечер чаршијата е затворена и никој не смее да излезе на улица без фенер в раце". Француска жолта книга по македонски в прос, Софи 1903, с.2-3

34) Ангел Диневъ, Илинденската епопея, I, София, s.a.329.

По Илинденската револуција, кога аскерските конвои спроведувале македонски жени, деца и старци кон поголемите административно-воени средишта, најчесто кон Битола, турските жени, пројавиле хуманост, достојна за одбележување. Имено, при поминување на спроведуваните низ нивните села, без оглед на верската и национална разлика, тие излегувале од своите домови и им даваа леб, сирење и друга храна на жените за да ги нахранат децата и иземоштените. Слично тврдење изнеле и Велика Павлова, и самата спроведуана од изгореното Смилево кон Битола, која на раце го носела двогодишниот син. Инаку, таа му била сопруга на смилевскиот војвода Павле Крстевски.

Турското население во Македонија станало жртва на воената стихија само девет години по Илинден, во виорот на Првата балканска војна, за што историската одговорност паѓа пред се врз османлиската владеачка класа.

Според тоа, вкупните напори на Организацијата како во периодот пред востанието, така и за време на истото, биле да се сплотат сите прогресивни народи на просторот на Македонија под знамето на Организацијата, со цел да се остваруваат нивните социјални права и за подобри и похумани односи, со што растела симпатијата спрема идеите на Организацијата.

2) Материјалниот фактор во стратегијата и тактиката на ТМОРО и Илинденското востание

Кога ги согледуваме искуствата од заднинското обезбедување на ТМОРО и Илинденското востание, доаѓаме до заклучок дека

тие искуства во нашата литература гланво се обработени фактографски, а недостасува теоретската обработка, почнувајќи од историските разработки од научното воопштување за нивната вредност за потребите на натамошната разработка на КОНО.

Искуствата и поуките од доменот на снабдувањето, организацијата и функционирањето, главно покажуваат дек ана овој фактор не е оддавано соодветно внимание, бидејќи многу ретко во историјата на војните е отпочнувано водење на вооружена борба за национално, социјално и економско ослободување, како што тоа било во Илинденското востнаие, во услови кога материјалната компонента нудела само минимум можности.

Такви услови наложувале раководства при разгледувањето на политичките, воените и други прашања со посебно внимание и увежување да го разгледуваат материјалното обезбедување на четите, поаѓајќи од конкретните можности на дадената територија. За да може да се користи материјалната база од народот, било неопходно да се создадат одредени предуслови, пред се политички. При тоа ослободителната, праведната, класно-социјалната содржина на востанието била основна потпора со која ТМОРО го покренувала народот на борба со големи жртви и одрекнвуања. Во тоа, всушност, се изворите на силата на востанието -реовлуцијата.

За востанието од првостепена важност била економската состојба на народот. Востаниците немале магацин со храна и фабрики за преработка на храна, оружје и мунција, а тоа непријателот го имал и за тоа биле често присилени да ја приспособуваат својата тактика во врска со тој фактор.

Оттаму е и заклучокот дека заднинското обезбедување во Илинденското востание е наш оригинален концепт, создаван во тешки воени околности, со цел со оскудни средства да се обезбеди водење на вооружена борба. Исто така важно е да се нагласи взаемноста, врските и корелацијата на сите значајни фактори за водење на Востанието. Така, можеме да речеме дека заднинското обезбедување на востанието се засновувало врз политичката и воената стратегија, која раководството ја поставувлао во зависност од поблиските и подалечните цели и реалните можности.

Според тоа, кога зборуваме за значењето и улогата на материјалниот фактор за востанието, мора да се појде од фактот дека пред раководството на ТМОРО биле поставени сложени задачи со далекусежни последици за крајниот исход на востанието.

Обединувањето на сите сегменти на материјалното обезбедување барало соодветна организација, формација, начин на функционирање, тактика на дејствување на одделни служби и др. Функционирањето на логистичкиот систем во целина, со помалку или повеќе импровизација, морало постојано да се приспособува на тактиката на водењето на вооружената борба и реалните можности.

Ценејќи го тоа од денешни гледишта и сознанија вооодушевува како со една така скудна материјална основа постојано се одржувала психофизичката кондиција на востаниците и народот. Секако, во прилог на ова оди и фактор дека моралниот фактор бил на завидна висина.

Од друга страна тоа зборува дека се водело сметка за приоритетите значајни за исходот на вооружената борба, хуманоста

и чувствата, но исто така дека снабдувањето било постојано во центарот на вниманието на сите субјекти од раководството до востаниците. Се потврдило правилото дека народот кој е решен да истрае во борбата за слобода, кога ќе се потпре на сопствени сили може да ги совлада навидум и несовладливите пречки.[35] Тоа била вистинска врска на народот и востаниците. Се што народот одвојувал, се ставило на располагање на Организацијата за целите на востанието.

Гледајќи од денешно гледиште и оценка на функционирањето на материјалното снабдување и обезбедување, доаѓаме до заклучок дека за цело време на подготовките, па и востанието, сме имале добро запланиран логистички систем. Тоа, истовремено, покажува дека сме имале широко поставен концепт во кој биле вклучени сите на кои слободата им била најважен општествен чин и тоа во се го одразува оан што денеска сакаме да го постигнеме со нашата КОНО, а посебно на ОНОВ, само во посебни материјални и општествени услови.

Уважувајќи го материјалниот фактор, како услов за водење на вооружена борба и револуција, било неопходно да се обезбедуваат материјални средства за живот и борбени дејства. Ова прашање во востанието дотолку се усложнувало колку четите бројно и организациски јакнеле. Тежиштето не изворите на снабдување базирало кон народот, па затоа и одредено внимание е посветено и на методот на извидувањето. Според тоа, и тука имало дијалектичко единство на политиката и економиката, а преку нив и на воената стратегија.

---

35) Потпирањето на сопствени сили со потврди во воената стратегија на НОВ, а доминантно место зазема и во денешната КОНО и ОСЗ

Основен принцип во обезбедувањето на материјалните средства за востанието бара доброволноста.[36] Во тоа учествувале оние на кои реовлуцијата им значела иднина, во што се манифестира и класниот карактер. Народот, свесен за своите обврски, одвојувал од себе за да обезбеди за востнаиците, па со право ги истакнуваме доброволните прилози како најзначаен извор. Од друга страна тоа покажува колку Востанието било општествена категорија и сите мерки и постпаки поопштествени. Токму овој аспект на востанието ни оддалеку не сме го истражиле и научно воопштиле.

Анализата на изворот на снабдувањето, според времето, просторот и содржината, покажува и тоа дека организацијата на востанието во добар дел е сврзано со ридско-планинското подрчаје кое е економски пасивно и чија структура на земјоделството и на другите производи е доста едноставна што уште повеќе го отежнувало редовното и потполно снабдување.

Од гледиште на присобирање на материјалните средства во востанието ги имало следните извори:

а) Месни извори: Тука секако се најзначајни ДОБРОВОЛНИТЕ ПРИЛОЗИ, чии форми на присобирање се различни, со оглед на разновидните услови и можности на присобирање, транспортирање, сместување и чување. Во принцип, ова присобирање било организирано преку обласните, околиските, реонските-селските и градските

---

36) Снабдување одразува се она што ги сочинувало материјално-техничкото обезбедување и здравствено згрижување на војската и народот. Била применувана и воената реквизиција, а и распределување на револуционерен данок во натура или во соодветен паричен надомест

чети. Овој начин на давање го врзувал народот за востанието и ја покажувал мерката на привржаност на поединците за Организацијата.

Транспортирањето-преносот на материјалите често било сврзано за херојски подвизи, бидејќи сето тоа се одвивало и било рабоено на територија која непријателот ја контролирал. Во пренесувањето учествувале цели карвани од коњи, елски запрежни коли организирани ов провијантски целини (единици), оезбедени со вооружена придружба, се користеле чунови по македонските езера и мали бротчиња во Солунскиот залив и покрај Беломорското крајбрежје.

б) Размена на материјалните средства меѓу четите, без разлика какво е нивното потекло (вишок, плен).

в) Реквизицијата била форма за подмирување на неопходните потреби. Всушност, по тој пат се земени вишоците на имотните селани и граѓани, но се внимавало да се остават средствата неопходни за живот.

г) Сопствено производство: овој извор гил доста значаен за снабдувањето на востаниците со оружје, муниција и различни експлозивни материи и направи, што е веќе подетално разработено во овој труд.

Можеме да заклучиме: за водење на вооружена борба на целата територија на Македонија во доста сложени услови, изворите на снабдување како и асортиманот на материјалните средства имале првенствено значење. Поаѓајќи од тоа, уште пред почетокот на востанието заземен е правилен став дека постои дијалектичка врска меѓу

политиката, стратегијата и економијата и со преплетување и взаемно усогласување сето тоа требало да се подреди на заедничката цел - вооружената борба.

Реализацијата на материјалниот фактор од првиот ден добила класен и социјален карактер. Колку и да ги разгледуваме критички постапките, формите и организацијата, мораме да заклучиме дека тоа се работело доста плански. Голем број на извори и облици на заднинското обезбедување заслужуваат крајна анализа и понатамошна разработка и само таквиот приод овозможува во целина да се согледа богатството на форми и основата на заднинската стратегија на Илинденското востание, односно колку процесот на материјалното обезбедување имал општествен карактер.

3. Просторот како фактор во Илинденското востание

Просторот, од аспектот на водењето на вооружената борба, се третира како територија на која што се води војна и изведуваат борбени дејства. "Самиот по себе просторот скоро никогаш не е апсолутно решавачки фактор за исходот на војната и вооружената бора. Неговото влијание (позитивно или негаитвно) секогаш зависи од взаемно поврзаното влијание на човечкиот и материјално-техничкиот фактор во конкретните услови, а тие се поинакви во секоја војна и борба.[37] Неговото влијание се разгледува пред се од аспект на квантиетот (димензиите) и квалитетот (особеностите).

---

37) Vojna enciklopedija, Vojnoizdavački zavod, tom 10, Beograd, 1975, 619.

а) Квантитативниот аспект на просторот

Востанието е подготвувано и водено на територијата на етнографска Македонија и Одринско која во тој историски момент, всушност, била најзападен, истурен дел на Отоманската империја.

Општата географска позиција на Македонија за Отоманската империја била од витално значење затоа што се наоѓала на нејзините најзападни граници кон Европа од каде и се заканувала најголемата опасност, како што историјата подоцна тоа и го потврдила, од три страни опркужена со младите новоослободени од вековната турска тиранија земји - Грција, Србија и Бугарија, со нескриени претензии кон Македонија, што кај Турците се рефлектирало со високиот степен на концентрација на вооружените сили. На оваа територија била распоредена Третата турска армија која била најсовремено вооружена, што доволно илустративно и стручно зборува за значењето што и самитет Турци му го придавале на овој простор.

Обликот на просторот на Македонија позитивно влијаел на подготовките и текот на востанието зашто бил компактен и немал издолжени и изолирани делови.

б) Квалитативниот аспект на територијата

Хоризонталната и вертикалната расчленетост на релјефот позитивно влијаеле на востанието бидејќи, во целина земено, Македонија е планинска земја, пошумена и покриена со различни растенија

и култури, што во целина значително ги олеснувало подготовките на востанието, а на турската војска и ја отежнувало концентрацијата, движењето, набљудувањето и сл. Тоа на востаниците им овозможувало прикриено движење, формирање на бази за престој и обука на востаниците, тајни складови на воени матеирјали, формирање на тајни болници и други потреби на востаниците и др.

Од наведените карактеристики на територијата во првиот дел на дисертацијата може да се заклучи дека нејзината поврзаност со сите соседни територии на Балканскиот Полуостров, односно нејзините поволни комуникациски можности или географски карактеристики на соединување беа причина за Македонија да владее траен интерес уште од класичните времиња кога е изградена стратегиската комуникација Виа Егнација од Босфгорот до Јадранското Море.

в) Односот на стратегијата на ТМОРО спрема просторот[38)]

Стратегијата на ТМОРО внесе некои нови квалитети и во улогата на просторот во борбата и во согласност со тоа во поставувањето на војната во просторот како една од неговите основни димензии. Тоа во пракса покажа дека просторот не е само географски и топографски поим што се нуди со своите својства онакви какви што се за изведување на востаничките дејства, туку како амбиент на бор-

---

38) Просторот со сите свои особини (клима, состав, хидрографија, патна и железничка мрежа, карактерот на почвата, населеност, организираност и друго) имал огромно значење на водењето на вооружената борба, бидејќи четите биле сврзани за оние делови на кои биле и формирани. Тоа е пасивно карсно-ридско подрачје, сиромашно за живот и водење на вооружена борба

бата, кој што овозможува, со примена на соодветни облици на маневар и борба, да може успешно да се води војна и против значително бројно и технички надмоќниот непријател, кога народот е решен да се бори. Тогаш просторот не е конечно изгубен. Четите во просторот остварувале голема предност и обезбедувале поголема слобода во маневрите и изборот на облиците на борба.

Основниот концепт на ТМОРО за вооружено востание се огледувал во тоа што востанието од самиот почеток тежнеело да се распространи низ сите краеви на Македонија и Одринско. Во тој концепт вооружената борба требала да добие свој тоталитет во димензиите на просторот и да услови далекусежни позитивни последици на текот и конечниот исход на востанието. Од политички, социјален, класен и национален аспект, стратегијата ги создавала сите неопходни услови за учество во востанието на најшироките маси, од целиот македонски простор, т.е. на сите слободарски, прогресивни и патриотски елементи. Со тоа вооружената борба и просторот наоѓаат свое целосно единство. Борбата израснувала од народот и се сообразувала со конкретните услови на секој крај, но во секој одделен крај се водела за исти, единствени цели. Нејзините конкретни организациски облици биле четите поставени на широки основи. Борбата која ја воделе тие за просторот, а подоцна и востанието во него, претставувало една од главните основи за широко поставена борба во просторот, т.е. нејзино водење на секое место и за широка слобода на акции и примена на оние облици кои најдобро одговараат на дадените услови.

Односот меѓу четите и просторот бил дијалектички. Четите со своето јакнење го ширеле просторот, а поширокиот простор нудел уште поголеми можности за нараснување на четите.[39)]

Македонскиот простор имал едно значење за 1873 година, кога служел за подготовка, одморање и дополнување на силите, а друго кога станува граничен, за одбрана од новосоздадените балкански држави.

Стратегијата на ТМОРО поаѓа од принципот на ширење на четите во сите краеви на Македонија и Одринско во зависност од објективните услови, што имало големи предности, како воени така и политички, економски, национални, морални и др.

Меѓутоа, не дошло до формирање на поголеми тактички состави (бригади, дивизии), и нивно поврзување на просторот меѓу окрузите, не дошло до развлекување на непријателот во просторот (освен во Битолскиот револуционерен округ), до негово принудување да обезбедува секој мост, пропуст, засек, т.е. секој објект посебно.

Од аспект на одвивањето на борбените дејства просторот бил во различни функции, спроед кои се дели во три основни категории: на слободни, полуслободни и окупирани територии.

Стратегијата на ТМОРО ги разбивала сите догми за просторот, а посебно оние кои просторот го ставале над борбата и кои упатувале на тоа бранејќи го или освојуајќи го просторот по секоја

---

39) Овде не станува збор за класично освојување, односно ослободување на просторот, туку за контрола на одредена територија.

цена да се сочува живата сила како решавачки фактор за водењето на војната, што во суштина е апсурд бидејќи просторот се освојува или брани само со жртви на живата сила. Таа поаѓала од принципот борбата да доминира над просторот, а не просторот над борбата, при што примарна цел во текот на востанието е уништување на непријателската жива сила со која цел се решавале сите други цели на востанието.

Поголемите и релативно компактни делови на просторот кој што го држел непријателот, секогаш не биле резултат на тоа што непријателот насекаде бил јак, туку и како резултат на недоволно развиената борба во нив, па и без активно дејствување на ТМОРО.

Меѓутоа, во Илинденското востание силите на ТМОРО, не го принудиле непријатлеот на развлекување во просторот и неговото уништување и разбивање на делови, бидејќи востанието од самиот почеток не се распространило во сите округи и краеви, односно на целокупната територија на Македонија и Тракија и вооружената борба не го добила својот тоталитет во димензиите на просторот. Низ целиот период на востанието непријателот задржал слобода на акциите во изборот на местото, времето и начинот на борбата, со што востаниците биле принудени да ја прифаќаат борбата онаква каква што им се наметнувала. Слабостите на Турција и предностите на просторот не биле успешно искористени за ангажирање на сите човечки и материјални потенцијали на целиот простор. Според тоа, раководството на востанието не успеало борбата која израснувала од народот да ја координира и поврзе со конкретните услови, иако се водела за исти, единствени цели, на единствен простор.

г) Воено-политичкото значење на слободната територија

Слободната територија, создадена во Македонија од востаничките единици на македонскиот народ, имала необично големо значење во две насоки: прво од политички, а второ, од воен аспект. И двата аспекти биле вонредно значајни за националноослободителното движење на македонскиот народ, кој со векови се стремел да ги отфрли тешките окови на османлискиот феудализам и на политичкото, духовното и културното угнетување.

Значењето на слободната територија може да се согледа во сета негова големина и од следните факти за изменетата состојба во востанатите области на Македонија.

Слободната територија, извојувана од востаничките чети и одреди во борбата против османлиските воени и цивилни власти, била обезбедувана и бранета од спомнатите востанички единици. Тие овозможиле таа да стане никулец на државноста на македонскиот народ, која што државност по многу столетија на ропство добила најконкретен облик со прогласувањето на Крушевската република, на 3 август 1903 година.

Военото значење на слободната територија се изразувало и на тој начин што со нејзиното создавање било извршено воено-политичко цепкање на територијата на Македонија и во ослободените места била ликвидирана цивилната и воената власт на падишахот Абдул Хамил II. Османлиската власт била заменета со цивилна и

воена власт на македонскиот народ, на неговата Револуционерна организација. Новата народна власт била поставена врз доследни револуционерни, но и државно-правни основи кои што овозможувале автономна внатрешна политика на непосредните органи на власта спрема немакедонското и муслиманското население во границите на слободната територија во нејзиното соседство.

Слободната територија претставувала и богат извор за пополнување на живата сила на востаничките единици, главно врз доброволна основа и без прибегнување кон принудна мобилизација. Македонската (селска, народна) милиција во случај на потреба и натаму им помагала на редовните чети и одреди при одбраната на слободната територија, отфрлањето на непријателските притисоци, при обиди за инфилтрирање на слободната територија и сл.

Слободната територија ги попречувала османлиските контраофанзивни единици да пристапат кон побрзо остварување на своите стратешко-тактички цели за задушување на востанието и гипринудувала сите маневри да ги изведуваат подалеку од подрачјата и реоните што не биле ослободени и приклучени кон слободната територија, односно го стеснувале маневарскиот простор на турскиот аскер.

Исто така, на слободната територија биле лоцирани складови на резервна храна за исхрана на населението и за востаничките единици, како и со неколку примитивни работилници за поправка на оружјето, за леење на куршуми и за изработување на поедноставни експлозивни предмети (бомби и слично). На слободната територија се наоѓале и импровизирани воени болници за сместување и лекување на ранетите востаници.

Освен тоа, на слободната територија и натаму продолжила воената обука на доброволците и повремените тактички вежби на четите и одредите. Овие активности, заедно со низа други од чисто воен карактер (сменување на стражите при штабовите, испраќање и враќање на патроли и курири и слично), придонеле македонскиот народ на длео да се увери дека веќе има сопствена народна војска составена од неговите најдобри и најсамопрегорни синови - востаници и раководители.

Покрај тоа слободната териорија овозможила и натамошно зголемување и усовршување на воената разузнувачка служба, која била задолжена да ги следи движењата на непријателските единици и да ги известува штабовите за нивната бројна состојба, правец на движење, вооружување и слично. Во сите овие случаи службата добивала сестрана и несебична помош од населението на слободната територија.

Позитивно влијание слободната територија извршила и во однос на борбениот морал не само на борците туку и на сето население. Придобивките остварени на слободната територија биле доказ за борбената способност на македонскиот народ, за неговата можност самот да презема борбени дејства за сопствено ослободување.

Помало не било ниту политичкото значење на слободната територија. Тоа значење, во основа произлегувало од најнепосредното и брзото основање на различни органи на востаничката (народна) власт во сите населби на слободната територија. На слободната територија почнала изградбата на слободната македонска држава.

Поради тоа австрискиот конзул во Битола Аугуст Крал, и соопштил на својата влада во Виена дека востаниците, "основале свои влади" во неколку ослободени центри (Крушево, Клисура, Невесна).

Политичкото значење на слободните територии се состоеле и во огромниот одраз на настаните во Македонија во редовните конзулски извештаи, во задкулисните дипломатски игри во врска со македонското прашање, туку и заради тоа што со тие настани биле запознати и народите во другите држави, речиси по сите континенти, преку написите, репортажите и вестите објавувани во весниците и во списанијата. Голема заслуга за ова имале и специјалните воени дописници, кои по започнувањето на Илинденската револуција биле испратени од своите редакции во Македонија, за да ги известуваат читателите од местото на настаните.

Слободната територија ги поттикнала дипломатите да развијат поголема сопствена дејност во врска со се што се случувало во востанатата Македонија. Положбата ги принудила и османлиските власти на побрзи воени и дипломатски постапки, што, од своја страна, исто така го подвлекува големото политичко значење на слободната територија. Токму затоа Цариград преземал се, за да може што побрзу да ја ликвидира слободната територија во Македонија, од страв истата да не прерасне во насила, со оружје, наметната автономија на Македонија, што не им било во интерес на владеачките кругови на Османлиското царство, иако автономијата била единствен начин за смирување на Македонија и тоа на начин што би бил и спроведлив и политички мудар потез.

Слободната територија, како и воените дејства и успесите на македонските востнаици, го зголемиле политичкото значење за македонските настани и на уште еден начин: конкретно, со поттикнување на прогресивните сили во Европа да се ангажираат најактивно во полза на Илинденското востание. Различни напредни политички партии, добротворни друштва, претставници на културниот и уметничкиот живот, во повеќето земји на светот, организирале промакедонски митинзи, организации за помош на македонскиот народ и на неговата ослободителна борба, собирање на потписи со барања за поактивно и похумано ангажирање на нивните влади и слично. Во такви услови речиси не постоел виден весник кој немал одделна македонска рубрика. Слично бранување било забележано и меѓу напредната македонска економска и политичка емиграција на Балканот и во другите земји на светот. Сите наведени појави биле одраз на големото воено-политичко значење на слободната територија на Илинденското востание.

4. Времето како фактор на вооружената борба

Времето како фактор на вооружената борба секогаш имало значење од повеќе аспекти. Денес постојат различни сфаќања и оценки за неговата улога во крајниот резултат, односно исходот на борбата, од кои некои одат ов крајност апсолутизирајќи ја неговата важност како услов за конечна победа.

Марксистичките сфаќања на времето во водењето на вооружената борба високо ја цената неговата улога: "Изборот на времето

за почетокот на дејствата често бил пресуден за текот и исходот на битката, бојот или операцијата, а понекогаш и војната во целина.[40)]

При разгледувањето на улогата на времето во подготовките и водењето на Илинденското востание треба да се има во вид ставот дека: "Во револуциите, националноослободителните и партизанските војни решавачки фактор начесто се општествено политичките и воено-политичките услови".[41)]

Времето за водењето на оружената борба има трајно значење:

1) Како квантитет (траење), расположливото време за подготовка, изведување и траење на борбените дејствија:

2) Како доба од денот и годината: видно-невидно, подобно-неподобно за дејство.

3) Како метеоролошка појава: температура, ветрови, врнежи (дожд, снег, град),магла и др.

Општото значење на временскиот фактор во војната е определено со фактот дека сите процеси и сите облици на дејство можат да се одвиваат само во одредено време. Нема промени надвор од времето, ниту пак има време без промени. Сепак, времето само за себе не може да се гледа изолирано од другите фактори на вооружената борба, а непосредно е врзано со просторот и со него сочинува една дијалектична целина.

---

40) Vojna enciklopedija, tom 10, Beograd, 1975, 616.
41) Istoto, 618.

За разлика од другите фактори на вооруженаta борба кои што се релативно постојани и ограничени (просторот) или рамномерно променливи (човечкиот и материјалниот), времето е постојано закономерно променливо, што овозможува неговото влијание врз текот на вооруженаta борба во многу висок степен да се предвиди.

Иако времето за двете завојувани страни еднолично тече, во суштина за секоја завојувана страна во вооруженият судир (напаѓачот и бранителот) истото астрономско време има различна димензионираност или вредност бидејќи напаѓачот насотјува што побргу да ја постигне целта, врз основа на што е и развиена современата концепција за "молскавична војна", а бранителот настојува што подолго да го одложува или спречува агресорот во постигнувањето на целта, што се манифестира низ концепцијата на стратегијата на истоштување.

Факт е дека ТМОРО кон времето имала правилен став *бидејќи за остварувањето на крајната цел, ослободување на Македонија* низ самостојна вооружена борба, прокламирала долготрајни повеќегодишни темелни подготовки, што и во пракса било спроведено. Овој став се рефлектирал и низ идејата на Ѓорче Петров за "перманентно востание" односно долготрајна исцрпувачка војна, што е сосема во согласност со современите сфаќања и погледи за водењето на народноослободителни војни и револуции.

Вкупните внатрешни и меѓународни односи во периодот од 1893-1903 година не оделе во прилог на целите на ТМОРО. Затоа,

секое востание во овој период би имало политички, морални и материјални последици по македонскиот народ, бидејќи младите вооружени сили на Организацијата не биле доволно бројни, стручни и материјално подготвени за водење на вооружена борба, а посебно после Источната криза во перидоот на консолидација на турската војска на македонскиот простор. Тоа најдиректно влијаело на вкупните односи на вооружените сили на македонскиот простор-војувалиште, а што се потврдило во Илинденското востание. Во овој период турската армија имала големи можности за оптимално користење на своите сили и вооружување, како и економските потенцијали на македоснкиот простор. Тоа се потврдило со турската контраофанзива која имала крајна стратегиска цел што побрзо да го задуши востанието. Тие во една релативно краткотрајна војна (3 месеци) ги реализирале поставените цлеи. Востаниците се нашле во хроничен недостиг на време во тактички и стратегиски размери.

VIII ДЕЛ

МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ХЕРОИЗМОТ И ТРАДИЦИИТЕ ОПРЕДЕЛУВАЧКИ И ИНСПИРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ

Во богатото дело на ТМОРО овие значајни чинители претставувале суштествен дел во пдоготовките на македонскиот народ за престојното востание. Тие претставувале достоинствени показатели во развојниот процес и јакнењето на слободарскиот дух и во поттикнувањето на слободољубивите идеи. Затоа овие вредности и нивното пројавување во текот на националноослободителната борба на најавтентичен начин ќе бидат разработени.

За трајноста на слободата како идеал на револуционерните движења и народите воопшто, многу сликовито зборува Титовата мисла:

"СЛОБОДАТА Е ОНА ШТО СЕКОГАШ ПРЕТСТАВУВА НАЈУБАВ ИДЕАЛ, НАЈУБАВО НЕШТО ЗА СЕКОЕ СУШТЕСТВО, ЗА СЕКОЈ ЧОВЕК, ЗА ЛУЃЕТО И НАЦИЈАТА. ЗА ТАКВАТА СЛОБОДА ЛУЃЕТО СО ВЕКОВИ СЕ БОРЕЛЕ И СО ВЕКОВИ ПАЃАЛЕ И ГИНЕЛЕ. ЗА ТАКВАТА СЛОБОДА ИСЧЕЗНАА ОД НАШИТЕ СРЕДИНИ ОНИЕ КОИ БЕА ДЛАБОКО УБЕДЕНИ ДЕКА КЕ ДОЈДЕ ПОДОБРА ИДНИНА, ОДНОСНО ДЕКА ЌЕ БИДАТ ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НИВНИТЕ НАПОРИ И НИВНИТЕ ЖРТВИ.

ЈОСИП БРОЗ ТИТО"

1. Моралните определби и вредности како една од значајните претпоставки за омасовување на движењето и успешно водење на востанието

Македонската револуционерна организација речиси веднаш по основањето била свесна дека на моралот, како на една од значајните компоненти на општествената свест што ги регулира односите меѓу луѓето, треба да му посвети посебно внимание. Тоа било неопходно од две основни причини. Првата, заради надминување на некои дотогаш важечки норми, што како спонтани придобивки создавани низ векови биле обременети со негативности, и втората, заради изградување на неопходен борбен морал.[1)]

Наследните патријархални норми од кои некои влијаеле за систематско обезвреднување на духовните вредности, што биле поттикнувани од османлиската власт во сите насоки, претставувале сериозна бариера што требало да се премости. Без нивното надминување се доведувало во прашање реализирањето на најзначајната цел, т.е. придобивање на целиот македонски народ за идеите на националноослободителното движење. Затоа се вложувале посебни напори за брзо менување на некои елементи од општествената свест и нејзино насочување во правец што придонесувал да се оживотворат неопходните претпоставки за извојвување на слободата.

Тргнувајќи од овие сознанија раководството на ТМОРО, по организирањето на основната револуционерна мрежа, речиси ширум

---

1) Moral, Vojna enciklopedija, 5, Beograd, 1962, 698-701

Македонија, започнала со разрешувањето на една од најкрупните задачи - омасовување на движењето. Тоа било свесно дека без поддршка на целиот македонски народ не ќе може со успех да води вооружена борба против поробувачите. Поинаку, раководството знаело дека по придобивањето на проверени луѓе, кои се одликувале со високи морални вредности, доаѓал, следниот многу посложен чекор: вклучување на сите чесни Македонци во Организацијата.

Првоопфатените лица во револуционерната мрежа биле регрутирани од средините што се истакнувале со неспорен авторитет. Тие биле познати како најдобри домаќини, кои со своите постпаки и однесување служеле за пример во средините во кои што живееле. Нивниот, животен пат бил не само чист, туку истовремено и оплеменет со карактеристики што имале вистинска и трајна морална вредност. Благодарение на ова тие прераснале во јатка која што послужила за широко мобилизирање на народните маси.

За вистинската морална преродба во најшироко значење на поимот, особен придонес дале основоположниците на национално-ослободителната организација. Мнозинството од нив потекнувале од редовите на малубројната македонска интелегенција. Тие биле помогнати и од духовните лица, кои наспроти ширењето на религиозно мистичната етика што се потпирала врз христијанскиот догматизам,[2a] имала силно влијание врз процесот на омасовувањеот на ослободителното движење. Меѓу етичките вредности, за чие оживотворување се борела организацијата, главно место им припаѓало на патриотизмот и хуманоста.

2a) М.Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Боеград, 1954, 312.

На развојот и разгорувањето на патриотските чувства, што се најтесно поврзани со борбениот морал, организацијата му посветувала посебно внимание. Таа, преку разгорување на делумно притаената свест и волја под влијание на безнадежноста, настојувала љубовта кон татковината, односно потребата од учество во организирана борба за нејзино ослободување, да ја поткачи на највисоко можно ниво. Оваа обврска претставувала огромна задача, бидејќи претстоело разгорување на патриотските чувства кај секој поединец.

Организираната активност за будење на патриотските чувства, што во борбената традиција на македонскиот народ имаат длабоки корени, почнувајќи од доаѓањето на нивните предци на Балканот, па се до оние што учествувале во разните буни и ајдутски акции, во предилинденскиот период, се одвивала во повеќе насоки. Таа почнувала со идејно освестување, напоредно испреплетено со настојувања луѓето да станат потрудољубиви, меѓусебно потолерантни, поширокогради, без егоистички претензии, дружељубиви, активни во рушењето на суеверните и штетните обичаи, противници на алкохолизмот, безделничењето, моралот итн. Секоја од овие компоненти придонесувала за поголема самодоверба и верба во способноста на сопствениот народ да ја извојува слободата без туѓа помош. Ваквите регулативи, кои што обврзувале на дисциплина и почитување, не можеле целосно да бидат прифатени без соодветната и нужна принуда што на различни начини била прокламирана од страна на организацијата. Сите овие што свесно или несвесно се огрешувале спрема општо прифатените норми, подлежеле на разновидни санкции.[2] Во подготвителниот

---

2) Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, I, Скопје, 1981, 333.

период на востанието личното било подредено на општественото. Во случај на неопходна потреба, луѓето требало да бидат спремни да ги жртвуваат и своите животи. Оттаму и т.н. "покрстување", т.е. давање на заклетва[3] при вклучувањето во организацијата, се вршело со обврска верно да му се служи на ослободителното дело, а секоја непромисленост да се плати дури и со сопствената глава.

Сите овие мерки, придружени со борбените и слободарски традиции, со патриотскиот дух на македонскиот народ и со големата омраза кон поробувачите во лицето на турската феудална власт, придонеле за зајакнување на борбениот морал, што до полн израз дошле во текот на востанието. Стремежот да се извојува национална и социјална слобода, да се обезбеди поперспективна иднина, претставувал сила во градењето на морално-политичкото единство меѓу Македонците.

Со растежот на авторитетот на организацијата дошло не само до бојкотирање на османлиската административна и судска власт, туку напоредно со тоа и до значително елиминирање и конфликтите во врска со меѓите меѓу нивите, користењето на пасиштата и шумите, меѓусебните обвинувања и нетрпеливост, слабеењето на обичаите во врска со купувањето на невести, давањето на дарови (чеиз) итн. Потребата од обезбедување на средства за вооружување и за исхрана на востаниците и неборечкото население внела жива заинтересираност за зголемување на производството на лебни жита и другите прехран-

---

3) Л.Милетичъ, Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, София, 1927, 10-11.

бени култури. Алкохолизмот, а особено аморалот поради строгите мерки против неговите носители, речиси потполно биле искористени.[4] Сето тоа довело до зголемување на дисциплината, со чија помош се обезбедувала еднодушност во извршувањето на револуционерните задачи. Врз вкупното јакнење на борбениот морал особено ефикасно се рефлектирала политичката дејност на револуционерните комитети и воопшто авторитетот на илегалните органи на организацијата, потоа бескомпромисните казни против разновидните прекршоци.[5] Во процесот на моралната обнова за најтежок престап се сметало предавството. Остро се осудувале и провалниците, кои предизвикале т.н. "афери", кои најчесто завршувале со катастрофални последици.[6] Сите идентификувани поткажувачи и шпиуни, биле квалификувани како најтешки злосторници. Од нив луѓето бегале како од чума. Врз основа на пресудите на револуционерните комитети, тие начесто ја добивале заслужената казна. Смртната казна ја извршувале егзекутори, кои посебно биле обучени за таа цел.

Високите морални вредности на македонскиот народ пројавени во текот на националноослободителната борба можат да се следат преку поголемиот број сочувани автентични сведоштва. Тие укажуваат дека во идејната сушност на македонското револуционерно дви-

---

4) Еден ранет борец засолнет во Смилево поради недолично однесување кон жените во семејството каде го лекувале бил егзекутиран откако сметната пресуда била потврдена од Окружниот комитет во Битола.

5) Обвинетите лица од рамничарските предлеи по казна ги испраќале во планински краишта, а планинците во полето. Таму тие се чувствувале како риби на суво и во првите судири со аскерите гинеле. Таков бил случајот и со неколкумина борци во четата на Парашкев и Цветков, кои загинале во Могила.

6) Македонија и Одринско ...,49-79.

жење биле вградени високи етички определби, што биле резултат на трајните настојувања борбата за национално ослободување да се води врз најдемократски принципи.

За ваквата хуманистичка ориентација на движењето најголем придонес дале повеќе основачи и идеолози на ТМОРО. Тие биле свесни дека етичката компонента на револуционерното движење крајно е значајна, бидејќи без нејзиното почитување и разгорување мобилизацијата на целиот народ во борбата за извојување на слобода со сопствени сили, ќе биде помалку успешна. Тргнувајќи од овие позиции и принципи, револуционерната организација, уште во подготвителниот период, им посветила особено внимание на сите компоненти на моралната реставрација и хуманизација. Таа настојувала да ја заокружи вкупната морална преродба, што придонело организацијата да биде прифатена како единствен покровител и виситнски заштитник на животните интереси на најшироките народни маси.

Инспирираноста на организацијата со длабоки хумани појави и мотиви придонела нејзината бескомпромисна борба да се води врз принципи што јасно го трасирале патот до слободата. При тоа било издиференцирано дека македонскиот народ не се бори против Турците како припадници на една нација и вера, туку против суровиот режим на феудалните управувачи.[7] Клучните карактеристики на револуционерната организација биле насочени кон елиминирање на шовинизмот. Македонскиот народ му објавил војна на ропството и на

---

7) Гоце Делчев, истануваше: "Јас не ги мразам Османлиите како народ, јас се борам против османлиската тиранија, како владеачки систем".

лостовите врз кои таа се потпирала, какви што биле насилството, експлоатацијата, злосторствата и сл. Тој водел борба против гнилиот и надживеан феудален општествен систем.

За илустрација на високите етички норми на македонското револуционерно движење зборува и првиот член од Уставот на ТМОРО, донесен во Солун во 1896 година. Не случајно во него е запишано дека основна цел на Организацијата е "да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи ... без разлика на народност".[8)]

Посебно внимание било посветено на воспитувањето насочено кон правдољубието и воопшто почитувањето на личниот интегритет на недолжните луѓе, без оглед на нивната национална, верска и друга припадност. Во врска со ова Ѓорче Петров истканувал дека само чувствата за повисока правда можат да создадат вистински револуционерен борец, бидејќи во основата на револуционерната борба треба да биде вграден светиот идеал за надминување на ропството. Во завршната реч на Смилевскиот конгрес Д.Груев истакнал: "Турчин или христијанин, се едно, ако не пречи, ако не прави зло, ни влакно не смее да падне од неговата глава".[9)]

Овие укажувања, проникнати со длабока правдољубивост и вистински хуманизам, биле сериозно предупредување за сите членови на револуционерната организација да не прибегнуваат кон било каква одмазда, а особено не кон мирното турско и други мусли-

---

8) Устав на ТМОРО, составен од Делчев и Петров.

9) М.Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893-1903)Скопје, 1974, 154-162.

манско население. Врз основа на овој хуман став за криминален чин било прогласено и убивањето на ранетите непријатели. Дури и во официјалните одкументи на Смилевскиот конгрес се истканувала обврската за заштита не само на неборечкото христијанско население и странските државјани, туку истовремено било забрането "да се напаѓа врз мирното турско население и да се посегнува врз турските жени, деца и старци".[10)]

Врз основа на овие определби, во многу ослбоодени населени места во август 1903 година, востаниците се однеусвале коректно кон турското население. Со нив се поставувало човечки и хумано. За тоа сведочат и неколку извештаи од Битола на австрискиот конзул Карл Хрон. Тој икстанувал: "Постапката на востаниците беше хумана и лојална, постапката на Турците варварска, сурова, азијатска ... Додека востаниците палат чифлици на намразените Турци, но ги штитат муслиманските селски житлеи, војниците и башибозукот опожарија тотално веќе над 22 христијански села".[11)] Во еден загребски весник, речиси во исто време, била отпечатена лаконската изјава на Даме Груев, кој спомнатиот конзул во веќе наведениот извор го смета за "главен поборник за човечки права".

Хуманиот однос кон неборечкото турско население до посебен израз дошол по прогласувањеот на Крушевската република. Жените и децата од турското население во градот беа собрани во една куќа пред која беше поставен стражар. Тие не само што биле зашти-

---

10) Од востаничкиот дисциплински устав (Правилникот). Решенија од III заседание, точка 6.

11) К.Хрон, Писма од 17 VIII, 27 VIII и 1 IX 1903 година.

тени, туку за нивното нормално живеење, вклучувајќи ја пред се исхраната, се грижела револуционерната власт.[12)]

Етничките сфаќања на Никола Карев и воопшто на Револуционерната организација биле писмено формулирани и во проклама-цијата што Крушевскиот револуционерен округ ја упатил до турски-от народ, т.е. во Крушевскиот манифест. Неговата содржина на по-веќе места е проткаена со високо хумани формулации. Тоа сведочи за одлучноста доследно да се оживотворува прокламираниот принцип за почитување на човечкото достоинство. Во манифестот, меѓу дру-гото, е речено:

"Ние не се дигнавме против вас. Тоа би било срам за нас, ние не дигнавме пушка против мирниот, трудољубивиот и чесни-от турски народ што се прерануат, како нас со крв пот-тој јет наш брат и со него сме живееле и пак сакаме да живееме, ние не изле-говме да колиме и да грабаме, да палиме и да крадеме - доста ни се зулумите на безбројните дебребеи (предавници, Р.Д) по нашата сирота и окрвавена Македонија, ние не излеговме да порисјанчуваме и да бесчестиме вашите мајки и сестри, жени и ќерки, требит да знајте оти вашито имот, вашиот живот, вашата вера и вашата чес ни се толку скапи, колку што ни сет, скапи нашите.[13)]

---

12) За грижата кон турското неборечко население постојат уште го-лем број конкретни примери. Кога еден востаник го известил претседателот на Крушевската република Никола Карев дека заробил неколку Турци-овчари, тој строго го прекорил. "Кој ти нареди и кој ти одобри да го правиш тоа ... Ке се вратиш, ќе ги ослободиш овчарите, ќе им речеш да си ги приберат стада-та. Освен тоа ќе им се извиниш на луѓето и бездруго ќе им об-јасниш дека комитите и востаниците не се разбојници и ограбу-вачи на населението, а се такви, кои се борат за слобода на си-те луѓе без разлика на народност и вера. Ти го направи токму она против кое ние се бориме и за кое решивме да ги жртвува-ме и животите".

13) Н.Каревъ- Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода...,45-50.

Ваквото однесување на македонските востаници во Крушево придонело некои Турци да истапат во заштита на Македонците и другите христијани во градот. Бимбашијата Умер го уверувал Бахтијар паша дека востаниците не само што не ги малтретирале Турците, туку дека им помагале. Уште похумано постапиле Турчинките од Крушево. Нивна делегација отишла кај пашата и му раскажала како биле запазени од злосторства и насилства. Тие го молеле да ги поштеди децата и мајките така како што и самите тие биле поштедени.

Моралот на македонското население и по задушувањето на Илинденското востание бил на високо ниво. За тоа сведочи следната мисла искажана речиси веднаш по стивнувањето на борбените дејства:

"Сите тие страдања во текот на есента не предизвикаа никакво незадоволство против Комитетот или против неговите водачи. Селаните останаа лојални кон Организацијата која ги фрли во тие бедства. Во Охридско чув стари луѓе како велат дека ако Комитетот издаде наредба за нова борба во летото, тие ќе се потчинат на заповедта без колебање".[14)]

Неспорно е дека ваквите изјави одат во прилго на доказот дека ТМОРО успеала, само во текот на една деценија, од селани со - релативно вкочанет дух да создаде свесни луѓе со висок револуционерен морал. А тој квалитет бил согледан не само од многумина напредни луѓе во земјата и светот, туку и од анонимните народни

---

14) Брајлсфорд

поети. Принципите врз кои било подготвувано и организирано Востанието нашле соодветен одраз и во македонските народни песни од илинденскиот период. Нивната содржиан претставува своевидна хроника на настаните исполнети со хероизам и саможртвување на целиот народ. Во овие творби мошне пластично се илустрираат моралните вредности на оние кои со пушка в раце тргнале против петвековниот ропски јарем.

Во сите песни од овој вид на највисоко место стои чувството за една повисока правда, "да се поднесат неподносливи маки и страданија во името на идеалот за слободата".[15)]

Горчливата вистина што револуционернитe настани од 1903 година не биле крунисани со саканиот успех, не биле почувствувани како тотален пораз. Илинден придонел да се постигне една друга и мошне значајна цел. Таа била доследната приврзаност на сите македонски револуционери кон идеалите на ТМОРО и епопејата. Токму ваквите определби и заложби на македонскиот народ придонеле светот да се восхитува на високиот борбен морал и на скеој вид саможртвување во борбата за слобода. Настаните кај Локвата и Виљари, во судирот на Ножот, кај Цер, на Мечкин Камен, на Пелистер и во Смилево,[16)] како и на многу други места ширум Македонија, претставувале чин на невиден хероизам што оставил длабоки траги во свеста на народот. И саможртвувањеот на младите "гемиции"[17)] светот

---

15) Македонската книжевност во книжевната критика. I. Народно творештво, Скопје, 1973, 279

16) Македония и Одринско ...,121-256.

17) П.Шатевъ, Солунскитѣ атентати и заточеницитѣ въ Фезанъ, София, 1927, 40-49.

го протолкувал како херојство без преседан во дотогашната историја на нашиот народ.

Ваквиот борбен морал е опеан во голем број народни песни. Населението длабоко ги почитувало своите борци вклучени во многубројните востанички единици. Тоа имало неограничена верба во нив, бидејќи ги сметале за свои заштитници. Теророт со опожарување на селата, убивање на недолжни луѓе и слично, не го парализирал борбениот морал кај народот, туку напротив придонел тој уште повеќе да се разгори. Народот се заветувал дека делото на востаниците ќе го продолжат нивните синови и внуци.[18] Само преку свесно издигнати поединци, со оглед на фактот дека човекот е одлучувачкиот фактор во борбата за слобода, ТМОРО била во можност да создаде вистинска војска. Тоа било можно бидејќи свеста на востаниците и на целиот народ произлегувала од суштината на ослободителната војна и револуција. Морлано-политичката сила и свеста на востаниците и другите учесници во востанието произлегувала од оправданите цели на борбата што освен национален и социјален имала и класен карактер.

---

18) Високиот борбен морал на македонскиот народ често е предмет на народнито поет. Некои од овие творби имаат класично значење. Таков е случајот со песната "Ја излези стара мајко, до портата". Во неа се зборува за разделбата меѓу мајката и синот кој заминувал во комити, во чии редови неговата судбина однапред била определена да дејствува и да гине, да се саможртвува и да се самодокажува во борбата за слобода. Откажувајќи се од благодетите на релативно мирниот начин на живеење, тој е свесен дека негова куќа ќе стане црната земја, дека мајка ќе му биде планината, жена пушката-манлихерка, а деца-дребните куршуми. (Ајдутски и револуционерни песни. Редакција д-р К.Пенушлиски, Скопје, 1969, 164).

"СЕ КОЛНАМ ВО ИМЕТО НА БОГА, ЧЕСТА И ТАТКОВИНАТА ДЕКА ЌЕ СЛУЖАМ ЧЕСНО И ВЕРНО ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА. ЌЕ ГИ ИСПОЛНУВАМ СИТЕ НАРЕДБИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ДОБРОТО НА ТАТКОВИНАТА. АКО Ѝ НАПАКОСТАМ СО НЕШТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ИЛИ АКО ГИ ПРЕДАДАМ ДОВЕРЕНИТЕ ТАЈНИ, ГОТОВ СУМ ДА БИДАМ КАЗНЕТ СО КАМА ИЛИ СО РЕВОЛВЕР, ЗА ПОТВРДА НА КОЕШТО ГИ БАКАНУВАМ. АМИН!"

Револуционерната клетва што востаниците ја давале при стапувањето во ТМОРО.

2. Хероизмот и херојството како значајни составни компоненти на борбениот морал и дух на македонскиот народ во подготовките и востанието

Хероизмот како колективна појава и херојството како појава што ја пројавува поединецот, најсоодветна почва среде македонскиот народ нашле во текот на нациоанлноослободителното движење од крајот на минатиот и почетокот на овој век. Ваквите високоморални чувства не му биле туѓи на макдонскиот народ ни во поранешните периоди, макар што, се разбира, доаѓале до многу помал израз. За илустрација на ова тврдење сведочат многубројните траги во усното народно творештво.[19)]

За зародокот на хероизмот како колективен чин најголема заслуга му припаѓа на ТМОРО. Процесот на разгорување на високи морални вредности се одвиваше постапно. Настојувањата хероизмот да се вгради во чувствата на целиот народ, бараше умеење, упорност и перманентно морлано-политичко воспитување. Само така можеа да се разбрануваат широките народни маси и да се оспособат, во духовна и физичка смисла, еднодушно да се osват на повикот за борба што имаше за цел да стави крај на повеќевековното ропство.

Напорите за извојување на национална и социјална слобода со сопствени сили, не ќе дојдеа до израз ако прокламираните

---

19) Мајката на Григор Прличев во моментот кога пред нејзините очи го затвориле и во веригиго оковале синот, откако го бакнала Григора му рекла: "Биди ми јунак ... ако ли не, јас ќе умрам од тага ... Не бој се!... Ако ми се уплашип, арам да ти е моето млеко". (Г.Прличев, Избрани творби, Скопје, 1985, 92)

идеи за ослободување останаа во тесен круг. Тие требаше да станат општонародна сопственост. Во основата на ваквите определби пред се требаше да се вгради чувството на голема омраза кон носителите на угнетувачкиот османлиски феудален систем. Суровата експлоатација, несигурноста на животот и имотот, како и целосната обесправеност, претставуваа основен потстрек за никнувањеот, зацврстувањето и развојот на хероизмот и херојството.

Резултатите од ваквото воспитување придонеле хероизмот и херојството да станат составен дел во животот на македонскиот народ. Овие чувства ја доживеале својата кулминација во текот на Илинденското востание. Тогаш хероизмот се манифестирал во две основни насоки. Од една страна тој претставувал карактеристика на целиот народ, а од друга страна се појавувал кај цели вооружени единици. За разлика од хероизмот, херојството имаше индивидуален карактер. Целиот народ, како и секоја одделна реовлуционерна единица, бил проникнат со длабок хероизам. Заднината и единиците претставувале неразделна целина. Жените, децата и старците стоички и на достоинствен начин, со дигнати глави, настојувале да ја споделат судбината со своите татковци, синови и браќа кои се бореле во составот на вооружените востанички сили. Разновидните насилства, а особено опожарувањето на куќите и другиот имот, посегнувањето врз честа на девојките и убивањето на цивилното население, не можело да го скршат нивниот дух.[20] Овие тешки и невидени страдања народот ги поднесувал достоинствено. Во неговата свест преовладувало сознанието дека смртта може полесно да се поднесе отколку ропството.

---

20) Македония и Одринско ...,219.

Свесен за фактот дека борбата за слобода не може да се води без жртви, македонскиот народ однапред знаел дека таа ќе биде крајно тешка и крвава. Во ваквите очекувања немало ништо утописко. Реалните очекувања произлегувале од долго изградуваната свест дека уривањето на ропството без оружје е илузија и дека препресалиите, како казна за обидот да се извојува возвишената слобода, ќе изостанат. Меѓутоа, пројавените sверства во задушувањето на Востанието ги надминале очекувањата и на најголемите песимисти. Но токму ваквата сурова вистина и нескршливиот дух на народот биле основна причина на пројавениот херозам на македонците, на кој се восхитувале сите - и пријателите и непријателите.[21)]

Хероизмот и херојството земале напореден замав со зголеменото физичко, економско и духовно угнетување. Злоделата, што најчесто и во најсурова форма се јавувале во Западна Македонија на чија територија дејствувале многубројни разбојнички банди, придонесувале заширење на револуционерниот дух и за продлабочување на револуционерната свест.

Сенародниот хероизам започнал да се манифестира значително порано пред избувнувањето на Илинденското востание. До особен израз тој дошол во подготвителниот период. Во текот на многубројните афери не еднаш провалите биле парализирани токму поради одлучноста да не се подлегне на физичката тортура да не се

---

21) За ова се сочувани бројни сведоштва во конзулските извештаи, како и во печатот што излегувал во западноевропските земји.

предаде делото. Луѓето умирале без да проговорат.[22] Разновидните варварски измачувања, убиствата и другиот терор, што според својата тежина ги надминувале инквизиторските методи, не можеле да го скршат духот на народот и да го принудат да се откаже од започнатата борба.

За хероизмот проајвен од цели востанички единици постојат поголем број автентични сведоштва. Во нив се зборува дека востаниците, раководени од своите слободарски тежненија пројавувале одлучност и смелост, какви во дотогашната историја ретко се среќавале. Нивната зрелост придонесувала да умираат мислејќи само на слободата на Македонија, бидејќи биле свесни дека само со крајни напори и големи и скапи жртви ќе можат да ја извојуваат слободата, т.е. "да се доберат до еден гарантиран човечки живот, до еден гарантиран ред и морал во управата на турската држава - до една политичка автономија".[23]

Борбеното морал и високата револуционерна свест на македонските востаници била на вонредна висина.[24] Секогаш кога биле опкружени или опседнати во блокирана куќа "тие ја избирале

---

22) Некои од овие подвизи се опеани како на пр,.држењето на Дончо Штипјанчето, во чии врекќи за ориз колициите фатиле бомби во Битола во 1890 година. Тој подлегнал на мачењето без да изусти збор. Не помало јунаштво пројавиле и опкружените во една прилепска куќа Гавазов и Чемков, кои прегрнати се самоубиле во 1899 година, за да не паднат живи во рацете на полицијата

23) Македониѓа и Одринско..., 15.

24) Г.Петров аргументирано тврди дека наспроти зајакнувањето на борбениот морал сред македонските востаници, османлиската власт била речиси парализирана и зашематена. Чифликсјабиите биле исплашени, трговците бојкотирнаи, војската деморализирана и фрлена во очајание.(Г.Петров, Спомени...,19).

херојската смрт во виорот на самата борба, па и индивидуално или колективно самоубиство".[25)]

Саможртвувањето било една од најзначајните морални карактеристики на востаниците. Не случајно Гоце Делчев на состанокот со леринските и костурските раководители, одржан во ноќта меѓу 24 и 25 јануари 1902 година, рекол:

"Никогаш не заборавете дека ние не си припаѓаме себеси. Нашиот живот е веќе жртвуван пред олтарот на делото, и кој од вас ќе го загуби тоа сознание, тој престанува да биде револуционер. И така, нека не се плашиме од смртта. Каде и да се најде, да ја пречекаме со презир и да ја победиме".[26)]

Кон овие мисли искажани од идеологот на национално-ослободителното движење се придржувале поголем број македонски револуционери. Тие саможртвувањето го разбирале како највисок чин на доследност, верност и одлучнсот да ги извршат поставените задачи. Вакви примери на саможртвување се среќаваат и во подготвителниот период и во текот на самото Илинденско востнаие, а и потоа. Еве неколку примери.

Во кулата кај Кадино село (Прилепско) на 8 април 1902 година херојски се саможртвувала четата на војводата Методија Патчев, после жестоко спротивставување на многубројните аскери. Откако го употребиле последниот куршум востаниците, заедно со војводата, се самоубиле, за да не паднат живи во рацете на непријате-

---

25) Д.Константинов, Битола 1903, Битола, 1983, 97.

26) Хр.А.Полјански, Гоце Делчев, Скопје, 1982, 62.

лот. Бестрашните македонски борци и во оваа прилика ја потврдиле одлучноста да го жртвуваат сопствениот живот во името на своите идеали. За овој херојски подвиг на групата востаници анонимниот народен поет ја испеал песната "Смртта на војводата Патчев". Во неа со одбрани зборови е овековечено саможртвувањето за слободата на татковината. Веста за херојската смрт на војводата Патчев брзо ја обиколила Европа. Со оваа постапка Методија на дело докажал дека неговата мисла: "Подобро е скеој борец храбро да загине, отколку околу вратот да носи синџири ..." [27] не била само фраза туку длабоко убедување.

Четата на Веле Марков се овековечила на 11 јуни 1902 година кога била обиколена во крушевското село Ракитница. Откако кај војводата пристигнале двајца парламентарци за да го наговорат да се предаде поради безизлезената ситуација, Марков одговорил:

"Не се предаваме, ние занеме само јуначки да се бориме и чесно да умреме за нашата татковина".[28]

По овој одговор започнала нерамна борба во која сите борци, заедно со војводата, херојски загинале. Оваа трагедија болно одекнала среде македонското население, а на крушевскиот и другите блиски реони им послужило како силен поттик за натамошно организационо зацврстување. Епопејата од Ракитница длабоко се врежала во свеста на народот. За војводата Веле Марков е испеана трогателна револуционерна песна.

---

27) Стојан Ристески, Методија Патчев, Центар за печат и радио Охрид, 1974, 8.

28) Хр.Силјановъ, Освободителнитѣ борби...,136.

Повеќето од учесниците во солунските атентати се самоубиле за да не паднат живи во рацете на злогласната османлиска полиција. Тие млади и смели момчиња, инаку приврзаници на оспоруваниот од ТМОРО индивидуален терор, доброволно ја избрале смртта, докажувајќи ја безграничната љубов кон слободата и својот обесправен народ. херојството на овие 12 младинци, познати како гимиции, предводени од Јордан Поп Јорданов-Орце, со своето херојско саможртвување ја разбранувале јавноста речиси на цела Европа.[29]

Во подготвителниот период со индивидуално јунаштво се појавил и Тодор Станков. Тој како активен член на Организацијата паднал во рацете на полицијата. Иако сверски го мачеле, за да не ја погази заклетвата и да не предизвика верижни апсења Тодор сам се ранил.[30] За негово затворање и држење во затворот разбрал и Гоце Делчев и со писмо за тоа им соопштил на Георги Поп Цветков и Никола Зафиров.[31] Херојското држење на овој истканат револуционер придонело за јакнење на револуционерниот дух. Овој настан бил обесмртен и со една книжевна творба.[32]

Беспримерна храброст појавил војводата на т.н. центрова чета од с.Смрдеш-Личо Андонов. Тој, откако неговата чета исфрлила од строј повеќе од сто аскери, со преостанатите тројца соборци се самоубил. Оваа борба што се водела на чуките Локвата и Винари,

---

29) П.Шатевъ, Солунскиятъ атентат и заточеницитѣ въ Фезанъ, София, 1927, 40-43.

30) Т.Станковъ, Македонска Революционна организация, II, Илинденъ, 4/4, София, 1931.

31) Г.Делчев, Преписка..., 53.

32) А.Раздоловъ, Злото въ Турция, София, 1898, 16.

недалеку од костурското село Д'мбени на 31 мај 1903 година, била неповторлив подвиг на борците за слобода, поттик за натамошно омасовување на вооружените единици и порака до поробувачите дека претстојната борба ќе се води до последен здив.[33)]

Речис во исто време во нерамен судир со аскерот и жандармеријата, по жестока борба, херојски загинал војводата Парашкев Цветков заедно со осум свои соборци. Оваа борба се водела во битолското село Могила на 21 мај 1903 година.[34)]

"Борбите се најјасна илустрација за бурната револуционерна дејност во периодот од 1898 до средината на 1903 година. Во овој временски интервал во Македонија вкупно имало 122 борби. Во нив загинале 492 храбри борци.[35)] Во поголем број од овие судири борците појавиле вистински херозам, а некои поединци и јунаштво достојно за најголем и траен почит, што е наполно разбирливо кога се знае дека борците војувале против значително бројно надмоќен непријател. Соодносот на четниците и аскерите, на пример, во борбата кај Зборнско (Воденско) изнесувал 1:31, 1, кај Аржанскиот ѓол (Кукушко) 1:109, кај Бојмица (Гевгелиско) 1:150 итн. Општо земено во сите борби учествувале вкупно 1.846 борци против 37.269 аскери. Тоа укажува дека секој борец просчено против себе имал по 202 аскери.[36)]

---

33) Македонија и Одринско ...,80.

34) Д.Константинов, Битола 1903, Битола, 98, 5, 33. Уште загинале: Цветко Бегот (од Смилево), Трајче Бисовски (од Смилево), Иван Георгиев (од Г.Ц рско), Васил Дурмишев (од М.Ц рско), Кузе Железарчето (од Битола), Ѓорѓија Константинов (од Смилево), кула Трајков (од Базерник) и Димитар Филдишев (од Охрид).

35) Македонија и Одринско ...,80.

36) Истото, 82-87.

Хероизмот и херојството на поединци до силен израз дошле по избувнувањето на Илинденското востание. Во периодот меѓу 2 август и 4 октомври 1903 година, колку, всушност, траело востанието, во 150-те борби водени во Битолскот вилает, т.е. во неговата Битолска, Леринска, Костурска, Охридска и Кичевска каза, масовниот хероизам бил демонстриран на најдобар можен начин. Во овие борби, што ефективно траеле 1.146 часови или нешто повеќе од 47 дена со просечно траење на еден судир од 76 часа вкупно учествувале 19.852 востаници против 292.735 аскери со просечен однос на силите од 1:15.[37)]

Хероизмот како колективне чин, појавен во многу од овие борби, го вчудоневидувал непријателот. Востаниците, раководени од своите слободарски принципи, навистина проајвиле невидена смелост. Нивната идејна зрелост придонесувала на смртта да гледаат со презир. Македонија во текот на Илинденското востание, со сопствена крв ги испишала најсветлите страници од својата дотогашна историја.

Самата помисла со оружје да се посегне врз неприкосновената власт на султанот се сметала за авантура. До крајни граници фетишизираната власт на цариградските управувчаи, започнала да се урива како кула од хартија по појавата на вооружените чети. Широко распространетото мислење дека големата Империја не може да настрада од македонските комити било демонтирано.

---

37) Македонија и Одринско ...,161-162.

Кога востаниците од територииите на битолските кази, во седум востанички пунктови,[38] во ист миг и како еден човек стапиле во акции на 2 август 1903 година, Портата доживеала вистински шок. Таа не можела да поверува дека македонскито народ собрал толку голема храброст за да се дигне против модерната османлиска армија.

Востаничката офанзива започнала со голема жестокост. Битолскиот вилает пламнал од Кичево на север до Костур на југ. Востаниците во Смилево го нападнале месниот гарнизон и од вкупно 85 аскери убиле 60. Околу 750 востаници, по жестока борба со аскерот и полицијата, го зазеле Крушево и притоа проајавиле невидена храборст. Слична храброст пројавиле и востаниците од Костурско, кои го зазеле градчето Клисура.

Уште поголема одлучност востаниците пројавиле во времето на непријателската контраофанзива. Тие јуначки ја бранеле секоја педа од ослободената територија. Така постапиле и борците на битолската градска чета на чело со војводата Мише Димов-Косето, кои речиси до еден загинале при одбраната на Смилево на 28 август 1903 година.[39] До крвопролевање дошло и во борбата на Биринскиот пункт, каде загинале, 34 востаници, на чело со јуначкиот војвода Питу Гули".[40] Оваа "епична борба околу Крушево, иако кратковремена, го зачуди светот по одлучноста и го издигна востаничкото

---

38) Битолско Поле, Буф-кол, Ґават-кол, Демир-Хисар, Крушево, Преспа и Ресенско

39) Д.Константинов, Исотто, 167.

40) Македонија и Одринско ...,стр.126.

движење на невидена височина".[41] Во оваа борба на Мечкин Камен четата на Питу Гули "под развиореното востаничко знаме ... славно падна во нерамната борба со вековниот непријател",[42] а со цел да овозможи безбедно повлекување на востаничката главнина.

Голем подвиг постигнала и четата на војводата Гоерги Стојанов во крушевската месност "Слива". Во таа борба 50 востаници жестоко се спротивставувале на триилјаден аскер.[43] Не помал хероизам појавиле здружените чети на војводите Чакаралов, Кљашев и Панџаров (Митре Влаот) во борбата кај с.Вишени во костурскиот предел Пополе.[44] И здружените охридски чети раководени од Лазар Димитров, Цветко Тасев, Христо Узунов и др., благодарение на својата храброст му нанеле големи загуби на аскерот во борбата што се водела во реонот на с.Сливово, во месноста Горица.[45]

Во текот на Илинденското востание со вонредна храброст се истканала и четата на Јордан Пиперката, во борбата во с.Цер (Кичевско), потоа четата на легендарниот Ѓорѓи Сугарев во борбата во с.Бабино, како и 970-те востаници кои под команда на Дамјан Груев се бореле на Бигла Планина против 12 илјади аскери.[46] И во оваа, битка една од најголемите во текот на востанието, одлучувачка била храброста и високиот борбен морал на востаниците.

---

41) Истото, 126.

42) Н.Кировъ- Майски, истото 32.

43) Македония и Одринско ..,130.

44) Истото, 141.

45) Истото, 149.

46) Истото, 150.

Задушувањето на Илинденското востание не значело и крај на револуционерната борба на македонскиот народ, а уште помалку причина за појава на малодушност, меланхолија и очајување. Напротив, епопејата само го поттикнала борбениот дух и одлучноста на народот и натаму да продолжи да се бори за слобода. Револуционернито дух никогаш не замрел, туку повремено искрел како одраз на незгаснатата желба да се извојува слободата. Голем е бројот примери на невидена храброст на востаниците и по 1903 година. За потврда на ова постојат голем број примери. Од нив посебно заслужува да се издвои епопејата на војводата Христо Узунов и на неговите 13 соборци. Куќата во која бил засолнат во с.Цер, во ноќта меѓу 24 и 25 април 1905 година, ја блокирале многуброен аскер, додека самото село се нашло во густ обрач. Кога утрината ја забележале стапицата, борците се обиделе да го пробијат обрчаот, но без успех. Притоа дале две жртви. Потоа се заметнала жестока борба. Аскерот успеал да ја запали куќата од каде се спротивставувале четниците. Тогаш, среде пламените јазици, Узунов го напишал прошталното псимо, во кое, меѓу другото, стои:

"Нашата идеја ќе биде постигната, ете зашто умирам со чиста совест пред законите на нашата света Организација".

Откако им привршила муницијата, борците одлучиле да се самоубијат. Така завшрил херојскито живот на оваа чета за слободата на Македонија.[47)]

---

47) А.Митрев, Христо Узунов, Скопје, 1955, 70.

Со ваков чин борците ја искажувале непоколебливоста и вербата во револуционерните идеи, но истовремено и вонредно големиот хероизам. Тие на длео покажаа дека пред животот ги поставувале повисоките општи интереси... Така ја разбирал борбата и популарниот раководител Ѓорѓи Сугарев, кој со својата чета, во судирот познат под името "На Ножот", над мариовското село Паралово, на 24 март 1906 година, херојски загинал заедно со своите соборци. Во знак на признание за појавената беспримерна храброст, командантот на аскерската единица наредил на загинатите Македонци да им се оддаде достинствена почит. Веста за оваа епопеја тажно одекнала во цела Македонија. Овој херојски настан народот го овековечил со испеаната песна "Заплакало е Мариово за Ѓорѓи Сугарев".[48]

Вонредна храброст појавила и четата на Панде Кљашев. Овој војвода, заедно со своите 14 соборци, јуначки загинал во близината на костурското село Дреновени, во 1907 година. Идетнично херојство, во текот на истата година, појавил и војводата Митре Панџаров заедно со своите четници, во борбата што се водела во близината на с.Жупаниште.

Ваквите и слични херојски подвизи, појавени ширум Македонија, како и многу други настани тесно поврзани со хероизмот на целиот народ и херојството на поединците, влевале нови сили. Епопеите, наспроти очекувањата на непријателот, имале мобилизаторска сила.

---

48) Г.Абаџиев, Епопејата на ножот, Скопје, 1951, 18 и др.

Меѓутоа, во интерес на објективната историска вистина треба да се истакне дека наспроти хероизмот и херојството, во текот на националноослободителната борба од крајот на минатиот и почетокот на овој век, се среќавале и појави на малодушност, чувство на страв, од различен интензитет па дури и предавства, што реално речено биле ретка појава.[49] Ваквите негативности, сосем природно, секогаш се јавувале како придружници на големите и судбоносните настани кои се поврзани со најразонивдни опасности.

Стравот е чест придружник на човекот во текот на неговиот живот. Всушност доколку не постоел стравот не можела да блесне и величината на храброста, на херојството. Мнозина психолоуи и воени стручњаци херојството го дефинирале како победа над сопствениот страв. Заради тоа, во практиката, како што покажуваат историите на големите битки, по поминувањето на опасноста и по извршениот херојски акт се случувало главните херои да почнат да плачат и да признаваат дека стравот ги опфатил откако го пројавиле своето јунаштво.

Секако дека среде македонскиот народ стравот како елемент на психолошката војна, доминирал доста долго, како резултат пред се на големиот и ужасен терор спроведуван од османлиските регуларни и нерегуларни единици, по секоја појава на некаков отпор, на некаков вооружен бунт ропската состојба. Пословицата "Наведената глава, сабја не ја сече" била одрза на една малодушна народна филозофија која била отфрлена.

---

49) Ајдутски револуционерни песни, Скопје, б.а.188-189.

Кога ги разгледуваме генезите на одделни предавства, извршени во текот на националноослободителното движење, лесно се согледува дека многу такви постпаки биле извршени главно од страв од османлиска одмазда и тоа од страв за личниот живот и од страв за судбината на потесното семејство. Ваквите предавства биле почести отколку предавствата направени за некаква награда од власта.

Меѓу првите задчаи што си ги поставила Револуционерната организација била и систематската работа за отфрлање на ропскиот дух од страна на првите организирани членови, а потоа и од целиот народ, вклучуван постепено во нејзините револуционерни мрежи. Тоа била тшека борба за отстранување на стравот, за влевање на самодоверба во сопствените сили, за вистинско вреднување на јунаштвото, на храброста, на херојството и за нивното прифаќање во свеста, како вредности без кои и не може да се води ослободителна борба. По првите појави на врвно херојство на одделни чети, во судири со османлиската војска, започнала да јакне општата храброст на македонскито народ, што ги опфаќала и младите и стрите. Страшливоста почнала да се повлекува, зашто била жигосувана со презир исто како и предавството. Револуционерната организација предвидела и срмтни казни за појавување на страв во текот на борбите како за страшливи борци, така и за страшливи војводи, доколку имало такви. Прошка не постоела, бидејќи големите жртви во подигањето на борбениот морал кај сите слоеви на населението можеле да останат без сакани от резултат.

3. Некои одрази на Илинденското востание во НОВ

Националноослободителната борба на македонскиот народ 1941-1944 година има нераскинливо единство со Илинден 1903 година. Со имињата на истакнати илинденски револуционери што партизанските одреди ги носеле посредно се негувале традициите на Илинден, а преку директното уечство на илинденците во НОБ, борбеното искуство на Илинден било верно пренесувано. Изборот на 2 август 1944 година како ден на прогласување на македонската државност, претставува најдостојно признание кон делата на Илинден од 1903 година.[50] Овие врски се присутни во непрекидната борба за слобода, која се одвивала не само низ вооружени судири, туку и како општонародно спротивставување, што со различен интензитет траела континуирано низ столетијата. Тие, до победоносната народноослободителна војна, претставувале само желби на македоснките патриотски сили. Во такви услови, во кои состојбите ги диктирала туѓинската доминација, македонскиот народ ни во еден миг од своето постоење не се помирувал со ропството. Благодарение на тоа тој успеал да се одбрани од асимилацијата и да го сочува својот идентитет.

Македонскиот народ, според тоа, без активно учество во вооружени борби и постојано општонародно спротивставување, не само

---

50) Реферат, прочитан на свеченият собир на Институтот за национална историја, Скопје, по повод 70-годишнината на Илинденското востание и 29-годишнината од Првото заседание на АСНОМ.

што не ќе успеел да опстане, туку не ќе можел да ја сочува и развива својата национална индивидуалност. А тоа сознание, во дадени историски услови, му овозможило да се поткачи на повисоко стапало на севкупниот општествен развој, што го вклучил во тековите и процесите на борбата за национално и социјално ослободување.

Меѓутоа, без оглед на овие констатации, веднаш треба да се истакне дека меѓусебните влијанија на борбите и спротивставувањата на македонскиот народ се уште не се доволно проучени. И рефлексиите што се пренесувале од постарите на помладите генерации, во смисла на борбени традиции, недоволно се осветлени.

За националната историска наука вонредно сложен проблем претставувало симнувањето на напластените полувистини и фалсификати, што тенденциозно биле лансирани од граѓанската буржоаска историографија. Таа, појдувајќи од своите идеалистички концепции, го прикажувала историското минато во крива светлина. Оттаму, таа ги сокривала вистинските и суштинските историски вредности на македонското народ. Елиминирањето на овие искривени гледања претставува една од обврските што се вонреден успех, веќе неколку децении се решава со помош на марксистичко-дијалектичкото толкување на историјата. Меѓутоа, во проучувањето на историјата се тргнува од покрупните настани, без да им се посвети доволно внимание на многубројните детлаи, без кои нема една целина и заокружување на носечките настнаи. Оттаму, не случајно Енгелс икстанува дека историјата на ја сочинуваат само спектаклите бидејќи според него, во такви случаи многу значајни нешта можат да останат недостатно осветлени. Епопејата на Илинден открива ретка херојска акција на маке-

донскиот народ, како, впрочем, и многу други народи кои имаат богато и содржајно историско минато. За поуспешно запознавање на широките народни маси со бројните детали од тоа револуционерно наследство, значителен придонес имала и КПЈ, која во предвоениот период единствена ги разбрала и сесрдно поддржала вековните стремежи за национална слобода. Благодарение на тоа многу крупни вистини, што внимантелно биле сокривани, започнале побрзо да добиваат право на граѓанство. Во настојувањата за правилно решавање на националното прашање, напоредно со класната борба, пред работниците и другите прогресивни луѓе, КПЈ иг и обелоденувала фалсификаторите на историското минто на македонскиот народ. Оттаму, во поголем број документи издадени од КПЈ во Македонија, нагласено се подвлекувало историското значење на вековната борба на македонскиот народ, а посебно на Илинденското востание. На тој начин се поврзувала националноослободителната борба на македонскиот народ од крајот на минатото и почетокот на ова столетие, со борбата што ја организирала и раководела комунистичката партија на Југославија. Така, постпано се создадени неопходни услови за народното рефлексирање на Илинденското востание во Народноослободителната борба и социјалистичката реовлуција. Благодарение на тоа голем број од моралните општествено-револуционерни одрази од историската 1903 година, успешно се преточени во величествената 1941 година, кога македонскиот народ во заедница со другите југослвоенски народи и народности ја започанл епската Народноослободителна војна и социјалистичка реовлуција и ја извојувал својата слобода.[51)]

---

51) Извори на ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945, том I, книга прва, ИНИ, Скопје, 1968, 42-121.

Македонскиот народ и неговите воини освен борбата што ја воделе на својата национална почва, со векови се бореле и ја помагале борбата за слобода и на другите поробени народи. И тогаш кога се бореле под ѕидните на белградската тврдина против Турците, кога војувале пдо Едрене, кога се сретнувале во своите доброволечки покови и гинеле на боиштата на Европа и Балканот, а особено по боиштата на Шпанската репбулика, нивното воинство е револуционерно и слободарско. Уште понепосредно таа традиција се изразувала во рамките на сопственото националноослободително движење во воената организација на ТМОРО и вооружената борба во предилинденскиот период, за време на Илинден и по него, вклучувајќи го и војувањето во рамките на младотурската револуција, па се до Народноослободителната војна 1941-1945 година, во еден непрекинат континуитет на својата револцуија. Сето тоа било манифестирано низ различни форми во нашето минато и со различен интензитет. По тој повод биле организирани демонстрации и штрајкови, во кои било истакнато незадоволството со режимот и системот, а во приредбите доминирале идеите на Илинден. Востаникот и поет Арсение Јаков во стихови ја изразил жалоста за загинувањето на популарниот револуционер, секретар на Смилевскиот конгрес Парашков Цветков, а во поемата "Илинден", што претставува епски приказ на масовниот илинденски подвиг , го повикува народот на нова борба.

Поетот Симеон Мо́леров, во духот на ајдучките народни балади, ја опеал јуначката смрт на Радон Тодев, еден од раководителите на востанието во Разлошко, за кого "стариот ајдук Пирин пее жална песна" - Христо Силјанов, автор на трудот "Ослободителните

борби на Македонија", го напишал својот "Востанички марш" и во него ја акцентирал мислата дека удрил часот на пресметката. Никола Киров - Маиски, во песната "Илинден",[52] Војдан Чернодрински во делото "Духот на слободата", Васил Иљоски во делото "Окрвавениот камен", и Никола Вапцаров во песната "Илинденса" и многу други го истакнуваат новиот сенароден поход кон слободата, кон националната и социјалната правда.

Во првите мигови на Народноослободителната војна и револуција повторно се црпени поуки од илинденските традиции. Тие се појавиле во нова светлина во која се откривала првата целосна слободарска победа. Во летоците и во многуте други акти, што произлегувале од политичките и воените органи на Народноослободителната војна, илинденските традиции наоѓале свој одглас. Илинден секој пат е земан како повик упатен кон борците за остварување на вековните желби и идеали на Македонците за слободна Македонија.

Илинден како инспирација се нашол во првите поетски дела на многу познати и непознати борци-поети од НОВ како што се: Кочо Рацин, Коле Неделковски, Мите Богоевски, Ацо Шопов, Славко Јаневски и др. Бесмртниот Кочо Рацин ја испеал поемата "Санданski" во која, низ стих и поетски збор многу пластично го оживеал животниот пат, ликот и делото на Санданski.[53] Така, поетот бесмртник

---

52) Крушевската република била највисок дострел на Илинденската револуција, таа била оној идол во името на кој македонските востаници ја пролевале својата крв.

53) Легендарен војвода од 1903 година и предводник на револуционерните маси за соборување на крвавиот султан.

пред и самиот да загине, му се оддолжил на великанот на Илинденската епоха. Уште во мигот на првото зачекорување на окупаротот низ македонската земја, Коле Неделковски проговорил со борбени стихови за продолжување на старите јуначки борби против новиот, но добро познат "ослободител".

Песните од времето на востанието и за востанието, како и песните од времето на револуцијата и за револуцијата, во прв ред служеле како директно револуционерно средство. Баладата "Илинденски денови" од Србо Ивановски[54] дава ценет придонес за интимен израз на заедничкото меѓу страдањата и херојското во старите и новите борби.

Во прогласот на македонскиот народ, што го издал ПК на КПЈ за Македонија на 7 ноември 1941 година, во кој откако се разобличува окупаторот, меѓу другото, се истакнува дека бугарската власт е измеќар на Хитлер и Мусолини и врши најстрашни и најгрозни насилства. Потоа народот се повикува на борба" ... тргај по славниот пат на македонските великани Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев и др., во борбата за слобода на Македонија. Помагај ги и развивај твоите партизански чети. Јакни ја и развивај твојата борба до едно општо народно македонско востание кое ќе ги избрка фашистичките окупатори и донесе слобода на Македонија".

Во повикот од април 1942 година, меѓу другото, стои: "Комунистичката партија е една која е верен и буден стражар на

---

54) "Нова Македонија" Скопје, 2.08.1951 година.

правите народни интереси. Комунистичката партија е правиот следбеник на твоето револуционерно минато, Македонски народе. Во нејзините редови се правите последователи на Делчев, Груев, Тошев, Сандански, Влахов".

Комунистите и другите прогресивни луѓе, како и широките народни маси, добро ја знаеле вистината дека му припаѓаат на самобитен народ. Благодарение на тоа, на Партијата и било многу полесно да ја разобличи БРП (к) што се обидела да ја узурпира партиската организација на Македонија. Така, на бугарските фашистички окупатори им биле одземени сите асимилаторски адути откако, по жестокото реагирање на ЦК КПЈ и поддршката што тој ја добил од Коминтерната, БРП (к) била принудена да се откаже од тој страмен и подмолен потег. На тој начин од лицето на окупаторот била симнатата лажната маска на "ослободител". Тој бил претставен во својата вистинска светлина, во светлината на германски измеќар и суров поробувач.

Најтрагикомичното во сето ова била вистината што БРП (к) застанала на исти позиции со сопствената буржоазија. На тој начин бугарскиот народ повторно бил доведен во нечесна историска ситуација и тоа исклучително поради санстефанските фикиции, поточно поради реакционерната и мрачна политика, што постојано имала агресивна и експанзионистичка насоченост кон другите балкански народи.

Потпирајќи се на предвоеното реовлуциоенрно искуство, КПЈ успеала да го мобилизира македоснкиот народ во сенародната

вооружена борба што уследила по окупацијата на Југославија. Нејзините ставови биле кристално јасни, бидејќи напоредно со класната борба, Партијата се борела и против унитаристичките настојувања на монархо-фашистичките режими, кои слично на окупаторот упорно го негирале постоењето на македонскиот народ. Оттаму, во повиците до македонскиот народ за стапување во вооруженото востание, КПЈ ја истакнувала историската шанса за реализирање на идеалите и стремежите на илинденците.[55] И не случајно некои од партизанските организации во поголемите градови во Македонија организирале илинденски прослави, а првите партизански одреди и воени единици добиле имиња на познати личности од Илинден. Илинденските демострации, одржани на 2 август 1941 година, впрочем, спаѓале меѓу првите поголеми акции во кои на бугарските окупатори јасно и недвосмислено им е укажано дека Македонците не се Бугари, како што не се ни Срби, ни Грци, и дека жилаво ќе се борат за своите национални права.

Постепениот растеж на вооружените единици во Македонија, особено по славните епопеи на партизанските одреди во Прилеп и Куманово, кои на 11 октомври 1941 година ги испукале првите крушуми против поробувачите, силно го поттикнувале македонскиот народ да истрае и во најкритични ситуации. Тој бил свесен дека ќе дојде до основање на нови партизански одреди, што ќе прерастат во сенародна војска, пред која, како што своевремено при

---

55) Илинден и денешната борба на македонскиот народ, Историски архив на КП на Македонија, Скопје, 179 и 186.

анализата на Парискатa комуна истакнале Маркс и Енгелс, мора да се повлекуваат и царските армии на европските дворци.

И навистина уште во раната пролет на 1942 годна биле основани нови партизански одреди. Така, на 16 април 1942 година во месноста Грујо Ниви-Крушевско, бил формиран Крушевскиот НОП одред "Питу Гули". Во почетокот на мај 1942 година, во Ореовската корија, бил основан легендарниот Битолски НОП одред "Пелистер". Нешто подоцна, т.е. на 6 јули 1942 година, во реонот на селото Златари-Ресенско бил основан Битолско-преспанскиот НОП одред "Дамјан Груев".

Така, од трите народноослободителни партизански единици основани во текот на 1942 година, несметајќи ја НОП чета "Јане Сандански", што дејствувал самостојно на битолско-преспанскиот терен, од есента 1942 година две носеле име на истакнати илинденци. Ова претставувало неспорен натамошен позитивен одраз на Илинденското востание во НОВ.

Избирањето за називи на своите единици имињата на Дамјан Груев, Јане Сандански, Питу Гули, а нешто подоцна и на Гоце Делчев, Димитар Влахов, Ѓорче Петров и Пере Тошев бил длабоко промислен потег. Практично, на тој начин, бил воспоставуван духовниот континуитет меѓу 1903 и 1941 година. Во оваа насока спаѓаат и називите на подоцна основаните НОП одреди во 1943 и 1944 година. Тука се мисли на Битолскиот одред "Гоце Делчев", кој бил формиран во Костурско на 22 мај 1943 година, како и на илинденската чета, составена исклучиво од учесници во Илинденското вос-

тание. И една година подоцна основаниот Гевгелиски одред го добил името "Сава Михајлов".

Во септември 1944 година пиринските партизани и младинци пристапиле кон формирање на бригадата "Јане Сандански" и побарале да се вклучат во борбите во Вардарскиот дел на Македонија. Но, оваа нивна намера била осуетена од новата бугарска влада. Тоа го оневозможило остварувањето на нивната желба да се борат, рамо до рамо, со македонските и другите единици на НОВ на Југославија.

Годишнините на Илинденското востание биле одбележувани и преку борбениот илегален печат на Партијата. Во билтенот на битолската партиска организација, од 7 декември 1942 година, била објавена статијата "Борчевска Македонија ги продолжува своите револуционерни традиции",[56] а Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, во својот билтен бр.3-4 од март и април 1942 година, објавил напис посветен на 39-годишнината од смртта на Гоце Делчев. И првата македонска печатница го носела името "Гоце Делчев".[57]

Во прогласот на ПК на КПЈ за Македонија, во јуни 1943 година, до македонскиот народ за мобилизирање на сите внатрешни сили, посебно се споменуваат имињата на илинденските револуционери. Во тој повик меѓу другото се вели: ".. Ама, нужно е самиот наш народ во полна мерка да ги развие своите сопствени внатрешни

---

56) Михајло Апостолски Галена Куцуловска, Традициите на Илинден и НОБ, Радио-Телевизија Скопје, Скопје, 1969,32.

57) Историски архив на КПМ, Скопје, том II, книга прва 66-69.

снаги, како што не учеа нашите големи учители, Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Сандански и десетина други првоборци за нашата национална слобода...".

Во таа смисла е познат и Прогласот на КПМ од 2 август 1943 година како и одржаното партизанско советување во селото Отешево. Не е ни малку случајно одбран тој значаен чин и датум во историјата на македонскиот народ. Исто така, во Манифестот на Главниот штаб од октомври 1943 година на борбените илинденски традиции му е посветено посебно место.[58)]

Македонскиот народ преку хероизмот од Илинденското востание и борбата за слобода и рамноправност ги одгледува највозвишените и најтрајните вредности како свое културно и политичко богатство со што и обезбедува достојно место на најголемата учителка на животот, на сопствената историја. Со полна инсипрација од минатото и сесрдна поддршка на Комунистичката партија, македонските партизани беа бестрашни борци во борбата против фашистичките окупатори и народните предавници, доследни наследници на илинденскиот хероизам.

Од акциите што биле организирани во чест на Илинден, посебно место заслужува влегувањето на одредот "Дамјан Груев" во Смилево на 2 август 1942 година. Со оваа акција била спречена пла-

---

58) Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија Историски архив, КПЈ, том VII, Историјско одделение ЦК КПЈ, Београд, 1951, 256-258.

ниранатa прослава на окупаторот, на која требало да зборува злогласниот министер за внатрешни работи и народно здравје Петар Габровски.[59)]

Сепак, најзначаен настан во текот на НОВ и социјалистичката револуција, што претставува духовна врска со Илинден 1903 година, било одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, во манастирот "Прохор Пчински", на 2 август 1944 година. На тој историски ден од ненадоместливо значење за историјата на македонскиот народ, официјално биле поставени темелите на македонската држава, во рамките на Титова Југославија.

Така била воспоставена нераскинливата врска меѓу двата Илиндени, меѓу Илинден 1903 година, кога македонскиот народ востанал против феудалното Османлиско царство и Илинден 1944 година, кога биле оживотворени вкеовните идеали на македонскиот народ за национална и сцоиајлна слобода. Врската меѓу овие два Илиндена само ја потврди на дело непоколебливата одлучност на македонскиот народ да живее и создава во полна слобода. А единствена гаранција да ја сочува та анајскапоцена придобивка е непоколебливата одлучнсот да ја дели судбината со другите народи и народности во братската заедница Југославија, што е извојувана со многубројни жртви и самоодрекнувања во текот на НОВ.

Во врска со некои одрази на Илинденското востание во НОВ, на крај треба да се одбележи и феноменот за позајмување на

---

59) Галена Куцуловска, Прославувањето на Илинден во НОВ во Македонија, Зборник Илинден 1903 година, 649.

имиња од великаните на Илинден, за револуционерни псевдоними на најистакнати организатори на НОВ. Така, меѓу другите, со псевдонимот Гоце се користеле Љупчо Арсов и Трајан Белев со псевдонимот Даме-Чеде Филиповски, со псевдонимот Ѓорче-Јосиф Јосифовски, со псевдонимот Јане-Коле Канински и Тодор Атанасовски, со псевдонимот Сандански-Оцка Ордановски, а со псевдонимот Питу-Кузман Јосифовски итн. Имињата на илинденците не влегле во патриотскиот полет на младите борци. Тоа биле моменти кога минатото и сегашноста се слевале во едно за да и отворат пат на иднината.[60] Ова е уште една потврда во настојувањата да се продлабочи врската меѓу Илинденското востание и НОВ, посебно кога се знае дека патот кон слободата е совладан низ вооружена борба во која и Илинден израснал во национален празник, ден на кој со децении на многу различни начини, зависно од условите, се вршела смотра на револуционерните сили на македонскито народ.[61]

Во овој крток осврт за некои одрази на Илинденското востание во НОВ, бездруго треба да се истакне дека тој не бил ни формален, а уште помалкуод пропаганден карактер. Одразот, всушност, претставувал длабок идеен потфат што на конкретен начин ја илустрирал историската врска меѓу 1903 и 1941 година на подрачјето на Македонија. Во оваа вистина лежи и најголемото значење

---

60) Денес многу единици од територијалната одбрана и касарните ги носат имињата на илинденските револуционери.

61) Историја на македонскиот народ, I,II и III книга, ИНИ, НИП "Нова Македонија" и Заедница за издавачка дејност, Скопје, 1969 година.

на сите напори што во текот на НОВ се вложувале со цел да се докаже историскиот континуитет на борбата на македонскиот народ во борбата за национална и социјална слобода.

Во таа надчовечка борба, на живот и смрт, се поврзале двата историски датуми, симболизирајќи ја единствеността во историскиот развиток на македонскиот народ за национална слобода и социјални права. И навистина, визионерските согледувања на Димо Хаџи-Димов се остваруваат во текот на Народноослободителната борба и револуцијата од 1941-1945 година. Денес македонскиот народ и народностите што живеат во Социјалистичка Република Македонија: Албанци, Турци, Роми и други ги имаат сите можности за непречен општествено-политички, економски и културно-просветен развиток.

Имено, заради тоа, академикот-генерал Михајло Апостолски, кој беше командант на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, тврди: "Немаше приредба во партизанските одреди, во планина, во село или во град, да не почнуваше со песна од Илинден ... Документите, прогласите и др. секогаш се повикуваа на Илинден. Тоа навлезе во поезијата, во прозата, театарот, насекаде. Тоа зборува за една поврзаност, за еден континуитет на револуционерната борба на македонскиот нард за неговото национално и социјално ослободување".

Според тоа иако имаме вакууми во класичното воено минато, воено-револуционерните традиции на македонскиот народ се мошне богати, специфични и позитивни, бидејќи целата борба

што овој народ ја водел, секогаш била прогресивна и се потпирала врз прогресивните сили во светот. Одредени девијации никогаш не биле автентично македонски и непосреден израз на револуцијата на овој народ, туку секогаш се јавувале како продукти на странско мешање. Секогаш кога го запоставувале позитивното воено-револуционерно искуство и военото минато, па и во текот на НОВ, искрснувале проблеми. Македонскиот народ, како во своите автентични револуции, вооружени востанија, така и во своето учество во револуционерните движења на другите народи и прогресивни војни, создавал богата воена традиција, с која и сегашното негово одбранбено конституирање е специфичен вид и континуитет на неговата револуција.

Воено-револуционерното минато и борбените традиции во ниту една фаза на македонското револуционерно движење не се создавани во конфронтација и низ судири со подредените и експлоатираните народности во Македонија. Секогаш тоа било заедничка борба против заедничките непријатели, било да се работи за аги и беови, хегемонисти од разни бои или фашистички поробувачи.

Според тоа во очи паѓа континуитетот и поврзаноста, како и меѓусебната услвоеност во револуционерните периоди на нашето минато во кое и воената организација, како по облиците на организирањео, така и по просторот и другите специфичности, имала многу заедничко и континуирано со воено-револуциоерното минато, се разбира, приспособено на новите услови во кои се реализирала оваа етапа на единствената револуција.

Сегашното одбранбено организирање и револуционерно одбранбената изградба во условите на самоуправни социјалистички општествени односи, исто така, носат мошне видливи белези и специфични содржини и вредности од нашето позитивно военo-револуционерно минато. Значи, имаме богато военo-револуционерно минато и традиција, мошне позитивна богата одбранбена култура. Затоа имаме можност како и досега, да ја вградиме, како наш прилог, во одбранбеното организирање и изградба на југословенското самоуправно социјалистичко општество.

Во досегашните наши историографски истраги направени се само првите чекори во изучувањето и средувањето на нашето военo и военo-револуционерно минато и традиции. Оттаму, претстои мошне голема и значајна задача во тој правец, затоа што и на тој простор се присвојува и ограбува минатото и историјата на македонскиот народ. Истовремено, многу досега искажани оценки треба да се преиспитаат, бидејќи не можат да издржат една научно-историска критика. Во тој комплекс спаѓа военo-историската оценка на Илинденското востание, на подалечното военo-револуционерно минато, перидоот на балканските и Првата светска војна, посебно нашето најблиско военo-револуционерно минато, НОВ и револуцијата од 1941-1945 година. Тоа треба да се направи за да се одбележат антималитаристичките својства на нашата военo-револуционерна традиција и да се согледа континуитетот на военo-револуциоерната изградба.

Ако поблиску се проследат тековите на одбранбеното организирање денес во СРМ, веднаш ќе се согледа специфичното во

нив, во содржината, појавните облици, односите, мотивите и формите на непосредното организирање. Веќе на сегашниот степен на одбрамбено организирање, македонскиот народ и народностите кон создадените елементи на воената и одбрамбената организација се однесуваат, не само како кон природно право, туку како и кон мошне значајна револуционерна придобивка. Во досегашните тековии низ практиката на самоорганизирањето, се внесува големо богатство од автентични решенија и креации и се реафирмираат вредностите од нашето богато воено-револуционерно минато. Нивното почитување и пренесување на традициите преку наставно-образовниот процес и другите форми на запознавање на младите генерации, значајно ќе придонесе во понатамошното развивање и зацврстување на системот на ОНО и ОСЗ.

З А К Л У Ч О К

Врз основа на продлабочена и опстојна научна анализа на расположивиот фактографски материјал и на другите релевантни извори и показатели кои на соодветен начин, директно или индиректно, се однесуваат на прашањето за воените аспекти на македонското национално ослободително движење, можат да се изведат и посочат следниве општи заклучоци и констатации:

1. Македонската револуционерна организација, за разлика од сличните такви организации на сооседните балкански народи кои се бореле за слобода, имала двоен карактер: национален и револуционерен. Нејзиниот национален карактер се изразува во борбата за ослободување од турското ропство, а револуционерниот низ тежнението заедно со националната слобода да се изврши и социјална револуција, односно да се воспостави еден похуман и демократски општествено-политички систем. Од ваквиот карактер на револуционерната организација произлегуваат и нејзините две основни компоненти - политичката и воената. Додека во почетниот период МРО била типична политичка организација, чија примордијална задача била ослободување на Македонија од Отоманската империја и создавање независна македонска држава, која во историска перспектива би тежнеела кон една поширока државно-политичка асоцијација, во заедница и на равноправна основа со другите балкански народи (Балканска федерација), со нејзиното многу брзо ширење и јакнење се наметнала потребата од развивање и на воената компонента, односно потребата од формирање на сопствени вооружени сили како средство за постигнување на политичките цели. Заради тоа

МРО од политичка многу брзо прераснала во масовна воено-политичка организација која била цврсто потпрена врз својот сопствен извор-широките народни маси. Речиси сите значајни водачи на национално-ослободителното движење (Делчев, Сандански, Петров, Тошев, Груев,Карев и др. биле војводи, односно имале војнички чин на илегалната герилска војска. Вооружувањето на герилската војска и на народот претставувало една од основните задачи на националноослободителното движење, што на илустративен начин зборува за дијалектичкото единство на "политичкото" и "военото" во дејноста на Организацијата.

2. Во нашата историографија извршени се обмени и плодни научни истражувања и главно се дефинирани политичките димензии на МРО. Меѓутоа, вооружената компонента, која во споредба со политичката е позначајна, во досегашните проучувања се уште не е доволно осветлена. Развитокот и растежот на МРО покажуваат дека истовремено со формирањето и јакнењето на вооружените сили на ТМОРО се наметнало и прашањето за нивната употреба, односно се покажало за нужно да се определат концепцијата и стратегијата за водење на вооружената борба. Ова прашање станало тежишно прашање на целиот натамошен развој на Организацијата. Преку детално и опстојно проучување и следење на ситуацијата, иако нејзините дејци имале релативно скромни воено-теоретски познавања, како и врз основа на суптилни забележувања и проникнувања во сите релевантни околности и фактори на вооружената борба, а истовремено имајќи ги предвид и искуствата на другите народи кои недвосмислено укажуваат дека не е познат ниту еден пример на национално угнетените народи да им е "подарена" националната слобода, МРО дошла до правилниот заклучок дека за поста-

вените цели ќе може да се избори единствено преку организирана вооружена борба и низ партизански облик на војување. Во согласност со ваквиот заклучок се пристапило кон организирање на соответни вооружени сили кои во организационен поглед би биле еластично поставени. Затоа, мошне брзо започнала подготовката на четите за судбоносниот момент, психолошкото и моралното подготвување на народот за претстојниот воен чин,како и со исцрпување на воената,моралната и материјалната сила на Отоманската империја, односно со демонстрирање пред светот дека егзистира со цел "утре" општонародното востание да се индицира како една логична легитимна историско-политичка консеквенција во настанатата ситуација.

3. Исто така посебно треба да се имаат предвид уште два моменти кои речиси транспарентно го индицираат карактерот на воената организација на македонското националноослободително движење: (1) брзината на нејзиното раѓање и (2) нејзиниот дух или морално битие. По само две-три години од основањето на МРО (ТМОРО) цела Македонија буквално била прекриена со мрежа на нејзините органи (комитети). Ако не се испушти од вид во кое време и во какви тешки конкретни услови беше создадена оваа воена организација, дури тогаш ќе се добие целосна претстава за карактерот и обемот на работа која е извршена во времето на првите 2-3 години од нејзиното создавања.Станува збор за една од најавтократските земји во Европа - Отоманска Турција, која со сите сили настојувала да ја сочува својата веќе чувствително разнишана европска позиција,респективно и Македонија како едно од најзначајните европски владенија на Цариградската Порта. Поради тоа ни се чини дека е без основа споредбата и укажувањето дека

на Балканот, до појавата на ТМОРО со нејзината воена организација немало таква и толку интегрална организација која енергично се спротивставила на Отоманската империја. Секако, ТМОРО го искористила искуството на претходните востанија на Балканот, особено на оние од X IX век, но нејзината воена организација од 1893-1903 година сепак е автѐнтичен производ на новите историски услови и на степенот на националното сознавање и будење на македонскиот народ. Без да се минимизираат значењето и напорите што ги правело водството на ТМОРО заедно со поширокиот актив на Организацијата, сигурно е дека никакви субјективни напори не би можеле да бидат пресудни и одлучувачки при отсуство на објективните историски услови, имајќи ги тука, во вид пред се настојувањата на македонскиот народ за потврдување на својот историски идентитет. Овие настојувања веќе се индицираат во балканската историографија како борба за културен и црковен идентитет и како експанзија на националната и политичката свест (Кресненското и Разловечкото востание). Историската документација за развојот на МНОД по создавањето на ТМОРО покажува дека основањето на ТМОРО не е авантура и производ на неколкумина национални занесеници, туку дека е израз на нараснатата национално-ослободителна енергија во македонското народно битие. Македонскиот народ (селанецот, малубројната интелигенција, еснафот и трговецот) историски бил подготвен на саможртвување за да се еманципира од Отоманското ропство. Сигурно дека сите Македонци кои се вклучувале во каква и да било активност на ТМОРО, а тоа бил речиси целиот народ, биле свесни за можните консеквенции на личен план од судирот со суровите отомански власти. Ретки се примерите во историјата на народите индивидуалниот интерес и судбина да биде на апсолутен на-

чин идентификуван со општиот сенародниот интерес, како што бил случајот со МНОД. Не е никакво пропагандно претерување ако во историјата на македонскиот народ овој момент го идентифицираме со десетлетието на преминот од XIX во XX век. Таквата концентрација на свест за национална слобода и готовноста на саможртва, кои се индицирале пред се во военото ангажирање на ТМОРО на македонскиот народ, како главна форма на неговата национално-политичка идентификација, во дадените историски услови без сомневање ја изразува неговата историско-политичка зрелост. Поради тоа редицата надворешни историско-политички фактори го одложија, но не и попречија последниот резултат-еманацијата на оваа свест и напор во кои резултираа во создавањето на слободна и суверена македонска држава.

4. Не е никаква едностраност и глорифицирање кога се инсистира дека моралниот чинител бил главен извор и основа на силата на вооружените формации на ТМОРО. Моралниот фактор се формирал и јакнел и од програмската ориентација на ТМОРО - националното ослободување на македонскиот народ и социјалното укинување на феудалните односи во Македонија. Како инаку би можело да се објасни и разбере постојаното и толку брзо растење и ширење на воената сила на Организација, во рамките и во условите на Отоманската империја која во Македонија била принудена да држи значајни воени и политички ефективи. Фасцинантно делува историскиот податок дека против 30-50 илјади слабо вооружена востаничка војска на македонскиот народ во Илинденското востание била спротивставена 350 илјадна армија на добро вооружени отомански војници.

5. При изучувањето на воените аспекти на МНОД особено внимание привлекува неговата воено-политичка стратегија, која може да

се постави како прашање на односот помеѓу стратегијата и тактиката на герилските (комитските) борби и општонародното востание, а во контекст на аспирациите и политиката на малите балкански држави (Бугарија, Србија и Грција) спрема Македонија и македонското прашање. Се разбира, секое националноослободително движење правело и прави поголеми или помали грешки во своите иницијативи. Македонското револуционерно и ослободително движење во овој поглед не е никаков исклучок. Како резултат на одредени грешки, пропусти, отстапувања, недоследности или неправилни субјективни проценки, билансот на поединечните иницијативи и акции често пати бил негативен. Жртвите и загубите што ги поднесувал и трпел македонскиот народ понекогаш не биле сразмерни на моралната и материјалната штета што ја трпела Отоманската империја. Македонската историографија стои на становиште дека и самото Илинденско востание е резултат на една погрешна проценка на објективните историски услови. Поделени се анализите и заклучоците дека, сепак, и покрај несразмерата на материјалните и човечки жртви што ги поднел македонскиот народ во Илинденското востание, ова востание претставува камен темелник во развитокот на македонската национална свест, т.е. на македонската нација, па заради тоа, и покрај војничкиот пораз, во историска смисла тоа претставува морална победа од највисок дострел. Со Илинденското востание македонскиот народ се легитимира како историски субјект стасан за самостојна национална држава и за доброволно здружување во поширока државна асоцијација со другите народи на Балканот. Но општата перспектива на стратегијата и тактиката на МНД (ТМОРО) несомнено во потполност била во согласност со објективните историски услови. Во тие услови, кои се одликуваат со релативен мир на Балканот и

во Европа, би била голема заблуда очекувањето дека можело да се извојува самостојна држава и национална слобода само по пат на герилска борба, како што би била уште поголема заблуда верувањето дека општонародно востание може да се подигне и да се развие успешно без систематски и долготрајни материјални, морални, организациски и политички подготовки, во кои герилската организација зазема посебно место. Стратегијата на општото востание не само што произлегувала од сознанието дека Отоманската империја не може радикално да се разниша само со перманентна и долготрајна комитска (герилска) акција, туку дека и општото востание може да смета на полн успех само под одредени претпоставки, на пример кога Отоманската империја би била воено ангажирана на некои други точки. Општонародното востание најпосле, се јавувало и како пандан на стратегијата која под непосредно влијание на бугарската политика ја наметнувал Врховниот македонски комитет: герилска (комитска) војна, под раководство на офицери на бугарската војска, парцијални востанија (Горно Џумајското востание е непосреден резултат на ваквата стратешка концепција),па дури тогаш "ослободувањето" на Македонија да стане во директната пресметка помеѓу Турција и Бугарија. Водство на македонското националноослободително движење (ТМОРО) мошне јасно согледало дека оваа концепција ја прави улогата на македонскиот народ во неговото ослободување сосема споредна, игнорирајќи ја основната премиса на МНОД - ослободувањето на македонскиот народ да биде негово сопствено дело. Какви фатални консеквенции ќе произлезат од таквата политика на владеачките кругови на соседните балкански држави ќе се види само десетина години подоцна во времето на балканските војни, кога ослабнатата разединета ТМОРО во рацете на врховизмот, како последица на илинден-

скиот пораз и на национално политичките судири што ќе следат, ќе стане обичен приврзок на бугарската политика, неспособна за каква и да е самостојна иницијатива. Отоманската империја се повлече од Македонија, но Македонија, поделена меѓу трите балкански држави, нема да стекне национална и државна независност. Македонскиот народ ќе биде присилен да чека нови триесетина години својата политика за национално ослободување да ја дефинира во духот на стратегијата на старата ТМОРО, се разбира прифаќајќи ги новите историски и политички услови: нови социјални сили (работничката класа), нови политички односи (комунистичкото движење) и нови меѓународни услови (Втората светска војна). Историјата, која секогаш суди непристрасно и праведно, недвосмислено и убедливо покажа дека стратегијата на старата ТМОРО за герилска војна и општонародно востание во даден момент го имплицираше историскиот интерес на македонскиот народ, додека стратегијата на врховизмот беше и остана инспирирана од хегемонистичките аспирации на големобугарската политика спрема Македонија.

Во настојувањето да проникнеме и укажеме на посебното и специфичното, кое, покрај општото, доаѓа до израз во секоја национално-ослободителна борба и револуција, врз основа на истражувањето и компарирањето на историските кои беа од различно потекло, а со тоа и од мошне различна историска вредност, дојдовме до следните посебни заклучоци и сознанија:

1. Македонското ослободително движење до создавањето на МРО, иако не ги дало очекуваните резултати, сепак го обогатило искуството на македонскиот народ, подигајќи ја неговата свест на повисоко ниво. Во средината на минатиот век, со оглед на карактерот и

целите кои ги поставило, средствата и силите кои ги применувало, може да се констатира дека ова движење имало националноослободителен карактер, во кое доминирале борбата за културен идентитет и за македонска културна автономија. По Источната криза, преку востаничките борби против турско-османлиските власти и војска, за време на Разловечкото востание (1876), а особено за време на Кресненското востание (1878), тоа се појавило како социјално-политички движење кое има револуционерен карактер. Борбата од периодото пред создавањето на ТМОРО, всушност, е интегрален дел на претходните борби за општоослободарски цели. Таа ослободителна борба дијалектички ги содржела и нациоанлните политичките и социјалните мотиви на македонскиот народ. Оттаму е сосема правилна констатацијата дека едновремено "неговата појава... го означила почетокот на новата поразвиена фаза во процесот на националното конституирање на македонскиот народ. Преку ова движење македонскиот народ стапил на балканската политичка сцена како активен национално-политички субјект, кој гласно ќе ги најави своите аспирации врз сопствената национална територија и ќе побара патишта за да ја определува самиот идната национално-политичка судбина".[1] Идејно-политичките определби на Организацијата во целост биле насочени кон разгорување на револуционерното движење, со основна и најзначајна цел да се извојува национално ослободување на Македонија. Организацијата се развивала, работела и го подготвувала населението за востание во исклучително неповолни внатрешни услови, во кои морала да ја води борбата на двата фронта: против турската власт и тиранија и против балканските монархии и другите странски влијанија.

---

1) Види: Д-р Манол Пандевски, Националното прашање во Македонското ослободително движење, Скопје...,стр.293.

2. МРО во првата фаза од својот развој се соочила со низа проблеми кои го кочеле нејзиниот растеж. Двете советувања, Ресенското (1894) и Солунското (1895), не довеле до пошироко омасовување на македонското ослободително движење. Дури Солунскиот конгрес од 1896 година извршил крупни и суштествени промени, кога дошло до промени во основните определби, принципи и документи. Организацијата добила ново организационо уредување и врски на ЦК со внатрешноста преку месните револуционерни организации (окружни, околиски и селски комитети) и нова политичка и идеолошка ориентација со желба во практиката да ги реализира сопствените прогресивни цели и идеолошко-политичката платформа (што ја вбројувал во најпрогресивените ослободителни движења на светот), настојувајќи бескомпромисно да го зачува својот суверенитет врз територијата на Македонија, не допуштајќи покрај неа да суштествува и друга политичка организација. Тоа било неопходно за да може да се вообличува и во конкретна државност на македонскиот народ. Заради тоа Организацијата водејќи броба против сите видови странски пропаганди (националистички, верски, просветни и слични), и недопуштајќи нивно мешање во внатрешните работи на ТМОРО, се определила за автентична револуционерна стратегија и тактика, засновани на сопствените сили и можности. Со овие определби Организацијата ја проширила својата мрежа. Покрај вклучувањето на еснафските и ситнобуржоаските елементи и на просветната интелигенција таа, сериозно се вклучила во селото, кое во нејзиниот понатамошен развој станало нејзина најширока основа. Со тоа се омасовувало и зацврстувало македонското ослободително движење.

3. Искуството потврдува дека секое револуционерно движење секојпат е придружувано и од некаков антипод. Тоа е случај и со

Македонската револуционерна организација. И таа се соочувала со бројни непријатели, а посебно по појавата на Врховниот комитет во Софија, кој што наскоро се претворил во послушно оружје на Фердинандовата дворска камарила и на нејзините територијални и поробувачки аспирации во однос на Македонија и на македонскиот народ. Во таквите услови ТМОРО прави напори за зацврстување на внатрешното единство на македонското ослободително дело, како би се елиминрала деструктивната активност на странските пропаганди, кои со примена на специфични методи и средства настојувале да го дефомираат националното сознание и од Македонците вештачки да создаваат Бугари, Срби и Грци. Тоа го потвдуваат и подмолните антимакедонски врховистички потфати на Иван Гарванов уште со самото негово доаѓање на чело на Централниот комитет на ТМОРО во Солун. Новото раководство на самиот почеток се покажало недораснато да ја води Организацијата во новонастанатите услови. Зачестиле провалите во разни краишта на Македонија. Било откриено и одземено оружјето и испратени во прогоанство во Мала Азија маса револуционери, како и безобзирното навлегување на Врховистичките чети од Бугарија во Македонија, предизвикувајќи провокативни дејства на теренот.

4. ТМОРО разработила своја концепција за подготовки на македонскиот народ за востание. Концепцијата поаѓала од интересите на основните слоеви од населението, од конкретните општествено-политички и економски услови и околности, како и од меѓународната положба и влијанието врз македонскиот народ и простор. Таа се определила за широка, ослободителна, патриотска и демократска платформа во која доминантно место добило прашањето за национално ослободување и социјална и политичка еманципација на македонскиот народ. За реализа-

ција на ваквата концепција Организацијата разработила револуционерна политичка и воена стратегија која одговарала на вековните идеали и стремежи на македонскиот народ и започнала со политичко и воено влијание. Организацијата тргнала од постојната ситуација, респектирајќи ги сите релевантни фактори во реализацијата на задачите и остварувањето на целите. Добро биле оценети противникот, турската војска, жандармеријата и државниот апарат, однесувањето на балканските монархии и ставот на европските земји.

Наполно јасно била сфатена и суштината на подготовките за револуцијата и средствата за нејзина реализација. Таа задача ја добиле комитетите и вооружените сили како ударни сили на револуцијата, начинот на дејствувањето и содејствувањето, разрешувањето на основните материјални, кадровски, организациски, наставни и други проблеми од значење за успешно извршување на поставените задачи. Организацијата се отворила кон сите народности што живееле во Македонија. Се определила за стратегија и тактика на перманентна војна - временски долга колку што било потребно македонскиот субјект да се организира и подготви за успешно спротивставување и разбивање на турските сили и нвно протерување од територијата на Македонија.

5. Во стратегијата е дадено адекватно место на сите фактори на војната и вооружената борба - човечките и материјалните можности на македонскиот народ, просторот и времето. Преовладало сознанието дека единствено со сопствени сили народото ќе може да го извојува своето ослободување, односно широките народни маси да станат воен фактор во подготовките на востанието. Ниту еден од окрузите не требало да остане надвор од вооружената борба. Во таа смисла воената

организација била доста добро и успешно поставено, како според политичкото организирање на ТМОРО, така и според условите.

Организацијата добила своја содржина и била присутна скоро во секое село и населба. Во неа доминирало доброволството, а била отворена кон сите народи кои живееле на подрачјето на Македонија. Во стратегијата биле разработени формите и методите на револуционерната борба, раководењето и командувањето (РиК), облиците на обуката, се до заднинското обезбедување и подигањето на борбеното расположение на народот. Разработени биле и тактиката, планирањето и организацијата на изведувањето на акциите (напад, препад, заседа, диверзии, содејство), односно формите на вооружената борба во која требало да доминираат партизанските дејства. Во подготвителниот период се предвидувало дејствувањето на четите да има пасивен (дефанзивен) карактер, а дури во Илинденското востание да се помине на офанзивни дејства.

6. Со одлука на Смилевскиот конгрес биле создадени хиерархиски односи на ниво на Битолскиот округ, што претставувало квалитативен чекор во подготовките за претстојното востание, бидејќи се конкретизирани задачите на четите и штабовите се до Главниот штаб. Успесите на востаниците во одделни борби со бројно и вооружено надмоќната османлиска армија не се должеле само на нивниот беспримерен ентузијазам, на нивната љубов кон слободата, на нивната беспрекорна морална цврстина (што ги вчудоневидувало и нивните непријатели), туку и на релативно добрата подготовка на македонските револуционерни единици, од кои одделните чети и одреди биле калени во непосредните судири со османлиските единици и пред избувнувањето на Илинденското востание. Раководството на ТМОРО било свесно дека востанието ќе биде тешко, сложено и долготрјано. Затоа тоа настојувало високо да

го организира и подготви, свесно дека сето тоа треба да се реализира во услови на тотална поробеност, во услови на крајно скромни можности против повеќе пати надмоќниот, модерно вооружен и опремен непријател.

7. Заради сето тоа вооружената пресметка со вековниот османски угнетувач барала една стратегија на подолга временска реализација, односно поврзување на сите окрузи во Македонија и прерастнување на сложениот механизам на ТМОРО (ЦК и ЗП) во едно врховно воено тело кое од внатре ќе го координира и води востанието. За таа цел потребно било да се формираат тактички единици, а посебно за врховното воено раководство, кое сите задачи ќе ги следи и обезбедува. Ова битно прашање не било реализирано, а тоа имало далекусежни штетни последици по востанието, бидејќи во фазата на најголемите престројувања и подготовки на Македонскиот народ дошло Солунското решение за општо востани во 1903 година. Ова решение отстапило од стратешката определба за времето, бидејќи во овој период уште доволно не била нарасната националната и револуционерната свест кај широките народни маси, не било дефинирано прашањето на внатрешно и надворешно сојузништво, непогодни биле надворешните политички прилики и околности, а како сериозен проблем се наметнувала и неизградеността на воената и борбената организација, нерешените организациони, кадровски и материјални прашања. Исто така и непостоењето на Централен команден орган (штаб), надлежен да ги организира, насочува и координира воените подготовки, посебно негативно се одразувало врз обемот и текот на подготовките и самото востание. Сето тоа негативно се одразило врз развивањето и оспособувањето на воената организација на целиот простор. Тоа се одразило и во реализацијата на одлуките на Смилевскиот

конгрес поставени пред Главниот штаб и воените сили. Имено, Главниот штаб, наслонувајќи се на проценката на Битолскиот округ, не ги согледувал добро состојбите и приликите во другите окрузи и не бил во состојба да ги координира дејствата со нив по цел, врме, место и сили. Слабости се покажале и во РиК кај реонските штабови и војводи поради недоволната насоченост и координација во изведувањето на борбените дејства. Не била добро согледана и оперативната положба на турските сили на просторот.

Сите овие параметри ја потврдуваат констатацијата дека при реализирањето на одлуката за вóстание е истапено од концепцијата и стратегијата на МНОРД, што се одразило и на крајните резултати на востанието.

8. Воената организација била поставена според политичкото организирање на ТМОРО и постојните објективни и субјективни услови. Правени биле огромни напори вооружените сили организационо,кадровски и материјално да се подготват за претстојното востание. Карактерот на вооружените сили бил дефиниран во согласност со прифатениот партизански облик на вооружената борба. Поставени биле основите и тактичките постапки за изведување на борбените дејства и разрешување на редица други прашања од доменот на вооружените сили. Ваквата воена организација била озаконета и приспособена на постојните услови, добивајќи нова смисла и содржина изразена преку револуционерната и нормативна дејност, блиска на концепцијата за "вооружен народ", бидејќи на најефикасен начин ја поврзувале војската со изворите на нејзината територија. Вооружените сили сé повеќе станувале израз на времето и потребите, штитејќи го животот на македонскиот

народ. Всушност воената организација и вооружените сили во своето поставување и изградба го користеле традиционалното искуство од претходното ајдутство и комитство.

9. Воената организација, која обемно го користела традиционалното искуство од дотогашното ајдутство и комитство,всушност била докрај изведена од политичката организација на НОД и е во функција на целите на борбата и ослободувањето. Го покрила целиот национален простор и имала своја хоризонтално-просторна и вертикална субординативна димензија. Четите како основен организационен облик одиграле значајна улога во почетната фаза. Во организацијата на четите видливи се две основни компоненти: просторна и маневарска. Просторната ја сочинувале месноселските чети и месните чети во градовите со кои практично бил покриен целиот простор и се цени дека такви имало близу илјада чети. Маневарската компонента ја сочинувале реонските и околиските чети и окружните инспекциски чети. Инспекциските чети не се врзувале за едно место, имале пошироко поле на дејство,биле подвижни и составени од искусни војводи и востаници. Како такви тие претставувале кадровски јадра за формирање на други чети и подготовка на војводите и ги координирале акциите меѓу револуционерните околии и реони.

Меѓутоа, развојот на воената организација не бил завршен. Не било воспоставено единствено РиК на ниво на сите окрузи. Војводите имале голема автономија, идејно биле единствени, но во смисла на воената организација и командувањето со четите често биле со различни гледања на конкретните ситуации. Практично, военото организирање хоризонтално и вертикално не било завршено, а тоа имало последици по востанието, бидејќи не дошло до здружување и формирање на поголеми

воени формации. Не бил формиран ниту единствен штаб за цела Македонија. Организационо не бил опфатен целиот народ, а останале и низа други нерешени прашања од областа на стратегијата и тактиката на воената организација, кои ТМОРО не успеала навремено и соодветно да ги разреши.

10. Заднинското обезбедување на Македонското националноослободително движење во концепцијата на ТМОРО има стратешко значење. Тоа било присутно во целиот подготвителен период и во текот на востанието. Организацијата јасно согледувала дека покрај внесувањето на револуционерен дух и свест во масите, неопходно е и нејзино благовремено обезбедување и снабдување со потребните финансиски и материјални средства и нивно згрижување. Таа од самиот почеток се зафатила со решавањето на ова исклучително чувствително и витално прашање, кое претставувало составен дел на подготовките за востание.

Уште на почетокот од создавањето на Организацијата и определувањето на дејствата и методите на борбата, развиена и засилена била агитацијата за масовно вооружување на народот, на членовите на Организацијата, а посебно на селаните опфатени во четите и селската милиција. Уште во 1895 година со правилник било предвидено секој член да биде обезбеден со пушка, а по можност и со револвер, кама и соответна количина на муниција.

За обезбедување на финансиски средства во овој период Организацијата се наслонувала на селаните и граѓаните, како и преку грабнување и уценување на истакнати личности од турската власт. Меѓутоа, Организацијата брзо согледала дека овој начин не одговарал на револуционерниот дух и на целите на ТМОРО. Затоа насилството во при-

бирањето на средства не добило поголеми размери, брзо било напуштено и во потполност заменето со принципот на доброволство.

Заднинското обезбедување во целост било прилагодувано на конкретните услови. Доминирало самофинансирањето и самовооружувањето на народот, што имало стратегиско политичко значење,бидејќи ја чинело ТМОРО независна. Со тоа сочувана е политичката независност на Организацијата.

11. Кога станува збор за востаничката активност и востаничките дејствија (вооружени судири, борби и диверзантско-саботажни акции) пред и за време на Илинденското востание, се доаѓа до заклучок дека тие се одвивале во согласност со ставовите и насоките содржани во стратегијата и тактиката на ЦК на ТМОРО, општиот план за востание и решенијата на Смилевскиот конгрес за организирање и водење на востанието. Непосредните подготовки на воено-политички план биле спроведени во строга тајност и прикриено. Тоа овозможило востаничките дејствија да отпочнат ненадејно за турското командување и да се постигнат значителни востанички резултати во почетната фаза од развојот на востанието. Тие биле разновидни како по методот и изборот на објектите, така и според применетиот начин на дејствување. Применувани биле разновидни тактички дејства: нападни, препадни, заседни, одбранбени дејства, борба во окружување, пробив од окружување, борба во населби и многубројни диверзантско-саботажни дејства.

Востаничките борби и боеви не биле изолирани и случајни судири, туку успешни и вооружени акции во кои востаничките старешини изразувале и тактички знаења и оперативна вештина, а вооружената борба станала основен облик на спротивставување. Таа имала

карактер на герила која подоцна добила масовен облик на партизанско војување, насочена кон широките вонградски подрачја и комуникации што ги поврзувале населените места со турските гарнизони.

Добро планирани, сестрано подготвени и енергично спроведени биле повеќе борби како што се: Крушево, Клисура, Смилево, Невеска и др. Овде посебно до израз дошла координацијата на дејствата одвнатре од градот и селските чети однадвор, каде претходно било спроведено темелно извидување, скицирање на објектите за дејствување, определени силите за секој објект, координација на дејствата помеѓу сите востанички сили.

Меѓутоа, во текот на борбените дејства, а посебно во востанието се манифестирани повеќе слабости од организационен материјален и субјективен карактер, какви што биле:

- неприфаќањето на времето за општо востание било условено од недоизграденоста на воената и борбената организација и нерешените кадровски и материјални прашања;

- не била добро согледана и оценета тактичката и оперативната положба на турските сили (војската и полицијата), распоредот на гарнизоните на просторот и нивните услови за брза концентрација и висок степен на контрола и опсервација на просторот, што довело до примена на одбрабено-фронтовска тактика;

- не биле добро согледани и оценети состојбите и приликите во другите револуционерни округи и не биле доволно подготвени, а пред се насочени од раководството за партизанско војување;

- крупна слабост преставувало и не постоењето на централен команд орган (штаб) и координација на силите и дејствата по целите,

местото и времето, а посебно во активносите кај реонските р оводства и војводи, каде се чувствувало големо шаренило во тактичкото планирање и начинот на изведувањето на борбените дејства. Имало и доста нејасно формулирани задачи по целите, објектите, времето, нерешени надлежности во раководењето и командувањето. Сето тоа доведувало до колебање и откажување во извршувањето на задачите, без координирани дејства и содејство до пасивност кај одделни чети. Имало и случаи да се тргне во напад без план, без да се определат целите и објектите на дејствувањето.

12. Предвостаничките и востаничките борби претставувале значаен придонес во збогатувањето на воените искуства на илинденските востаници, иако по своите карактеристики не се разликувале од класичните. Тие значеле збогатување на практиката на ослободителните борби со сознанијата за значењето на револуционерните маси во изградбата на новата воена вештина, благодарејќи на што биле можни победи и над далеку побројната регуларна војска, во поновиот период на историјата.

13. Во конципирањето на стратегијата на вооруженаta борба ТМОРО големо внимание им посветувала на сите основни фактори: човечкиот фактор, материјално-техничкиот, просторот и времето. Организацијата била свесна дека македонскиот субјект располага со скромни воено-теоретски и практични воени знаења. Затоа особено место му посветувала на местото, улогата и подготовките на човечкиот фактор, свесна дека човекот е примарен и одлучувачки субјект на секоја вооружена борба, а особено на напредните револуционерни движења, какво што било македонското. Организацијата посебен интерес пројавила спрема селото и неговото масовно вклучување во редовите на вооружените сили

(четите) како и на сиромашното градско население и на прогресивниот дел на македонската интелигенција. Нивниот квалитет е изразен во политичката свест, патриотизмот, борбениот морал и психичката и физичката подготвеност, а кај дел од овие структури и во воено-стручната обученост и вештина за војување. Од посебно значење се квалитетните својства на борбениот морал, храброста, готовноста на жртва, совладувањето на стравот и паниката, почитувањето на борбените и етичките норми на однесување, дисциплината, другарството и грижата за луѓето. Исто така .Организацијата сојузништво побарала кај другите народи кои живееле на територијата на Македонија без разлика на националната и социјалната припадност.

При експликацијата на материјално-техничкиот фактор тргнато е од определбата дека човекот-востаникот треба да располага со соодветно оружје, па макар и наједноставно, со кое може во определени услови и амбиент и со примена на воена вештина да го победи противникот.

Просторот е анализиран со сите негови својства и карактеристики кои непосредно или посредно влијаеле врз подготовките за водење на востанието. За таа цел максимално биле користени поволните услови на ридско-планинското земјиште, каде биле создавани слободни територии. На целиот простор Организацијата гледала како на интегрална целина во рамките на подготовките за востанието.

Времето, пак, е ценето од аспект на подготовките на востанието и неговото водење. Подготовките биле за долготтрајна, "перманентна" војна и неизвесна во поглед на исходот и можностите за проширување, ориентирана на разбивање на турските сили. Притоа е ис-

такнато дека факторите секогаш дејствувале истовремено и во меѓусебна условеност, поврзаност, зависност и променливост.

14. Низ бројните примери на херојство востаниците манифестирале вонредно висока идејна свест и морална подготвеност. Жртвувајќи ги своите млади животи за идеалите на ТМОРО, востаниците на наедвосмислен начин ја докажале својата готовност и решеност за најсветлиот идеал на секој народ - слободата, за која ги положиле животите најдобрите синови на македонскиот народ.

На дваесетата годишнина од востанието поетот и публицист-востаник-Арсени Јовков пишува: "На овој збир од безимени борци, од непознати херои што ги посејаа македонските планини со своите бескрсни гробови на таа народна маса што нема име, но остави историја, што не говори за себе, не создаде дела што говорат за неа, што ја влечеше најцрната балканска робија, но дојде Илинден 1903, на неа - нашиот поклон, од неа-нашата восхит". Врз тие гранитни темели на илинденските жртви извојувана е и денешната слобода.

Имено, македонското национално-ослободително движење под раководството на ТМОРО било национално-ослободително и револуционерно, а преку Илинденското востание, ги поврзало сите аспекти на борбата за слобода за македонскиот народ. Вкупната анализа покажува дека станува збор за развиено национално-ослободително и социјално-револуционерно движење со изразителна воена компонента, како средство за постигнување на поставените цели.

Тие цели не се остварија, Илинден, не победи, но тој со својата трагика и порака ќе биде втиснат длабоко во душата на македонските луѓе за подоцна, по поделбата на Македонија, во деновите на

тешки искушенија, страдања и борби да зрачи врз новите генерации и врз идните македонски револуционери. Уште во деновите на востанието Крсте Мисирков оценил дека Илинденското востание, претставува епоха во Македонската историја. Колку повеќе минува времето, толку појасно се согледува неговата вистинска историска димензија, неговата актуелна проекција за иднината.

Според тоа, Илинден на југословенскиот простор остварил еден нов револуционерен процес, кој Димо Хаџи Димов на визионерски начин го истакнал: "Македонија го има својот прв Илинден проследуван од крвави дни на разорување и тешки страдања во текот на четврт век. Таа ќе го има својот втор Илинден"! Оваа оптимистичка и визионерска оценка Димов ја дозирал и со констатацијата: "Земји што имаат народни манифести како Илинден 1903 година не умираат. Тие манифести стојат погоре од договорите за мир, од политичките шпекулации, од трговијата со народите. Народите кои даваат Илинден можат да дадат втор".

П Р И Л О З И

од 1 до 21

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СМИЛЕВО

— 02. ÷ 04. 08. 1903 год. —



Прилог бр. 2

НА НАЗИР ПАША НА СМИЛЕВО

– 25.÷30.08.1903 год. –



ЛЕГЕНДА:

- ПОЗИЦИИ НА ВОСТАНЕЧКИТЕ СИЛИ ВО ОДБРАНА
- ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ВОСТАНЕЧКИТЕ СИЛИ НА НОВИ ПОЗИЦИИ
- НАРЕДНИ ПОЗИЦИИ ЗА ОДБРАНА
- ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ВОСТАНЕЧКИ СИЛИ ОД БЛОКИРАНОТО СМИЛЕВО
- ТУРСКИ СИЛИ
- ПОЗИЦИИ НА ТУРСКАТА АРТИЛЕРИЈА
- ОПОЖАРЕНИ СЕЛА

Прилог бр. 3

СКИЦА
НА КРУШЕВСКИОТ ШТАБ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КРУШЕВО
- 01.08.1903 год. -



ЛЕГЕНДА:

- СИЛИ ЗА БЛОКИРАЊЕ И НАДВОРЕШНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЈСТВАТА ОД ИНТЕРВЕНЦИИ НА НЕПРИЈАТЕЛОТ (ГЛ.СИЛИ)
- СИЛИ ЗА РАЗБИВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛОТКИ СИЛИ ВО ГРАДОТ (ПОМОШНИ СИЛИ)
- РЕЗЕРВА ОД ОДРЕДОТ П.ГУЛИ

Прилог бр. 4

ДЕЈСТВАТА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КРУШЕВО ОД 2 ÷ 5 АВГУСТ 1903 ГОДИНА



ЛЕГЕНДА:

- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ЗА НАДВОРЕШНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ЗА НАПАД, НА ГРАДОТ
- РЕГУЛАРНИ ТУРСКИ СИЛИ
- СИЛИ НА БАШИБУЗУКОТ
- ВОСТАНИЧКИ СКЛАДОВИ

СКИЦА
НА КРУШЕВСКИОТ ШТАБ ЗА ОДБРАНА И БАХТИЈАР-ПАША ЗА НАПАД И ТЕКОТ НА ДЕЈСТВАТА ЗА КРУШЕВО НА
– 12.08.1903 год.–



ЛЕГЕНДА:

- ШТАБОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА
- НАДВОРЕШНА ОДБРАНА
- НЕПОСРЕДНА ОДБРАНА
- РЕШАВАЧКА ОДБРАНА
- ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ВОСТАНИЧКИ СИЛИ
- ПОЗИЦИИ НА ЦРЕШОВИТЕ ТОПЧИЈА
- РЕОНИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ТУРСКИТЕ СИЛИ
- ТУРСКИ СИЛИ ВО НАПАД
- ПОЗИЦИИ НА ТУРСКАТА АРТИЛЕРИЈА

НА КОСТУРСКОТО ВОСТАНИЧКО РАКОВОДСТВО ЗА НАПАД НА КЛИСУРА — 05. 08. 1903 год.—



Прилог бр. 7

ПЛАН

ЗА НАПАД НА НЕВЕСКА ОД ВОЈВОДАТА В. ЧАКАЛАРОВ

— 24.08.1903 год.—



НА СУГАРЕВ КАЈ СЕЛОТО ГАВАТО

— 03. 08. 1903 год. —



БОРБИТЕ
КАЈ АПОСКЕП И ДУЛИТЕ

Прилог бр. 9



— НА ЗДРУЖЕНИТЕ ЧЕТИ КАЈ ВРВОТ МАРГАРА 15. 1о. 19о3 год. —



Прилог бр. 11

БОРБИТЕ КАЈ ЦРН КАМЕН - СТРУШКО

— 2÷4. ОВ. 1903 год. —




— 2 ÷ 5. 08. 1903 год. —
БОРОЕЦ
ГОРНИ ОСОЈ
ЛАБУНИШТА
ГРАДИШТА
КАЛИШКА КРАСТА
ЦРНИ ДРИМ
СТАРИ БОРОЕЦ
ТАШМАРУНИШТА
БОГОВИЦА
ТОСКА
КУЛА
ТАТЕШИ
ЈАОВИЦА
ПОДГОРЦИ
СУВО ПОЛЕ
ЦРНИ ДРИМ
ДОБРОВЈАНИ
ЦРВЕНИ БР.
ВЕЛЕШТА
ЗАЈАКНУВАЊЕ 300 АСКЕРИ
ЦРНИ ДРИМ
ЛЕГЕНДА:
ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО НАПАД
ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО ОДБРАНА
ТУРСКИ СИЛИ ВО ОДБРАНА
ТУРСКИ СИЛИ ВО НАПАД
ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО ИЗВЛЕКУВАЊЕ
ОПОЖАРЕНИ СЕЛА

Прилог бр. 10

НАПАД

НА МУДУРНИЦАТА ВО с. ПЕСОЧАНИ И с. ИЗДЕГЛАВЈЕ ОХРИДСКО – 02.-03. август 1903 год.



Прилог бр. 10

КАЈ ПЕТРИНО И БОЛНО - РЕСЕНСКО
– 05. 08. 1903 год. –



КАЈ СЕЛО КРУШЈЕ И ВОСТАНИЧКИ АКЦИИ НА ПАТОТ ОХРИД - РЕСЕН НА 2.÷3.08.1903 ГОД.



ЛЕГЕНДА:

- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО НАПАД НА АСКЕРСКИ ПАТРОЛИ
- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО ЗАТВОРАЊЕ НА ПРАВЕЦОТ КОН С. КРУШЈЕ
- ПОВЛЕЧЕНИ ВОСТАНИЧКИ СИЛИ
- АСКЕРСКИ ПАТРОЛИ
- АСКЕРСКИ СИЛИ
- ОПОЖАРЕНИ СЕЛА

БОРБИТЕ

ЗА ПСОДЕРСКАТА КУЛА И МАСАКАР НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО с. АРМЕНСКО - ЛЕРИНСКО



БОРБИТЕ НА ЧАКАЛАРОВ ОД 16.÷29.09.1903 ГОД.



ЛЕГЕНДА:

- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ
- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО ОДБРАНА
- ВОСТАНИЧКИ СИЛИ ВО НАПАД
- ТУРСКИ СИЛИ ВО ОДБРАНА - ЗАСЕДА
- ТУРСКИ СИЛИ ВО НАПАД
- ТУРСКИ СИЛИ ВО ПОВЛЕКУВАЊЕ - БЕГСТВО
- ТУРСКИ СИЛИ

Прилог бр. 20

ОБЛИЦИ НА ОТПОР ВО ПОДГОТОВКИТЕ И ТЕКОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ



Прилог бр. 21

Милош Константинов (1978)

А

АБЕР - вест, известување, новост, глас.

АВАНГАРД, АВАНГАРДА - претходница, преден одред.

АВЕРЗИЈА - одвратност, гнасење, омраза.

АВТОХТОНО - самостојно, самоникнато, домороден, староседелечки.

АВЏИ ТОБУР - ловечки, пешадиски баталјон.

АДЕТ - обичај, ред, навика.

АЈВАН - животно, стока.

АЈДУК - одметник против турските насилства.

АЈЛАКЏИЈА, АЈЛАКЛИ - месечно платен работник.

АЈЛУК - доход, месечна плата.

АКА - шета, безделнички, талка.

АЛТРУИЗАМ - несебичност, љубов кон блиските, љубов кон човештвото.

АН - гостилница, преноќувалиште, (мотел во турско време).

АНАРХИЈА - безвластие, нере.

АНГАРИЈА - кулук, кулучене, неплатена работа за турските епани или држава, често на изведување на јавни работи

АНЕКСИЈА - присоединување, приспојување, придржување.

АНЏАР - вид на краток турски нож.

АНЏИЈА - сопственик на ан.

АПЕТИТ - барање, тежнеење кон нешто,желба.

АПРОКСИМАТИВНО - приближно.

АРАМИЈ - разбојник, крадец, одметник, ајдук.

АРЕНДА - закуп на земјиште, договор за давање на земјите пд закуп.

АРЕСТУВА - уапсува, затвора, апси.

АСИМИЛАЦИЈА - изедначување, прилагодување,припојување.

АСКЕР - регуларна турска војска, војник.

АСПЕКТ - гледиште, излгед, појава, вид.

АСПИРАЦИЈА - тежнение, желба за нешто, барање.

АТАКА - напад, јуриш, удар.

АТАКУВА - напаѓа.

АТАМАН - војсководач на козачки одред, обично со чин полковник, козачки арамбаша.

АТАШЕ - воен претставник, воен дипломат, приврзеник,верен човек.

АФЕРА - работа, парница, зделка, замрснена работа, скандал, непријатно доживување-предавство.

Б

БАД У ХАВА - бесплатно, бадијала.

БАЈОНЕТ - војнички нож што се става на пушка.

БАКШИНИ АКЧЕСК, БАХШИШ - честење при првото вработување на чиновниците

БАЧ - вид на данок за стока пренесувана со каравани или бродови при влегувањето во населено место или пристаниште.

БЕЈТУА МАЛ - државна благајна, трезор.

БАШИБОЗУК - нередовна турска војска.

БЕГ - големопоседник, благородник, властелин, заповедник, управник на област, кнез, османлиска титула.

БЕГЛИК, БЕГЛУК - беговски шпиот.

БУГАРОФИЛ - приврзаник, симпатизер на бугарската политика и интересен во Македонија (погрдно).

БЕСЕДА - говор.

БЕКИЛИЈА - вид на коњица.

БИЈАК - привремен војнички логор.

БОЈ - облик на борбени дејства во кој на одреден простор и за одредено време, според единствен план, се обединуваат,насочуваат и изведуваат борби, борбени тактички дејствија и други дејства на тактички единици заради постигнување на тактичка цел.

БОРБА - основен облик на борбени дејствија што го изведуваат поединци, групи и основните тактички единици (до батаљон) самостојно или во склопот во бој или операција.

В

ВАЛИЈА - управител на вилает (област).

ВАРВАРСКИ - дивјачки, вандалски.

ВИА ЕГНАЦИЈА - пат кој што од Драч (Албанија) преку Охрид, (Лихнида), Битола (Хераклеа) и Солун, водел до константинополис (Цариград).

ВИЛАЕТ - покраина, облст, административна облст во османската империја

ВОЈВОДА - старешина, водач, старешини на востаничка чета,водач.

ВОЕНА ИТРИНА - лукава, невообичаена постапка со која се надмудрува непријателот.

ВОЕНИ ЕФЕКТИВИ - воени сили подготвени за употреба.

ВРХОВИСТ - приврзеник на врховизмот односно на политиката на Врховниот комитет.

Г

ГАРНИЗОН - територијата на населеното место и околината на која што се сместени единици на вооружените сили со силина од чета и поглема.

ГЕОПОЛИТИЧКА - во однос на географските и политичките фактори.

ГЕОСТРАТЕГИСКА ПОЗИЦИЈА - збир на географски и стратегиски чинители кои ја определуваат позицијата на некоја држава, реон и сл.

ГЕРИЛА - облик на спонтан или организиран отпор на населението на една земја против агресорот, окупаторот или постојниот систем на власт.

ГИБА - допира, догибнува.

ГРА - вид на пушка (грчка).

ГУЊА - дебела волнена горна облека.

ГУРБЕТ - печалба.

Д

ДАСКАЛ - учител

ДЕЖУРА - специфичен организационен облик во градовите во текот на подготовките и Востанието со задача да ги координира активностите на одредено подрчаје или град. Има координатински, оперативен карактер без наредбодавни компентенции.

ДЕМОГРАФИЈА - научна дисциплина што го испитува движењето и развојот на населението во врска со животните услови, општествено-економското уредување и другите општествени појави.

ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА - однародување, отуѓување од етничката група кон која се припаѓа.

ДЕСЕТНИК - десетар, командир на десетина војници-востаници.

ДЕСЕТАК - данок во висина од 1/10 од доходот.

ДЕСПОТИЗАМ - неограничено владеење кое е засновано на насилие и непочитување на законот.

ДИВЕРЗИЈА - специфична, ненадејна, прикриена и неочекувана активност или дејство насочена кон подривање, слабеење или уништување на силите, средствата или другите вредности на противникот.

ДИНАМИТНИ АКЦИИ - саботажи со експлозивни средства врз јавни и воени објекти.

ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА - раздвојување,е разделување.

ДОКТРИНА - систем на усвоени ставови и погледи за организацијата, подготовката и употребата на вооружените сили, и водењето на вооружената борба на стратегиско, оперативно и тактичко ниво.

ДОМИНАНТЕН - главен, претежен, што се истканува.

ДРЕХА - облака, алиште.

ДРУМ - широк (царски) пат.

Ѓ

ЃУРУЛТИЈА - неред, караница.

Е

ЕГЗАРХИЈА - самостојна национална црква на чие што чело стои егзарх.

ЕГЗЕКУТОР - извршител на санкции.

ЕГЗИСТЕНЦИЈА - опстанок, постоење, битисување, суштествување.

ЕГОИСТИЧКИ - себичен, саможивен, користољубив.

ЕМАНЦИПАЦИЈА - осмаостојување, ослободување од некоја зависност.

ЕМИГРАНТ - иселеник, избегнат од земјата од политички или економски причини.

ЕМИГРАЦИЈА - иселување од земјата.

ЕТНОГРАФИЈА - наука за животот, верувањата и обичаите на еден народ, етнологија.

ЕСКАДРИЛА - основна формациска и тактичка еидница во коњаницата составена од 2-4 коњичк вода (120-150 коњаници).

ЕСНАФ - некогашна сталешка органиациј на занаетчии од ист занает.

Ж

ЖАНДАРМЕРИЈА - на војничка основа организирани трупи за одржување на јавниот пореодк и безбедноста во државата.

З

ЗАЛП - плотун, истрел.

ЗАПТИЈА - турски стражар, полицаец, милиционер.

ЗАСЕДА - вид на активно дејство во кое единицата прикриено го очекува непријателот и од мало растојание ствара ненадеен и прецизен оган заради уништување и заробување.

ЗАРТ - мака, тегоба, страв.

ЗУЛУМЌАР - штетник, насионик,, пљачкаш.

И

ИГО - ропство, јарем.

ИЛАВЕ - резервен војник.

ИМПЕРАТИВНО - заповедно, наредбодавно.

ИНТЕНДАНТСКА СЛУЖБА - заднинска организација (служба) надлежни за обезбедување на храна, облека, обувки, сместување и спиење, загревање, чување на материјални резерви и рез.на храна и сл.

ИСКОНСКИ - дамнешен.

ИШТАВ - желба, апетит.

ИХЗОР - подготовување, подготовка.

ИХТИБАС - воздржување, самоказнување, самоповлекување.

Ј

ЈАРАЏИЈА - лекувач на рани.

ЈАРЕМ - ропство, потечинетост.

ЈАТАГАН - ладно оружје со свиткано (повиено) сечиво кон внатрешната страна и со издигнат гребен се носел во појасот како составен дел на облеката и како украс зошто рачката му е по правило уаво обработена и украсена.

ЈУРИСДИКЦИЈА - надлежност, правосудство.

ЈУРИШ - едновремен, одлучен и силен напад на непријателските позиции на предниот крај на одбраната.

К

КАБАЕТ - вина, грешка, кривица, одговорност.

КАДИЛАК - звање за судија, обалст, делокруг на едне судија.

КАДРО - слика, фотографија.

КАЗА - административно-управна единица во османлиското царство, составен дел на санџак, каџилак или околија.

КАЈМАКАМ - управник на кааза (околија).

КАЛИБАР - пречникот на цевка мерен во воднитето во зрното меѓу две спротивни полиња.

КАЛЦИ - патики од шајак, крпи или сплетени од преѓа, дел од камитски чорап.

КАМАРИЛА - дворска клика која врши негативно влијание врз владеењето со земјата.

КАНДИСУВА - убедува.

КАПСУЛА - чаура, метална капичка наполнета со експлозив наменета за палење на различни експлозивни полнења, па и патрони.

КАРАКОЛ, КАРАУЛ - станица, турска жандармериска (заптиска), станица, стража, патрола, воена команда.

КЕСИМ - закуп, наем, аренда.

КЕСИЏИЈА - лихвар.

КИНИСУВА - тргнува, поаѓа.

КОЛОНИЈА - населба, окупирана, зависна територија.

КОМИТА - припадник на вооружена формација која не е составен дел од редовната војска.

КОМИТЕТ - одбор избран од членовите на некоја организација овластен да работи во името на организацијата, извршен орган.

КОМПЕТЕНЦИЈА - надлежност, меродавност.

КОМОРА - заднина, заднински дел од воена единица наменет за обезбедување на храна, обелка, опрема, борбени и други материјални потреби.

КОМПОНЕНТА - составен дел од целина.

КОНАК - куќа, двор, станбена зграда во рамките на манастирски комплекс.

КОНСПИРАЦИЈА - заговор, тане, доверлив.

КОНСТЕЛАЦИЈА - звездено јато, cosвездие, одредено групирање,

КОНУШМА - познанство, разговор.

КОНФЕСИЈА - вероисповест, христијанска верска странка (римокатоличка, православна, старокатоличка, луперанска, рефермистичка и др.).

КОНЦЕПЦИЈА - сфаќање, разбирање, замисли, моќ на разбирање.

КОРЕСПОНДЕНЦИЈА - преписка, допишување, општење преку писма.

КРЕМЕЊАЧКА - стара пушка што за поптполна на барутот користела кремен.

КРЕПОСТ - тврдина.

КУБУР,КУБУРА - вид мала пушка, пиштол.

КУРШУМ - фишек.

Л

ЛАИК - народно, световно лице кое не е свештеник, неупатено лице, невичен, неискусен, нестручњак.

ЛАКА - кривина во текот на река.

ЛЕБЕЛ - вид на револвер.

ЛЕСКА - ниско дрвје.

ЛИЦИТАЦИЈА - јавна продажба со наддавање.

ЛУМБУР - скок, скокање.

М

МАЛ-И ГАНБ - стока без сопственик.

МАЛ-И МАВКУД - изнајмено, привремено поседнување.

МАНИХЕРА, МАНИХЕРКА, вид на пушка.

МАРТИНКА - вид на пушка.

МАУЗЕРКА, МАУЗЕР - вид на пушка и револвер.

МЕГДАН - боиште, бојно место, широчина.

МЕТЕРИЗ - заседа, скривалиште, окоп, ров, шанец.

МИГРАЦИЈА - селење, иселување, иселена популација.

МИЗЕРЕН, беден, клет.

МИМТАРИЗАМ - превласт на војската над цивилните органи на власта, систем на примена на воена сила при решавањето на спорни прашања во внатрешната или надворешна политика.

МИЛИЦИЈА - народна војска, вооружен одред на народот, вооружен народ.

МНОД - Македонско народноослободително движење.

МОБИЛИЗАЦИЈА - ставање во движење, минување на војската од мирновременска во воена состојба.

МОБИЛНОСТ - подвижност.

МОМАК - слуга, прислужник, наемен работник.

МРО - Македонска револуционерна организација.

МУДИР,МУДУР - управител, околиски началник.

МУДУРЛУК, МУДИРЛАК - околиско началство - управа.

МУСЛИМАН - верник на исламот, мухамеданец.

МУХТАР - кмет, старешина на маало

Н

НАГОН, НАГОНТ - вид на реовлвер,

НЕЛЕГАЛЕН - незаконски.

НИЗАМ - редовен турски војник.

НИЧКУМ - паднат на лице.

НУЗУЛ,НИЗУЛ - слегување, спуштање.

О

ОПЕРАЦИЈА - сложен облик на борбени дејствија со кој според единствен план, на определен простор и за определено време, се обединуваат и насочуваат боевите, борбите, тактичките борбени дејствија и другите активности на вооружените сили за остварување на единствена оперативна или стрегиска цел.

ОРДА - армија, корпус, вооружена сила.

ОРТАКОЛ - реонот Долна Дебарца - Охридско.

ОСМАНЛИЈА - назви кој од XIV до почетокот на XX век се употребувал за Турците, назив за династијата на турските султани до 1922 година споре димето на првиот султан Осман.

ОСМАНСКО ЦАРСТВО - назив за Турција од XIV век и почетокот на XX век.

П

ПАДИШАХ - господар над кралеви, самодржец, цар, султан, велики султан.

ПАРТИЗАНСКО ВОЈУВАЊЕ -

ПАТРИЈАРХ - титула и достоинство на вровните поглавари на православните христијански цркви.

ПАТРИЈАРШИЈА - област со која управува патријарх, дворот вокој живее патријархот.

ПАТРОН - фишек.

ПАТРОНАДИ, ПАТРОНТАШ - кожена торба за патроли (герм.Patronen-tashe)

ПЕРМАНЕНТНО ВОСТАНИЕ - поим за непрекинати востанички дејства.

ПЕРМАНЕНТНОСТ - постојаност, истрајност, непрекинато траење.

ПИРЕЈСКИ - неистреблив како пирејот.

ПОЛИЦИЈА - дел од државната власт која се грижи за одржувањео во јавниот поредок, личната и имотната безбедност.

ПОЉАК - подар, чувар на полето.

ПОНДИЛА - штала за сотка.

ПРЕПАД -

ПРЕТЕНЗИЈА - барање, полагање на права на нешто, вообразување.

ПРОВИНЦИЈА - кај Римјаните: освоена или населдена област, денес: покраина, област, внатрешност.

ПРОТЕСТАНСТВО - назив за христијанските црквени заедници кои проистекнале од движењето на реформацијата на црквата во XVI век.

ПУНКТОВ НАЧАЛНИК - началник на пункт во реовлуционерен реон на ТМОРО.

ПРОГРЕС - напредок,успех, развивање, ширење.

Р

РАЗУЗНАВАЧКА СЛУЖБА - дел од вооружените сили наменет, опремен и оспособен за прибирање на податоци за непријателот.

РАЈА - народ, маса, нехристијански поданици под османска власт.

РЕДИФ - резервен војник или старешина во османлиската војска.

РЕСМ-И АГНАМ - данок за поседување на овци.

РЕСМЕ-И АСНОТ - такса за водениците.

РЕПЕРКУСИЈА - противдејство, одек, последица.

С

САЈБИЈА - стопаник, сопственик.

САРАФ, САРАФОН - разменувач на пари, трговец со пари и хартии од вредност.

САРДИСА - опседне, окружи.

САФТИЈАН, САХТИЈАН - уредена козја кожа, со црвена или жолта боја од која се изработувале чевли и др. предмети.

СЕЛАМЛУК - машко одделение во турски куќи, став "мирно" при дефинирање со воени единици.

СИНОР - граница на предел, роен и сл.

СПЕЦИФИЧЕН - особен, посебен, различен, својствен само на една личност или работа.

СПИРКА - станица.

СРБОФИЛ - приврзеник на српската политика и интереси во Македонија (погрдно).

СТАТУС - состојба, правна положба на некое лице.

СУБАШИЈА - управител на чифлик, одговорно лице.

СУМАРНО - збирно, кратко, збиено, концзно, севкупно, вкупно.

СУРГЈУН,СУРГУН - прогонство, заточение.

Т

ТАБОР - утврден рид, артилериски парк, кај Турците, воена единица со јачина од околу еден баталјон.

ТЕРОР - насилство.

ТМОРО - Тајна македонско-одринска револуционерна организација.

ТРЕВОГА - аларм, сигнал за опасност.

ТУФЕКЏИЈА - пушкар.

ТУЏАР - трговец.

Ќ

ЌЕАА, ЌАЈА, ЌЕХАЈА - надгледник на домаќинство, старешина на овчари.

ЌОСЕЛЕ,КЈОСЕЛЕ - вид на кожа.

У

УЈАДИСУВА - договара, сложува, дотерува.

УНИЈА - сојуз, здружение.

УНИЈАТИ - православни верници во Хрватска, Војводина и Галиција кои под политички притисок минале во католичка вера.

Ф

ФАУНА - животинскиот свет, животните што живеат во еден крај.

ФАНАТИЗАМ - претерана, неограничена верност, или ревност, заслепленост за некоја идеја, вера и сл.

ФЕРИК - Генерал.

ФЕРМОН - султанова писмена наредба, царска дозвола.

ФЕУДАЛИЗАМ - општествено-економска формација во која власта е во рацете на феудалната (благородничката) класа.

ФИРКА - дивизија.

ФЛОРА - растителниот све,т растенијата во еден крај, предел.

ФОРТИФИКАЦИЈА - утврдување.

ФОРТОМА - јаже.

ФРОНТАЛЕН СУДИР - директен судир на две спротивставени страни на една линија.

Х

ХАОС - неред, збрка, мешаница.

ХИЕРАХИЈА - владеење на свештанството, строга поделеност на свештаноството според чиновите, поделеност на некое општество според старешинството, воена, чиновничка, свештеничка хиерархија.

ХИНТЕРЛАНД - внатрешност на некоја земја, предел.

ХУНСКА - што припаѓа на Хуните.

ХУНИ - азијски номадски народ со труско-татарско потеко. Во V век под Атила формирале мок на држава во Панонија, но после се распаднале и претопиле во другите народи на Европа и Азија.

Ч

ЧАДОР - шатор.

ЧАСОВОЈ - страшал.

ЧАТИЈА - покрив, дрвената конструкција на покривот.

ЧАУШ - постар стражар, најглавен превенц, вооружен стражар.

ЧЕТА - основна воена единица од стотина војници, востаничка единица седум до преку сто војници.

ЧИФЛИК - голем посед, имот, земјиште, турски феудален земјишен посед.

ЧИФЛИКСАЈБИЈА - сопственик на чифлик.

ЧИФТЕ - двоцевна ловечка пушка.

ЧОРБАЏИЈА - оној што ја дели чорбата, заповедник на јаничарска чета, одликуван христијанин.

Џ

ЏАГОР - викање, зборување во неред.

ЏАДЕ - пат.

ЏЕЛЕП - стадо, етака, данок за свињи.

ЏЕЛЕПЧИЈА,ЏЕЛЕПИН - трговец со ситен и крупен добиток, собирач на данокот џелеп.

Ш

ШАШАРМА - збрка, бркотница, мешаница.

ШИЗМА - расцеп, раскол, одделување, поделеност.

ШКЕТО - јадење од месо варено без примеси.

ШОВИНИЗАМ - политички правец во Франција кај што тежнеел да ја врати старата слова на Франција од времето на Првото царство, распалување на национална омраза, проповедање на национална исклучителност.

ШПОТНЕ - поттикне.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

а) Извори

АНКЕТА ВО БАЛКАНИТЪ-МАКЕДОНИЯ, София,1917.

AN UNDERGRAUND REPUBLIC, Blackwood' s magazine, January-June 1906, Edinbourgh-London.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Неколку австриски документи за стопанската ситуација во Македонија непосредно пред Илинденското востание. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн.X-XI, Скопје, 1957/1958.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Гоце Делчев-преписка, Култура, 1972, Скопје.

АПОСТОЛОВ Александар, Извештаи на белгиските дипломатски претставници за Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот - Скопје, Скопје, 1966.

АРСОВЪТашко, Ламбе ИвановъАрнаудовъ- "Ил.Илинденъ", 1/131, 1942, 13.

БЪЛГРАДСКА Комунистическа партия, Документи на централните ръководни органи 1900-1903, II, София,1974.

ГЕРАСИМОВА Виолета и ГЕРАСИМОВ Љубомир, Извештаи за Илинденското востание од воениот аташе на Франција и Цариград, "Македонски архивист", Скопје, 1973.

ГРУЕВ Даме (1871-1906), Истражување и материјали (Редакција: Љ.Лапе, Ј.Кочанковски, Бл.Ристовски, Д.Димески, Г.Димовски-Цалев, Г-Танковски, Н.Ивановски) Друштво за наука и уметност, Битола, 1981, 80-88.

ДЕЛИНИКОЛОВ Т., Спомен за Гоце Дѣлчев Македонска мисъл 9-10.

ДЕЛИРАДЕВ Павел, Яне Сандански, София, 1946.

ДОКУМЕНТИ ЗА БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА САМОСТОЈНОСТ И ЗА НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА, I-II, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", Факултет за филозофско-историски науки, 1981.

ДОРЕВЪПанчо, Документи изъ турските държавни архвии, Том IV, (1863-1909), София, 1942.

ЕНИЧЕРЕВ Г.Никола, Въ споминания и бѣлежки, София, 1906.

ЗБОРНИК НА ДОКУМЕНТИ ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ 1893-1944, Избор, уводни коментари и редакција Александар Христов, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", 1976.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Македонскиот таен реовлуционерен комитет и "Отмштение", ИНИ, Скопје, 1954.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955.

ИЗВОРИ ЗА БЪЛГАРСКАТА ИСТОРИЯ, IV, БАН, София,1959.

YAKIR BEGAR, Le finanze turche. Le contribuzion dirette nell Impero Otomano, Bologna, 1914.

ЙОВКОВ Арсении, Първите дни на Илинденското възстание - Илинденъ IV/1-2.

КАЦАРОВЪГ, КЕПОВЪ Ив.,Документи за Кресненското въстание отъ 1878, Държавна печатница, София,1940.

КЕЦКАРОВЪАнтон, Из спомените ми по революционното дело въ Охридско-Ил.Илинденъ,1/31.

КЕЦКАРОВЪА., Четническото движение въОхридско "Ил.Илинденъ" 1/31, 71; 2/72,82,112,122, 3/33, 123; 3-4/73-74,124; 7-8/47-48; 9/139; 10/30.

КРЕСНЕНСКО-РАЗЛОШКОТО ВЪСТАНИЕ 1878, Сборникъ, София,БАН, 1970.

КОМЕНТАР НА ВОСТАНИЧКИОТ ДИСЦИПЛИНСКИ УСТАВ (Правилник, Прилози), 1, Битола, 1971.

КРУШЕВСКИОТ МАНИФЕСТ, Земски одбор на Народниот фронт на Македонија, Скопје, 1948.

ЛАПЕ Љубен, Извештаи од 1903 година од српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, ИНИ, Скопје, 1954.

ЛАПЕ Љубен, Протоколи од заседанијата на Прилепската општина (1872-1886), ИНИ, Скопје, 1956.

ЛАПЕ Љубен, Неколку нови документи за 1903, Годишен зборник на филозофскиот факултет на Универзитетот Скопје, 1953 година.

ЛАПЕ Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II, Скопје, 1975.

ЛАПЕ Љубен, Никола Петров Русински како извор за раниот период од ширењето на социјалистичките идеи во Македонија, "Историја", V72, Скопје, 1969, 31-42.

ЛОЗНАЧЕВ Анастас, Спомени (ракопис), АО на ИНИ, Скопје.

МАКЕДОНИЯ КАТО ПРИРОДНО И СТОПАНСКО ЦЯЛО, София,1945, (ЯРАНОВ Д.).

МАКЕДОНИЯ и ОДРИНСКО (1893-1903) Мемоаръ на Вътрешната организация , s.l.1904.

МАРКС КАРЛ И ЕНГЕЛС ФРИДРИХ, Съчинения, IX, Москва, 1950.

МИРЧЕВ Димитар, Спомени. Ракопис, АО на ИНИ, Скопје.

МИТРЕВ Анастас, Мемоари, Огледи-статии, Скопје, 1974, (Илинденско востание).

МАТЕРИЯЛИ ЗА ИСТОРИЯТА НА МАКЕДОНСКОТО ОСВОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕНИЕ, кн.I, ВЪСТАНИЧЕСКОТО ДВИЖЕНИЕ ВЪ ЮГОЗАПАДНА МАКЕДОНИЯ (до 1904 год.), спомени на Славейко Арсовъ, (1-35), София,1925.

МАТЕРИЯЛИ ..., кн.II, ОСВОБОДИТЕЛНАТА БОРБА ВЪ КОСТУРСКО (до 1904 год.), спомени на Пандо Кљашевъ,(1-136), София,1925.

МАТЕРИЯЛИ..., кн.III, БОРБАТА ВЪ КОСТУРСКО И ОХРИДСКО, спомени на 1) ИванъПоповъ(1-64), 2) Смиле Войдановъ, 3) Деянъ Димитровъ и 4) Никола Митревъ (65-141), София,1926.

МАТЕРИЯЛИ...,кн.IV. КЪМЪ БОРБИТЕ ВЪ ЮГОЗАПАДНА МАКЕДОНИЯ (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско), спомени на: 1) Лука Джеровъ(3-24), 2) Георги Поп-Христовъ(25-50), 3) Ангелъ Андреевъ(51-80), 4) за дејноста на Георги Папанчевъ во Леринско (81-102) и 5) на Лазаръ Димитровъ (103-145). София, 1926.

МАТЕРИЯЛИ ...,кн.V, спомени 1) Дамянъ Груевъ(3-30), 2) Борисъ Сарафовъ(31-102) и 3) ИванъГарабановъ(103-136), София,1927.

МАТЕРИЯЛИ...,кн.VI, СОЛУНСКИЯТЪ АТЕНТАТЪ И ЗАТОЧЕНИЦИТЪ ВЪ ФЕЗАНЪ, София,1927.

МАТЕРИЯЛИ...,кн.VII, ДВИЖЕНИЕТО ОТСАМЪ ВАРДАРА И БОРБАТА СЪ ВЪРХОВИСТИТЪ, спомени на: 1) Яване Сандански (3-46), 2) Черньо Пъевъ (47-74), 3) Сава Михайловъ (75-98), 4) Христо Куслевъ (99-129), 5) Иванъ Анастасовъ Гърчето (129-152), 6) Петър Хр. Юруковъ (153-174) и 7) Никола Пушкаровъ (175-193), София,1927.

МАТЕРИЯЛИ..., кн.VIII, СПОМЕНИ, ГЬОРЧО ПЕТРОВЪ, София,1927.

МАТЕРИЯЛИ.., кн.IX, ВЪ МАКЕДОНИЯ И ОДРИНСКО, Михаилъ Герджиковъ, ПЪРВИЯТЪ ЦЕНТРАЛЕНЪКОМИТЕТЪ НА ВМРО, Д-ръ Христо Татарчевъ, София,1928.

МАТЕРИЯЛИ..., кнX, РЕВОЛЮЦИОННАТА ДЕЙНОСТЪ ВЪ АЗОТЪ (Велешко) и ПОРЪЧИЕТО, спомени на Стефанъ Аврамовъ София, 1929.

МАТЕРИЯЛИ..., кх.XI, РЕВОЛЮЦИОННАТА ДЕЙНОСТЪ ВЪ ДЕМИРХИСАРЪ (Битолско), спомени на Алексо Стефановъ, София, 1931.

ОДБРАНИ ТЕКСТОВИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД (1800-1919). Трето дополнето и проширено издание, II, дел.Составил Љубен Лапе, Скопје, Универзитет "Кирил и Методиј", 1976.

ОРИГИНАЛНИТЕ ПРОТОКОЛИ ОТЪ СМИЛЕВСКИЯ КОНГРЕСЪ. Съобшта-ва Скендер-бей.- "Илюстрация Илинденъ" (София) IV/7.

ПЕТРОВ Ѓорче, Спомени-кореспонденција, "Култура", Скопје,1984.

ПОЛИТИЧЕСКІЯ И ЕКОНОМИЧЕСКІЯ свѣдѣнія о Битольскомъ вилаетѣ, собранныя россійско-императорскимъ вице-консуломъ Н.Скрябинымъ, Битоля , 1885.

ПРОТОКОЛИТЕ ОД СМИЛЕВСКИОТ КОНГРЕС.-Даме Груев (1871-1906). Истражувања и материјали. (Редакција Љ.Лапе, Ј.Кочанковси, Б.Ристовски, Д.Димески, Ѓ.Димовски-Цолев, Ѓ.Танковски, Н.Ивановски, Битола, ДНУ 1981, 80-88.

РУСИНСКИ Петров Никола, Приносъ къмъ историята на Вѣтрешната организация (Градивен период) за времето 1900-1903), София,1936.

РУСИНСКИ Петров Никола, Спомени (Ракпис-Сл.IV.39.608). АО на ИНИ.

РУСИНСКИ Петров Никола, Революционни борби в Охридско (Редакция: Стефанъ Аврамовъ) (Ракопис - Сл.IV.144).

СПОМЕНИ НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, Институт за национална историја 1950. Материјали за македонската национално-револуционерна историја, кн.I.

ТОДОРОВСКИ Глигор, За состојбата на Македонските печалбари и бегалци пред и по Илинденското востание, според необјавени документи, Гласник на ИНИ, бр.2-3, Скопје,1981.

ЦАМБАЗОВСКИ Климент, Граѓа за историјата на Македонија од Архивот на Србија. Т.I-IV, Белград, 1979-1986.

б) Периодика

Списанија

- "Бюлетинъ", София,1919.

- "Български преглед", София,1895.

- "Voenno-istoriski sbornik" Sofi ,1953.

- Гласник на ИНИ, Скопје.

- Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, (1957-1987).

- "Економист" 1912.

- "Etnološki pregled", Beograd, 1982.

- Илюстрация Илинденъ, София, 1929-194 .

- "Илинденъ", София,1923.

- "Илинденски настани", Београд, 1971.

- Историја, Скопје, 1969.

- Исторически преглед, София,1951.

- "Jugoslovenski istorijski časopis" Beograd, 1965.

- Македонски архивист, Скопје, 1973.

- "Македонска мисъл", Софи .

- "Македонско дело", Виена, 1931.

- "Македонски преглед", София,1925.

- Отечествен фронт, София,1965.

- Погледи, Скопје.

- "Прилози" МАНУ - Скопје, 1988.

- Разгледи, Скопје, 1958.

- "Родина", София,1901.

В е с н и ц и

- "Автономна Македония" бр.20, София,16.XI.1903.
- "Београдске новине", Београд, 257, 26.VIII.1903.
- "Глас Црногораца" 16.08.1903.
- "Глас Црногораца", Цетиње, 1903.
- "Daily News" (London) August, 12, 1903.
- "Застава" бр.167, Београд, 29.07.1903.
- "Нова Македонија", 13.X.1970, стр.9.
- "Obzor" Zagreb, od 11 i 27.08.1903.
- "Пелистерско ехо", Битола, 1942-1944.
- "Sarajevski list" 14.08.1903.
- "Slovenec", Ljubljana, 12.02.1903, 10.08.1903 i 27.08.1903.
- "Slovenski narod", 277, 30.XI.1903, 1-2; 191, 20.VIII.1903.

в) Литература

АБАЏИЕВ Ѓорѓи, Македонски возрожденици и револуционери, Скопје, 1951.

АБАЏИЕВ Ѓорѓи, Епопејата на ножот, Скопје, 1951.

Албум - Македонија, София, 1931.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Гоце Делчев и неговото време, I, Скопје, 1972.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Варварски методи - "Нова Македонија", 3654, Скопје, (12.VIII), 1958.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Еден непознат статистички преглед на населението на Битолскиот вилает од 1897 година, "Годишен зборник", на филозофскиот факултет на Универзитетот - Скопје, Скопје, 1961.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо,- Некои прашања од воената организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период, Гласник на ИНИ, бр.1 Скопје, 1960.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Источното прашање и Македонија во статиите на Маркс и Енгелс, "Разгледи" бр.1-2, Скопје, 1958.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Македонското национално-ослободително движење до Илинденското востание. Зб: Југословенски народи пред Први светски рат, САН, посебна издања, CXVI, Оделење друштвених наука, књ.61, Београд, 1967.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Вилјем Гледстон за Македонија и македонското прашање, "Историја" бр.2, Скопје, 1969.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Европските држави и македонското прашање; "Историја", бр.1, Скопје, 1969 год.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави кон Македонија и македонското национално-ослободително движење до крајот на XIX век и почетокот на XX век. "Гласник" на ИНИ, бр.2, Скопје, 1973.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Санстефанска Бугарија - ненаучно толкување на македонската историја, Култура, Скопје, 1978.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Одбрани дела, I-V, Скопје, Мисла, 1980-1981.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Странските доброволци во Кресненското востание. Зб: Кресненското востание во Македонија 1878-1879, МАНУ, Скопје, 1982.

АНДОНОВСКИ Христо, Привремената влада на Македонија (мај-јуни 1980), Зб: Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

АНДОНОВ Б,Неустрашим борец за свободата на Македония "Отечествен фронт", 6440 София (21.V.),1965.

АПОСТОЛОВ Александар, Востанието и контраофанзивата "Нова Македонија", 4357, Скопје (12.VIII), 1958.

АПОСТОЛОВ Александар, Еден нов документ за борбата на Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, "Гласник" на ИНИ, бр.1 Скопје, 1963.

АНДОНОВ Александар, Обиди за колонизација на Македонија во условите, на националните пропаганди на соседните држави, "Годишен зборник" на Филозофскиот факултет", кн.XV, Скопје, 1963.

АПОСТОЛСКИ Ванчо, На великобугарски националистички позиции. Погледи бр.2, Скопје, 1979.

АПОСТОЛСКИ Михајло, Избор, том V, "Наша книга" Скопје, 1973

АПОСТОЛСКИ Михајло, Страртегија и тактика на Илинденското востание, Студии и статии, I, Скопје, 1973.

АПОСТОЛСКИ Михајло, Гоце Делчев за стратегијата и тактиката на национално-револуционерното движење во Македонија.

БАДЕВЪ Йорданъ, Даме Груевъ- живот и дѣло, София, 1943.

БАЖДАРОВЪ Георги, Македонскиятъ въпросъ вчера и днесъ, София, 1927.

БАН: ИСТОРИСКО-ПОЛИТИЧКА ИНФОРМАЦИЈА ПО МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, Разгледи, бр.2/1969.

БИТОСКИ Крсте: Еден интерен документ за положбата на македонското село во предилинденскиот период, "Гласник", на ИНИ, број 2, Скопје, 1977.

БИТОСКИ Крсте, Македонија и Кнежеството Бугарија (1893-1903), ИНИ, Скопје, 1977.

БИТОСКИ Крсте, Историја на Крушево и Крушевско, кн.I, Крушево, 1978.

БИТОСКИ Крсте, Македонија во времето на големата Источна криза "Студентски збор", Скопје, 1982.

БАДЕВЪ ЙОРДАНЪ, Даме Груевъ- живот и дѣло(с.а.с.л.).

БЛАГОЕВ Димитар, Около македонскиятъ въпросъ "Ново врѣме". год. IX, кн.6, София,1905.

BEBLER ANTON. Marksizam i vojništvo, Beograd, 1977.

БѢЛЕВЪИВАНЪ, Въстанието въ северно-източна Македония през 1895, "Илюстрация Илинденъ", 2-3, София,1934.

БѢЛЕВЪ ИВАНЪ, Поява и развитие на революционното движение въ Македония, "Илюстрация Илинденъ" 4, София, 1930.

БЕЛЕШКИ ЗА ТРГОВИЯТА И ИНДУСТРИЯТА НА МАКЕДОНИЯ, "Бѣлгарски преглед" IV-V, София,1895.

БЕЛЧЕВ Д.Ташко, Книжевни паралели, Скопје, 1982.

BILANĐIĆ D., Gerila, Vojna enciklopedija, 3, Beograd,1960.

БОЖИКОВ Д.Божидар, Въстанието в Битолски революционнен окръг, Илинденско-преображенско въстание 1903-1968, София,1968.

БАТОВСКИ Хенрих, Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание, "Зборник Илинден 1903-1970, Скопје, 1970.

ВАРДАРСКИ, Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прът ставители, Виена, 1894.

ВЕНДЕЛ Херман, Борба Југословена за Слободу и Јединство, s.a, s.l,

ВЕСЕЛИНОВИЋ Милојко, Брсјачка буна године 1880 у Битољском вилајету и војвода Мицко, Народна штампарија, Београд, 1905.

ВИЛАР Пјер, Размишљање о основама националних структура, "Марксистичка мисао", бр.4/1982.

ВЛАХОВ Димитар., Говори и статии 1945-1947, Скопје, 1947.

ВЛАХОВ Димитар, Македонија, моемнти од историјата на македонскиот народ, Скопје, 1950.

ВЛАХОВ Т., Революционните борби на македонския народ и Илинденското въстание през 1903., "Исторически преглед", 5, София,1951.

БРАНЕШЕВИЋ Бранислав, Новосадска "Застава" о Македонији у великој Источној кризи 1875-1881. Зб.Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје, МАНУ, 1978.

VUJOVIĆ M., Intendantska služba, Vojna enciklopedija, 3, Beograd, 1960.

ГАБЕР Стеван, Национално-ослободителните цели и меѓунационалните односи во Правилата на Македонскиот востанички комитет: Зб: Правилата-Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание. ИСППИ, Скопје, 1980.

ГАБЕР Стеван, Прилози кон историјата, "Студентски збор", Скопје, 1980.

ГЕОРГИЕВСКИ К., Од животот на Охридско-Пловдивскиот митрополит Натанаил и дел од неговата кореспонденција со Охрид зачувана од оставштината на Јанаки Стрезов, "Историја",бр.2,Скопје,1974.

ГЕРАСИМОВ Љубомир, Прилог кон прашањето за турските воени сили да се спротивстават на Илинденското востание. Зб: Прилози за Илинден 1978, III, Крушево, 1979.

ГЕРДЖИКОВЪ Михаил , Въ Македония и Одринско, София,1928.

ГЕРСИН К.,Македонија и турско питање, Београд, 1903.

GNJETIĆ Veljko, Vojna enciklopedija, 4, Beograd, 1961.

ГРУЕВ Дамјан, 1871-1906-1981, Битола, 1981.

ДЕДИЈЕР Владимир, Интересне сфере, Просвета, Београд, 1980.

ДЕРЖАВИН Н.С.,Болгарско-сербскиѣ взаимоотношения и македонскій вѣпрос,С.Петербург, 1914.

ДИМЕСКИ Славко, Македонското национално-ослбоодително движење и Егзархијата (1893-1012), Култура, Скопје, 1963.

ДИМЕВСКИ Славко, Нашето минато низ документи, Разгледи, 3, Скопје, 1967, бр.6, Скопје, 1968.

ДИМЕВСКИ Славко, Некои моменти од антиегзархиското движење во Македонија од Берлинскиот конгрес до создавањето на ВМРО, "Гласник" на ИНИ, Скопје, 1961.

ДИМЕВСКИ Славко, Востанички проект-устави и други акти за создавање на македонската држава донесени по Берлинскиод конгрес (1878-1980). Годишник на ИСППИ, бр.1, Скопје, 1975.

ДИМЕВСКИ Славко, За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Култура, Скопје, 1981.

ДИМЕСКИ Димитар, Општествено-економските прилики во Македонија (1878-1903), "Историја", бр.2, Скопје, 1979.

ДИМЕСКИ Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскито вилает (1893-1903), "Студентски збор" Скопје, 1981.

ДИМЕСКИ Димитар, Дипломатските аспекти на македонското прашање (1878-1903).Македонското национално-ослободително движење во Битолскиот виалет, второ издание, Скопје, Студентски збор, 1982.

ДИНЕВ Ангел, Илинденска епопеја, Дел.II,Скопје,1949.

ДИНЕВ Ангел, Одбрани дела, I-III,Култура, Скопје,1893.

ДИМОВСКИ-Цолев Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре-живот и дело, Битола, 1968 година.

ĐURAŠINOVIĆ Radomir, Puška, Vojna enciklopedija, 7, Beograd, 1965.

ELLIS JONN, Gerila kroz stoleća, Zagreb, 1979.

ЕНГЕЛС Фридрих, Спољна политика руског царизма I и II, "Тридесет дана" бр.76 и 77 од 1952.

ЗОГРАФСКИ Данчо, За работничкото движење во Македонија до Балканските војни, Скопје, 1950.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Гоце Делчев-идеолог и стратег на македонското национално-ослободително движење.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Крушевската република, Земски одбор на Народниот фронт на Македонија, Скопје, 1948.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Македонскиот таен револуционерен комитет "Отмштение", ИНИ, Скопје, 1954.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Развојот на капиталистичките односи во Македонија за време на турското владеење, Култура, Скопје, 1967.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Процесот на конституирањето на македонската нација. "Историја", бр.1, Скопје, 1970.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Големите сили и Балканот во почетокот на XX век. "Гласник" на ИНИ, бр.2-3, Скопје,1970.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Економските прилики во Македонија во средината на XIX век. "Прилози", МАНУ, XI-1-2, Скопје,1980.

IVANOFF J. La Question Macedonienne en point de vue historique, ethnograpihique et statistique, Paris, 1920.

ИВАНОВСКИ Орде, Балканските социјалисти и македонското праша-
ње од 90-тите години на XIX век до создавањето на
Третата интернационала, Култура, Скопје, 1970.

ИСТОРИЈА ЈУГОСЛАВИЈЕ, Београд, Просвета, 1973.

Историја народа Југославије, I и II, Београд, 1953/1960.

История на България, II, София, 1962.

ИСТОРИЈА НА КРУШЕВО И КРУШЕВСКО ОД ПОСТАНОКОТ НА ГРА-
ДОТ ДО ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА, Крушево, Со-
брание на општина Крушево, Општински одбор на СЗБ
од НОБ Крушево, 1978.

ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, I-III, Скопје, ИНИ, 1969.

ИСТОРИЈА НОВОГ ВЕКА, Редакција Н.В.Тарле, Београд, 1949.

Историографија на Македонија 1965-1975, (Составуачи): Н.Велја-
новски, А.Матковски, Б.Панов, Р.Поплазаров, П.Сто-
јанов, Сојуз на Друштвата на историчарите на Македо-
нија, "Студентски збор", Скопје, 1982.

Историографија на Македонија 1976-1980, II (Составувачи): М-р Ри-
сто Илјовски, Марјан Димитровски, Д-р Александар
Трајановски, М-р Надежда Цветковска, М-р Катерина
Јосифова, Сојуз на друштвото на Историчарите.

ЈАВОРОВ Пејо, Одбрани творби, Скопје, Мисла, 1893.

JELAČA Milan, Manevar, Vojna enciklopedija, 5, Beograd, 1962.

ЯВОРОВЪ П.К., Гоце Делчевъ, София, 1942,

КАЛАЙДЖИЕВ Хр. и АНАСТАСОВ И., Реакциони и демократични
прояви в' македонското дело, Нариздат, София, 1945.

КАРДЕЉ Едвард, Одбрани дела, VII, Скопје, 1980.

КАРТОВ Владо, Сава Михаилов, Наша Книга, Скопје, 1977.

КАРТОВ Владо, Нормативната дејност на Кресненското востание,
ИСППИ, Скопје, 1980.

КАТАРЏИЕВ Иван, За сенародно и демократски организирано националноослободително движење, Погледи, II, Скопје,1965.

KATARDŽIEV Ivan,Ilindenski ustanak, Vojna enciklopedija, 3, Beograd, 1960.

КАТАРЏИЕВ Иван, некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание, Гласник на ИНИ,1961.

КЕСЬКОВ Б.Д.,Принос към дипломатическата история на България, 1878-1925, София,1925.

КЕЦКАРОВЪ А., Четническото движение въ Охридско, "Илюстрация Илинденъ", 2, София,1936.

КИРОВ-МАЙСКИ Никола, Илинденъ(драма), София,1923.

КЛИСУРОВЪ, Очерки върху историята на македонското освободително движение. Социално-икономските претпоставки за създаването и дейноста на Македонската революционна организация, "Македонското дело", Виена, од бр.133 до бр.149 од 1931 година.

KOLB Vekoslav, Štab, Vojna enciklopedija,9, 1967.

КОЛИШЕВСКИ Лазар, Политички извештај на Централниот комитет на КПМ, Наша книга, Скопје, 1980.

КОНСТАНТИНОВ, Душан, Востанички болници, "Македонија", (Сп.на Матицата на иселениците), Скопје, 1960.

КОНСТАНТИНОВ Милош, Занаети и еснафи, Битола, 1961.

КОНСТАНТИНОВ Милош, Етничките области во Македонија, "Etnološki pregled", XIX, Beograd, 1982.

КЬОСЕВ Дино, Борбите на македонския народ за освобождение, София, 1950.

КЬОСЕВ Дино, История на македонското национално-революционно движение, София,1954.

КЬНЧОВЪ Василъ, Македония, София,1900.

КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА, Зборник, МАНУ, Скопје, 1982.

ЛАПЕ Љубен, Преминување на власта од градските раководни тела на горските тела, "Зборник Илинден 1903", Скопје, 1970.

ЛАПЕ Љубен, Некои воено-управни тела и установи пред и во времето на Илинденското востание и нивното функционирање, Зборник Илинден 1903", Скопје, 1970.

ЛАПЕ Љубен, Крсте Мирисков за економските причини на македонското национално-ослободително движење "Гласник" на ИНИ, бр.1, Скопје, 1175.

ЛАПЕ Љубен, Никола Петров Русински како извор за раниот период од ширењето на социјалистичките идеи во Македонија "Историја", V/2, Скопје, 1969, 31-42.

ЛАПЕ Љубен, Учество на поетот-револуционер Арсениј Ковков во Илинденското востнаие .- Прилози за Илинден 1978, II, "Десет дена Крушевската Републката", Крушево, 1979, 115-138.

LENJIN I.V.,Vojna dela, Beograd, 1962.

ЛЕНИН Владимир Илич, О праву нација на самоопредељење, Култура, Београд, 1949.

ЛЕНИН Владимир Илич, За националното и национално-колонијалното прашање, Култура, Скопје, 1959.

ЛЕНИН Владимир Илич, Социјално значење српско-бугарских победа (Правда, 7.новембар 1912), Избрана дела, 1-16, Том 8, Култура, Београд, 1960.

МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881, МАНУ, Скопје,1978.

МАКЕДОНСКАТА ЛИГА НА УСТАВОТ ЗА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА 1980, (Славко Димевски, Владо Поповски, Светомир Шкарић, Михаило Апостолски), Мисла, Скопје, 1985 година.

MAKIĆ Antun, Ofnazvia, Vojna enciklopedija, 6,Beograd,1964.

МАРКС,ЕНГЕЛС, ЛЕЊИН, Национално питање, Избор: Франц Ценгле и Ариф Тановић, Дневник, Нови Сад, 1974.

МАНЕВ Йоно, Бѣлгарското вѣстание в Източна Тракия през 1903, Военно-историрически сборник, 3, София,1953.

МАТКОВСКИ Александар, Отпорот во Македонија, I-IV, Мисла, Скопје, 1983.

МАТОВЪ Христо, Вѣстанишки действия, II, София,1925.

МАТОВЪ Христо, За своята революционна деинострь, София,1928.

МАТОВЪ Христо, За управлението на В.Р.Организация, София,1925.

МИЛЕНКОВИЋ, J.M., Интереси Аустро-Унгарске на Балкану, "Економист", бр.15 од 1.VII.1912.

МИЛЕНКОВИЋ J.M., Економски интереси Немачке на Балкану, "Економист" бр.16 од 1.XII.1912.

МИЛЕНКОВИЋ J.M, Економски интереси Русије на Балкану, "Економист" бр.5 од 1.III.1913.

МИЛЕНКОВИЋ J.M.,Економски интереси енглеске на Балкану "Економист" бр.5 од 1.III.1903.

МИЛЕТИЧЪ Л., Какъ се рѣшила датата на Илинденското вѣстание, "Сборникъ Илинденъ 1903-1922". София, 1922.

МИЛОСАВЛЕВИЋ Петар, О неким ставовима Маркса и Енгелса према источном питању, Балканика, 1975.

МИЉОВСКА Деса, Две развојни етапи во економско-општествениот развиток на Македонија во XIX век, "Гласник" на ИНИ бр.2, Скопје, 1963.

МИЉОСКА Деса, Класна структура македонског друштва у другој половини XIX века, "Југославенски историјски часопис" бр.1-2, Београд, 1966.

МИНОСКИ Михајло, Политиката на Австро-Унгарија, спрема Македонија и македонското прашање 1878-1903, Култура, Скопје, 1982.

МИНОСКИ Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1919), "Студентски збор", Скопје, 1985.

МИТРЕВ Атанас, Христо Узунов, Скопје, 1953

МИТРЕВ Димитар, Пиринска Македонија во борбата за национално ослободување, Скопје, 1950.

МОЈСОВ Лазар, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954.

НЕДЕЉКОВИЌ Душан, Маркс, Енгелс, Светозар Марковиќ и први социјалисти Србије и Балкане о Македонији у источној кризи и проблем револуционарне перспективе. Зб: Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

НИКОЛОВЪТ., Отъ Подвисъ до Самилево, "Илюстрация Илинденъ", 1, София,1924.

НИКИТОВЪ Никола, Гоце Дѣлчевъ, София,1941.

НОВАКОВИЋ Стојан, Балканско питање и мање историско-политичке белешке о Балканском полуострову 1886-1905, Београд, 1906.

ПАВЛОВСКИ Борис, Воената обука на смилевските ученици и младинци во 1903, "Илинденски настани", 1, Битола, 1971.

ПАНДЕВ Константин, Национално-освободителното движение въ Македония и Одринско 1878-1903, София,1979.

ПАНДЕВСКИ Манол, Вооружувањето на македонските револуционери во периодот до Илинденското востание (1893-1903), "Гласник" на ИНИ, 2, Скопје, 1964.

ПАНДЕВСКИ Манол, Илинденски бегалци во Бугарија 1903-1904, "Разгледи", IV, Скопје, 1961.

ПАНДЕВСКИ Манол, Обиди на ВМРО за воспоставување на внатрешни и надворешни врски во текот на Илинденското востание, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1959.

ПАНДЕВСКИ Манол, Учеш е Македонаца у ослобдилачким ратовима Србије 60-тих и 70-тих година XIX века, "Зборник радова" књ.1, Београд, 1976.

ПАНДЕВКСИ Манол, За некои форми на политичкиот отпор во предилинденскиот период (1893-1903), "Гласник" на ИНИ, бр.1, Скопје, 1959.

ПАНДЕВСКИ Манол, Првата биографија на Јане Сандански од В.Водовозов, "Историја", бр,2, Скопје, 1970.

ПАНДЕВСКИ Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893-1903), Култура, Скопје, 1974.

ПАНДЕВСКИ Манол, Илинденското востание во Македонија 1903, ИНИ; Скопје, 1978.

ПАНДЕВСКИ Манол, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век, "Гласник" на ИНИ, бр,1 Скопје, 1976.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонија и Македонците во годините на Источната криза 1876-1878, МАНУ; Скопје, 1978.

ПАНДЕВСКИ Мнаол, Кресненското востание 1878-1879, "Гласник", на ИНИ, бр.1-2, Скопје, 1978.

ПАНДЕВСКИ Манол, Макеоднското ослободително дело во XIX и XX век, "Мисла", Скопје, 198.

ПАСКОВ В., Р ководнит сили в Организаци та, "Македонски Преглед", 2, Софи ,1925.

ПЕПЕЉУГОСКИ Петар, Некои карактеристки во создавањето и развојот на македонската востаничка восјка 1878-79, Скопје, 1980.

ПЕПЕЉУГОСКИ Петар, Востаничките дејствија во Крушево 1903 година, "Нова Македонија", 13113-13118, Скопје, (26-31. VIII.).1983.

ПЕТРОВ Ѓорче, Македонското ослободително дело. Приредил Гане Тодоровски, Мисла, Скопје, 1971.

ПИРОНКОВЪ Д.А., Бѣлгарски дейци, София,1941.

ПОПЪ-АРСОВЪ Петъръ, Произходъ на на революционното движение въ Македония и първитѣ стѣпки на солунския комитетъ за придобиване политическитѣ права на Македония дадени и отъ Берлинския договоръ, Бюлетинъ, Н№ 8, София, 19.VII.1919,2.

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Грчката пропаганда спрема Македонија во втората половина на XIX век, Скопје, 1973.

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Великогрчката политика во кралството Грција спрема Макеоднија во втората половина на XIX век, "Гласник", на ИНИ 1, Скопје, 1970.

ПОПОВСКИ Владо, Социјалната и политичката природа на македонското ослободитлено движење во почетокот на неговото државно-правно изразување, Погледи, бр.6, Скопје, 1980.

ПОПТОМОВЪ В., Доклад за македонското Илинденско въстание в 1903 година, София,1948.

ПОП-ХРИСТОВЪ Георги, Какъ стана убийството ан руския конзулъ Ростковски въ Битоля презъ 1903 г., Пелистерско ехо, 114, Битола, 1942.

ПОП-ХРИСТОВЪ Георги, Конгресътъ за въстанието въ с.Смилево, „Пелистерско ехо", 31, Битоля, 1942.

ПОП-ХРИСТОВЪ Героги; Революционната борба в Битолския окржг, Спомени, София,1953.

POUGUEVILLE F., Storia della Rigenerazione della Grecia, Milano, 1854, vol.II.

ПРАВИЛАТА-УСТАВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ВОСТАНИЧКИ КОМИТЕТ ВО КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (Група автори), ИСППИ, Скпје, 1980.

ПРИЛОЗИ НА ДАМЕ ГРУЕВ, Друштво за наука и уметност-Битола и Одбор за одбележување на 75-годишнината од смртта на Даме Груев при ОК ССРНМ Битола, 1983.

ПРИЛОЗИ ЗА ИЛИНДЕН 1978, II, Совет "Десет дена Крушевска република", научно-културни средби, Крушево, 1979.

ПРИЛОЗИ ЗА ИЛИНДЕН, 1979, III, Совет "Десетте дена Крушевска република" Завод за унапредување на стопанството на СРМ, Скопје, 1983.

ПЪРЛИЧЕВЪ К., Една страница отъ нашата епопея, „Сборник Илинденъ 1903-1925", София, 1925.

ПУЛЕВСКИ Ѓорѓија, Одбрани страници, Македонска книга, Скопје, 1974.

РИСТОВСКИ Блаже, Крсте П.Мисирков (1874-1926), Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мсила, "Култура", Скопје, 1966.

РИСТОВСКИ Блаже, Димитрија Чуповски (1878-1940), I-II, Култура, Скопје, 1978.

РИСТОВСКИ Блаже, Горѓија Пулевски и ослободувањето на Македонија, Зб.Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

РИСТОВСКИ Блаже, Македонскиот народ и македонската нација, I-II, Мисла, Скопје, 1983.

SWIRE J.,Bulgarien Conspiracu, London, 1939.

СИЛЯНОВЪ Христо, Освободителнитѣ борби на Македония I-II, София, 1933/1943.

СОТИРОВСКИ Никола, Кон историјата на македонизмот во работата на спрската национална пропаганда во Македонија и во втората половина на XIX век, Годишник на Правниот факултет Скопје, 1962

СОТИРОВСКИ Никола, За општествено-економскиот карактер на ајдучкото движење во историјата на нашите народи, Годишник на Правниот фкаултет Скопје, 1963-1964.

СОТИРОВСКИ Никола, Уште еден прилог кон проучувањето на појавата на развитокот на македонскиот народ и раѓањето на македонската нација, "Погледи", бр.2, Скопје,1969.

СОТИРОВСКИ Никола, Државно-правниот фактор и неговото значење во создавањето на македонската нација, "Гласник", на ИНИ, бр.1, Скопје, 1970.

СТИЈЕПОВИЋ Никола, Српска феудална војска са кратким прегледом војне историје, Београд, 1954.

СТРУКОВА Л.К.Новые документи о положении в Битолъском вилайете в 1903 год,„Славяский архив", Москва,1963.

СТОЯНОВЪ Иванъ, Македония и македонскиятъ въпросъ, София,1933.

ТАДИЋ Jорjо, Карпушев устанак, Историја народа Југославија, II, Београд, 1960.

ТАТАРЧЕВЪ Христо, Първият Централенъ комитетъ на ВМРО, София, 1928.

ТАШКОВСКИ Драган, Раѓањето на македонската нација, Наша Книга, Скопје, 1970.

ТАШКОВСКИ Драган, За македонската нација, Наша Книга Скопје, 1976.

ТАШКОВСКИ Драган, Корените на великобугарскиот национализам и Санстефанска Бугарија "Студентски збор", Скопје, 1982.

ТОДОРОВ Н.-ТРАЙКОВ В., Българи учесници в борбите за освобождение на Гърция, София,1971.

ТОДОРОВСКИ Гане, Подалеку од занесот поблиску до болот, Скопје, 1983.

ТОРОДОРВКСИ Гане, Прилог кон прашањето на македонскиот сепаратизам. Разгледи, бр.2, Скопје, 1966.

ТОДОРОВСКИ Гане, Формирањето на ВМРО според ракописните мемоари на Иван Х.Николов, Разгледи бр,10, Скопје,1969.

ТОДОРОВСКИ Гане, Македонската правостоина, Скопје, Мисла,1985.

ТОДОРОВСКИ Глигор, За состојбата на македонските печалбари и бегалци пред и по Илинденското востание, според необјавени документи, Гласник на ИНИ, бр.2-3, Скопје, 1981.

ТОДОРОВСКИ Глигор, Историја, III/1, Скопје, 1967.

ТОДОРОВСКИ Глигор, Вооружените подготовки на ТМОРО за востание 1893-1903 година.

ТОДОРОВСКИ Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија, (1829-1909), I-III, Студентски збор, 1984.

ТОМАЛЕВСКИ Георги, Крушовската република, Софи ,1968.

ТОМОВЪ А., БАЖДАРОВЪ Г.,Революционната борба въ Македония, София, 1917.

ТОШЕВ СВЕТОЗАР, Бунтовни времена, София,1981.

ТРАЈАНОВСКИ Александар, Бугарската егзархија и македонското национално-ослободително движење (1893-1908), Култура, Скопје, 1982, 298.

ФИЛЯНОВ Илия, По стъпките на ЯНЕ-Пиринския орел, София,1972.

HAMMER von Joseph, Historija Turskog (Osmanskog) carstva, 1-3.

ХАЏИВАСИЉЕВИЋ Јован, Покрет Срба и Бугара у Турској, Београд, 1908.

ХАЏИВАСИЉЕВИЋ Јован, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Београд, 1928.

ХИКМЕД Николаидес, Етнички области во Македонија, Етнолошки преглед, 1982, (10-19).

ХРАБАК Богумил, Званична Србија и Црна Гора према Македонији. Зб: Македонија во Источната криза 1875-1881, МАНУ, Скопје, 1978.

ХРИСТОВ Александар, Револуционерните судови на ВМРО (1893-1912) Илинден, Скопје, 1951.

ХРИСТОВ Александар, Принципот на автономна Македонија во програмата на ВМРО, Гласник на ИНИ, бр.2, Скопје,1963.

ХРИСТОВ Александар, Од концепцијата за самостојна Македонија во Балканската федерација, Годишник на Правиот факултет, Скопје, 1965.

ХРИСТОВ Александар, Облици на самоопределувањето на македонскиот народ во текот на неговите борби за национално ослободување, (1893-1913), Гласник на ИНИ, бр.2, Скопје, 1968.

ХРИСТОВ Александар, Организацијата на власта на востаничката територија за време на Илинденското востание. Книга за Илинден, Скопје, 1969.

ХРИСТОВ Александар, Создавањето на македонската држава, Скопје, Мисла, 1971.

ХРИСТОВ Александар, Револуционерното движење во Македонија и политичката партиципација, Гласник на ИНИ, бр.1, Скопје, 1975.

ХРИСТОВ Александар, Државно-правниот концепт на Македонија за време на Источната криза (1878) Зб.Кресненското востание 1878-1879, МАНУ, Скопје, 1982.

ХРИСТОВ Александар, Создавање на македонската држава, 1-4, Скопје, "Мисла", 1985.

ХРИСТОВ А.Македонска Швейцария и неиното състояние под Турцитѣ "Родина", София,1901.

ХРИСТОВ Анастас, Аграрния въпросъ въ Македония, Солунъ, 1909.

ХРИСТОВ Д.,Чолпаков Б.,Военна подготовка и повеждение на Преображенското въстание, Известия на Военно-историческото научно дружество т.I.София, 1965/66.

CHRISTOWE, S.,Horoes and Assassins, Golanch.

ХРИСТОВ Анастас, Аграрните отношения в Македония през XIX и в началото на XX век, БАН, София,1964.

КЬОСЕВ Дино, Борбите на македонския народ за освобождение , София, 1950.

КЬОСЕВ Дино, История на македонското движение, София,1954.

ЦВЕТКОВА Бистра, Турският феудален ред и българският народ, София,1962.

ЦВЕТКОВА Бистра,СелоСмилево, Битолско в националноревулуционното движение БАН, София,1979.

ЦВИЈИЌ Јован, Балканско Полуострово и Јужнословенске земље, Основи антропологије, I и II, Београд, 1966.

ЧАШУЛЕ Ванѓа, Гоце Делчев, 1968, Скопје.

ЏАМБАЗОВСКИ Климент, Односото на српската влада кон Кресненското востание во Македонија 1878-1879 МАНУ, Скопје 1982.

С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д .....

I ДЕЛ

НЕКОИ ОПШТИ, СОЦИЈАЛНИ И ВОЕНИ БЕЛЕЗИ НА МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIX ВЕК 1

1. Географско-етнографските карактеристики на геостратегиската положбата на Македонија 2

2. Положбата на македонскиот народ при крајот на XIX век 7

а) феудална експлоатаија 9

б) засилувањето на печалбарството 16

в) влегувањето на капитализмот и појавата на буржоазијата 17

г) влијанието на соседните пропаганди врз македонското национално-ослободително движење 20

3. Воено-политичката ситуација во периодот пред востанието..... 24

4. Борбеното искуство на македонскиот народ до појавата на ТМОРО 30

II ДЕЛ

ОСНОВАЊЕТО, ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ, ИДЕЈНИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ЦЕЛИ НА ТМОРО ОД 1893 ДО 1903 ГОДИНА

1. Конституирањето на македонската револуционерна организација 45

2. Пречки во развојот на организацијата 51

3. Солунскиот конгрес - решавачки чекон кон реорганизирањето, омасовувањето и активирањето на организацијата 53

4. Револуционализирањето и проблемите кои се појавувале во развојот на ТМОРО 58

5. Одлуките на Солунскиот конгрес за востание 63

6. Софиското советување-против објавувањето на востанието... 68

7. Предвостаничката активност на ТМОРО 71

8. Решенијата донесени на Смилевкиот конгрес по прашањата за подготовките на востанието 77

9. Спроведување на одлуките донесени на Смилевскиот конгрес 99

III ДЕЛ

КОНЦЕПЦИЈАТА, СТРАТЕГИЈАТА И ТАКТИКАТА НА ТМОРО ЗА ВОСТАНИЕ

1. Концепцијата и целите 111

2. Стратегијата и тактиката на ТМОРО 119

3. Тактиката на ТМОРО во предвостаничкиот период 128

4. Концепцијата, стратегијат аи тактиката усвоени на Смилевскиот конгрес за вооружено востание 132

IV ДЕЛ

ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТМОРО 143

1. Услови за појава на четите 145

2. Концепцијата за формирање на четите, местото и задачите на селската милиција 151

3. Стратегијата и тактиката на четите 154

4. Правно-нормативната регулатива за четите на ТМОРО..... 159

5. Организациско-формацискатa структура на четите 163

а) организациско-формацискатa поставеност на четите на Смилевскиот конгрес 165

б) организациско-мобилизацискатa дејност 168

6. Задача на четите 173

7. Раководење и командување со четите 175

8. Човечкиот и материјалниот состав на четите 178

9. Воената обка и воспитувањето на четите 185

10. Тактичко-оперативн задачи и дејства 206

11. Информативно-посредничка и пропагандна дејност 211

12. Разузнавачка дејност 215

13. Административна и судска дејност 220

14. Пречки во развојот на организацијата и вооружените единици 225

15. Национално-ослободителниот и револуционерниот карактер на четите на ТМОРО 231

16. Општонародниот карактер на четите 234

V ДЕЛ

ЗАДНИНСКОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ И ВОСТАНИЦИ ВО ПЕРИОДОТ НА ПОДГОТОВКИТЕ И ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1893-1903)..... 237

1. Техничко обезбедување

а) начинот и можностите на вооружување на Тајната македонско-одринска револуционерна организација..... 242

б) снабдувањето со бомби и експлозивни материјали и направи 252

в) доброволноста во вооружувањето 260

г) пренесувањето на оружјето 261

д) состојбите со вооружувањето спроти Илинденското востание 266

2. Организацијата и карактерот на индендантското обезбедување 275

3. Финансиското обезбедување 280

4. Санитетска дејност 286

VI ДЕЛ

ПОДГОТОВКИТЕ НА ТМОРО И ТЕКОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Поуки, искуства и класификација на борбените дејства

ОПШТ ДЕЛ 294

I НЕВООРУЖЕН ОТПОР 298

II ВООРУЖЕН ОТПОР

1. Борбата од формирањето на ТМОРО до Илинденското востание 302

а) Вооружени судири и акции до крајот на 1902 година ... 302

б) Предвостанички акции во текот на 1903 година 306

2. Борбите во текот на Илинденското востание 314

а) Востаничката операција во Битолскиот револуционерен округ 315

- Смилевскиот бој 321
- Крушевскиот бој 333
- Клисурскиот бој 346
- Невескиот бој 352

б) Востаничките дејства во другите револуционерни окрузи 356

- Востаничките дејства во Скопскиот револуционерен округ 358
- Востаничките дејства во Солунскиот револуционерен округ 360
- Востаничките дејства во Серскиот револуционерен округ 362

в) Одделни карактеристични борби во текот на востанието 365

- Борбата на Сугарев кај селото Гавато Битолско.... 365
- Борбите на војводите Кљашев и Чакаларев кај "Дулите" 367
- Борбите на востаниците кај врвот Маргара во Мариово 368
- Борбите кај Црн Камен-Струшко 370
- Борбите кај Ташмаруниште-Струшко 372
- Борбите за Кичево 374
- Борбите со аскерот во село Пипли и Стриково..... 379
- Напад на мудирницата во с.Песочани и с.Издеглавје-Охридско 383
- Борбите кај с.Петрино и с.Болно - Ресенско 386
- Дејствата на патот Ресен-Охрид и борбите во селото Крушје 388
- Борбите за Псодерската кула и масакарот на населението во с.Арменско - Леринско 389
- Борбите на Чакаларов со потерите од албанските села 393

г) Текот и особеностите на османлиската контраофанзива 395

д) Особености на востаничките дејства во текот на контраофанзивата 403

ѓ) Форми на борбени дејства и обемот на Илинденското востание 414

е) Основни причини за поразот на востанието 417

3. За карактерот и искуствата од војувањата на македонските востаници во предвостаничкиот период и самото востание 424

VII ДЕЛ

ОСНОВНИ ФАКТОРИ НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 434

1. Човечкиот фактор во стратегијата и тактиката на ТМОРО во Илинденското востание 435

а) Учеството на селото и селанството во подготовките и текот на востанието-искуства и поуки 438

б) Учеството на младите и жените во револуционерната борба 450

в) Турци симпатизери на ТМОРО 456

2. Материјалниот фактор во стратегијата и тактиката на ТМОРО и Илинденското востание 458

3. Просторот како фактор во Илинденското востание..... 464

а) Квантитативниот аспект на просторот 465

б) Квалитативниот аспект на територијата 465

в) Односот на стратегијата на ТМОРО спрема просторот 466

в) Воено-политичкото значење на слободната територија 470

4. Времето како фактор на вооружената борба 474

VIII ДЕЛ

МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ХЕРОИЗМОТ И ТРАДИЦИИТЕ ОПРЕДЕЛУВАЧКИ И ИНСПИРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА МАКАЕОДНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ 478

1. Моралните определби и вредности како една од значајните претпоставки за омасовување на движењето и успешно водење на востанието 479

2. Хероизмот и херојството како значајни составни компоненти на борбениот морал и дух на македонскиот народ во подготовките и востанието 491

3. Некои одрази на Илинденското востание во НОВ..... 506

ЗАКЛУЧОЦИ 523

ПРИЛОЗИ:

- Карти за поважните боеви и борби според коментарот во дел VI прилог од 1-20 546

- Скратеници и објасненија на термини и зборови..... 566

- Библиографија:

а) Извори 579

б) Периодика 584

в) Литература 586

- Содржина 603